Војислав Саракински



# PERSOMACEDONICA

## Македонија и Персија пред Александар

Војислав Саракински

*Persomacedonica:* Македонија и Персија пред Александар


SAKA PARADRAYA?
Tyras
Borysthenes
Tanais
Maiotis
Sauromatai?
Rha
Iaiykon
Oksianos
Iaksartes
SAKA TIGRAKHAUDA?
Istros
Pontos Akseinos
Pontos Hyrkanikos
Kaukasos
UVARAZMIŠ
Khorasmia
SAKA HAUMAVARGA?
Amyrgioi
SKUDRA?
Thrake
YAUNA
TAKABARA?
Makedonia
TAYAIY DRAYAHYA
Daskylitis
Daskyleion
Kolkhis
Cyrus
Albania
DAHA
Daoi
Oksos
Marakanda
SUGUDA
Sogdia
YAUNA
TAYAIY
UŠKAHYA
Hellas
YAUNA TAYAIY DRAYAHYA
Ionia
SPARDA
Lydia
Sardis
KATPATUKA
Kappadokia
ARMINA
Armenia
Sarnios
MARGUŠ
Margiana
Paropamisadai
Acesines
GANDARA
KARKA
Karia
KĽKYA
Kilikia
Tarsos
Karkhemiš
Nineveh
ATHURA
Assyria
Ekbatana
VERKANA
Hyrcania
BAKHTRIŠ
Baktria
Baktra
Hydaspes
Hydraotes
Hyphasis
Behistun
PARTHAVA
Parthia
THATAGUŠ
Sattagydia
Taksila
Thapsakos
Salamis
Paphos
Arados
Byblos
Tyros
Sidon
Euphrates
Tigris
MADA
Media
HARAIVA
Areia
HINDUŠ
Indos
Iordanes
ABARNAHARA
Peran potamou
ASAGARTA
Sagartia
HARAUVATIŠ
Arakhosia
Indos
PUTAYA
Lybia
Babylon
BABIRUŠ
Babylonia
Susa
UVJA
Kissia/Elam
ZRANKA
Drangiana
Gaza
Sais
Pasargadai
Persepolis
KARMANA
Karmania
AKAUFAČIYA?
Oreitai
Memphis
PARSA
Persis
PURUŠ
Gedrosia
MUDRAYA
Aigyptos
Erythra thalassa
Neilos
ARABAYA
Arabia
MAKA?

ВОЈИСЛАВ САРАКИНСКИ

# PERSOMACEDONICA

## МАКЕДОНИЈА И ПЕРСИЈА ПРЕД АЛЕКСАНДАР

Универзитет „св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
2013

*Most part of what is commonly spoken of as knowledge is, strictly speaking, belief. That is to say, whatever the testimony of our own senses may contribute, there is much that comes to us on the testimony of others, perhaps stored in our memory, perhaps newly set before us. Our minds form judgement as best they can as to the import of what is before them: and the resulting conclusion, however confidently formed and firmly held, is properly belief and not knowledge.*

*Rev. H. B. George, Historical Evidence, 1909.*

# СОДРЖИНА


I. Апологија на деконструкцијата 11

Стапиците на античката историографија. (13) – *Античките историографи, нивните извори и методи.* (13) – *Историографското дело и „колективното сеќавање“.* (17) – *Историографското дело како „лична историја“.* (19) – *Terrae fabricatae.* (21) – Wie es eigentlich gewesen. (23) – *Стапиците на моделите и парадигмите.* (23) – *Веродостојноста на современите (ре)конструкции.* (24) – За реконструкцијата и деконструкцијата. (25)

II. Предигра 27

Европјани на Стариот Исток. (28) – *Сведоштвата од асирските записи.* (28) – *Односите со Новобабилонското кралство.* (31) – *Кои се Yauna, Yaman и Yamanaya?* (33) – Новите господари и старите искуства. (35) – *Хелени на персиските градилишта.* (35) – *Ликови и имиња.* (37) – Персија посега по Западот. (40) – *Симбиозата во Мала Азија.* (40) – *На чекор до Европа.* (41)

III. Paradraya 45

Зошто Скитија? (45) – *Приказните на Херодот и на Ктесија.* (45) – *Нерешливата загатка на причините и поводите.* (49) – Почетокот на големата авантура. (52) – *Персијците во Европа.* (52) – *Повторно за причините и поводите.* (55) – Походот продолжува. (57) – Неколку (за)поставени проблеми. (59) – *За бројноста, видот и природата на персиската воена сила.* (60) – *Колкаво и какво освојување?* (64) – *„Дупките“ во приказната на Херодот.* (66) – *Еден или два фронта?* (68)

IV. Македонските племиња во персискиот обрач 71

Првиот контакт со Македонија. (71) – *Пајонците кај Херодот.* (71) – *Цртички за „исчезнувањето“ на Пајонците.* (74) – *Другите племиња.* (78) – *За монетите и монетоковањето.* (80) – *Сведување на податоците.* (84) – Fabula ad monitum reducitur. (85) – *Логосот за моќта и неговиот главен актер.* (86) – *Што ни кажува вештата Пајонка?* (87) – *За другите Пајонци.* (89) – *Наравоучението на Херодот.* (90) – Пред портите на Аргеадите. (93)

V. Седумтемина пратеници и младиот херој 97

Првиот контакт со кралството на Аргеадите. (97) – Fabulae dissectio. (97) – *За (не)вешто скриениот главен лик.* (101) – *Александар меѓу Истокот и Западот.* (103) – *На половина пат до барбарството.* (105) – *Во потрага по вистината.* (106) – Приказната, лишена од хероизам. (108) – *За можното антедатирање.* (109) – *Неколку логистички заклучоци.* (112)

VI. Цртички за новиот поредок 115

Политичкото устројство на „новите земји“. (115) – *Новиот „хипарх“ и неговото кралство.* (116) – *Пејсистратидите и Пангај.* (119) – *Аргеадите и Атина.* (121) – *Неволјите на Хипарх и Хипија.* (122) – Хелените и новите пријателства. (125) – *Медизмот, тогаш и сега.* (126) – *Персискиот танц на Атина.* (130) – Персискиот New Deal. (135) – *Јонија: напредок или пропаст?* (136) – *Moribunda resurgunt.* (139) – *Тасос, Абдера и јонските ковници.* (140) – *„Општата монетизација“ на персискиот запад.* (142) – *Призракот на покорувањето.* (145)

VII. Во востанието и по него 147

Во предвечерјето на востанието. (148) – *Политичкиот живот во западна Мала Азија.* (150) – *Наксос, Артаферн и Аристагора.* (152) – *За интересите на Аристагора.* (154) – *Семето на раздор и идните неволји.* (156) – *„Сеопштото“ востание на Хистијај и Аристагора.* (161) – Јонија и призракот на крајбрежјето. (165) – *Повторно за Пајонците.* (166) – *Аристагора.* (169) – *Хистијај.* (170) – *Милтијад.* (173) – По падот на Јонија. (177) – *Артаферн слегува од сцената.* (179) – *Политиката на новиот кормилар.* (180) – *Големото преосвојување.* (183) – *Преосвојување или поход?* (186) – *Што понатаму?* (189)

VIII. Привидот на европската сатрапија 193

Caveant diligentes. (196) – *Сатрапијата во примарните извори.* (196) – *Сатрапијата во хеленските извори.* (200) – *За поимите nomos и hyparkhos.* (202) – Што е посведочено, а што може да се насети. (205) – *Персиската „философија на управување“.* (205) – *За економијата и оданочувањето.* (208) – *Персиската „дијаспора“.* (210) – *За сатрапите и нивните слободи.* (212) – Yauna takabara во вителот на сатрапиите. (217) – *Уште еднаш за земјите и поданиците.* (217) – *Saka, Skudra, Yauna.* (219) – *Сведување на податоците.* (222)

IX. Големиот поход 227

Александар, Темистокле и Пиерискoто дрво. (229) – Πᾶσα γὰρ ἰσχὺς Ἀσιατογενὴς. (234) – Големите подготовки. (236) – *Каналот преку Атос.* (237) – *Транспортот и патната мрежа.* (240) – *Дипломатските игри и шпионажата.* (241) – Почетокот на последната плима. (243) – *Од Сарди до Дориск.* (244) – *Од Дориск до Терма.* (245) – *Во Пиерија.* (249) – *Александар и персиските „гости“.* (250) – Мешаницата во Тесалија. (253) – *Херодот наспроти Дамаст и Диодор.* (254) – *Тесалците во бој против себеси.* (256) – *Улогата на Александар.* (261) – Од Термопилите до Атина. (264) – *Александар во Бојотија.* (264) – *Ксеркс и Артабаз во Македонија.* (265) – Александар во Атина. (269) – Платаја. (274) – Необичното војување на Александар. (279)

X. Крајот на една епоха 283

Кралство во подем. (284) – *Пробивот кон исток.* (284) – *Случувањата западно од Аксиј.* (290) – Новото соседство на Аргеадите. (293) – *Хеленската контраофанзива.* (294) – *Случувањата кај Ејон.* (296) – *Александар, Херодот и Атина.* (300) – *Крајот на една епоха.* (303)

XI. Филип и Персија 305

Новата реалност на старите познаници. (305) – *„Општите мирови“ и хеленската пасивност.* (305) – *„Големиот бунт“ на сатрапите.* (307) – *Хеленскиот удел во собитијата.* (309) – *Како да се сфати бунтот.* (310) – *Слаба или силна Македонија?* (313) – Кој бара војна? (315) – *Диодор и плановите на Филип.* (316) – *Политичките сништа на Исократ.* (316) – Персиските искуства на Филип II. (319) – *Тракија како влог и залог.* (320) – *Случајот на Хермија од Атарнеј.* (322) – *Опсадата на Перинт и Бизантиј.* (326) – *Преписката на Дареј и Александар.* (331) – Мир и поход. (333) – *„Општиот мир“ и придобивките од него.* (335) – *Во војна.* (337) – *Антиклимакс.* (338)

XII. Неколку завршни збора 341

Кратенки 359

Хронолошки одредници 363

Показател на антропоними и теоними 375

Показател на етникони и топоними 381

Предметен показател 391

Библиографија 395

# I
# АПОЛОГИЈА НА ДЕКОНСТРУКЦИЈАТА

Стапиците на античката историографија. – *Античките историографи, нивните извори и методи. – Историографското дело и „колективното сеќавање". – Историографското дело како „лична историја". – Terrae fabricatae.* – Wie es eigentlich gewesen. – *Стапиците на моделите и парадигмите. – Веродостојноста на современите (ре)конструкции.* – За реконструкцијата и деконструкцијата.

Кога некој ќе се нафати повторно да пишува за една стара и мошне позната приказна, читателот има полно право да бара објаснување. Во ова време, кога се истражува, пишува и се објавува речиси трескавично, некому веројатно ќе му се причини дека за историјата на Егејскиот басен во V и IV век ст.е. веќе нема што да се каже, зашто за тоа се пишува буквално со векови. Јас, пак, го почнувам мојот труд со оваа апологија на деконструкцијата, за да го убедам читателот дека ова мислење е далеку од вистината.

Пред повеќе од еден век, оксфордскиот историчар Џ. Б. Гранди изјавил дека повторното пишување за веќе напишани работи има смисла и оправдување само во два случаи: ако некој успее да најде нови податоци што сè уште не се искористени, или ако мисли дека толкувањето на веќе познатите податоци е несоодветно и не ги задоволува научните критериуми.[1] Оправдување за овој труд е токму втората теза на Гранди.

Прво, кога станува збор за историјата на Егејскиот басен, вистина е дека нема податок од наративните извори, што досега не бил анализиран, толкуван, користен и цитиран речиси до изнемоштеност. Вистина е и тоа, дека текот на настаните и политичко-економските законитости за овој период се уточнети толку одамна, што веќе почнавме да забораваме кои се првите историчари што го на-

[1] Grundy, 1901: 5.

правиле тоа. Ова е состојба што предизвикува оправдано задоволство кај истражувачите на антиката – но, таа има и друго лице, кое често се заборава или се премолчува. Безброј се трудовите во кои се обработува темата за Хелените во Грчко-персиските или во Пелопонеската војна, за економијата на Атина и за општествените неприлики во Спарта, за воената моќ на Персија, а има и доволно општи истории за македонското кралство. Но, има значително помалку трудови во кои се гледа дека настаните во исто време ги обликуваат и Хелените, и Македонија, и Персија; дека не може да се пишува за Грчко-персиските војни без да ѝ се даде рамноправно место на Македонија, или за Пелопонеската војна во која ќе ги има Атина и Спарта, но не и Македонија и Персија.

Вториот проблем се крие токму во релативната сеопфатност, обработеноста и искористеноста на податоците: на извесен начин, тоа е еден од товарите што му тежат на историчарот што сака да се занимава со оваа проблематика. Состојбата на работите во последно време е таква, што секоја нова реконструкција произлегува или поправа некоја што била предложена пред неа, а и таа исто така произлегла од некоја уште постара. Се зборува за оправданоста на еден или друг постулат, за исправноста и одржливоста на една или на друга реконструкција, но сè помалку се расправа за зачуваните податоци, кои треба да бидат првична основа на секој постулат и на секоја реконструкција. Со други зборови, се објавуваат дела во кои има сè помалку место за документација, а сè повеќе за имагинација.

Секако, историското дело како *res scriptae* мора да биде производ и на документацијата, и на имагинацијата. Но, производот од овие две нешта ќе добие облик на „научна" историја, на добро подреден и издржан збир на недвосмислени историски сознанија,[2] само ако имагинацијата на авторот се задржи блиску до изворните податоци, и ако биде подложена на логична и здрава методологија на работење.[3]

---

[2] Во согласност со дефиницијата на Collingwood, 1949: 249. Дефиницијата е општа и аксиоматска, но ниту еден од современите автори не искажал посериозна резерва или несогласување со неа.

[3] *Cf.* Stern, 1963. Напротив, ако имагинативната компонента на историското пишување претежне над методолошката обмисленост, истражувањето ќе произведе „митолошка" историја; ако, пак, имагинацијата на историчарот е водена од свесна или несвесна желба однапред да влијае врз ставовите на читателот, резултатот е „ангажирана", или дури „идеолошка" историја. Авторот цени дека идеолошката историја е карактеристична речиси исклучиво за историографиите на земји со тоталитарен режим, а митолошката – речиси исклучиво за дела-

Токму таква треба да биде и природата на трудот што се обидов да го составам; во него ќе биде опфатена проблематиката на односите меѓу Македонија и Персија до времето на Александар, но никако без Хелените, кои во случајов се мошне влијателна „трета страна“, и без кои на многу места не би имало ниту подлога, ниту повод за интеракција меѓу двете кралства. Првична методолошка определба ќе биде повторната анализа и „преобмислувањето“ на основните факти – податоците од античките извори. Јасно, со фактите мора нешто да се направи: во денешно време не може да се напише Историја на Грчко-персиските војни со тоа што ќе се препише Херодот, ниту пак Историја на Рим со тоа што ќе се прераскаже Полибиј. Но, овој труд свесно ќе ги одбегнува определниците од досегашните парадигми и модели, а во него ќе има и најмал можен степен на реконструкција. Ценам дека на оваа тема е невозможно, или барем непрепорачливо, да се направи историска реконструкција, затоа што таа ќе нè однесе премногу далеку од историската издржаност и веродостојност.

Во продолжение, ќе објаснам зошто тоа е така.

## Стапиците на античката историографија

● *Античкиѿе исѿориоїрафи, нивниѿе извори и меѿоди.* – Прв аргумент против правењето историска реконструкција е начинот на обработка на изворните податоци, т.е. фактот дека денешните анализи и толкувања се, всушност, толкувања на еднаш веќе протолкувани податоци.

Неспорно е дека одредена методологија за обработка на податоците од минатото – значи, своевидна „критика на изворите“ – постоела уште пред појавата на историографијата како литературен вид. Уште кон крајот на VI век ст.е., логографот Хекатај се служел со одредени методи за да ги оспори, да ги поправи или да ги рационализира општо познатите легендарни приказни, за кои ценел дека се обични измислици. Според традицијата, барем кога пишувал за Египет, Херодот се трудел да си обезбеди извори од прва рака, а податоците што ги добил таму ги споредувал и ги проценувал преку податоци од други извори. За да дојде до одредени заклучоци, особено кога пишувал за настани од подалечното минато, Тукидид се

---

та пред Жак-Бенињ Босуе. Напротив, мене ми се чини поизвесно дека и денес има одлични примери за сите три вида на историографски „производи“.

служел и со поетски дела, со натписи, па дури и со некои „археолошки“ податоци. Нема сомневање дека, кон крајот на V век, истото го правеле и Хипија и Хеланик, кои се нафатиле да ја „прочистат“ историската хронологија и да изработат здрава и подредена хронологија на настаните до нивно време, во која ќе нема повторувања или празнини. Значи, како што прават денешните историчари, и античките логографи и историографи се служеле со постари извори, чии податоци ги обработувале во согласност со определена методологија. За жал, сличностите завршуваат тука.



*Херодот*

Момиљано нагласува дека основа на современото историско истражување е методолошки правилниот пристап кон примарните и секундарните извори.[4] На примарните извори сме им наклонети зашто тие се релативно современи на настанот што го опишуваат, па затоа и веројатно веродостојни; секундарните извори се значајни зашто со нив, по пат на споредба, проценка и толкување, ги контролираме или ги поправаме податоците од примарните извори.[5] Но, честопати се заборава дека разликувањето и различната обработка на примарните и секундарните извори станале една од основите на историската методологија дури кон крајот на XVII век.[6] Ниту античките, ниту средновековните автори, ниту пак луѓето што пишувале за минатото пред XVIII век, не ценеле дека е важно дали се служат со извор од прва рака, или пак со податоци прераскажани векови по настанот.

Никој не спори дека античките и средновековните автори знаеле да разликуваат податок од прва рака и податок искажан со векови подоцна – исто како што биле способни да разликуваат совесен и разумен писател од обичен митограф. На пример, и Херодот, и Тукидид прават јасна разлика меѓу податоците од очевидци, кои можеле да се препрашуваат и со нив да се спори, и податоците од постари дела, кај кои нема можност за прашување или за проверка. Но, проблемот е во тоа што тие не успеале да развијат – или барем

[4] MOMIGLIANO, 1972: 201.
[5] MOMIGLIANO, 1972: 202, со што во целост се согласува и FINLEY, 1986, *passim*.
[6] MOMIGLIANO, 1950: 295 sqq.

никогаш не покажале дека имаат – соодветна техника за критика на различните видови извори, или пак дефиниран став кон податоците што некој ги запишал пред нив.[7] Ова се гледа и кај Херодот, и кај Тукидид, и кај Ксенофонт, но особено лесно се забележува кај подоцнежните историографи и биографи; на пример, Ливиј и Плутарх многу често трудољубиво препишуваат податоци од постари дела без никаква критика и без трага од сомнеж, иако немаат никаков увид како биле составени тие дела.

Но, и од ова има поголема незгода. Освен што не прават професионална разлика меѓу примарните и секундарните извори, античките автори најчесто не кажуваат од каде црпат податоци; или, ако случајно кажат, тоа го прават мошне ретко, и тоа со сосема различен мотив од денешните историчари. Античкиот автор ќе спомне некој помалку познат претходник само ако се гордее што го открил неговиот текст, или пак ако се служи со дело за кое нема чуено речиси никој друг – што го прави поскоро културен споменик, одошто обичен извор.[8] Во сите други случаи, се подразбира дека читателската публика мора да му верува на неговиот збор. Убав пример за ова е шареноликото дело на Павсанија, во кое се собрани податоци што опфаќаат речиси половина од античкиот период. Откако ќе го соочи читателот со вистинско море од имиња, места и податоци, Павсанија по правило кусо истакнува дека тоа го разбрал од некој човек, или пак дека работите, според неговите извори, стојат така како што ги кажува. Нему воопшто не му пречи што се служи со дела од постари историографи, митографи и логографи, а меѓу нив цитира искази на свештеници, сведоштва од трговци и патници, и мисли од локални мудреци; неговите наоди не можат да се проверат ниту во однос на изворите, ниту во однос на веродостојноста – но тоа за него (и за неговата публика) не претставува никаков проблем.



*Тукидид*

---

[7] На пример, двете верзии за смртта на Поликрат кај Херодот (3.121-2); Тукидид, пак, е уште појасен кога зборува за најстарата историја на Хелените (1.20-21: ... Τὰ μὲν οὖν παλαιὰ τοιαῦτα ηὗρον, χαλεπὰ ὄντα παντὶ ἑξῆς τεκμηρίῳ πιστεῦσαι. οἱ γὰρ ἄνθρωποι τὰς ἀκοὰς τῶν προγεγενημένων, καὶ ἢν ἐπιχώρια σφίσιν ᾖ, ὁμοίως ἀβασανίστως παρ' ἀλλήλων δέχονται *etc.*).

[8] Детално за ова кај RHODES, 2007.

Тоа е можеби така зашто, судејќи според сè, овие наоди не требало да се проверуваат. Современите историчари ѝ нудат на читателската публика толкување на фактите, а ги документираат изворите за да му покажат на читателот со што и како се служеле, но и за да му понудат начин да го провери кажаното и да даде поинакво толкување. Од друга страна, античките историографи сами ги проценуваат и ги обработуваат изворите што им се достапни. Тие и не помислуваат да им ја остават оваа задача на читателите, зашто таа е нивна, и само нивна. Како што луцидно забележува Пол Вејн,[9] нивните читатели не биле историографи, како што и луѓето што читаат весници не се новинари, па би било наивно да се помисли дека публиката ќе биде способна да ја врши нивната работа. Читателите се, едноставно, читатели; и едната, и другата читателска публика мора да му верува на професионалецот, да го восприеми неговото дело во целина, па потоа да се изјасни дали му се допаѓа, или не.[10]

Ова сведочи дека нашите извори се производ на едно поинакво време, во кое луѓето имале од корен различно гледиште за тоа што е историјата и како се пишува историографско дело. Хелените имале сопствени определници, според кои прифаќале и користеле едни податоци, а други отфрлале како приказни. Освен што имале поинаков пристап кон изворите и поинаква, за нас речиси несфатлива методологија на обработка и толкување, тие имале и сопствен начин на пишување историографско дело; за жал, во нивниот историографски и историски светоглед, прашањата за тоа што било отфрлено, а што искористено, како било искористено и зошто токму така, се апсолутно неважни во поглед на крајниот производ.

Ако зборуваме искрено, ова е сериозен проблем за сите што се занимаваат со античка историја. Она што го читаме кај античките автори веќе е своевидна обработка, или реконструирана слика на настаните.[11] Ставот, идеите, методот и пристапот на современиот историчар се од второстепена важност, зашто тој сеедно мора да пишува не врз основа на реални податоци што можат да се проверат, туку врз основа на сликата за тие настани што му ја нуди античкиот историограф. А ако уште античкиот историограф немал (или не ја искористил можноста за) контрола и проверка на податоците што ги користел, ние денес уште помалку можеме да го направиме тоа. Затоа е неизбежен стравот дека современата реконструкција, без ог-

[9] Veyne, 1981: 4.

[10] За проблемот на разликите меѓу античката и денешната читателска публика, *cf.* Gabba, 1981.

[11] Мошне детална разработка на оваа тема дава Schepens, 2007.

лед колку умешно е поставена, не е реконструкција на реални настани, туку призрак кој почива врз античкото толкување за нив.

● *Историографското дело и „колективното сеќавање“*. – Митовите и легендите со векови биле подлога на поуките за минатото и инспирација за запишување, па дури и за создавање историја. Музата Клејо не била заштитничка само на историјата, туку и на епската поезија. Овој личен спој на легендарната епопеја и на историографијата покажува дека Хелените биле мошне свесни за она што честопати го потцртуваме и денес – дека во историографијата, особено во добро напишаната историографија, често е невозможно да се повлече јасна линија меѓу легендата и историјата, меѓу авторската фикција и историската вистина.[12]

Во еден миг од развојот на хеленската општествена мисла, историографската проза почнала да го заменува епскиот стих, а епското лице на Музата почнало да отстапува пред историското.[13] Се појавил нов вид раскажување, кој не бил „измолен“ со долги евокации и инспириран од Музата, туку имал потписник, кој раскажувал за сè што дознал со испитување и прашување.[14] Раскажувањето веќе не било поткрепено од авторитетот на Музата, туку од авторитетот на историографот; најпосле, и во хеленската историографија се појавил концептот на „јас-лице“, на име што стои зад делото, па така – по актерот Теспид, философот Парменид и градителот Мандрокле, сега се јавил и историографот Херодот.

Или, како што вели Хартог, ако Хелените воопшто нешто измислиле, тие не ја измислиле историографијата, туку историографот.[15] Новото кај нив е што приказните од минатото добиле име и лице – лице кое не само што не сака да се притаи, туку гордо стои зад своето дело. Но, проблемот е во тоа, што тука сепак не говори само историографот; под неговата интимна размисла се наѕира едно цело колективно сеќавање, заднички светоглед на неговиот матичен полис, обликуван и надградуван со векови пред него.

---

[12] За опсежна анализа на овој проблем, *v.* Stern, 1963.

[13] Одличен приказ на проблемите во врска со појавата на историографијата како нов облик на изразување дава Darbo-Peschanski, 2007, чии размислувања се слични со оваа анализа.

[14] *Cf.*, на пример, почетокот на „Илијадата“ (Μῆνιν ἄειδε θεὰ…) и „Одисејата“ (Ἄνδρα μοι ἔννεπε, Μοῦσα…) со почетокот на делото на Херодот (Ἡροδότου… ἱστορίης ἀπόδεξις…) или пак на Тукидид (Θουκυδίδης Ἀθηναῖος ξυνέγραψε…), со што станува совршено јасно кој стои зад текстот.

[15] Hartog, 2000: 388 sqq.

Секое лично сеќавање, врз кое се обликува и гради светогледот на поединецот, претполага одредена општествена рамка. Личното сеќавање функционира само во рамките на колективното сеќавање на заедницата и на нејзината општествена рамка; поединецот има удел во колективното сеќавање само ако во него ја „врами“ неговата лична размисла.[16] Голем дел од личното сеќавање (а со тоа и од светогледот) на човекот добива облик и смисла само во рамките на матичната заедница. На пример, ние се сеќаваме на одредени аспекти од нашето минато благодарение на сознанието дека некои обичаи, навики или јавни градби се врзани за настани од минатото – особено зашто станува збор за минато што е заедничко и за нас, и за луѓето со кои секојдневно комуницираме. Ние го помниме и му даваме смисла на нашето минато со тоа што осознаваме каде да го сместиме нашето лично искуство во рамката на колективното сеќавање. Се разбира, тоа не го правиме самостојно и одделени од целината, туку со помош на нашето образование, знаење и преку комуникацијата со другите луѓе; а, како што ова денес важи за нас, подеднакво важело и за античките историографи. Токму ова стојалиште се ѕасира во античката мисла што редовно се повторува, а според која „нема Хелен без полис“, зашто човек може да опстане без родената мајка, но не и без политичка и општествена матица. Во времето на првите антички историографи, едноставно немало индивидуално обликувана историска свест, во смисла на творечки идентитет кој би соопштил нешто многу различно од колективната свест на матичната заедница.

Колективното сеќавање и античката историографија, во суштина, не се многу различни. Сеќавањето на заедницата не е само збирка податоци за минатото, туку своевиден општествен кадар со добро осмислен систем на верувања и ставови, од каде извира групниот идентитет. Сеќавањето сведочи за постоењето на една заедница, за нејзините борби и постигања, за победите и поразите, во кои членовите на заедницата можат да се препознаат и да го осознаат нивниот идентитет. Сеќавањето и историографијата не се спротивставени, туку се надополнуваат; историографијата, како епистемолошки понадмоќна, само го чува сеќавањето врз кое почива и од кого произлегува. Колективното сеќавање можеби провејува низ логосот на историографот само на одредени места, но затоа пак јасно се огледа во личноста на историографот, во неговиот идентитет како

[16] Poole, 2008: 153 sqq.; авторот вели дека неговите заклучоци главно произлегуваат од тезите на Halbwachs, M. (1980): *The Collective Memory*, trans. F. J. Ditter & V. Y. Ditter. New York: Harper & Row (*non vidi*).

дел од заедницата, па оттаму и во неговите општествени и политички стојалишта.

Всушност, единствената очигледна разлика меѓу сеќавањето и историографијата е во нивната перспектива. Колективното сеќавање се искажува во прво лице, а историографијата – начелно и, би се рекло, не секогаш успешно – се обидува да се искаже во трето лице. Но, тоа не го менува фактот дека историографот, а со тоа и неговото дело, е производ на заедницата во која живее. Наместо историска вистина, делото честопати ни нуди верзија на историската вистина, онаква каква што е запаметена од заедницата.

• *Историографското дело како „лична историја“.* – Значи, во структурата на историографското дело провејуваат две нишки: општа (или дури општествена), која го обликува светогледот на историографот и служи како подлога за неговиот логос, и лична нишка, од која зависи на кој начин историографот ѝ пристапува на темата, како ги користи и обработува достапните податоци и, најпосле, како се потпишува под својот текст. Но, во продолжение ќе видиме дека кај секој историограф има уште една, мошне лична димензија, која прави неговото дело да биде еден вид „лична историја“.

Ова на прво место може да се согледа од изборот на темите. Историографот по правило одвојува место за традицијата и за дамнешното минато, но тие никогаш не добиваат силна нагласка; поскоро, тие служат како увод, за од нив да се мине на нешто посовремено и поблиско, со што може да се идентификува не само историографот, туку и публиката што го слуша и чита – а тоа се современите, или барем приближно современите настани. Додека логографот Хекатај се обидувал да најде објаснувања за митовите и легендите, најголем впечаток врз историографот Херодот оставиле Медските војни, епохалниот настан што оставил траен печат врз животите на луѓето од претходната генерација. Но, без оглед во што сака да нè убеди, Херодот не сакал да го одбележи само она што не смее да се заборави, туку и она што е ново и современо, меѓу другото и придонесот на Атина во победата на Хелените.

Слично прават и Тукидид и Полибиј.[17] Тие не дозволуваат ни трошка сомнеж дека настаните што ги опишуваат се мошне важни; во своето време гледаат нешто единствено и важно, нешто што во постаро време го немало. За Тукидид, Пелопонеската војна (настан

[17] За целосна анализа на пристапот на античките историографи кон изборот на тема, *v.* MOMIGLIANO, 1972.

што за него не е историја, туку современост!) е врв на целата претходна историја на Хелените, настан поголем и позначаен од сите што му претходеле; тој цени дека е оправдано да прелета преку претходните настани, зашто токму неговото време носи политички и општествени новини – поморската сила на Атина, чумата, бунтовите и немирите, политичките пресметки и демагозите, милје од настани што никогаш пред тоа не се случиле заедно, на иста територија и во приближно исто време.[18] Полибиј, пак, цени дека е сведок на нов, револуционерен процес, дотогаш невиден во светската историја – процес со кој безбројните шарени делчиња од мозаикот на познатиот свет почнале да образуваат една осмислена и целесообразна политичка целина.[19] А тоа повторно не е историја, туку современост.

Така, пишувајќи навидум за минатото и за она што се случило, историографите оставаат запис за последиците од тоа минато – за новото, интересното и невиденото, за она што се случува сега.[20] Тие, всушност, обликуваат дело што служи како официјален запис, дело во кое се објаснува не само еден настан од минатото, туку и целата современост како негова последица, а што е најважно – на него не стои името на Музата, туку на историографот. Станува збор за класичен историографски агон, во кој не се мери само стилот, искуството и вистинитоста, туку и авторитетот во врска со одредено прашање. Во тој агон, делото на историографот е неговиот личен потпис, поткрепен од неговото име и неоспорен авторитет – значи, еден вид лична историја.[21]

---

[18] *Contra* GABBA, 1981, кој вели дека „...his own history is not designed for passing appreciation, but is to be of permanent value." Но, цената и почитта на колегите и публиката најчесто следи ако се постигне одредена „универзалност" и „безвременост" на текстот; мислам дека овие цели – да се овековечи сопственото време со универзална и безвремена анализа, и да се заслужи внимание и почит кај наследниците, не можат да се набљудуваат како две целосно одделни нешта.

[19] *V.*, на пример, 1.3.4 (ἀπὸ δὲ τούτων τῶν καιρῶν οἱονεὶ σωματοειδῆ συμβαίνει γίνεσθαι τὴν ἱστορίαν... καὶ πρὸς ἓν γίνεσθαι τέλος τὴν ἀναφορὰν ἁπάντων...) или 3.1.4 (ὄντος γὰρ ἑνὸς ἔργου καὶ θεάματος ἑνὸς τοῦ σύμπαντος, ὑπὲρ οὗ γράφειν ἐπικεχειρήκαμεν...). За ваквите пројавувања кај Ефор, Теопомп и Диодор, *v.* MARINCOLA, 2007.

[20] *Pace* SCHEPENS, 2007: 41, кој сепак цени дека оваа појава се развива до полн облик дури во доцната антика, на пример кај Сервиј.

[21] *Pace* MOLES, 1990, кој можеби оди предалеку со тврдењето дека историографското дело се раѓа како агонистичка верзија на официјалните натписи, и дека главно ги имитира епиграфските навики на заедницата. Во врска со ова, но и со претходниот дискурс за колективното сеќавање, *cf.* задолжително DE JONG, 2004, која го анализира колебањето на Херодот меѓу колективниот и личниот пристап низ неговото колебање дали да раскажува во прво или во трето лице, како

● *Terrae fabricatae.* – Ако работите навистина стојат така, историчарите на антиката имаат сериозен проблем. Секој истражувач што се занимава со историјата на Персија и, уште повеќе, со историјата на античките Македонци, е постојано и неизбежно зависен од делата на хеленските историографи; од делата на македонските автори не е зачувано речиси ништо, а персиските кралски натписи, египетските стели, бабилонските економски белешки и приватните писма на источните трговци тешко можат да се наречат „историска нарација“.

Затоа современите истражувачи веќе подолго време искажуваат сериозна резерва кон хеленските историографи. За илустрација, Кук тврди дека „од хеленските извори добиваме лажен впечаток за Персијците, зашто нагласката премногу често се става врз она што е различно и навредливо“ [*sc.* во очите на Хелените];[22] Верденбург, пак, истакнува дека „тоа што Персија е прикажана како кралство кое не се води од разумот и логиката, туку од каприците на кралот и неговата свита, се должи исклучиво на тоа што единствените детални извори се хеленски“.[23] Според многумина, концептот на барбарството е изграден така што е земено спротивното од особините што во тоа време биле на цена кај Атињаните, па во крајна линија кажува помалку за Персијците, а многу повеќе за тогашната атинска идеологија.

Но, проблемот воопшто не е во тоа дека треба да се анализираат, преиспитаат или разобличат хеленските наративни извори; тоа е направено уште одамна, и тешко дека ќе има некакви нови изненадувања. Проблемот е што, како резултат од сето она што беше потцртано погоре, нештата што ни ги кажуваат историографите воопшто не претставуваат слика на персиското или на македонското општество, на нивната политика, економија или култура, туку најчесто се историографски стереотип на сиве овие нешта – стереотип на „надворешниот“, на различниот од нив, на човекот што има толку различна култура од нивната, што таа мора да се објасни и разводни на начин сфатлив и прифатлив за хеленската публика.[24] Некои работи не биле разбрани; други биле разбрани, но не можеле да

---

и низ прифаќањето на различно раскажувачко лице во зависност од тоа за каков настан станува збор.

[22] Cook, 1985; 290-291.

[23] Sancisi-Weerdenburg, 1987: 118.

[24] Сликовита анализа на еден конкретен проблем од оваа сфера – проблемот на објаснувањето на поимот *bandaka* во хеленската историографија – има кај Missiou, 1993.

се прикажат во нивниот изворен облик, туку требало да се облечат во прифатливо руво. Македонија и Персија (а, кај најраните историографи, и сè што излегува од границите на Хелада) премногу често се *terrae fabricatae* – литературни топоси што се толку блиски до вистината, колку што тоа му одговара на концептот на делото.[25]

Секако, има многу начини овие „измислени“ или „вештачки“ топоси да се приближат до реалноста. Тука се другите видови извори – епиграфските, нумизматичките, материјалните – што денес се користат исклучително совесно и сериозно. Но, само врз основа на овие извори не може и да се напише историја, и да се реконструираат настаните. Тие треба да бидат коректура, еден начин наративните извори да се проверат, да се потврдат или да се поправат со помош на неприкосновено објективни податоци. Но, и покрај тоа, и натаму стои реченицата на Верденбург, дека „историја на Ахајменидите без хеленските извори би била историја без ’рбет“[26] – збир на податоци кои, во основа, навистина се точни, но немаат никаков внатрешен концепт, систем и смисла.

Но, овие историографски топоси и не мора да бидат измислени; да прифатиме за момент дека се и реални, и вистинити. Периодот што случајно нè интересира не е покриен од автор што пишува општа историја, туку од тематски дела на повеќе историографи, како и од исечоци од различни литературни видови. Кај секого од нив можеме да видиме различна Македонија и различна Персија. Дали Македонија што нè интересира е онаа на Херодот – интересна земја со необични обичаи и владетел наводно наклонет на Хелените? Или пак онаа на Тукидид – идејно недефинирана, недоверлива, слаба, но често и опасна? Или пак, во најлош случај, Македонија на беседниците од IV век ст.е., чудна дихотомија на барбарска и непријателска, и силна и пријателска земја? Дали ќе пишуваме за страшната Персија на Херодот и за нејзината војска што ги пресушила македонските реки, или пак за слабата и немоќна Персија на не многу подоцнежниот Ктесија, која била достојна само за презир? Дали ќе се задржиме на само една од сите нив, или на сите нив заедно, или пак треба да најдеме средна вредност, која можеби ќе биде блиска до вистинската?

---

[25] Ова било добро познато уште во антиката; една од главните задачи на учените во Александрија била да создадат систем на историографска критика, во кој ќе се направи јасна разлика меѓу „вистинска“ и „лажна историја“, која или е пишувана со одредена политичка или философска цел, или пак е едноставна парадоксографија. *Cf.* Gabba, 1981: 54, кој дава примери од времето на Ктесија, преку Лукијан и Аул Гелиј, сè до Јулијан.

[26] Sancissi-Weerdenburg, 1987: 118.

## Wie es eigentlich gewesen



*Леопол*д *фон Ранке*

Затоа ценам дека, во нашиов случај, треба мошне внимателно да му се пристапи на прочуениот постулат на Ранке, дека треба да се пишува *wie es eigentlich gewesen*, „онака како што навистина се случило“. Дали тоа значи дека треба да се стремиме кон апсолутната вистина, или да се задоволиме само со вистинското значење на податоците кај нашите основни извори? Најлесно е да се кренат раце и да се каже дека тоа е невозможно; но, нешто сепак треба да се направи.

Кога човек ја проучува човечката сфера, без оглед дали пишува за нејзиното минато, за сегашноста или за иднината, тој има природен нагон да испита колку далеку може да допре со научните методи на испитување и проверка на законитостите, со цел да сфати што и зошто се случува.[27] Работа на историчарот е да истражува до каде што може, и да верува дека најпосле ќе успее и најмалите факти да ги состави во една целина за минатото.[28] Но, неговите знаења за минатото стануваат историја дури тогаш, кога ќе ги соопшти и ќе ги сподели со претпоставената публика.[29] За да го направи ова, тој храбро зачекорува во сферата на претпоставки и реконструкции.

● *Стапиците на моделите и парадигмите.* – Како при сите когнитивни процеси, и при пишувањето историја се оди од поедноставното, кон посложеното; од она што е сосем извесно, кон непознатото. За да го изодат овој пат, историчарите свесно или несвесно се служат со модели, кои овозможуваат историска реконструкција.[30]

Иако полека стануваат неизбежен дел од историографскиот процес, чесно е да се каже дека во историските модели има неизбе-

[27] *cf.* Toynbee, 1956: 7 sqq.

[28] *cf.* Goldstein, 1958: 476.

[29] *cf.* Shrimpton, 2001, со детална анализа на историографското дело и на неговиот однос со претпоставената публика.

[30] Подетално за проблемот на моделите и историската реконструкција кај Ober, 1989, кој сепак го оправдува нивното користење поради „едукативната“ вредност.

жни влијанија од современиот светоглед. Секој модел изработен денес подразбира внесување на идејни аспекти што веројатно не му биле присушти на минатото што го истражуваме – на пример, одредени претпоставки за човековата природа и неговото однесување, размисли за моралноста и етиката, општи политички принципи и општествени односи; нема модел без некаков претходен багаж. И така, повторно се соочуваме со проблемот за кој зборувавме претходно: ако во историографските дела зборуваше историографот и духот на неговата заедница, во современите истории провејува личноста на историчарот и духот на неговото време. Со тоа, веродостојноста на реконструкцијата добиена преку примена на историски модел е сериозно доведена во прашање; таа се заснова врз дедукција од фрагментарни и честопати „тенки“ докази, a priori обременети од идеологија два милениуми понова од настаните што се обидува да ги дефинира и реконструира.

● *Веродостојноста на современите (ре)конструкции.* – И, ако ваквата методологија на работа се примени врз периодот што нè интересира – во кој има настани што воопшто не се посведочени, а има и такви што се посведочени малку или погрешно – од реконструкцијата по пат на примена на историски модел не може да се изроди ништо добро. Всушност, токму поради ваквиот начин на работа, и онаму каде што тоа е можно и издржано, но и онаму каде тоа ниту е можно, ниту пак препорачливо, современата историографија честопати го открива своето грдо лице.

Во дел од новата историографија се случува мошне чудна замена на улогите меѓу луѓето што ја создаваат историјата, и луѓето што ја запишуваат. Нормалниот тек на нештата е дека луѓето се однесуваат и постапуваат најдобро што знаат, или онака како што ценат дека треба, а потоа историчарите се обидуваат да проникнат зошто луѓето постапиле како што постапиле, зошто ценеле дека треба да се постапи така и, најпосле, што навистина постигнале. Но, кога историјата ќе отстапи пред (ре)конструкцијата – чија градба и примена во основа е само техничка вештина – тогаш историчарите стануваат убедени дека точно знаат што, како и зошто се случило, и дека имаат логично и издржано објаснување за секоја поединечна појава. Тие веќе не ги запишуваат и анализираат настаните, туку ги подведуваат под точна дефиниција, ги соопштуваат и, дури, ги предвидуваат, иако некои од нив воопшто не се посведочени. Предизвикот е примамлив, а целта е мошне разбирлива и човечка – во

нивните дела да нема ниту трошка несигурност или неизвесност, туку сè да биде ставено и подредено точно онаму каде што треба.[31]

Но така историјата, од предмет на интерес и предизвик за историчарот, станува негова играчка; таа е апсорбирана во матрица со која мора да биде во согласност, а се менува секогаш кога ќе се смени концептот на матрицата. Да се инсистира на парадигма и модел, значи да не се пристапува кон настаните дескриптивно, туку прескриптивно; на секој актер и на секој настан да му се пристапи не за да се опише и за да се сфати, туку за да се докаже дека и тој може да се подведе и совршено да се вклопи во нашиот замислен систем – исто како што се настојува секое уметничко дело, па дури и секој керамички сад, да се смести во одреден, точно дефиниран стил. Последиците од ова се чудовишни: историјата станува *meretrix historicorum*, а историчарот – нејзин господар.

## За реконструкцијата и деконструкцијата

Убеден сум дека историската реалност не може да се сфати со нејзино извртување, и дека не смееме да си дозволиме да правиме систематски грешки, а потоа да очекуваме дека тие ќе не однесат до историската вистина. На почетокот напишав дека свесно ќе ги одбегнувам досегашните парадигми и модели, и дека во овој труд ќе има најмал можен степен на реконструкција; мислам дека сега е совршено јасно зошто инсистирам на ваков начин на работа. Од друга страна, ценам дека она што нè интересира може да се постигне не со реконструкција, туку токму со спротивното – со деконструкција на античките извори.

Деконструкцијата на изворните податоци подразбира не само свесно избегнување на современите модели, парадигми и реконструкции, туку и пречистување на изворните податоци од моделите, парадигмите, реконструкциите и идејните матрици на античкиот историограф.[32] Значи, во основа, деконструкцијата подразбира све-

---

[31] Опсежна првична анализа на овие современи „трендови“, кои тогаш сè уште биле во зачеток, дава Stromberg, 1969. Интересен е и политичкиот напад на Wolfe, 1953, кој ја обвинува советската историографија дека го прави ова од идеолошки побуди, иако подоцна ќе се покаже дека ниту западната историографија не е имуна од овој проблем; за волја на вистината, за ова на Западот најчесто се одговорни историчарите како поединци, а поретко државата.

[32] Извонреден пример за реконструкциите кај Херодот – а со тоа и доказ дека деконструкцијата е навистина потребна – има кај Chrimes, 1930.

дување на податоците точно до она што се – податоци; тие ќе подлежат на логично подредување, но не и на подведување во систем, ако таков нема – ниту по терк на античките историографи, ниту по терк на современите историчари. Кога податокот ќе се прочисти и ќе добие облик на чиста, основна информација, без никаков страничен и туѓ баласт, дури тогаш може да се разговара за тоа дали е издржан и веродостоен, или не е – но не во смисла дали се вклопува во целината, туку дали има посреден или непосреден начин тој да се провери и докаже со други извори. Откако податокот ќе биде докажан, дури тогаш ќе може да се работи со него – да се анализира и да се искористи.

Свесен сум дека деконструкцијата значи отфрлање на многу податоци што се прифаќаат како точни и веќе станале аксиоматски вистини – но, тоа е товарот со кој овој метод мора да живее. Во крајна линија, подобро е да имаме пет добро проверени, докажани и веродостојни податоци, па со нив да сработиме колку можеме, одошто да имаме педесет податоци што ги прифаќаме зашто ги прифаќаат другите, или пак зашто едноставно ни одговараат или ни се допаѓаат. Приказната што ќе ја добиеме на овој начин ќе биде покуса, веројатно ќе кажува помалку, и сигурно ќе има поголеми празнини; но затоа, пак, ќе можеме да застанеме зад она што е кажано и искрено да веруваме дека е близу до вистината.

Минатото не може да биде совршено објаснето и репродуцирано со ниту еден метод, па затоа и никогаш не може да биде целосно разбрано. Ниту едно историско дело не може совршено да ги претстави сите детали од некој минат настан и да ја отслика целата нивна сложеност; но, чесно е човек да се потруди да прикаже барем дел од минатото на обмислен, разумен, веродостоен и полезен начин – а токму тоа е целта на овој труд.

# II
# ПРЕДИГРА

Европјани на Стариот Исток. – *Сведоштвата од асирските записи. – Односите со Новобабилонското кралство. – Кои се Yаипа, Yатап и Yатапауа?* – Новите господари и старите искуства. – *Хелени на персиските градилишта. – Ликови и имиња.* – Персија посега по Западот. – *Симбиозата во Мала Азија. – На чекор до Европа.*

Кога го опишуваат навлегувањето на Персијците во Европа, или пак кога даваат општ приказ на Грчко-персиските војни, историчарите на Стариот Век особено сакаат да се служат со изрази како „судир на световите“, „војна меѓу Истокот и Западот“ или „пресметка меѓу Хелените и барбарите“. И навистина, треба да се признае дека е мошне интересно да се пишува за „судир на светови“, како од историски, така и од социолошки и, дури, од психолошки аспект; во најмала рака, оваа формулација е особено примамлива за секој автор што има намера да пишува возбудлива историска проза. Ништо не остава поголем впечаток од еден одред Хелени, исправени пред море од непознати барбари, дојдени од крајот на светот и присобрани од места за кои никој никогаш не чул; барбари што со страотен устрем се прелеале преку Босфор и, во очите на Европа, станале архетип на сè што е непознато, невообичаено, чудно, лошо и зловесно. Би се рекло дека, кога се опишуваат вакви судири од епохален карактер, секогаш заживува една сижејна нишка на очудување, која остава силен впечаток врз читателот и ја поттикнува неговата имагинација.

За жал, оваа сижејна линија, во која настаните добиваат грандиозна епохалност во окото на читателот, нема ништо заедничко со историјата. Уште полошо, со тоа историјата – а уште повеќе историјата на периодот што нè интересира – заличува на обична парадоксографија. Мошне е дискутабилно дали навлегувањето на Персијците во Европа воопшто може да се нарече „судир на светови“, кога има добро посведочени докази дека тие „различни“ светови со векови пред тоа биле составни делови на еден политички, економски и

културен систем на соработка. Прашање е, исто така, до која мера може да се зборува за „судир на Хелени и барбари", во време кога нема ниту јасно разграничен хеленски, а уште помалку барбарски свет. Напротив, има причини да се верува дека и Хелените, и Персијците, а среде нив и Македонија, многу добро знаат кој е нивниот непријател, за што е способен, и пред каков предизвик е исправен; всушност, како што ќе видиме подолу, тешко е да се тврди дека во овој „епохален судир на концепти" имало какви и да е непознаници. Ова, пак, е мошне важно, зашто ги става подоцнежните настани во сосема поинаков воено-политички и културен контекст, и овозможува настаните да се анализираат со одредена логична последователност.

Затоа, пред да минеме на настаните во Европа и последователните контакти меѓу Македонија и Ахајменидите, најпрвин треба да ги дефинираме претходните точки на контакт меѓу Истокот и Западот. Така ќе добиеме појасна слика за предзнаењата на сите актери во триаголникот на односи меѓу Хелада, Македонија и Азија, а ќе ги исцртаме и основните определници на свеста што ја имале едни за други и за нивното долго осознавање и проникнување. А тоа, ако им се верува на изворите, започнало многу порано од мигот кога градителот Мандрокле ѝ овозможил на персиската војска да се префрли во Европа.

## Европјани на Стариот Исток

● *Сведоштвата од асирските записи.* – Прашањето за влијанијата на Стариот Исток врз цивилизациите од Егејскиот басен е веќе одамна расчистено; ова влијание се признава (и сè почесто се нагласува), почнувајќи од културата, уметноста и архитектурата, па сè до т.н. „државотворен импулс" и до развојот на првите политички организирани заедници.[1] Тука ќе ја оставиме настрана оваа теоретска рамка, а ќе разгледаме неколку податоци од староисточните записи, што сведочат за непосредни човечки контакти меѓу населението од Егејскиот басен и нивните современици на Истокот. Иако станува збор за малубројни и фрагментарни податоци, тие сепак

[1] Библиграфијата за оваа проблематика е навистина огромна и лесно достапна, па ќе биде доволно да се спомнат само поновите сумарни трудови со детални списоци на постарата литература: за политичките и културните влијанија воопшто, *v.* Burkert, 1992 и Kuhrt, 2002; за уметничката размена, Crowley, 1989; за изворите, Rollinger, 2001.

овозможуваат да се согледа природата на односите меѓу овие култури, како и перцепцијата што ја имале едни за други.

Во источните извори, податоци за народ или племе што го транскрибираме со „Јонци“ се јавуваат уште во VIII век ст.е. Најраното спомнување на овие „Јонци“ е во т.н. 69. писмо од Нимруд, документ пронајден за време на ископувањата во Калху (Нимруд) организирани од Британската археолошка школа во Ирак во 1952. Текстот бил пронајден во административен архив со над 300 други документи, писма што локалните службеници му ги праќале на асирскиот крал.[2] Делот што нè интересира гласи:



*69. писмо од Нимруд*

„На кралот, мојот господар, (од) твојот слуга Курди-Ашшур-Ламур. Јонците (ia-ú-na-a) дојдоа (и) ги нападнаа градовите Самсимуруна, Харишу и [...] Еден коњаник дојде во градот Дана[бу] (за да јави за ова). Ги собрав сите луѓе што ги имав и тргнав (против нив). (Јонците) не успејаа да земат ништо. Кога ги видоа моите борци, се качија на бродовите и [исчезнаа] кон морската шир. [...][3]

Како што гледаме, целта на авторот на ова писмо е да јави дека ia-ú-na-a („Јонците“) нападнале три града на сиропалестинското крајбрежје. Курди-Ашшур-Ламур очигледно го знаел идентитетот на овие пирати, а освен тоа, се потрудил веста за овој релативно безначаен настан да му ја соопшти директно на кралот, што укажува дека не му било првпат да има неволји со јонски пирати. Што се однесува, пак, до „Јонците“, текстот не ни кажува речиси ништо за нив,освен дека биле организирани во мали групи, кои брзо слегувале од бродовите и пљачкале по сиропалестинското крајбрежје. Тие сигурно немале намера да го освојуваат крајбрежјето – во случајов, се повлекле пред само еден коњанички

[2] Најголемиот дел од Писмата од Нимруд потекнуваат од времето на Тиглат-Пилесер III (744-727 ст.е.). Детални податоци за архивот и анализа на 69. писмо има кај Parker, 2000.

[3] Преводот се темели врз поправките и англискиот превод на Parpola (@*The State Archives of Assyria database*, University of Helsinki).

одред – туку целта им била исклучиво плен и лична корист, што било вообичаено во античко време.[4]

Иако овие „Јонци“ немале доволна воена сила, а веројатно ниту политичко единство за да ѝ се спротивстават на асирската војска, се чини дека биле доволно силни за да можат да го напаѓаат брегот на денешен Либан и да ги пљачкаат крајбрежните градови. Во неколку кралски записи од времето на Саргон II се спомнува битка меѓу Асирците и „Јонците“, што традиционално се датира во 715 год. ст.е. Овие описи се скратени верзии на записите од кралските анали на Саргон од Кхорсабад:

> [...] да ги по[кори Јонците (ia-am-na-a), чија татковина] лежи ср[еде м]орето, и кои од дамнешно [време] ги убиваа жит[елите на Ти]р и на земјата Ликија, и [го попречуваа] патот ... [со нивните] бродови ... Јас исловив против нив, и ги погубив со моето оружје, [м]ало и големо...[5]

> [...] кој (*scil.* Саргон), како рибар, ги улови Јонците (ia-am-na-a) среде морето како риби и им даде мир на Ликија и на Тир.[6]

На ова се надоврзува и добро познатата, интересна епизода за воениот судир меѓу „Јонците“ и Асирците во Киликија, што се случил за време на владеењето на Сенахериб (704–681 год. ст.е.). Оваа епизода е зачувана благодарение на ерменскиот превод на првата книга од „Хрониката“ на Евсебиј. Всушност, Евсебиј препишувал и скратувал податоци од делото на Александар Полихистор, кој пак направил епитома на „Бабилонската историја“ на Беросос, а понекаде се служел и со постари епитоми, направени од Јосиф и од Абиден.[7] Во секој случај, епизодата за воениот судир во Киликија се чинела доволно интересна и важна, па ја има и во верзијата на Александар, и во онаа на Абиден:

> Кога дознал (*scil.* Сенахериб) дека Јонците ја нападнале земјата на Киликијците, побрзал и се соочил со нив, па иако

[4] Современите асириолози долго време биле убедени дека податоците за народот ia-am-na-a-a се однесуваат исклучиво на Хелените од малоазиска Јонија, иако графијата ia-ú-na-a на овој документ била (а за некои сè уште е) збунувачка. По долги дискусии, денес е прифатено мислењето дека станува збор за неформална асирска графија, и дека зад двата етникони се кријат „Јонци“, но не нужно малоазиски Јонци. Расправа за ова кај BRINKMAN, 1989: 54 sqq.

[5] FUCHS, 1994: 109.

[6] FUCHS, 1994: 34, *Zyl.* 21.

[7] Најчесто цитирана детална дискусија за овој проблем е онаа на S. M. BURSTEIN, *The Babyloniaca of Berossus*, Sources and Monographs on the Ancient Near East 1/5, Malibu 1978 (*non vidi*).

многумина од неговите борци биле исечени од непријателите, победил во оваа битка. Како паметник за неговата победа, на бојното поле поставил статуа со негов лик; исто така, заповедал да се напише приказ на неговите храбри дела на халдејско писмо, и да се остави за идните поколенија. А Сенахериб, како што самиот вели, го изградил градот Тарсон по углед на Бабилон, и го нарекол Тарсин.[8]

[...] На брегот на Киликија (*scil.* Сенахериб) поразил флота од јонски бојни бродови и ги натерал во бегство. Исто така, заповедал да се изгради храм на Сандес, кој е Херакле,[9] поставил бронзени столбови и заповедал верно да се запишат неговите големи дела. Го изградил и градот Тарсон, и тоа според планот на Бабилон, така што реката Киднос тече низ него токму како што Еуфрат тече низ Бабилон.[10]

● *Односите со Новобабилонското кралство.* – Податоците за „Јонците“ не завршуваат со кралските записи од Асирија. Нив ги има и на многу документи од Новобабилонското кралство, и тоа – што е мошне интересно – во сосема друга светлина и контекст. Наспроти воените пресметки на Асирците, „Јонците“ за Бабилонија не само што не се непријатели, туку мошне често се спомнуваат како градители и занаетчии во кралските палати. Од мноштвото мошне слични текстови, ќе биде доволно да се цитира само еден – записот од 592/1 год. ст.е., на кој се забележани дневниците и оброците на градителите на тврдината на Небукхаднезар:

1) Осум јон[ски]’ (lú i[a-man-na-a-a]) столари
2) LABBunu, LÚ.EDIN-ú од земјата на Јонците
3) Кунзумпија (?), LÚ.EDIN-[ú] од земјата на Јонците
4) Осум јонски столари (lú ia-<man>-na-a-a)
5) Асијак, столар од Јонија (lú ia-man-na-a-a)
6) Уште осум од нив (*scil.* столари) Јонци (lú ia-a-man-a-[a])
7) Уште седум од истите (*scil.* столари) Јонци (ia-man-a-a)
8) [x] јонски столари (lú ia-man-a-a)[11]

---

[8] Beros. *apud* Alex. Polyhist., *FGrH* 680 F 7c (31).

[9] Ова е највообичаената емендација на овој мошне сомнителен дел од текстот; инаку, во текстот на Абиден стои „храм на Атиѓаните“, што нема никаква логика.

[10] Beros. *apud* Abyd., *FGrH* Nr. 685 F 5.

[11] Според E. F. Weidner, *Mélanges Dussaud* 2, 1939, 923-935 (*non vidi*); цитирано и повторно обработено кај Kuhrt, 2002.



*Од лево кон десно: Гилгамеш и Енкиду се борат со Хумбаба, Нузи, 1450 ст.е.; Персеј ја убива Горгона со помош на Атена, Олимпија, 560 ст.е.; Персеј ја убива Горгона, печат од Багдад, VII-VI век ст.е. (според* BURKERT, *1994).*

Показател за добрите професионални врски меѓу Новобабилонското кралство и земјата ia-man-na-a, која веројатно служела како трговски посредник, се и големите количества бронза и железо што биле увезени во Урук меѓу 552 и 550 год. ст.е. Не знаеме кој ја организирал оваа трговска размена, но со оглед на потеклото на другите ставки во документите (меѓу другото и кедрово дрво, бои и зачини), можно е дека сето ова било овозможено од фојникиските или, воопшто, сиропалестинските трговци – особено ако се земе предвид дека началникот на трговската служба на Небукхаднезар има фојникиско име.[12]

Сепак, иако „Јонците“ се неоспорно документирани во приватните и економските документи од Бабилон, мора да се признае дека засега нема недвосмислен доказ дека меѓу Бабилонците и јонското крајбрежје имало и непосредна комуникација. Врските оделе дотаму, што бабилонските владетели знаеле да се послужат и со наемнички одреди составени од Хелени[13] – но и тука, ништо во бабилонските извори не укажува дека оваа регрутација ја вршеле токму Бабилонците, или пак дека воопшто сметале на Јонија како на постојан извор на војници. Ако се земе предвид дека Новобабилонското кралство на северозапад граничело со територии под контрола на Лидија, можеби треба да се претпостави дека овие врски биле одр-

[12] Ханину од Гаsa, заповедник на кралските трговци; неговата кариера за првпат ја анализира E. UNGER, *Babylon, die Heilige Stadt nach der Beschreibung der Babylonier*, Berlin, Leipzig 1931, 285; 290, col. IV 19. Податоците се повторно обработени кај FUCHS, 1994: 90, со податоци и за подоцнежната кариера на Ханину.

[13] *Cf.* песната со која Алкај му посакува добредојде на брат му Антименида, кој се вратил дома од туѓина; Diehl 1924, fr. 350 и парафраза во проза кај Страбон (13.617).

жувани токму со посредство на лидиските кралеви,[14] без да има потреба од непосредни преговори.[15] Можеби токму затоа во Егејскиот басен и нема многу податоци за Месопотамија,[16] освен неколку посвети од Хелени што се вратиле од Истокот со награда за некој воен подвиг – токму како Антименида од лезбоска Митилена, братот на поетот Алкај.

Ваквата состојба во поглед на контактите со Новобабилонското кралство загатнува уште една интересна тема. Податоците за трговско и културно посредништво сведочат дека врските на Егејскиот басен со помалите државни заедници во југоисточна Анатолија, Сирија и Палестина се многу постари од контактите со големите кралства на Стариот Исток. Ако, пак, во оваа рамка се вклучат и Фојникијците, чија улога и удел во трговската размена со Европа е извонредно проучена и документирана, тогаш станува јасно дека Асирците ни оддалеку не биле првиот староисточен народ што му бил познат на населението од Егејскиот басен.[17]

● *Кои се Yauna, Yaman и Yamanaya?* – Ако нештата навистина се такви, и ако Европа и Азија најмалку од VIII век ст.е. одржувале непосредни или посредни контакти, во овој контекст се наметнува уште едно прашање: дали Асирците, Бабилонците и Фојникијците (Лидија треба да се остави настрана) точно знаеле со кого комуницираат и работат, и дали тоа воопшто им било важно?

Начинот на кој се зборува за „Јонија“ во источните документи покажува две нешта: прво, дека Јонија не е точно определен географски поим, па нема податоци каде точно се наоѓа и како може да се стаса дотаму; и второ, дека понекогаш со општиот термин „Јонци“ се означуваат не само вистинските Јонци, туку општо и сите Хелени, а понекогаш дури и сите работници што доаѓаат од крајниот Запад. Ниту еден староисточен запис не зборува за Јонци што дошле точно од малоазиска Јонија, а не, на пример, од Дорида или од Ајолида. Одличен показ за ова се асирските записи: во нив се спомнуваат малоазиски Јонци што живеат „од другата страна на море-

---

[14] Со кои имале континуирано добри односи, ако се суди според податоците за битката кај Халис во 585 год. ст.е.; *v.* Hdt. 1.74.

[15] Можеби токму затоа кај Херодот и кај Ктесија има сразмерно малку податоци за Бабилонија во споредба со општиот квантум податоци за другите староисточни држави; *cf.* анализата кај Bichler, 2004.

[16] *Cf.* податоците и анализата кај Curtis, 1996 (за целиот Егејски басен) и Hoffman, 1997 (со нагласка на Крит во I милениум ст.е.).

[17] *Cf.* Lanfranchi, 2000, кој преку избрани примери дава детална анализа на посведочените контакти меѓу Хелените и Новоасирското кралство .

то", иако меѓу Еуфрат и Јонија нема никакво море. Ова не смее да се сфати како случајна географска грешка, или пак како доказ дека Асирците слабо ја познавале географијата на Мала Азија,[18] туку едноставно како (делумна) незаинтересираност, зашто овој податок за Асирците нема пресудно значење. „Јонците" во староисточните документи се, едноставно, дел од народите „од онаа страна", кои имале поинакво политичко и економско значење за Асирците, и до кои не досегал нивниот непосреден воено-политички интерес.[19]

Значи, топонимот Yaman и етниконот Yamanaya, што ги наоѓаме во асирските и во бабилонските извори, не се однесуваат само на Хелените во класична смисла на зборот, а уште помалку само на Јонците; тие се користат за да се означи севкупното население што го населува далечниот брег на Егејското море, на периферијата на староисточниот свет и светоглед.[20] Асирците и Бабилонците воопшто не ги интересирало дали меѓу нивните непријатели (или меѓу наемните работници) има и некој *meiksobarbaros*, некој заталкан Битиниец, некој Хелен чии роднини се отселиле во Олбија или на Халкидик, или пак некој работник од тракомакедонското крајбрежје. Иако треба да се признае дека за тоа немаме никакви посведочени податоци, тешко може да се спори дека немало одредено расејување на општите знаења, барем во европскиот дел од Егејскиот басен. Ова станува особено јасно ако се земе предвид големата хеленска колонизација (токму од VIII век ст.е.), во која морепловците од Евбоја станувале ојкисти на Халкидик, а милетските трговци основале населби дури до Црно Море, како и живата комуникација меѓу островјаните, на пример меѓу Лезбос и Тасос.[21] Нема никаква потреба да се тврди (а тоа би било и погрешно) дека во Асирија или Бабилонија имало луѓе од сите краишта на копнена Хелада и Балканскиот полуостров; во овој случај, доволни биле неколку десетици од било која област, чии скапоцени знаења за кусо време досегале до сите луѓе што биле заинтересирани за морепловство и трговија.

---

[18] Ова е и теоретски, и практички невозможно, ако се земе предвид дека уште во првата половина на II милениум ст.е. Асирците основале трговски колонии на територијата контролирана од Хетитското кралство.

[19] Ваквиот заклучок, во основа, произлегува од анализата на Kuhrt, 2002, но е прифатен и од безмалку сите современи асириолози.

[20] Rollinger, 2006: 202 sqq.

[21] Само како илустрација, напоредно и во исто време со спомнувањата на Yauna во источните извори, во Термајскиот залив веќе биле основани три еретриски колонии – Метона, Дикаја и Менда; околу 710 год. ст.е. населеници од евбојска Халкида ја основале Торона, а десетина години подоцна Ахајците ја основале Скиона. *Cf.* Borza, 1990: 75-76, со повеќе примери и список на литература.

## Новите господари и старите искуства

По пропаста на Асирија и на Новобабилонското кралство, слични сведоштва има и во најраните персиски кралски натписи;[22] на асирските и бабилонските топоними и етникони им одговараат персиските Yauna и Yaunā, како и еламските Yauna и Yauna-ip.[23]

● *Хелени на персиските градилишта.* – Археолошките наоди сведочат дека хеленски занаетчии и градители учествувале во градежните зафати на безмалку сите дворци на персиските кралеви, почнувајќи од дворецот на Кир II Велики во Пасаргада.[24] Иако, во целина, дворецот во Пасаргада се одликува со оригинални, персиски стилски елементи, кај поголем дел од декоративните детали има јасно препознатливи влијанија од уметничките традиции на други народи. Добар пример за ова е приказот на крилестиот Гениј над главната капија: неговата круна е изработена во египетски стил, а крилјата – во бабилонски. Има мислења и дека целата структура на комплексот е инспирирана од градбите од кралството Урарту. Што се однесува, пак, до влијанијата од хеленските уметнички стилови, тие се очигледни кај постаментите на столбовите, кај релјефните драперии,[25] како и во начинот на обработка на каменот и во техниките на градба. Слично е и во Суса; освен сите претходно спомнати детали, таму се најдени карактеристични минијатури од слонова коска, изработени во хеленски стил.[26] Столбови со хеленски поста-

[22] Можеби би требало да се посвети внимание и на контактите со другите источни државни организации, како Урарту и Фригија, кои имале контакти со Егејскиот басен дури и пред Асирија. Но, освен што оваа анализа би била предолга и би нè оддалечила од проблематиката што ја истражуваме, се чини дека важноста и влијанието на овие контакти се многу помали, ако се споредат со Асирија и Бабилонија. Што се однесува до Урарту, на пример, сите контакти најверојатно оделе преку соседните (полу)зависни територии, а во традицијата на копнена Хелада речиси и да нема свест или историска реминисценција за Урарту. Фригија, пак, ја изоставаме зашто нејзиниот развој и територијалното ширење биле мошне ограничени (особено на југоисток), па Хелените мошне брзо сфатиле дека односите со Фригија можат да бидат само регионални – нешто што, во основа, тогаш можеле да го прават и од Јонија. *V.* анализата кај Lanfranchi, 2000.

[23] *V.* Brinkman, 1989: 63, како и Kuhrt, 2002, *passim.*

[24] Оваа проблематика е детално разработена кај Nylander, 1970, чие дело претставува основа и појдовна точка за сите понови анализи.

[25] *V.* анализата на Richter, 1946, со опсежна анализа на стиловите во Суса и Персепол, како и споредба со релјефите во архајски стил во Хелада.

[26] Детален приказ на овие, но и на неколку други минијатури, дава Amiet, 1972.

менти и многу други техники карактеристични за европската градба има и во Персепол, како и на многу други места: и во Персепол има длабоки релјефи во хеленски стил, а долгите портици со столбови речиси сигурно се инспирирани од хеленската стоа.[27] Згора на сè, во Персепол се зачувани и неколку фрагменти од една скица во хеленски стил, на која веројатно е прикажана борбата за триножникот меѓу Аполон и Артемида.[28] Најпосле, треба да се спомнат петте куси натписи на хеленски јазик, најдени во каменоломот кај Кух-и Рахмат близу Персепол, со што е дефинитивно докажано дека во Персепол и Суса активно работеле хеленски занаетчии и каменоресци.[29]



*Лево: глава на дароносец, Персепол. Десно: глава од храмот на Аполон во Еретрија, доцен VI век ст.е. (според Richter, 1946)*

Сè на сè, ако кај асирските и бабилонските документи можеби и имаше место за спекулација во поглед на обемот на контактите меѓу Истокот и Западот, тука тие никако не можат да се оспорат. Впрочем, тоа го покажуваат и овие впечатливи примери од кралските натписи:

> Кедарот што беше употребен (за градба) го донесоа луѓе од *Ebir-Nāri* (Сирија), и тоа од планината наречена [*Labnānu*],

[27] *Cf.* Cuyler Young, 1988: 46 sqq, со повеќе примери. Соодветно, за минијатурите од слонова коска и за длабоките релјефи од Персепол, *cf.* Boucharlat, 2002: 330; за постаментите и техниките Boardman, 2000, *особ.* стр. 61 за влијанијата од стоата, иако не може да се исклучи дека имало влијанија во обратна насока.

[28] Roaf & Boardman, 1980.

[29] Pugliese Carratelli, 1966: 31; *cf.* и Nylander, 1979. Сепак, меѓу овие „Јонци“ веројатно имало и други луѓе од западна Мала Азија со различна етничка припадност, особено Лидијци.

па сѐ до [Бабилон]. Од Бабилон, Каријците и *Yauna* [(го) донесоа] во Суса.[30]

[Каменоресците што] го обработуваа [каменот] беа [*Yauna* и Лиди]јци.[31]

Материјалот за релјефите [во палатата беше донесен од *Yauna*].[32]

Мора да се признае дека датирањето на најстарите персиски пишани споменици сѐ уште оди прилично тешко; но текстот, онака како што е напишан, не зборува за народи што допрва се запознаваат, туку за народи што веќе добро се познаваат и очигледно соработуваат. Овие Yauna веќе не работеле само на периферијата, туку и длабоко во внатрешноста на кралството: на пример, освен како специјализирана работна рака, Yauna биле вработени и како превозници на скапоцен градежен материјал по течението на Еуфрат – служба што има точни паралели во периодот на Новоасирското кралство.[33]

● *Ликови и имиња.* –Оваа слика може да се надополни со помош на други документи. Пред да се задржиме на сведоштвата од хеленските наративни извори, ќе фрлиме поглед и врз неколку податоци од бабилонските приватни економски записи. Речиси ниеден од нив не е датиран пред владеењето на Дареј I, но во нив се спомнуваат луѓе што престојуваат на Истокот најмалку како втора генерација доселеници.[34] На една делумно зачувана табличка од Сипар, датирана во 487 год. ст.е., се спомнува еден „Јонец" (LU´ Ya-ma-na-a-a) од Бабилон, кој не бил многу омилен кај другите бабилонски трговци.[35] Уште поинтересна е една административна табличка најдена во Персепол, напишана на хеленски јазик, со која се

[30] *DSf* 21-4 (§9), според преводот на бабилонскиот текст кај Brinkman, 1989: 61; дополнувањата се негови, но се потврдени со помош на верзиите на староперсиски и еламски. *Cf.* Steve, 1974.

[31] *DSf* 32f (§12), врз основа на бабилонската верзија; дополнувањата се направени врз основа на староперсискиот текст (*DSf* 47-9) и верзијата на еламски. *Cf.* Steve, 1974: 146.

[32] *DSf* 29 (§11), според преводот на бабилонскиот текст кај Brinkman, 1989: 61; дополнувањата се направени врз основа на староперсискиот текст (*DSf* 42-3).

[33] *Cf.* Rollinger, 2001 & Idem, 2003.

[34] *V. особ.* Richter, 1946: 13 sqq. Во бел. 24 е изложена приватната кореспонденција на авторката со Р. Г. Кент, во врска со можноста акадското TIN.TIR$^{ki}$ да ги означува Хелените трајно населени во Бабилон ([Yauna]?... kāra hya Bābiruviya).

[35] *Cf.* Brinkman, 1989: 63.

резервира испорака на две мерки вино во бабилонскиот месец araḫ tebētum (декември/јануари), а се датира меѓу 509 и 494 год. ст.е.[36] Не само што авторот на оваа табличка знаел хеленски, туку очигледно бил вработен во некоја централна административна единица на Ахајменидите, зашто се служи со професионална терминологија што е вообичаена во тој контекст; освен тоа, тој го користи персиско-еламскиот систем на мерки, а прави распоред според бабилонскиот календар. Болсер мисли дека станува збор за некој билингвален Хелен, наемник на персискиот дворец, а според ракописот цени дека потекнува од Самос.[37] Како и да е, без оглед на неговото потекло, слободно може да се каже дека писарската служба во Персепол очигледно била многујазична и дека во неа биле интегрирани луѓе од сите краишта на светот, вклучително и Хелени.



*Претстава на периски војник. Лево, глазирана теракота, Суса; десно, камен релјеф со хеленско влијание, Персепол (според* Richter, *1946)*

Благодарение на наративните извори, многу од овие Yauna добиваат име и идентитет. Во просопографијата на Хелените во Персиското кралство пред Александар III[38] се евидентирани шест имиња од времето на Кир II Велики, седум од времето на Камбис, а близу четириесет од времето на Дареј I. Меѓу нив има политички прогнаници што се засолниле на персискиот дворец (на пример, атињанецот Хипија и спартанскиот басилеј Демарат), тирани од хеленски полиси под персиска власт (како Хистијај од Милет) и пратеници кај Големиот Крал (како спартанецот Лакрин, кој го предупредувал Кир да не ги напаѓа хеленските полиси). Повеќето од нив се спомнуваат во врска со персиското освојување или преосвојување на егејското крајбрежје (од 546

[36] „oino/s dyo/maris/tebêt; *cf.* Hallock, 1969: 2 и Balcer, 1979: 280, но со погрешна транскрипција; документот го има и кај Boardman, 2000: 133, со погрешен број на табличката.

[37] Врз основа на графијата на буквите Σ и Η, напишани со по четири линии, како и според лунарната Γ; *v.* Balcer, 1979: 279a, 280b.

[38] Hofstetter, 1978: 192-193.

до 490 год. ст.е), и многумина од нив не се задржале многу во Персија. Но има и други карактеристични личности, како пророчицата Херофила (која го опоменала Кир да не го погубува Кројс), гатачот Ономакрит (чии лажни пророштва оделе во прилог на амбициите на Пејсистратидите), како и неколку воени заповедници: Еврибат (кој пребегал од Кројс кај Кир), Фанет од Халикарнас (кој пребегал од Амасис кај Камбис), Скилак (заповедникот на поморската експедиција од Индија кон Египет), па Мандрокле од Самос (градителот на мостот преку Босфор), и најпосле Гилос од Тарент (изгнаникот што го задолжил Дареј). Според античката традиција, дури и философот Питагора минал извесно време во Бабилон; Плиниј ни раскажува за вајарот Телефан, за кого знаеме мошне малку, но чиј творечки пат изгледа одел од Фокаја, преку Тесалија (каде, според некои, бил во служба на Алевадите) сè до дворецот на Дареј.[39]

Да видиме што ни кажуваат овие податоци. Престојот на Питагора во Бабилон воопшто не е спомнат кај Херодот, а според сè, најверојатно станува збор за подоцнежна измислица. Случајот на Херофила не кажува ништо, зашто тоа е единствениот податок што го имаме за неа. Ономакрит, кој бил близок со Пејсистратидите, веројатно никогаш не се вратил во Хелада, и за него немаме други податоци. Но, сите други случаи се мошне интересни, зашто според класификацијата на Раафлауб точно се вклопуваат во различните категории на хеленска елита што одржувале блиски контакти со Персија (колонизатори, пирати или авантуристи; специјалисти; наемници; и (трговски) патници).[40] Важно е да се води сметка дека Херодот пишува за овие луѓе зашто, поради некоја причина, заслужувале да бидат запаметени; или биле најдобри во нешто, или направиле некое значајно постигање, или пак имале тесна врска со некоја друга, мошне важна личност. Раафлауб сосем исправно заклучува дека овие имиња се само „врв на ледениот брег“, зашто имало многу други како нив, чии постигања и судбини не биле толку впечатливи за да се опишат, или пак за кои Херодот едноставно не чул. Дел од нив живееле на преминот меѓу шестиот и петтиот век ст.е., што е можеби доцна за она што сакаме да го прикажеме; сепак, има и други (првично источни и египетски) извори, со чија помош можеме да ги следиме предците на овие луѓе сè до седмиот, понекогаш дури и

[39] Соодветно: за Лакрин, Hdt. 1.152-53; за Херофила, Hdt. 1.86-87; за Ономакрит, Hdt. 7.6.; за Еврибат, Hdt. 1.76, 1.141, за Фанет, Hdt. 3.4 sqq., 3.111, 3.149; за Скилак, Hdt. 4.87-89; за Мандрокле, Hdt. 4.87-89; за Гилос од Тарент, Hdt. 3.138; и, најпосле, за Телефан, Plin. *Nat. Hist.* 34.68.

[40] Одлична, детална анализа кај Raaflaub, 2004.

до осмиот век ст.е.[41] Дури и онаму каде што тоа е невозможно, сето она што беше кажано досега ни дава право барем да претпоставиме дека имињата од наративните извори имале претходници, кои дејствувале децении пред нив; или, според зборовите на Милер: „Можеби можеме да ги оспориме патувањата на еден Херодот, но мора да дозволиме дека имало патувања на многу други Херодоти“.[42]

## Персија посега по Западот

Но, каква и да била природата на односите меѓу Истокот и Западот пред 546 година ст.е., факт е дека до тој миг активната улога поскоро им припаѓала на Хелените, одошто на Персија. Како што видовме, по некоја сила на „историска“ инерција, Персија ги наследила, ги презела и ги продолжила основните политички определници според кои функционирале Новоасирското и Новобабилонското кралство. Персепол го барал и го добивал она што му следува, исто како пред него Нинива и Бабилон; но, сѐ додека нивната западна граница минувала низ добро познати територии, Персијците не чувствувале потреба од проактивно запознавање и навлегување во периферијата на нивната интересна сфера. По падот на Сарди, состојбата се сменила од корен; за да го зачува мирот на новата западна граница, Персија морала да ги реши проблемите со кои претходно биле соочени и Лидијците, а секако и многу подлабоко да навлезе во сложената лепеза на политички односи во Егејскиот басен.

● *Симбиозата во Мала Азија.* – По освојувањето на Сарди и воспоставувањето целосна воена и политичка контрола во Мала Азија, Персијците се соочиле со истиот проблем, кој претходно ги мачел и кралевите на Лидија: како да се постигне симбиоза меѓу внатрешноста и малоазиското крајбрежје. Речиси по правило, сите претходни владетели во Мала Азија потекнувале од внатрешноста и биле традиционално ориентирани кон неа; првиот предизвик за секој од нив бил да воспостави меѓусебно разбирање и соживот со крајбрежјето и островите, за да се овозможи заемен мир и, со него, стабилна државна организација. Со ова најпрвин се справувале Хетитите, по нив Фригијците, а најпосле и Лидијците; почнувајќи од Гигес, на секој лидиски крал му било јасно дека мора да најде начин

---

[41] *Cf.*, на пример, Haider, 1996 и Rollinger, 2001 со одлична библиографија.

[42] Miller, 1997: 107.

да ги интегрира Јонците и Каријците, со што во прв ред ќе добие конструктивни сојузници, а потоа и верни поданици, морепловци, трговци и војници. Ова не било воопшто едноставно; главно обележје на времето пред Кројс биле судирите со Јонците и обидите да се освои Милет, а дури Алијат успеал да склучи мироѓубив сојуз и да воспостави мир на јонското крајбрежје.



*Бронзена плочка од коњски амут со арамејски натпис, најдена во Херајонот на Самос (според* B*URKERT*, *1994)*

По освојувањето на Мала Азија, Персијците го наследиле проблемот што Лидијците штотуку почнале да го решаваат. Тие биле принудени да му пристапат на овој проблем на сличен начин како и нивните поразени соперници: и тие, како и Лидијците, не се занимавале ниту со трговија, ниту со морепловство, па и ним им биле потребни Јонците и Карийците, поради што не можеле да си дозволат насилно решение. Освен тоа, Јонија имала завидно културно наследство и силни врски со Хелада и Понт, со кои се идентификувале не само Хелените во Мала Азија, туку и оние на копното; секој повод за вмешување на копнените Хелени на малоазиската политичка сцена би предизвикало непријателство и постојани судири, многу пред Персијците да бидат подготвени да се справат со нив. Затоа, како и секоја друга нова сила, и Персијците претпочитале најпрвин да следат, да набљудуваат и да учат, а дури потоа да се зафатат со сериозни потфати.

● *На чекор до Европа.* – Персијците учеле брзо, и не им требало многу време да се доближат на само еден чекор до Европа. Нема сомневање дека Персија имала намера да ги продолжи освојувањата кон Запад; но, за жал, во изворите нема никакви навестувања за „егејската политика“ на Дареј на почетокот од неговото владеење. Единствен издржан факт со кој располагаме е судирот на Оројта од Сарди со Поликрат од Самос, потег со кој Персијците го премавнале јонското крајбрежје, и кој сигурно не бил во спротивност со кралс-

ката политика на ширење кон Запад.[43] Но, за сѐ друго што се случувало меѓу не сосем јасното погубување на Оројта (во 522, или најдоцна во 520 год. ст.е.) и преминот на Персијците во Европа десетина години подоцна, изворите молчат. Херодот пишува за ова време, но неговите белешки имаат сосем друга намена – да ја развијат приказната за авантурите на лекарот Демокед од Кротон.[44] Оваа епизода е прилично долга, а методолошки е „тенка" и не може да се провери, но сепак заслужува да ѝ се обрне внимание. Без оглед на тоа што почива врз чудна мешавина од факти и измислици, можно е зад неа да се назира нешто што навистина се случувало – првата логистичка подготовка за големиот премин преку морето.

Демокед, кој потекнувал од Кротон во јужна Италија, бил лекар прочуен по своето знаење и вештина. Откако минал извесно време – и заработил големо богатство – во Ајгина и Атина, тој стапил во служба на тиранинот Поликрат од Самос. Кога сатрапот Оројта го убил Поликрат, Демокед бил одведен во заробеништво, а откако Оројта бил погубен од Дареј, Демокед се нашол во кралскиот дворец и станал еден од милениците на кралот. Освен што се гоштевал на иста маса со Дареј и имал голема куќа во Суса, Демокед бил близок и со една од сопругите на кралот – Атоса, ќерката на Кир – на која Херодот ѝ придава особено политичко влијание. Наводно поттикнат од Атоса, Дареј почнал да се подготвува за освојување на Хелада, но претходно – и тука почнува делот што нѐ интересира – решил да прати разузнавачка експедиција предводена од зналецот Демокед, кого го замолил да им ја покаже и објасни Хелада на неговите персиски сопатници. Експедицијата исловила од Сидон; Персијците го истражиле крајбрежјето на цела Хелада и стасале дури до Тарент, каде биле заробени како шпиони. Демокед успеал да избега; откако биле ослободени, Персијците тргнале по него, но жителите на Кротон одбиле да им го предадат. Откако останале без водач, Персијците минале низ многу авантури и незгоди, сѐ додека еден наемник од Тарент, по име Гилос, не ги вратил кај Дареј.

Херодот заклучува дека тоа биле првите Персијци што од Азија дошле во Хелада; ако му се верува нему, тие очигледно стасале и многу подалеку. Но, без оглед што и колку од оваа приказна е вистинито, останува впечатокот дека таа била доволно веродостојна за читателската публика на Херодот. Персијците веројатно никогаш

---

[43] Анализа на епизодата за Оројта и Поликрат има кај Briant, 1996: 151-2. Иако стар повеќе од еден век, сѐ уште е мошне информативен и приказот на сите настани во врска со Поликрат кај Grundy, 1901: 36-38.

[44] Hdt. 3.129-137.

не стасале до Тарент и Кротон, а можеби и не ги предводел никаков Демокед, но мора да дозволиме дека вакви разузнавачки потфати биле сосема можни, а ако се има на ум севкупната политичка клима – и очекувани.[45]

Да заклучиме. Дури и ако се ограничиме само на целосно докажани податоци, и ако се служиме само со факти што можат да се проверат и преку источните, и преку хеленските извори, очигледно е дека меѓу Европа и Азија била воспоставена широка лепеза од контакти најмалку два века пред персиското преминување во Европа. Без оглед на тоа што се посведочени само Европјани, Хелени или Јонци во Азија, а речиси воопшто нема Фојникијци, Бабилонци и Персијци во Европа, вредноста на овие луѓе била истозначна и за едната, и за другата страна, зашто нивните информации биле двонасочни; преку едни исти луѓе, Азијците два века ја осознавале Европа, а Европјаните – Азија. Токму затоа се неприфатливи описите што ги спомнавме на почетокот, во кои се случува „судир на светови“, а „дивата и непозната Азија се прелева во Европа“. Според сè, Персијците добро знаеле каде одат и кого ќе сретнат, а и Хелените (кога дошло време) точно знаеле со кого треба да се справат.

Но, најпрвин требало да се мине преку морето.

[45] Анализа на дејноста и на постапките на Демокед, како и на стуктурата на оваа епизода кај Херодот, има кај Griffiths, 1987. За поширокиот политички контекст на персиските контакти и односи со Хелените во овој период, *v.* Austin, 1990.

# III
# PARADRAYA

Зошто Скитија? – *Приказниūе на Херодоū и на Кūесија. – Нерешливаūа заīаūка на ūричиниūе и ūоводиūе.* – Почетокот на големата авантура. – *Персијциūе во Евроūа. – Повūорно за ūричиниūе и ūоводиūе.* – Походот продолжува. – Неколку (за)поставени проблеми. – *За бројносūа, видоū и ūриродаūа на ūерсискаūа воена сила. – Колкаво и какво освојување? – „Дуūкиūе“ во ūриказнаūа на Херодоū. – Еден или два фронūа?*

## Зошто Скитија?

За периодот од 518/7 год. ст.е., кога почнува да се развива приказната за големата европска авантура на Персијците, состојбата со изворните податоци е мошне неповолна. Откако ќе ни раскаже за патувањето на Демокед, Херодот ќе го спомне Силосон и убавата наметка што му ја подарил на Дареј, а веднаш потоа ќе се префрли на бунтот во Бабилонија.[1] И тој, но и Ктесија и Јустин, се враќаат на главниот тек на настаните дури во предвечерјето на Скитскиот поход.

● *Приказниūе на Херодоū и на Кūесија.* – За да биде неволјата поголема, Херодот се задржува врз причините за персиското навлегување кон Запад на само две места – на крајот од третата, и на почетокот од четвртата книга:

> ... поучена од Демокед (*scil.* Атоса), кога била в постела со Дареј, му рекла вака: „Кралу, иако имаш толкава моќ, си седиш; ниту покоруваш некој народ, ниту ја шириш персиската држава. [...] А тој вака ѝ вратил: „Жено, ти кажа сè што и самиот јас имав намера да го направам. Имено, донесов решение да направам мост од ова копно до другото и да завојувам против Скитите. И тоа ќе биде завршено за кусо време.“ Тогаш Атоса ова му го рекла: „Гледај ваму; остави го тоа и не

[1] Hdt. 3.150-159; *cf.* Iust. 1.10.15-22.

> оди прво против Скитите. Та, нив ќе ги имаш кога ќе посакаш. Туку ти завојувај ми против Хелада. Имам желба, бидејќи имам слушано за таа земја, Лаконки да ми станат слугинки и Аргејки, и Атичанки и Коринќанки“.[2]
>
> По заземањето на Бабилон, бил походот против Скитите под лична команда на Дареј. [...] На Дареја му се посакало да им се одмазди на Скитите, зашто тие први почнале да прават неправди со тоа што навлегле во Медија и ги победиле во битка оние што им се спротивставувале. Скитите владееле со Горна Азија, како што кажав и порано, цели дваесет и осум години.[3]

Очигледно е дека податоците што можат да се извлечат од тука не само што се скудни и неврзани, туку звучат и мошне сомнително. Ваквата состојба со податоците убаво покажува зошто сè уште се водат опсежни расправии не само *зошто* и *како*, туку и *кога* Персијците решиле да продолжат со ширењето кон Запад.[4]

Хронологијата на настаните по последните податоци од Бехистунскиот натпис сè уште не е расчистена со сигурност. Сè уште се спори за почетокот на походот во Египет, а долго време било така и со почетокот на Скитскиот поход; сепак, во поново време е прифатено мислењето дека походот почнал околу 513 год. ст.е.,[5] значи во време што отприлика се поклопува со походот што Персијците го воделе во Либија.

За жал, во врска со причините и непосредните поводи за походот, таква усогласеност нема. Античката историографска традиција не ни дозволува да проникнеме во мотивите за овој голем воен

---

[2] Hdt. 3.134. Преводите од Херодот се на Д. Чадиковска, *Херодотова историја*, Зумпрес 1998.

[3] Hdt. 4.1.

[4] *V.* Briant, 1996: 154 sqq., со детална анализа на проблемите со изворите и со список на најважната постара литература.

[5] *V.* Briant, 1996: 154, 931, со приказ на дискусијата и постарата литература; со ова се согласува и Brosius, 2006: 22; *cf.* Burn, 1984: 128, n.4. *Contra* Dandamaev, 1989: 148 кој, без дискусија, се решава за 516 год. ст.е., иако потоа дозволува временски распон од 516 до 512 год. ст.е. Дандамаев веројатно ја следи извонредно опширната анализа и дискусија на Balcer, 1972 кој, врз основа на повеќе подоцнежни документи, го става почетокот на Скитскиот поход во 519 год. ст.е.; но, Балсер тргнува од претпоставката дека имало само еден, а не два персиски походи против Скитите (*v.* подолу), а освен тоа, ако се прифати ваквата претпоставка, излегува дека Дареј ги почнал подготовките за минување во Европа додека завршувал со задушувањето на бунтот во Елам во летото 520 год. ст.е., што дури и за Дареј би било премногу амбициозно (и географски неповрзано). Како и да е, во 1988 Балсер веќе ја прифаќа 513 год. ст.е.: *v.* Balcer, 1988: 6-8.

потфат, кој драстично ќе ја смени воено-политичката и економската состојба во целиот Егејски басен. Како што видовме погоре, историографот од Халикарнас тврди дека Дареј сакал да преземе одмаздннички поход против Скитите, зашто нивниот упад од Горна Азија претходно ја урнал превласта на Медите во Иран.[6] Поучена од Демокед, Атоса се обидела да го премисли и да го насочи против Хелада; но, иако Херодот ѝ припишува значително политичко влијание на кралицата, се чини дека таа не успеала да го премисли Дареј: во крајна линија, првата насока на кралот, по минувањето преку Босфор, сепак ќе биде Истар, а не Хелада.

Всушност, веројатно нема потреба за подлабока анализа на овие извадоци од Херодот. Навистина, неговата цел на ова место е да го објасни походот од 513 ст.е. – но неговата претпоставена публика не сме ние, туку неговите хеленски (пред сѐ атински) современици. Херодот е Хелен кој пишува за Хелени, и тоа за еден клучен настан од историјата на Хелените, па затоа и не треба да нѐ изненади што, за него, речиси сите настани што им претходат на Грчко-персиските војни се во причинско-последична врска со нив, и само со нив. За Херодот, и воените дејствија во Скитија се дел од поширокиот кадар на војните што ги опишува, па макар и да треба да ги објасни со помош на триаголник од драмски ликови (Демокед, Атоса и Дареј) и со интимен разговор на двајца сопружници. Затоа, не е ни чудо што сите современи историчари, без исклучок, ги отфрлаат објаснувањата на Херодот како плод на историографска фикција.[7]

Но, право е да се каже дека ова е полесниот дел од задачата. Ако се оставаат настрана носталгијата на Демокед и суетата на кралицата Атоса, тешко е да се најде здраворазумско објаснување за поход со толкави размери, и тоа кон далечната европска Скитија. Пред сѐ, ова е така зашто нашиот клучен и основен извор му пристапува на предметот на сопственото истражување на неверојатно површен начин. Очигледно е дека Херодот е позаинтересиран да ги опише различните скитски племиња и нивните обичаи, отколку да ја постави на здрави нозе приказната за Дареј и Скитите. Откако накусо ќе не запознае со основните определници на случувањата, Херодот

[6] Врз основа на античката традиција, се претпоставува дека ова се случило околу 653 год. ст.е., а како предводник на Скитите се спомнува некој Медиј (најверојатно Madya).

[7] Причина повеќе за тоа е и силниот впечаток дека општата атмосфера во оваа епизода многу потсетува на „Персијците“ на Ајсхил. Ова го има и на други места, на пример кај речиси апокалиптичниот опис на повлекувањето на Ксеркс (Hdt. 7.115, 7.117), кој потсетува на стиховите 480-515 од „Персијците“.

повторно ќе се впушти во една од неговите омилени дигресии;[8] во продолжение ќе ѝ посвети повеќе глави на Либија, а нишка што го поврзува целиот текст ќе стане расправата за границите и изгледот на познатиот свет.[9] Кај Дареј нѐ враќа дури во 83. глава, откако најпрвин ќе ни каже многу нешта за обичаите на Скитите.



*Персијци се борат против Скити. Цилиндричен печат од сокровиштето на Оксос, V век ст.е.*

Освен приказните на Херодот за суетата и одмаздата,[10] располагаме со само уште едно сведоштво за ова прашање, и тоа во текстот на Ктесија, кој не им е особено омилен на историчарите.[11] Од она што може да се прочита таму, изгледа дека на Скитскиот поход му претходела претходна нетрпеливост и судир меѓу Персијците и европските Скити; се спомнува еден помал потфат на заповедникот Ариамнес, во тоа време сатрап на Кападокија, како и една лута преписка меѓу Дареј I и скитскиот крал Скитарб. Но, тука се јавува еден друг методолошки проблем.

Ако епизодата со Ариамнес и неговиот судир со Скитите се прифати како повод за Скитскиот поход, иако станува збор за нешто што воопшто не може да се провери – тогаш истото би морало да се дозволи и во врска со наводните авантури на Демокед. Како што стојат работите, никој не ни помислува дека бегството на Демокед и маките на неговите персиски придружници би можеле да дадат повод за каква и да е војна, а најмалку за Грчко-персиската; во тој случај, таква можност не би требало да се дозволи ниту за Ариамнес. Освен тоа, во овој извадок е јасно кажано дека Ариамнес го започнал походот по заповед на Дареј, кој му порачал да го преплови Понт со педесет пентеконтери, да навлезе во Скитија и да

[8] Hdt. 4.1-40.

[9] Hdt. 4.36-47.

[10] Желбата за одмазда е речиси пословична кај Херодот; таа е најчеста движечка сила и инспирација за крупни политички збиднувања. На пример, таа ги придвижува Персијците против Атина (5.105, 7.8), а има важно место и во епизодите за Нитокрида (2.100), Псаметих (2.151), Феретима (4.202), Хермотим (8.105) и уште многу други.

[11] *FGrH* 3c 688, fr.13, l.79. Општ приказ за Ктесија како историограф на Грчко-персиските војни дава Bigwood, 1978.

зароби што е можно повеќе луѓе; така што, ако нешто воопшто ги врзува епизодите со Демокед и со Ариамнес, тоа поскоро ќе биде фактот што и двете епизоди веројатно се некаков одглас не на поводите, туку на логистиката и подготовките за големиот поход. Како што Демокед требало да им ги покаже бреговите на Хелада на своите персиски сопатници, така и Ариамнес требало да му обезбеди на Големиот Крал што е можно повеќе информатори за Скитија. И навистина, ова во целост се сложува со податокот дека еден од најважните информатори на Дареј станал братот на скитскиот крал, заробен токму при нападот на Ариамнес.[12]

● *Нерешливата загатка на причините и поводите.* – Од сево ова е очигледно, дека за причините и целите што го довеле Дареј во Скитија сè уште може да се дискутира. Всушност, токму ова е едно од нерешените прашања, за кои во историската наука постојано се расправа, а решението сè уште не се назира. На оваа тема е кажано толку многу, што во моментов се чини дека е повозможно, попрегледно и поконструктивно да се каже што не било цел на Дареј, и што не одговара како објаснување за Скитскиот поход, одошто да се даваат сè нови и нови хипотези, чија што прифатливост нема да биде поголема од онаа на претходните – а со претходните хипотези, прашањето воопшто не се доближи до решение. И, како што направивме со Дареј, Атоса, Демокед и Ариамнес, да видиме кои други претпоставки може слободно да се отфрлат.





*лево: Saka Tigraχauda, приказ на релјеф во Персепол; десно: Saka paradraya, приказ на златна ваза од сокровиште во Украина (според* FARROKH, *2007)*

[12] Треба да се спомене дека има и друга традиција, забележана кај Јустин, Оросиј и Јорданес, а според која скитскиот крал не сакал да му ја даде ќерка си на Дареј; тешко е да се поверува дека овој податок има каква и да е историска вредност.

Прва на удар е претпоставката дека навистина станува збор за одмаздднички поход против Скитите. Таквата претпоставка не само што е на методолошко ниво на античките објаснувања, туку е нелогична и, згора на тоа, хеленоцентрична. Прва нејасна работа во врска со неа, е тоа што одмаздничките дејствија против Скитите не се водат во Азија, туку е нужно да се навлегува низ непозната и непријателска територија од Босфор до устието на Истар. Херодот тврди дека се нападнати истите Скити, кои престојувале во Медија дваесет и осум години,[13] но јасно е дека целото активно воено население на европските Скити не можело да отсуствува три децении од дома; судирот со Медија бил дело на нивните азиски истоименици. Проблемот е во тоа што Херодот, навистина, умее да направи бледа разлика меѓу Скити-номади и Скити-земјоделци – но сите тие за него се, едноставно, Скити; хеленоцентричноста се крие во обидот да им се припише вакво незнаење и на Персијците.

Што кажуваат персиските податоци? Како што може да се види од безмалку сите зачувани кралски натписи, Персијците прават јасна разлика меѓу Saka Haumavarga („вистински“ Скити, источно од ден. Аралско море), Saka Tigraχauda (т.н. „Ортокорибанти“ / Масагети(?), на северниот брег на Каспиското и Аралското море) и Saka Paradraya („прекуморски“, европски Скити). Ако Дареј сакал да ги нападне Saka Tigraχauda, кои најверојатно биле виновни за неволјите на Медија, тогаш сигурно немало да се збуни дотаму, што ќе започне голем и скап поход против Saka Paradraya. Тие немале ништо со непријателствата од VII век ст.е.; а впрочем, дури и да не бил сигурен, тоа можел лесно да го дознае од информаторите што наводно му ги донел Ариамнес. Освен тоа, околу 519 год. ст.е. Дареј веќе војувал против Saka Tigraχauda во степите околу Каспиското море: го задушил нивното востание, го симнал од престолот непослушниот крал, го заменил со свој послушник и, најпосле, сето тоа го забележал во петтата колумна на Бехистунскиот натпис, згора на тоа и со ликовен приказ на овие Скити.[14] Ако воопшто имало причина за „одмазда“, тоа би бил бунтот на овие Скити, нешто што воопшто не ја засега Европа. Со нивното повторно покорување завршува целата фама во врска со нив, како што треба да завршат и приказните за нив како првична причина за Европскиот поход.[15]

---

[13] Hdt. 4.1.

[14] *DB* I 16, 17 (Kent 119), *DNa* 25, 26 (Kent 137), *DB* V, 20-30 (Kent 133); *contra* Balcer, 1972 (*v.* пог.). За детален приказ на овој поход, *v.* Dandamaev, 1989: 136-140.

[15] *Contra* Fol & Hammond, 1988: 236 sqq., кои воопшто не ги земаат предвид искуствата од овој судир и, дури, тврдат дека Дареј „бил збунет“ од тактиката на но-

Некои од другите искажани претпоставки се, на пример, дека за ова освојување не требало да има повод, зашто ширењето е природна тенденција на секоја империја;[16] дека Персијците сакале да обезбедат природна граница на северозапад, што можела да се брани;[17] дека требало да се освојат териториите околу брегот на Понт, богати со жито и суровини;[18] дека Персијците барале етничка граница, зашто постоечката граница минувала токму меѓу источните и западните Хелени;[19] дека им требало тракиското или скитското злато;[20] дека сакале да ги спречат Скитите да ја пљачкаат Тракија, која им била идната цел за освојување;[21] и уште многу други. Но, сите овие претпоставки се априорни и, колку и да се интересни, може да им се припише само теоретска вредност, зашто засега нема начин ниту да се докажат, ниту пак целосно да се отфрлат. Затоа, можеби е подобро да проследиме што сè се случувало до крајот на походот, па дури потоа да размислиме дали однесувањето на Персијците укажува на некаков логичен одговор.

---

мадската коњаница – иако Персијците војуваат против номади-коњаници во Средна Азија уште од времето на Кир II Велики (*v.* и подолу). Инаку, Скитите се спомнуваат меѓу бунтовниците уште на почетокот на Бехистунскиот натпис, и уште еднаш во последните редови, но се чини само како дополнување. Овие настани се спомнати само на верзијата на персиски јазик, а релјефот требало делумно да се препокрие со текст за да се направи место за опишување на овие, според сè, скорешни потфати. Дискусија кај Cuyler Young, 1988: 64.

[16] Burn, 1984: 127; Cawkwell, 2005: 49. Но, *cf.* Tuplin, 2008: 11, според кого означувањето на нешто како „природно“ и „нормално“ не го ослободува авторот од обврската да ја протолкува и да ја објасни појавата.

[17] Burn, 1984: 128; со него донекаде се согласува и Briant, 1996: 156; Bury & Meiggs, 1978: 152. Grundy, 1901: 44 тврди дека северозападната граница на кралството била најмалку обезбедена, што го натерало Дареј на поход; но, тие територии во 514 год. ст.е. сè уште не биле северозападна граница. Напротив, пред походот во Европа, границите биле природни – Понт, Пропонтида и Егејското море.

[18] Врз оваа претпоставка се темели целиот приказ на В. И. Холмогоров, *Stara Grčka*, Sarajevo 1959, 178-179, иако во ниту еден извор не е забележано дека на Персиското кралство некогаш воопшто му недостасувале жито и суровини.

[19] Burn, 1984: 128, иако и тој признава дека вакво нешто можеби би било потребно дури по Јонското востание. Од друга страна, Grundy, 1901: 45 зборува дека персиската граница одела меѓу „пријателски народи што се познавале и соработувале“, што ја правело неодржлива.

[20] За тракиско злато зборува Bury, 1897; за скитско, Balcer, 1972, иако не кажуваат на кои точно наоѓалишта се мисли, ниту пак докажуваат дека Персија имала фискална потреба од ова злато. Според сè, нивните идеи се инспирирани од непрестајните коментари на Херодот за скитското и тракиското злато; *v.* на пример Hdt. 4.5.2; 4.5.3; 4.7.1; 4.7.2; 4.10.1; 4.13.1; 4.26.2; 4.27; 4.65.1; 4.71.4.

[21] Dandamaev, 1989: 148.

## Почетокот на големата авантура

Според Херодот, Дареј уште претходно заповедал да се почне со огромни подготовки. Праќал гласници насекаде низ неговото кралство, па од едни барал копнена војска, од други – бродови, а од трети – да помогнат да се најде начин за да се премости Босфор.[22] Логистиката веќе била подготвена; кусо време пред да го почне походот против Скитите, неколку стратешки важни точки близу до јонскиот брег веќе биле под персиска контрола. Испратен со војска во Мала Азија, во 517 год. ст.е. Отан го зазел островот Самос и го урнал од власта Мајандриј, секретарот на Поликрат, со што завршила самостојната поморска доминација на островјаните;[23] веднаш потоа, Лезбос и Хиос доброволно ја прифатиле персиската власт.[24] Што се однесува до непосредното соседство, сè било спремно за големиот премин. Во мигот кога тргнал кон запад, Дареј можел да смета на севкупните сили на Хелените од Мала Азија. Херодот ги набројува поименично градовите од Хелеспонт и Пропонтида (Абид, Лампсак, Парион, Проконес, Кизик, Бизантиј), од Јонија (Хиос, Самос, Фокаја, Милет) и од Ајолида (Кима).[25]

● *Персијците во Европа.* – Персиските одреди минале во Европа преку понтонскиот мост, што Мандрокле од Самос го изградил преку најтесниот дел од Босфор.[26] Мандрокле навистина направил чудесен градителски подвиг. Понтонскиот мост се состоел од двеста бродови, кои биле врзани еден за друг и служеле како основа за газиштето и колникот; врз нив имало дрвена конструкција што, на прв поглед, изгледала како сосем обичен широк мост, и преку која војската можела да чекори како да се наоѓа на суво.[27] Дареј го овеко-

---

[22] Hdt. 4.83.

[23] Hdt. 3.139-149. Ова е потврдено со т.н. „Список на поморски сили“ на Диодор, зачуван кај Евсебиј (ed. Schoene, I, 225), иако датата на едно место е 517 ст.е. (*loc. cit.*), а на друго – 513 ст.е. (*Canones*, ed. Schoene, II, 98). За анализа на односите со поединечни Хелени во контекстот на новата политика на Дареј, *v.* Austin, 1990: 12 sqq.

[24] Детален приказ на персиските освојувања на островите крај малоазискиот брег има кај Bury & Meiggs, 1978: 146-151; Burn, 1984, 127-130; како и цело поглавје кај Cawkwell, 2005: 30-45. *Cf.* Cuyler Young, 1988.

[25] Ним подоцна ќе им се придружи и атињанецот Милтијад, во својство на господар и тиранин на Хелеспонт (4.137).

[26] Polyb. 4.43.2.

[27] Големината на потфатот на Мандрокле е уште поголема, ако се земе предвид дека понтонскиот мост бил долг приближно еден километар, а бил поставен на

вечил минувањето преку Босфор поставајќи две бели камени стели, на кои имало натпис со клинесто и хеленско писмо.[28] Така, персиската копнена војска се префрлила во Европа.

Откако минал преку Босфор, Дареј имал две алтернативи: без оглед каде сакал да стаса, тој можел да напредува долж брегот и да ја користи флотата за снабдување на војската, или пак да оди по два раздвоени патни правци – со копнената војска во внатрешноста, а флотата пратена однапред до некоја договорена точка на среќавање. Херодот ни соопштува што им било заповедано на поморските одреди од Јонија,[29] но не кажува што требало да прави другиот, веројатно поголем дел од флотата; може да се претпостави дека на сите други им било заповедано да пловат до устието на Истар и да се подготвуваат за понатамошно напредување. Како и да е, тој со војската не продолжил долж брегот, туку низ внатрешноста, што може да биде интересно. Ако неговата единствена (или барем првична) цел била Скитија, би му било многу полесно и побрзо да напредува по крајбрежјето, во непосредната заднина (или низ) хеленските колонии и емпориони – чии матици веќе главно биле под персиска власт.[30] Вака, се чини дека минувањето низ Тракија и контактот, сојузувањето или покорувањето на тракиските племиња било задача со приближно еднаква важност, како и навлегувањето во Скитија.[31]

---

место каде постојано дуваат силни ветришта; освен тоа, брзината на струјата на тоа место е над четири јазли (околу осум километри на час, или над два метри во секунда), што не претставува проблем за обична пловидба, но секако го отежнува точното позиционирање на бродовите, врзувањето и одржувањето права линија. Подетален опис кај Fol & Hammond, 1988: 235.

[28] Hdt. 4.87. Cuyler Young (1988: 67) цени дека „асирските“ знаци за кои зборува Херодот веројатно биле арамејски. Сепак, комбинација на персиски клинопис и хеленско писмо воопшто не е невозможна, ако се суди според стелите од Суец, каде напоредно се комбинираат персиски клинопис и хиероглифско писмо. Причина за поставањето свечени натписи веројатно не е (или не е само) тоа што почнувал еден нов поход; минувањето од еден на друг континент имало религиозно значење, зашто се мислело дека водите што ги разделувале двата континенти – водите на Танаис, Понт, Босфор и Хелеспонт – се свети.

[29] Hdt. 4.89.

[30] Растојанието од Бисантиј до делтата на Истар по овој патен правец изнесува 775 километри, приближно колку и растојанието од Бисантиј до тесалска Лариса. За истиов проблем зборува и Tuplin, 2008: 5 sqq.

[31] *Pace* Fol & Hammond (1988: 236), како и Cawkwell (2005: 50), кои ценат дека Тракија дефинитивно била првична цел, а Скитија или понатамошна, продолжителна цел, или пак *folie de grandeur* на Дареј; *cf.* Bury, 1897: 278. Ова воопшто не е невозможно; сепак, скудноста на изворните податоци (како за Скитија, така и за напредувањето низ внатрешноста на Тракија) не дозволува да се даваат де-

Дареј напредувал низ Тракија сè до изворот на реката Теар,[32] каде се улогорил и мирувал три дена; таму поставил и столб со натпис, со што го овековечил своето доаѓање.[33] Персијците релативно брзо стасале во сливот на Хеброс (ден. Марица), најголемата река во средна Тракија, а потоа се префрлиле на нејзиниот западен брег и навлегле во долината на Артеск, населена од тракиските Одриси. Херодот вели дека тука Персијците запреле по вторпат. Фол и Хамонд тврдат дека со ова Дареј воспоставил контрола над главниот трговски правец кој одел од Егејското море до рамнините во средишна Тракија,[34] како и врз патиштата што од таму оделе кон Понт. Ова би било сосема можно, ако овие трговски правци биле контролирани низ целата должина – за што, пак, би требало да се остави голем дел од војската во заднината, распоредена долж целиот патен правец. Навистина, кај Херодот има податок, според кој Дареј пратил дел од силите кон југ, за да воспостават контрола над Дориск, кој би бил јужен завршеток на овој трговски правец;[35] сепак, се чини дека походот против Скитите, форсирањето на флотата кон устието на Дунав и подалеку, навлегувањето и/или покорувањето на Тракија до Истар и воспоставањето контрола над трговскиот правец Дориск-средишна Тракија-Понт се премногу амбициозни намери за само една бојна сезона. Ако се има на ум дека, веднаш по враќањето од Скитија, Дареј се повлекол назад во Азија, а тежиштето на операциите било префрлено многу појужно, тешко е да се поверува дека сево ова било замислено (а секако било невозможно да се изведе) само во 513 год. ст.е. Секако дека персиското навлегување и првичните операции на Персијците во Тракија давале таква можност, а

---

финитивни квалификации од ваков вид. Ако се сумира севкупноста на тоа што е постигнато до 509 год. ст.е., би можеле еднакво (не)основано да спекулираме дека првичната цел била тракомакедонското крајбрежје. Errington, 1990: 9, пак, цени дека Дареј оставил војска во Европа за воопшто да има некаква полза од неговиот скап потфат во Европа, што е преголемо упростување на нештата.

[32] За лоцирањето на Теар сè уште се расправа; станува збор за притока на Ангариј (ден. Ергене), која пак е притока на Хебар (ден. Марица). Според сè, ова место не можело да биде многу далеку од патот што од Бисантиј оди директно кон север, што може да значи и дека Дареј не навлегол многу длабоко во внатрешноста; *cf.* Grundy, 1901: 51.

[33] Hdt. 4.89 sqq.; Fol & Hammond (1988: 237) ценат дека поставувањето на овој натпис сведочи дека Дареј имал намера трајно да ја освои Тракија, но за ова, колку и да се чини веројатно, сепак не може да се спекулира само врз основа на еден податок. За натписот, *v. loc. cit.*, со преглед на литературата.

[34] Fol & Hammond, 1988: во основа *passim*, зашто оваа претпоставка е подлога за нивната анализа на настаните.

[35] Hdt. 7.59.1.

мошне е веројатно дека тоа, барем за кусо време, подоцна навистина било постигнато, но за тоа сепак биле потребни повеќе последователни дејствија.

Како и да е, племињата по течението на Хеброс му се покориле на Дареј, а истото го сториле и сите Тракијци што живееле источно од патот на неговата војска.[36] Првото племе што било покорено со сила биле Гетите, кои живееле меѓу планината Хајмос и Истар, а кои наводно биле казнети зашто одбиле да дадат војска.[37] Следната станица на Дареј бил мостот преку Истар.

Како што им било заповедано, поморските одреди на Јонците чекале на Истар, каде бил изграден уште еден мост, веројатно малку подалеку од делтата на реката. Хелените биле оставени да го чуваат мостот, а Персијците се префрлиле преку реката, во пустите степи. Војската навлегла длабоко во степите, но Скитите не прифаќале директен судир: тие ги затрупувале бунарите, палеле сè што растело на земјата и се повлекувале. По двомесечно патешествие низ Скитија, оставен без храна и вода, Дареј немал друг избор освен да заповеда повлекување. Така, според Херодот, Персијците претрпеле пораз, а нивниот поход завршил со целосен неуспех.[38]

● *Повторно за причините и поводите.* – Дури сега, откако видовме на кој начин Персијците дошле до Скитија и што им се случило таму, можеме да обрнеме внимание на неколку детали, што ќе ни овозможи да одиме малку подлабоко од априорните претпоставки за кои расправавме погоре.

Прв детал што заслужува внимание е односот на Персијците кон претпоставената северозападна граница на „идните освојувања“. Ако една од целите била да се обезбеди северозападната граница на кралството од непријателски напади, Персијците кај Херодот не изгледаат многу оптоварени од тоа; напротив, се чини дека се повлекуваат речиси рамнодушно, без да ја исполнат задачата. Тие не решаваат да се повлечат на брегот на Дунав, ниту пак да оставаат барем неколку постојани одреди или стражи, кои би можеле да ја набљудуваат состојбата од другата страна. Понатаму, колку што знаеме од изворите, Персијците не решаваат да склучат сојузништво или да побараат помош од хеленските населеници на Понт, ниту пак да освојат некоја населба што би им послужила како зимско

[36] Hdt. 4.93.

[37] Hdt. 4.96.

[38] Целата приказна е кај Херодот (4.122-136); тука нема потреба да се задржуваме на деталите од Скитскиот поход.

престојувалиште или како база за понатамошни дејствија, можеби веќе идната бојна сезона. Необична е и тактиката со која Персијците ја водат целата работа. Според Херодот, Дареј ја остава јонската флота да чека близу устието на Дунав цели два месеци, што никако не се согласува со традиционалниот персиски начин на војување: во сериозни и важни потфати, копнената војска и флотата се движеле паралелно, поради логистичка поддршка и преземање усогласени напади.[39] Најпосле, ако навистина претрпеле таков неуспех, Персијците на Херодот не би пропуштиле прилика повторно да ги израмнат сметките. Но, ниту кај Херодот, ниту пак во кој и да е друг зачуван извор не се спомнува ниту некој последователен, ниту пак планиран иден поход против европските Скити.

Како што рековме погоре, ваквата состојба со изворите не ни дозволува да кажеме кои се макар и можните причини за походот во Скитија; но, она што можеме да го направиме, е да ги отфрлиме оние што се очигледно невозможни. Во таа смисла, иако е затскриен зад драмскиот манир на Херодот – начинот на кој Дареј решил да се повлече и, воопшто, севкупниот подоцнежен однос на Персиската држава кон териториите околу Истар, воопшто не укажуваат дека станувало збор за суштинска задача, независно од тоа дали требало да се освои Скитија, или пак само да се казнат Скитите. Од сето ова единствено може да се заклучи дека Персијците немале намера да минат подолго време во Скитија, и дека нивните цели ниту биле од суштинска важност, ниту пак многу територијално оддалечени.[40] Најпосле, Дејнон сведочи дека за персиските кралеви реката Истар била крајна граница на нивната превласт;[41] според персиската идеална слика за кралството, сѐ што се наоѓало на југ од Истар се сфаќало како територија под власта на кралот, а земјите од другата

---

[39] Настрана фактот што ниту еден сериозен заповедник не би си ја пресекол свесно линијата на снабдување токму пред да навлезе на непозната територија. Grundy, 1901: 52 цени дека целта на епизода со мостот и, воопшто, со јонската флота е да се отслика карактерот на тираните од хеленските полиси во Мала Азија, како начин да се пофали однесувањето на Милтијад. *V.* и Cawkwell, 2005: 48, кој цени дека извор на податоците за „екскурзијата“ на Јонците на Истар е апологијата на Милтијад пред Атињаните во 493 год. ст.е.; ова е, всушност, теза на Wade-Gery (1958: 165).

[40] Во прилог на ова зборуваат и тврдењата на Ктесија (*Pers.*, fr. 17.) – дека Дареј не се оддалечил повеќе од 15 дена пат од реката Истар, како и на Страбон (7.305) – дека никогаш воопшто и не стасал до Тирас (ден. Дњестар). Bury, 1897: 280 го зема бездејствието на флотата како доказ дека Дареј, ако воопшто минал преку Истар, воопшто не стасал подалеку од Пората (ден. Прут) – што е мошне логично.

[41] E. Schwartz, „Dinon“, *PWRE* V/1, 1903, col. 654; *cf.* Plut. *Alex.* 36.4.

страна – вклучително и Скитија – биле занемарени, како земји што воопшто не ѝ припаѓаат на ојкуменатa.[42]

Поради сè, ценам дека походот во Скитија, кој и онака е проблематичен, не може и не треба да се разгледува одделно, како самостојна операција. Засега е невозможно да се најде здраворазумско објаснување за мотивот или за персиската тактика на војување; но, ако не сакаме тоа да ни се случи и при разгледувањето на последиците од него, тогаш треба да го согледаме исклучиво во пошироките рамки на вкупните персиски воени дејствија во Европа, кои не биле ни приближно завршени.

## Походот продолжува

Нема начин да утврдиме колкав дел од рамнината меѓу Родопите и Хајмос бил освоен во бојната сезона од 513/2 ст.е. – како што не може да се каже ниту до кој степен биле трајни новите освојувања. Во секој случај, откако веќе покорил неколку тракиски племиња на патот кон реката Истар, Дареј се повлекол во Сарди, а на неговиот заповедник Мегабаѕ му ја препуштил задачата „да ги покори сите градови и сите племиња во Тракија".[43] Според сè, Мегабаѕ ја испол-

[42] На натписот *Dna* во Накш-и-Рустам, Saka Paradraya се спомнуваат како еден од народите што биле покорени од кралот. Cuyler Young (1988: 70) ова го сфаќа како сведоштво дека во Скитија можеби останал некаков облик на персиска власт дури и откако Дареј се повлекол, што е апсолутно неодржливо. Настрана тоа што за ова нема никакви аргументи ниту во пишаните извори, ниту од археолошките ископувања – тука станува збор за прикажување на идеализирана империјална слика, мошне препознатлива политичка пропаганда, чии корени потекнуваат уште од асирско време, а што е извонредно добро објаснето кај Briant, 1996. На ова ќе се осврнеме и во следните поглавја.

[43] Hdt. 4.143; 5.2.2. Но, треба да се има предвид што сè подразбира Херодот со поимот „Тракија". Во следната реченица, Херодот ја дефинира Тракија како „земја со најмногу население од сите други, освен Индија". Тој зборува за територијата од реката Истар (4.49.) на север до брегот на Егејското море на југ, и од Босфор на исток до реката Аксиј на запад (Крестонците се токму на исток од реката, 5.32). Ова е, во главни црти, класичната дефиниција на географскиот поим „Тракија" во антиката (беспоговорно прифатена и од некои современи автори, на пример Китов & Агре 2002: 15), но е особено проблематична во поглед на етничката и културната припадност на племињата на оваа територија. Уште повеќе, Херодот ја споредува територијата на која дејствува Мегабаѕ со големите, ненаселени пусти степи преку Дунав (6.44.1), што никако не одговара на целата територија опфатена со неговото разграничување. Овој проблем ќе го разгледаме подетално подолу.

нил задачата без поголеми тешкотии.[44] Најпрвин се справил со градовите на Хелеспонт што сѐ уште не им се предале на Персијците,[45] а потоа го освоил и Перинт, кој безуспешно пружал отпор.[46] Откако завршил со Перинт, ја повел војската „низ Тракија“ и под власта на кралот го приклучил секое племе што живеело таму, вклучително т.н. parathalassia,[47] како и внатрешноста на западна Тракија.



*Теракотна глава на персиски благородник, Персепол*

Две години подоцна, и Мегабаѕ се вратил во Азија. Зад себе оставил состојба слична со онаа што ќе ја затекне Мардониј дваесетина години подоцна: сите племиња источно „од Македонците“ (или од македонското кралство; во секој случај – сите племиња источно од Аксиј) барем номинално станале персиски поданици.[48] Силата на персиското оружје се почувствувала не само на Хелеспонт и во Тракија, туку и сѐ до плодниот и богат басен на реката Стримон. Откако успеале да ги стават под контрола најважните стратешки точки на тракомакедонското крајбрежје, Персијците распоределе силни воени стражи и посади. Единствени племиња што веројатно дале успешен отпор (а не се спомнати ниту во силите на Ксеркс, при походот од 480/79 ст.е.) биле Пајонците населени околу планината Пангај, Доберите, Агријаните и Одомантите, кои живееле главно во долината на Стримон, на север од Рупелската клисура.[49]

Без оглед дали станува збор за потфат што траел една, две или дури три последователни бојни сезони, успешните воени дејствија на Мегабаѕ значеле дека новите територии се доволно обезбедени, па Дареј можел да замине од Сарди и да се повлече на исток. Заповедништвото над крајбрежните сили му било дадено на војсководецот Отан,[50] кој успеал да ги освои „клучевите на Босфор“ – Би-

[44] Детален приказ на настаните кај Cuyler Young, 1988: 67-70; Fol & Hammond, 1988: 245 sqq.; Borza, 1990: 100-105; Briant, 1996: 156 sqq.
[45] Hdt. 4.144.
[46] Hdt. 5.1.
[47] Hdt. 5.9-5.10.
[48] Hdt. 6.44.1.
[49] Hdt. 5.16.
[50] Hdt. 5.25.

ѕантиј и Халкедон, потоа Антандар во Троада, како и островите Лемнос и Имброс,[51] со што биле заокружени граничното обезбедување и логистичката поддршка на новите територии.

Ако се земе предвид сè што било постигнато за безмалку три години по персиското префрлање преку Босфор, станува повеќе од јасно дека коментарите на Херодот за успесите и неуспесите на Персијците во Европа можат да се отфрлат како површни, па затоа и неважни. Без оглед на техничкото прашање – дали „паднал“ макар еден, или дури ниеден хеленски полис или пак град во Хелада (а полисите што ја почувствувале новата воено-политичка реалност биле многу повеќе од еден) – тешко дека некој ќе најде изговор, за да каже дека исходот од европската експедиција на Дареј бил негативен. Без оглед дали Тракија била главна цел на Дареј или не, што е невозможно да се утврди, во 509 год ст.е., голем дел од неа бил покорен од војската на Ахајменидите, а слободата што ја уживале некои други територии била, најблаго речено, формална и номинална.

## Неколку (за)поставени проблеми

Читателот лесно ќе забележи дека во овој „канонски“ приказ на случувањата од 513 до 509 год. ст.е. ги нема Македонија и македонското кралство; тоа е така, зашто темата на трудов, како и неговите основни точки на интерес, бараат случувањата во и во врска со Македонија да се разгледаат подлабоко, во посебно поглавје. Ваквото „засекување“ во историскиот наратив има логично оправдување, а со ова (строго техничко, а не смисловно) одделување, приказот на персиските потфати воопшто нема да се наруши. Напротив, на главните актери, на идејните определници и на последиците од македонска гледна точка ќе им се обрне поголемо внимание, а истите овие нешта од персиска гледна точка ниту квалитативно ќе се сменат, ниту пак ќе отстапат од она што инаку го утврдивме за персиските дејствија во Европа. За Македонија и македонското кралство, значи, ќе стане збор малку подоцна; но, пред да се поместиме кон запад, треба да се задржиме на неколку проблеми кои сè уште не се решени на задоволителен начин, и кои сведочат дека вообичаените, сумарни прикази на овие настани сè уште почиваат врз прилично нејасна основа.

[51] Hdt. 5.27.

● *За бројноста, видот и природата на персиската воена сила.* – Во теорија, податоците за составот, бројноста и начинот на дејствување на персиската војска при нејзиното прво појавување во Европа би требало да бидат од непроценливо значење. Кога веќе ја разгледуваме персиската војска на територија и во време за кое има зачувани наративни извори, би очекувале овие наративни податоци да послужат како подлога за споредба и проверка на сè што знаеме за персиските воени дејствија во Азија, но и како основа за анализа на нејзиното второ грандиозно појавување во Европа, во 480 год. ст.е.

За жал, тоа е така само на теоретско рамниште. Во пракса, факт е дека податоците што ги добиваме од Херодот и Ктесија, како и од нивните подоцнежни „препишувачи", схолијасти и епитоматори не само што не ги објаснуваат работите, туку внесуваат уше поголема забуна. За ова има неколку причини. Прво и основно, иако токму успешното војување и военото освојување се темел и основа за персиската превласт во Азија, во сите тие приказни многу малку ја гледаме војската. Коментарите на настаните (било во хрониките, било во историографијата) постојано имаат социолошка и културолошка боја: „историски скандалозниот" пад на Нинива, речиси семејниот конфликт на Медите со Персите, „спасувањето" на Бабилон од лошиот Набу-наид, религиозните искри меѓу Камбис и египетското свештенство, па најпосле и судирот на Хелените и барбарите. Официјалните натписи се поставени за да го слават освојувањето и освојувачот, а не војската; онаму, пак, каде што е набројана и војската, тешко може да се различи дали бројките имаат пропагандна и парадна улога, или се реален одраз на нештата.

Но, да ги оставиме приказите и толкувањата, и да обрнеме внимание на чистите факти. Ако се служиме со сведоштвата на Херодот, тогаш може да ни се случи да останеме без никаков референтен систем. Имено, тој не само што не дава никакви опредметени податоци за персиската војска – ниту во 513 ст.е. со Дареј, ниту веднаш потоа со Мегабаѕ и Отан – туку не дава ниту основа за споредба, зашто е сомнителен и голем дел од неговите податоци за настаните во 480/79 ст.е.; значи, не можеме да ги најдеме „грешките" во врска 513 год. ст.е. ако ги споредуваме со други „грешки" од 480/79 год. ст.е.[52] Клучната епизода за овој проблем, пребројувањето во Дориск,

[52] Особено ако се земе предвид склоноста на Херодот да оперира со енормно големи бројки. Како илустрација, во врска со скитскиот поход, тој зборува за фантастични 700.000 луѓе и 600 пловила (4.87). *Cf.* Dandamaev, 1989: 148.

во последно време е оспорена барем од половината современи истражувачи на антиката, и поскоро се толкува како идеолошки приказ на Херодот (и тоа инспириран од империјалната пропаганда на Ахајменидите) одошто како вистинска епизода. Најпосле, споредбата со подоцнежно време – со Персија во времето на походот на Александар III – би имала логика само ако може да се претпостави дека Персија во IV век ст.е. е систем што функционира слично, да не речеме истоветно, со Персија во VI/V век ст.е, и тоа не само на планот на империјалната идеологија, туку и на воено-политичките управни структури, со еднаква кохезија на сатрапиите и, најпосле, со еднакво политички ориентирани и способни владетели. А тоа е нешто што, веројатно, е невозможно да се утврди.

Значи, остануваат само податоците со кои располагаме, и кои мора да ги разгледуваме без дијахрон контекст. Херодот (и другите извори) не даваат никакви податоци за поделбата на персиската војска по родови и видови, освен вообичаената проста поделба на пешадија, коњаница и морнарица. Настрана што не знаеме како персиската војска навистина била поделена и како функционирала – што е извонредно важно за логистиката на секој, па и на овој поход – веднаш паѓаат во очи огромните бројки со кои по правило оперираат историографите,[53] што сега пак го наметнува и прашањето за начинот на регрутирање на персиската војска.

Податоците од изворите, на прв поглед, покажуваат дека во персиските походи – како во 513, така и во 480 – учествувале одреди од сите народи и области што ја признавале власта на Големиот Крал. Но, во случајот на 513 ст.е., ова е спомнато во контекст на стелите што Дареј ги поставил при минувањето преку Босфор. Дали може со сигурност да се тврди дека, при еден церемонијален чин, Дареј ќе остави реален запис и пресметка за сите што го минале Босфор со него? Секако не. Ако се земат предвид другите епиграфски споменици на големите кралеви, како и специфичната грандиозност и сакралната важност на моментот, здраворазумското размислување претполага дека Големиот Крал оставил запис за себеси, како водач на толку и толку покорени владетели и земји; значи, станува збор не за реална пресметка, туку за церемонијален запис, кој треба да ја отслика големината на Кралот и на неговиот потфат.

Но, дури и ако не се земе предвид ова согледување, зашто во основа е исто толку голема спекулација како и спротивното гледиш-

[53] На пример, Ктесија (fr. 16, *cf.* Iust. 2.5) тврди дека Дареј само преку Истар загубил 80.000 луѓе.

те, сепак е многу опасно и, во основа, методолошки погрешно да се спекулира за мултиетничка или, дури, за панетничка војска. Таква војска имаме во 480/79 год. ст.е., па сепак, од секоја операција на Персијците станува јасно дека нивната војска има една „активна" и една „пасивна" компонента. Логистички е невозможно во секоја операција да учествува севкупниот состав на војската, па сепак, многу е симптоматично што во секоја барем малку важна операција активната компонента ја сочинуваат сè едни исти одреди – главно Саки, Бактријци, Меди и Персијци, со неколку различни дополнувања, соодветно на приликата. Ако тоа е така, и ако пасивната компонента на војската служи како мамец, обезбедување, проверка на лојалноста на некое племе или на локален владетел, или најпосле едноставно за пропаганда и „парада" – тогаш прашањето дали војската била претежно „иранска", мултиетничка или панетничка нема никаква тежина и важност, и единствено нешто што треба да се разгледа е големината и ефективноста на нејзината активна компонента.

За жал, тежината на оваа задача ја надминува севкупноста на изворните податоци, кои треба да послужат како основа за да се разреши. На некој начин, единствената компонента на експедициската војска што е недвосмислено и постојано посведочена на многу места е хеленската флота,[54] чија пак воена улога тука е ограничена на правење и чување мостови. Логистичките проблеми – како исхраната на војската, која на пример е добро посведочена во походот на Ксеркс – тука воопшто не се спомнуваат сè дури Дареј не се префрли преку Дунав, па и тогаш само во последната фаза на походот. Во походот по тракомакедонското крајбрежје што го извршил Мегаbaѕ, нема никакво навестување за поморска компонента, иако подоцнежните протести на Мегабаѕ во врска со давањето на Миркин на Хистијај[55] во извесна мера укажуваат дека Персијците се свесни за потребата од дрво за брогоградба.

Би било убаво да се знаат точните податоци за персиската војска во периодот од 513 до 509 год. ст.е., зашто би ни дале подлога да размислуваме за персиските мотиви и крајните цели во овој потфат. Но, ако нешто може да се види од претходните страници, тогаш

---

[54] Бројката од 600 бродови е несомнено претерана, ако се земе предвид податокот дека, во битката кај Лада во 494 год. ст.е., Јонија за сопствена одбрана успеала да собере одвај околу 350 пловила (*cf.* Hdt. 6.11-16); сепак, Херодот барем дава податоци за имињата на заповедниците на полисните и островските контингенти.

[55] Hdt. 5.22, *cf.* 5.8.



*Воениот совет на Дареј, прикажан на т.н. „Ваза на Дареј“; непознат сликар од Апулија, IV век ст.е.*

тоа е фактот дека единствените технички и логистички податоци што ги имаме за првото персиско навлегување во Европа се збунувачки, недоследни и, во крајна линија, апсолутно недоволни за да се извлечат соодветни заклучоци. За жал, врз основа на големината и силата на персиската војска не може да се каже дали овој поход (или барем неговата „скитска“ епизода) биле пропаганда и парада, дали станувало збор за помала операција со цел да се заштити северниот егејски басен и задницата на освоените територии во Јонија, или пак станувало збор за голем потфат со кој требало да се обезбеди нова сатрапија на запад. Ова прашање сѐ уште останува отворено.

● *Колкаво и какво освојување?* – Погоре ја начнавме темата за епиграфските споменици на персиските кралеви и веродостојноста што може да се очекува од нив. Без оглед дали станува збор за одглас на минати настани, за полагање историско право на европските територии сѐ до Истар, или пак едноставно за империјална идеологија и пропаганда – во врска со времето и проблематиката што ја разработуваме тука, во овие натписи се тврди дека во Европа, а особено во Тракија, била заведена цврста персиска власт. Дури и на подоцнежните споменици, неколкупати се спомнува овој дел од територијата на Балканскиот полуостров, кој кај Персијците го носи името Скудра. И, ако досега го обвинувавме Херодот дека начинот на кој ги прикажува и толкува настаните е безмалку скандалозно површен, сега ќе мора да признаеме дека еднакво скандалозно е и искривувањето на вистината, што го бележиме од персиска страна.

Проблемот е во следново. Од текстот на Херодот недвосмислено произлегува дека на крајбрежјето, во одредена мера, било спроведено систематско освојување; по „македонскиот логос“,[56] може да се види дека после дејствијата на Мегабаѕ пристигнал уште еден Персиец, по име Бубарес, што навестува зацврстување на новопоставената власт или контрола. Хекатај раскажува за еден „персиски град“ по име Бориѕа,[57] кој се наоѓал меѓу Салмидес и Аполонија, а Дејнон ги спомнува[58] водите на Истар како крајна граница што ја признавале кралевите на Персија. Но, освен овие неколку податоци, нема сигурен начин да се посведочи каква била природата на освојувањето, дали била воспоставена цврста воено-политичка, или пак

[56] Hdt. 5.18-22, но и *passim* во логосите од петтата глава.

[57] Ael. Her. 1.31, *cf.* Steph. Byz., *s.v.*; *FGrH* 1, fr. 166. *V.* Hansen & Nielsen, 2004: 891, 931.

[58] *apud* Plut. *Alex.* 36.

само логистичка контрола, дали освојувањето било доволно темелно за да подразбере и приклучување на новите територии, или не. Но, тоа ќе го разгледаме детално во следното поглавје. Овде само треба патемно да се забележи дека немаме доволно материјал да претпоставиме дека внатрешноста на Тракија воопшто била под цврста контрола (како што може да се очекува ако се поведеме по теоријата за европска сатрапија); дури, нема ниту доволно докази дека Понтскиот брег, до устието на реката Истар, бил држен најмалку толку цврсто како Егејскиот. Една од причините за ваквиот недостиг од сведоштва секако е, ако не хеленоцентризмот, тогаш барем „егеоцентризмот“ на нашите извори. Секако дека е можно во долината на Хебар да имало систематско освојување околу 513 год. ст.е., како што е сосема можно подоцна да имало некакво „преосвојување“ или засилување на военото присуство, со цел да се нагласи, или дури да се обнови персиската контрола на териториите долж средното и долното течение на Хебар.[59] На историчарите не им се туѓи постулатите изградени врз податоци што не можат да се проверат; сепак, во овој случај, податоците се едноставно премалку на број.

Една од причините поради кои ова прашање тешко ќе се расчисти во догледно време, е состојбата со материјалните наоди во внатрешноста на Тракија, кои би требало да бидат главно дополнување на наративните податоци, а од кои сепак може да се искористи многу малку. Инвентарот на златни и сребрени садови со „ахајменидско“ потекло или влијание несомнено е одраз на присуството на Ахајменидите – но, прашање е колку тие може да се искористат за постулати во врска со периодот од 515 до 465 год. ст.е., зашто по правило се подоцнежни од овој период. Освен тоа, местата од кои потекнуваат овие археолошки наоди главно се наоѓаат далеку од областите низ кои Персијците веројатно минале и ги контролирале.[60] Според сè, за да се фрли светло врз ова прашање, веројатно е потребна подлабока анализа на односите со племињата вон т.н. „империјален круг“, која по дефиниција би била прилично несигурна – а од друга страна, тешко дека односите со таквите племиња би биле претставени од Големиот Крал на официјален документ, со што повторно сме на почетокот.

---

[59] Дека ваквиот развој на настаните не е неверојатен, сведочи нарацијата на Херодот (особено 7.815), каде списокот на европските сили на Ксеркс почнува со Тракија, а завршува – сосем кршејќи го географскиот ред – со „оние што го населуваат тракискиот брег“. Но ова е само едно навестување, во никој случај доволно за да се извлекуваат заклучоци.

[60] *V*. Tuplin, 2008: 14, со дискусија за другите материјални и не-хеленски извори.

Работите да бидат уште потешки, најголемиот дел од тракискиот археолошки материјал од сите категории потекнува од места длабоко во внатрешноста. И додека за внатрешноста можеме да се послужиме со аргументи ex silentio за или против персиското присуство и контролата на срцето на Тракија (на пример, ако ја имало, дали траела доволно долго за да се почувствува и да се покаже) – се чини дека за понтското крајбрежје не може да се каже дури ни толку. На пример, археолошките наоди не ни помагаат да утврдиме дали Калатис и Месембрија биле основани пред 513/2 год. ст.е.[61] Ако биле – тогаш фактот што бегалците од Бисантиј и Халкедон во 493 ценеле дека Месембрија е безбедна закрила, подразбира губење на наводната персиска контрола на понтскиот брег за време на Јонското востание. Како што ќе видиме, можно е истото да се случило и на тракомакедонското крајбрежје; но, таму барем имаме податоци дека Мардониј ја обновил персиската власт на југ, а немаме никаков податок дека некој тоа го сторил и на понтскиот брег.

Патот за спекулации од оваа точка е мошне широк. Може да се спекулира дека Персијците ја промениле политиката и се повлекле од понтското крајбрежје, префрлајќи го тежиштето на интересот кон југ; од друга страна, може да се тврди и дека хеленските извори, „егеоцентрични“ какви што се, не покажувале постојан интерес за настаните на брегот на Понт, па има можност таквото свесно напуштање воопшто да не се случило. Во секој случај, како што стојат работите во моментов, прашањето за персиското присуство во средишна Тракија и на понтското крајбрежје по првиот персиски поход во Европа е исто толку нејасно (и засега нерешливо), колку и прашањето за големината и бројноста на персиската војска. А при сите овие историографски неволји, тука се и „дупките“ во приказната на Херодот.

• *„Дупките“ во приказната на Херодот.* – Неколку места во приказот на Херодот звучат издржано во рамките на неговиот текст, но ако се стават во контекст и на другите (малубројни) извори, работите се усложнуваат. Да го земеме за пример текстот на „Персијците“ од Ајсхил. И таму е спомнат „неуспешниот“ напад на Дареј врз Хелада; доста рано е спомната дури и битката кај Маратон, а државата на Дареј ги вклучува сите територии што би ги очекувале, како и места на копното околу Хелеспонт, Пропонтида и Босфор.[62] Но, од друга страна, Ајсхил инсистира дека Дареј цело време останал исто-

[61] За Калатис, *v.* ps.-Scymn. 760-763; за Месембрија, *cf.* Hdt. 4.93.

[62] Aesch. *Pers.* 869-870.

чно од реката Халис, дека освојувањата ги почнале и ги завршиле нему подредени заповедници, а премостувањето на морето е означено како лудост. Како што гледаме, атинскиот трагедиограф претпоставува свет во кој личната експедиција на Дареј преку некаков мост никогаш не се случила, иако ги прифаќа дејствијата на Мегабаѕ на тракомакедонското крајбрежје и на Отан во Пропонтида. Македонија ја нема речиси никаде, исто како и експедицијата на Мардониј. Сепак, она што ни го кажува Ајсхил можеби е знак на постперсиски ревизионизам во врска со односите меѓу Македонија и Ксеркс и, соодветно, меѓу Македонија и Атина – што во 472 ст.е. веќе може да се прифати.



*Атички киликс од 520-510 год. ст.е., дело на сликарот Пасеја, со натпис „Милтијад е убав“*

Но, има уште неколку места што заслужуваат внимание. На пример, во изворите нема никаков непосреден доказ за каква и да е активност во врска со Скитите по експедицијата на Дареј. Од друга страна, кај Херодот го имаме привременото бркање на Милтијад од Скитите кусо време по походот или кон почетокот на V век ст.е.;[63] понатаму, тука се не сосем трезните разговори на Клеомен со Скитите, кои тврделе дека ќе ја нападнат Персија;[64] а не смее да се заборави ниту тврдењето на Страбон[65] дека Дареј свесно палел градови во Троада за да ги оневозможи Скитите да се пробијат во Анадолија. Да бидеме искрени, првите две приказни се врзани за ликови што и без тоа се контроверзни, и кои му даваат можност на Херодот да развие безброј логоси, па затоа можеби и не треба да се сфатат премногу сериозно.[66]

[63] Hdt. 6.40.

[64] Hdt. 6.84.

[65] Strab. 7.3-4.

[66] *Contra* CAWKWELL, 2005: 48, кој верува дека Милтијад навистина бил нападнат од Скитите, и тоа „мошне веројатно во 496 год. ст.е.“. Но, ова се темели врз опширни емендации, дополнувања и замена на зборови во текстот на Херодот, што само по себе изгледа сомнително и недоволно за да се прифати со сигурност. Дискусија за пасусот на Херодот, со список на стручната литература, кај CAWKWELL, 2005: 54.

Но, она што го пишува Страбон е интересно. Имено, во текстот на Херодот, Дареј се враќа во Анатолија не преку Босфор, туку (навидум логично и попрактично) преку Сестос и Абидос. Откако Дареј ќе замине, прва цел на Мегабаѕ е Перинт, по што ќе се упати кон запад. Малку подоцна, неговиот наследник Отан ќе ги освои Бизантиј и Халкедон. Како што изгледа, „палењата" за кои зборува Страбон може да се реминисценција на заземањето на Лампонеј и Антандрос од Отан.[67] Но, зошто би имало потреба да се палат градови во Троада, на азиска почва, при што е мошне неверојатно дека причина биле Скитите? Ова отвора нови проблеми во врска со дејствијата на Персијците околу Босфор и во Пропонтида, и тоа не само во врска со хронологијата, туку и во врска со општата безбедносна состојба, темпото на дејствијата и мотивацијата за персиските потези.

● *Еден или два фронта?* – Ако се земе предвид дека Перинт лежи близу надворешната линија на патниот правец на Дареј, и под претпоставка дека Дареј го избегнал Босфор зашто бил соочен со бунт во Бизантиј или во Халкедон – тогаш треба да им се остави време на освоените да кренат бунт. Ова може да се случи само ако походот на Мегабаѕ се помести наназад во хронологијата на настаните, и ако се дозволи дека тој ги освоил најмалку Перинт и останатиот дел од Хелеспонт, а можеби и други цели во Тракија и на крајбрежјето, во исто време додека Дареј напредувал кон запад и кон север. Во тој случај, Мегабаѕ би бил заменет од Отан веднаш штом Дареј се вратил во источна Тракија. Отан оттука можел да продолжи со (пре)освојувањето на Бизантиј и на Халкедон, како и со освојувањето на Имброс и, особено, Лемнос, чии жители наводно кренале оружје против војската на Дареј, која очекувала безбедно враќање.[68]

Дека во Халкедон имало немири, произлегува и од фрагментите на Ктесија. Во неговата верзија, Дареј се префрлил назад преку Босфор, а куќите и храмовите во Халкедон биле запалени зашто граѓаните сакале да му го урнат мостот, а уништиле и еден жртвеник на Ѕевс Диабатериј, што Дареј претходно го поставил при доаѓањето.[69] Во оваа ситуација, важно е тоа што, според верзијата на Кте-

[67] Hdt. 5.26. *Cf.* HANSEN & NIELSEN, 2004: 1004, 1011 и *s.v.*

[68] *V.* опширната анализа на хронологијата на овој дел од дејствијата кај BALCER, 1972: 116, sqq.

[69] Дел од истата античка традиција е податокот кај Полиајн (7.11.5) дека Дареј го освоил Халкедон со опсада. *Cf.* CAWKWELL, 2005: 47, кој дозволува дека единствена веројатна епизода со уривање на кој и да е мост е токму епизодата со Халкедон, а дека епизодата со јонските тирани и мостот преку Истар е идеолошка измислица на Херодот, инспирирана од настаните кај Халкедон; за ова стана збор и погоре. *V.* и TUPLIN, 2008: 3.

сија, неслогата и бунтот се кренале речиси веднаш по минувањето на Dареј во Европа. Ако се прифати ревизија од ваков карактер и на текстот на Херодот, тогаш настаните и нивниот редослед ќе бидат речиси истоветни со она што го раскажува Ктесија, а што речиси секогаш априорно го отфрламе – дека преминувањето на Dареј во Европа ни оддалеку не течело мазно и без проблеми, дека локалното население во Троада имало причина, можност и сила за бунт, и дека, додека Dареј бил во Скитија, некој секако морал да дејствува на крајбрежјето. Всушност, во тој случај би се поклопило сè, освен името на Персиецот што го задушил бунтот.[70]

Но, нашиот првичен интерес не е дали некој во Троада кренал бунт против Dареј, или не; поскоро, нè интересира дали е издржана хипотезата дека походот на Мегабаѕ на крајбрежјето и походот на Dареј во Скитија се два претходно планирани, паралелни и истовремени походи. Со оваа хипотеза, за која неофицијално се зборува сè повеќе, се отвора уште една можност – дека персискиот напад во Европа имал две координирани насоки на движење, една кон север и северозапад, а друга кон запад. Но, таа може да биде критикувана на неколку места и по неколку основи.

Прво, со оваа хипотеза ќе се измести и онака неверојатната приказна за „депортирањето“ на Пајонците,[71] која бара Dареј да е во Сарди додека Мегабаѕ е во Тракија; но, ова и не е голем проблем, зашто денес малкумина веруваат во издржаноста и веродостојноста на оваа епизода. Од друга страна, тоа што Dареј се враќа преку Сестос не мора нужно да значи дека имал итна причина да оди на Херсонес, туку дека го одбрал најкусиот природен пат кон Анатолија, наместо беспотребно да кружи преку Босфор. Третиот проблем е што персиското присуство во Дориск, инаку добро посведочено,[72] во принцип можело да биде воспоставено и на почетокот, но и на крајот на операциите. Најпосле, ако ја занемариме наводната „катастрофа“ на Dареј преку Истар, треба да најдеме друга причина за избивањето на бунт на двете страни од Босфор – која, се разбира, не

---

[70] Се чини дека и Hansen & Nielsen (2004: 979) размислуваат слично – особено што, од богатата библиографија, одделуваат место за претпоставката на Лукопулу дека секако станува збор за заднински бунт, со кој се искомпликувале персиските потфати во Европа; *v.* Loukopoulou, 1989: 88-92. *Cf.* Tuplin, 2008: 2.

[71] Според Проева, 1997: 103-104, приказната е реминисценција на делумното преселување на Пајонците од Европа во Мала Азија во текот на индоевропската миграција; *cf.* и традицијата спомната кај Херодот (5.13) дека Пајонците воделе потекло од тројанските Теукри.

[72] Hdt. 7.159.

можеме да ја најдеме во изворните податоци. Најпосле, ако таков бунт навистина имало, прашање е дали Дареј би си дозволил да ги остави и Перинт и брегот на Хелеспонт, и да оди да го премостува Истар, без оглед на спекулативното присуство на Мегабаѕ во задницата.[73]

Како што може да се види, има аргументи и за, и против претпоставката за две паралелни персиски дејствија во Европа; но, право е да се каже дека и едните, и другите почиваат врз толку недокажани спекулации, што меѓусебно се побиваат и засега не смеат да имаат посериозен одраз врз логосот на Херодот. Уште повеќе, без воопшто да навлегуваме во манипулативните склоности и историографските „гревови“ на Ктесија – треба се запрашаме дали неговите податоци, преполни со алтернативни верзии и паралелни традиции, воопшто имаат доволна независност и тежина, за поради нив да го преправаме Херодот. Ако нешто е сигурно, тоа е дека и приказот на Ктесија, и приказот на Херодот се во основа неточни, но засега не знаеме ниту кого, ниту како да го поправаме. Затоа е можеби најприфатливо да се држиме до канонската верзија на настаните, и да го проследиме понатамошното персиско придвижување кон запад.

[73] *Contra* Grundy, 1901: 71, кој е убеден дека Дареј можел слободно да го остави задушувањето на овие бунтови за подоцна, зашто овие полиси биле премногу слаби за да му наштетат на каков и да е начин. Авторот очигледно не го зема предвид можниот прекин на комуникациите и линиите за снабдување.

# IV
# МАКЕДОНСКИТЕ ПЛЕМИЊА ВО ПЕРСИСКИОТ ОБРАЧ

Првиот контакт со Македонија. – *Пајонциѿе кај Херодоѿ.* – *Црѿички за „исчезнувањеѿо“ на Пајонциѿе.* – *Друīиѿе ӣлемиња.* – *За монеѿиѿе и монеѿоковањеѿо.* – *Сведување на ӣодаѿоциѿе.* – Fabula ad monitum reducitur. – *Лоīосоѿ за моќѿа и неīовиоѿ īлавен акѿер.* – *Шѿо ни кажува вешѿаѿа Пајонка?* – *За друīиѿе Пајонци.* – *Наравоучениеѿо на Херодоѿ.* – Пред портите на Аргеадите.

## Првиот контакт со Македонија

Без оглед на сите недоречености и проблеми во изворните податоци, на Персијците не може да им се одрече барем тоа, дека освојувањата на Дареј и на неговите заповедници во Пропонтида, во Тракија и на крајбрежјето драстично ја промениле воено-политичката состојба во целиот северен егејски басен. Ова е особено важно за нас, зашто според сѐ, токму во оваа прилика Персијците за првпат навлегле на територијата на географска Македонија и воспоставиле први контакти со кралството на Аргеадите.

● *Пајонциѿе кај Херодоѿ.* – Херодот им посветува на Пајонците неколку глави на почетокот од петтата книга, кои обично се нарекуваат „пајонски логос“. Овој логос е поделен на три помали целини – епизодата со вештата Пајонка и нејзините браќа, епизодата со освојувањето на пајонската земја, и (понатаму во текстот) епизодата за враќањето на Пајонците во нивната татковина. Индиректно, со настаните на тракомакедонското крајбрежје е поврзана и епизодата во која тиранинот Хистијај се обидува да го утврди Миркин. Во продолжение, ќе се задржиме врз клучните изворни податоци кои го творат „пајонскиот логос“.

Во уводот на петтата глава, Херодот спомнува неколку цртички од претходната историја на Пајонците и нивната борба против Перинтјаните, а потоа нѐ префрла на азиска почва и ја раскажу-

ва епизодата за Пајонците Пигрет и Мантија, кои се обидуваат на мошне лукав начин да воспостават тиранида над Пајонците:[1]

> [...] Си биле некои Пајонци Пигрет и Мантија кои, сакајќи да станат тирани на Пајонците, по враќањето на Дареј во Азија дошле во Сарди, а со себе ја довеле и својата сестра која била стасита и убава. Тие издемнале можност [...] ја дотерале сестра си колку што можеле поубаво и ја пратиле да налее вода. Таа бардакот го носела на глава, со себе водела коњ што ѝ бил врзан за раката, а така одејќи, предела лен. Кога девојката поминувала, го привлекла вниманието на Дареј, зашто тоа што таа го правела не можело да се види ниту кај Персијците, ниту кај Лидијците, ниту каде и да е во Азија. [...] Кога Дареј прашал од каде е девојката, момчињата рекле дека се Пајонци и дека таа е нивна сестра. Дареј натаму прашувал кои се тие Пајонци, каде им е земјата и по каква работа тие се дојдени во Сарди. Тие рекле дека се дојдени за да му се предадат нему, дека Пајонија се наоѓа на реката Стримон, а Стримон тече недалеку од Хелеспонт; тие, пак, биле потомци на Тевкрите, отселени од Троја. Момчињата сето тоа го кажале, а кралот прашал дали сите тамошни жени се така работливи. Пајонците ревносно одговориле дека тоа е така. [...]

Приказната продолжува со втората епизода, во која Дареј не решава онака како што очекувале Пигрет и Мантија, туку заповеда Пајонците да бидат покорени и депортирани на азиска почва, задача што е исполнета од Мегабас:[2]

> Потоа Дареј му пишува писмо на Мегабаза кого го имал оставено за заповедник на војската во Тракија. Во писмото му заповедал да ги крене Пајонците од нивните краишта и да ги доведе кај него; и нив, и децата, и нивните жени [...] Овој, штом го прочитал, зел водачи од Тракија и тргнал со војската во Пајонија. [...] Незабележани од Пајонците, [Персијците] упаднале во нивните градови што биле останати без мажи [...] и лесно ги освоиле. [...] Така Сиропајонците, Пајоплите и другите Пајонци сѐ до езерото Прасијада биле истерани од своите предели и биле одведени во Азија. [...] Оние, пак, што живееле околу планината Пангај - Доберите, Агријаните, Одомантите, како и оние што живееле на самото езеро Пра-

---

[1] Hdt. 5.12-13.

[2] Hdt. 5.14-16.

> сијада, воопшто не биле покорени од Мегабаѕ. [...] А оние Пајонци, значи, што биле покорени, биле одведени во Азија.

Епизодата во која Пајонците се враќаат во нивната татковина се датира во времето на Јонското востание. Таа структурално не е дел од „пајонскиот логос“, но сепак е дел од целата оваа приказна, а го заслужува нашето внимание зашто во неа Пајонците релативно лесно ќе се вратат во Пајонија – со што се поништува нивното преселување, кое како воопшто да не се случило:[3]

> Аристагора [...] испратил во Фригија свој човек кај Пајонците. [...] Кога гласникот дошол кај Пајонците, вака им рекол: [...] „Сега цела Јонија се крена против кралот, и вам ви се укажува можност да се спасите и да се вратите во вашата земја. Сами треба да смислите како ќе втасате до морето, а потоа сè друго е наша грижа.“ Кога го слушнале тоа, Пајонците се израдувале и, земајќи си ги жените и децата, избегале на морето. Имало, вистина, и такви што се исплашиле и останале таму. Пајонците излегле на море, а оттаму се префрлиле на Хиос. [...] Потоа Хијците ги префрлиле од Хиос на Лезбос, а Лезбјаните ги превезле во Дориск. Оттаму пешки втасале во Пајонија.

Како што рековме погоре, со „пајонскиот логос“ е посредно врзана и епизодата со Хистијај, која ни ги покажува одликите на местото што Херодот го одбрал за сцена на случувањата:[4]

> Мегабаѕ, пак, водејќи ги Пајонците, втасал на Хелеспонт, а оттаму се префрлил на другиот брег и втасал во Сарди. Во тоа време Милеќанецот Хистијај почнал да го гради градот на местото што го побарал и го добил на дар од Дареја како плата за зачуваниот мост. Местото, чие име било Миркин, се наоѓало кај реката Стримон. Кога Мегабаѕ разбрал што прави Хистијај, штом отишол во Сарди водејќи ги со себе Пајонците, му рекол на Дареја: „Кралу, каква работа си направил? Си му дал на опасен и умен маж, Хелен, да основе град во Тракија, каде што има и шума, изобилство материјал за градење на бродови, многу дрвја добри за весла, и рудници на сребро. Таму живеат големо множество Хелени и многу варвари кои, ако си најдат водач, ќе го прават и дење и ноќе тоа што тој ќе им заповеда. Туку ти тој човек сопри го во таа ра-

[3] Hdt. 5.98.

[4] Hdt. 5.23.

бота за да не ти се случи да бидеш притиснат со војна во својата земја. Кротко повикај го да дојде кај тебе и спречи го. А кога ќе ти падне в раце, направи тој човек веќе никогаш да не втаса кај Хелените“.

Ова, со мали скратувања, е корпусот на изворни податоци со кои располагаме, а што се однесуваат на првото навлегување на персиската војска во областите населени со македонски племиња. Сосем е јасно дека, само врз основа на неколку глави кај Херодот, не може да се даде точен и издржан приказ на настаните; во стручната литература, пак, овој дел од персиските дејствија во Европа или се прикажува онака како што ни е претставен од Херодот, без понатамошни обиди за анализа и реконструкција на настаните,[5] или пак се збогатува со археолошки и нумизматички податоци, како и со паралели од други извори, со цел да се фрли малку повеќе светлина на настаните. Она што е сосем јасно, е дека е невозможно текстот на Херодот верно да ја претставува историската реалност; значи, за да видиме што во неговите зборови е издржано, а што не е, треба да навлеземе подлабоко и во неговиот текст, и во општиот кадар на настаните од тоа време.

● *Цртички за „исчезнувањето“ на Пајонците.* – Проблематиката на навлегувањето на персиската војска на територијата на македонските племиња од крајбрежјето е начелно обработена од Хамонд и Грифит.[6] Тие ги набројуваат и ги комбинираат сите податоци од Херодот и од подоцнежните извори, но она што може да се претстави како сума на настаните, во основа, речиси воопшто не се разликува од податоците на Херодот. Се чини дека би било излишно да се повторуваат сите овие комбинации, зашто во последниве триесетина години нема нов наративен извор, или барем фрагмент, кој би фрлил нова светлина врз настаните. Па сепак, на ова треба да му се посвети извесно внимание, и тоа поради последователните ре-

[5] На пример, кај Bury (1912: 239) како и кај Bury & Meiggs (1978: 152) на овој проблем му се посветени само неколку редови; приказот на Burn, 1984, иако незначително подолг, главно се состои од прераскажување на текстот на Херодот; исто е и кај Dandamaev, 1989: 150; Errington, 1990: 9 им посветува на Пајонците една единствена реченица, во која констатира дека биле преселени во Азија. Hodlofsky, 1979, воопшто не се сомнева во приказната, која ја изложува во еден пасус, а Briant, 1996, 156-7 ги анализира севкупните случувања на крајбрежјето на неполни две страници. Cawkwell, 2005 воопшто не го спомнува „пајонскиот логос“, Пајонците ги спомнува во неколку патемни забелешки, а за настаните на крајбрежјето одвојува одвај една страна текст.

[6] Hammond & Griffith, 1979: 57-59.

конструкции на Хамонд и специфичниот начин на кој се обидува да ги „објасни“ настаните на тракомакедонското крајбрежје.

Но, пред тоа, мора да се спомне дека реконструкцијата на Хамонд, како и неговите емендации на текстот на Херодот, се засновани врз претпоставката дека сите племиња вон границите на кралството на Аргеадите (значи, во тоа време, сите племиња источно од Аксиј) влегуваат во пошироката група тракиски племиња. Токму зашто одбрал ваква појдовна точка, Хамонд е принуден да им пристапи, на пример, на Бисалтите и на Едонците на сосема ист начин како на племињата од внатрешноста на Тракија. Поради ваквата нормативна методологија, тој воспостава вештачка дихотомија меѓу Бисалтите, Едонците, Пајонците и кралството на Аргеадите, и ги разгледува племињата од крајбрежјето во референтен систем што воопшто не им е присушт. Персиските дејствија и решенија во внатрешноста на Тракија и персиските дејствија и решенија на тракомакедонското крајбрежје се два сосема различни модели на однесување – условени од различни географски одлики на теренот, од различни воено-политички собития, па најпосле и од различни економски законитости. Односите на Персија со Тракијците proprie dicti (вклучувајќи ги Одрисите, другите племиња во централна Тракија, па најпосле и Гетите) се едно нешто, а односите со племињата од крајбрежјето (без оглед на нивната етничка припадност) сосема друго. Ако се прифатат појдовните одредници на Хамонд, кои се водат по недокажани и непроверени етнички граници, се заматува сликата за персиското навлегување на крајбрежјето; затоа, во продолжение ќе се обидеме да разјасниме неколку нешта, што се однесуваат само на тракомакедонското крајбрежје, без да се осврнуваме на приликите и проблемите во Тракија, за кои накусо стана збор погоре.

Нема сомневање дека еден од највпечатливите настани во текот на персиското навлегување долж крајбрежјето е „депортирањето“ на Пајонците во Мала Азија.[7] Освен Хамонд и Фол, кои ја прифаќаат приказнава како утврден историски факт, [8] малкумина денес веруваат во она што го раскажува Херодот;[9] би рекле, со право, заш-

[7] Hdt. 5.12-13.

[8] Fol & Hammond (1988), 235 sqq.

[9] Или, подобро кажано, ги преземаат податоците на Херодот со речиси игнорантски став, зашто ниту ги толкуваат овие податоци, ниту пак се служат со нив како подлога за некаква реконструкција на настаните; *cf.* бел. 5. Само Demand, 1988 напоменува дека приказната за заминувањето и враќањето на Пајонците има

то во врска со ова наводно депортирање има низа проблеми и недоречености.

Да го оставиме настрана толкувањето на Херодот – дека Пајонците му оставиле толку силен впечаток на Дареј, што тој не можел, а да не посака да има такви поданици во Азија; ако Пајонците навистина биле (или наскоро станале) негови поданици, не е јасно зошто би му било важно каде се наоѓаат, особено што целата приказна за нивните одлики, како што ќе видиме наскоро, почива врз приказна-матрица, веќе искористена дури и од Херодот во истото дело. Во тој случај, се наметнува уште едно прашање: ако воопшто има трошка вистина во оваа приказна, и ако причината не е убавината, работливоста и вештината на Пајонците, тогаш зошто токму Пајонците, и само Пајонците, треба да се депортираат? За три, можеби и четири бојни сезони (од 513/2 до 510/9 год. ст.е.) Персијците сретнале и покориле повеќе народи и племиња, како и десетици градови и помали населби; ако воопшто пружиле отпор – за што немаме опредметени и сигурни податоци – Пајонците секако не биле единствените. Ако биле доволно силни за да претставуваат закана за Персијците,[10] како можело да се случи да бидат поразени и преселени за само еден дел од една бојна сезона – и, што е уште поважно, на кој начин преселувањето би ја обезбедило нивната идна послушност и лојалност? Од друга страна, ако биле доволно слаби за да бидат поразени и „депортирани“ за толку кусо време, тогаш е јасно дека тие и не претставувале толку сериозна закана, за да треба да се депортираат – исто како и другите племиња на крајбрежјето.[11] И така, ако продолжиме со обидите да бараме не само историска, туку и

истоветни мотиви и слична изведба – и затоа треба да се набљудува паралелно – со преселбата и половичното враќање на Фокајците (Hdt. 1.162-170), што повторно ја сведува на ниво на литературна вежба на тема „преселба и враќање“.

[10] Такво е, на пример, мислењето на How & Wells, 1989, *ad loc.*

[11] Хамонд на повеќе места (1979, 1988) ги претставува Пајонците како „leading power“, која наводно го попречувала ширењето на персиското кралство (веројатно по примерот на How & Wells, *q.v.*). Но, тоа би можело да се каже и за многу други племиња на истиот географски потег, на кои сепак не им се случило ништо до таа мера драматично. Тврдењето на Хамонд посредно имплицира (1) или дека целото население од Стримон до Аксиј се Пајонци, при што не би останало место за Едонците и за Бисалтите, или пак (2) дека Персијците уште од почеток биле животно заинтересирани за долината на Аксиј, за што нема никаква поткрепа ниту во изворните податоци, ниту пак во последователните настани. Но, за оваа теорија можеби и не треба толку да се расправа; станува збор за големо, речиси романтично преценување на Пајонците, а причините за тоа не се сосем јасни.

здраворазумска логика во оваа приказна, ќе навлеземе сè подлабоко во овој, или во некој сличен circulus vitiosus, од кој нема излегување.

Уште еден, но не и најмал проблем, е сведоштвото на Херодот дека во областите околу езерото Прасијада и планината Пангај, како и близу Доберите (крај долниот тек на реката Струмица) Агријаните (на север од Рупелската клисура) и Одомантите – и подоцна имало Пајонци. Тогаш, кои од сите тие Пајонци биле депортирани, и според кој критериум? Дали Херодот сака да ни соопшти дека имало силни и слаби, или лојални и нелојални Пајонци? Но, настрана иронијата, за да се падне во оваа стапица не треба многу; доволно е целото население источно од Стримон да го наречеме „Пајонци“, како што прави Херодот, и да ги засноваме нашите толкувања врз два и пол милениуми стари недоречености на еден антички историограф, како што прави Хамонд.

Поради сево ова, ценам дека е поправилно (и секако методолошки поиздржано) да се одбере страната на историчарите кои ја отфрлаат класичната приказна за преселувањето на Пајонците. Вистина е дека пајонската контрола во долна и средна Амфакситида траела заклучно со доаѓањето на Персијците; ако не веднаш, тогаш барем набргу по овие настани, кралството на Аргеадите успева да воспостави контрола над поранешните пајонски територии, а археолошките ископувања сведочат дека пајонските населби постепено згаснуваат.[12] Тоа, значи, не може да се одрече; но, треба да се дозволи и можноста за самоволно повлекување на една или повеќе поголеми пајонски групации кон север, долж течението на реката Аксиј. Со доаѓањето на Персијците, Пајонците се нашле меѓу два огна: од исток притиснати од Персијците, а од запад – од традиционалните „непријатели“, Аргеадите. Откако Персијците и Аргеадите нашле заеднички јазик, за што ќе стане збор малку подоцна, повлекувањето кон територии што не биле во интересната сфера ниту на едните, ниту на другите, било не само логична опција, туку и единствената опција што можела да им овозможи понатамошна политичка самостојност. Иако е невозможно со сигурност да се реконструираат сите непознаници во оваа равенка, ако веќе ја отфрламе приказната за депортирањето како плод на историографска фикција, единственото друго издржано решение е самоволното пајонско повлекување кон север.

[12] *V.* задолжително Проева, 1997: 105, со преглед на стручната литература и на резултатите од археолошките ископувања.



*Јужната страна на планината Пангај, поглед од Неаполис (ден. Кавала)*

● *Другите племиња.* – Што се однесува до другите племиња со македонска етничка припадност, би можело да се каже дека имаме две опции: или да прифатиме дека безмалку сите се нашле под персиска воена (и политичка) контрола, или пак да се ангажираме во низа конјектури, кои ќе нè однесат сè подалеку од вистината. Историчарите што пишуваат за новонастанатата состојба на тракомакедонското крајбрежје ретко се осмелуваат да се впуштат во понатамошна анализа, зашто тоа е невозможно поради три причини: прво, Херодот дава премногу малку и премногу неодредени податоци; второ, нема начин со сигурност да се определи каде завршувале Едонците, а каде, на пример, почнувале Бисалтите, за да може да се следи зголемувањето или намалувањето на нивната територија; и најпосле, не сме сигурни до каде и со колкав интензитет била воспоставена персиската контрола – дали станувало збор само за воено присуство и за активно набљудување, или пак Персијците имале поактивна улога во управувањето со териториите. И во овој случај, единствениот посериозен обид за реконструкција на настаните може да се прочита кај Хамонд,[13] па затоа накусо ќе се задржиме на него. Ќе испитаме колку овој обид за реконструкција може да се про-

[13] Hammond & Griffith, 1979: 55 sqq. Понатаму (57-58) се тврди дека Едонците и Бисалтите ја добиле оваа територија како награда за соработката во борбата против Пајонците, што нема реална подлога во ниту еден изворен податок, па според тоа не може ниту да се провери, ниту да се докаже.

вери, а со тоа ќе видиме и дали воопшто може да се спекулира за настаните од 512 до 509 год. ст.е. во толкави детали.

Значи, Хамонд тврди дека откако пајонските племиња ја загубиле Мигдонија, „Тракијците“[14] почнале да играат поактивна улога во настаните. За сметка на пајонското слабеење, Едонците, Мигдонците и Ситонците – меѓу кои „кралско племе“ (*sic*, без оглед што би можел да значи ваквиот израз) биле Едонците – се рашириле и ја презеле контролата над рудниците близу езерото Прасијада. Ова, наводно, е поткрепено со податокот дека, кога пратениците на Мегабаѕ тргнале да се сретнат со Аминта, рудниците биле на персиска територија. Дополнителни докази за ширењето и наводната доминација на овие „тракиски“ племиња меѓу Аксиј и Стримон се и преименувањето на реката Ехедор во Едон (според Хамонд, токму во ова време), како и стиховите на Ајсхил.[15]

Оваа теорија за зголемувањето и намалувањето на „племенските територии“ изгледа логично и, дури, привлечно, зашто навидум решава многу непознаници; па сепак, треба да се има на ум дека таа не може да се поткрепи со изворни податоци. Ние, едноставно, не можеме да знаеме дали Пангајските рудници биле на персиска, на едонска или на бисалтска територија, и тоа не само зашто немаме доволно податоци за да разграничиме една од друга племенска територија во тоа време, туку и затоа што не можеме да го дефинираме концептот на „племенска територија“ – како што веројатно не можеле точно да го дефинираат ниту локалните жители, особено кај сродни или блиски племенски групации под контрола на иста владетелска куќа. Ако сакаме да тврдиме дека рудниците биле под персиска *контрола*, тоа би било сосем очекувано и издржано; но, од друга страна, во тој случај ќе биде апсолутно неважно кое од племињата ја населувало таа територија.

Толку за првата конјектура, дека „тракиските“ Едонци, Мигдонци и Ситонци се рашириле за сметка на Пајонците. Втората кон-

[14] Конјектурите на Хамонд заслужуваат внимание, но бесполезно е во секоја можна прилика да се расправа и за неговото етничко определување на племињата и нивното разграничување. Затоа нема да ја коментираме неговата определба на Едонците, Бисалтите и сите други не-Пајонци како „Тракијци“ и, од друга страна, на сите племиња источно од нив како на Пајонци (каде лесно може да се препознае влијанието на How & Wells; *cf.*, на пример, нивниот коментар за 5.1., *ad loc.*). Тука ќе биде сосем доволно да се проследат претпоставените придвижувања на племињата, без да се навлегува во нивната етничка класификација.

[15] Aesch. *Pers.* 492 sqq.

јектура, пак, е интересна зашто директно ѝ противречи на првата. Врз основа на прилично општиот податок на Страбон – дека „Едонците и Бисалтите ја држеле територијата до Стримон“,[16] се спекулира дека Бисалтите нашле начин да обезбедат мир со Персија,[17] па во ова време се рашириле за сметка на Мигдонците (кои претходно или истовремено се рашириле за сметка на Пајонците), и тоа сѐ до Аргил на брегот на Стримон. Ако се земе предвид и вторава конјектура, тогаш Пангајските рудници во исто време им припаѓале и на Едонците и на Бисалтите, или пак сезонски се селеле во туѓи раце – или, што е најверојатно, нема начин да знаеме ниту ние, ниту нашите извори, а најмалку доцнежниот Страбон. Всушност, во целата оваа мешаница, најдобро е да се застане со податокот на Страбон и, барем засега, тука треба да заврши целата приказна. Немаме подлога за понатамошни спекулации, особено ако се има предвид дека Едонците и Бисалтите (а веројатно и Мигдонците) веројатно не можат да се третираат како засебни и јасно одделени племенски групи, различни и меѓу себе, и од сите други околу нив.

● *За монетите и монетоковањето.* – Персиското навлегување несомнено се одразило и врз локалното монетоковање на македонските племиња.[18] Племињата што имале пристап до златна и сребрена руда не само што почнале да коваат монети релативно рано, туку и извезувале скапоцени метали во облик на златни и сребрени прачки и тули, или во кој и да е друг облик на некован скапоцен метал.[19] Тешки монети на племињата од тракомакедонското крајбрежје се најдени во повеќе остави на Истокот – од Сирија, преку Јордан, па сѐ до денешен Авганистан, а сребрени прачки и монети од VI век ст.е. се најдени во Азија и Египет.[20] Ова не само што

[16] Strab. *Geogr.* 7, fr. 11.

[17] Можеби со наводната соработка против Пајонците, плод на конјектурна фикција; *cf.* бел. 13.

[18] Детален преглед на локалните монетоковања на тракомакедонското крајбрежје, придружен со илустрации, каталог и одбрана стручна литература, дава Драганов, 2002: 27-63.

[19] Тука би ги вброиле и тројниот статер на Атинтаните (тежок 30 грама) и истиот тип на монета на Дероните (тешка 41 грам), кои тешко може да се наречат вистински монети, а во секој случај биле еден облик на ковање метал за транспорт и извоз. Илустрации и анализа во CAH[2] 6, 427, врз основа на скиците кај Hammond, N. G. L. & Moon, W. G. (eds.), *Ancient greek art and iconography,* 1983, 246 (*non vidi*).

[20] *Cf.* Hammond & Griffith, 1979: 75 sqq., со список на литература. Се проценува дека првите монетоковања на тракомакедонското крајбрежје потекнуваат од околу 540 год. ст.е., што коинцидира со т.н. прва, или „А“ серија на монети; втората,

сведочи дека Персијците ја дозволувале и, дури, ја поттикнувале трговијата со скапоцени метали од ова подрачје, туку и дека, уште пред да навлезат на крајбрежјето, знаеле колку и каков метал може да се добие од рудниците во оваа област.

Доаѓањето на Персијците на тракомакедонското крајбрежје значело своевидно отежнување, ако не и крај на монетарната независност на племињата од крајбрежјето. Па сепак, впечатливо е тоа што нивното навлегување не се одразило врз сите племиња и градови подеднакво; некаде се забележува, зашто престанува независното локално монетоковање, а некаде пак воопшто не се забележува. Карактеристичен е примерот со полисот Ихна на десниот брег на Аксиј:[21] монетоковањето на Ихна запира околу 509 год. ст.е., а спротивно на ова, Едонците и натаму непречено коваат монети.[22]



*Статер на Ихна, почеток на V век ст.е.*

Како да се објасни прекинот на монетоковањето на Ихна, која веројатно се наоѓала вон непосредните меѓи на персиска контрола во 509 год. ст.е., а од друга страна да се оправдаковањето на Едонците, на територија контролирана од Персијците? Со исклучок

„Б“ серија на монети обично се датира околу 510 год.ст.е., а третата (засега премногу скорешна за нас) потекнува од 480 год. ст.е., и се врзува за првите ковања на Александар I Филхелен. Датирањето на првата серија монети е логично, зашто коинцидира со падот на Лидија и, отприлика, со времето кога Персија за првпат навлегува во Егејскиот басен и се отвора како пазар за монети и скапоцени метали. *V.* и дискусијата кај Драганов, 2002: 44-51.

[21] *V.* Hansen & Nielsen, 2004: 802.

[22] Но, Хамонд (1979: 77) ги означува како карактеристичен пример тројните статери на Ихна, прековани од едонските басилеи Лита и Гета. Ако се следат постулатите на Kraay, 1976: 139 sqq., ова е веројатно погрешен пример, зашто Лита и Гета би можеле да коваат и прековуваат дури околу 470 год. ст.е. – што е премногу доцна за да се илустрира состојбата во последната деценија на VI век ст.е.; *contra* Tačeva, 1992, за што ќе стане збор подоцна.

на Хамонд, се чини дека ниту еден историчар не посветува особено внимание на овој проблем и не дава објаснување што би одело подалеку од едноставниот опис на фактите; затоа, ќе мора поодблизу да ги разгледаме неговите претпоставки и објаснувања. Како што видовме и погоре, Хамонд обично се впушта во проблематични и сложени толкувања за македонските племиња во времето на првото појавување на Персијците; тука, неговите толкувања се уште попроблематични, зашто не можат да се изведат од ништо, освен од приближнотото датирање на монетарните наоди.[23]

Првото тврдење на Хамонд е дека, откако Персија ја уништила превласта на Пајонците, „тракиските“ Едонци успеале да ја прошират територијата сè до реката Аксиј, па дури и преку неа, сè до Ихна. Затоа, според него, веќе го нема градското монетоковање на Ихна – градот не можел да кова, зашто економската контрола во неговото соседство ја презеле Едонците.

Но ваквото објаснување, за жал, е неубедливо. Без оглед на фактот што немаме ниту доволно податоци во наративните извори, ниту пак точно датирани археолошки наоди со кои би го оправдале или би го побиле ваквото тврдење, против оваа претпоставка зборуваат и географијата, и здраворазумското набљудување на проблемот. Дури и ако Едонците навистина имале намера да ја прошират територијата под нивна контрола, не може да се објасни како би успеале – без претходна подготовка, за само една или две бојни сезони, и што е најважно, со персиско присуство во регионот – да се рашират од Едонија, преку Бисалтија, Крестонија, можеби и Мигдонија, и најпосле низ Амфакситида, за да стасаат до Ихна. Пред сè, не сум сигурен дека воопшто може да се дозволи вакво ширење на едно локално племе, токму во времето кога Персијците напредуваат и го чистат теренот пред себе. Освен тоа, по повлекувањето на Персијците во 479 год. ст.е., токму толкаво (и, дури, сразмерно помало) е територијалното проширување што му го припишуваме на Александар I. Иако зад себе има вистинска државна организација, Александар тешко може да ги држи териториите од Амфакситида до преминот Девет Патишта, поради што и брзо ќе ја повлече воената стража од Стримон; прашање е со какви политички и воени инструменти Едонците би биле способни да постигнат вакво проширување. Најпосле, наводното едонско ширење до Ихна би претполагало навлегување до работ на централната македонска рамнина – срцето на државата на Аргеадите. Со ова, Едонците директно би навлегле во

[23] *Cf.* HAMMOND & GRIFFITH, 1979: 83 sqq.

интересната сфера, ако не и во територијата на Аргеадите, што изгледа невозможно, ако се земат предвид понатамошните случувања и односите меѓу Аргеадите и Персијците. Најпосле, Хамонд тврди дека од 509, па сè до 500 год. ст.е. „тракиските племиња" (значи, Крестонците, Бисалтите и Едонците) слободно коваат во Лета, подалеку на исток, близу езерото Коронеја.[24] Ако тоа е навистина така (а монетарните наоди укажуваат дека најверојатно е), тогаш би можеле да се запрашаме зошто воопшто на Едонците (или на која и да е друга племенска групација) би им била потребна Ихна.

Да се осврнеме и на Бисалтите, за кои се претпоставува дека почнале со монетоковање околу 500 год. ст.е. Станува збор за период, за кој немаме современ историографски/наративен извор, ниту пак зачувана државна или економска архива, па мора да се признае дека и ова датирање е арбитрарно; најпосле, некогаш можеме да датираме монета во деценија, но сè уште нема начин монетата сама по себе да ни ја открие и точната година на ковање. Се чини дека оваа дата е одбрана зашто се поклопува со Јонското востание од 499 ст.е. и со повлекувањето на персиската војска од тракомакедонското крајбрежје, што е сосема возможно. Во секој случај, Хамонд претпоставува дека во тоа време Бисалтите ја контролирале територијата од планината Дисорон (ден. Круша) на север, до Аргил на југ, близу морскиот брег и десниот брег на Стримон – што отприлика се поклопува со нивната стандардно прифатена територија. Следствено на ова, Бисалтите тогаш би ги контролирале рудниците околу езерото Прасијада (или Керкинитида),[25] како и рудниците што се лоцираат близу ден. Нигрита и Теодораки.

Ова тврдење на Хамонд секако е логично, и воопшто не изгледа спорно; но, ако се прифати, тогаш станува јасно дека претходното тврдење за Едонците и нивното ширење до Ихна губи тежина и смисла, исто како и конјектурните акробации во врска со племенс-

[24] Hammond & Griffith, 1979: 84.

[25] На тракомакедонското крајбрежје има проблеми дури и со идентификацијата на топонимите; на пример, во науката сè уште се дискутира кое од двете езера на Стримон се викало Прасијада, а кое Керкинитида – што е проблем од кој директно зависи расчистувањето на дејствијата најпрвин на Персијците, а потоа и на Александар I Филхелен, како и опсегот на територијата што бил под нивна контрола. *V.* Borza, 1989; *cf.* Hammond, 1972: 193 sqq., како и How & Wells, *ad* 5.16. Но, *cf.* Hatzopoulos & Loukopoulou, 1992: 19, кои тврдат дека ништо во изворните податоци не ни дава за право да претпоставиме дека таму навистина имало две езера; авторите ја застапуваат тезата дека станувало збор за едно езеро со две различни имиња – теза што, иако не може да се докаже, сепак е интересна и заслужува внимание.

ките територии, за кои зборувавме погоре. Тешко е да се поверува дека Едонците на чудесен начин, пред очите на Персијците, во 509 год. ст.е. се рашириле низ неколку области во југоисточниот дел на географска Македонија и стасале до територијата на Аргеадите, а веднаш потоа (или по најмногу десетина години) повторно се вратиле во нивните граници, додека на нивна сметка зајакнале Бисалтите. Како што видовме и погоре, ова предизвикува низа непотребни компликации во само една единствена деценија – а освен тоа, не е засновано врз ништо, освен врз претпоставки од неколку монети.



*Горе: октодрахма на Бисалтите (или, според некои, на Александар I, искована веднаш по повлекувањето на Персијците од северното крајбрежје; долу: подоцнежна октодрахма на Мосес, басилеј на Бисалтите*

● *Сведување на податоците.* – Ако се сведат податоците што можеме да ги извлечеме од Херодот, како и од двете серии монетарни наоди, тогаш би можеле да заклучиме дека персиското навлегување на тракомакедонското крајбрежје најнеповолно се одразило врз Пајонците. Пред 510 год. ст.е., Пајонците го контролирале најмалку долното течение на реката Аксиј; биле непосредни соседи на македонското кралство на Аргеадите и, се чини, доволно силни за да спречат ширење на Аргеадите кон исток. Врз основа, пак, на податоците за неколку населби на десниот брег на Аксиј, може да

се претпостави дека нивната контрола се протегала и од другата страна на Аксиј, по северниот раб на централната македонска рамнина. Но, по персиското навлегување, пајонската превласт на оваа територија неповратно згаснува, а најголемиот дел од нив почнува да се придвижува кон север, подалеку од политички опортуната оска што ја создаваат Аргеадите и Ахајменидите.

Што се однесува, пак, до другите македонски племиња (првенствено оние на територијата од Нестос, преку Стримон, до Аксиј), со голема веројатност може да се претпостави дека персиското доаѓање на оваа територија не значело и апсолутна економска, воена и политичка контрола. Нема укажувања дека трговската комуникација била прекината, а независните племенски монетоковања – без оглед дали биле на Едонците, на Бисалтите или пак на некои други, ако воопшто можат да се идентификуваат со сигурност – сведочат дека племињата што претходно ги контролирале рудниците продолжиле со економските и трговските активности. Јасно е дека врховната контрола била во рацете на Персијците, што ќе се покаже и со губењето на атинското економско влијание околу планината Пангај – но, според сè, во нивното првично навлегување, Персијците немале ниту намера и интерес, ниту пак време и моќ да се занимаваат со микроекономијата на регионот. Во крајна линија, одземањето на правото на локалните племиња да ископуваат, коваат и тргуваат со скапоцени метали би се одразило погубно врз економијата на регионот и, преку нив, врз персиските приходи.

Ова, отприлика, би биле најверојатните претпоставки што можеме да ги дадеме. Се разбира, во оваа приказна има многу „дупки“ и недоречености, како и случувања и економски трендови што воопшто не се посведочени, и кои можеби никогаш нема да ги дознаеме. Но, како што вели Хамонд – иако самиот не секогаш се поведува по оваа логика – where numbers are small, *argumenta ex silentio* should be avoided.[26]

## Fabula ad monitum reducitur

Тука завршува историската анализа на настаните на северното крајбрежје, што се случувале непосредно пред првиот контакт на Персија и македонското кралство. Па сепак, да се вратиме за миг на она што го кажавме на почетокот – дека, освен што содржи историс-

[26] HAMMOND & GRIFFITH, 1979: 90.

ки податоци, секој историографски логос почива и врз колективното сеќавање и светогледот на заедницата од која потекнува авторот, како и врз неговите лични погледи и идејни ставови. Ако не сакаме да поверуваме дека начинот на кој Херодот ги прикажува и ги обработува настаните е случаен, тогаш следното нешто што треба да го направиме, е да ја разгледаме контекстуалната вредност на овие негови податоци и нивната функција во рамките на делото како литературна целина. Сосема е можно дека ваквата анализа – всушност, деконструкцијата на податоците – ќе ја потхрани нашата недоверба кон овој наративен извор; сепак, тоа е нешто што не може (и не смее) да се заобиколи. Затоа, во продолжение ќе го разгледаме т.н. „пајонски логос“ од аспект на неговата стилистичка, композициска и контекстуална вредност.[27]

● *Логосот за моќта и неговиот главен актер.* – Низ првите четири книги од неговото дело, Херодот ги исцртува контурите на кралските овластувања, моќта на владетелот и неговата воена сила во рамките на персиската држава. Еден поголем дел од петтата книга се надоврзува на истата проблематика, но притоа се загатнати и низа прашања за начинот на кој воената сила и политичката моќ се користат на терен, во времето кога персиското кралство ќе навлезе во западниот свет.[28]

Во сите овие епизоди, централното место му припаѓа на главниот актер, човекот што ја има моќта, што носи решенија и што ја презема одговорноста за политичките успеси или неуспеси. Во делот што нè интересира тука, на крајот на IV книга Дареј стасува до Сестос и минува преку Хелеспонт, а го остава Мегабаѕ да ги скроти сите што сè уште ѝ се опираат на персиската власт;[29] ова, значи, треба да е епизода во која се гледаат овластувањата и моќта на Мегабаѕ. По неа, Херодот нè префрла во Либија, а потоа за кусо време пак нè враќа кај Мегабаѕ, но не и кај Дареј.[30] Читателот тукушто ќе

[27] Анализата што следи е заснована врз дел од гледиштата на Irwin, 2007; Irwin & Greenwood, 2007 и Osborne, 2007. Но, овие автори главно го обработуваат „пајонскиот логос“ – и, воопшто, делото на Херодот – исклучиво од литературен и стилистички аспект, а мошне ретко ги земаат предвид историските недоумици врзани за опишаните события; затоа, тука се земени предвид само гледиштата што може да се проверат и што се согласуваат со историските сознанија.

[28] На пример, природата на моќта; нејзината основа; зошто еден полис е моќен, а друг слаб; како оваа моќ се раѓа, а како згаснува. *Cf.* Irwin, 2007: 41-44 (со список на литература), како и коментарот на Osborne, кој го презема методолошкиот пристап и ја надградува оваа анализа (2007: 88 sqq.).

[29] Hdt. 4.143-4.

[30] Hdt. 5.1.

помисли дека Мегабаѕ е оставен самостојно да ги утврди точните определници на неговата задача, и дека Дареј нема понатамошен личен интерес за територијата западно од Хелеспонт – но, речиси веднаш потоа, на сцената на дејствијата повторно излегува Големиот Крал.[31]

Ако се набљудува од хронолошки, наративен и, воопшто, од историски аспект, повторното појавување на Дареј може да изгледа нелогично и, затоа, неоправдано; но, ако на овој проблем му се пристапи од литературен аспект, заклучокот ќе биде поинаков. Ако Дареј претходно брзо се повлекол од Европа, тоа не се случило зашто раскажувачот сакал да заврши со него, туку токму спротивното – зашто сакал, малку подоцна, ефектно да го врати на сцената. Ова место кај Херодот е почеток на сосем нов логос, на нова епизода, што треба да послужи како спојка за понатамошниот приказ на персиските потфати во Европа. Ако се размислува вака, појавувањето на Дареј станува сосема логично, зашто навестува нов развој на настаните и ново големо решение – какво што може да донесе само главниот актер, во кого е отелотворена врховната власт.[32] Дареј, значи, е тука зашто Херодот сака да соопшти нешто значајно во врска со силата и моќта – а Пајонците служат како кадар за неговото соопштение.

● *Што ни кажува вештата Пајонка?* – Всушност, кадарот е приказната што во целост ја прикажавме погоре. Незадоволни што Дареј толку бргу се вратил во Азија, двајца Пајонци решаваат да го следат сѐ до Сарди,[33] каде ќе му се предадат сакајќи да станат тирани на Пајонците.

Имињата на овие Пајонци се разликуваат од ракопис до ракопис; забележани се како Пигрет, Тигрет или Тугрет, и Мастија или Мантија; но, тоа не е многу важно, зашто тие и не се двигатели на оваа приказна. Поважно е, на пример, што приказната може да се оспори како историографска матрица, за оваа прилика облечена во ново руво. Пред сѐ, лесно може да се препознае матрицата на покажување убава жена; кај Херодот истото тоа го прави Лидиецот

---

[31] Hdt. 5.11.

[32] *Cf.*, на пример, коментарот на Osborne (2007: 89): „...in a familiar enough Herodotean technique, a new section begins with the name, no – the article, of the prime protagonist"; исто и Nenci (1994, *ad loc.*), кој зборува за „tipica formula di transizione".

[33] Воопшто, се чини дека еден од главните мотиви во петтата книга е нагласката на префрлањето од Азија во Европа и обратно; Дареј, Мегабаѕ, Отан, Пигрет и Мантија, Пајонците, Хистијај, подоцна и Аристагора, и т.н.

Кандаулес (Мирсил), кој му ја покажува својата гола сопруга на телохранителот Гигес,[34] а мошне е сличен и мотивот во една епизода со Пејсистрат, кој пред Атињаните ја изложува високата Фија од демата Пајанија и за возврат добива тиранида. Најпосле, приказна мошне слична на оваа подоцна има и кај Никола од Дамаск, но кај него станува збор за Тракијци, а владетелот е Алијат.[35]

Како и да е, со оваа проверена досетка сега се служат Пајонците;[36] но, на општо изненадување, исходот е сосема неочекуван, што всушност е и „новото“ што ја одвојува оваа епизода од аналогните приказни. Сите очекуваат убавата сестра да го освои срцето на кралот, а нејзините браќа да бидат наградени со големи придобивки. Но, работите се одвиваат така, што вниманието на кралот воопшто не е насочено кон нејзината убавина, туку кон особините што ја надополнуваат – вештината и работливоста. Впрочем, суштината на покажувањето на оваа жена пред кралот е да се истакне работливоста на пајонските жени[37] – а Херодот веќе нагласи дека Големиот Крал е добар набљудувач на културните разлики меѓу народите,[38] па не е чудно што тука е заинтересиран за обичаите и навиките – nomoi[39] – на нејзиниот народ. Дареј ја гледа оваа жена како припадник на една поширока заедница, а нејзините особини како особини произлезени од специчичните nomoi на таа заедница – па, наместо само оваа една жена, решава да ја присвои целата заедница. Очигледно, во оваа прилика кралот не е заинтересиран за невообичаени

---

[34] Hdt. 1.7-13.

[35] *FGrH* 90 fr. 71

[36] Како лајтмотив на сите овие (речиси парадоксографски) матрици се јавуваат Пајонците, Атињаните, тиранидата и Персијците. Уште едно смислено поврзување во идејна целина е епизодата во која Аристагора во една глава ја посетува Атина, а веднаш во следната им праќа порака на Пајонците и ги повикува да го искористат Јонското востание за да се вратат дома. *V.* Hdt. 5.97; 5.98.

[37] Hdt. 5.13.3.

[38] Hdt. 3.38, во епизодата за Хелените и Индијците, кои меѓусебно се згрозувале од начинот на кој другите си ги погребувале родителите.

[39] При опишувањето на културните концепти на разните народи и племиња, Херодот се служи со три различни поими: diaita, ethea и nomoi; разликата меѓу овие поими е одлично објаснета кај Redfield, 1985: 98-99, *q.v.* Diaita претежно се однесува на материјалната култура, на храната, пиењето и секојдневниот живот; ethea се однесува на амбиентот и на „културниот фон“ на една заедница; nomos, пак, е нешто поексплицитно и појасно дефинирано од ethea, нешто што може да се искаже со зборови и, ако треба, да се воспостави како правило. Nomos е и знак за постоење на одреден степен на култура; сите племиња имаат ethea, но оние што се „најдиви“ немаат никакви nomoi (*cf.* Hdt. 4.106), зашто не се способни да си постават определници по кои ќе се раководат.

и извонредни поединци, туку за невообичаени и извонредни обичаи и навики. Проблемот на Пајонците е во тоа што, како што експлицитно ни кажува Херодот, однесувањето на женава не е ниту персиско, ниту лидиско, ниту пак може да се види некаде во Азија; ова укажува дека главниот ресурс на пајонската земја не е земјата како земја, туку токму народот што ја населува. Работите стануваат уште појасни по крајната заповед на Дареј: земјата на Пајонците не е важна, зашто тие се народ-ресурс, кој може да живее, да функционира и да биде полезен секаде, без оглед каде е населен. Но, целава приказна би останала на ниво на едноставна пофалба на Пајонците, да не постоеја и други, малку поинакви Пајонци.

● *За другите Пајонци.* – Овие други Пајонци, кои нема да бидат ниту покорени, ниту преселени, се Пајонците што живеат близу Пангај и Прасијада, во долниот тек на реката Стримон, неколку километри северозападно од Миркин. И тие имаат несекојдневни навики и обичаи; не само што јадат само риба, туку со риба ги хранат и коњите, и добитокот; дознаваме, дури, и за какви риби станува збор, а и тоа како се ловат.[40]

Атенај со право им се чуди на овие податоци, како што им се чудиме и ние денес, зашто коњите и добитокот, без оглед колку се гладни, тешко дека некогаш ќе вкусат риба. Но, тука воопшто не станува збор за тоа како Пајонците ги хранат нивните животни; за да ја сфатиме нагласката на Херодот, треба да ја споредиме оваа приказна со онаа што тукушто ја анализиравме. Ако на претходните Пајонци не им требаше никаков ресурс, зашто токму тие беа ресурс и можеа да живеат каде и да е, сега имаме работа со Пајонци што зависат од само еден единствен ресурс, вкопани и вкоренети на едно место, кое им дава живот и ги определува. Тие одбрале зависен, дури зависнички начин на живот; но ете, иако се ограничени и неспособни да им помогнат на другите, повешти Пајонци, излегува дека овие Пајонци нема да бидат совладани. Дури, кога ќе чуе дека Дареј му го подарил Миркин на Хистијај, Мегабаѕ остро ќе протестира – зашто во овие несовршени и ограничени Пајонци ќе види закана, за разлика од оние вештите, што наводно без проблеми ќе ги пресели во Азија.

Ако се земе предвид дека повеќе податоци во „пајонскиот логос“ не одговараат сосем на реалноста, туку се идеализирани и инструментализирани, би можеле да кажеме дека еден поголем дел од овој логос всушност и не е логос за Пајонците, туку поскоро еден

[40] Hdt. 5.16.4; *cf.* Athen. *Deipn.* 345e.

вид „логос за моќта и изборот“.[41] Херодот го заснова приказот на настаните на крајбрежјето врз спротивставеноста на две сродни групи луѓе, кои направиле дијаметрално спротивен избор.[42] Едните верувале дека нивната вештина и моќ се „преносливи“ и дека би можеле да функционираат каде и да е, а другите зависеле од еден единствен ресурс, врзан со местото на кое живееле, па биле подготвени да го бранат по секоја цена. Најпосле се покажало дека оние што ценеле дека се „преносливи“ се расеале, ги загубиле единството и старата татковина, а не нашле мир во новата. Дали оттука произлегува дека другите направиле подобар избор? Или, уште поважно, дали Херодот го раскажува ова fabulae gratia, или сепак подготвил ефектно наравоучение за хеленската читателска публика?



*Плодниот стримонски басен*

● *Наравоучението на Херодот.* – Доволно е да си приспомнеме дека, освен што бележи големи и славни дела, Херодот пишува книга наменета за Хелени, а неговите идејни пораки им се упатени исклучиво на нив и за нивно добро. Особините и начинот на живот што Херодот им ги припишува на Пајонците, всушност, можат да се

[41] Или, поточно, една половина од ваквиот логос, зашто е логично поврзан со епизодата за Коес и Хистијај (5.11); оваа епизода повторно го загатнува прашањето за моќта (Хистијај веќе имал тиранида, а Коес ја посакувал) и за изборот (изборот на награда, што им е понуден на двајцата, и од кого зависи нивната понатамошна судбина).

[42] Воопшто, се чини дека мотивот на избор е еден од најомилените мотиви на Херодот. Изборите пред кои историографот ги исправа ликовите никогаш не се лесни и безначајни: на пример, Кандаул го тера Гигес да избере убиство или смрт (1.11.2), а не е полесен ниту изборот што Ксеркс му го нуди на својот брат Масист (9.111.2-5). Нагласката е постојано врз тешкото премерување на предностите на кој и да е избор, како и врз огромните последици што редовно ги претрпува човекот што избрал.

сретнат на многу места низ Хелада;[43] со тоа е постигнат основниот степен на идентификација со Пајонците, а загатнато е и прашањето за изборот на една од двете можни судбини, или пак избор на некоја трета. „Големата опомена“ на Херодот е токму приказната за тоа како Пајонците биле покорени, и сето она што им се случило понатаму: во основа, тие пропаднале зашто верувале дека можат да функционираат без матица, потпирајќи се само врз сопствените особини. Секако, за опстојувањето на една заедница е важно народот да биде вешт, умешен и работлив – но уште поважно е да има природни ресурси за да расте и да се развива, како и политички центар, околу кој ќе биде концентриран.

За хеленскиот читател, ова би била убава опомена и потсетување на концептите на политичка припадност, политичка определба, снабденост со ресурси и економски развој. Тоа се стари и добро препознатливи болки од кои, всушност, страдаат токму Хелените: неединството на Хелените во Јонското востание; делумниот медизам во копнена Хелада пред последниот персиски поход; трајната ограниченост на природните ресурси; и најпосле воено-политичката поларизација на Хелада неколку децении подоцна.[44] Пајонците тука служат како референтна рамка за она што подоцна ќе им се случува на Хелените; како што сака да поучи Херодот, добрите *nomoi* се мошне важни, и тоа на повеќе од едно рамниште.

Но, зошто Херодот спекулира за можната судбина на Хелените токму преку примерот на Пајонците – а не, на пример, на Скитите и Гетите? За да се одговори на ова прашање, на делото треба да му се пристапи не во контекст на времето што го опишува, туку во контекст на времето кога е пишувано. Овие Пајонци не се населени на некое место што на просечниот Атињанец ќе му изгледа случајно или неважно, туку токму на реката Стримон – а во времето кога Херодот го пишува своето дело, атинските обиди за основање населба во долното течение на Стримон траат (и не успеваат) со децении.[45]

---

[43] Osborne, 2007: 96 дава примери за Хелени кои исто така имаат специфичен однос кон жените и децата (Hdt. 5.39-42; 6.51-55; 6.61-70), како и за „типично хеленски“ епизоди во кои главната улога ја игра некоја убава жена (Hdt. 1.60, што веќе беше спомнато). Ваквите примери се бројни, што наведува на помисла дека карактеристичните особини што Херодот им ги припишува на Пајонците се прилично општи – да не кажеме „генерички“ – и дури можеби однапред одбрани во контекст на идејната порака. Со ова се согласува Greenwood, 2007: 131 sqq.

[44] *Cf.* Irwin & Greenwood, 2007: 29-30.

[45] Подетални согледувања и повеќе примери за атинскиот однос со Пајонците има кај Irwin, 2007: 50-56.

Тука се наоѓа преминот Девет Патишта (подоцнежниот Амфипол), од кој може да се контролира не само трговскиот правец од исток кон запад, туку и оној што води од југ кон север, по течението на реката; сосем близу се и рудниците на планината Пангај. Недалеку се тракискиот Херсонес, Хелеспонт и „житниот пат“, чие одржување и контрола во времето на Пентаконтаетијата (времето во кое пишува Херодот) е животно прашање за Атина.

Уште една можна паралела со современиот на Херодот (и на неговата матична заедница) е тоа што тиранинот Хистијај како награда го одбира „Миркин, градот на Едонците“;[46] подоцна, откако состојбата во Јонија ќе стане премногу несигурна, во Миркин ќе побара засолниште и Аристагора. Изборот на Аристагора – да биде подалеку од Јонија, а да ги избегне Спарта и Атина, кои не би му дале закрила – можеби и може да се сфати; но зошто, од сите можни места во персиското кралство, Хистијај би сакал да има врска токму со Миркин?

Современиот читател на Херодот на ова место првпат се среќава со Едонците; но, за разлика од него, атинскиот читател многу добро знаел за нив. Во годините кога настанало делото на Херодот, Атињаните речиси опсесивно се обидувале да обезбедат упориште на едонска територија,[47] а и Херодот не пропушта да нѐ потсети дека Атињаните биле подготвени да се борат и да губат луѓе за тамошните рудници.[48] Тој, навистина, никогаш нема да го протолкува или да го оправда изборот на Хистијај од гледна точка на тиранинот; наместо тоа, на читателот ќе му го понуди објаснувањето на Мегабаѕ, во кое се спомнуваат рудници на сребро, дрво за бродоградба, квалитетни весла и веслачи – а тоа несомнено е начин на кој би размислувал Атињанин од времето на Пентаконтаетијата, а не персиски воен заповедник.[49]

[46] Hdt. 5.11.2; *cf.* 5.23.

[47] Thuc. 1.100.3.

[48] Hdt. 9.75.

[49] Иако има причини за тоа, научниците, по правило, не размислуваат за историчноста на епизодата со Хистијај во Миркин. Епизодата со Хистијај е целосно обработена и анализирана од Heinlein, 1909, и оттогаш малку се размислува за неа. Grundy (1901: 69) е убеден дека Мегабаѕ бил вознемирен од можноста еден хеленски тиранин да држи место од кое би можел да се контролира копнениот пат кон запад; Blamire, 1959 цени дека Дареј не можел да си дозволи да остане без „советникот за надворешна политика“. Другите научници по правило ја спомнуваат, но не ја толкуваат оваа епизода.

# Пред портите на Аргеадите

На претходните неколку страници се обидовме да дадеме – ако не беспоговорно точен – тогаш барем веројатен и издржан приказ на не сосем јасните случувања на тракомакедонското крајбрежје. Како што видовме, очигледно е дека податоците на Херодот се делумно обременети од политичките состојби во негово време, а освен тоа, настаните што ги опишува сè уште се еден вид увод кон големите и славни дела на Хелените, што ќе уследат набргу, па затоа се и добро место за одредени споредби, опомени и поуки од историографот. Но, ако ги оставиме настрана типизираните приказни, парадоксографските моменти и скриените поуки на Херодот, нема сомневање дека персиската војска на северното егејско крајбрежје спровела обмислено и донекаде систематско навлегување и пробивање кон запад. Независно дали тоа се случило онака како што ни го опишува Херодот, или пак со многу помалку драма, но со повеќе ефективност, Персијците полека наближувале до границата на македонското кралство. Но, пред да се впуштиме во анализа на првите официјални контакти меѓу Аргеадите и Ахајменидите, најпрвин треба да се сведат сметките, и да се заокружат сознанијата за кои цениме дека се издржани и ослободени од сиот попатен баласт.[50]

На прво место, од сето она што беше кажано досега, произлегува дека персиското навлегување во Европа не било ниту краткотраен одмаздfestнички потфат, ниту пак плод на моментна желба или инспирација, туку, според сè, смислена акција за одредена геостратешка потреба на персиската држава. Откако ќе се врати во Азија, Дареј ќе остане во Сарди уште најмалку половина година,[51] што покажува дека неговото присуство и лично внимание биле попотребни на крајниот северозапад, одошто на други места. Значи, најмал-

[50] За постулатите, *cf.* Grundy, 1901: 69 sqq., кој доаѓа до истите заклучоци без воопшто да се обиде да ги деконструира и прочисти изворните податоци – што само го потврдува квалитетот на ова дело, старо повеќе од еден век.

[51] *Cf.* Hdt. 5.23; 5.73. За жал, невозможно е точно да се определи кога Дареј заминал од Сарди. Дареј сè уште е таму откако Мегабаѕ ќе ги заврши дејствијата во Европа и ќе биде заменет со Отан – секако, ако остане претпоставката за два последователни, а не истовремени правци на дејствување (но, како што рековме и погоре, тоа е нашата најверојатна претпоставка). Од друга страна, сигурно е дека заминал во Суса пред доаѓањето на атинското пратеништво кое барало помош против Спарта (за што ќе стане збор подоцна), зашто во таа епизода пратениците преговараат со Артаферн, а Дареј воопшто нема удел во епизодата.

ку од 513 до 510 год. ст.е., пробивањето кон запад бил прв воено-политички приоритет на персиското кралство.

Но, и покрај опсежните логистички подготовки и сразмерно големата воена сила, би било погрешно персиските дејствија во Европа да се опишат како едноставно и лесно освојување, „чистење на теренот кон запад“, или пак инвазија против која немало ниту помисла за одбрана. Дури и ако ги оставиме настрана неразјаснетите цели, околности и постигања на Скитскиот поход, останува фактот дека пробивањето низ Тракија не овозможило силна, беспоговорна и апсолутна контрола на оваа огромна територија. Дури и да дозволиме дека ваквата контрола не била првична и непосредна цел на Персијците, сепак остануваат сведоштвата за многубројните бунтови, и тоа не само на европската страна на Пропонтида, туку и во Троада, на пример во Антандрос и Лампониј. Кога веќе повторно ги начнавме целите на Персијците, факт е дека сѐ уште не знаеме што би можело, од нивен аспект, да биде означено како „задоволително постигнување“. Ова ниту треба да нѐ изненади, ниту пак да нѐ разочара, зашто нивните цели постојано флуктуираат дури и во текстот на Херодот; на пример, само на местата за кои веќе зборувавме, Херодот најпрвин пишуваше за покорувањето на Тракијците, нешто подоцна – за покорувањето на крајбрежните области, за најпосле да прочитаме дека дури и тие области не биле целосно освоени. Сепак, останува впечатокот дека, ако се изземе Хелада, персиските постигнувања во Европа предизвикале значителни придвижувања, и ни од далеку не би можеле да се наречат неуспешни.

Ако се изземе тоа што Персијците не го постигнале (или пак ние мислиме дека не го постигнале, зашто не знаеме што точно сакале да постигнат), повторно остануваат чистите факти, како и заклучоците што произлегуваат од нив. Независно дали Персијците уште од почетокот планирале систематско освојување, или пак само сакале да отворат пат за нови, последователни освојувања на Запад, нивното присуство значително се почувствувало долж долините на реките што служеле како природни сообраќајници (Хебар, Ангариј и Теар во Тракија), а особено на северното крајбрежје, од Пропонтида, преку тракискиот Херсонес, долината на Стримон и планината Пангај, па сѐ до реката Аксиј.[52] Ова е постигнување што секако зас-

[52] На Пропонтида се однесуваат епизодите со Перинт и Бизантиј; сведоштво за персиската контрола на тракискиот Херсонес е епизодата со Милтијад; заклучоците за Стримон и планината Пангај произлегуваат од случувањата кај Едонците, Бисалтите, како и од крајот на атинското учество во експлоатацијата на рудни-

лужува да се сфати сериозно; иако можеби мало за освојувачот, кој веќе контролирал речиси непрегледна територија, тоа секако било големо во очите на локалното население, кое почувствувало големи промени во односот на силите и воено-политичката рамнотежа. На северното крајбрежје, на пример, балансот на силите неповратно се сменил и, како што ќе видиме набрзо, никогаш не се вратил на старо, дури ни по конечното повлекување на Персијците. Но, од друга страна, се чини дека економијата, производството и економската размена не претрпеле особено тешки последици и, без оглед што сега монетарната контрола веројатно ја презеле Едонците и/или Бисалтите, економскиот живот продолжил да тече. Според сè, Персијците сè уште се грижеле за воениот и логистичкиот аспект на нештата; микроекономијата била оставена за подоцна, како проблем што би требало да се решава дури откако персиската воена и политичка контрола би била потполно воспоставена и цврста – а тоа несомнено морало да се остави за подоцна.

Или, накусо, Персијците најверојатно успеале да воспостават контрола над поголемиот дел од тракомакедонското крајбрежје – но нема укажувања дека почнале и да управуваат со него. Во секој случај, една од поголемите моментални придобивки за Персијците било тоа што успеале да отворат и да воспостават контрола врз копнениот патен правец кон запад. Ова укажува дека персиските потфати на запад биле далеку од завршени, и дека оваа линија на комуникација несомнено отворала можност за понатамошни освојувања;[53] но, за тоа ќе зборуваме подоцна. Во мигот што нè интересира тука, важно е дека овој патен правец ги повел Персијците право кон кралството на Аргеадите.

---

ците; најпосле, за басенот на Аксиј доволно речито зборува крајот на пајонската воено-политичка контрола на левиот брег на реката.

[53] *Cf.* Grundy, 1901: 71. Заклучоците што произлегуваат од ваквата поставеност на нештата се мошне интересни; имено, контролата на овој патен правец би имплицирала дека е сосем можно крајната цел да била продолжување на дејствијата долж и околу егејското крајбрежје и заокружување на целиот егејски басен, кој евентуално би добил статус на персиско Mare Nostrum.

# V
# СЕДУМТЕМИНА ПРАТЕНИЦИ И МЛАДИОТ ХЕРОЈ

Првиот контакт со кралството на Аргеадите. – Fabulae dissectio. – *За (не)вешто скриениот главен лик. – Александар меѓу Истокот и Западот. – На половина пат до барбарството. – Во потрага по вистината.* – Приказната, лишена од хероизам. – *За можното антедатирање. – Неколку логистички заклучоци.*

## Првиот контакт со кралството на Аргеадите

Некаде во времето додека Дареј престојува во Сарди, а Мегаbas сè уште дејствува на тракомакедонското крајбрежје, може да се смести приказната за седумте персиски пратеници, кои пристигнале во дворецот на македонскиот крал Аминта I за да побараат „земја и вода“, т.е. покорност кон Големиот Крал. Херодот е, повторно, нашиот единствен извор; но, овојпат приказната мора да ја проследиме речиси во целост, зашто, како што ќе видиме, безмалку од секоја реченица во неа може да се извлечат интересни согледувања.

Еве, значи, како Херодот ја раскажува оваа приказна:[1]

> [...] Откако ги покорил Пајонците, [Мегаbas] испраќа пратеници во Македонија – седуммина Персијци кои, по него, имале најголем углед во војската. Тие биле пратени кај Аминта за да бараат земја и вода за кралот Дареј. Од езерото Прасијада има еден сосем прек пат кон Македонија. Првото нешто што е до езерото е рудникот од кој подоцна на Александар секојдневно му доаѓало по еден талант сребро. По рудникот, зачекориш ли на планината која се вика Дисорон, веќе си во Македонија.[2]

[1] Hdt. 5.17-21.

[2] How & Wells, 1989: *ad loc.* ценат дека Херодот го потценува растојанието од Прасијада и Дисорон до владенијата на Аргеадите, што изгледа сосем можно; патемно, ова би било доказ против божемниот престој на историографот кај Александар I.

Персијците, значи, оние што биле испратени кај Аминта, кога втасале и се нашле пред самиот Аминта, барале за кралот Дареј земја и вода. Аминта им ветил дека ќе им го даде и тоа, и ги поканил на гоштавање. Тој приредил раскошна гозба и љубезно ги примил Персијците. Кога завршиле со гоштавањето, Персијците, продолжувајќи со пијачката, го рекле ова: „Македонецу домаќине, кај нас, Персијците, ако веќе нудиме големо гоштавање, тогаш е обичај да ги доведеме на гозбата и држанките и невестите. Ти сега, кога нè дочека со отворено срце и така сјајно нè гоштаваш и се согласуваш да му дадеш на кралот Дареј земја и вода, постапи според нашиот обичај". На тоа Аминта им рекол: „Персијци, ние немаме таков обичај, туку мажите и жените кај нас одделно се гоштаваат. Но ако вие тоа го барате, бидејќи сте господари, ќе го имате и тоа". Кога го рекол тоа, Аминта испратил да ги повикаат жените. [...] Персијците, како што биле пијани, веднаш почнале да ги фаќаат за цицки, а некои се обидувале и да ги бакнуваат.

Аминта само гледал и, иако сето тоа тешко го поднесувал, не се помрднувал зашто премногу се плашел од Персијците. Александар, пак, синот на Аминта, кој бил таму и го гледал тоа, како што бил млад и уште не му минале преку глава несреќи, не можел веќе никако да се воздржи, па вознемирен, му рекол на Аминта вака: „Татко, сообрази се со возраста, оди и одмори се, не мораш да останеш докрај на пијанкава. Јас ќе останам со гостиве и ќе ги послужам со сè што треба". [...] Аминта отишол, а Александар им рекол на Персијците: „Овие жени, честити гости, ви стојат на располагање, сакале со сите да легнете или со по некои од нив. Вие само дајте знак за тоа. А сега речиси ви е време за спиење и, како што гледам, здраво сте напиени. Овие жени, ако ви е драго, пуштете ги да се избањаат и чекајте ги да ви се вратат избањани". Откако тоа им го рекол, бидејки Персијците се согласиле, жените излегле и тој ги испратил во женските одаи. Тогаш Александар им заповедал на толку голобради момчиња колку што биле жените да се облечат во женски облеки, им дал на секого по еден нож и ги повел внатре. Кога биле внатре, Александар им рекол на Персијците: „Персијци, се чини, нагостени сте со богата гозба. Имено, сè што имавме и што можевме да најдеме, сè изнесовме пред вас, па и она што ни е најмило од сè, нашите мајки и сестри, ви ги даваме на распо-

лагање за да знаете дека од нас сте почестени со секаква чест, како што и заслужувате, па вие на кралот, кој ве испратил, пренесете му колку убаво ве нагостил и со трпеза и со легло маж Хелен, хипарх на Македонија“. Тоа го рекол Александар и до секој маж Персиец сместил, наместо жени, по еден маж Македонец. И кога Персијците се обиделе да ги фаќаат, овие ги испоубиле.

Таква судбина ги снашла и пратениците, а и нивните слуги. Тие биле дојдени со коли и со послуга и со цела опрема, и тоа голема. Сето тоа, заедно со сите нив, исчезнало. Потоа, не минало многу време, а Персијците покренале голема истрага за тие луѓе, но Александар мудро ги замолчал. Им дал и многу пари и својата сестра која се викала Гигаја. Со тоа што го дал Александар го поткупил Бубара, маж Персиец, кој ја водел истрагата за убиените пратеници. Така престанало да се зборува за смртта на тие Персијци.

## Fabulae dissectio

Поглавјата што ги цитиравме погоре, а кои сочинуваат значителен дел од т.н. „македонски логос“ во петтата книга, се текстуален мост меѓу неуспешниот напад врз Скитија во четвртата книга, и Јонското востание и нападот врз Хелада, кои почнуваат во петтата книга; тие следат веднаш по приказната за Пајонците, која веќе ја проследивме. Многупати досега е истакнувано – и за тоа има општа согласност – дека приказната на Херодот нема многу допирни точки со историската вистина. Според современите историчари, целта на оваа приказна е да покаже дека Александар I не бил наклонет кон Персијците уште од првите контакти со нив, дека последователниот македонски медизам не бил сосем искрен и дека, всушност, зад него се криело филхеленство.[3] Мошне е лесно – поради една

[3] Да ги спомнеме само најважните: GRUNDY, 1901: 68; HAMMOND & GRIFFITH, 1979: 99; BORZA, 1990: 102; ERRINGTON, 1990: 9; *особ.* ERRINGTON, 1981: 142; BADIAN, 1994: 108, чија забелешка гласи: „Fortunately, no one has believed the tale”; и најпосле CAWKWELL, 2005: 52, кој вели дека станува збор за „a story that no one accepts“. Сепак, интересно е што дел од современите историчари како да не се сосем сигурни што од оваа приказна треба да се прифати, а што да се отфрли. Борза, на пример, ја отфрла приказната за пратеништвото како неверодостојна (1990: 102-103), но на претходната страница претпоставува дека средбата на Аминта I и Персијците најверојатно се случила во Ајга и, дури, спекулира за тоа на кое место во дворецот се наоѓале одаите на кралот и женските одаи. Најпосле, тре-

или друга причина – да се отфрли целата приказна; но, тоа не значи дека не треба да ѝ се обрне внимание, зашто, како што ќе видиме подолу, таа сепак кажува многу – ако не за Александар I, тогаш секако за Херодот и неговиот однос кон материјата што ја обработува.

Да почнеме од поставеноста и структурата на епизодата. Внимателниот читател ќе забележи дека делот што се однесува на македонското кралство има невообичаен почеток: наместо да ни даде поширок увод, во кој би ги опишал тогашните обичаи во земјата и нејзините претходни владетели (како што обично прави), Херодот тука ја остава историјата за подоцна, а веднаш почнува со македонско-персиските „преговори“ – со што нè запознава со македонското кралство и со Аргеадите исклучиво во контекст на нивните односи со Персија. Ова, веројатно, е така зашто потфатите на Александар се почеток на една поголема целина од делото, каде Херодот ќе се занимава со медизмот, а кое со извесни прекини ќе трае сè до осмата и деветтата книга.[4] Но, тука историографот сè уште не ни ја соопштил својата намера; ова е една од оние ситуации каде го нема херодотовското „јас-лице“, и каде всушност Херодот се труди да нè убеди дека повторува и прераскажува логоси на други луѓе.[5]



*Планината Дисорон, поглед од југоисток*

---

ба да се одбележи (веројатно) лапсусот на Dandamaev, 1989: 150, кој тврди дека во 512 год. ст.е. „кралот на Македонија, *по име Александар*, побрзал да понуди покорност и брак со неговата сестра“.

[4] Детална анализа за местоположбата на оваа епизода и нејзината функција во рамките на целиот текст има кај Fearn, 2007: 98 sqq; сепак, авторот му пристапува на проблемот само од стилистичи аспект, и не се задржува врз историска анализа на случувањата.

[5] Dewald, 2002: 285.

Сè укажува дека имаме работа со необичен дел од текстот, и тоа не само поради неверојатната содржина, туку и поради чудниот начин на којшто е составен. Токму затоа, приказната што ни ја раскажува Херодот овозможува повеќе различни начини на читање и различни нивоа на толкување. Од нас, секако, се очекува да се послужиме со неа како со историски текст, кој би ни дал одредени податоци за Македонија и за нејзината политичка и етничка определба; но во исто време, мора да ги препознаеме влијанијата на методот на Херодот, и да ги одделиме деталите што очигледно никако не се вклопуваат. На крајот, ќе треба да процениме и зошто и кому му служи овој текст – значи, колку е веројатно тој да е плод на некаква (про)македонска пропаганда која, иако може да се поткрепи и со други извори,[6] не мора нужно да потекнува ниту од Македонија, ниту од дворецот на Александар I.

● *За (не)вешто скриениот главен лик.* – Херодот почна да ни раскажува за Аминта, македонскиот крал, кај кого се упатиле персиски пратеници за да побараат земја и вода. Но, наместо да ни каже збор-два за Аминта, Херодот го врти вниманието на читателот кон положбата, изгледот, границите и богатствата на Македонија – но не онаа на Аминта, туку онаа во која, како што не пропушта да ни каже, подоцна кралува Александар I. Без никакво објасување, а сосема надвор од хронолошкиот и географскиот контекст, приказната продолжува со сребрените рудници близу Прасијада, од кои Александар подоцна добивал еден талант дневно.

На прв поглед, деталот за сребрените рудници изгледа неважен и спомнат само патемно; но, зошто се спомнува тука? Зошто Херодот не ја сподели со нас оваа информација претходно, кога темата навистина беше Прасијада, или пак подолу, кога навистина ќе раскажува за владеењето на Александар? Станува збор за мошне лукав и ангажиран стилистички потег, кој почива врз принципот на очудување на публиката. Поради ова „патемно“ спомнување на богатството на Александар, атинските читатели на Херодот ќе посакаат да дознаат повеќе за овој човек, и да го споредат она што го кажува Херодот со работите што веќе ги знаат (или ги чуле од друг) за Македонија во нивно време. Така, овој навидум неважен детал му

---

[6] *Cf.* Plut. *Alex.* 11.6.; Arr. *Anab.* 1.9.10. Кус приказ на вакви примери за пропаганда има кај Fearn, 2007: 99, кој главно се задржува врз поезијата на Бакхилид и Пиндар; авторот го толкува фрагментот 120 на Пиндар од аспект на „тројанската“ – значи повторно источната – врска на Александар I. За анализа која се занимава со историските факти и ја испитува оваа пропаганда од аспект на атинската *Realpolitik*, *v.* Hornblower, 2006: 180.

овозможува на Херодот повторно – како и кај Пајонците и Едонците – да го врзе минатото со политичката сегашност и да ја претстави Македонија во поширок и посвеж политички контекст, одошто би можел со едната единствена куса епизода за Аминта и Персијците.[7]

Тука почнува да се насетува „затскриениот“ носител на дејството, а само неколку реда подолу, работите ќе станат повеќе од очигледни: во целава оваа работа, стариот Аминта е само декор, којшто, згора на сè, ќе исчезне среде епизодата. Значи, во поглед на „сценското присуство“ и водењето на дејството, пратениците се гостат на покана на Аминта, но него го снемува од приказната, па сè завршува поскоро по заслуга, одошто по вина на Александар. Понатаму, ако се споредува однесувањето и карактерот на двата лика, би се рекло дека Аминта е несигурен, колеблив и неодговорен (зашто ги напушта преговорите и, воопшто се откажува од одговорност), а неговиот син Александар е сигурен, решителен, одговорен и храбар; Аминта признава дека Персијците се господари, а Александар не само што не прифаќа такво нешто, туку и ги убива дрзниците. Најпосле, во поглед на политичкото и идејното стојалиште на двата лика, Аминта им се предава на Персијците и ги гости со речиси вистинска „источна“ гозба, што, иако приговара, сепак го става сосем блиску до персиските nomoi; од друга страна, Александар е тој што ќе приговори и со дело, па ќе покаже дека источните nomoi не се и македонски. Според толкувањето на Боуви, со овој чин на непокор, Александар на некој начин дејствува како заштитник на нормативното „хеленско“ однесување, на западниот морален систем на умереност и срам, наспроти барбарската распуштеност и бесрамност.[8]

Според сè, изгледа дека Херодот вложил многу помалку труд да објасни што, како и зошто се случувало, а многу повеќе внимание посветил на начинот на кој ќе ги претстави главните актери. Настрана сите други споредни ликови, веќе секому му е јасно дека носител тука не е Аминта, со кого дејството само почнува, туку Александар. Тој, пак, е човек од акција и отпор, кој изгледа дека дејствува имајќи ги на ум идните дела што ќе ги постигне, а не само тогашниот момент. Најпосле, тоа што Аминта се повлекува и се откажува од одговорноста, смисловно значи дека се откажува и од престолот, и од водењето на работите; а вмешувањето на Александар (кој потоа ќе му ја даде Гигаја на Бубарес, наместо тоа да го стори нејзиниот татко), може да се толкува и како симболичен акт на седнување на престолот.

[7] *Cf.* Fearn, 2007: 100.
[8] Bowie, 2003: 107; *cf.* Fearn, 2007: 104.

● *Александар меѓу Истокот и Западот.* – Поголемиот дел од епизодата што ја обработуваме тука, се случува во рамките на еден – како што би требало да поверуваме – класичен македонски симпосион; јадењето веќе завршило, но пиењето очигледно сѐ уште трае.[9] Токму со симпосионот е врзан уште еден детал, кој не смее да се испушти од вид. Имено, наспроти опширните објаснувања и етнографски податоци за обичаите на десетина други племиња и народи – токму во епизодата кога ваков податок би бил клучен, зашто симпосионот е основниот кадар на настанот, нам воопшто не ни е кажано какви се обичаите при македонското гоштевање. Едноставно, ние не знаеме како изгледал и од што се состоел еден македонски симпосион, со што станува излишно толкувањето за Александар како restitutor morum Graecarum, што го спомнавме погоре. Не е јасно, ниту пак може да се докаже дека еден таков симпосион би се водел според хеленските морални норми – кога појавно, до самиот крај, изгледа речиси сосема „источно". Освен тоа, не ни е кажано ни тоа, дали оваа гоштевка се одвива така зашто е направена во чест на Персијците, или пак така вообичаено се гоштевале Македонците од придружбата на Аминта и Александар. Како и да е, во крајна линија, фактот што Персијците се задоволни и уживаат до самиот крај без да најдат особена замерка, укажува дека не би било мудро да ги проценуваме македонските гоштевки на хеленски начин.[10]

Симптоматично е и тоа што, иако зборуваме за гозба, можеме да ги оставиме настрана и јадењето, и пиењето, но повторно ќе има работи што се сомнителни. Една од нив е начинот на кој Амин-

[9] Hdt. 5.18.2. Во епизодата е употребен глаголот diapino, со значење „да се пие еден по друг, 'на тури'"; за овој симпотички обичај, *v.* Pl. *Rep.* 420 e4; Plut. *Quaest. Conv.* 711 d5; *cf.* Poll. *Onom.* 6.19. Но, интересно е што кај Херодот овој глагол е употребен само тука и уште на едно место, во 9.16.7., каде што се раскажува за една заедничка, тебанско-персиска гозба; *v.* Bowie, 2003: 106-107. Во двата случаи, глаголот diapino е употребен во ситуација кога мора да се задоволи вкусот на главните гости – Персијците, а нивните домаќини (соодветно, Аминта I и Атагин од Теба) медизираат. *Cf.* и Fearn, 2007: 101 sqq. Во оваа насока одат и белешките на How & Wells, *ad loc.*, кои пак директно го споредуваат персиското и македонското пиење на гозба; *cf.* Theoph. *apud* Polyb. 8. 11; Arr. *Anab.* 4. 8. 2; Hdt. 1. 133; Aelian. *Var. Hist.* 12. 1.

[10] *Cf.* Fearn, 2007: 114 sqq. За споредба може да послужи податокот од Hdt. 1.133, каде се вели дека Персијците им се чудат на Хелените, зашто тие „стануваат од ручек недојадени; ним по ручекот не им се принесува ништо што е вредно за спомнување, а и ако им се изнесе, тие не престануваат да го јадат главното јадење." Како што може да се види, тука нема такви забелешки. How & Wells, *ad loc.*, не прифаќаат споредба на македонските со персиските обичаи, но ценат дека е невозможна и споредба со хеленските.

та (и, особено, Александар) се однесуваат во поглед на угостувањето и домашното пријателство, т.н. ksenia. Ако размислуваме од политички аспект, тука не се клучни ниту јадењето и пиењето, ниту преговорите и разговорите, туку токму оваа ksenia, зашто тоа е идеја од која веднаш може да се сфати како ќе се развиваат односите меѓу Персијците и Македонците; ако се воспостави и испочитува, тие ќе бидат пријатели, а ако не, тогаш ќе бидат непријатели.[11] Оваа ksenia е најпрвин воспоставена од Аминта, а потоа е прифатена и продолжена од синот Александар, кој ги нарекува Персијците ksenoi.[12] Но, ова гостопримство на Александар завршува со убивање на гостите, а убивањето на гости примени под лажен изговор за гостопримство, без оглед на нивните постапки, не може ни случајно да се претстави како чин извршен под закрила на Ѕевс Ксениј. Дури ни персискиот обид за проституција со Македонките не може да послужи како изговор, зашто домаќинот, иако со скриена намера, претходно вербално го прифатил ваквиот обид и јасно им соопштил на гостите дека девојките им стојат на располагање. Ова е уште едно укажување дека во однесувањето на Александар има многу затскриени детали, поради кои не можеме да определиме ниту според какви nomoi воопшто се раководи,[13] а не пак да тврдиме дека ги штител „западните" (хеленски) норми на однесување. Но, најпосле, инсистирањето на убиството како чин на почитување на едни или други обичаи е во основа бесмислено, зашто на крајот на епизодата нашиот млад херој му ја дава сестра си Гигаја на Бубарес, синот на Мегабаѕ, во еден вид династички брак, со што неговиот претходен „херојски" чин губи секакво значење.[14]

Да се задржиме за миг и на делот со преправањето и преоблекувањето.[15] Читајќи ги овие редови, публиката несомнено ќе си

[11] *Cf.* Fearn, 2007: 103 sqq. Најопширна студија за сите аспекти на ksenia е делото на Herman, 1987, во кое авторот нуди ново гледиште за оваа општествена појава, и ја толкува не како обично пријателство, туку како еден вид ритуално сродување. За проблемот на повремениот судир на интереси меѓу личната ksenia и интересите на матичната заедница, *v. особ.* стр. 156-161.

[12] *Cf.* Fearn, 2007: 113-114.

[13] Интересно е, на пример, што еден од најзначајните персиски nomoi е monarkhie (*cf.* зборовите на Дареј во Hdt. 3.82.5) – токму она што им е присушто на Македонците, а јасно ги одделува од Хелените. Тука, очигледно, Александар не може да биде restitutor на ништо, освен ако не сака да се откаже од престолот.

[14] *cf.* Проева, 1997: 85; Eadem, 2004: 149, според која со ова Персијците и Александар I склучиле еден вид сојуз. Во иста насока е и забелешката на Borza (1990: 103): „In either case, the marriage signifies alliance (or at least the recognition of a non-hostile relationship), but not necessarily vassallage".

[15] *V. особ.* Kurke, 1999: 165-170.

приспомне на уште една „источна“ епизода – приказната за покорувањето на Лидијците од Кир Велики,[16] како и на атинските ludopatheis, чие однесување и облека ги прават неважни географските и етичките граници меѓу Хелада и Истокот.[17] Херодот го постава Александар некаде меѓу нему современите Атињани и Лидијци; тој можеби ги убива пратениците како што тоа би го направил секој заштитник на хеленскиот морал, но давајќи ја сестра си како поткуп или отштета, поскоро размислува како Лидиец,[18] или дури како Тракиец.[19] Наспроти сите обиди на историографот да го прикаже Александар, ако не како Хелен, тогаш барем како филхелен, однесувањето на младиот крал / престолонаследник укажува дека е сепак поблизу до „меѓата“ со истокот, отколку до Хелада, ако не и до вистинскиот барбарски свет.

● *На половина пат до барбарството.* – Како што видовме, оваа епизода загатнува сериозни прашања во врска со македонските обичаи; настрана сиот баласт во текстот, крајниот заклучок е дека,

[16] Hdt. 1.155.4: Лидијците ќе им бидат покорни на Персијците ако носат хитони под облеката, ако обуваат чизми, ако ги учат синовите да свират на китара и на харфа и ако тргуваат на ситно; *cf.* Kurke, 1999: 168.

[17] Треба да се издвои мислењето на Проева, 1997: 174-176. Авторката толкува дека приказната за преоблекувањето има култна заднина и, според неа, во приказната е прикажан ритуалот на сексуално преправање со кој се обележувал преминот од детство во зрелост, а кој во Македонија бил поврзан со култот на Дионис Псевданор; *cf.* Polyaen. 4.1; *Etym. Mag.* 587.53; Hesych., *s.v.*.; како и Macurdy, 1913 и Dillon, 2001: 147. Се разбира дека ова може да се прифати; но, тука е важно токму тоа што Херодот утилитарно ја претставува оваа случка на сосем поинаков начин. Со други зборови, потеклото (или идејната подлога) на приказната воопшто не е спорна; предмет на нашиот интерес е зошто и во кој облик ја користи Херодот.

[18] *Cf.* Hdt. 1.94.1: „Лидијците имаат обичаи многу слични на обичаите на Хелените, ако се исклучи она – женските деца да тргуваат со своето тело“. Сепак, тука Гигаја не тргува со своето тело, туку е дадена од нејзиниот татко или брат, што би можело да означува само династичко „тргување“, т.е. династички брак.

[19] *Cf.* Hdt. 5.6.1: „Другите Тракијци имаат ваков обичај: децата си ги продаваат во туѓина“. Во овој контекст, важно е дури и името на Гигаја, сестрата на Александар. Пред сè, нејзиното име кај Херодот повторно ја врзува македонската традиција со малоазиската, зашто уште во „Илијадата“ се спомнува „Гигајско езеро“ во Мајонија (*Il.* 2.865, во каталогот на сојузниците на Тројанците; *cf.* Kirk, 1985: 260, *ad loc.*). Понатаму – и уште поважно – и Херодот раскажува за езерото што Лидијците го нарекуваат „Гигаја“, а се наоѓа близу гробот на Алијат крај Сарди (1.93.5), и токму на ова место Херодот решава да ни раскаже за проституцијата на децата во Лидија. Ова би можело да се толкува како уште еден обид на историографот да ја „врзе“ Македонија за малоазиската културна сфера, особено ако се земе предвид традицијата на поистоветување на Пајонците и малоазиските Мајонци.

за Херодот, обичаите и однесувањето на Македонците не се толку блиски со хеленските, но затоа имаат релативно издржани паралели со некои нешта што претходно ни беа кажани за Тракијците, Лидијците и Персијците. Изгледот и текот на гозбата, однесувањето на Александар, театралноста на чинот на убиството и, од друга страна, нелогичниот след на настаните по него, не само што не можат да нè убедат дека Александар е (фил)хелен и има „проевропска" политичка агенда, туку фрлаат уште повеќе сомнеж и врз неговите постапки, и врз него како драмски лик. Ако историографот сакал, уште при првото појавување на Александар, да нè убеди дека станува збор за еден антиперсиски/прохеленски настроен лик, тоа не му успева во целост, зашто многу од она што е кажано за него за и неговите постапки покажува нешто сосема друго. Истото важи и за неговите Македонци. Фокусот на раскажувањето почива врз дихотомијата Исток/Запад, но од она што може да се прочита, дел од македонските општествени конвенции на Хелените би им изгледале еднакво тирански и барбарски, колку и персиските.

Но, да го оставиме однесувањето на Александар. Дури и местото на оваа епизода како наративна спојка меѓу персиските дејствија на север и исток, и нивното подоцнежно ширење кон запад, навестува дека обидот на едноставен начин да се прикаже судирот меѓу Истокот и Западот (или меѓу тиранското и слободното) ќе биде недоволен и недоречен, особено во поглед на политичката и стратегиската состојба што се развива пред наши очи. Ваквиот обид нема намера да даде некакво суштинско објаснување за овој судир, туку поскоро служи како начин да се (пре)испита дали Македонија му припаѓа на хеленскиот свет – прашање што можеби е важно за Херодот и за неговата публика, но нема речиси никаква важност за собитијата што ги испитуваме. Затоа, обидот да се инсистира на дихотомијата хелен/барбарин во овој случај изгледа како сосем произволен, а прашањето дали Македонија на Херодот има хеленска или персиска суштина, ја промашува својата цел.[20] Ако Херодот воопшто успева нешто да докаже, тоа е токму фактот дека има и трета етничка, политичка и етичка категорија на народи и земји, кои никогаш нема да бидат сосем барбарски за Хелените, но и никогаш нема да станат органски дел од хеленското битие.

● *Во потрага по вистината.* – Ако се има предвид сè што беше кажано досега, станува повеќе од јасно дека, и покрај живото

[20] *Pace* Fearn, 104, кој сепак цени дека прашањето заслужува одговор, и еднакво одговара со ставање на Македонија во „трета" категорија.

раскажување и пластичноста на текстот, зад приказната за гозбата не би требало да бараме реален настан. Во спротивен случај, би биле принудени да реконструираме случка во која извесно персиско пратеништво навистина дошло во Македонија и уживало во еден прилично „источен“ симпосион, при што млади припадници на македонското благородништво биле облечени и се однесувале на начин кој Хелените би ги асоцирал на Истокот, и дека сите овие постапки можеби и не им биле присушти на Македонците, туку тие со нив му искажувале почест и верност на Големиот Крал.[21]

Не треба посебно да се нагласува дека ова би било мошне сомнително; тоа, имено, е единствениот начин да се раскаже оваа приказна, а притоа да се постигне буквално сè што сака историографот: прво, да си поигра со различните обичаи кај Македонците и Персијците, како што тоа претходно го направи со Пајонците и „другите Пајонци“; веднаш потоа, суптилно да ја прикаже внатрешната разлика меѓу обичаите на Македонците и она што се цени како „нормално“ кај Хелените; со тоа да го оправда сместувањето на Македонците (и на Пајонците) во „епизодите на меѓата“, заедно со Тракија, Лидија, Карија, можеби и Кипар; но, во исто време сепак фантастично да ја вклопи приказната за филхеленството (а подоцна безмалку и хеленството), на Александар I.

Сосем е извесно дека гозбата и убиството се настани што никогаш не се случиле; всушност, и Херодот кажува дека заедно со несреќните Персијци исчезнале и сите траги за нивното постоење – што не е прв ваков пример во петтата книга, која изобилува со настани за кои нема никаква трага или доказ.[22] Како што рековме и погоре, има општа согласност дека тука имаме случај на измислена епизода, чија единствена цел е да ги ослободи Македонците и Александар од обвинувањата за медизам, на кои би биле изложени по заминувањето на Персијците. Таа може да почива врз изворна македонска пропаганда, или пак, што е поверојатно, да биде плод на политичката агенда на историографот.[23] Ако, пак, ја исклучиме епи-

---

[21] *Cf.* Fearn, 2007: 115 sqq.

[22] Освен овие Персијци, за кои не може да се посведочи или докаже ниту нивното доаѓање, ниту пак исчезнувањето, вреди да си приспомнеме на Хистијај, кој во 5.11 го добива, а во 5.23 го губи Миркин без понатамошни последици, како и на Пајонците, кои беа депортирани, а потоа се вратиле дома, остварувајќи придвижување рамно на нула кое, притоа, не може да се потврди со ништо. Патем, повторно во истава книга, никако не може да се потврдат обидите на Спарта да постави тирани во Атина (Исагора во 5.73-76, Хипија во 5.90-93).

[23] Grundy, 1901: 68 оди уште подалеку и тука гледа обид за глорификација на проксенот Александар I пред атинската публика. Другите истражувачи се поумере-

зодата од остатокот од текстот, останува недвосмислено само она што непосредно ѝ претходи, и она што ја затвора: Персијците доаѓаат кај македонскиот крал за да бараат земја и вода, а си одат со неговата ќерка Гигаја, како печат и потврда за соработката што ќе трае сè до пропаста на последниот голем персиски напад врз Хелада.

## Приказната, лишена од хероизам

Од сето ова, произлегува дека околу 510 ст.е. – по истиснувањето на Пајонците од долното течение на Аксиј, а пред (или во време на) заминувањето на Дареј од Сарди, се случил чин на формализирање на односите меѓу кралството на Аргеадите и Персија. Би можело да се каже дека, во дадениот политички момент, ова им одговарало и на едните, и на другите. Аргеадите воспоставиле врски и добиле појасна слика за новиот, моќен сосед, со воспоставањето официјални односи добиле подобар увид и во силата, и во намерите на Персија, а во крајна линија – Македонија не била следната цел во персиската воена програма, што само по себе е мошне важно постигнување, ако се земат предвид сите случувања од Пропонтида до Аксиј. Од друга страна, добивка имале и Персијците. Нивните нови, сè уште свежи и не сосем обезбедени територии добиле цврста западна граница, па не требало да се трошат дополнителни средства и луѓе за поголема будност, или за понатамошни пробиви во текот на истиот поход. Освен тоа, не може да се каже дека, во текот на походот, Персијците склучиле многу нови пријателства, па ако се набљудува состојбата на теренот, пријателството (или сојузништвото, или дури и покорноста) [24] на Аргеадите секако добива на значење.

Ваквиот след на настани изгледа логично и точно, но мора да се признае дека главна подлога за ваквите постулати е исклучиво она што го раскажува Херодот. Но, како што покажавме повеќепати, хронологијата на персиските активности во Европа не е уточнета, зашто нема точни, туку само приближни податоци; тоа важи и за епизодата со персиските пратеници, која не е точно датирана со друг извор, а има и аргументи против нејзиното датирање во 510 год. ст.е. Затоа, ќе разгледаме дали е можно оваа епизода да е анте-

ни; *cf.*, меѓу другите, Burn, 1984: 303; Borza, 1990: 102; Badian, 1994; Проева, 1997: 40.

[24] *Cf.* Grundy, 1901: 68: „It is, however, a doubtful question whether the 'submission' was very real". Brosius, 2006: 22 зборува за „alliance with Persia", а го избегнува поимот „submission". *V.* и Borza, 1990: 103; Проева, 1997: 85; Проева, 2004: 149.

датирана по грешка, и дали има издржани аргументи таа да се префрли во подоцнежно време.

● *За можното антедатирање.* – Еден од главните аргументи против датирањето на епизодата во 510 год. ст.е. се потпира не врз изворните податоци, туку, би се рекло, врз здраворазумска логика и врз набљудување на она што се случува подоцна. Имено, станува збор за тврдењето дека треба да се земе предвид географската положба на територијата што ја контролирале Аргеадите во тоа време: кралството на Аргеадите би имало некаква геополитичка, стратегиска и логистичка важност за Персијците само во контекст на персиското навлегување во копнена Хелада од север. Ако нештата се набљудуваат во ваква рамка, вистина е дека територијата од брегот на Аксиј, до брегот на Халиакмон, во 510 год. ст.е. нема никаква употребна вредност за Персијците. Ако се прифати становиштето дека политичките потези на Персијците се проактивни, тогаш воспоставањето врски, сојузништво или контрола врз Аргеадите би значело дека Персија има на ум мошне скорешна војна против Хелените – а тоа, како што може да се согледа од настаните во 510 год. ст.е., е исклучено.

Па сепак, против ова можат да се издвојат неколку јасни аргументи, што произлегуваат од изворните податоци со кои располагаме. Прво, да се размислува за Аргеадите само во контекст на персиските логистички потреби, значи да се падне право во стапицата на Херодот, кој токму на тој начин и го претставува македонското кралство – преку неговите контакти со Персија. Ако се прифати такво исклучиво гледање на нештата, тогаш и персиското навлегување во Тракија би можело да се оправда само со планот за напад на Скитија. Дали, тогаш, нападот врз Скитија треба да се оправда со некаков планиран напад врз централна Азија? Персиското навлегување, освојување или едноставен контакт со некоја територија не може да се толкува само како проактивно пројавување на идна цел, особено во ситуација кога не можеме да го уточниме ни редоследот на настаните, а не пак со сигурност да расправаме за идни политички цели.

Но, да дозволиме за момент дека тоа е можеби така. Дури и ако прифатиме дека воспоставањето односи со македонското кралство било резултат на некаква проактивна персиска политика од 492 ст.е., подоцнежните настани сведочат дека дури и тогаш Персијците немаат непосредна логистичка потреба од кралството на Аргеадите. Во 490 год. ст.е. Персија презема потфат насочен против Атина, на што јасно укажува поморскиот правец на експедицијата на Датис и Артаферн – од Мала Азија, право кон Еретрија и Атина, без да се на-

паѓаат други Хелени.[25] Решението да се тргне против Хелените по копно, од север кон југ, е одговор на мошне сложената новонастаната ситуација по персискиот пораз кај Маратон, а замислата (ако може да му се припише на Дареј I) би созреала меѓу 490 и 486 год. ст.е., што значи дека приговорите со кои се оспорува датирањето на епизодата во 510 год. ст.е. – релативната логистичка „неупотребливост“ на Македонија – еднакво би важеле и за 492 год. ст.е.

Понатаму, датирањето на епизодата со пратениците во 492 год. ст.е. би предизвикало значителни проблеми во врска со имињата и иконографијата на епизодата; во тој случај, ќе мора да се претпостави дека Херодот ги сменил дури и имињата на сите главни актери, со што можеби ќе му се припише преголема обмисленост во „прикривањето“ на вистинските факти. Како што видовме, во приказната на Херодот, Мегабаѕ бара земја и вода од Аминта, во името на Дареј; во 492, земја и вода веќе би барал Мардониј, а Аминта воопшто би го немало.[26] Во 510 год. ст.е., Гигаја му е дадена на Бубарес,[27] што добро кореспондира со севкупната состојба, зашто Бубарес е син на главниот заповедник на персиските операции, човек близок до персискиот дворец и роднина на кралот; во 492 год. ст.е., Гигаја би требало да му се даде на некој близок роднина на Мардониј, зашто неговиот син Артонт сѐ уште бил премногу млад за такво нешто. Најпосле, тоа би значело и да се оспори податокот дека Аминта, посведочен како син на Бубарес и Гигаја, бил тиранин на градот Алабанда во Карија.[28]

---

[25] *Pace* Grundy, 1901: 72, кој мисли дека Персија не можела да си дозволи поголем потфат поради ограничувањата во поморскиот транспорт; сепак, останува фактот дека Персијците не се ни обиделе да преземат нешто по копно.

[26] Овој проблем веројатно бил забележан уште во античко време, зашто резултирал со две паралелни традиции; имено, втората традиција ја дава византискиот хроничар Синкел, кој бележи дека токму Александар, а не Аминта, му дал земја и вода на Дареј (*Sync.* p. 469, Dindorf). Како овој одраз на дамнешните случувања стасал до Синкел – секако, ако претпоставкава во основа е точна – е проблем што бара многу поподробно истражување. How & Wells, *ad loc.*, се обидуваат да ја зачуваат дихотомијата: Аминта ги гоштева Персијците, а Александар ја дава Гигаја; но, авторите признаваат дека ова е можно само ако читателот *не инсистира* дека тоа се случило *ou pollō hysteron*, „не многу подоцна“, зашто период од најмалку 12 години не може да се опише на овој начин. Овој израз стои во текстот, и не може едноставно да се игнорира; но, и покрај тоа, Errington (1990: 10) инсистира дека свадбата се случила во 492 год. ст.е., без воопшто да се осврне врз проблемите во хронологијата. Проева (1997: 85; 2004: 149-151; 371) го датира настанот меѓу 498 и 492 год. ст.е.

[27] Посведочен во 5.21, 7.22 и 8.136; значи, не станува збор за hapax.

[28] Hdt. 8.136; *cf.* 7.195.

Уште една работа што треба да се има предвид, се територијалните придобивки на кралството на Аргеадите по пропаста на пајонската превласт на Аксиј. По 510 год. ст.е., Аргеадите веќе контролираат територии преку реката, во правец на Халкидик, за што сведочи епизодата со Хипија, синот на Пејсистрат: [29]

> Кога Хипија заминал оттаму [*sc.* од Атина], Македонецот Аминта му го нудел Антемунт, Тесалците му го давале Јолк, но тој не го прифатил ниту едното ниту другото, туку се повлекол назад во Сигеј, кој Пејсистрат го имал одземено од Митилејаните со оружје.



*Антемунт, поглед од правец на Терма*

Прашањето за начинот на кој Аминта добива контрола врз Антемунт е предмет на многубројни спекулации. Хамонд, на пример, толкува дека територијалните проширувања на Аргеадите на сметка на македонските племиња биле персиска „награда“ за верноста и за покорувањето, и дека токму Персијците му дозволиле на Аминта да се прошири во западна Мигдонија.[30] Но, без оглед како

---

[29] Hdt. 5.94.1

[30] Hammond & Griffith, 1979: 59. Хамонд тврди дека Аминта ги добил Амфакситида, Антемунт и Термајскиот залив, (што не е спорно, освен тврдењето дека биле „персиски подарок“), но тука ги става и средна Амфакситида и Пела, што очигледно се должи на неговиот некритички пристап кон Thuc. 2.99 и инсистирањето дека оваа глава е реален приказ на ширењето на македонското кралство. Ако се земат предвид персиските придвижувања и опсегот на нивната територијална контрола на крајбрежјето, невозможно е да се тврди дека Пела е добиена како персиски „подарок“; *cf.* Проева, 1997: 40-43. *Contra* Hatzopoulos & Loukopoulou, 1992: 23; според авторите, понудата на Антемунт не е никаков

ќе го толкуваме и објасниме ширењето, ако го датираме пратеништвото во 492 год. ст.е., припадноста на Антемунт на македонското кралство нема да може да се објасни никако, освен со конјектура која нема подлога во изворните податоци. Ако Аминта влегува во Антемунт околу 510, а првиот контакт меѓу Аргеадите и Персија се случува во 492, тоа би значело дека Аргеадите, како нова политичка сила со која Персијците сè уште немаат воспоставено никакви односи, се шират во непосредното соседство на новите персиски освојувања во тек на петнаесетина години, а сето тоа се случува без никаква реакција ниту од Дареј, ниту од персиската војска – што би било сосема неверојатно.

Поради сево ова, би се рекло дека датирањето на првиот официјален персиско-македонски контакт најдобро се вклопува во целосниот кадар на настаните ако се датира во 510 год. ст.е., и тоа е сè што може да се постигне додека ги имаме на располагање само податоците од Херодот.

● *Неколку логистички заклучоци.* – Очигледно е дека, кога станува збор за првите персиски дејствија во Европа, недоумиците што го мачат современиот историчар се многу побројни од веродостојните факти. Последната и, веројатно, најголема недоумица се однесува на крајните граници на персискиот интерес во првиот европски поход. Дали интересот и амбициите на Персијците завршувале на брегот на Стримон, или на брегот на Аксиј? Дали крајната точка на интерес била Пајонија или Македонија, или пак нивните намери биле поголеми, а сработеното останало на половина?

Веќе зборувавме за временските определници на персискиот поход, но добро е да ги уточниме уште еднаш. Според традиционалната верзија на текот на настаните, на Скитскиот поход била потрошена целата бојна сезона во 513 год. ст.е., по што Дареј се повлекол во Мала Азија, а Мегабаз бил оставен во Тракија. Ако работите не се одвивале паралелно (а видовме дека тоа никако не може да се докаже), тогаш на Персијците им биле потребни две години за понатамошните дејствија: бојната сезона во 512 год. ст.е. за да обезбедат апсолутна контрола врз Хелеспонт и безбедно да се придвижат кон запад, а онаа во 511 год. ст.е. за да го заокружат војувањето на тракомакедонското крајбрежје и да стасаат до кралството на Аргеадите. За 511/0 не останува ништо друго, освен воспоставањето односи со

доказ дека Аминта ја контролирал таа област, и поскоро станувало збор за „un plan d'occupation commune"; сепак, не е јасно како и со што прогонетиот тиранин би придонел за ваквата окупација – и, ако бил доволно моќен да го постигне тоа, зошто би прифатил „occupation commune".

Аминта I.[31] Потоа Дареј заминува во Суса, што може да значи само едно – дека кралот го префрла своето внимание на некој друг дел од кралството и дека, што се однесува до него, агресивното војување на европска почва е приведено кон крај. Овој факт укажува дека, во рамките на овој поход, отпаѓаат какви и да е претпоставени дејствија подалеку на запад или кон Хелада, а претпоставените цели на Персијците се ограничуваат на тракомакедонското крајбрежје.

Ако, пак, му пристапиме на овој проблем од аспект на стратегијата и на територијалните придобивки на Персијците, тогаш би рекле дека нивниот непосреден интерес во ова време би можел да се ограничи на плодните и богати области меѓу Хелеспонт и Стримонскиот басен. Станувало збор за територии што биле одличен извор на суровини, а освен тоа, имале и сосем погодни пристаништа, од кои Персијците би можеле да контролираат значителен дел од пловидбата низ северниот Егејски басен. Ако, пак, се точни и претпоставките за економската важност на коридорот кој водел од Дориск кон долината на Хеброс, а овозможувал лесна комуникација со внатрешноста на Тракија, тешко може да се замисли аргумент поради кој, во тој момент, Персијците би тежнееле да одат подалеку на запад. Ако работите стојат така, пресметката со Пајонците е лимитрофна (што е сосема логично), а можните излети до Аксиј сведочат само за засилена воена контрола на новата меѓа, а никако за некаква активна воена цел.[32]

Во прилог на ова зборува и фактот што, сè до походот на Мардониј дваесетина години подоцна, меѓу Стримон и Ехедор (а да не зборуваме за Аксиј) не е спомната ниту персиска посада, ниту пак поморска база. Најпосле, поморската катастрофа на Мардониј во 492 год. ст.е., а особено проблемите на неговата копнена војска,[33] сведочат дека Персијците не ги контролирале пристапните морски патишта западно од Стримон, ниту пак имале значително логистичко присуство на Халкидик. Ако имале постојани упоришта, или барем ако дејствувале на потегот меѓу Стримон и Аксиј, Персијците во некоја прилика би морале да навлезат и на Халкидик, но сè до 492 год. ст.е., таму нема ни трага од нив.[34]

---

[31] На пример, ваквото датирање е прифатено кај Hammond & Griffith, 1979: 58; Borza, 1990: 103; *cf.* Cawkwell, 2005: 52.

[32] *Cf.* Bury, 1912: 240, кој тврди дега Мегабаѕ ја раширил персиската власт „сè до Стримон, а само номинално и подалеку на запад". Исто е и кај Bury & Meiggs, 1978: 153.

[33] Hdt. 6.43-45.

[34] Можен аргумент би било повлекувањето на војската поради Јонското востание во 499 год. ст.е., за што ќе стане збор подолу; сепак, во целата епизода за невољи-

Накусо, ако се одмерат сите факти и можни претпоставки, нашата најоснована претпоставка би била дека Персијците немале ниту време, ниту интерес, ниту пак можности да размислуваат за пробивање на запад подалеку од линијата Дисорон-Берга-Аргил,[35] а нивните дејствија не покажуваат дека логистиката одела подалеку од Стримонскиот басен. Врските со кралството на Аргеадите биле во функција на обезбедување и разграничување, што значи дека, освен воспоставањето официјални односи, двата политички ентитети сè уште немале активно и непрекинато содејство на ниту едно поле. Но, иако првичните односи меѓу нив биле речиси целосно посредни, и двете страни немале причина да не бидат задоволни од зделката.

---

те на Мардониј има одреден стилски призвук на novum, кој може да се спореди со начинот на раскажување кога Персијците навлегуваат во некоја нова, дотогаш неосвоена област.

[35] *Contra* Fol & Hammond, 1988: 246, кои тврдат дека Персијците намислиле нивната граница да лежи токму на Аксиј, „зашто големата река образувала граница што може да се брани“. Во тој случај, Аминта никако не би смеел да нуди нешто што лежи на персиска територија, а ако веќе спекулираме за границата и нејзината одбрана, би очекувале и оставање на стационарни посади; но, такви не се посведочени западно од линијата што ја спомнавме во текстот.

# VI
# ЦРТИЧКИ ЗА НОВИОТ ПОРЕДОК

Политичкото устројство на „новите земји“. – *Новиот „хипарх“ и неговото кралство. – Пејсистратидите и Пангај. – Аргеадите и Атина. – Неволјите на Хипарх и Хипија.* – Хелените и новите пријателства. – *Медизмот, тогаш и сега. – Персискиот танц на Атина.* – Персискиот New Deal. – *Јонија: напредок или пропаст? – Moribunda resurgunt. – Тасос, Абдера и јонските ковници. – „Општата монетизација“ на персискиот запад. – Призракот на покорувањето.*

## Политичкото устројство на „новите земји“

Без оглед дали станувало збор за консензуално преземање на контролата, или пак за освојување со војна, Персијците обично се грижеле да ги устројат работите така, што не ќе мора да стравуваат од реакциите на населението на новоосвоените територии. Ова несомнено важи и за териториите во Европа по завршувањето на првиот дел од копнените операции. Во продолжение, ќе го разгледаме новиот статус на сите политички единки засегнати од дејствијата што ги опишувавме досега, а поради сразмерно малиот број изворни сведоштва, ќе ги испитаме и економските правилности и поместувања на преминот од VI во V век ст.е., кои можат да послужат како убаво дополнение на политичката слика.

Како што видовме погоре, Хелените што му биле верни на Големиот Крал и дале придонес за персиската кауза биле богато наградени. Веќе стана збор за тоа дека Хистијај и Коес можеле да си одберат награда за нивната верност. Без оглед колку среќно или несреќно завршил нивниот избор, Коес добил тиранида во Митилена; Хистијај, пак, најпрвин го добил Миркин, а подоцна и советничко место во Суса, веднаш до кралот.[1]

Што се однесува до Персијците, изворите кажуваат дека Артаферн, братот на Дареј, бил назначен за сатрап во Сарди, а некојси

---

[1] Опширна анализа на политичките случувања во оваа деценија, но со многу конјектури и реконструкции, дава Cuyler Young, 1988: 67-70; *cf.* и Burn, 1984: 127-139. За жал, секој приказ на важната прва фаза од персиското навлегување во Европа мора да се заснова врз класичните извори, главно врз Херодот.

Отан – можеби истиот што го освоил Самос – станал негов заменик во областите на северното малоазиско крајбрежје.[2] Кусо време потоа, овој Отан го презел воеnото заповедништво од Мегабаs и ги ставил под персиска контрола сите важни градови, полиси и острови во северниот егејски басен и во морските теснеци, со што го завршил потфатот што го започнал неговиот претходник. Со привршувањето на воените дејствија во овој поход,уследил период на мир, а непријателството меѓу Персијците и Европа навидум стивнало, уште пред сосем да пламне.[3]

● *Новиоӣ хиӣарх и неīовоӣо кралсӣво.* – Доаѓаме и до кралството на Аргеадите. Како што видовме, тие според сè му дале земја и вода на перискиот крал; но, сега е поважно тоа што стариот Аминта I, во единствениот изворен текст со кој располагаме, е наречен „маж Хелен, хипарх на Македонците“.[4] Нема потреба да се задржуваме врз етничката определба што Херодот му ја пришива на Аминта, зашто тоа е предмет за една сосем поинаква студија; но, треба да нè заинтересира зошто Херодот го користи поимот „хипарх“, и дали тоа би значело дека кралството на Аргеадите уште во 510 год. ст.е. добило статус на покорена територија и/или административна единица во персиското кралство.[5]

Како што стојат работите, Аминта I во ова време сè уште бил носител на државноста и крал на Македонците; во однос на Персијците, најмногу што може да се дозволи е дека бил еден вид подреден владетел, кој во поглед на надворешната политика се нашол во „подреден сојуз“ со Ахајменидите.[6] Дека состојбата речиси сигурно била таква, сведочи тоа што во 510 год ст.е. нема никаков показател,

[2] Инаку дел од сатрапијата во Даскилеј, која веројатно била подредена на Сарди; *v.* подолу.

[3] *V.* Hdt. 5.28: „Потоа неволите попуштиле...“ зборови што навестуваат дека дури ни историографот не ги сфаќал овие дејствија како војна во полн обем, иако на други места пишува за наводните намери на Персијците да ја покорат Хелада уште од почетокот.

[4] Hdt. 5.20.4.

[5] Ова би било така само ако ја прифатиме вообичаената пракса на размислување, според која поимот „хипарх“ е еднаков на „сатрап“; но, како што ќе видиме наскоро, поистоветувањето на овие два поими не е толку едноставно.

[6] *Cf.* анализата на Balcer, 1988: 6; 8 sqq. Персискиот крал, како претставник на Ахура Мазда задолжен да ја шири неговата мудрост кај „неверниците“, никогаш не би можел да потпише и официјализира рамноправен сојуз; токму тоа е затскриено зад барањето земја и вода, кое во основа може да претставува и договор за соработка, но со јасно разграничување дека врвниот авторитет почива кај кралот на Персија.

поради кој би помислиле дека кралството на Аргеадите било покорена територија или, дури, административна единица. Македонското кралство не е спомнато како покорена држава на ниту еден кралски запис на Ахајменидите. Сè што може да се прочита таму, а би се однесувало на периодот по дејствијата на Мегабаѕ во Европа, е дека далеку на запад покорност искажале Yauna, „Јонци“. На споменициите се среќаваат и други изрази: на староперсискиот текст на јужниот ѕид во Персепол се спомнуваат народи paradraya,[7] „прекуморски“, а на друг натпис во Суса се спомнуваат „прекуморски Јонци“.[8] Мошне е веројатно дека со ова име се покривала вкупноста од сите Европјани и Хелени, која ги вклучувала и Јонците, но и Тракијците (подоцна одделени како Skudra) и Македонците (подоцна Yauna Takabara).[9] Но, тоа точно сведочи дека освојувањата имале толкав елемент на novum во очите на персиските официјални писари, што сите новоосвоени (или новосретнати) народи на запад сè уште се означувале со името на најзападните дотогаш – Yauna; тешко е да се поверува дека персиската администрација – ако навистина ги покривала европските територии – би прифатила такви општи и неодредени поими за разграничување на новите даночни поданици.

Каква и да е вистинската природа на овие поими, нема причина Македонците да се стават експлицитно во рамките на персиската административна сфера. Аргеадите дале земја и вода, со што прифатиле еден вид подреден, но сепак привилегиран статус; овој статус обично се означува како „вазалски“, но всушност е смисловно поблизок до политичко покровителство или протекторат.[10] Барањето земја и вода бил вообичаен прв чекор со кој се пристапувало онаму, каде не можела да се воспостави непосредна воена и политичка контрола,[11] а давањето земја и вода значело дека политичкиот субјект не е непријател, туку напротив, на него можело да се смета и во текот на идните освојувања. Во суштина, станувало збор за еден вид договор заснован врз верба, заклетва и меѓусебен интерес, запечатен под покровителство на Ахура Мазда;[12] токму овој договор им

[7] *V.* Cameron, 1943, но и Cameron, 1973, каде поимот „земји“ е поправен и заменет со „народи“; *cf.* Kent, 1953, *DPe* 12-15: Yauna tyaiy uskahya uta tyaiy drayahya uta dahyava tya paradraya...

[8] *DSe* 28-29; *cf.* Kent, 1953, *ad loc.*

[9] *Cf.* Balcer, 1988: 10. Ова се потврдува и со Аристофан, за чиј персиски пратеник во „Ахарњанките“ сите Хелени се „khaunoprokt’ Iaonau“; *v.* Brandestein, 1964 и особено Willi, 2004.

[10] На пример кај Balcer, 1988: 11.

[11] *Cf.* Kuhrt, 1988.

[12] Подетално за ова кај Castritius, 1972: 2; *cf.* и Orlin, 1976.

овозможил на Аргеадите во следните две децении да уживаат автономен статус и, што е најважно, да останат надвор од сферата на сатрапии.[13] Се чини дека, во случајот на Аминта, поимот „хипарх“ не е искористен за да го означи како персиски сатрап или управител, туку за да го различи од поимот „басилеј“ – зашто, со прифаќањето на договорот со Персија, тој прифатил и да му се ограничи независноста во водењето на надворешната политика.

Ваквата ограничена независност на Аминта би морала да подразбира и некаков персиски систем за контрола на неговите постапки, настрана од добрата волја, совеста, или пак стравот на македонскиот крал. Затоа треба да се земе предвид и реалното, физичко присуство на Персијците, ако не во кралството, тогаш барем во географска Македонија. Според сѐ што може да се прочита кај Херодот, персиски посади имало само во Дориск и во Ејон.[14] Дориск, на устието на Хеброс, се вбројувал во териториите низ кои минал Дареј на враќање од Скитија;[15] оваа клучна тврдина им останала лојална на Ахајменидите сѐ до крајот, и била последната загубена територија во Европа.[16] Ејон, пак, имал клучна улога во контролата на долното течение на Стримон, но и на племињата што ја населувале таа територија. Во 492 год. ст.е., Ејон веќе бил изграден и ја извршувал својата функција, па можеме да спекулираме дека бил основан во првата претходна прилика – значи, во времето на дејствијата на Мегаbas, можеби по судирот со Пајонците.[17] Во секој случај, освен за овие две места, немаме податоци за други постојани персиски посади разместени по 510 год. ст.е. Ова покажува дека персиската војска била близу, но не преблизу до кралството на Аргеадите – можеби

[13] Contra Hammond & Griffith, 1979: 58-69, кои тврдат дека Македонија веднаш била вклучена во империјалната организација под сатрапијата Скудра; за поодмерен пристап, *cf.* Balcer, 1984.

[14] За Дориск, *v.* Hdt. 7.59.1; 7.105.1; 7.106.2; за Ејон, Hdt. 7.107.1; 7.113.1; 7.118.1; Thuc. 1.98. Посадата во Дориск секако била поставена за време на дејствијата на Мегабаs, но нема начин да дознаеме дали тоа се случило на почетокот, или пак на крајот на неговиот поход.

[15] Hdt 7.59.1.

[16] Во врска со ова, Balcer (1988, 15) правилно заклучува дека, ако некое населено место воопшто имало традиција, поволна положба и можност да служи како управен центар – па дури и сатрапско средиште – на териториите во Европа, тоа поскоро би бил Дориск, одошто Сестос; но, и авторот признава дека за такво нешто во античките извори нема ниту збор.

[17] Balcer, 1988: 14. Ако ова е точно, во тој случај постигањето на Мардониј во 492 год. ст.е. не би се состоело само во тоа што ги преосвоил и обезбедил поранешните територии на Мегабаs, туку и што со активна војска се пробил западно од Ејон, што би било novum.

затоа што тие во тоа време немале причина да бидат незадоволни од политичката зделка, па и можноста за бунт била сосем мала. И, оваа приказна би можела да заврши тука, да не требаше да се земат предвид и интересите на Хелените.

● *Пејсистратидите и Пангај.* – Хелените за првпат стасале на Тасос, во долниот тек на Стримон и на т.н. „тасоска перaја“ следејќи ги ударните фојникиски трговски правци.[18] Близу Амфипол се најдени траги од хеленско светилиште од VI век ст.е. Во Ејон е најден епиграм на пароски дијалект, посветен на некој си Токес, кој паднал во бој за градот;[19] наодот е датиран меѓу 525 и 490 год. ст.е., што укажува дека на преминот од VI во V век, освен Тасос, дури и старата метропола Парос сè уште покажувала голем интерес за оваа област. Малку подалеку кон исток, но повторно близу Пангај, кај Галепсос се ископани наоди од доцниот VII и раниот VI век ст.е., а во Ојсима е откриен мал диптерон од VI век ст.е. Во најстарите гробови е најдена керамика датирана од 650 до 625 год. ст.е., а од истиот период датираат и најраните наоди од Неаполис (Кавала).[20] Воопшто, со ископувањата во поширокaта околина на Пангај се откриени траги на мошне рано хеленско навлегување во долниот тек на Стримон – што е особено интересно, бидејќи вакво нешто воопшто не е спомнато во наративните извори.



*Атинската војска, ваза од времето на Пејсистрат (според Bury: 1912)*

[18] *V.* Plin. 7.56; Clem. Alex. 1.16, 1.75; Strab. 14.5, 14.28.

[19] Lazaridis, 1976.

[20] Детална археолошка литература за поновите ископувања, како и опсежен преглед на состојбата, има во делото на Isaac (1986: 1-8), кое сè уште се користи; *cf.* и прегледот кај Loukopoulou, 1989: 61-65. За Ејон и Галепсос, *v.* и Koukouli-Chryssanthaki, 1990; за Неаполис, Pouilloux, 1954 и Piccard, 1990.

Уште од почетокот на VI век ст.е., хеленските колонисти активно се обидувале (и во извесна мера успевале) да основаат постојани населби и да го омеѓат Пангај од најмалку две страни. Во времето на персиското навлегување, на оваа територија се судирале интересите на еден поскорешен политички играч – атинскиот полис. Атинскиот интерес за крајбрежјето и планината Пангај датира од времето на тиранинот Пејсистрат, кој според античката традиција минал таму една цела деценија од својот живот. Иако овие области обично биле затворени за туѓинци, Пејсистрат успеал да воспостави контакти и да изгради однос врз меѓусебна доверба, па добил непосреден пристап до рудните богатства од Пангај.[21] Откако бил прогонет од Атина, Пејсистрат успеал да се врати и да ја задржи власта во градот благодарение на богатството што го немал ниту еден од неговите противници – ликвиден капитал во облик на нековано злато и сребро, секако, со потекло од тракомакедонското крајбрежје.[22]

Не можеме со сигурност да заклучиме дали богатството на Стримонскиот басен имало удел во надворешната политика на Атина во тоа време, или пак станувало збор за личен потфат на атинскиот тиранин. Но, нешто сепак може да се насети од податоците во наративните извори, кои ни го прикажуваат општиот развој на настаните. Имено, со одобрение и помош од атинскиот тиранин, постариот Милтијад најпрвин се зацврстил на европската страна на Хелеспонт и успеал да го стави под своја контрола Херсонес.[23] Не многу подоцна, Атина го зазела Сигеј во Троада,[24] а за тиранин бил пос-

---

[21] Cole (1978: 44) претпоставува дека Пејсистрат се обврзал дека ќе го воведе во Атина култот на Дионис, со кого Едонците биле митски поврзани. Сепак, тешко е да се каже зошто Едонците, особено во тоа време, би биле засегнати од ваквата понуда. Освен тоа, Херодот напоменува дека Едонците стекнале влијание во оваа област дури откако власта на Пајонците (во потесна смисла на зборот) била скршена од персиската воена сила. Слично размислување и кај Hammond & Griffith, 1979, 55. Поинтересна, но недоволно аргументирана претпоставка на Cole е дека имало врска меѓу Пејсистрат и стримонските племиња уште пред второто изгнанство; детално за ова кај Hodlofski, 1979: 20, n. 14.

[22] За важноста, функцијата и користењето на овој ликвиден капитал од нековани скапоцени метали, *v.* анализата на Bresson, 2001.

[23] Херодот (6.36) вели дека Милтијад, кој веќе не се согласувал со Пејсистрат, ги зел со себе сите граѓани што сакале да си заминат од Атина; сепак, тешко може да се прифати дека овој потег воопшто би можел да се спроведе во дело без согласност од тиранинот. Всушност, потфатот на Милтијад е во целосна согласност со надворешната политика на Атина во тоа време, па веројатно станува збор за претходно осмислена акција, која во традицијата е покриена од драмските ефекти на Херодот.

[24] Податоци за Сигеј има кај Херодот (5.94-95), Диоген Лаертиј (1.74) и Страбон (13C599); од стручната литература, *v.* особено Hansen & Nielsen, 2004: 1014 и *s. v.*

тавен синот на Пејсистрат, Хегесистрат. Откако бил обезбеден надзор врз влезот во тесниот проток од обата брега, Атина се здобила со моќна стратешка предност, зашто можела да го штити, дури делумно и да го контролира прометот со колониите на Понт; следствено на ова, би се рекло дека првична цел на Атина во времето на Пејсистрат била да се обезбеди непречена пловидба низ морските теснеци. Откако помладиот Милтијад ги ставил под атинска контрола островите Лемнос и Имброс (повторно во време на Пејсистрат), оваа задача била заокружена, а Атина го трасирала идниот „пат на житото“. Оттука, изгледа дека богатството на Пангај и Стримонскиот басен немале удел во атинската надворешна политика, барем на државно ниво; според сè, економските активности на тракомакедонското крајбрежје биле личен потфат и интерес на тиранинот, што подоцна сепак ќе се одрази и врз неговите наследници, и врз полисот во целина.

● *Аргеадите и Атина.* – Каков и да бил интересот на Пејсистрат, останува податокот на Херодот дека Александар I го уживал статусот на проксен и евергет на атинскиот полис.[25] Волис аргументирано докажува дека Атињаните имале односи со Аминта I,[26] што може да се прифати; но, тешко е да се каже дали Александар I ги наследил овие титули од татко му уште во 498 год. ст.е., или пак ги добил за сопствени заслуги.

Ако воопшто имало блиско пријателство меѓу Аргеадите и атинскиот полис, таквото пријателство морало да престане во 510 год. ст.е. Точно е дека Аминта I му го понудил Антемунт на Хипија, откако овој бил прогонет од Атина; но, овој гест на македонскиот крал бил упатен кон човек што, по прогонството, бил обичен граѓанин, имал добри односи со персискиот крал и, во крајна линија, веќе никако не можел да го претставува ниту атинскиот полис, ниту интересите на полисот. Ако веќе се суди според ова, факт е дека понудата на Аминта всушност би се одразила неповолно врз евентуално постојните односи меѓу Аргеадите и Атина. Освен тоа, во времето кога Александар го наследува престолот, не е спомнат никаков прекин во односите со Големиот Крал, ниту пак какво и да е приближување со Атина; инаку, Херодот никако не би пропуштил да го вклучи и тоа во приказните за филхеленството на Александар и за неговата срдечност со атинскиот политички врв.[27]

---

[25] Hdt. 8.136; *cf.* 8.143, двете места во врска со пратеништвото во име на Мардониј во 480/79 год. ст.е.

[26] Wallace, 1970: 199 sqq.

[27] *Cf.* Wallace, 1970: 201.

Известен број проксении во хеленскиот свет (на пример, онаа на семејството на Алкибијад и Спарта) биле наследни, но во овој случај немаме никаков доказ за тоа;[28] на пример, нема подлога да се претпостави дека, нешто подоцна, сите синови на Александар I, вклучувајќи го и Пердика, целиот свој живот биле проксени на Атињаните. Ако ја сфатиме проксенијата како акт со кој се формализира пријателство меѓу поединец и држава, јасно е дека од двете страни треба да постојат пријателски побуди. Иако е спроведена во дело со декрет на едната страна, ваквата зделка секогаш има две страни. Односите со Атина можеле да бидат воспоставени (или обновени) на обострана желба, а без навреда или судир со Персија, дури подоцна – или меѓу 496 и 493, или меѓу 486 и 483 год. ст.е. Проксенијата на Аминта, ако воопшто ја имало, можела да била возобновена само тогаш; но, тука навистина нема потреба за такви конјектури, зашто ваквиот след на настаните, иако е можен, не е поддржан експлицитно во ниту еден извор. Многу поедноставно објаснување е дека, за време на првиот или вториот период што го спомнавме, Александар склучил некаква зделка со Атина или воспоставил трговски односи – најверојатно за дрво за бродоградба – па бил соодветно награден со статус на проксен.[29] Проксенијата на Аминта пак, или треба да се занемари, зашто не е докажана, или пак да се сфати само како проксенија меѓу две семејства, а не и меѓу две политички единки.[30]

● *Неволјите на Хипарх и Хипија.* – Но, да се вратиме накусо во Атина. Пејсистрат умрел во 527 ст.е., а власта во Атина ја презеле неговите синови Хипарх и Хипија. Ако се суди од зачуваните извори, тие се обиделе да владеат со полисот во духот на политиката на

[28] *Cf. особ.* WALLACE, 1970, примерите 11 (Гностас од Војнунт), 22 (Аристомах од Опунтска Локрида) и 30 (Кимон и Тетал).

[29] Демостен (23.200) тврди дека македонскиот крал што им помогнал на Хелените во Грчко-персиските војни бил награден дури и со атинско граѓанство; псевдо-Демостен, пак, спомнува само ателија. GEYER, 1930: 44 претпоставува дека Александар I бил награден со проксенија и ателија дури по завршувањето на походот, откако официјално станал „филхелен“ и посветил златна статуа во Делфи; *cf.* Ps.-Dem. 12.21, Hdt. 8.121. Авторот тргнува од фактот дека подоцна сите проксении се придружени и од ателија, но WALLACE, 1970 тврди дека во ова време проксенијата е одделена од ателијата (*v.* примерите 5, 11, 17, 26 и 27).

[30] *Contra* ERRINGTON, 1990: 9, кој тврди дека Александар I ја наследил проксенијата од Аминта I и покрај прогонувањето на Пејсистратидите, „како уважување за долгите пријателски односи меѓу двете држави“; но, авторот ниту дава аргументи за ова, ниту пак објаснува кога биле воспоставени и од што се состоеле ваквите „долги, пријателски односи“.

нивниот татко; во прво време не се обидувале да изменат ништо, туку владееле умерено и ги почитувале атинските институции.[31] Па сепак, на Хипарх и Хипија им недостасувала политичката харизма и вештината на Пејсистрат, и тоа во мошне пресудно време. И нивната моќ, како и неговата, во голема мера зависела од надворешни приходи, но тие тешко успевале да се справат со новите чинители на внатрешниот развој – занаетчиството и трговијата, поради кои социјалната структура на градското население почнала да се менува. Тиранската власт на Пејсистратидите, а со неа и внатрешната состојба во Атина, станувала сѐ понестабилна. Идејата за возобновување на демократијата добивала сѐ поголем замав, а го достигнала врвот во 514 год. ст.е., кога мала група заговорници, предводена од Хармодиј и Аристогејтон, успеала да го убие Хипарх. Првичната реакција на Хипија била да го разоружа населението и да почне да го утврдува Мунихиј; понатаму, уследиле и многу подрастични мерки.

Разбирливо, бројот на незадоволните елементи во Атина и натаму се зголемувал, а надворешната положба станувала сѐ посложена: во овој миг, Атина била ранлива и одвнатре, и однадвор, па обидот за преврат бил само прашање на време. Начинот на кој Тукидид ја нагласува благоста на Хипарх и Хипија пред настаните со Хармодиј и Аристогејтон е можеби невообичаен,[32] но сите други извори укажуваат дека периодот што уследил бил многу посуров.[33] Аристотел го врзува ваквото однесување на Хипија со впечатокот што го оставиле врз него зборовите на измачуваниот Аристогејтон; Тукидид, пак, вели дека Хипија бил плашлив и дека погубил многу граѓани, а во исто време бил свртен кон надвор, каде очекувал спас во случај на преврат.

За несреќа, овој период на внатрешни превирања се совпаднал со персиското навлегување во Европа. Тоа, пак, создало дополнителни проблеми. Со персиските дејствија во 513/2 год. ст.е., Атина ја загубила контролата над Херсонес и Сигеј, со што Хипија веќе немал надзор над пристапот кон Црно Море. По персиското навлегување на територииите меѓу Нестос и Стримон, секнале личните приходи на Пејсистратидите од Пангај, со што биле оневозможени личните монетарни интервенции на тиранинот во атинската економија.[34]

---

[31] *Cf.* Thuc. 6.54.

[32] Thuc. 4.54.5-6; 4.57.2; *cf.* уште поблагиот Плутарх во *Hipp.* 229b.

[33] Hdt. 5.62.2; 6.123.2; Thuc. 6.59.2; Arist. *Athen. Pol.* 19.1.

[34] *Cf.* Murray, 1988: 464-5.

Во ова време обично се датира првата епизода во атинската историја, која многумина ја квалификуваат како свесен обид за медизам. Станува збор за врската што Хипија ја воспоставил со Хипокле, тиранинот на Лампсак – кој, како и другите јонски тирани, во тоа време веќе бил персиски поданик и послушник. Хипија му ја дал својата ќерка Архедика на Ајантид, синот на Хипокле, наводно ценејќи дека тоа семејство има одредено влијание кај персискиот крал. Ако се има предвид постојаното војување меѓу Лампсак и Атињаните населени на Херсонес, овој брак на Атињанка со човек од Лампсак е навистина интересен; но, според многумина, Хипија бил убеден дека ќе има поголема корист од Хипокле, одошто од искуството или евентуалната помош од Милтијад.[35] Тоа, наводно, бил првиот чекор кон прифаќање политичка закрила од Персија – за лична безбедност, а против сопствените поданици.

Ако работите се поставаат вака, следот на настани што го добиваме изгледа поврзано и логично; но, право е да се каже дека ова, едноставно, не го пишува ниту кај Херодот, ниту пак кај некој друг антички извор. Херодот експлицитно кажува дека Хипија во Лампсак барал прибежиште, каде би можел да се засолни ако ја загуби власта во Атина – како што впрочем и направил; но, ништо повеќе од тоа. Ако веќе судиме како размислувал Хипија во ова време, тогаш би требало да земеме предвид дека во ова време е изградена крепоста зад Пелазгискиот ѕид,[36] добро снабдена со храна и вода, како и спомнатото утврдување во Мунихиј кај Пиреј[37] – каде требало да се концентрира последната одбрана на тиранинот,

Нема никакви експлицитни докази дека, барем во ова време, Хипија се поврзал или се обидел да се поврзе со Персијците; тоа ќе се случи подоцна, откако Спартанците ќе се обидат да го вратат Хипија на власт, но намислата ќе им пропадне поради противењето на Коринтјаните, за што исто така ќе стане збор.[38] Ако Хипија веќе бил поврзан со Персија толку рано, тешко дека Спартанците би размислувале да го вратат на власт и да го искористат за исполнување на нивните политички цели. Хипија се свртел кон Персијците – како што јасно пишува и кај Херодот – дури откако ги загубил сите надежи за помош и потпора во Хелада; од тој миг, неговото враќање на власт навистина е единствената персиска цена за некакви односи со

[35] Ваков заклучок произлегува од анализата на Lewis, 1988, 300 sqq; *cf.* Hdt. 4.138.1.

[36] Hdt. 5.64.2-5.65.1.

[37] Arist. *Athen. Pol.* 19.2.

[38] Hdt. 5.96.

Атина. Но, кога атинските пратеници отишле во Персија во 508/7 год. ст.е., единствениот услов што им го поставиле Персијците е да дадат земја и вода;[39] Хипија воопшто не бил спомнат, што би требало да биде доволно за да се отфрли приказната за раниот медизам на последниот атински тиранин.

Како и да е, Клејстен, синот на Мегакле, ја искористил ранливоста на власта во Атина и успеал да сплете силна политичка мрежа. Најпрвин се обидел да навлезе од Бојотија и воено да го порази Хипија; веројатно е дека имал целосна поддршка од Бојотијците, зашто од 519 ст.е., кога Платаја била присоединета кон Атика, односите меѓу Бојотија и Атина биле речиси замрзнати. Откако овој обид не му успеал, Клејстен се обидел да ја купи наклоноста на светилиштето во Делфи со доброчинства и лични донации. Ова се покажало како умен потег зашто, работејќи во корист на Клејстен, свештенството од Делфи упатило директен повик кон Спарта, единствената сила што била способна да го отстрани Хипија од Атина. На повик од Делфи, Спартанците двапати воено интервенирале во Атика; најпосле, во 510 ст.е., тие успеале да го истераат Хипија, кој се засолнил во Сигеј во Троада.[40]

## Хелените и новите пријателства

Сè додека бил во Атина, Хипија веројатно никогаш и не помислил да се стави под персиска закрила. Но, иако видовме дека современите конјектури одат подалеку одошто дозволуваат изворните податоци, тие сепак загатнуваат еден мошне интересен проблем, непосредно врзан за настаните во ова време – проблемот на медизмот.

Големината на овој проблем и неговите сериозни етички импликации му биле сосем јасни и на Херодот, кој, како што кажавме и погоре, го отвора прашањето за медизмот уште на почетокот од петтата книга. Имено, таа почнува со епизодата за инаку не многу

[39] Hdt. 5.73.

[40] Hdt. 5.65. За сложената политичка сцена во Атина во тоа време, *cf.* анализата на Robinson, 1945, кој се обидува да ги разграничи интересите на тираните, демократската и олигархиската струја. Од анализата на авторот произлегува дека границите меѓу трите политички чинители ни оддалеку не била толку јасна, како што традиционално се прикажува; на пример, во еден момент, тираните и демократите се нашле на иста страна и се бореле против јакнењето на влијанието на аристократските кругови.

важните Перинтјани,[41] кои биле специфични зашто сакале да бидат слободни, а не сакале да станат поданици на Дареј – што навестува дека имало и Хелени што го сакале тоа. Проблемот на Хелените што сакале да станат (или да останат) во сојуз, под контрола или под закрила на Персија, како и нивната спротивставеност со оние што никако не го прифаќале тоа, е централното етичко прашање во вториот дел од Историјата на Херодот, кое тој ќе го разработува сè до крајот на делото.

Токму зашто е голем и интересен, овој проблем е мошне омилен и често обработуван од современите истражувачи, но во него се крие и една сериозна стапица. Лесно е да се прифатат ставовите на Херодот и неговите етички осудувања, како што денес обично се прави; но, притоа често се заборава во кое време и во какви политички услови пишува Херодот. Неговиот свет (и светот на неговата публика) е многу различен од светот кон крајот на VI век ст.е., па ако сакаме да бидеме принципиелни кон актерите што тој ни ги опишува, не смееме да се запрашаме: „како е можно да се одбере страната на Персија", туку поскоро: „зошто би било прекорно да се признае врховната власт на Дареј, и дали тоа би било добро или лошо за еден полис". Значи, медизмот на Хелените кон крајот на VI век ст.е. мора да се разгледа во еден поширок контекст, па дури потоа да се извлекуваат заклучоци и да се формулираат обвинувања, ако тоа воопшто му е дозволено на историчарот.

● *Медизмот, тогаш и сега.* – Хеленските обвинувања за медизам ги земале предвид не само политичките, туку и општествените и културните аспекти во работата на некој поединец во корист на Персија.[42] Традиционално присушто на овој поим било обвинувањето дека тие што работат за Големиот Крал го отфрлиле хеленскиот начин на живот во полза на источниот светоглед и на развратната, барбарска живеачка. Всушност, наместо објаснување, најдобро е да се разгледа што пишува Тукидид за однесувањето на спартанскиот басилеј Павсанија во Бисантиј, зашто тоа е класична илустрација за медизам виден со атински очи: по завршувањето на најкрвавите настани од Медските војни, победникот во битката кај Платаја направил заговор со Персија, се однесувал како тиранин, се облекувал

---

[41] За Перинтјаните и општата проблематика на нивната епизода, *v.* анализата на Irwin & Greenwood, 2007: 30-31.

[42] Детален приказ на поимот „медизам" и неговите културолошки импликации дава Graf, 1984: 15 sqq. *V.*, секако, и Wolski, 1973, кој ја анализира состојбата во политички контекст.

и се забавувал на персиски начин и побарал Персијка за жена, а патувал со туѓа телесна стража, составена од Медијци и Египјани.[43] Овие обвинувања се огледало на наводната распуштеност, што ја имало не само во Персепол и Суса, туку и во дворците на персиските сатрапи и тираните поддржувани од Персија. Ако веќе бил обременет со вакви карактеристики, не треба да нѐ чуди што медизмот во хеленски очи бил одбивен, и тоа многу повеќе одошто некакво „партиско“ дејствување, или пак обид да се направи превват во некој полис. Според нашите извори, Хелените што соработувале со Персија не го предале само нивниот полис, туку и цела Хелада.[44]

Ако тоа е така (а така ни го претставуваат Херодот и Тукидид), тогаш е многу чудно што медизмот, според сите други податоци што ги имаме, не повлекувал некакви посебни правни последици како престап од највисок степен. Во правниот систем на Атина, за која имаме најмногу податоци, медизмот бил означен само како prodosia, „предавство“, и немал специфична определница во законите за отповикување (nomos eisangeltikos). Сите оние што биле обвинети за медизам (како, на пример, Темистокле) формално одговарале за престап во вид на „обично“ предавство;[45] предавството обично се казнувало со прогонство или смрт, запленување на имотот и забрана за погребување во Атика.[46]

Според она што го гледаме во зачуваните правни документи, се чини дека поимот prodosia се применувал прилично либерално врз цела лепеза од активности проценети како погубни за полисот. Во класично време, на пример, тоа било едно од најчестите обвиненија против врховните заповедници и стратезите на полисот. Откако анализирал седумдесетина судења од ваков вид, Причет покажува дека „со обвинување за prodosia се излегувало секогаш кога некој заповедник не ќе успеел да ги исполни задачите што му ги одредил демосот“;[47] ова можело да значи несоодветно залагање или неуспех, пасивно предавање на непријателот,[48] и дури најпосле отворено предавство. Иронично е што меѓу нив се наоѓа и медизмот – кој повлекува иста казна како и поразот во битка, можеби чесен, но несоодветно примен од демосот.

---

[43] Thuc. 1.95, 1.128-34. *Cf.* античката традиција за медизмот на Демарат од Спарта и на Темистокле; Plut. *Them.* 29; Ath. 1.29sqq.

[44] Hdt. 6.49, „prodontes ten Hellada“.

[45] За ова *v.* особено Bonner & Smith, 1930: 294-309, како и Rhodes, 1972: 162-171.

[46] T. Thalheim, „*kakourgoi*“, *PWRE* X (1919) 1529.

[47] *V.* Pritchett, 1974: 27, и особено Roberts, 1982, со повеќе примери.

[48] *Cf.* Hdt. 8.73.

Најраниот доказ за ваква или слична парница против поединец обвинет за медизам, може да се најде дури во нецелосно зачуваните записи на Делоскиот сојуз. Локалните правни одредби во Теос пропишувале смртна казна за секој што би се обидел да го предаде градот, да соработува со крадци, пирати или барбари, или пак да склучи „погубен“ сојуз со друг хеленски полис. Очигледно, од правен аспект, соработката со Персија и политички несоветната соработка со други Хелени не се разликувале и за нив била пропишана иста казна. Во малку подоцнежните атински акти во врска со Еритра, се предвидува смртна казна и запленување на имотот за сите поединци што соработувале со тиранин, кој претходно им се покорил на Персијците; но, повторно, обвинетите за медизам ниту се гонат и судат во согласност со некој поинаков статут, ниту пак за нив е предвидена некаква казна различна од казните за општа активност против државата.[49] Поради сево ова, се чини дека постојано треба да се имаат на ум забелешките на Гом,[50] кој тврди дека поимот „медизам“ без подлога се применува премногу некритично, како и на Холадеј, кој додава дека медизмот денес предизвикува непотребно (и методолошки погрешно) драматизирање, зашто на него почнало да се гледа со прекор дури по завршувањето на походот на Ксеркс.[51]

Но, да се тргнеме за миг од правните документи, и да разгледаме дали и случувањата на теренот го оправдуваат ваквиот став. Пред сè, би се рекло дека персиското освојување на Јонија, само по себе, не би можело да инспирира и да разгори негативен став кон медизмот; Јонија традиционално била потчинета од секоја понадмоќна копнена сила во Мала Азија, што не го спречило коринтскиот тиранин Периандар да има добри односи со лидискиот крал Алијат, ниту пак ѝ пречело на Спарта да склучи сојуз со неговиот наследник

[49] MEIGGS & LEWIS, 1989, no.30 & 40, 32-8, кои се прилично оштетени. Фрагментите од Теос се приближно датирани во 470 год. ст.е., а стелата од Еритра во 453/2 год. ст.е. Против ова може да се спомне примерот за Ликида и неговото семејство, кои биле каменувани до смрт без никакво судење; но, треба да се има на ум дека оваа епизода, ако воопшто има историска вредност, се случила во екот на третиот персиски поход, непосредно пред битката кај Саламина, во сосем поинаков психолошки контекст. *V.* Hdt. 9.5; *cf.* HOW & WELLS, *ad loc.*.

[50] GOMME, 1962, 19-28.

[51] HOLLADAY, 1978: 174 sqq. Слично е и кај WOLSKI, 1973: 4, кој додава: „Chose interessante, on voit que les Grecs ne se laissaient pas conduire par des ressentiments contre la Perse... depuis la chute de la monarchie lydienne en 546. Au contraire on observe les Grecs entrer aux services du Grand Roi, gérer des fonctions administratives, ce qui démontre l'existence d'un modus vivendi entre ces deux partenaires de puissance inegale.“

Кројс. Спарта воопшто не реагирала на остриот одговор на Кир кон нејзините пратеници; освен тоа, нема никаков доказ според кој спартанските експедиции против Поликрат од Самос или Лигдамид од Наксос би требало да му се припишат на некакво антиперсиско расположение, зашто Спарта не го покажала тоа ниту во 517 год. ст.е., кога го одбила Мајандриј, ниту пак подоцна во 499 год. ст.е., кога му го направила истото на Аристагора.

Најпосле, тешко може да се поверува дека имало Хелени на кои толку им се допаѓал персискиот начин на живот, па масовно да посакаат да се поведат по него – да не зборуваме за тоа дека, на тој начин, би признале дека пристапуваат кон подобар политички и посупериорен културен систем. И воопшто, сè уште немаме никакви сознанија за некаква „персиско-атинска“ културолошка група луѓе. Херодот им се восхитува на некои карактерни одлики на Персијците, но без оглед на тоа, прилично недвосмислено ги оценува како сурови барбари; Павсанија навистина прифатил персиска облека и побарал рака на Персијка, но јасно е дека тоа го сторил поради интерес, а не поради политичко или културно убедување. Лисандар му станал близок пријател на Кир Помладиот, а Ксенофонт се решил за Персиец како главен лик во трудот за идеалниот државник, па сепак, истиот тој Ксенофонт предложил да се основаат хеленски колонии на персиска територија. Значи, ако во хеленските полиси имало луѓе што предлагале добри односи и блискост со Персија, нивниот став не бил ниту културен, ниту културолошки, ниту етички, туку практичен и заснован врз воено-политички мотиви. Овие мотиви можеле да бидат страв од Персијците, желба за остварување систем на колективна безбедност, помош за борба против трета страна (на пример, договорите меѓу Спарта и Персија во 412 и 387/6 год. ст.е.), најпосле и желба да се добие или да се задржи власта во полисот; тука тешко дека има место за искрена „љубов“ кон Персијците.

Значи, кусо кажано, да се зборува за некакви „сеништа на медизмот“ во ова време, значи да се бара проблем таму каде што го нема. Освен во некои извадоци од Херодот, кои и онака се политизирани и обременети со идеологија, медизмот во Хелада сè уште не бил ништо повеќе од предавство – какво што, на пример, за жител на Аргос би била соработката со Спарта, или за Атињанецот соработката со Теба или Ајгина. Во периодот што го анализираме тука, медизмот сè уште не бил јасно издвоен како политички концепт, и никако не можел да биде добар или лош, мудар или срамен. Секое политичко раководство влечело потези какви што ценело дека ќе му бидат од полза, а дали барало помош од Делфи, Теба, Аргос или од

Персија, не било проблем за дискусија најмалку до задушувањето на Јонското востание во 494 год. ст.е. Најпосле, во контекст на кралството на Аргеадите, илузорно е да се расправа за конотациите на медизмот на Аминта I или на Александар I – прво, зашто тешко би можело да се каже дека тие го делеле хеленскиот политички и културен светоглед, а освен тоа, дури и нивните најтврдокорни хеленски современици не би нашле ништо спорно во нивните мотиви и постапки.

Во контекст, пак, на Атина, не би требало да нѐ изненади што и таа, во истиов овој период, имала своја „персиска епизода“.

● *Персискиот танц на Атина.* – Како што видовме погоре, Клејстен успеал да го тргне Хипија со политичка и воена помош однадвор, по што бил избран за архонт во 509 год. ст.е. Иако оваа победа била извојувана релативно лесно, понатамошните случувања укажуваат дека состојбата во Атина и натаму била прилично нестабилна. По паѓањето на тиранијата, една против друга застанале политичките струи на Клејстен и на Исагора Тејсандров: на едната страна се построиле најдемократски расположените жители на Атика, кои барале продолжување на реформаторските зафати на Солон, а на другата – старите атински аристократски елементи.

Реформската ориентација на Клејстен му помогнала да ја добие поддршката на поголемиот дел од домашното население, но надворешните сојузници сѐ уште биле контролирани од силна земјопоседничка олигархија, па без многу размислување ја промениле страната. Бојотија застанала зад првиот обид на Клејстен, но не добила ништо за возврат, а Спарта, која по наговор од Делфи ја завршила најголемата работа, се почувствувала изиграна и загрозена од демократските зафати на атинскиот архонт. Поранешните сојузници станале непријатели, па Исагора ја убедил Спарта повторно да се вмеша во борбите за власт во Атина. Клејстен бил истеран од градот, а Исагора станал архонт за 508/7 год. ст.е. Но, она што Исагора и басилејот Клеомен не го очекувале, била реакцијата на атинскиот демос: по жестоки притисоци, двајцата морале да си заминат од Атика, а Клејстен можел да се врати и да го продолжи она што го започнал.[52]

Второто враќање на Клејстен го избистрило политичкиот фронт во регионот. На внатрешен план, во Атина биле создадени макар и рудиментарни услови за граѓанско единство. Можноста за

[52] Hdt. 5.73.

надворешно мешање во атинските политички борби била донекаде неутрализирана, а навлегувањата на туѓа војска за исполнување на политички цели на поединци биле привремено исклучени; во иднина, Атина можела да биде ставена под контрола само со директно воено соочување со нејзината војска. Но, не смее да се губи од вид дека полисот бил во мошне незавидна економска положба. Слабото и скорешно граѓанско единство не можело да го надомести губењето на сите стратешки важни точки надвор од Атика, особено загубената контрола и отежнатиот пристап до Понт, како и секнувањето на приходите од Пангај. Внатрешната состојба во Атина можеби била смирена, но полисот бил опкружен од силна антиатинска коалиција, во време кога немал ниту еден сојузник, ниту пак значителен извор на приходи.

Кому можела да му се обрати Атина? Теба веќе била нејзин смртен непријател и, заедно со Халкида, била повикана да му помогне на Клеомен. Во времето на Пејсистратидите, Тесалија била во сојуз со Атина, но не знаеме дали овој сојуз бил државен или личен и, следствено на тоа, дали сè уште важел. Освен тоа, тешко дека помошта од Тесалија би го решила атинскиот проблем: успехот на тесалската коњица против Анхимолиј во 511 год. ст.е. веројатно се должел на неадекватноста на спартанската воена сила и лошо направеното истоварување од бродовите, а не на силата на Тесалците.

Еден очигледен сојузник би бил Аргос. Без оглед што жителите на Аргос имале пријателство со Пејсистратидите, а во Атина сега владеела демократија, омразата и непријателството кон Спарта сигурно би ги поттикнало да ѝ помогнат на Атина – но тоа, како што знаеме од подоцнежните настани, не се случило, а развојот на настаните е убаво објаснет во анализата на Холадеј.[53] Имено, мошне е извесно дека по судирот во 546/5 год. ст.е., Спарта и Аргос склучиле педесетгодишен мировен договор, со што каква и да е помош од Аргос за Атина би била невозможна;[54] минатото на двата града било исполнето со војни, но кога склучувале мир, обично го почитувале до крај.[55] Значи, ако Спарта и Аргос имале склучено мир, Спарта

---

[53] Holladay, 1978: 177 sqq.

[54] Оваа претпоставка објаснува зошто Клеомен морал да внимава на Аргос во 495/4 год. ст.е., токму во времето кога мировниот договор требало да истече.

[55] На пример, наспроти она што го кажува Аристофан за Клеон и за неговото политичко приближување кон Аргос (*Hipp.* 465-467), нема докази дека триесетгодишниот мир меѓу Спарта и Аргос, што важел во тоа време, бил во криза; дури, Аргос потоа ѝ понудил на Спарта нов мировен договор, со траење од педесет години (*cf.* Thuc. 5.41.3). Вистина е дека по битката кај Сепеја во 494 год. ст.е.

можела слободно да се посвети на интервенциите во Атина, без да се плаши од напад во нејзината заднина.

Без оглед дали ова објаснување е сосема точно – а многу е веројатно – Атињаните воопшто не почнале преговори со Аргос, што ги оставило без помош во Хелада. Во овие услови, воопшто не е чудно што била побарана помош од Персија, што би била прва епизода на приближување со Персија за сѐ уште кревката атинска демократија. Атинскиот политички врв несомнено бил подготвен на сѐ, за да го спроведе во дело процесот на политички реформи, а како што видовме, во ова време во медизмот немало ништо чудно, ниту настрано – ако се изземе политичкото понижување од обликот на признание што го барала Персија. Но, ова била мала цена за да се зачува демократијата, зашто политичката покорност кон Персија во пракса би била многу полесна одошто директната контрола од Спарта и Исагора. Сосем е можно дека атинските пратеници добиле овластувања да дадат земја и вода; сосем друго е што, поради неуспехот на експедицијата на Клеомен, нивното политичко понижување станало непотребно.[56]

Од друга страна, прилично е чудно што Артаферн не посегнал до крај по приликата да се вмеша во внатрешните работи на Хелада, што му била понудена на овој начин. Но, овој факт треба да се гледа во светло на другите укажувања што ги имаме за состојбата во западните сатрапии. Мошне е веројатно дека Артаферн сѐ уште се справувал со одржувањето на структурата и стабилноста на персиските територии на границата со Европа; во тој миг, се чини дека сатрапот немал ниту волја, ниту моќ да троши ресурси за да воспоставува контрола врз нови територии. Дури, Артаферн се преправал дека не знае кои се Атињаните – иако би било смешно да се верува дека ваквото незнаење било искрено.

Како и да е, откако му кажале, тој им понудил сојуз под услов да дадат земја и вода – понуда што атинските пратеници наводно си зеле слобода да ја прифатат. Но, кога се вратиле во Атина, нивните постапки биле остро осудени, а договорот бил раскинат. Не треба да нѐ изненади ниту реакцијата на Атињаните, ниту пак тоа што пратениците биле осудени поради постапка за која претходно добиле доз-

не бил склучен мир, но победата на Спартанците била толку убедлива и погубна за Аргос, што можеби немало ниту потреба од таков документ. Во 481/0 год. ст.е., жителите на Аргос го условувале придружувањето кон заедничките хеленски сили со потпишување мир со Спарта; *v.* Hdt. 7.148.

[56] Hdt. 5.73. Ова може да е причината што кај Херодот нема ниту збор за поништувањето на оваа (можеби неостварена) врска; *v.* и подолу.

вола од демосот; вакво однесување на демосот кон неговите државни службеници има и подоцна, и тоа со поцелосни податоци. Ако епизодата се толкува вака, тогаш воопшто не е важно дали Клејстен имал лична улога во праќањето на пратениците и, со тоа, во преговорите со Персија. Сосем е веројатно дека имал одреден удел, зашто тој би бил најголемиот губитник во случај Клеомен да успеел да воспостави олигархија или тиранија во полза на Исагора; Клејстен веројатно се залагал за ваквото пратеништво, но нема сомнеж дека и најголемиот број Атињани биле убедени во потребата од вакво сојузништво. Единствено не се знае дали тие се надевале дека навистина ќе пристигне персиска војска, или пак мислеле дека и обична закана од Персија би била доволна за да ја премисли Спарта.

Останува уште да се разгледа дали Атињаните навистина дале земја и вода или не, прашање што честопати е подлога за многубројни спекулации и конјектури. Но, треба да се каже дека прашањето сосем ја промашува целта, зашто, без оглед дали одговорот е потврден или одречен, овој сојуз никогаш не заживеал, со што губи смисла и церемонијалното давање земја и вода, кое не било испочитувано ниту од едната, ниту од другата страна.[57] Уште поважно, кога Атињаните по неколку години решиле да ги преиспитаат односите со Персија, откриле дека работите се разврзуваат така, што претстоело уште едно персиско вмешување во атинските работи.[58] Имено, сега Спартанците го повикале Хипија од Сигеј во Троада, каде што се повлекол по неговото прогонство, и каде што едно време живеел како персиски покорник. Тие имале намера да го вратат на власт во Атина, но Коринтјаните им го расипале планот, зашто на советувањето на Пелопонескиот сојуз, свикано токму за да се испита оваа можност, остро се спротивставиле и ги повлекле со себе и другите сојузници на Спарта.[59] Откако минал толкав пат за ништо, Хипија се вратил во Азија огорчен не само на Атина, туку и на сите други Хелени, и се чини дека почнал да вложува напори за да го убеди Артаферн да му помогне да си ја врати тиранијата. Најпосле, целава работа му успеала дотаму, што Артаферн им наложил на Атињаните

---

[57] *Contra* Brosius, 2006: 23, која тврди дека овој сојуз бил реалност и дека атинското вмешување во Јонското востание значело негово прекршување, што наводно го предизвикало „казнениот“ поход на Датис и Артаферн во 490 год. ст.е. Сепак, авторката не го поткрепува ова тврдење со изворни податоци – веројатно зашто такви податоци нема – што значи дека станува збор за обична конјектура; подоцна, пак, ќе го разгледаме и тоа, дали потфатот на Датис и Артаферн бил обична казнена експедиција, или пак нешто повеќе од тоа.

[58] Детална анализа кај случувањата има кај Grundy, 1901: 76-79.

[59] Hdt. 5.90 sqq.

да го примат Хипија назад. Не се знае дали Артаферн подготвувал некаков потег во случај овие да одбијат, но како и да е, целиот проблем требало да добие разврска токму во времето кога на територијата на сатрапот ќе избие Јонското востание – со што неговото вмешување во атинските работи повторно било оневозможено. Сепак, ова била мошне важна поука за Атињаните, кои сфатиле дека Хипија се ставил под непосредно покровителство на Персија, со што понатамошните односи со Персијците биле невозможни.[60]

Да ги сведеме заклучоците што можат да се извлечат од политичките збиднувања. Од завршувањето на првиот персиски поход во 510 год. ст.е., па сè до избувнувањето на Јонското востание во 499 год. ст.е., над Егејскиот басен била сè позабележлива сенката на Дареј. Од позначајните места, освен Бисантиј, под персиска контрола сега биле Перинт, Ајнос, Маронеја и Абдера, но сите тие имале матици на исток, па можеби покорувањето за нив и не било нешто шокантно. Воопшто, се чини дека доаѓањето на Персијците до меѓата на политичкиот свет на Херодот не предизвикало паника во Егејскиот басен. Напротив, освен на Аргеадите, кои склучиле еден вид теренско сојузништво и пријателство, приближувањето кон персиското богатство и воената сила им изгледало привлечно не само на некои тирани, туку и на Атина – која се откажала од ваквите намери дури откако сојузништвото со Персија станало идеолошки спротивно со интересите на атинската демократија. Персијците сè уште биле еден вид „гости“, но имале големо политичко и економско влијание, и без нив веќе не можела да се замисли блиската политичка иднина на Егејот. Коквел зборува за „опасноста од исток и од север“[61] – но, според сè, во тоа време, на политички и економски план сè уште се размислувало за нови можности, а не за опасност.

Сепак, ако на овој период му пристапиме исклучиво од политичка гледна точка, ќе останеме без одговори на многу важни прашања – особено, без објаснување зошто Егејскиот свет бил помалку исплашен, одошто би очекувале ако се водиме по текстот на Херодот. Тоа е така затоа што во целата мешаница има уште еден важен аспект, а тоа се трговските односи и, воопшто, економските придвижувања. Политичките ставови биле нераскинливо врзани за економските збиднувања, па затоа, за да добиеме целосна слика за нештата, ќе се обидеме да ја претставиме и новата економска реалност.

---

[60] Hdt. 5.96.

[61] CAWKWELL, 2005: 52.

# Персискиот New Deal

Во врска со економијата на Егејскиот басен непосредно пред Јонското востание, во досегашните историски истражувања се издвојуваат две главни струи. Од една страна, правилно се истакнува дека секоја воена операција ги нарушува дотогаш востановените трговски матрици и предизвикува кусо, но темелно осиромашување на населението; според историчарите што го нагласуваат овој аспект на проблемот,[62] Јонија и Егејскиот басен биле длабоко погодени од Персиското навлегување во Европа (што, според нив, може да се согледа од економските тешкотии на Атина, за кои веќе стана збор), а состојбата се поправила дури со трговското преориентирање во V век ст.е. и етаблирањето на Атина како главно трговско пристаниште во Хелада. Од друга страна, има и научници што зборуваат не за нарушување, туку за преустројство и прераспоредување на трговските матрици, и тврдат дека Персиското навлегување во Европа немало речиси никаков негативен одраз врз економијата на Егејскиот басен, а во некои случаи – во Тракија, на тракомакедонското крајбрежје и, веројатно, во кралството на Аргеадите – имало позитивни последици, зашто го поттикнало ширењето и развојот на трговијата.[63]



*Јонци му носат данок на Големиот Крал (според* SHEPHERD*: 2010)*

---

[62] Главен претставник на оваа струја е MURRAY, 1988, *особ.* анализата на стр. 477 sqq.

[63] ROEBUCK (1988, 458-460) се истакнува со поумерен став, кој би бил некаде на средина; најдетална анализа на проблемот, која претежнува кон позитивните ефекти, дава GEORGES, 2000.

Во продолжение, ќе ги разгледаме аргументите на едната и на другата страна; со оглед на тоа дека случувањата на крајбрежјето не може да се набљудуваат одделно од целината на економскиот систем на кој тоа му припаѓа, во референтната сфера ќе ја вклучиме и Јонија, како и други области од т.н. „источен“ хеленски свет. Иако податоците, како по правило, се нецелосни, па врз основа на нивната анализа не може да се изведе несоборлив заклучок, приказот на економските случувања сепак може да ја заокружи сликата за модалитетот на спроведување, севкупниот одраз и последиците на персиските потфати, како во Јонија, така и во непосредното соседство на династијата Аргеади.[64]

● *Јонија: напредок или пропаст?* – Јонската и, воопшто, малоазиската трговска мрежа се развивала со векови пред Грчко-персиските војни, и тоа без сериозни пречки во вид на војни или агресивна окупација. Единствените судири биле со Фојникијците, во областите каде тргувале и тие, и Јонците, но се чини дека овие судири биле пиратски пресметки, мали по обем и значење. Што се однесува до Персијците, тие ниту имале обичај да спроведуваат економски санкции во воени услови, ниту пак отворено да се мешаат во трговијата на земјите што ги освоиле.

Ако на работите им се пристапи со најголема мера на претпазливост, тогаш би се рекло дека персиската управа ѝ донела на Јонија комбинација од корист и штета. Дел од тракомакедонското сребро се влевало во кралската ризница, а било барано од Јонците за нивната трговија со Египет;[65] Фокајците и Самјаните, пак, веројатно го засилиле трговскиот интерес и активноста кон западот. Во општи рамки, контролата на персиските сатрапи не донела ништо, што претходно не било карактеристично за контролата на лидиските кралеви; персиската контрола врз протоците меѓу Понт и Егејс-

[64] *Cf.* Roebuck, 1988: 458-460, кој го постава референтниот систем за вакви согледувања. Авторот бара претпазливост во пристапот, зашто нема доволно голема статистичка база која би послужила како подлога за недвосмислени процени на економијата и трговијата. Па сепак, ако се земе предвид дека последна техничка иновација (во доцниот VI век ст.е.) било квадратното предно едро, кое го подобрило управувањето, но не и брзината и носивоста на бродовите, со доволна доза на сигурност може да се претпостави дека статистичката основа за трговијата може да се прошири врз целиот архајски и класичен период. Стандардната брзина на пловилата во поволни услови, како и носивоста и трошоците, останале речиси исти сè до римско време. *V.* и деталната анализа кај Scott, 2005: 488-490.

[65] Roebuck, 1950: 239-240.

кото море не ги запрело транспортите на жито,[66] а нема речиси никакви докази дека походот на Ксеркс, нешто подоцна, предизвикал подолготрајни пречки за хеленската трговија на сиропалестинското крајбрежје и во Египет. Можно е дека Хелените имале поголема слобода на движење во Египет под персиска управа, одошто во времето на Саитските фараони; Хелените можеле и понатаму да ја користат Навкратида,[67] а сè поголеми количини атинско сребро стасувале на пазарот во Сирија и Египет. Дури и ако се претпостави дека јонското производство и трговија биле жртва на воените собитија, тоа не може да се каже за Атина и за другите Хелени.[68]

Како што може да се види, дури и најпретпазливиот пристап кон овој проблем ги побива заговорниците на теоријата за „економска катастрофа во Јонија“. Врз каква подлога, тогаш, воопшто е поставена оваа теорија? Мареј спекулира за „сè поголемата ерозија на економскиот просперитет на Јонија“[69] врз три основи. Првата основа е наводната незастапеност на хеленска керамика во Навкратида околу 525-500 год. ст.е., што би бил доказ дека, по освојувањето на Камбис, хеленската трговија во Египет престанала. Понатаму, Мареј тврди дека персиското навлегување во Скитија и Тракија ги намалило хеленските трговски можности во тие правци, т.е. ги истиснало Хелените од крајниот персиски северозапад; освен тоа, тој истакнува дека падот на Кројс и на Саитските фараони ги оставиле Јонците без „кралски пазари“ за нивната луксузна стока и за платениците. Најпосле, Мареј заклучува дека „големината на флотите во битката кај Лада е најзначајниот показ за просперитетот и поморската сила на Јонија во овој период: Хиос дал 100 триери, Милет 80, а Самос 60; за споредба, двете големи сили во копнена Хелада во архајско време, Коринт и Ајгина, во битката кај Саламина дале само 40, односно 30 триери“.[70]

Нелогичноста на целиот овој пристап најдобро се гледа токму од последниов податок, кој наместо да ја зацврсти тезата на Мареј, всушност ја урива. Ако постојано се спекулира за економско назадување на Јонија, и тоа почнувајќи уште од падот на Кројс, а потоа и по Саитските фараони, како е можно педесетина години подоцна Јонија сè уште да има толкава флота на располагање, во спо-

---

[66] Hdt. 7.147.

[67] *cf.* Graham, 1982a: 134 sqq.

[68] Roebuck, 1988: 452-3.

[69] Murray, 1988: 478 sqq.

[70] *Ibid.*, 490.

редба со „слободните“ сили во копнена Хелада? Како што забележува Џорџ,[71] читателот треба или да претпостави дека Јонците имале огромно богатство, кое го трупале и криеле „за тешки времиња“ – или пак, што е пологично, да претпостави дека Јонија сѐ уште уживала материјален просперитет, поради кој и можела да ја финансира најголемата поморска војна што дотогаш била видена во Средоземјето.



*Злашна монеша на Кројс*

Огромниот корпус на економски записи и материјални наоди покажува дека ваков материјален просперитет навистина имало. Во архајска Хелада постојано се зголемувал обемот на трговија и производство во триаголникот меѓу Понт, Египет и Голема Хелада, што е добро посведочен со изворни податоци.[72] Новиот просперитет се одразил на многу места и на многу начини, а можеби еден од најочигледните е зголемувањето на бројот на државни споменици од камен, како и на приватните посвети од богати аристократи и тирани, особено во Коринт и во Делфи.[73] Почнувајќи од последната четвртина на VI век ст.е., нагло пораснал и обемот на ковање, но и циркулацијата на сребрени монети низ целото источно Средоземје. Кај дел од овие монети можеби станувало збор за трансформација на веќе постоечки капитал (на пример, некован метал или накит) во нов облик;[74] но, ова зголемување временски се совпаѓа и со почетокот на голема експлоатација на рудниците на тракомакедонското крајбрежје. Иа-

[71] Georges, 2000: 3.

[72] Најиздржан (и најдетален) приказ на податоците за ширењето на хеленската материјална култура од IX до V век ст.е. секако е во CAH III.3 (1982) и CAH IV (1988), *особ.* Braun, 1982a и 1982b; Starr, 1982; и Boardman, 1988. За развојот на трговијата со Понт и врските со Јонија и островите, *v.* Kocybala, 1978, како и Wasowicz, 1975, која ја обработува проблематиката на односите на Милет и Олбија.

[73] *Cf.* Young, 1980, со опсежен список на постарата литература. За растежот на Делфи и односите на светилиштето со Кипселидите, *v.* Salmon, 1984. Слични примери има и во ефескиот Артемисион и милетскиот Дидимејон; нив ги обработуваат Hogarth, 1908 и Gruben, 1963.

[74] Проблемот на собирање и чување нековано сребро во култните ризници, како и односот на овие остави со јавната потрошувачка и монетоковањето во архајскиот период, е обработен од Figueira, 1981.

ко крајбрежјето не било единствениот извор на сребро за Хелените, може да се тврди (особено врз основа на ајгинските монети) дека до доцниот VI век оваа област му давала на пазарот исто толку сребро, колку сите други извори земени заедно.[75] Почнувајќи од ова време, во Египет се јавуваат остави со сребрени монети, главно тракомакедонски, хеленски и персиски ковалици.[76]

Што се однесува, пак, до привременото замирање на Навкратида, тоа и не мора да биде толку неочекувано, ниту пак да претставува некаква неправилност. Во времето на Саитската династија, целиот извоз на жито одел преку Навкратида; но, во ова време трговијата со жито веќе се изместила кон Понт, а северното понтско крајбрежје станало најголем извор на жито за Хелените.[77] Најпосле, еден податок кај Херодот[78] укажува дека освојувањето на Камбис само го скршило трговскиот монопол на Навкратида, и дека хеленската трговија во Египет не замрела, туку едноставно почнала да се префрла во Мемфис, каде што се наоѓал управниот центар на Персијците. Таму не само што е посведочена колонија од Хелени, т.н. Хелленомемфити, туку и керамиката од Коринт и Јонија ја има во континуитет, дури и во времето кога во Навкратида е забележан хиатус. Земени заедно, доказите од керамиката и монетите ги побиваат сите претпоставки дека, по персиското освојување, Хелените веќе не можеле да тргуваат на египетска почва.

● *Moribunda resurgunt.* – Уште поинтересни се навестувањата дека походот на Камбис против Египет ја поттикнал хеленската активност дури и во Сирија и Палестина. Мошне речито сведоштво за ова е преродбата на запустениот хеленски емпорион во Ал Мина, на устието на реката Оронт: населбата била повторно урбанизирана токму во времето на египетскиот поход на Камбис, а тогаш завршува и шеесетгодишната празнина во наоди на хеленска керамика.[79]

---

[75] *Cf.* Kroll & Waggoner, 1984, no. 337. Според авторите, главни изворишта на сребро за ајгинските емисии биле Лаврион, Сифнос и Стримонскиот басен; ист е и заклучокот на Figueira, 1981, 144-149.

[76] Austin, 1970: 37-40, со список на литература на крајот. Braun, 1982b забележува дека увозот на сребро во Египет бил особено исплатлив, зашто Египјаните немале стабилни залихи на сребро, и претпоставува дека Хелените продавале волна за сребро на тракомакедонското крајбрежје, а потоа во Египет купувале производи што се барале во Јонија.

[77] Roebuck, 1959: 116 sqq.; *cf.* Noonan, 1973.

[78] Hdt. 3.139.1.

[79] *V.* Gjerstad, 1975; *cf.* Braun, 1988a: 10 sqq. За овој проблем е особено важна анализата на Graham, 1986; за значењето на овој локалитет во поширокиот контест на односите меѓу Хелада и Истокот пишува M.M. Austin, *Relations between*

Подготовките на Камбис во Сирија[80] веројатно повторно ги привлекле хеленските населеници, трговци и платеници во Ал Мина, која и подоцна ќе остане трговска станица за хеленските бродови; истото се случува и во Посидејон, близу ден. 'рт Басит, дваесетина километри јужно по брегот.[81]

Во време кога Фојникијците сè уште немале сопствено монетовање, Египет, Сирија и Палестина биле голем пазар за хеленското сребро, за кое давале нивни локални производи. Ако се земе предвид ваквиот одлив на скапоцени метали, на кој треба да му се додаде и севкупноста на она што им се плаќало или им се давало на Персијците, станува јасно дека, во очите на Хелените од Јонија и островите, тракомакедонското крајбрежје станало важен, близок и погоден извор како на сребро, така и на други суровини. Можно е дека Јонците очекувале трговски бенефиции дури и од походот кон Истар, зашто Херодот многупати ги спомнува златните наоѓалишта што би можеле да ги лоцираме во денешна Трансилванија; но, како што покажавме и претходно, подолготрајното персиско присуство на тие територии е само конјектура, а дакиските рудници за првпат ќе бидат успешно експлоатирани дури во римско време.[82] Се чини дека, во поглед на скапоцените метали, тракомакедонското крајбрежје бил единствениот нов „бонус“ за Хелените од Јонија.

● *Тасос, Абдера и јонскиūе ковници.* – На оваа територија Хелените имале економски интерес и порано. Тасос и Абдера, два полиси близу рудните наоѓалишта, отприлика во ова време почнале обилно да коваат монети.[83] Причините за оваа зголемена монетарна активност веројатно се прилично сложени. Џорџ[84] влече паралела со заживувањето на крупната трговија во раната средновековна северна Европа, и тоа врз основа на обемниот увоз на абасидски моне-

---

*Greece and the Levant in the Archaic Age* (Diss. Cambridge University: 1968) (*non vidi*).

[80] Hdt. 3.5 sqq.

[81] Според Braun, 1988a; тој го лоцира Посидејон кај 'ртот Басит не само во согласност со податокот на Страбон (16.2.8), туку и врз основа на ископувањата на Француската Археолошка Школа, со кои бил докажан континуитетот на хеленски наоди долг исто колку и оној во Ал Мина.

[82] *Cf*. Bury, 1897. Harmatta, 1990: 129, no. 30 & 32 пишува за „нови наоди во Бугарија и Романија со кои се докажува персиското присуство на таа територија“, но доказите на авторот не се сосем убедливи и не предизвикаа особен одглас во научната јавност..

[83] *V*. Kraay, 1976: 149: „it was not until near 500 that the output [of Thasos] became at all plentiful.“ За Абдера, *v*. May, 1966.

[84] Georges, 2000: 6.

ти, па тврди дека тогаш значително пораснала побарувачката за монети, зашто тие претежно се користеле како нековано сребро. Авторот е убеден дека ваков бил случајот и со Хелените во VI век ст.е. – во што може да има вистина, но само ако се покаже дека теоријата функционира и во други референтни системи.[85]

Големиот удел на тракомакедонски монети во оставите во западните сатрапии, во кои инаку има сребро од сите можни изворишта во Средоземјето и од Кипар, би требало барем делумно да ги одразува побарувањата во сребро што Дареј им ги наметнал на неговите хеленски поданици. Следствено на ова, тие морале да тргуваат во замена за сребро секаде каде што можеле. Наглото зголемување на монетоковањето на Абдера и Тасос по доаѓањето на Персијците на крајбрежјето, укажува дека е можно Јонија и европските територии да биле организирани како една економска единица, што би било згодно, зашто со тракомакедонското сребро лесно можел да се одржува јонскиот дел од персиската флота.[86]

Мошне е интересен и податокот дека многу градови во Јонија и на островите за прв пат почнале да коваат сребрени монети дури откако Персијците се префрлиле во Европа. Старите ковници, на пример Хиос, Самос, Ефес и Клазомена, почнале да коваат нови типови монети. Теос, кој по персиското освојување загубил голем дел од населението, сега повторно почнал да напредува и да кова монети. Можно е дека ова било условено од олеснетиот пристап до среброто од крајбрежјето, што му го овозможила неговата колонија Абдера[87] – чии, пак, рани полисни емисии се најбогати.[88] Според сево

---

[85] *Pace* Kraay, 1988: 440-445. Сепак, авторот тврди дека во ова време монетите не биле ковани за да ја олеснат надворешната трговија, ниту пак за складирање, туку за покривање на јавните давачки, со што монетарната маса останувала на матичната територија; ова би важело и за Ајгина, а единствен исклучок би биле Атина и градовите/племињата од тракомакедонското крајбрежје, кои имале пристап до рудници на сребро и навистина можеле да си дозволат одлевање на вишокот. Некои од овие прашања, особено проблемот на јавната потрошувачка, се обработени и од Martin, 1996.

[86] *V.* Wallinga, 1984, *особ.* 404-413; Wallinga, 1987: 66 sqq. И покрај овие правилни согледувања, авторот во општи црти ги прифаќа тврдењата на Мареј за „економска катастрофа“ во Јонија.

[87] *Cf.* Balcer, 1967: 5 sqq. Авторот го датира почетокот на монетоковањето на Теос околу 540 год. ст.е., значи кусо време откако дел од граѓанското тело си заминало од градот и ги основало Абдера и Фанагорија на Понт; *cf.* Hansen & Nielsen, 2004: 872 (за Абдера) и 950 (за Фанагорија). Сепак, емисиите на Теос добиваат забележителен обем дури по 510 год. ст.е.

[88] *Cf.* May, 1966: 2-4.

ова, сериозно се наметнува заклучокот дека персиското присуство на крајбрежјето овозможило (и, можеби, наложило) непосредна економска врска со Јонија и со матиците на локалните хеленски полиси, па така и го поттикнало овој процес на забрзано монетоковање кај Хелените.[89]

● *„Општата монетизација" на персискиот запад.* – Почнувајќи од освојувањата на Кир, Персијците свесно ја поддржувале монетизацијата на економските односи со хеленските поданици; на пример, тие ја одржувале во живот поранешната лидиска ковница во Сарди за да коваат монети во лидиски стил, што се користеле локално во Јонија, Карија и Фригија.[90] Токму овие сатрапии ја сочинуваат единствената специфична територија во кралството, на која-што е забележано монетоковање; Фојникијците исто така се занимавале со трговија, но во тоа време сѐ уште немале потреба од ковање монети.[91]

Историчарите што се занимаваат со системот на управување во кралството на Ахајменидите, постојано нагласуваат дека Персијците свесно ја приспособувале сопствената власт кон начинот на живот, религијата и културата на нивните поданици.[92] Во Јонија, Кир бил толку загрижен за односите со Хелените и начинот на кој овие живееле под власт на лидиските Мермнади, што контролата врз ризницата на Кројс му ја доверил на Лидиец. Овој Лидиец, по име Пактиј, наводно го искористил златото од Сарди за да најми платеници од крајбрежното население и да ги натера Хелените да кренат бунт.[93] Пактиј веројатно се послужил со исковани монети; со голема веројатност се претпоставува дека лидиските кралеви го прифатиле концептот на монетоковање, меѓу другото, и за да ги исплаќаат најмените војници.[94] Нема сомневање дека, долго време

---

[89] *Cf.* KRAAY, 1976, 131: „Persian occupation [...] coincided with an impressive increase in archaic coinages."

[90] Директниот континуитет меѓу монетоковањето на Кројс и најраните персиски емисии е докажан од D. SCHLUMBERGER, *L'argent grec dans l'empire achemenide*, Paris: Klincksieck, 1953 (*non vidi*).

[91] *V.* KRAAY, 1976, 286 sqq.; првите фојникиски монетековања се датирани кон средината на V век ст.е. Сеопфатна анализа за разликите во хронологијата и развојот на монетоковањето во Персија, кај Хелените, во Картагина и Рим дава BRESSON, 2001.

[92] *Cf.*, на пример, зборовите на CUYLER YOUNG, 1988: 42: „a policy of remarkable tolerance, based on a respect for individual people, ethnic groups, other religions and ancient kingdoms"; и 103: „This was good Realpolitik, owed very probably to the Persians' own forms of idealized social structure.".

[93] Hdt. 1.153-4.

[94] COOK, 1958: 257 sqq.

пред падот на Кројс, Хелените и Каријците биле навикнати да бидат наградувани за услугите кон лидиската круна со ковани пари. Со цел набрзина да ги искористат Јонците, и на Персијците им требале монети, па Кир и Камбис продолжиле да коваат монети што им биле познати на Хелените; Камбис, на пример, ги користел за да ги плати Хелените што соработувале со него при освојувањето на Египет.[95]

Поморската политика на Дареј, пак, уште повеќе го институционализирала овој начин на плаќање. Во текот на неговата финансиска реорганизација на кралството, тој вовел вистинска персиска монета, а неговите златни дареици и сребрените сигли (шекели) ги дополниле лидиските типови ковани во западна Анатолија.[96] За време на кралувањето на Дареј, Персијците отвориле и втора ковница во Јонија, во која се ковало многу, и тоа претежно сигли;[97] тешко е да се одрече веројатноста дека овие нови монетоковања требало да ги покријат трошоците на персиските активности во Европа, во кои Јонците имале забележителна улога.[98]

Низ рацете на Јонците, дел од ова богатство преку трговија и плаќање данок минувало во Египет, Сирија и во внатрешноста на Персија; но, најголемиот дел од монетарните наоди, вклучувајќи ги и раните сигли и дареици, сепак е концентриран во или близу хеленските населби во Анатолија. Значајно е што ова исковано богатство не гравитирало кон ризницата, како што би можело да се претпостави од приказот на Херодот, туку претежно останувало во хеленска и кариска Мала Азија, како и на островите.[99] Ова може да се поткрепи со специфичниот случај на Самос. Имено, во периодот меѓу персиското навлегување во Европа и Јонското востание, на Самос биле исковани големи емисии на сребрени драхми, и тоа во стандард направен за лесно да се менува и со атинскиот, и со киренскиот; анализата на Барон покажа дека овие монетоковања биле замислени како олеснување за прекуморската трговија на Самос, а не како данок за Големиот Крал.[100]

---

[95] Hdt. 3.1.1.

[96] Kraay, 1976, 32 sqq.

[97] *Cf.* Kraay, 1977: 194; анализа на распространетоста и оптекот на два различни типа сигли има кај Robinson, 1960: 1 sqq.

[98] *V. особ.* Kraay, 1976: 33, кој забележува дека, според дотогашните наоди, е речиси сигурно дека сиглите биле во оптек само во западна Анатолија, и дека главен извор на овие сигли била ковницата во Сарди, која во име на државата ги снабдувала персиските поданици што и дотогаш биле навикнати на ваков начин на исплата.

[99] Georges, 2000; *cf.* Hdt. 3.96.2.

[100] Barron, 1966: 38 sqq.

Сите факти укажуваат дека персиското присуство во Сирија и на тракомакедонското крајбрежје ниту ја намалило, ниту ја прекинало, туку поскоро ја пренасочило и ја преустроило економијата на Јонија. Персијците не ги уништиле, туку ги замениле лидиските и египетските пазари за скапоцености и наемници; а со тоа што ги интегрирале Јонците во военоит и економскиот систем на кралството, тие всушност им отвориле нови економски можности.[101] Од сето ова, племињата на тракомакедонското крајбрежје можеле да извлечат само добивка, зашто ја населувале територијата што била подлога и извориште на суровини за економијата на Јонија.

Што се однесува, пак, до тврдењето дека персиското навлегување ја преориентирало трговијата кон внатрешна Тракија, преку чии широки и плодни полиња таа почнала да гравитира кон Понт – се чини дека наодите на терен говорат против ваквата хипотеза. Како што видовме на претходните страници, влијанието и последиците од персиското навлегување во Европа можат да се следат преку материјални извори низ целото југоисточно Средоземје, што не е случај со Понтското крајбрежје; како што спомнавме и погоре, ние не сме во состојба да утврдиме дали, по првичното навлегување, воопшто останал некаков вид персиско присуство на западниот понтски брег, а не пак да спекулираме дека тие области станале дел од еден осмислен економски и трговски систем – претпоставка за која нема никакви опредметени докази.[102] Во основа, мошне е веројатно дека производството и трговијата на племињата од централна Тракија биле помали по обем, поскорешни, и следствено помалку компатибилни со економските интереси на Егејскиот басен, во кој сега политиката ја диктирала Персија; тракискиот и македонскиот дел од северното егејско крајбрежје, пак, за Хелените веќе имале воспоставена економска улога, а сега добро се вклопиле со новите, подобро обезбедени и поголеми пазари. Треба да се земе предвид и импулсот за создавање трговски врски; иако во основа самодоволни и, затоа, не сосем ориентирани кон надворешна трговија, племињата од крајбрежјето реагирале на надворешната побарувачка – било поради трговскиот интерес на Хелените, било поради потребите на персискиот економски систем; нема сомневање дека производството и трговијата на внатрешна Тракија служеле како подлога на економскиот систем на племињата во внатрешноста – но, што се однесува до надворешната трговија, предностите на крајбрежјето биле повеќе од очигледни. Економските зафати на крајбрежјето не под-

[101] Roebuck, 1988, 452-3.
[102] Hammond & Griffith, 1979: 56.

разбирале речиси никакви логистички проблеми, ниту нови трошоци, за разлика од големината и цената на потребниот зафат за да се спроведе сосем нов, институционализиран трговски правец од Дориск, преку внатрешна Тракија, до Понт.

● *Призракот на покорувањето.* – На крајот, да ги споредиме заклучоците од оваа анализа со вообичаениот приказ на персиските освојувања во Европа. Сосем е очигледно дека воените, политичките и економските последици од персиското присуство биле сеопфатни и коренито го смениле светогледот на северното крајбрежје, на Тракија, а подоцна и на Македонија и на Хелада. Тракомакедонските племиња и хеленските полиси на северното крајбрежје се вклопиле во новите економски и пазарни модалитети; ако не веднаш, тогаш набргу, Одрисите извлекле полза од нивната поволна географска положба и го започнале процесот на наметнување врвен авторитет меѓу Тракијците, што ќе се одвива постепено и ќе трае во следните половина век. Макар на посреден начин, македонското кралство излегло на сцената на надворешната политика, а многу скоро ќе добие и важна улога во походот на Ксеркс; со еден збор, ова е само отворање на еден период во историјата на Егејскиот басен. кој во западниот свет долго време романтично се одбележува како „their finest hour“.

Од друга страна, читателот што ја очекува вообичаената слика за Персијците кои ја покоруваат Европа, ќе остане разочаран. Работите се толку повеќеслојни, сложени и многузначни, а аспектите од кои може да се набљудуваат се толку многубројни и различни, што можеби е најдобро овој процес да не се обележува како освојување и покорување во вистинска смисла на зборот. Пред нас е поставена заплеткана мрежа од воени пресметки, лични односи и парцијални решенија, поставени врз формални и неформални сојузништва и освојувања што повеќе личат на сојузи (и обратно), придружени со економски прегрупирања и новитети – а недостасуваат главните и најнедвосмислените елементи во колажот на едно воено освојување: пресудните битки, постојаното и сеопфатно воено присуство, како и непосредната политичка управа – значи, администрирањето на освоените територии.[103]

[103] *Contra* Fol & Hammond, 1988: 249, чија анализа е можеби најсликовита илустрација за тоа до каде одат современите конјектури. Според авторите, македонските и тракиските благородници почнале да ги подражаваат персиските коњаници и, дури, почнале да одгледуваат големи коњи од нисајска раса, а персиската „милост“ му овозможила на Александар да воспостави контрола врз Горна Македонија, со што нагло пораснала и воената моќ на македонското кралство,

Се разбира, би било несериозно да се оспорува персиската контрола на новите територии, како и новата економска динамика што ја диктирале Персијците – но, како што можевме да видиме, она што се случува на теренот не секогаш може да се подведе под точната дефиниција на современите историчари. Всушност, тоа повеќе личи на прв стадиум од еден подолгорочен процес на навлегување и контрола преку заплашување и воена премоќ, кој допрва треба да се отелотвори како освојување, покорување, управување и вклучување во територијата на кралството. Но, работите не се случуваат секогаш како што биле планирани, па така и плановите на Персија многу скоро ќе доживеат директен удар. Во следните години, Персијците ќе мора речиси да се откажат од европските територии, за сметка на проблемите што ќе ги имаат во Јонија.

---

особено по повлекувањето на Персијците. Не треба посебно да се нагласува дека за ваквите тврдења нема апсолутно никаква подлога во изворните податоци.

# VII
# ВО ВОСТАНИЕТО И ПО НЕГО

Во предвечерјето на востанието. – *Политичкиот живот во западна Мала Азија. – Наксос, Артаферн и Аристагора. – За интересите на Аристагора. – Семето на раздор и идните невољи. – „Сеопштото“ востание на Хистијај и Аристагора.* – Јонија и призракот на крајбрежјето. – *Повторно за Пајонците. – Аристагора. – Хистијај. – Милтијад.* – По падот на Јонија. – *Артаферн слегува од сцената. – Политиката на новиот кормилар. – Големото преосвојување. – Преосвојување или поход? – Што понатаму?*

Полека навлегуваме во V век ст.е., кога Грчко-персиските непријателства ќе добијат развој и разврска, и кога и македонското кралство – а не само географска Македонија – најпосле ќе добие позабележителна улога во настаните. Пред нас го имаме Егејскиот басен околу 500 год. ст.е., време кога настаните излегле од предвидениот тек, зашто Хелените на малоазиското крајбрежје кренале бунт против персиската власт. За нашето истражување се еднакво важни и причините, и текот, и последиците на ова востание, зашто – иако воените дејствија не се случуваат во Македонија – многу детали од востанието се непосредно врзани за проблемите со кои се соочуваме во истражувањето на односите меѓу Македонија и Персија. Но, Јонското востание е настан со толкави размери, што заслужува и бара посебно истражување; затоа, тука само накусо ќе го разгледаме текот на настаните, при што ќе се задржиме на неколку епизоди што се однесуваат на нашава тема, а можат да се видат или да се насетат од податоците на нашиот единствен наративен извор.[1]

---

[1] Најдостапен за нашата публика сè уште е прегледот на В. И. Холмогоров, *Stara Grčka*, Sarajevo 1959, 179-183 – кој, иако се задржува врз детали, сепак на многу места е површен. Подлабоко во проблематиката навлегуваат Briant, 1996: 156-168, без наративен приказ на настаните; Bury & Meiggs, 1978: 153-156; Burn, 1984: 193-217, и особено Grundy, 1901: 79-145 кој, разбирливо, на многу места само ги повторува податоците од Херодот. *Cf.* и Munson, 2007, која дава литературна и стилистичка анализа на податоците.

Што се однесува до состојбата со изворните податоци, би се рекло дека работите полека се поправаат: маглата што ги покриваше настаните во VI век ст.е. почнува да се повлекува, што сепак не значи и дека сосем ја снемува. Напротив, приказот на Јонското востание кај Херодот од една страна е полн со детали, а од друга страна изобилува со нелогичности, недоречености и празнини, за кои бил свесен дури и историографот. За ова веројатно има некакво објаснување. Можно е дека Херодот се соочил со тешкотии додека, педесетина години по настанот, трагал по автентичен и веродостоен извор на информации; можеби не сакал, или не умеел да ги вклучи во приказната и паралелните традиции, кои секако биле раскажувани од многу преживеани учесници и набљудувачи; најпосле, можеби станува збор и за свесен методолошки избор на историографот – да се занимава само со главните и со најбележитите епизоди од настанот, што му послужил како непосреден увод во воените дејствија од Грчко-персиските војни. Како и да е, без оглед на причината, пред нашите очи почнува да се разврзува нишка од важни и добро посведочени настани, зад кои веројатно се кријат уште поважни, што кај Херодот ги нема. Како што вели Гранди, причините за она што го знаеме, најчесто се скриени во она што не можеме да го дознаеме;[2] но, кога работите се такви, најмногу што можеме да направиме, е да се обидеме да извлечеме што повеќе од податоците што ги имаме пред нас.

## Во предвечерјето на востанието

Во научната литература има согласност дека Херодот го врзува кревањето на Јонското востание со еден или повеќе настани, што изгледаат сосем независни од она што се случувало претходно;[3] воопшто, целата приказна со востанието е смисловно врзана не за настаните што му претходат и што ќе го предизвикаат, туку поскоро за она што ќе се случува по него. Современата наука ги анализира причините за Јонското востание од најразлични стојалишта. Едни зборуваат за отпор кон данокот што им бил наметнат на Јонците;[4] други се служат со вообичаените формулации за судирот на слободните Хелени со персиското кралство, кое било во освојувачки напон, тре-

[2] Grundy, 1901: 79.

[3] Овој проблем во врска со методот на Херодот го анализираат Grundy, 1901: 79 sqq, Georges, 2000: 12 sqq., и особено Munson, 2007: 146-155.

[4] *Cf.* Burn, 1984: 193.

ти пак за персиското неразбирање на хеленскиот концепт за eleutheria.[5] Има и такви што во Јонското востание гледаат реакција на економските проблеми на Јонците, иако тоа оди против сѐ што ни соопштува Херодот, а и претходната анализа покажа дека тоа не е точно.[6] Според сѐ, се чини дека за Јонското востание може да се најдат толку причини, колку што има и учесници. Но вакво нешто можеби и треба да се очекува, зашто, како што правилно забележува Менвил, Аристагора може да кренал бунт поради една причина, а некој милетски морнар да му се приклучил поради сосема друга; и навистина, се чини дека ниту едно востание не ја покажува поубаво оваа мисла, одошто Јонското.[7]

Но, од некаде сепак мора да се почне, а се чини дека би било добро да се тргне од никулците на востанието, како и од нивниот корен во тогашната политичка состојба во персиската сатрапија Спарда.[8] Според сѐ, овие нешта може да се разгледуваат на два начина: од аспект на персиската политика кон копнена Хелада, и од аспект на внатрешните политички односи меѓу малоазиските Хелени, тамошните персиски државни службеници и дворецот во Суса.

Јасно е дека сите настани што ги опишува Херодот, почнувајќи од опсадата на Наксос, тешко можеле да се случат ако не оделе во прилог на политиката што Артаферн ја зацртал – и веќе извесно време ја спроведувал – во поглед на односите со копнена Хелада. Неколкупати досега видовме дека Артаферн имал интерес да се замеша во внатрешните работи на Атина, можеби со цел да воспостави упориште под персиска контрола на западниот брег на Егејското море, иако тие намери не биле придружени и со соодветно приме-

---

5 Ова го тврдат Hignett, 1963: 85 и Myres, 1953, 9 – иако слободните Хелени всушност немале којзнае колкав удел во востанието, а Јонија немала eleutheria уште од времето на лидиските кралеви.

6 *Cf.* литературата посочена во претходната глава, како и Gray & Cary, 1926, *особ.* 214-218.

7 *Cf.* и Burn, 1984: 193-195, кој правилно забележува дека Херодот ни ги соопштува само личните причини за незадоволство на неколку главни актери, а никаде не дава општ пресек, ниту пак анализа на состојбата. Дискусија и анализа на сите искажани мислења кај Cawkwell, 2005: 71-75.

8 Со името Спарда (лид. *Śfard*, арам. *Saparda*, баб. *Sapardu*, елам. *Išbarda*) всушност се означувала територијата на целата сатрапија, чиј центар бил во Сарди – а која ги опфаќала териториите и на поранешна Лидија, и на малоазиските Јонци. Името „Лидија“, како и неговиот библиски и асирски облик, е егзоним кој претежно се користи во наративните извори; ендонимот Спарда, пак, се користи во сите официјални и јавни документи, како и на монументалните натписи на персиските кралеви.

нување воена сила.[9] Но, без оглед што целава оваа работа е сообразена со определниците на политиката на Артаферн, а ќе предизвика мешаница и во копнена Хелада, се поставува прашањето – дали може експлицитно да се тврди дека востанието е предизвикано од персиската надворешна политика кон Хелените?

Таквиот пристап кон нештата би бил премногу едноставен, а на тоа како да ни укажува и Херодот: историографот го поврзува востанието со копнените Хелени, но тоа го прави само декларативно, и не го докажува. Тој можеби навестува дека важна основа за востанието биле чувствата на малоазиските Јонци – но не станува збор за чувства против Персијците, туку против власта и однесувањето на јонските тирани (кои токму го поттикнале и го осмислиле востанието).[10] Ако се суди според просторот што им е отстапен на Милетјаните и на нивните тирани,[11] како и на Персијците замешани во избувнувањето на востанието, се добива впечаток дека Херодот поскоро опишува една сосема персиска случка – настан што се случува на персиската политичка сцена и ја засега персиската држава, а најверојатно е предизвикан од нетрпеливоста меѓу персиските и хеленските благородници во Мала Азија, како и од нивните обиди да стекнат милост и статус на дворецот на Големиот Крал.

• *Политичкиот живот во западна Мала Азија.* – Овој натпревар за политичко влијание и економска превласт бил една од главните одлики на тогашниот јавен живот во западна Мала Азија. Веќе видовме дека кралот имал обичај да ги проценува и да ги пот-

---

[9] Освен ако се дозволи дека барањето Атињаните да го вратат Хипија коинцидирало со походот против Наксос, како што предлага GRUNDY, 1901: 82; сепак, *cf.* Hdt. 5.96-7, каде Херодот имплицира дека Артаферн им го доставил барањето кусо време пред Аристагора да дојде во Атина, што секако се случило по епизодата кај Наксос и дури откако било договорено востание.

[10] *Cf.* зборовите на Хистијај во епизодата на Истар (Hdt. 4.137), или пак она што Аристагора го кажува во Спарта (Hdt. 5.49).

[11] За проблемот на односот на Херодот кон Милетјаните има многу претпоставки, кои одат од ставот дека историографот ги прикажува нештата реално, и дека нивната улога навистина била таква и толкава, па сè до ставот дека Херодот има вродени предрасуди кон нив; *v. особ.* MITCHELL, 1975 : 87-90, со сублимирање на постарата литература, како и EVANS, 1976, кој спекулира колкав удел во гледиштата на Херодот имало подоцнежното влијание од Алкмеонидите. Сепак, мора да се има на ум и забелешката на CHAPMAN, 1972: 550, кој повикува на претпазливост: „It would appear, therefore, that to point to the prejudice of Herodotus is to *reveal the obvious and the trivial*, since his prejudice is nothing more than personal opinion which is *easily separable from the main narrative*. We are of course at liberty to dispute his assessment of motives, causes and results as well as the accuracy of his detail, but [...] we have no reason to doubt his general integrity“.

тикнува личните политички ривалства, со цел да оневозможи евентуални сплотувања и комбинации против него; кралската милост за покажаната верност, пак, била формално институционализирана и формализирана со титулата „кралски добродетел“.[12] Можностите за напредување на скалилото на честа биле особено големи во времето на Дареј, кој неколкупати дотогаш покажал дека е мошне отворен за нови идеи и пристапи и, воопшто, расположен за нови луѓе. За да ја осигура својата власт, Дареј најпрвин морал да задуши неколку бунтови низ целото кралство; за да го зачува мирот и да ја обезбеди стабилноста на смирените територии, му требала нова мрежа од лични сојузништва, и тоа не само меѓу персиските благородници, туку и меѓу локалното население во покорените области. Во Јонија, на пример, Дареј разрешил еден висок службеник од времето на Кир и Камбис, по име Оројта,[13] а го поставил на власт својот полубрат Артаферн; од приказот на Херодот го снемува и Митробат, хипархот на Камбис во Даскилеј, кој е заменет со соработникот на Дареј, Мегабаѕ.[14]

Во иста насока, Дареј се трудел да воспостави врски на зависност и со тираните во Јонија и Карија. Хистијај веројатно бил основач (ktistes) на Миркин, иако титуларно останал и тиранин на Милет, а потоа станал и syssitos и symboulos на Дареј во Суса[15] и добил право на непосреден пристап до кралот. Ваква повеќезначна статусна положба, што вклучувала и формално седиште на кралската трпеза, сведочела за мошне високо место во системот на кралската администрација и, воопшто, во рамките на персиското општество – положба што Бријан оправдано ја карактеризира како исклучиво лична, заснована врз кралската милост и даровите од владетелот.[16]

Во рамките на персискиот административен систем, Хелените со положба слична на онаа што ја имал Хистијај – значи, дел од

---

[12] *Cf.* Hdt. 8.85. Ова е извонредно докажано и објаснето кај Weiskopf, 1982: 35-38, 43 sqq., 46-49, 58-62. За малоазиските информатори на Херодот било сосем очекувано и нормално да заклучат дека Дареј ги фаворизирал Хистијај и Милетјаните на многу начини, а меѓу другото и со дарувањето на Миркин. Херодот го прикажува ова како нешто што особено му пречи на Мегабаѕ, и тука можеби треба да се бараат навестувања на формалниот судир на персискиот локален систем на управување со интересите на јонските тирани и на малоазиските Хелени во целост.

[13] Hdt 3.127-128.

[14] Hdt 3.120.2, 4.143.2; ова е повторено и во 5.15, 23.1 и 98.1. Нешто подоцна во текот на востанието, како сатрап во Даскилеј се спомнува Ојбар, син на Мегабаѕ (6.33.3); *cf.* Olmstead, 1948: 148.

[15] Hdt 5.24.4.

[16] Briant, 1989: 40.

тираните на големите хеленски градови во Азија – можеле да имаат статусен идентитет кој би можел да се спореди со оној што го имале локалните високи персиски службеници.[17] Во таква состојба, на една локална политичка сцена испреплетена од мрежи на заговори и интриги, а обележана од постојани надбивања за влијание преку милоста на владетелот (уште поважно, во време и на територија каде не било најважно кој е Јонец, а кој Персиец, туку кој добил колкави овластувања од кралот) – јасно е дека иницијалната railкаписла за востанието воопшто не мора да се бара во персиската надворешна политика кон кој и да е соседен народ, туку напротив, во неспособноста да се одржи чиста, јасно подредена и стабилна внатрешна политичка сцена – нешто што, веројатно, може да се издвои како општа одлика на персиската „западна“ политика. Ова кажува многу за модалитетот на односите меѓу персиската врховна власт и политички покорните локални управители и моќници; истата матрица на однесување се покажува и на неколку други места, а особено во потфатот што ќе послужи како непосреден повод за избувнување на востанието – воените дејствија против Наксос.

● *Наксос, Артаферн и Аристагора.* – Случувањата на островот Наксос, што му дале прилика на Артаферн активно да дејствува против Хелените, биле плод на околности мошне чести и вообичаени за тогашна Хелада. Откако Самос го загубил местото како најисточна слободна територија на трговскиот пат преку географската средина на Егејот, поголемиот дел од неговата трговија најверојатно минал во рацете на Наксос.[18] Островот бил еден од најбогатите во Егејскиот басен,[19] но економскиот напредок не донел мир, туку напротив, граѓанска неслога; откако започнале немири, дел од богатите граѓани на Наксос биле изгонети и се засолниле во Милет. Во тоа време, тиранин на Милет бил Аристагора, роднина и зет на прочуениот Хистијај, кој пред тоа веќе заминал со Дареј во Суса. Прогонетите побарале помош од Аристагора; тој им рекол дека самостојно не може да им даде сила соодветна на осумте илјади хоплити со кои

---

[17] Hdt. 5.23; *cf.* Blamire, 1959: 143, кој толкува дека, во многу случаи, Дареј му давал предимство на Хистијај „во споредба со другите заповедници, Персијци по род, од кои можеби подоцна ќе требало да стравува“. Слично мисли и Heinlein, 1909: 345 sqq.

[18] *V.* анализата на Grundy, 1901: 81 sqq., која не само што не е оспорена во ниту еден понов труд, туку е и потврдена со археолошки наоди уште кон средината на минатиот век; *cf.*, на пример, Lateiner, 1982, кој ги анализира и односите меѓу Милет и Самос сè до воскревањето на Наксос.

[19] Hdt. 5.28; *cf.* Hansen & Nielsen, 2004: 760-1.

располагал Наксос, но затоа им ветил дека ќе побара помош од персискиот сатрап. На Артаферн не му требало многу, за да биде убеден:[20] успешен воен потфат против Наксос би значел не само освојување на островот како упориште во Егејскиот басен, туку и контрола на Кикладите во целост, како и значително доближување до големиот остров Евбоја и до брегот на копнена Хелада.[21] Аристагора побарал 100 бродови и, не се знае зошто, понудил да поднесе дел од трошоците за потфатот – што покажува одреден степен на економска самостојност. На Артаферн, пак, толку му се допаднала оваа замисла, што дал двојно повеќе бродови одошто му било побарано.



*Големата порта на храмот на Аполон на Наксос, VI век ст.е.*

Во целава оваа приказна за подготовките, неколку нешта се особено интересни. Прво, одобрувањето на Дареј е особено важно како доказ дека, десет години по неговото заминување од Европа, дејствијата во Европа сè уште биле во политичката програма и ни оддалеку не би можело да се каже дека стивнале или завршиле. Понатаму, гледаме дека во времето на Дареј дури ни познат сатрап и полубрат на кралот не можел да собере сразмерно голема војска без номинална дозвола од кралот; но, најинтересно е што, од друга страна, Аристагора си дозволува да размислува, да разговара и, ду-

[20] Hdt.5.31; Артаферн ветил и дека бродовите ќе бидат подготвени за идната пролет, што значи дека Аристагора отишол во Сарди најверојатно зимата 500/499 год. ст.е.

[21] *Cf.* Georges, 2000: 14; авторот сепак оди подалеку во неговата анализа, за што ќе стане збор набргу.

ри, да дојде до поодмината точка во преговорите со бегалците од Наксос без да извести никого за тоа. Ова како да укажува дека во персиска Јонија било сосем можно, ако не и вообичаено, да има политички дејствија кои оделе паралелно, или пак воопшто не ги засегале интересите на кралството и на кралот, ако не значеле отворена непослушност или непријателство.

● *За интересите на Аристагора.* – По овој дипломатски успех, Аристагора се вратил во Милет. Но, би било наивно да се верува дека тиранинот би одел толку далеку, и би ковал такви планови само за да ги врати бегалците во нивниот роден град. Прашањето е, значи, што би добил тој со овој потфат.[22] И за ова (како и за речиси сите други нешта во епизодата) може да се спекулира, но ако за миг го оставиме настрана она што е очигледно, тука сепак може да се извлечат неколку интересни заклучоци.

Логично е да се помисли дека мотивот на Аристагора не бил да ги заштити интересите на бегалците од Наксос, туку да ги промовира сопствените и интересите на својот град; од друга страна, бидејќи било невозможно еден град под персиска управа да води самостојна надворешна политика, тогаш е јасно дека овие интереси не биле политички, туку економски. Ако се бара примамливо место близу предвидената сцена на воените операции, може да се претпостави дека Аристагора најверојатно бил заинтересиран за сребрените рудници на кикладскиот остров Сифнос.[23] Објаснувањето за ова е врзано со една епизода што претходно ја разгледавме, а која укажуваше на милетските интереси за северното егејско крајбрежје. Независно дали приказната за дарувањето на Миркин во 510 год. ст.е. е вистинита, или пак го одразува интересот на Милет за таа област и можното незадоволство од економскиот монопол на Тасос, овој интерес за Сифнос лесно се вклопува во целата приказна, па можеби фрла светлина и врз она што Аристагора сака да го постигне.

[22] Секако, без да се зема предвид старата приказна дека Нелеј, основачот на Милет, населил некои свои следбеници на островот Наксос и им заповедал на своите синови да ги освојат Кикладите – приказна што секако можела да послужи како митолошко оправдување за потфатот и докажување историско право врз Кикладите, но ништо повеќе од тоа; *v.* Aelian. *Var. Hist.* 8.5; Zenob. *Adag.* 5.17. Инаку, во античката традиција се чува спомен за некаков напад на Милетјаните и Еритраните врз Наксос уште во архајско време; *v.* Andrisc., *FGrH* 500 F I, Plut. *De mul. virt.* 17.

[23] За овие рудници, *v.* Craddock, 1980, како и Wagner & Weisgerber, 1979: 213 sqq. *Cf.* Hansen & Nielsen, 2004: 772-3.

Како што знаеме, Миркин имал клучна местоположба и значење, зашто ја овозможувал комуникацијата на Тасос со богатата Пераја[24] и со колониите Галепс, Ојсима, Аполонија, Неапол, Стрима и Скапте Хиле, кои лежеле во крајбрежниот коридор меѓу Миркин и Кренида, а преку кои островот го собирал профитот од богатата сребероносна област.[25] Ако претпоставиме (а економската логика што ја разгледавме го дозволува тоа) дека Милет имал интерес да се надбива со Тасос за влијание во Стримонскиот басен – непосредно соочување со Тасос би било исклучено, зашто Тасос бил колонија на Парос и, во случај на судир со Милетјаните или со други Јонци, бездруго би побарал и би добил помош, што значело предизвикување на конфликт поголем одошто би било исплатливо.[26] Претпоставеното ширење на милетското влијание во Кикладите, особено на островите Наксос и Сифнос, би предизвикало притисок врз Парос, потсилен и со персиска воена поддршка, со што положбата на Тасос би станала многу послаба од порано. На тој начин, не само што би се обезбедиле стабилни приходи од претпоставениот милетски монопол со среброто од Сифнос, туку би се отворила и можност за полесен пристап до суровините од тракомакедонското крајбрежје – кои, како што видовме погоре, имале особено поволен учинок во економијата на Јонија и на Милет. Ако работите се гледаат на овој начин, се чини дека во заднината на целата работа со Наксос се затскрива еден вид, ако не економска војна, тогаш барем позиционирање во битката за суровини, без оглед дали тоа би се одвивало под персиска врховна контрола или не.[27]

---

[24] За тасоската Пераја, прочуена по богатството, *v.* пред сè Hdt. 6.46.2–3 и 7.109.2; дополнителни податоци има кај Тукидид (1.100.2-101.3), Демостен (50.47) и Диодор (11.68.4, 16.3.7), како и во литературните извори (на пример, Aesch. frag. 12; Eurip. *Rhes.* 921, 970; Plut. *Cim.* 4.2, 14). Од подоцнежните извори, *cf.* Lucret. 808-811, Ruf. Fest. 442-3; Amm. Marc. *Vita Thuc.* 25, 26, 46.

[25] Kraay, 1976: 149; како основа му служи анализата на Pouilloux, 1954.

[26] Херодот (5.31.2) вели дека Кикладите во тоа време „биле закачени“, т.е. биле зависни од Наксос, а по име ги спомнува Андрос и Парос. За силните врски меѓу Парос и Тасос – кои најверојатно подразбирале и исополитија – *v.* Graham, 1964: 74 sqq., 81-90.

[27] *Contra* Kienast, 2002, 4 sqq., кој цени дека интересите на Аристагора воопшто не се темелеле врз економските интереси на Милет, туку поскоро врз политичките интереси на *hoi pakhees*. Во ова тешко може да се поверува, зашто, како што ќе видиме подолу, тиранинот морал постојано да ја има предвид политичката опозиција во Милет, која не би му дозволила преземање на ваков, речиси приватен потфат; освен тоа, преголемата грижа исклучиво за интересите на малубројниот највисок општествен слој сигурно не би оставила толкав впечаток врз

Џорџ тврди дека треба да се земе предвид и местоположбата на Лаврионските рудници во Атика, токму наспроти Кеос, и цени дека, ако Персијците и Милетјаните би успеале да воспостават контрола врз Кикладите, тогаш би била ранлива дури и Атина.[28] Сепак, да се оди подалеку од претпоставката за четириаголникот Милет-Наксос / Парос-Тасос, не изгледа многу препорачливо. Иако претходнава претпоставка е сосема можна, ако во целиот систем се вклучи и Атина, тогаш ќе мора да се одговори на неколку мошне тешки прашања. На пример, дали Аристагора би одел толку далеку во размислувањата, и дали навистина би можело да му се припише ваква ингениозна замисла, со која Персијците релативно лесно би ја парализирале копнена Хелада? За волја на вистината, ваквата замисла на Аристагора не би нè изненадила на идеолошки план, кога е веќе очигледно дека во Јонија не важи класичната спротивставеност меѓу Хелените и барбарите; но, од воено-политички аспект, ова веројатно би бил преголем залак за номиналниот заменик-тиранин на Милет. Освен тоа, Џорџ претполага[29] дека Персијците на оваа замисла ѝ давале еднаква политичка тежина, како и на Скитскиот и на Тракискиот поход, и дека Персија имала намера да воспостави контрола врз сите извори на скапоцени метали во Егејскиот басен; но, оваа претпоставка нема апсолутно никаква подлога во изворниот текст, а освен тоа, како што ни се претставени работите, иницијативата тука воопшто не е персиска, туку на Аристагора и на Милетјаните. Да беше поинаку, Персијците не би имале потреба да чекаат да избие граѓанска неслога на Наксос.

Значи, засега би било најприфатливо да се претпостави дека, во замислата на Аристагора, контролата на Наксос и Сифнос можела да послужи како воен адут против Парос (и особено против Тасос) во надбивањето за економски престиж под персиска закрила, нешто што Персијците очигледно го дозволувале. Персијците, пак, немале причина да одбијат ваков предлог, со кој тие практично би биле најголемите добитници. Така, предлогот на Аристагора брзо бил спроведен во дело.

● *Семето на раздор и идните невољи.* – Семето на раздор во оваа експедиција веројатно го посеал токму Дареј. Кралот му го придружил на Аристагора својот роднина Мегабат, кој требало да

Артаферн, кој морал да мисли и на балансот на политичките сили, но и на сопствената положба од аспект на наредбите од Суса.

[28] Georges, 2000: 16 sqq.

[29] *Ibid.*

заповеда со триерите со персиски и други нехеленски одреди.[30] Овој Мегабат веројатно бил брат на Бубарес и син на Мегабаѕ, со кого веќе се запознавме, а кој во ова време веќе бил сатрап во Даскилеј.[31] Матрицата во која влегува малата драма меѓу Мегабат и Аристагора е мошне лесно препознатлива – Персиец со висок заповеднички чин се судира со почитуван Хелен, нешто што веќе станува општо место за персиска Јонија; без да навлегуваме колку е веројатно дека станува збор за смислено фингирана ситуација, впечатлив е фактот што вакво нешто воопшто било можно во рамките на персиската администрација, а освен тоа, по повеќе од половина век, не ѝ се чинело неверојатно дури ни на публиката на Херодот.



*Остатоци од старото милетско пристаниште (според* Shepherd, *2010)*

[30] Hdt 5.32-33. Херодот тврди дека Мегабат не бил назначен од Дареј, туку од Артаферн, но ова е спротивно на сите други податоци што ги имаме за Персијците, а кои се однесуваат на модалитетот на делење заповедништва во воените операции. Во таа смисла, Hdt. 5.32 е единственото место со вакво тврдење во целиот корпус податоци, а за ова сведочат и персиските податоци; *cf.*, на пример, *DB* (Kent) 11.18 sqq., делот за „востанијата“.

[31] Може да се спекулира дека Дареј го одбрал Мегабат за оваа задача, делумно и зашто преку него можел да ги контролира внатрешните политички случувања во најзападната сатрапија. Имено, изборот на Мегабат не само што можел да го нагласи несогласувањето меѓу милетските тирани и семејството на Мегабаѕ, туку правел и дополнителен притисок врз Артаферн во Сарди, со што ниту една од трите страни не била способна да преземе целосна контрола врз ситуацијата, без тоа веднаш да му се дојави на кралот. Воопшто, несогласувањата, па дури и отвореното непријателство меѓу сатрапите во Даскилеј и во Сарди се општо место во хеленските наративни извори, дотаму што можеме да претпоставиме дека тоа била постојана состојба на нештата уште од воспоставањето на персиската власт во Мала Азија; *cf.* Hdt. 3.120.2.

Како и да е, приказната вели дека Мегабат најпрвин не го испочитувал, а потоа и отворено го оспорил врховното заповедништво на Аристагора. Имено, тој казнил еден хеленски заповедник, по име Скилак од Миндос, кој му бил подреден на Аристагора, откако претходно го одбил барањето на тиранинот човекот да биде ослободен. Аристагора објавил дека Мегабат ги минал границите на неговите овластувања, зашто врховното заповедништво над целата операција му било дадено само на Аристагора.[32] Во ова веројатно може да се верува, зашто Херодот ги раскажува нештата како да се кажани во отворена караница, и пред многу очевидци; во секој случај, не станувало збор за мала работа, особено ако се земе предвид дека, иако не биле врзани за етничката припадност, церемонијата и протоколот кај Персијците сепак јасно го определувале статусот и местото на поединецот на општественото скалило.[33] Тука, од една страна имаме Јонец со висок статус, кој заповедал со јонската флота, на таа должност бил поставен од кралот, а бил наследник на Хистијај, кој иако Јонец, бил сотрпезник и советник на кралот; од друга страна имаме Персиец, син на сатрап и роднина на кралот, кој му се спротивставил на номинално назначениот водач, го оспорил неговиот авторитет и со тоа го прекршил договорот меѓу Јонецот и другиот сатрап, Артаферн, дека Милет ќе го предводи можното освојување на Кикладите.[34] Мегабат очигледно се однесува кон Аристагора не како кон милетски тиранин и сојузник, туку (како што би се очекувало од Персиец неискусен во малоазиските политички игри) како кон хеленски слуга на кралот, значи и слуга на сите негови високи заповедници, вклучувајќи се тука и себеси.[35] Со ова тој го оспорил

[32] Hdt. 5.33.

[33] Во таа смисла, проблематично е што единствени „официјални" извори од другата страна се персиските монументални натписи, а ако се суди според нивната содржина и општата државна идеологија што ја отсликуваат, тогаш она што се обидувал да го направи Аристагора изгледа претерано, опасно, дури и невозможно. Но, Џорџ (2000: 16) укажува дека не смееме да судиме за состојбите на една локална и прилично шарена внатрешно-политичка сцена врз основа на јавни документи, наменети за пропаганда и глорификација на власта и владетелот. Всушност, она што го кажува Ксенофонт, кој пишува за можностите за напредување што им биле отворени на „најдобрите" Хелени, иако наместа претерано, сепак пореално ги отсликува нештата на локален план. *Cf.* Georges, 1994: 221-241, но и приказот на Keen, *Bryn Mawr Classical Review* 95.10.14, кој забележува дека авторот наместа можел да биде повнимателен во изложувањето на аргументите и покритички настроен кон изворните податоци.

[34] Hdt. 5.30.2 sqq.

[35] Некои историчари (Grundy, Georges, Sealey *ad loc.*) тврдат дека Мегабат го гледал Аристагора како *bandaka*, што не може да биде точно; *cf.* Kent, 1953: *s.v.*,

не само статусот на Аристагора, туку и убедувањето на Милетјаните дека имаат повластено, формално озаконето пријателство и сојузништво со Персија. Така, во рамките не само на воениот потфат, туку и на блиската иднина, односот на Аристагора со Мегабат (а преку нив и на Милет со персиските господари) останал оспорен и недефиниран. Сето ова можеби ќе можело да се заборави, само ако потфатот на двајцата скарани заповедници завршел со освојување на Наксос; но, како што ни кажува Херодот, токму поради оваа кавга, потфатот завршил со целосен неуспех.

Нема потреба детално да се навлегува во причините за пропаста на потфатот против Наксос, ниту пак во вистинитоста на тврдењата на Херодот. Некој – независно дали тоа бил Персиец, Јонец или некој трет – им ја дојавил целата работа на жителите на Наксос, и тие ја одбраниле слободата.[36] Доволно е да се каже дека, од сите претпоставки за тоа кој бил предавникот, најневеројатна е онаа дека токму Мегабат го спасил Наксос: висок персиски заповедник, подреден и одговорен на Артаферн и на Дареј, е претставен како свесно и со умисла уништува добар и издржан план за ширење на персиската политичка контрола во Егејскиот басен, и тоа давајќи им клучни информации на оние што треба да бидат нападнати, кои пак не знаат ништо за целата работа.[37] Од друга страна, откако ќе заврши целата мешаница, нема ниту збор дека Мегабат бил откриен и казнет, било за предавството (за кое очигледно знаеле само Хелените, а со нив и нашиот извор), било за неуспехот.

Од текстот на Херодот произлегува дека казна му се заканувала само на Аристагора. Историографот нè убедува дека токму стравот од казна поради поразот кај Наксос, како и сменетото расположение на Артаферн, биле иницијалните каписли поради кои

---

199, col. 2. Поимот *bandaka*, кој произлегува од корен со значење „врзува, окова" го има само во *DB*, каде со него се означени заповедниците на Дареј (Kent, 1953: II, 30, 49 sqq., 82; III 13, 31, 56, 84 sqq.), па дури и двајца од Седумтемина Персијци: Хидарнес (II, 19 sqq.) и Гобрија (V, 7 sqq). И Ксенофон веројатно сосема исправно го нарекува Кир Помладиот *doulos* на неговиот брат (Xen. *Anab.* 1.9.29). Клучот е во тоа што, според сè, користењето на поимот *bandaka* е ограничено само на означување персиски поданици од повисок ранг; се чини дека со овој поим се означувала лична врска на покорност, но само меѓу кралот и друг Персиец, па со него не би требало да се одбележуваат други видови на политички односи меѓу кралот и поданици од други народи.

[36] Hdt. 5 56.

[37] *Contra* Keaveney, 1988, кој цени дека предавникот бил токму Мегабат, и тоа воден од лични мотиви поради подредената положба што ја имал во споредба со Аристагора.

Аристагора го кренал востанието. Уплашен дека ќе му биде одземена власта – basileie[38] – во Милет, Аристагора размислувал за бунт, и токму во тој миг од кај Хистијај наводно стасал еден тетовиран роб, кој му донел порака да крене востание.[39] Што се однесува до Артаферн, неуспехот кај Наксос секако бил и негов; токму тој му ја пренел замислата на Дареј, па сега имал интерес да ја префрли вината врз друг. Додуша, Артаферн не можел сосема да го тргне Аристагора, зашто неговата положба била врзана со положбата и угледот на Хистијај.[40] Наместо тоа, Артаферн му побарал на веќе банкротираниот Аристагора да ги подмири трошоците за неуспешната кампања – иако е сигурно дека подмирувањето на државните издатоци тешко би го натерало кралот да се помири со состојбата.[41]

Либералните политички односи дозволуваат работите да се погледнат и од гледна точка на Милет. Според Милетјаните, Артаферн добил јонски бродови и посади и му биле дадени услугите што ги платил; за неуспехот на потфатот не биле виновни тие, туку персиецот Мегабат. Освен тоа, однесувањето на Артаферн сега веќе наближувало до изнудување, со што „непочитувањето“ на нивната политичка положба веќе сосем наликувало на она што претходно го направил Мегабат. Постапките на Артаферн предизвикале внатрешни потреси во Милет, зашто ја ставиле под прашање личната положба, угледот и сигурноста на милетскиот тиранин; поради него, Аристагора бил изложен на напади и од личните непријатели, и од загрижените неопределени граѓани, а освен тоа, тиранинот можел да го исполни барањето на сатрапот само ако ја вовлече раката во џебот на истите оние граѓани што цело лето се подготвувале за амбициозен потфат, кој за возврат не им донел ништо. Значи, со обидот да ги исполни барањата на Артаферн, Аристагора можел само

[38] *sic*: Hdt. 5.35.1.

[39] Hdt. 5.35.1-2.

[40] Во 5.30.2, Аристагора не се плаши дека ќе биде сменет од Артаферн, туку по препорака на Хистијај од Суса, што убаво покажува дека Артаферн немал овластувања да прави длабоки засеци во устројството на јонските полиси; патемно, жителите на Наксос што требало да се вратат со овој потфат биле kseinoi на Хистијај (*ibid.*). Но тоа, сепак, не значи дека зборот на Хистијај бил последен, ниту пак дека тој „природно“ сакал да го отстрани Аристагора, како што тврди Georges: 2000, без никаква подлога во подоцнежните настани.

[41] Hdt. 5.34.3; *cf.* заповедите што Тисаферн ги добил од кралот во врска со собирањето данок од јонските полиси, откако претходно бил спречен да го направи тоа поради Атињаните (Thuc. 8.5.4). *V.* и Gomme, 1981: *ad loc.* V, 12-16. Според Тукидид, оваа заповед наводно го натерала Тисаферн да се врзе со Спарта и да почне да дејствува против Атина.

да си ја поткопа положбата во градот што го управувал, и во оваа смисла, Гранди можеби со право толкува дека токму Артаферн ја придвижил раката на Аристагора.[42] Сѐ што требало овој да направи, е да ги убеди сограѓаните дека во сето ова ја има поддршката на Хистијај, а доаѓањето на тетовираниот роб било како порачано.[43]

● *„Сеойшйойо" восшание на Хисшијај и Арисшаїора.* – Дали епизодата со робот е обичен трик, или пак навистина и Хистијај имал удел во подготовката на востанието? Редица историчари, почнувајќи од Гранди,[44] веруваат дека Хистијај подготвувал востание уште пред да биде повикан во Суса. Според нив, има повеќе аргументи за ваквото тврдење. Најпрвин, кога Аристагора навидум панично почнува да размислува за востание, тој веднаш наоѓа соработници и истомисленици, иако пред мешаницата со Наксос кај Херодот нема ниту збор за некакво востаничко расположение. Ако се дозволи дека од враќањето од Наксос до првиот чин на востанието минало сосем кусо време (зашто тој се случил во флотата, која штотуку се вратила од островот), тогаш заговорот не можел да се обмисли и да се спроведе во дело за толку кусо време. Понатаму, Херодот постојано раскажува за заговорници и востаници (во множина), што укажува дека случувањата на мостот кон Скитија можеби не се сосем измислени, и дека во Јонија трпеливо се чекал миг кога персиската контрола ќе покаже знаци на слабост; собирањето на целата јонска флота, како и персиските неволји со Наксос и со управата во западна Мала Азија, би биле тој погоден миг за востание. Во таа смисла, тешко би можело да се прифати дека случката со робот е коинциденција, и дека Хистијај сосем случајно, седејќи во Суса, дошол до истото решение без да има удел во првичниот план. Најпосле, оние што го прифаќаат активното учество на Хистијај во подготовката на востанието, спекулираат дека Аристагора не би се одважил да патува во копнена Хелада и да бара помош истата година кога го нападнал Наксос, ако неговата база во Милет не била обезбедена и

---

[42] Grundy, 1901: 94.

[43] Hdt. 5.35.2-36.1. How & Wells, 1989: *ad. loc.* толкуваат дека „Херодот ги раскажува нештата безмалку како овој роб да е фолклорен лик", и ја подредуваат оваа епизода под фолклорниот топос „пренесување тајна порака"; *cf.* 5.52, 1.123.4, 7.239.2-4. Како едно од поинтересните може да се издвои мислењето на Georges, 2000, кој цени дека разврската со тетовираниот роб најмногу му погодувало на Аристагора за неговиот *coup de theâtre*, зашто му дозволувало да ги замеша работите со една едноставна тетоважа, наместо да фалсификува официјално писмо со специфичен ракопис, стил, и веројатно со восочниот печат на Хистијај. *Cf.* и Chapman, 1972, 559.

[44] Grundy, 1901: 84 sqq.

ако немал приказна со која би им го објаснил своето однесување на Хелените. Навистина, ако аргументите се согледаат на овој начин – а особено ако го прифатиме она што ни го раскажува Херодот – тогаш учеството на Хистијај во планирањето и во креваењето на востанието не само што е можно, туку изгледа и сосем веројатно.

Но, како и на многу други места, и тука на работите може да им се пристапи потрезвено, и тие да се следат без никакви емотивни повици за востание и слобода за Хелените. Пред сѐ, треба да се запрашаме – како што тоа го прави Џорџ[45] – дали воопшто имало заедничко и единствено решение да се крене бунт против Персија и, уште повеќе, ако навистина имало такво решение, колку е веројатно дека Јонците се стремеле кон целосно ослободување од Персија и потполна независност? Хистијај тврди дека се нафатил да подготвува востание дури откако чул дека Дареј сака да го размени населението меѓу Јонија и Фојникија.[46] Но, ова звучи сомнително поради неколку причини: ваквите примери биле сосем ретки во персиската политика, а освен тоа, само ваков претеран и страшен изговор можел да го оправда неговото дотогашно недејствување во очите на Јонците.[47] Што се однесува, пак, до однесувањето на Јонците, веднаш паѓа в очи претпазливоста со која била спроведена смената на власта во градовите; откако Милетјаните го поттикнале сменувањето на јонските тирани и им ги предале тираните на нивните поданици, само Митиленците го осудиле на смрт нивниот тиранин Коес, а повеќето други тирани лесно и брзо нашле прибежиште на персиска територија.[48] Всушност, тираните биле пуштени да си заминат како слободни луѓе; објаснувањето за ваквата постапка веројатно се крие во фактот што тие тирани нормативно биле носители на титулата „добродетел на Кралот“, па секое злодело кон нив би повлекло одмазда од Персијците. Освен тоа, во случај работите да тргнеле по неповолен тек, овие тирани можеле да послужат како полезни преговарачи и олеснувачи на дијалогот меѓу Јонците и Персија – особено зашто, ако некогаш се врателе на власт, тираните би претпочитале да ги добијат градовите назад неоштетени и неопљачкани.[49]

---

[45] Georges, 2000: 24.

[46] Hdt. 6.3.

[47] Особено ако се земе предвид и трговско ривалство меѓу двата народи, со што ваквите обвинувања навистина би можеле да се чујат многу често од можните агитатори на азискиот брег на Егејското море; како и да е, останува забелешката дека ништо од ова нема никаква подлога во изворните податоци.

[48] Соодветно, Hdt. 5.37; 5.38.1; 5.38.2; 6.9.2.

[49] Како што и навистина се се случило пред битката кај Лада; *cf.* Hdt. 6.9.2-10.

Најинтересно е тоа што, во месеците што уследиле по прогонството на тираните, Јонците воопшто не повлекле потег што Персијците би го сфатиле како непријателски; Дорците од Мала Азија, пак, воопшто не дејствувале и продолжиле да се однесуваат како да не се случува ништо.[50] Болсер забележува дека во текот на зимата 499/8 год. ст.е. (значи, пред да пристигнат Атињаните и Еретрјците), востаниците веројатно не подготвиле ниту план за систематска воена офанзива, а не пак да го спроведат таквиот план во дело.[51] Може да се дискутира дали ваквото однесување се должи на несигурноста и на нерешителноста на Јонците, како што претпоставува Болсер; Џорџ опоменува дека истите тие Јонци мошне скоро ќе ги разбијат Фојникијците на море и, со помош на Карија, долго време ќе се опираат пред копнената војска на непријателот.[52] Затоа, се чини поверојатно дека дипломатските игри сè уште не биле исцрпени до крај, и дека Јонците не се придвижувале делумно и зашто се обидувале да го разрешат спорот по мирен пат, преку преговори со Артаферн.

Една од причините поради кои ова изгледа сосем логично, е фактот што до тој миг Јонците веќе ја постигнале главната цел – се ослободиле од тираните, ја вратиле контролата врз сопствената флота и добиле автономија во нивните територијални води. Значи,

[50] Мошне е впечатлив молкот на Херодот во врска со малоазиските Дорци, во кои би ги вклучиле и неговите сограѓани од Халикарнас – особено ако се спореди со многубројните пофалби за кралицата Артемисија (Hdt. 7.99; 8.68-69, 87-88, 101-103; *cf.* Munson, 1988). Од овој молк може да се заклучи дека Дорците не учествувале во Јонското востание, и дека доброволно останале под персиска контрола дури и по тешкиот пораз што персиските одреди го претрпеле кај Педас во Карија, само еден километар северно од Халикарнас. Податоците што ни ги дава Херодот (Hdt. 5.171 sqq.) навестуваат дека Карийците што му се приклучиле на востанието биле главно оние што одржувале блиски контакти со Милет; другите Карийци, пак, по задушувањето на востанието биле наградени со земјопоседи во т.н. Милесијада (Hdt. 6.20 *ad fin.*), што имплицира дека, во општи рамки, Карийците населени во задницата на дорските полиси немале удел во востанието. Карактеристична е и пасивноста на жителите на Книдос, кои не презеле ништо ниту во времето на освојувањето на Кир, ниту пак во оваа прилика; *v.* Hdt. 1.174.3-6. *Cf.* и Kienast, 2002: 18.

[51] Balcer, 1988; авторот го анализира детално овој проблем во J. M. Balcer, *Sparda by the Bitter Sea: Imperial Interaction in Western Anatolia*, Brown Judaic Studies, 1985. Најдалеку, пак, во нагласувањето на пасивноста на Јонците оди Neville, 1979.

[52] Фокаја со прочуените бедеми; Приена, која се одбранила од Алијат; како и Теос, Еритра и Миунт, кој можел да даде само три брода за заедничката флота, а сепак успевал да се одбрани сè до битката кај Лада (Hdt. 6.8). За Карија, *cf.* деталниот приказ кај Burn, 1984: 205-206.

за да го постигнат тоа што го сакале, не им требало никакво востание. Во тој миг, најважно било да се добијат гаранции за постигнатото преку дипломатска спогодба; тоа што би продолжиле да се усогласат со интересите на освојувачот не било ниту ново, ниту необично, зашто Јонците го правеле тоа уште од времето на Кир, а пред тоа и во времето на кралевите на Лидија. Да биде иронијата поголема, оваа цел е мошне слична со она што Јонците го добиле по задушувањето на востанието: внатрешна автономија (каква што имале пред Дареј) и, веројатно, нова пресметка на даночните обврски, при сѐ што продолжиле да служат под персиско врховно заповедништво.[53]



*Фојникиска триера, печат од ризницата во Персепол*

Ако се има на ум сево ова, би морале да се запрашаме дали во првите неколку месеци од востанието, а по настаните што ги опишавме, повеќето Хелени од Азија воопшто имале потреба или желба за воено соочување со најголемата воена сила на нивното време. Јонците морале да го решат спорот со кралство чии ресурси повеќекратно ги надминувале нивните, кое имало и други поданици морепловци, кое ја контролирало внатрешноста на нивниот крајбрежен појас,[54] но чии европски поседи во голема мера зависеле токму од Јонците. Во секој случај, воената разврска би била мачна за двете страни; на другата страна, Персијците требало да ја судрат фојникиската флота со јонската, што би значело внатрешен расцеп во нивната воена морнарица, а освен тоа, Фојникијците во една прилика веќе одбиле да ги ис-

[53] Hdt. 6.43.3.

[54] Дека јонската политичка и економска контрола на крајбрежјето не одела подалеку од границите на нивните *astea*, сведочи и фактот што јонските полиси продолжиле да им плаќаат давачки на Персијците дури и по битката кај Микале во 479 год. ст.е.; *cf.* Murray, 1988. Има мислења дека во Јонија имало дихотомија меѓу политичката независност на утврденото *asty* и економската зависност на околната отворена *khora*; без оглед на нивното место на живеење и политичката состојба во матичниот полис, земјопоседниците од околината на градот наводно морале да им плаќаат давачки на Персијците, без оглед што утврдениот град бил, условно, политички слободен. Станува збор за теорија која, пред сѐ, ја заговара Balcer, *Sparda*... 204-226 (*apud* Georges, 2000). Ако нештата навистина биле такви, тогаш може да се спекулира колкав бил вистинскиот степен на политичка слобода што можеле да ја имаат овие „независни“ јонски полиси; но, ова излегува од рамките на проблемот што го разгледуваме.

полнат заповедите на персискиот крал,[55] што значи дека и нивната соработка не требало да се зема здраво за готово. И навистина, како што ќе покажат настаните, фојникиската флота исловила дури откако бунтот на Кипар наближил до нивното главно тамошно упориште, Аматос (Хамат), и им се заканило губење на контролата врз нивните сопствени води.[56]

Како што гледаме, мошне е веројатно дека персиското и фојникиското недејствување не се должи ниту на неподготвеност, ниту на изненаденост, туку кај Херодот едноставно нема никаков доказ дека во 499 и 498 год. ст.е. воопшто имало некакви непријателства што би заслужувале да бидат спомнати.[57] Овој факт, во содејство со дипломатските игри и преговорите на Јонците, укажува дека не станувало збор за никакво претходно обмислено и организирано востание,[58] во кое Хистијај би бил мозокот, а неговиот заменик Аристагора – теренската сила; според сè, Хистијај се вклучува во настаните многу подоцна.

## Јонија и призракот на крајбрежјето

Следува низа од четири вињети што произлегуваат од дејствијата во Јонското востание, а нè приближуваат до периметарот на

---

[55] Hdt. 3.19.2.

[56] Hdt.5.108. Дејствијата на Кипар се мошне детално прикажани кај Burn, 1984: 202-205.

[57] И покрај тоа што ова е речиси сосем извесно, треба да се имаат на ум и забелешките на Briant, 1986: 34 sqq. Авторот ги оспорува гледиштата за наводната „неподготвеност“ на Персијците од друго стојалиште. Имено, ретко се води сметка за тоа дека персиските воени одреди биле шаренолики и се разликувале во однос на природата, составот и намената; според него, недејствувањето во Јонија не се должело на тоа што таму немало персиска војска, туку на тоа што немало ударна војска со напаѓачки атрибути. Ова звучи мошне логично, но во секој случај, останува фактот дека Јонците не презеле речиси ништо за да предизвикаат каква и да е реакција.

[58] *Cf.* и Blamire, 1959: 146 sqq., кој дава одлично втемелена критика на гледиштата за однапред осмислено и грижливо подготвувано сеопшто востание. Уште еден обид за „поправање“ на текстот на Херодот, повторно во насока на сеопшто востание, подоцна прави Lang, 1968 („we should not hope to discover the truth about the revolt merely by accepting his narrative [...] but [by substituting] our own, somewhat more historically-grounded prejudices for his“); поради ова авторката е остро критикувана, најпрвин од Waters, 1970 („Lang's canon of how Herodotos is to be treated is unsound. Her method is first to make a 'historically plausible construct' and then adapt Herodotos to this bed of Procrustes, lopping off... what does not conform to the construct.“) а потоа на сличен начин и од Chapman, 1972.

тракомакедонското крајбрежје и на географска Македонија: станува збор за епизодите за „враќањето“ на Пајонците, за смртта на Аристагора, за поморските авантури на Хистијај и за дејноста на Милтијад пред да се врати во Атина. Овие епизоди може да се набљудуваат одделно од востанието зашто, иако се истовремени со него, немаат речиси никаков одраз врз општиот тек на нештата. Нивното значење, пак, лежи во фактот што тие се можеби реминисценција и зачуван одглас на некои паралелни традиции, во кои веројатно бил чуван спомен и за случувањата на крајбрежјето, а за што во верзијата на настаните на Херодот нема речиси ниту збор.

● *Повторно за Пајонците.* – Пред да ги разгледаме дејствијата на Аристагора и на Хистијај, треба уште еднаш да се вратиме на прашањето за Пајонците и нивната наводна преселба. Иако би се рекло дека ова прашање е веќе апсолвирано, Пајонците уште еднаш се јавуваат во текстот на Херодот, и тоа повторно во контекст на нивното наводно присуство во Мала Азија.

Погоре застанавме во еден миг на исчекување, во кој двете страни чекале да видат како ќе се развиваат политичките надмудрувања, а усрдно внимавале да избегнат непосредно воено соочување. Аристагора се вратил од Атина во Милет зимата 499 или во рана пролет 498 год. ст.е.; тогаш, според Херодот,[59] го повлекол првиот потег во востанието, од кој Јонците не извлекле никаква непосредна полза. Херодот раскажува дека тиранинот, пред да поведе војска кон Сарди, им порачал на Пајонците што Дареј ги преселил во понтска Фригија дека слободно можат да се вратат дома, зашто и онака цела Јонија се одметнала од кралот. Освен ако целта на Аристагора не била да остави психолошки впечаток и да се прикаже себеси како господар на териториите што дотогаш биле под персиска власт, тогаш е невозможно да се објасни и да се протолкува овој чин, во кој нема ниту мотив, ниту придобивка; се добива впечаток дека постапкава воопшто немала подлабоки мотиви, освен што требало да го налути Дареј – што веќе било постигнато со најавите за востание и одметнување.

Може да се спекулира дека Аристагора сакал да ја продолжи политиката на Хистијај, наводно обмислена десетина години претходно, со која би ги вовлекол и племињата од тракомакедонското крајбрежје во воените пресметки во западна Азија. Но, ако Аристагора навистина имал таква намера, неговиот обид бил сосем неуспешен, зашто ниту Тракијците proprie dicti, ниту македонските племи-

[59] Hdt.5.98.

ња од крајбрежјето не се вклучиле во востанието – иако е можно дека го искористиле на посреден начин, поради слабеењето на персиската воена контрола, која и инаку не била сосем цврста.

Според друга насока на размислување, наводната репатријација на малоазиските Пајонци требало да послужи како противтежа на Едонците – кои наводно ја искористиле пропаста на пајонската политичка моќ – и дека крајната цел повторно била врзана за контролата на областите околу Миркин.[60] Џорџ спекулира дека на Милет не само што му било потребно да обезбеди територија и стабилен извор на приход околу Миркин, туку тоа значело и продолжување на милетската политика за обезбедување нови извори на суровини и скапоцени метали. Според оваа конструкција, која главно се заснова врз гледиштата на Фол и на Хамонд,[61] Пајонците што не биле депортирани се придвижиле малку кон север – подалеку од сцената на настаните – и продолжиле да коваат големи номинали, а репатријацијата на нивните отселени соплеменици требало повторно да ја засили нивната положба и да го врати балансот меѓу племињата во Стримонскиот басен. Ова е, можеби, најлогичната реконструкција на настаните што може да се понуди; но, дури и на обичниот читател му е јасно дека таа не само што не почива врз ниту еден изворен податок, туку оди и против сите досегашни претпоставки што звучеа прифатливо. Всушност, против ваквата реконструкција има многу аргументи – исто толку, колку што има тврдења во неа – а тука ќе биде сосем доволно да се задржиме на најочигледните.

Првата забелешка е од аспект на методологијата на размислување. Економската и политичката слобода на Милет – онаква каква што ни беше отсликана во приказната со Наксос, Мегабат и Артаферн – беше навистина впечатлива, но не смее да се заборави дека таа автономија и слобода сепак морало да има некакви ограничувања. Ако милетските политички и економски интриги воопшто беа можни, тоа беше така зашто Милетјаните имаа воена и економска поддршка од сатрапот во Сарди; освен тоа, нивните планови беа изводливи затоа беа во иста насока со политичките определници на централната власт. Не смее да се изедначува состојбата тогаш, кога Милет се обидувал да го шири своето влијание со персиска поддршка, и сега, кога Персијците веќе се непријатели, а Јонија најверојат-

---

[60] Врз основа на спекулацијата за големото ширење на Едонците по стапките на освојувањето на Мегабаѕ, и секако, под претпоставка дека Пајонците воопшто биле депортирани. *Cf.* Hdt. 5.126.2; Thuc. 1.100.3; 4.102.2; 107.3, но пред сè Hammond & Griffith, 1979, 68 sqq.

[61] *Cf.* Fol & Hammond, 1988: 252, no. 25-27.

но ја очекува долга и скапа војна. Наводниот потег со Пајонците не може да се разгледува во ист референтен систем ниту со политиката кон Наксос, ниту со желбата за стабилни приходи; иако ги делат само неколку месеци, двете епизоди се случуваат во дијаметрално различна политичка и економска состојба.

Понатаму, се чини дека Џорџ ѝ припишува преголема важност и далекувидост на економската политика на Милет. Според сѐ, градот навистина има автономна економска политика, но таа почива врз добрата волја на Персијците. Во време кога малоазиските Дорци и Ајолци не се заинтересирани за востание, а недостасува и прилично голем дел од Јонците, кога Персијците се веднаш во заднината и, како што видовме, се води непријатна игра на нерви, во која сите се надеваат на решение без премногу трошоци и крв – водење на некаква економска политика на северното егејско крајбрежје би било рамно на стратегиско безумие. Милет можел да размислува за Миркин сѐ дури односите со Персија биле јасно дефинирани и кристално чисти; но, дали тоа било можно под воена закана, кога околната поддршка ни оддалеку не ги задоволувала потребите?

Можеби најважно е тоа што, дури и ако сѐ друго се остави настрана, ваков потфат најверојатно бил физички невозможен. Според приказната на Херодот, овие Пајонци слегле од бродовите кај Дориск.[62] Но, историографот не кажува ниту со чии бродови биле пренесени, ниту пак кој ризикувал да одвои половина од активната флота за да пренесува Пајонци до Стримон, без оглед што фојникиската флота во тој миг сѐ уште изгледала незаинтересирано. Понатаму, Дориск бил клучна персиска посада на устието на Стримон, а не била ниту напуштена од Персијците, ниту пак освоена од Хелените; ова би значело дека Пајонците направиле десант на Дориск, започнале битка за која нема ниту збор во изворите, ја победиле персиската посада (која и по овој настан останала во градот) и најпосле продолжиле накај дома. Дали тоа значи дека патемно бил освоен и Ејон – кого, околу 475 год. ст.е., Кимон одвај го освоил со блокада и изгладнување, и тоа дури по самоубиството на заповедникот на персиската воена стража?[63] Нема ниту збор за понатамошната судбина на овие Пајонци, а нема ни објаснување зошто не ги задржале овие две клучни тврдини, што очигледно морале да ги освојат за да се вратат дома.[64]

[62] Hdt. 5.98.4 *ad fin.*; *cf.* Hdt. 7.59.1.

[63] Hdt. 7.25, 107, 113; 8.118.

[64] Мошне е впечатливо што, и покрај сите овие нелогичности, има истражувачи кои инсистираат на традиционалното гледиште дека оваа приказна е апсолутно ви-

Воопшто, сè говори во прилог на заклучокот до којшто дојдовме и претходно – дека нема дисперзија на Пајонците низ Егејскиот басен и дека, како што покажавме и погоре, станува збор за стилистичка обработка на настан кој не само што не може да се поткрепи со изворни податоци туку, ако се земат предвид општата состојба и текот на настаните во тоа време, воопшто не можел ни да се изведе. Според сè, Пајонците во 498 год. ст.е. не се наоѓаат ниту во Фригија, ниту на палубите на јонската флота, туку токму онаму каде што и инаку би ги очекувале – во задднината на крајбрежјето, или пак веќе придвижени кон север и кон побезбедната внатрешност.

● *Арисѿаīора.* – Кон крајот на 496 год. ст.е., пред да се случи големиот персиски пораз во Карија, состојбата со востанието не им влевала голема надеж на Јонците. Иако сè уште го држеле Босфор, Кипар и Хелеспонт биле загубени, а паднале дури и два хеленски крајбрежни града.[65] Херодот раскажува дека Аристагора, откако увидел како стојат работите, почнал да очајува над својата судбина и да размислува за сопствениот спас; историографот очигледно се труди да ни го прикаже тиранинот во најлошо можно светло, како плашлив слабак кој ја фрлил цела Јонија во безредие, зашто замешал работа поголема одошто можел да поднесе, а сега подготвувал бегство.

Оваа приказна на Херодот можеби ќе беше издржана, ако беше проследена со некаков себичен обид на Аристагора да се спаси само себеси; но, приказната што следи воопшто не им одговара на претходните обвинувања. Тиранинот не само што не се обидел да се искраде од Милет и да се спаси себеси, туку ги собрал главните заговорници и им кажал дека би било добро да се најде некое прибежиште во случај да бидат изгонети од Милет, било тоа да е островот Сардинија, Миркин, или пак некое друго место. Хекатај му се спротивставил на ваквиот план и заговарал да се утврди островот Лерос, но мнозинството заговорници сепак го прифатиле предлогот на Аристагора и го одбрале Миркин.[66] По сево ова, веројатно кон крајот на 496 год. ст.е., Аристагора го оставил Милет во рацете на еден почи-

стинита. Така, не можејќи поинаку да ги објасни сите овие „успеси“ на Пајонците, Kienast, 2002: 21 тврди дека „потфатот на Пајонците бил осмислен, испланиран и организиран многу порано, па затоа тие можеле да се придвижат веднаш и да ја завршат сета работа со целосен успех“. Секако, авторот ниту ја дефинира одредницата „многу порано“, ниту пак кажува кој и зошто би имал мотив да го осмисли и да го организира наводното враќање на овие Пајонци.

[65] Hdt. 5.123.

[66] Hdt. 5.125, *cf.* 36, како и Strab. 14.1.6.

туван граѓанин по име Питагора, ги зел сите што сакале да одат со него и отпловил кон Миркин.[67] Таму, наводно, сите загинале во напад на некоја населба,[68] чие име Херодот не го спомнува, но според она што го кажува Тукидид, се наоѓала близу подоцна основаниот Амфипол.[69]

Како да се протолкува оваа епизода, кога не знаеме ниту што точно било разгледувано и кажано, ниту пак што се случувало на крајбрежјето во тоа време? Се чини дека има премногу непознаници за да се извлече што и да е од овој текст; па сепак, може да си дозволиме две сосем куси забелешки. Прво, од текстот не е сосем јасно за какво точно прибежиште станувало збор. Овие заговорници можеле да најдат прибежиште, во смисла на безбедно засолниште, речиси секаде во копнена Хелада, и тоа без никаква потреба од освојување, борба или утврдување; но според сѐ, се чини дека тие не барале место во кое би се отселиле и засолниле, туку место што би можело да им послужи како база за некаков иден потфат.[70] Второто согледување се однесува на веќе фамозниот Миркин, што непрестајно се провлекува над судбините на главните актери во востанието. Ако воопшто нешто е сигурно, тоа е фактот дека овојпат Миркин и Стримонскиот басен навистина се место што ги интересира Милетјаните, стратешки важна територија што би сакале да ја контролираат.[71] Приказната за дарувањето на Миркин во 510 год. ст.е. можеби е антедатирана, а можеби и воопшто не се случила; но, тука веќе Милетјаните и на дело се занимаваат со Миркин и со географска Македонија.

• *Хистијај*. – Приказната за Хистијај е нешто подолга и многу посложена,[72] а започнува отприлика вака. Откако заминал од Сарди – без оглед дали тоа било тајно, или пак со знаење на Дареј –

[67] 5.124-126; cf. 6.5.1

[68] Hdt. 5.126.2.

[69] Thuc. 4. 102.

[70] *Cf.* Blamire, 1959: 150, кој се прашува дали е логично да се дозволи дека главешините на востанието загубиле секаква надеж и размислувале за бегство, а востаниците воопшто не биле погодени од ваквата загуба, па сеедно продолжиле да се борат уште речиси две години. Исто мисли и Evans, 1963, 121 sqq., а особено Wallinga, 1984: 424 sqq.

[71] Cawkwell, 2005: 76 оди уште подалеку, и тврди дека Аристагора веројатно намислил, во случај востанието да пропадне, целосно да ги пресели Јонците (или барем Милетјаните) во Стримонскиот басен.

[72] Најдетална анализа на политичката дејност на Хистијај даваат Chapman, 1972 (особено во времето пред, и во почетокот на Јонското востание), и Kienast, 1994 (за последните години од неговиот живот, по падот на Милет).

Хистијај успеал да стаса до островот Хиос. Таму бил затворен под сомнение дека работи за Големиот Крал, но откако се увериле во неговите добри намери, жителите на Хиос го ослободиле. Невозможно е да се каже кои биле тие добри намери, и со какви намери Хистијај воопшто се вратил во Јонија. За некои историчари, тиранинот бил агент на Дареј, кој требало да го смири и да го задуши востанието,[73] а други ценат дека бил самостоен политички играч, кој сакал да завладее со Јонија.[74] За жал, однесувањето на Хистијај не дава елементи за конечен суд, и се чини дека ова прашање мора да се остави отворено. Може да се верува дека неговите намери не биле сосем чесни и искрени ниту кон едната, ниту кон другата страна; можно е и тоа, дека Хистијај сакал да застане на чело, ако не на сите Хелени во Азија, тогаш барем на Јонците – без оглед дали тоа би се случило под персиска закрила, или не.[75] Во случај да не успеел тоа да го постигне самостојно, не е чудно да прифател да владее во Јонија под покровителство на кралот, но не и на Артаферн, или на кој и да е друг сатрап. Односите меѓу Хистијај и локалните персиски великодостојници биле прилично замрсени; кралот не му бил ненаклонет дури и откако си заминал од Суса, но тоа веројатно не може да се каже и за персиските сатрапи.

Како и да е, откако си ја вратил слободата, Хистијај морал да размислува што да прави понатаму. Ова се случувало отприлика во исто време со смртта на Аристагора близу Девет Патишта, па тиранинот веројатно не можел да смета на никаква поддршка од крајбрежјето; затоа, се обидел да се поврзе со група Персијци од Сарди, кои биле политички непријатели на Артаферн.[76] За таа цел, го одбрал за гласник некојси Хермип од Атарнеј, но овој му ја дојавил целата работа на Артаферн и го разобличил планот на Хистијај. Откако вака му пропаднала првичната замисла, Хистијај се обидел да се врати во Милет; но, како што ни кажува Херодот, Милетјаните не

[73] George, 2000, со детален преглед на литературата врз која се засновани ставовите на авторот.

[74] Најдалеку оди Grundy, 1901: *ad loc.* Подоцнежните истражувачи се, по правило, поумерени, но сепак редовно го спомнуваат неговото мислење.

[75] Детална анализа на искажаните мислења дава Chapman, 1972: 562-570; и поновите претпоставки главно можат да се подведат во трите главни правци на размислување што ги анализира авторот.

[76] Hdt. 6.4.1. Kienast, 1994: 398 го разгледува тврдењето на How & Wells (*ad loc.*) дека овие „Персијци“ всушност биле Лидијци, кои сè уште се обидувале да ја вратат независноста, но на крајот сепак ја отфрла нивната претпоставка, убеден дека Херодот бил сосем способен да разликува Персијци од Лидијци – што е сосема на место.

само што не сакале да го примат назад, туку бил и ранет додека се обидувал насилно да влезе во градот. Најпосле, се упатил кон Лезбос, каде ги убедил жителите да му дадат осум триери, а потоа исповил кон Бисантиј. Таму успеал да заседне и почнал да ги запленува бродовите што пловеле од Понт кон Егејското море, барајќи од нив да ветат дека ќе му служат само нему; но, во еден миг, по битката кај Лада, Хистијај му ги оставил целото богатство и поседите околу Бисантиј на некојси Бисалт од Абидос, па се упатил назад кон Хиос. Откако наводно се обидел да ја освои власта на островот по насилен пат, тиранинот започнал успешни преговори и ја добил поддршката на населението – и, веднаш потоа, се обидел да го освои островот Тасос.

Очигледно, приказот на дејствијата на Хистијај по враќањето во Јонија е сè, само не јасен и подреден. Херодот го прикажува тиранинот како плови од остров до остров и влегува од град во град, навидум без некоја умисла или осмислен план. Поради ваквата состојба со изворните податоци, за мотивите на Хистијај може да се спори надолго и нашироко, и тешко дека ќе се постигне општа согласност меѓу научниците. Но, за нас е интересен само последниот дел од оваа приказна, што се случува по падот на Јонија. Како можел Хистијај да помисли да го нападне Хиос, во време кога фојникиската флота се пресметувала со последните отпори на востаниците? Дури и ако навистина бил политикант и сплеткар, тој секако не бил толку безумен, за да верува дека би можел успешно да го држи островот по битката кај Лада. Уште поважно: зошто, откако ги придобил жителите на Хиос, веднаш потоа го нападнал Тасос,[77] наводно со војска составена од многу Јонци и Ајолци?

Како што стојат работите, нема начин да се објасни целата мешаница со Хистијај, ако не се претпостави дека подоцнежните дејствија на тиранинот и на неговите истомисленици повторно биле некако врзани со долината на Стримон. Како што видовме погоре, Милетјаните имале економски интереси во Стримонскиот басен, а Аристагора се обидел да преземе и конкретни мерки во таа насока; нивниот главен предизвик, пак, бил економскиот монопол што на таа територија го имал Тасос. Ако веќе мора да се направи (мошне претпазлива) конјектура на настаните, најлогично би било да се заклучи дека, токму како и претходните обиди на Аристагора да се блокираат Парос и Тасос, и сегашниве дејствија на Хистијај оделе во насока да се остварат интересите во Стримонскиот басен. Факт е де-

[77] Hdt. 6 25.

ка Тасос никогаш не би дозволил доаѓање на нов политички играч толку близу до неговата Пераја; за да нема последователни неприлики на Стримон, Хистијај можеби ценел дека би било добро да почне со изненадувачки потфат против изворот на неприликите – Тасос, кој наводно вмешал прсти дури и во смртта на Аристагора. Дури и времето за потфатот не било сосем лошо, зашто фојникиската флота сè уште била зафатена во Карија, каде некои градови тврдоглаво одбивале да се предадат. Па сепак, целиот овој потфат пропаднал поради упорната одбрана на Тасос и развлекувањето на непријателствата; додека траела опсадата на островот, се раширил глас дека фојникиската флота исловила кон север, па Хистијај морал да се повлече. Најпосле, завршил во Атарнеј, каде бил нападнат и заробен од голема персиска војска на чело со Харпаг.

• *Милтијад.* – Најпосле, за нас е интересен и атинскиот стратег Милтијад – но не поради неговиот подоцнежен хероизам кај Маратон, туку зашто се наоѓал на северното егејско крајбрежје и во текот на персиските воени операции, и во текот на Јонското востание. Според сè, Милтијад морал да балансира меѓу персиската опасност од една страна, и притисокот на соседните племиња од друга страна, па неговата кариера би можела да ни послужи како важен извор на податоци. Но, за жал, тешко е да се каже што правел Милтијад, и каква била неговата улога за време на бурните години во западна Азија. Подеталните податоци за неговата дејност и за потомството се однесуваат на подоцнежно време, кога ќе се појави кај Маратон како веќе оформен, вешт и искусен воен заповедник; за она што го правел на крајбрежјето, пак, немаме речиси ништо, освен неколку спомнувања.[78]

Додека владеел на тракискиот Херсонес, Милтијад склучил брачна врска и сојуз со локалниот басилеј Олор, кој контролирал дел од богатите области наспроти Тасос[79] – веројатно територијата

---

[78] Според GRUNDY (1901: 146), впечатливата празнина за животот на Милтијад од времето на Скитскиот поход, па сè до крајот на Јонското востание, сведочи дека Херодот, при составувањето на Историјата, речиси воопшто не користел архивска граѓа, освен неколку малубројни натписи и атински документи. Сепак, ова се чини премногу остро; не можеме да го обвинуваме Херодот што не ги користел приватните записи на Филаидите, ако не можеме да докажеме дека во тоа време тие записи воопшто постоеле. Овој проблем е подетално разработен кај GEORGES, 2000: appendix B, но и тој не се оддалечува многу од изворните податоци. *Cf.* и дополнителните белешки кај BURN, 1984: 219-220, како и општиот приказ на LOUKOPOULOU, 1989: 79-95..

[79] Мошне е веројатно дека атинскиот историограф Тукидид, син на Олор, бил сродник или непосреден потомок на овој Олор преку Кимон, синот на Милтијад и

меѓу Перинт и поранешните пајонски земји околу Стримон. Според изворните податоци, се чини дека персиското навлегување во Европа не се одразило неповолно ниту врз овој Олор, ниту врз Милтијад, туку напротив, се вели дека и Dареј, и Мегабаѕ[80] ја прегазиле територијата на Апсинтите, непријателите на Милтијад и неговите Долонки.[81] Како и кај повеќето политички единки на тракомакедонското крајбрежје, слабеењето на персиската контрола во Европа веројатно му овозможила на Милтијад да се ослободи од Персијците без да крева никаков бунт; сепак, кај Херодот има неколку детали што заслужуваат внимание, зашто можеби укажуваат дека Милтијад бил поактивен на северот, одошто се чини на прв поглед.

Ако ги прифаме податоците за Аристагора и Хистијај како точни – а засега немаме други податоци, со кои би ги оспориле – тогаш произлегува дека барем извесно време и Милтијад бил замешан во потфатите на двајцата тирани. Територијата под контрола на Олор се наоѓала токму во кругот на амбициите на Аристагора; сосем е можно дека Олор и Милтијад не можеле да гледаат благонаклоно врз доаѓањето на Аристагора на север, и дека имале природен интерес да соработуваат со другата страна – било против Аристагора, ако бил уште жив, било против неговите соработници, ако бил мртов.

Но, како можело да се случи Милтијад да биде непријателски расположен кон Аристагора, а потоа да прифати да соработува со Хистијај, кога амбициите на овие двајца биле речиси идентични? Се чини дека одговорот треба да се бара не во крајните амбиции на двајцата милетски тирани, туку поскоро во начинот на кој сакале да ги остварат нивните цели. На пример, наспроти Хистијај, кој дејствувал на крајбрежјето со хеленски сили, Аристагора неколкупати е доведен во врска со некои Тракијци (во изворот означени како Ски-

Хегесипила (*cf.* Marcell. *Vit. Thuc.* 2); Тукидид имал приходи од рудниците кај Скапте Хиле (*ibid.*, 14, 19; Thuc. 4.105.1; *cf.* Hdt. 6.46.3). Патемно, Ensslin (*RE* XV 2 (1932), Miltiades, col. 1681) тврди дека Олор бил басилеј на Сапајците, кои ја населувале територијата околу Скапте Хиле, источно од Кренида, токму наспроти Тасос (*cf.* Appian. *Bell. Civ.* 4.105). Ваквата идентификација е веројатна и според „политичката географија“ во тој миг, зашто ги става Сапајците отприлика на западната меѓа на Апсинтите – кои пак биле непријатели на Долонките.

[80] Соодветно, Hdt. 5.89.3 sqq. и 5.14 sqq.

[81] *Cf.* Hdt. 6.34.1. Апсинтите се спомнуваат на северната меѓа на Херсонес (Hdt. 6.36.2-37.1; 9.119), сè до Хебар на запад; наводно, локалните жители ја нарекувале околината на Ајнос „Апсинтида“, *cf.* Strab. VII, fr. 58; Steph. Byz *s.v.* „Korpiloi“, племето што подоцна ја населувало истата територија.

ти). Кога Аристагора бара помош од спартанскиот басилеј Клеомен, во неговата придружба има Тракијци/Скити; тиранинот предлага Спартанците да го нападнат Ефес, а Скитите истовремено да навлезат од север и северозапад, што е мошне мошне слично на разговорот што овие Тракијци/Скити го воделе со Клеомен.[82] Овие приказни, од кои едната и не е сосем трезна, не мора да се апсолутно вистинити и веродостојни; сепак, не може да се одрече дека тие навестуваат некаков невообичаен триаголник на односи, во кој овие Тракијци/Скити се врзани и со Милтијад, и со Аристагора. И подоцна, ако Милтијад воопшто бил избркан од сопствената територија од некакви Скити, можно е дека станува збор токму за овие.[83]

Наспроти затегнатите односи со Аристагора, се чини дека Милтијад имал удел и во потфатите на Хистијај. Херодот раскажува дека фојникиската флота ја освоила територијата на Милтијад како казна[84] – што значи дека од другата страна морало да има соодветен чин, кој би заслужил таква казна. Тука најверојатно станува збор за епизодата кога Милтијад исловил од Херсонес и, со помош на одред Атињани, го освоил островот Лемнос,[85] кој пак Персијците го заземе меѓу походот во Скитија и почетокот на Јонското востание.[86] Тешко може да се објасни како Милтијад би се одважил на ваков чин, а и би можел да го спроведе неказнето, ако владеел мир и ако Персијците ги контролирале нивните територијални води; може да се спекулира дека потфатот бил преземен во времето кога Персија ја загубила контролата во северниот Егеј, што нè доведува токму до кусовечните обиди за превласт што ги имал Хистијај. Дека соработката меѓу овие двајца била сосем можна, сведочи уште еден детал, кој можеби кажува повеќе одошто би очекувале. Иако не е спомнат по име, можно е дека Милтијад ја поддржувал веќе опишаната опсада на Тасос; ова може да се насети од крајно негативнот однос кон

[82] Hdt. 5.50 sqq.; *cf.* Hdt. 5.54.2, 6.84.

[83] Wade-Gery, 1951: 217 (=1958: 163) го емендира Hdt. 6.40 за да го датира „скитскиот" напад веднаш по повлекувањето на Дареј од Скитија, околу 512 год. ст.е. Сепак, со подоцнежните ископувања околу Истар е докажано дека времето на овој напад поскоро се поклопува со крајот на Јонското востание; cf. Pippidi, 1970; Boardman, 1962-3: 36 sqq. *V.* задолжително анализата на Scott, 2005: 522-532; авторот го споредува текстот во различни ракописи, расправа за досега направените емендации, и заклучува дека приказната за бегството на Милтијад е најверојатно бедничка измислица од времето по завршувањето на походот на Ксеркс.

[84] Hdt. 6.31.1-2.

[85] Hdt. 6.140.

[86] Hdt. 5.26.




*Дејствијата во текот на Јонското востание*

него, што Лисагора од Парос го искажува пред персискиот заповедник Хидарнес.[87] Инаку, би било мошне чудно некој Париец во ова време да има било каква забелешка против Милтијад, освен ако во равенката не се внесе неговото можно непријателство со Тасос.

Како што гледаме, спротивно на вообичаените верзии за мирното и спокојно „ослободување“ во отсуство на персиска контрола – додека Персијците се справувале со Јонија, на северното крајбрежје сепак нешто се случувало. Од она што може да се прочита меѓу редови, мошне е веројатно дека и Аристагора, и Хистијај, и Милтијад имале поголем удел во настаните на северот, одошто тоа може да се види од текстот на Херодот.

Зошто е тоа така, и зошто среде дејствија што и политички, и смисловно се одвиваат на друго место повторно е вмешан тракискиот или македонскиот дел од крајбрежјето, може само да се спекулира. Воопшто, и пред 499 год. ст.е., и во текот на Јонското востание, и особено во 480/79 год. ст.е. Европа и тракомакедонското крајбрежје постојано лебдат како некој призрак што се затскрива зад општиот тек на настаните. Ова како да ја потврдува тезата дека Јонија и персиските територии во Европа не треба да се разгледуваат и да се анализираат одделно, особено зашто на тоа нè опомена и економската анализа на случувањата. Според сè, во персискиот референтен систем (а очигледно и во референтниот систем на Хелените од Азија),[88] западна Мала Азија и Европа биле нераскинливо врзани и во воено-политички, и во економски поглед.

## По падот на Јонија

Со битката кај милетскиот остров Лада во 494 год. ст.е. бил означен падот на Јонија и официјалниот крај на Јонското востание.[89] Би се рекло дека ниту последиците од ова востание, ниту казната што морале да ја претрпат бунтовниците не биле многу страшни за Јонија. Сепак, анализата на подоцнежните случувања ќе покаже дека падот на Јонија бил значајна пресвртница и во поглед на

[87] Hdt. 7.133.1. Детален приказ и анализа за потфатите на Милтијад во врска со Парос дава Scott, 2005: 630-647.

[88] Исто и Kienast, 2002: 14: „Sie zeigt jedenfalls, daß Thrakien in den Uberlegungen der Jonier eine nicht unwichtige Rolle gespielt haben muß“.

[89] За деталите во врска со оваа битка, *v.* Myres, 1954, со извонредна топографска анализа.

однесувањето и на ставот на Хелените кон Персија, и во поглед на понатамошните определници на персиската надворешна политика.

На прво место, не е премногу храбро да се каже дека Јонското востание барем привремено ја заштитило, ако не и ја спасило копнена Хелада. Ако не се кренело востанието, големиот копнен удар против Хелада сосем лесно можел да се случи во првата деценија на V век ст.е., и во тој случај би бил насочен против една разделена, неподготвена, политички и економски мошне нестабилна Хелада. Јасно е дека борбите повторно би биле жестоки – но би се воделе, на пример, без учество на атинската флота, која имала пресудна улога во неколку епизоди десетина години подоцна. Може да се спекулира и дека, во случај на поран напад врз Хелада, Хелените (особено Атињаните) би го немале дополнителниот мотив за одбрана, што инаку го добиле со воениот пораз во Јонија, битката кај Лада и падот на Милет.

На другата страна, востанието секако ја обременило касата на големото кралство. На Персија ѝ требале шест години за да воспостави мир во Мала Азија, а притоа загубила две флоти и една цела војска, заедно со заповедниците. Ако се стават во рамка на севкупните персиски годишни приходи и човечки ресурси, овие загуби можеби и не биле толку драматични, колку што се чинат на прв поглед; па сепак, поради нив Персијците биле принудени да се посомневаат во нивната дотогашна тактика и да размислуваат за нов пристап кон непријателствата, можеби и за нова стратегија – нешто што веројатно не би се случело, ако Јонското востание не го прекинеше нивното линеарно напредување кон и во Европа.

Но, за ова ќе одвоиме место малку подоцна, а сега треба да се разгледа начинот на кој биле привршени непријателствата на азискиот брег. Јонија била целосно совладана и покорена; но, начинот на кој, по завршувањето на непријателствата, биле подредени работите во Азија, открива две мошне впечатливи нешта. Од една страна, политичката зрелост на Персија и обмислениот начин на справување со довчерашните бунтовници јасно ја отсликува суштинската разлика на персискиот светоглед, во споредба со вообичаената матрица на политичко дејствување во староисточните монархии. Од друга страна, леснотијата со која азиските Хелени ги прифатиле, ги спровеле и ги искористиле условите што им ги наметнал победникот, сведочи дека станувало збор за мошне специфични поданици.

Како што раскажува Херодот, Артаферн повикал во Сарди претставници од најголемиот број јонски градови; таму ги натерал да склучат меѓусебни договори, кои пропишувале како треба да се

решаваат јавните и приватните спорови, а ги забранувале и навлегувањата на територија на соседните градови – што убаво го отсликува наводното единство (а всушност неслогата) на довчерашните бунтовници против кралот. Артаферн заповедал и да се направи увид во териториите на градовите, па врз таа основа да се изработи нов план за оданочување; барем според Херодот, овој план мошне малку се разликувал од претходниот, а сè уште важел и во негово време.[90] Ако се има на ум текот на преговорите во Сарди и она што било договорено таму, се чини дека Артаферн ѝ пристапил на целата оваа работа со голема политичка мудрост; наместо едноставно да се постави кон Јонците како кон поразени бунтовници, тој ги засновал договорите врз претпоставката дека Јонците се најголеми непријатели самите на себеси; мошне иронично, највпечатливата одлика на преустројството на Јонија по востанието е тоа што најголемо внимание им е посветено не на односите на азиските Хелени со Персија, туку токму на нивните меѓусебни односи.

● *Артаферн слегува од сцената.* – Начинот на кој Артаферн ги средил работите бил навистина промислен, па сепак, преговорите со јонските градови биле лебедова песна на овој сатрап, во поглед на неговото учество во највисоките сфери на власта.[91] Имено, откако завршиле сите активности со смирувањето на Јонија, кралот почнал да собира нова, значително поголема војска за повторно воспоставување цврста контрола врз европските територии, а потоа, како што изгледа, се свртел против сопствениот полубрат. Најпрвин ги сменил пониските заповедници назначени од Артаферн и поставил нови луѓе,[92] а потоа го сменил дури и Артаферн, кој со ова слегува од сцената на настаните. Тој бил наследен од Мардониј, кој бил син на Гобрија, еден од прочуените Седуммина Персијци и брат на првата жена на Дареј.[93] Според Херодот, Мардониј ги тргнал од власта јонските тирани и вовел демократско уредување во градовите – со што ги обезначил личните пријателски врски на Артаферн во Јонија и почнал да создава свои.[94] Намалувањето на влијанието на лозата на

---

[90] За новиот даночен план за Јонија, *v.* Scott, 2005: 538-542.

[91] Подетална анализа за крајот на политичкото влијание на Артаферн даваат Georges, 2000: 30 sqq. и Kienast, 2002: 25-31.

[92] Hdt. 6.43 *init.*

[93] Hdt. 7.2.2.

[94] Но, не смее да се заборави дека сета оваа работа најверојатно се случувала под надзор и со одобрување на Големиот крал. За илустрација може да се земе епизодата кога Хистијај се обидува да се поврзе со персиските непријатели на Артаферн во Сарди (6.4.1); ако тие покажале толкава доверба кон еден Хелен, до-

Артаферн сосем јасно може да се согледа и од идните настани. Во 490 год. ст.е., неговиот син, кој го наследил како сатрап во Сарди, бил втор заповедник на поморската експедиција, зад Медиецот Датис;[95] во 480 год. ст.е., пак, овој помлад Артаферн имал уште понизок команден чин и заповедал само со одредите од Лидија и Мизија.[96] Значи, што се однесува до внатрешната поделба на власта во Персија, изгледа дека една впечатлива последица од Јонското востание било згаснувањето на влијанието на Артаферн и неговата локална благородничка лоза.

● *Политиката на новиот кормилар*. – Времето кога Мардониј го добива врховното заповедништво, е и време во кое може да се препознаат некои нови нијанси во политичкиот пристап и во однесувањето на Персијците на Западот. Не знаеме дали новините се должат на поуките што Дареј ги извлекол од востанието, или пак станува збор за нови определници, чии основи биле зацртани од Мардониј; во секој случај, отстапувањето од политичките принципи по кои се раководел Артаферн е мошне забележливо.

На прво место треба да се издвои коренитата промена во ставот на кралството и на кралската администрација кон јонските тирани.[97] Уште од освојувањето на Јонија во времето на Кир II, основна определница на персиската политика била да се управува со областа преку локалните тирани, што веќе биле на власт во мигот на освојувањето. Секако, тоа не значи дека Кир a priori ја одобрувал тиранијата во Јонија, или воопшто; но, онаму каде што тоа било можно, Персијците се обидувале да владеат низ постоечките облици на уредување[98] – иако во копнена Хелада веќе се случиле значителни политички менувања, а тиранијата била речиси сосем отфрлена. Во Јонија, Персијците упорно ја поддржувале тиранијата сè дури Дареј,

---

таму што сакале да му се приклучат во заговор против полубратот на кралот, тоа би можело да значи само дека Хистијај успеал да ги убеди дека таква е и волјата на дворецот во Суса. Во таа смисла, можеби треба да се прифати дека, при сè што Мардониј создавал лични врски во Мала Азија и, подоцна, во копнена Хелада, овојпат станувало збор за иницијатива на Дареј, која тој само ја спроведувал во дело – за разлика од слободата што пред него ја уживал Артаферн.

[95] Hdt. 6.94.2; *cf.* Hdt. 6.97.1, 6.98.1, 6.118.1.

[96] Hdt. 7.74.2.

[97] Подетална анализа на проблемот на воспоставање демократски уредувања во јонските полиси има кај Cuyler Young, 1988: 68-70. Сепак, авторот можеби му придава поголема важност и универзалност на овој процес, одошто тоа навистина било случај, зашто го претставува како нова, општа политичка определница на Персијците, при што речиси не дозволува исклучоци.

[98] Најдетален осврт и дискусија за овој проблем има кај Graf, 1979: 57-102.

по задушувањето на востанието, не симнал многумина од тираните и ги заменил со демократска управа[99] – со што востаниците успеале да постигнат барем една од нивните воени цели. Почнувајќи од ова време, политичкиот компас на Персијците во Мала Азија почнал да претежнува во правец на демократското уредување. Секако, треба да се има на ум дека станува збор за пресметана внатрешна политика, а не за одраз на одредена философска определба; па сепак, подемот на демократијата во Јонија е непобитен факт, кој ќе им даде специфична боја на идните односи меѓу Персијците и малоазиските Хелени.

Втората забележителна разлика се однесува на проактивноста и на зголемената агресивност на персиските воено-политички зафати на западната меѓа од кралството. Како што видовме, Јонското востание ги пресекло врските меѓу управата во Сарди и неколкуте разединети персиски територии во Европа, врски што ни претходно не биле многу цврсти. Ова може убаво да се илустрира со примерот на Бисантиј. Кога бил под персиска контрола, овој град бил втор по важност воен и пристанишен центар, само зад Сестос на Хелеспонт; но, персиската власт во Бисантиј никогаш не ја постигнала стабилноста на другите воени упоришта, разместени по тракомакедонското крајбрежје. Во ова време, пред Персијците повторно да го освојат градот, поголем дел од населението (исто како и нивните соседи од Калхедон) избегал во Месембрија на понтскиот брег, отприлика на половина пат до Истар – област што очигледно веќе не била (или пак никогаш не била целосно) под персиска власт. Ова навестува дека персиската контрола над брегот на понтска Тракија, што била постигната по настаните од 513 год ст.е., релативно брзо се распаднала, а наводното основање на персискиот град Бориsа,[100] што веќе го спомнавме, немало никаква тежина во идните потфати. Сосем е веројатно дека истото се случило и во горното течение на Хеброс, на брегот на Пропонтида од Хелеспонт до Босфор, и особено на тракомакедонското крајбрежје. Иако нема никакво навестување дека во Тракија и Македонија имало некакви самостојни воени активности, а најмалку пак против Персијците, сепак тие останале без непосредна надворешна политичка контрола.

Кусо речено, посредните последици од востанието биле посериозни, поштетни и подалекусежни одошто теренските непријател-

[99] Херодот (6.43) тврди дека сите тирани ја загубиле власта, но ова е очигледно погрешно; мора да се претпостави дека Херодот тука зборува само за Јонија во потесна смисла.

[100] Hecat., *FGrH* I F 166.

ства и вооружените судири. Очигледно е дека секоја претходна фаза од персиските освојувања на запад била нестабилна и нецелосна, и барала не само постојана логистичка помош од матицата, туку и понатамошни освојувања. Губењето на контролата врз крајбрежните европски предели – и тоа без никаков вооружен судир или надворешна интервенција – освен што подразбира дека не била спроведена никаква централна сатрапска управа, укажува и дека Персијците имале прилика добро да ја научат лекцијата и да согледаат што треба да се одбегнува во иднина. На пример, заповедниците на локалните персиски посади никогаш не успеале да се поврзат во политичка, или барем во чисто воена мрежа, туку останале врзани за Сарди, од каде најверојатно им биле праќани и заповедниците, и наредбите.[101] Ова можеби не било голем проблем во време на мир; но, кога почнало губењето на териториите, оние што останувале биле сè поизолирани, и едни од други (што исклучувало ефективно содејство), и од матицата во Сарди (што оневозможувало воена помош и засилување).



*Урнатини од акрополата во Сарди*

Ваквата состојба требало да се поправи во најскоро можно време, а направените грешки да се поправат и никогаш да не се повторат. Затоа, пролетта 493 год. ст.е.,[102] Персијците започнале голе-

[101] За логистиката, одржувањето и снабдувањето на постојаната војска, *v.* задолжително Briant, 1986: 35-39.

[102] Hdt. 6.33.1.

ми подготовки за воено преосвојување на овие територии и за воспоставање поцврста контрола. Токму преку ова воено придвижување може да се согледа новиот начин, на кој Персијците имаат намера да ги водат работите; во иднина, во персиската политика ќе има сè помалку политички преговори, теренски договори, локални династи и посредно оданочување, а сè почесто ќе биде воспоставана цврста и постојана воено-политичка контрола, ако не и нешто повеќе.[103]

● *Големото преосвојување.* – Значи, преосвојувањето на тракомакедонското крајбрежје и воспоставањето цврста контрола врз европските територии – на некој начин дури и врз македонското кралство – било една од првичните задачи на кралот во блиска иднина. Задачата не можела да биде премногу тешка зашто, како што сликовито опишува Гранди, Македонија не го отфрлила јаремот, туку – ако воопшто имало некаков јарем – тој самиот паднал од неа.[104] Можна потврда за ова е фактот што, иако требало да се преосвојува сразмерно голема територија, освен една природна катастрофа и една мешаница од помал обем, Херодот не бележи никакви други неволји ниту за персиската војска, ниту пак за локалното население; без оглед како тој ги цени нештата, преосвојувањето било спроведено сосем ефективно. Всушност, походот од 492 год. ст.е. – кој почнал од Сестос, одел по јужниот патен правец на тракомакедонското крајбрежје, и преку Стримонскиот басен стасал до македонското кралство – бил претпоследната, најуспешна фаза од копнените освојувања на Персијците во Европа. Повторно биле освоени хеленски полиси, биле поставени нови персиски воени посади, а контролата на Ахајменидите врз крајбрежните области била воено обезбедена и потврдена.

Но, да тргнеме од почеток. Според нашиот извор, пролетта 492 год. ст.е. од Суса кон запад тргнала голема воена сила, предводена од новиот заповедник Мардониј, кој тринаесет години подоцна ќе загине на бојното поле кај Платаја. Херодот тврди дека Мардониј ги сменил Харпаг, Отан и уште неколку неименувани заповедници, кои биле врзани со Артаферн; но, дури и ако не биле сменети сите, што е поверојатно, Мардониј секако станал врховен заповедник.

Како што видовме погоре, откако стасал во Јонија, прв чин на Мардониј било одземањето на власта од јонските тирани и вове-

---

[103] За подетална анализа на политичките аспекти на потфатот на Мардониј, *v.* Balcer, 1988; *cf.* Briant, 1996: 168-170, со детален список на стручна литература во белешките.

[104] Grundy, 1901: 146 sqq; исто и Briant, 1996: 169.

дувањето демократско уредување во градовите. Но, главната задача што ја добил од кралот не се однесувала на Јонија, туку на Европа. Мардониј го минал Хелеспонт и се упатил долж крајбрежниот пат, во правец на Македонија. Патемно успеал да ги покори бунтовните хеленски градови западно од Дориск, како и островот Тасос и (можеби) Самотрака.[105] Жителите на Тасос не пружиле некој особен отпор, иако имале што да бранат; се спомнува дека островот бил подготвен за борба,[106] но се чини дека од тоа не се изродило ништо. Дури, соочени со напредувањето на персиската војска, месните Хелени негодувале зашто очекувале Тасос да ги брани, што очигледно не се случило.[107] Како и да е, по сиве овие настани, под персиска контрола се нашле не само Ејон и Дориск, за кои стана збор погоре, туку и целиот потег долж крајбрежјето, сѐ до границата на македонското кралство.[108]

Да разгледаме повнимателно дел од случувањата во периметарот на кралството на Аргеадите. Станува збор за две интересни епизоди: во едната од нив, персиската флота е десеткувана во бура, а во другата, логорот на Мардониј е нападнат од Бригите. Овие две епизоди содржат одредени недоречености во текстот на Херодот, а врз основа на она што (не) го кажуваат, можат да се извлечат некои интересни заклучоци.

> Овие градови им биле само изговор за походот, додека на ум им било друго; да потчинат колку што е можно повеќе хеленски градови. Од една страна, тие со морнарицата го покориле Тасос чии жители не мрднале ни со прст во своја одбрана, а од друга страна, со пешадијата, покрај другите поробени земји, ја потчиниле и Македонија. Имено, сите народи источно од Македонија веќе биле под нивна власт. Од Тасос Персијците се префрлиле на спротивниот брег и, пловејќи покрај брегот, втасале сѐ до Акант, а од Акант тргнале да го обиколат Атос. Додека пловеле околу Атос, се кренал силен северен ветар, што ја оневозможил пловидбата и на голем број од бродовите им нанел тешки штети фрлајќи ги на брегот на Атос. Се прикажува дека таму им пропаднале околу триста брода и загинале над дваесет илјади луѓе. Бидејќи морето кај

[105] Hansen & Nielsen, 2004: 799-771 не го спомнуваат ова, веројатно зашто целиот приказ на податоците за Самотрака претежнува кон подоцнежниот период, особено кон учеството во Атинскиот Поморски Сојуз.

[106] Hdt. 6.46.1.

[107] Hdt. 6.43.

[108] Hdt. 7.106.

Атос е преполно морски ѕверови, едни од луѓето биле проголтани од нив, други гинеле затоа што брановите ги фрлале на карпите, некои се удавиле не знаејќи да пливаат, а некои умреле од студ. Ете, тоа било со персиската морнарица.[109]

На Мардониј, пак, и на неговиот пешадиски логор, кој се наоѓал во Македонија, нападнале Бригите, трачко племе. Многу Персијци Бригите убиле, а самиот Мардониј го раниле. Сепак, и тие не го одбегнале персиското ропство. Имено, Мардониј не се повлекувал од тие краишта додека не ги покорил и нив. А откако ги поробил, ја повел војската назад затоа што и пешадијата лошо му поминала со Бригите и морнарицата тешко настрадала околу Атос. По тој неуспешен и срамен поход војската била повлечена во Азија.[110]

Една од особеностите што го извојува походот на Мардониј од претходните случувања во врска со Македонија е токму односот кон кралството на Аргеадите. Ако го следиме текстот на Херодот, но и ако ги имаме на ум податоците од монументалните натписи на Ахајменидите, како и подоцнежните настани – се чини дека во 492 год. ст.е., од персиска гледна точка се случила извесна промена во статусот на кралството на Аргеадите. Сојузништвото, кое било склучено и функционирало врз база на дадената земја и вода, династичкиот брак, но и почитувањето на заемните интереси, сега како да било заменето со статус поцврсто врзан за персискиот административен систем.[111] Каков точно бил тој статус и што точно подразбирал, ќе разгледаме набргу; сега, пак, ќе се задржиме на неколку логистички проблеми во врска со дејствијата на Мардониј.

Ако се стави во контекст на општиот тек на дејствата на Мардониј, епизодата со Бригите може да изгледа збунувачки. На прв поглед, инцидентот што го предизвикале Бригите навестува дека „покорувањето“ на Македонија не било ниту толку целосно, ниту толку заокружено, колку што ни кажува Херодот. Но, веднаш потоа следи тврдењето дека, иако Персијците наводно претрпеле големи загуби, а бил ранет и Мардониј, ниту Бригите не успеале да го избегнат покорувањето, зашто Мардониј не се повлекол сè дури не ги подвел и нив под персиска власт. Како е можно, во рамките на еден

[109] Hdt. 6.44.

[110] Hdt. 6.45.

[111] Hdt. 6.44.1; 7.108.1. Briant, 1996: 170 ги оценува промените во времето на Мардониј како премин од статус на неформален протекторат, во статус на покорена територија.

ист дел од текстот, Македонија да е и сосем покорена, и делумно слободна, а Бригите да бидат слободни додека Македонија е сосем покорена? Очигледно, во текот на раскажувањето има хронолошки проблеми и празнини. Дали, со редот по кој ни ги раскажува настаните, Херодот сака да укаже дека нападот на Бригите се случил пред или по несреќата на флотата, пред или по завршувањето на дејствијата во Македонија? Болсер[112] правилно забележува дека Херодот воопшто не се осврнува на хронологијата, ниту пак некаде тврди дека ги прикажува настаните по хронолошки ред. Тој, едноставно, ги претставува нештата во содејство: големата поморска несреќа ја реди веднаш до помалата несреќа на копно – а што се однесува до хронологијата, нема начин да се докаже дали инцидентот со Бригите се случил пред или по катастрофата кај Атос.

Прашањето за флотата, пак, нè исправа пред друга дилема. Ако се прифати без резерва тврдењето на Херодот дека, по походот на Мардониј, и македонското кралство влегло во редот на персиските поданици, човек би можел да се запраша кога и како тоа било постигнато со десеткувана флота; ако работите навистина оделе според планот, тогаш произлегува дека македонското кралство повторно влегло во персиската сфера без учество на флотата – значи, или уште пред флотата да стаса до Атос, или пак после тоа, но без никаква потреба од флота. Навистина, за да се притиснат Аргеадите во тоа време воопшто не требала флота; кралството немало поморска сила која би требало да се неутрализира, пристапот преку северен Халкидик бил кус и лесен, а во секој случај, персиската војска можела да биде одржувана и од блискиот Акант, каде имало и безбедно пристаниште.

Во секој случај, работата во Македонија била очигледно завршена и без флота. Но, флотите во тоа време не се обидувале да пловат околу Атос, каде бурите се особено чести, ако немале добра причина за тоа. Зошто, тогаш, персиската флота воопшто пловела од Акант кон Термајскиот залив?

● *Преосвојување или поход?* – Тука, всушност, се кријат двете главни неодговорени прашања во врска со потфатот на Мардониј: прашањето за неговата конечна цел, и оттаму, прашањето за конечните постигања. Херодот е убеден дека целта на Мардониј била напад и воени дејствија во копнена Хелада; современите научници по правило го отфрлаат ова, или пак не сакаат да спекулираат по

[112] Balcer, 1988: 7 sqq.

тоа прашање.[113] Па сепак, на она што го кажува Херодот треба му да се посвети внимание, а целиот воен потфат на Мардониј треба да се стави во контекст на она што го знаеме за состојбата во 492 год. ст.е.

Во 492 год. ст.е., за првпат во историјата на персиските односи со Хелените, општите воено-политички услови дозволувале спроведување воени планови против западното егејско крајбрежје. Настаните од претходните дваесетина години послужиле само како уточнување на некои од поважните определници, што персискиот воено-политички ги зацртал уште кога за првпат бил осмислен планот за ширење кон запад. Во случајов, Дареј бездруго бил свесен дека, ако не ја прифати „опасната“ политика на давање голема воена сила на неговите заповедници на запад, неволјите со голем дел од Хелените никогаш нема да запрат, барем додека дел од Хелените се слободни. Големината на персиската војска што тргнала со Мардониј сведочи дека станувало збор за сразмерно сериозен потфат и за решавање на некој поголем проблем; мошне е впечатливо и тоа, што логистичкиот план и стратегијата на походот од 492 год. ст.е. не е многу различен од оној што се случил дванаесет години подоцна. Како што стојат работите – без оглед на тоа што Персијците очигледно ги потцениле тешкотиите, со кои би се соочиле при покорувањето на Хелените – не треба однапред да се отфрла мислењето на Херодот дека походот на Мардониј бил упатен против копнена Хелада, ниту пак да се исмева неговиот став врз основа на нашите знаења за подоцнежните случувања. Последователното знаење е благослов, но и клетва за историчарот; убаво е однапред да се знае што се случило подоцна, но мошне е опасно да се толкува некој настан со помош на подоцнежното – зашто, тоа сè уште им било непознато на актерите.

Затоа, за миг ќе дозволиме дека Херодот има право, кога тврди дека крајната цел на Мардониј сепак била копнена Хелада. Ова може да си го дозволиме не само заради нашиот методолошки став, туку и поради неколку изворни податоци, кои никако не може да се оспорат. Еден од нив е големината на персиската флота, како и фактот што таа се движела не како во локален поход, туку како да имала подалечна цел.[114] Понатаму, бројноста на поморските и на копне-

[113] Меѓу другите, Hammond, *passim* и Briant, 1996: 169 апсолутно го отфрлаат ставот на Херодот и, што се однесува до походот на Мардониј, дозволуваат исклучиво ограничени цели и постигања.

[114] *Cf.* Wallinga, 1984, *особ.* 410-410, со детална анализа на статусот, организацијата, дејствувањето и големината на персиските флоти почнувајќи од времето на Камбис, па сè до битката кај Лада.

ните сили собрани во Мала Азија била значителна уште пред доаѓањето на Мардониј; по задушувањето на Јонското востание, овие сили не биле распуштени, туку останале активни и подготвени за нови дејствија. Сразмерно големи биле и засилувањата што со себе ги донел Мардониј од Суса, а кои се здружиле со веќе собраните сили. Како што видовме, персиската флота во битката кај Лада имала 600 пловила; можно е и оваа флота да имала приближна бројност, што подразбира и пропорционална копнена сила.

Но, да го оставиме настрана мнението на Херодот. Дека целите на походот од 492 год. ст.е. можеби биле поголеми одошто обично се мисли, сведочи споредбата со вкупната воена сила собрана две години подоцна, за поморскиот поход против средна Хелада. Дури и во таа прилика, основната замисла на Персијците можеби се состоела во казнувањето на Еретрија и на Атина, но тоа сепак била само почетната премиса; со претпоставен успех во 490 год. ст.е., теренските придобивки на Персија би биле многу поголеми од контролата врз овие два полиси – па оттаму, дури и за походот од 490 год. ст.е. би било неправедно да се каже дека бил упатен само против Еретрија и Атина. Значи, според сè, мора да се прифати можноста дека походот на Мардониј не бил територијално и временски ограничен, туку дека завршил само со преосвојување на тракомакедонското крајбрежје затоа што бил десеткуван еден мошне важен дел од воената сила.[115] Тогаш веќе не би било чудно што персиската флота пловела кон Термајскиот залив, иако навидум немало никаква потреба од таков потфат, ако целта била само да се засили контролата врз соседството на Аргеадите.

Како и да е, крајниот исход од походот на Мардониј е дека јужниот дел од Тракија и најголемиот дел од долна Македонија биле „преосвоени“, со што Персијците релативно лесно ја обновиле воената контрола над европските територии. Иако воопшто не стасал до Хелада, Мардониј успеал да обезбеди прилично голема територија, која можела да послужи како извонредна основа за секој иден потфат во Европа.[116] Дали во следните тринаесет години оваа тери-

---

[115] *Contra* HAMMOND, 1988a: 493, кој тврди дека Херодот „не го разбирал значењето на овој поход“. Хамонд цени дека, ако целта навистина била да се нападнат Еретрија и Атина, Дареј би пратил пратеници низ цела Хелада, како што навистина сторил подоцна; но, треба да се земе предвид дека пратеништвата од 491 год. ст.е. се плод и поука од претходните неуспеси, и дека Персијците пред ова време, по правило, ретко бараат земја и вода, па во таа смисла пратеништвото кај Аминта е мошне редок пример.

[116] Но сепак не и „добро организирана и напредна сатрапија“, „чиешто консолидирање и ширење била главната цел на Мардониј“, како што тврди Хамонд (*loc.*

торија останала сосем пасивна, како што тврди Хамонд, не може да се каже со сигурност; нашиот единствен извор го интересира само крајбрежјето, па и таму ни ги опишува случувањата само во хеленските полиси, со исклучок на неколку чудесни нешта, како морските чудовишта кај Атос. Сепак, и таквите фрагментарни податоци откриваат многу нешта; од нив се гледа дека, за Персијците, целата оваа работа ниту била завршена, ниту бил предвиден некаков прекин. Во 491 год. ст.е., Дареј им заповедал на жителите на Тасос да му ја предадат целата флота на персискиот заповедник во Абдера и да ги урнат бедемите на нивниот полис; жителите без поговор се покориле на оваа заповед, која веројатно сведочи дека Персијците имале намера да ги продолжат воените дејствија во северниот Егеј, сè до конечен успех.

● *Што понатаму?* – Катастрофата на флотата кај Атос не ги разубедила Персијците, туку само ги преусмерила и ги видоизменила нивните планови. Несреќата убаво им ги покажала опасностите со кои би се соочила една голема флота, ако тргне да плови околу Атос без претходни логистички подготовки; по логиката на нештата, можеби затоа било решено да не се губи време, и следниот напад да оди по најкусиот поморски пат, без големи копнени зафати и скапа логистика. Но, оваа стратегиска промена барала понатамошни компромиси. Ако се има на ум големината и носивоста на пловилата во тоа време, не доаѓал предвид транспорт на особено голема персиска војска; значи, следниот поход морало да има помал обем. Следствено, Персијците не смееле да дозволат нивната помала воена сила да се соочи со широка коалиција од хеленски полиси; затоа, пред да почне нападот, требало да се убеди што поголем дел од Хелените да се држи настрана од каква и да е одбрамбена коалиција. Со таа цел, во 491 год. ст.е. низ повеќе градови во Хелада биле пратени персиски пратеници за да бараат земја и вода; од полисите на азискиот брег, пак, било побарано да подготват бојни и транспортни бродови, со што им биле непосредно спротивставени на копнените Хелени. Херодот тврди дека на персиските барања им се покориле многу полиси во копнена Хелада, како и сите острови од кои тоа било побарано.[117]

*cit.*) без да се потруди да ни ги соопшти податоците што му служат како основа за ваквото тврдење. Подолу ќе се задржиме подетално на овој проблем.

[117] Чудно е што Херодот не спомнува никого поименично, освен жителите на Ајгина; сепак, кај Маратон има само Атињани и Платајци, што веројатно сведочи дека ова тврдење не е далеку од вистината.

Што ни дава за право да се сомневаме во општо прифатениот факт, дека овој поход бил насочен против Атина и Еретрија? Иако ова прашање излегува од рамките на нашава тема, тоа сепак заслужува внимание, зашто ни кажува уште нешто за персиската политика. Имено, ако се разгледа начинот на кој Херодот ни го прикажува размислувањето на Персијците, лесно може да се забележи дека една од главните одлики на неговата нарација е принципот на каузативност;[118] ако се водиме според неговиот текст, добиваме впечаток дека граничните инциденти меѓу Хелените и Персија постепено добиле таков интензитет, што Персијците решиле да му стават крај на хеленското прашање по пат на освојување; освен тоа, секое придвижување и потфат на Персијците е претставен како казна или како одмазда за некое хеленско (не)дело.[119]

Каузативноста можеби и можела да ја задоволи античката публика на Херодот, но современиот историчар никако не смее да ја прифати како факт и да цени дека проблемот е решен. Објаснувањата на Херодот не фрлаат ниту зрак светлина врз определниците на персиската политика – а нема ниту причина тоа да се бара од нив, зашто историографот ниту имал пристап, ниту пак контакт со луѓе од персиското заповедништво. Ако нештата се такви, имаме право да се запрашаме – зошто походот на Датис и Артаферн помладиот го толкуваме како казна за учесниците во Јонското востание, а не како уште еден обид за пробивање во копнена Хелада? Како што убаво забележува Сили,[120] би можеле да се запрашаме дали во 490 год. ст.е. Дареј можел (и, уште поважно, дали воопшто сакал) да прави разлика меѓу Атињаните, Еретријците и другите Yauna. Во крајна линија, еден поглед врз изворниот текст покажува дека непријателствата воопшто не биле ограничени само на Атина и Еретрија; на пример, додека флотата пловела низ Кикладите, патемно бил запален Наксос и бил освоен Карист;[121] освен тоа, како што кажавме погоре, претпоставениот успех на Персијците во овој поход ни оддалеку не би значел само казна за Атина и Еретрија, туку целосна контрола врз Коринтскиот теснец и средна Хелада; ако се земе предвид подоцнежниот став на Тебанците, како и политичките

---

[118] Подетално кај Sealey, 1976: 17 sqq.

[119] Чудно е што на овој начин размислува и Cuyler Young, 1988: 68-70. Тој тврди дека единствената (или барем далеку најважната) причина за конечна пресметка со копнена Хелада бил впечатокот што го имале Персијците, дека Хелените од Азија нема да прифатат мир и покорност сè дури Хелените од Европа се мешаат во јонската политика – што е крајно поедноставување на нештата.

[120] Sealey, 1976: 19.

[121] Hdt. 6.96, 99.

ставови на Аргеадите и на Алевадите од Лариса,[122] слободно може да се каже дека успех во битката кај Маратон би значел покорување на копнена Хелада.

Но, тука нема потреба да се впуштаме во толкување на алтернативните историски линии. Како што мораше да се дозволи можноста дека целта на Мардониј не било само преосвојување на крајбрежјето, и тука ќе биде доволно да се дозволи дека походот од 490 год. ст.е. не бил само поход против Атина и Еретрија, туку уште еден персиски обид за пресметка со Хелените од копното, што се гледа и од персиските пратеништва низ цела Хелада. Нема детално да расправаме ниту за персискиот пораз кај Маратон и сите негови причини и последици.[123] Доволно е да се каже дека овој пораз ги вратил персиските планови на почеток – значи, на идејата за класично освојување и покорување по копнен пат. Тоа навистина и ќе се случи, но дури дванаесет години подоцна; ние пак, пред тоа треба да го разгледаме статусот на македонското кралство во рамките на новиот политички поредок, што синот на Гобрија го воспоставил на северното крајбрежје.

---

[122] За медизмот на Тесалците (и особено на Алевадите) *v.* WESTLAKE, 1936; со анализа на монетарните наоди, поткрепени со наративните податоци, авторот аргументирано докажува дека првиот пример за медизам кај Тесалците треба да се датира во времето на походот на Мардониј.

[123] Најдетален приказ и анализа на битката кај Маратон дава BURN, 1984: 236-257 (*q. v.*).

# VIII
# ПРИВИДОТ НА ЕВРОПСКАТА САТРАПИЈА

Caveant diligentes. – *Сатрапијата во примарните извори. – Сатрапијата во хеленските извори. – За поимите nomos и hyparkhos.* – Што е посведочено, а што може да се насети. – *Персиската „филозофија на управување“. – За економијата и оданочувањето. – Персиската „дијаспора“. – За сатрапите и нивните слободи.* – Yauna takabara во вителот на сатрапиите. – *Уште еднаш за земјите и поданиците. – Saka, Skudra, Yauna. – Сведување на податоците.*

Прашањето врз кое ќе се задржиме во ова поглавје може да се дефинира со само неколку збора: станува збор за статусот на Тракија и Македонија – или, поточно, на персиските територии во Европа – во рамките на персиската кралска администрација. Прашањето дали воопшто имало или немало Европска сатрапија, и дали таа се крие зад поимот „Скудра“, е непресушен извор и инспирација за спротивставени гледишта, анализи и историски хипотези. За жал, начинот на кој овој проблем се разгледува и се толкува во стручната литература, е дијаметрално спротивен на неговата привидна едноставност.

Најголемиот број историчари што се занимаваат со историјата на Персија, во списокот на персиски сатрапии редовно вбројуваат и сатрапија со име Скудра, која наводно го опфаќала најголемиот дел од персиските територии во Европа – според некои, дури и македонското кралство.[1] Појдовен (и, би се рекло) единствен елемент за ваквите тврдења е спомнувањата на Скудра на персиските кралски натписи и на други административни документи. Наспроти нив, има историчари што, врз основа на истите епиграфски и архивски

[1] *V.* на пример, OLMSTEAD, 1948: 157-8; MERITT et al., 1950: 214; HAMMOND, 1959: 179; BURN, 1984: 110-111; CASTRITIUS, 1972: 4, 10; DANOV, 1976: 272; беспоговорно и ERRINGTON, 1990. Особено упорен приврзаник на овој став е HAMMOND, 1980, 53-61 и *passim* во неговиот опус. Во неможност да се набројат сите, ги изоставаме другите, навистина многубројни одредници.

документи, ги побиваат тврдењата за постоењето на некаква европска сатрапија, па толкуваат дека на документите од Персепол, Накши-Рустам, Суса и Бисиитун се набројани народи и/или земји под персиска власт, но не и јасно дефинирани административни управни целини.[2] Размислувањето, пак, на третата група историчари не се темели врз персиската документација, туку врз хеленските наративни извори. Врз основа на податоците на Херодот за уредувањето на персиското кралство, но и на поимите што тој ги користи за да ја претстави локалната администрација во Мала Азија, се тврди дека не само што имало Европска сатрапија, туку дека го знаеме и нејзиното средиште, па дури и името на нејзиниот сатрап.[3]



*Гробниците на Артаксеркс I и на Дареј I во Накш-и-Рустам*

Како што гледаме, мислењата што се искажани досега се впечатливо различни и меѓусебно исклучиви, така што тешко може да се најде некакво средно решение меѓу нив. Се наметнува прашањето, зошто научните копја сѐ уште се кршат во врска со овој проблем, и како е можно нешто, за што се спекулира речиси цел еден век, сѐ уште да предизвикува вакви недоумици во научната јавност? Всушност, ваквата состојба на нештата не е многу различна од некои дру-

[2] Cameron, 1973: 47-56; Borza, 1990: *passim*. Одличен, прегледен приказ на спротивставените мислења дава Wiesehöfer, 2001: 59-63.

[3] Pająkowski, 1983: 243-255, кој не само што ја заживува теоријата за Европската сатрапија, туку тврди дека престолнина на оваа сатрапија бил Сестос, а нејзин сатрап – Персиецот Артаикт. Доказите на Пајанковски се темелат врз неговиот произволен превод на фразата во Hdt. 9.116.1. Errington, 1990: 10 без никаква понатамошна аргументација тврди дека сатрап на Скудра бил Бубарес, синот на Мегабаѕ, наводно именуван на оваа должност во 492 год. ст.е.

ги проблеми за кои зборувавме досега; како и за нив, и за овој проблем причината е многу едноставна, а тоа е природата на изворниот материјал.

Најпрвин, да разгледаме како стојат работите со нашиот единствен целосно зачуван наративен извор. Во 1912 година, Хау и Велс го нарекуваат Херодот „најдобар и најверодостоен извор за етнографијата на Стариот Исток“.[4] Во 1978 година, пишувајќи токму за овој проблем, Болсер негодува, зашто главен авторитет за етнографијата и за уредувањето на персиското кралство повторно е Херодот.[5] И сега, во 2009 година, сѐ уште изгледа невозможно да се пишува за ова прашање, а да не се тргне од текстот на нашиот историограф. И натаму неуморно се цитираат сатрапиите од Третата книга на Херодот, како и списокот на дароносци и распределбата на даночните обврски.[6] Исто е и со наводната парада и пребројувањето во Дориск, епизода која наводно претставува список на персиската војска, што Ксеркс ја собрал за походот против Хелада.[7] Но, речиси еден век откако Херодот беше толку блескотно пофален од неговите двајца коментатори, мора да се запрашаме: дали неговите податоци – а особено оние каде нема раскажување на настани, туку поскоро се некаков обид за политичка или економска анализа – воопшто заслужуваат толкава верба и такво внимание? И, кога веќе немаме друг наративен приказ на оваа проблематика што би бил зачуван во целост, можеме ли воопшто да го провериме или да веруваме во она што ни го кажува Херодот?

Добар начин да се контролира текстот на Херодот би биле персиските епиграфски и архивски извори, добиени со археолошките ископувања; но ова, пак, само ни открива една друга страна на проблемот. Пред сѐ, научниот став при толкувањето на овие извори во минатото бил апсолутно несоодветен со нивната важност. За илустрација, уште од времето на Ролинсон,[8] па сѐ до Макан, секогаш кога персиските археолошки и епиграфски извори навестувале нешто различно од она што го имаме кај Херодот, по правило му се давала предност на историографот.[9] Денес работите се нешто поинакви; персиските натписи се обработени, меѓу другите, од Кент и

[4] How & Wells, 1989: 2.151.

[5] Balcer, 1978: 2.

[6] Hdt. 3.89-97.

[7] Hdt. 7.59-81.

[8] *V.*, на пример, Rawlinson, 1860: 4.57, белешката за Персепол.

[9] Macan, 1908: 1.1.83: „if the monuments do not show it [*sc.* what Herodotus says], so much the worse for them."

од Камерон,[10] големите релјефи од палатите се каталогизирани од Херцфелд, Шмит и Хаузер,[11] а целосно се обработени и други епиграфски и анепиграфски споменици, главно од Суса и од Пасаргада. Овие документи навистина би можеле да ни помогнат да го сфатиме персискиот локален административен систем – ако не станувашe збор за официјални документи, претходно составени, проверени, ревидирани и одобрени од централната власт.[12] Значи, слободно може да се тврди дека Херодот не ги разбира нештата, дека ја знае состојбата само во западните сатрапии, дека го пренесува само она што Хелените го разбирале, или она што мислеле дека го разбираат; но, на другата страна сме соочени со претходно осмислени и одобрени текстови, кои најверојатно не биле верна слика на реалната состојба, туку поскоро го кажувале она што дворецот сакал да им го соопшти на поданиците. Всушност, историчарот е притеснет меѓу два вида извори со дијаметрално спротивна природа, кои имаат повеќе недостатоци, одошто предности; затоа е навистина тешко да се помират двете гледишта, кога веќе не може да се каже каде лежи вистината.[13]

## Caveant diligentes

Сепак, право е да се каже и тоа, дека голем дел од овој проблем се должи токму на историчарите. Посветени на научни расправии дали треба да му се верува на Херодот, или на примарните извори, биејќи битки со анализи и хипотези дали треба да се прифати постоење на Европска сатрапија или не, тие всушност го заборавија прашањето од кое требаше да тргне целата работа: што е тоа „сатрапија“?

● *Сатрапијата во примарните извори.* – Единствен примарен извор со кој располагаме се натписите на Ахајменидите, или поточно, „списоците на земји“ што ги содржат овие натписи.[14] Во нив

---

[10] Kent, 1953: 116-156; Cameron, 1973: 47-56, со детална библиографија.

[11] Schmidt, 1939; 1959; 1970.

[12] *Cf. DB* 4.88 sqq., каде тоа го изјавува дури и Дареј.

[13] Или, како што духовито забележува Armayor (1978: 2), станува збор за проблем што гласно си бара решение, а нам не ни успева ниту да го скриеме, ниту пак набрзина да го турнеме настрана.

[14] *DB*, § 6; *Dna*, § 3; *DNe*, *Dpe*, § 2; *Dsaa*, § 4; *Dse*, § 3; *DSm*, § 2; *DSv*, § 2; *XPh*, § 3. *Cf.* Stève, 1974, 1987; Lecoq, 1997. Дополнителен извор се натписите на основата на статуата на Дареј I во Суса, како и стелите од Суец.

навистина се спомнува поимот „сатрап“ (xšaçapāvan или xšaθrapāvan)[15] – но, поимот „сатрапија“[16] никаде го нема. Да биде неволјата поголема, набројаните земји се означени не како сатрапии, туку како dahyāva – поим чие значење е толку широко, што е речиси невозможно да се уточни во административна смисла.

Овој факт долго време ги збунувал истражувачите, кои се обиделе да го решат проблемот со најразлични претпоставки. Во прво време, се верувало дека персиските списоци имаат сосем поинаков карактер од оние што ни ги даваат Херодот и историографите на Александар III, и дека воопшто не станува збор за набројување на административните единици што го сочинуваат кралството. Нешто подоцна, врз основа на навестувањето на Херодот дека покорените народи се главен конститутивен елемент на сатрапиите, се развила идејата дека Ахајменидите го дефинирале сопственото кралство како збир од покорени народи, а не како збир од точно определени територијални единици; следствено на ова, списоците на dahyāva биле толкувани како списоци на покорени/оданочувани/дароносни народи.[17] Според третото толкување, пак, воопшто не е важно што овие територии се наречени dahyāva, а не „сатрапии“ – зашто поимот dahyu- наводно може да означува и територијални, а не само етнички целини,[18] па тогаш би станувало збор за „altpersische Sprachregelung” со кој се означувале административните единици.

Како и во многу други случаи, и тука заговорниците на двата различни правци на толкување располагаат со многу аргументи, и изгледаат сосем убедени во правилноста на сопствените гледишта. Но, станува збор за тешко и сложено прашање, за чие решавање сепак имаме премалку сведоштва од прва рака; освен тоа, тежината на аргументите на двете страни е приближно еднаква, и освен ако не се раководиме од личниот историски осет и вкус, ќе биде најдобро ова прашање сепак да го оставиме отворено. Ако веќе мора да се заземе став, тогаш би можеле да кажеме дека воопшто не е важно дали dahyu- значи *само* народ/земја, или *може да значи* и територијално

[15] *DB* 3.14, 58. Поимот xsaça-pā-van- е составен од основите *pā-* („заштитувам“) и *xsaça-* („власт, кралска власт, држава“), што го дава основното значење „заштитник на (кралската) власт“; *cf.* SCHMITT, 1976: 373.

[16] Врз основа на поимот „сатрап“, би се очекувал староперсиски облик **xsaça-pāvana-*; *v.* HINZ, 1975: 134.

[17] JUNGE, 1942: 28-31; CAMERON, 1973; BERNARD, 1987: 185; TUPLIN, 1987: 113; BALCER, 1988: 1; CUYLER YOUNG, 1988: 87, како и LECOQ, 1990, кој дава и филолошка потпора за ваквото толкување.

[18] SCHMITT, 1977: 91-99; SCHMITT, 1999: 443-452; VOGELSANG, 1992: 169-173.

разграничена единица. Поважен од сето тоа е фактот што „сатрап" како terminus technicus нема пандан во територијален поглед – што е мошне чудно – и навестува дека, засега, немаме право да зборуваме за сатрап *на Скудра*, туку за сатрап *во Скудра*. Сосем е можно дека поимите „dahyu-" и „dahyāva" се поместиле од изворното значење „[покорен/совладан] народ/земја"и добиле политичко-административна конотација, но сепак не ја достигнале егзактноста на поимите „административна единица", „фискална единица" или „покраина", туку останале некаде на средина, означувајќи „оданочен народ/земја", без поточно да го дефинираат правниот статус на територијата во рамките на персиската кралска администрација.

Една од главните причини, поради која на поимот „dahyāva" не може да му се припише никаква егзактност, е тоа што овие списоци се јавуваат во неколку сосем различни верзии, што пак создава многу толковни проблеми. На пример, списокот на земји од натписот од Бисито (*Db*) содржи најмногу 23 dahyāva, а оној од натписот на Ксеркс од Персепол (*Xph*) содржи 32 – иако територијата на кралството останала иста, а немаме податоци за некаква административна реформа. Бројот на прикажаните народи/земји постојано се разликува и во ликовните претстави на овие списоци, каде dahyāva се прикажани или преку пратеништва, или како носачи на кралскиот престол.[19] Најпосле, на овие списоци недостасуваат области што инаку имале клучна важност во кралската администрација (Киликија, Хелеспонтска Фригија, Сирија),[20] па многумина заклучуваат дека списоците се непотполни, и дека станува збор за пропагандни декларации, а за не административни документи што би биле објективен историски извор.[21] Но, ова не може лесно да се докаже, па затоа и не е целосно прифатено во историската наука. На пример, Јакобс опоменува дека најстариот список се наоѓа на натписот во Бисито[22] кој, меѓу другото, имал за цел и да ја документира големината на кралството на Дареј. Освен тоа, натписот испишан на гробот на Дареј во Накш-и Рустам[23] навестува дека списокот на dahyāva таму има програмски карактер: „Ако се прашуваш, колку народи вла-

[19] Calmeyer, 1983: 107-112; Roaf, 1974; Jacobs, 2002: 357-362, 374-378, и особено иконографската и историската анализа на Briant, 1996, со детални цртежи и богата библиографија.

[20] Krumbholz, 1883: 11; Calmeyer 1983: 194; Vogelsang, 1985: 88; Lecoq, 1990: 133-134; Briant, 1996: 189.

[21] Frye, 1984: 110-111; Briant, 1996: 185, 194, 399, 400; Sancisi-Weerdenburg, 2001.

[22] Jacobs, 1996.

[23] *DNa* 38-42.



Камена декорација на источната порта на јужниот ѕид во Салата со сто столбови, Персепол. Висина: 7.69 метри, ширина: 2.87 метри.

Персискиот крал, веројатно Ксеркс, седи на престол со жезол и цвет во раката. Зад него стои прислужник. Над кралот е претставен балдахин, богато украсен со бикови, лавови и претстави на крилест диск. Над балдахинот е претставен Ахурамазда на крилест диск, со лотосов цвет во левата рака. Кралскиот престол почива врз платформа во облик на стол со лавји шепи. На столот се претставени четиринаесет фигури со кренати раце, поделени во три реда. Сите фигури се различни, а ги претставуваат народите на Персиското кралство.

Фигурите се уште не се протолкувани со сигурност, но најверојатно се претставени:

*Горен ред*: Еламец, Арменец, Лидиец, Асирец;

*Среден ред*: Египјанец, Јонец, Гандарит, Сагартиец, Согдиец;

*Долен ред*: Скудра, Скит, Арабјанец, Либиец, Скит.

Според Harcourt-Smith, 1931; Schmidt, 1953; Walser, 1966; Roaf, 1983; Curtis, 2000; преземено од Curtis & Tallis, 2005.

дееше кралот Дареј?, тогаш гледај ги луѓето што го носат престолот. Ќе видиш дека копјето на персискиот воин стасало далеку, и ќе знаеш дека персискиот воин водел бој далеку од Персија "...[24]

Сиве овие проблеми, земени заедно, јасно укажуваат зошто историчарите се двоумат дали да ги користат овие списоци во обидите да се реконструира персиската администрација, и зошто најголемиот број научници им даваат предимство на податоците од хеленските извори. Да видиме, тогаш, каква е состојбата таму.

● *Сатрапијата во хеленските извори.* – Најголемиот број податоци во однос на сатрапите и сатрапиите ги црпиме од т.н. список на nomoi кај Херодот;[25] од списоците на сатрапии кај историографите на Александар III, поточно од приказите за поделбата на сатрапиите во Бабилон,[26] во Трипарадис[27] и во Персепол;[28] од подоцнежните списоци во т.н. „Завештание на Александар",[29] „Романот за Александар",[30] и во некои средновековни извори;[31] и најпосле, од други литературни, епиграфски и нумизматички извори.

Во целиот корпус пишани извори од Херодот до Фотиј, поимот „сатрапија" (во облиците satrapeia, satrapeie или ksatrapeia) е употребен околу 250 пати.[32] Но, вредноста на овие спомнувања не е ни оддалеку воедначена. Кога толкуваме дали имало Европска сатрапија или не, зборуваме за време во кое Кир II Велики е мртов одвај педесетина години – значи, за еден релативно ран период во развојот на персиската кралската администрација; од друга страна, 242 од овие 250 спомнувања се наоѓаат во дела на многу подоцнежни автори, кои пишуваат во време кога ахајменидските сатрапии му припаѓаат на далечното минато, а предмет на нивниот интерес се сатрапиите на Александар III, на дијадосите, или пак некои уште подоцнежни управни или територијални единици – па првичното

---

[24] Schmitt, 2000: 30.

[25] Hdt. 3.90-96.

[26] Arr. *Succ.* 5-6 (= Phot. *Bibl.* 92.69a-b); Curt. 10.10.1-4; Dexip. *apud* Phot. *Bibl.* 82.64 a-b; Diod. 18.3.1-3; Pomp. Trog. *apud* Iust., 13.4.10-24; Oros. *Hist.* 3.23.7-13.

[27] Arr. *Succ.* 34-37 (= Phot. *Bibl.* 92.71b; Diod. 18.39.5-7.

[28] Diod. 19.48.1-6.

[29] *Test. Alex.* 117.

[30] Ps.-Callisth. 3.33.13-22; 52-61; Iul. Valer. 3.94; Leo Archipr. 3.58.

[31] Sync. *Chron.* P 264 D-265 B; Georg. Kedr. P 155 D.

[32] NB! Ја броиме само територијалната определница, значи поимот „сатрапија", а не и поимот „сатрап", кој е доволно јасно посведочен.

значење и смислата на поимот се или заборавени, или пак видоизменети до непрепознатливост.[33]

Затоа ги оставаме настрана податоците на Плутарх, Диодор, Аријан, Страбон, Дион Касиј, Полибиј и Апијан, а се задржуваме само на спомнувањата кои, во некоја смисла, произлегувале и се современи со настаните што ги разгледуваме – значи, спомнувањата од V, или најдоцна од првата половина на IV век ст.е. Но, токму тогаш резултатите стануваат поразителни. Имено, поимот satrapeia, satrapeie или ksatrapeia во целиот текст на Херодот е употребен вкупно двапати:

> [...] Управувањето со таа земја, кое Персијците го викаат „сатрапништво“, е нешто многу подоходно од намесништвото во која и да е друга земја. Така, на Тританхајм, синот Артабаѕов, од управувањето со таа земја, што му било доверено од кралот, му доаѓало секој ден по една цела артаба сребро...[34]
>
> [...] Откако тоа го направил, Персија ја уредил така што формирал дваесет области, што тие ги викаат сатрапии. На воспоставените сатрапии воспоставил управници (сатрапи) и определил колкави даноци треба да плаќа секој народ, а освен нив, со даноци ги оптоварил и соседите, па преминувајќи преку соседите приклучил и други, пооддалечени народи...[35]

Во несигурните фрагменти на Ктесија, го има вкупно четирипати:

> [...] откако сфати колкава воена сила ќе ѝ биде потребна, испрати гласници во сите сатрапии и им порача на управителите да почнат со запишување на највидните и најдобрите млади луѓе...
>
> [...] Арбакес го пофали овој маж и порача, кога целата работа ќе приврши, да му се даде сатрапништво во Бабилонија...

---

[33] *Cf.*, на пример, употребата на поимот во Septuaginta, Josue (Cod. Vat. + Cod. Alex.) 13.3.3: ἕως τῶν ὁρίων Ακκαρων ἐξ εὐωνύμων τῶν Χαναναίων προσλογίζεται ταῖς πέντε σατραπείαις τῶν Φυλιστιμ, τῷ Γαζαίῳ καὶ τῷ Ἀζωτίῳ καὶ τῷ Ἀσκαλωνίτῃ καὶ τῷ Γεθθαίῳ καὶ τῷ Ακκαρωνίτῃ· καὶ τῷ Ευαίῳ ἐκ Θαιμαν καὶ πάσῃ γῇ Χανααν ἐναντίον Γάζης; во ***Septuaginta***, Judices (Cod. Alex.) 3.3.2: τὰς πέντε σατραπείας τῶν ἀλλοφύλων καὶ πάντα τὸν Χαναναῖον καὶ τὸν Σιδώνιον καὶ τὸν Ευαῖον τὸν κατοικοῦντα τὸν Λίβανον ἀπὸ τοῦ ὄρους τοῦ Βαλαερμων ἕως Λοβωημαθ; или, на пример, кај Ориген (*Theol. Selecta in Psalmos* 12, 1421, 53): Ἔθνη λέγει τὰς πέντε σατραπείας τὰς ἐν Παλαιστίνῃ, Γεθθαίους, Ἀζωτίους, Ἀκαρωνίτας, Γαζαίους, καὶ Ἀσκαλωνίτας.

[34] Hdt. 1.192.

[35] Hdt. 3.89.

> [...] Сатрапијата (сатрапништвото?) на Писутнес му беше дадено на Тисаферн...
>
> [...] Посрамотен од брат му, Кир се повлече во матичната сатрапија и почна да снове за бунт...[36]

Кај Тукидид е употребен само на едно единствено место:[37]

> [...] Израдуван од ова писмо, Ксеркс го прати кон морето Артабаѕ Фарнаков со заповед да го смени Мегабат, да го преземе од него сатрапништвото во Даскилеј и што побрзо да му го однесе одговорот на Павсанија во Бисантиј...

И само еднаш во „Хеленската историја" на Ксенофонт.[38]

> [...] Во делот од Ајолида што му припаѓал на Фарнабаѕ, како сатрап управувал Ѕенид од Дардан; откако овој се разболел и умрел, Фарнабаѕ се подготвувал да му ги даде сатрапските овластувања на друг...

Значи, иако спомнувањата на сатрапи во хеленските извори се прилично чести, кај изворите од V и од раниот IV век ст.е., сатрапијата како технички поим ја имаме во само три од осум сведоштва. На пет од овие осум места не сме сигурни дали воопшто се зборува за сатрапија како ознака на административна целина, зашто соодветниот хеленски поим може (и најчесто треба) да се преведе како „сатрапништво", „сатрапско овластување", „сатрапска моќ", или најмногу „територија на која што дејствувал сатрапот". Излегува дека, освен што ја нема кај Персијците, сатрапијата како поим за административна единица ја нема дури ни кај хеленските историографи од тоа време. Додуша, тие користат други, хеленски поими за да го означат тоа што го бараме; но, дали смееме да се впуштаме во спекулации врз основа на податок што може да е резултат на interpretatio graeca, и кој е можеби еднакво далеку од вистината, колку и нашите современи дефиниции?

● *За поимите nomos и hyparkhos.* – Историчарите што ја застапуваат тезата за постоење на Европска сатрапија, тврдат дека кај Херодот не треба ни да се очекува поимот satrapeie, зашто историографот ги заменува поимите „сатрап" и „сатрапија" со соодветните хеленски поими hyparkhos и nomos. Сепак, како што покажа Болсер во една извонредна анализа, основното значење на поимот nomos

---

[36] Соодветно, *FGrH* F 3c, 688, F, fr. 1b, 448; fr. 1b, 714; fr. 15, 73; fr. 16, 10.

[37] Thuc. 1.129.4.

[38] Xen. *Hell.* 3.1.10.

кај Херодот е „област“, а на поимот hyparkhos – „заповедник“; само на неколку места овие поими го имаат секундарното значење на „административна / фискална единица“ и „заповедник / управител на соодветната единица“.[39] Да видиме, значи, за што станува збор.

Од 36 спомнувања на поимот nomos кај Херодот, само за пет места може да се каже дека се однесуваат на некаков политички и економски еквивалент на сатрапија.[40] Другите триесетина примери се однесуваат на египетските номи, кои се фискални единици од понизок ред во рамките на сатрапијата Египет (Mudraya);[41] ако се има ова на ум, би било навистина несериозно, врз основа на само пет спомнувања, да го изедначиме поимот nomos со сатрапија. Што се однесува, пак, до поимот hyparkhos, тој е употребен кај Херодот 23 пати. Седум од нив се однесуваат на сатрапот во Сарди, т.е. на управителот на сатрапијата Спарда;[42] Херодот ги спомнува како сатрапи Оројта и Артаферн,[43] и во тој контекст, неговото сведоштво е историски точно. Но, другите петнаесетина примери се однесуваат на управители и заповедници со различен статус и овластувања. За Ариандес се кажува дека бил хипарх на Египет, што исто така изгледа точно од аспект на историските факти;[44] Масист се спомнува како сатрап на Бактрија, што е можно, но непотврдено;[45] но, го имаме и податокот дека Хистасп, таткото на Дареј, бил сатрап на (или поточно *во*) Партија,[46] иако Партија не била сатрапија, туку со тоа име се означувала севкупноста на Партите како покорено племе/народ. Проблематични се и трите спомнувања на хипарси во Даскилеј; во тоа време, хипарсите Митробат[47] и Ојбар[48] никако не можат да бидат вистински сатрапи, зашто таа област добила статус на полноправна сатрапија дури во времето на походот на Ксеркс.[49] Најпосле, две спомнувања на хипарси најверојатно се однесуваат на управите-

[39] Статистичките податоци се темелат врз анализата на Balcer, 1988: 2-8.

[40] Hdt. 1.192.2; 3.120.2, 3; 5.102.1, и 9.113.1.

[41] Hdt. 2.4.3, 42.1, 46.3, 91.1, 152.1, 165, 166.1, 169.4, 172.1; Hdt. 3.90.1, 90.2, 90.3, 91.1, 92.1, 93.1, 94.1, 94.2, 127.1; Hdt. 4.62.1, 66, а најчисто во 2.164.2: „Воините се викаат... зависно од областа од каде што се; имено, целиот Египет е поделен на области (nomoi).

[42] 3.120.1; 5.25.1, 73.2, 123; 6.1.1, 30.1, and 42.1

[43] Соодветно, Hdt. 3.120.1 и 5.25.1.

[44] Hdt. 4.16 6. 1; *cf.* Polyaen. 7.11.7.

[45] Hdt. 9.113.2.

[46] Hdt. 3.70.3

[47] Hdt. 3.120.2; 3.126.2.

[48] Hdt. 6.33.3.

[49] Thuc. 1.129.1.

ли или на воени заповедници,[50] а четирипати овие хипарси се „само“ заповедници на градови или тврдини.[51] Но, во крајна линија, доволно е да се истакнат само два впечатливи податока – дека во Тракија имало многу хипарси, и дека во Египет имало многу номи[52] – па да падне во вода целата оваа приказна за изедначувањето на поимите nomos и hyparchos со поимите „сатрап“ и „сатрапија“.

Што може да се сфати од сѐ што беше кажано досега? Едноставно, дека ние си дозволуваме да ги премеруваме изворите и да расправаме за Европската сатрапија, иако не знаеме ниту што треба да бараме, ниту пак како ќе го препознаеме бараното, ако некогаш го најдеме. Овој проблем не може да се реши ако се бара дефинирана административна единица наречена „сатрапија“, зашто, според сѐ, не сме способни точно да дефинираме таква административна единица. Сѐ што може да се направи, е да се разгледа како е спроведена и применета, и како функционира персиската локална власт, особено во западните области; да се разгледаат политичките и идејните концепти на персиското администрирање на територии под нивна воена контрола; да се испита кои и какви органи на власт се посведочени, какви се обврските на локалното население кон централната власт, и кој се грижи тие да бидат исполнети; најпосле, да се испита дали макар и најмал дел од сите овие нешта е посведочен во географска Тракија и Македонија, или пак во кралството на Аргеадите. Ова, се чини, е единствениот начин да се стави во контекст податокот на Херодот од кој почна целата дискусија, и да се испита дали тој навистина сведочи дека во персиска Европа имало какво и да е „сатрапско уредување“.

[50] Hdt. 3.128.3: „сите хипарси имаат писари, кои се во служба на кралот“; Hdt. 7.26.2, „кои од хипарсите ги добиле ветените дарови од кралот зашто донеле најдобро опремена војска, не можам да кажам.“

[51] Hdt. 5.27.1: „На оние [од Лемнос] што преживеале, Персијците им го поставиле за хипарх Ликарета, синот на Мајандриј, брат на кралот на Самос“; Hdt. 7.194.1: „Со тие кораби заповедал хипархот на Кима во Ајолида, Сандок, син Тамасиов“; Hdt. 7.105: „По тој разговор, Ксеркс за намесник на тој Дориск го поставил Маскама, син на Мегадост, отпуштајќи го намесникот кој бил поставен од Дареја“; и особено продолжението на приказната во следната глава, 7.106.1: „Хипарси биле поставени и во Тракија, и секаде на Хелеспонт, уште пред тој поход“.

[52] Соодветно, Hdt. 7.106.1 и 2.164.2.

## Што е посведочено, а што може да се насети

● *Персиската „философија на управување“*. – Миротот и просперитетот во кралство со толкава територија и со толку разнородно население можеле да опстојат само како резултат на грижливо планирање и на воведување нов, иновативен облик на политичка организација. Пред да создадат кралство, Персијците живееле во еден вид племенски сојуз, што можеби бил погоден за да се управува Персија во потесна смисла на зборот, но затоа пак бил сосема несоодветен за администрирање на кралство. Според сѐ, промената во политичкиот компас на персиската држава би требало да му се припише на Кир II Велики, кој се спомнува како прв персиски владетел што почнал да осмислува и да развива систем на политичка организација за покорените територии.[53] На пример, при крајот на војната против Лидија, Кир назначил управител во Сарди, кој веројатно имал контрола не само врз Лидијците, туку и врз Хелените во Азија.[54] Бабилонските хроники спомнуваат дека Кир назначил управител (всушност „претставник на власта“) по име Гобрија (Gubāru), кој пак назначувал други, пониски државни службеници во Бабилон.[55] Извесно е дека и Камбис II, уште пред да го наследи персискиот престол, кусо време владеел како „крал на Бабилон“, и дека територијата на некогашното Бабилонско кралство била уредена како територијална целина, чиј управител му полагал сметки директно на персискиот крал.

Нема навестувања дека, во времето на Дареј, овие основни определници на персиското администрирање биле сменети или укинати. Дури и ако навистина спровел нови организациони мерки и ја модифицирал структурата на власта во империјата, Дареј сѐ уште владеел во Бабилон како легитимен претставник на богот Мардук, а во Египет како потомок на фараоните. Овој начин на владеење – преку одржување на врховниот, централен суверенитет врз



*Отисок од печатот на Гобрија, PFS 857s, ca. 499.* (Root, 2002)

[53] Cuyler Young, 1988: 103.

[54] Станува збор за Табал, назначен околу 546 ст.е.; *v*. Hdt. 1.153-4.

[55] Cuyler Young, 1988: 121-128.

основа на локалните политички традиции[56] – можеби донекаде се сменил во времето на Ксеркс, како последица на востанијата во Египет и Бабилонија. Па сепак, немаме недвосмислен доказ дека Ксеркс секаде и сосема ја отфрлил дотогашната философија на владеење, ниту пак има податок што навестува дека Ахајменидите се откажале од овој, релативно толерантен начин на управување со покорените територии.

Општите политички определници на Персијците во односот кон покорените народи се можеби поважни од облиците на управување што ги наследиле (или ги смислиле) Кир II, Камбис и Дареј, зашто токму овие определници ја давале подлогата и рамката за функционирањето на администрацијата.[57] Јазикот, религијата, обичаите и обичајното право на покорените народи биле почитувани во најголема мера, сè дури не се судирале со законите и интересите на дворецот. Во многу случаи, на локалните владетели им било дозволено да останат на власт, под услов да владеат во согласност со општите персиски интереси.[58] Причините за ваквото однесување може да се бараат на многу места и да се разгледуваат од повеќе агли – но, јасно е дека тоа не се должи на некаква вродена политичка благост, туку на грижата за интересите и за просперитетот на кралството. Персиското кралство обединувало толку големи и толку разнородни територии што, со тогашните воени и политички методи, било невозможно да се спроведе воедначена управа, врз база на унифицирани политички принципи, на целата негова територија. Во овој случај, персиската толеранција била сосем задоволителна Realpolitik, и речиси е сигурно дека ниту една друга политика не би вродила со плод.[59] Освен тоа, треба да се земе предвид уште еден детал: зачу-

---

[56] *Cf.* коментарот на Briant, 1982: 476, кој одлично ја сумира состојбата: „L'unification des territoires ne fut jamais complète. Bien des pays échappent à l'emprise de l'administration directe... L'Empire inclut plusieurs pays qui ont conservé une très forte spécificité. En bref, le Grand Roi règne partout, mais son pouvoir ne revêt pas partout la même force et ne s'exerce pas selon les mêmes modalités, quelles que soient par ailleurs les mesures qui contribuent à la progression de l'intervention centrale (extension du système satrapique et tributaire, réseau de routes impériales etc.)".

[57] Cuyler Young, 1988: 41.

[58] Одличен пример за ова се хеленските градови во Азија, на кои им била оставена локалната самоуправа што ја имале во времето на Лидиското кралство – ако се исклучи првичната персиска поддршка на тиранската и аристократската опција на локалната политичка сцена, од која Персијците и онака бргу се откажале, поучени од искуствата во Јонското востание.

[59] На пример, Асирците администрирале сразмерно помала територија, се служеле со ригидни методи на централна политичка контрола и пресметан терор, јавни колежи на заробени непријатели и депортации на народи од еден на друг крај

вувањето на локалните, традиционални институции и облици на власт во кралството, како и избегнувањето на целосно обединување и политичко изедначување на локалната власт, можеби имало цел да ги држи покорените народи подалеку едни од други, свртени не кон соседите, туку кон себеси, со што се намалувала можноста за широко здружување во бунт против централната власт.[60]

Показ дека оваа персиската толеранција, всушност, била строго контролиран општествен експеримент е фактот што кралот, неговиот дворец и највисокиот управен слој биле поткрепени и помагани од сеопфатна професионална бирократија на локално рамниште. Основни клетки на финансиската администрација, но и на политичката контрола на империјата, биле т.н. кралски ризници.[61] Освен што ја исполнувале првичната функција како складишта за скапоцености, нековани скапоцени метали и монети, овие ризници биле и административни канцеларии за управување со државните средства и планирање на државните и локалните издатоци.[62] Вакви ризници (и соодветни административни служби) се посведочени во секој поважен центар на кралството, меѓу другите и во Бабилон, Сарди и Мемфис.

Овие канцеларии/ризници биле врзани со локалните сатрапски управи, но мошне е важно тоа што можеле да функционираат и во содејство со други системи – на пример, со традиционалните органи на власт, што биле наследени од покорените народи.[63] Дури и

на нивната држава, но овие методи воопшто не ја зголемиле ниту кохезијата, ниту стабилноста на нивната држава. Ако се земе предвид и првичното успешно администрирање на империјата на Александар III, би можело да се заклучи дека големите кралства во античко време немале друг избор, освен да применат толеранција како основна определница на политичкото администрирање.

[60] Убав пример за ова е однесувањето на Фојникијците и, со мали исклучоци, на етнички хетерогеното население во Мала Азија во текот на Јонското востание; *cf.* Анализата на Grundy: 1901, 42 sqq., кој заклучува: „to use a modern *simile*, the provinces were converted, insofar as possible, into compartments fireproof against the flame of insurrection.“

[61] *Cf.* Cuyler Young, 1988: 83 sqq. Административните документи од ризницата во Персепол, како и т.н. фортификациски таблички, убаво го осветлуваат начинот на работа на таквата единица; освен тоа, од нив се гледа дека кралската администрација само навидум покажувала толеранција и одредена „релаксираност“, и дека во суштина таа имала апсолутна контрола врз секој, дури и најмал настан на нејзината територија.

[62] Ако се суди според материјалот од Персепол, складиштата и ризниците каде се собирала стоката всушност се наоѓале на друго место, на точки погодни и достапни за транспорт и истоварување.

[63] *Cf.* Cuyler Young, 1988: 87 sqq., со соодветни примери.

ако сатрапиите биле главни единици на територијалната организација на кралството – не сите народи што биле под власт на кралот, или што барем ја признале неговата превласт, биле вклучени во сатрапија. Убав пример за ова се Етиопјаните и Арабите. Тие редовно давале „дарови“, посведочени се во списоците на dahyava – но не биле дел од ниту една дефинирана административна целина како даночни обврзници;[64] од друга страна, не може да се тврди дека биле сосем исклучени од персиската административна сфера, зашто, иако не биле директно оданочувани и не биле управувани од сатрап, имале воена обврска кон персискиот крал, па и едните, и другите давале воени одреди за војската на Ксеркс. И повеќе од тоа, на персиска територија се посведочени и номинално „независни“ земји, како Киликија. Киликијците немале ниту даночна, ниту прецизно дефинирана воена обврска кон кралскиот дворец, па сепак, јасно е дека морале да имаат некаков работен модус на односи со кралската канцеларија и некакво место во територијалната организација, кое засега не можеме да го определиме со сигурност.[65]

● *За економијата и оданочувањето* – Всушност, инсистирањето врз директното оданочување и врз даночните обврски на поединечните сатрапии – онака како што се претставени кај Херодот[66] – можеби е една од поголемите заблуди на современата слика за Персиското кралство. Всушност, персиската власт располагала со цела лепеза начини на собирање приход, што можеле да се применат на три основни рамништа.

[64] Херодот (3.91) тврди дека од Арабите не се собирал данок и дека имале посебен статус; интересно е што, од аспект на персиската администрација, немало никаква разлика меѓу нивните дарови и даноците собрани од другите народи, кои биле дел од административниот систем на кралството. Поопширно за Арабите и нивната положба во времето на Ахајменидите кај Eph'al, 1982: 192-214.

[65] Во прво време, должностите на сатрап во Киликија ги извршувал локалниот династ со титула *syennesis*, чија власт потекнувала од предперсиско време; *cf.* Hdt. 1.28, 1.74; Xen. *Cyrop.* 7.4.2, 8.8.6. Неговиот дворец (basileia) се наоѓал во Тарсос, кој во времето на Ахајменидите бил голем и напреден град; *v.* Xen. *Anab.* 1.2.23, а за земјоделството 1.2.2, 1.2.27 и 1.3.14. Титулата и почеста на киликискиот *syennesis* биле укинати од Артаксеркс II, кој за првпат назначил сатрап на Киликија; *cf.* Xen. *Anab.* 1.2.20-21; *Hell.* 3.1.1; Diod. 14.20, како и Hornblower, 1994b, 209. Во сосема иста насока Ксенофонт (*Hell.* 4.8.5) го опишува Темнос, гратче северно од Смирна во Ајолида, како „место во персиска Азија каде може да се живее, а да не се биде поданик на кралот“, податок што мошне впечатливо ја опишува природата на персиската контрола во Мала Азија на почетокот од IV век ст.е.

[66] Hdt. 3.90-96.

Првото и највисоко рамниште на собирање приход било, секако, непосредното оданочување на поданиците: од некои покорени народи бил собиран годишен данок без никакво затскривање, и тоа било дел од редовните фискални обврски на сатрапите и на локалните канцеларии.

Второто рамниште, во кое државната администрација дејствувала на локално ниво, опфаќало неколку остроумни фискални иновации на Дареј и на подоцнежните кралеви, кои ја полнеле државната каса без непосредна наплата на пропишан „државен“ данок; од државниот имот биле собирани ренти, се наплаќале придонеси во вид на облигации, а врз основа на трговијата со движен и недвижен имот биле наплаќани царински давачки и данок на продажба.[67]

Третото рамниште, најинтересно за нас, речиси целосно зависело од локалните облици на власта. Овој вид „оданочување“ се применувал во согласност со фискално-правната традиција на покорените народи, која сè уште не била заборавена, ниту укината – зашто се спроведувала од страна на локалните управители, кои најчесто не биле Персијци, ниту пак службеници во кралската администрација. Погоре ги спомнавме Етиопјаните и Арабите, кои биле „дароносни народи“. Без оглед што не биле дел од сатрапска управа, и што на нивна територија не е посведочена ниту кралска ризница/канцеларија, ниту каков и да е друг облик на персиска управа – некој сепак морал да се грижи за исполнувањето на годишните економски обврски кон персискиот крал (значи, за собирање на „даровите“), како и за собирањето и подготвувањето воена сила, со цел да се подмират воените обврски. Тоа, според сè, ѝ било препуштено на управата/власта на соодветниот народ, а Персијците воделе сметка

[67] Како пример за обмисленоста и сложеноста на ваквиот фискален систем може да послужат два нови административни концепти, што за првпат се посведочени во персиска Бабилонија. Станува збор за воведувањето централен економски регистар (означен како karammari, kalammari или karri ammaru, веројатно од персиското *kārahmāra), кој водел државни записи за продажбата на движни стоки, најчесто робови, и врз основа на тоа ги оданочувал учесниците во овие трансакции. Нешто подоцна, овој регистар прераснал во точно дефиниран државен орган (bīt miksu ša šarri, „кралска куќа за миксу-данок“) каде се чувале детални државни записи за промените на имотната состојба на поданиците, со цел да се земе „делот што ѝ припаѓа на кралската милост“ или од поседот, или од продажбата. Сите овие државни побарувања добивале законска основа со тоа што биле објавени преку кралски проглас (dātu), а за нивното совесно спроведување сведочел и гарантирал службеник со титула dātabara. За оваа проблематика, *v. особ.* McEwan, 1982, 44-47, со соодветни примери.

само за тоа дали обврската е исполнета, или не. Уште подобар пример се обидите на Аристагора дополнително да ги оданочи Милетјаните, најпрвин за да опреми војска, а потоа за да ги исполни обврските кон Артаферн; во крајна линија, овие приходи повторно ќе завршат во персиската државна каса, но Персијците немаат никаков непосреден удел во оданочувањето, кое е целосно препуштено на политичките вештини на милетскиот тиранин.[68]

Како што гледаме, секој што ја признавал врховната власт на кралот морал, на еден или друг начин, да ги исполни обврските кон кралството; но овие начини биле многу различни, зашто се темелеле и се спроведувале врз основа на различни правни норми, со различен, или дури и никаков, степен на вмешаност на персиската администрација. Во таа смисла, податокот на Херодот за наводното „оданочување“ на Македонците[69] ја губи тежината, зашто немаме никаков податок што би ни посочил за каков вид на оданочување станувало збор, а да не зборуваме за тоа кој, како и колку долго го спроведувал.

Но, на овој проблем ќе се вратиме подоцна; тука, пак, треба да се напомене и тоа, дека персиската власт никако не била само „собирач на приходи“. Како што видовме преку примерот на персиска Јонија, има доволно посведочени примери дека кралството сериозно ги поттикнувало земјоделството, производството и трговската размена на територијата на целото кралство. Без оглед дали Ахајменидите биле свесни за економските предности на еден голем, заеднички пазар на целата територија на кралството, впечатлива е грижата на кралската администрација за економското здравје на државата; појдовна основа за ваквото здравје било земјоделското производство.

● *Персиската „дијаспора“.* – Најголемиот дел од обработливата земја и натаму бил во рацете на локалното население; сепак, располагаме со доволно податоци дека Персијците (и, најверојатно, другите Иранци) имале големи земјоповеди во разни делови од кралството, а најдобро се посведочени ваквите поседи во Бабилонија, Египет и во западна Анатолија.[70] Ако се земе предвид релативно

[68] Cuyler Young, 1988: 96.

[69] Hdt. 7.108.

[70] Благодарение на арамејските папируси, најдобро ни е посведочена имотната состојба на Арсамес (Aršāma), сатрапот на Египет во времето на Дареј II, кој поседувал имоти во Египет и во Бабилонија. *V.* Ctes. *Pers.* fr. 63-67, 78-79 и Polyaen. *Strat.* 7.28: *cf.* Bresciani, 1958: 132-134, 142-146.

малата бројност на високите државни службеници во однос на големината на нивните земјопоседи, јасно е дека со поголемиот број имоти управувале претходно назначени управители, и дека од економски аспект е мошне тешко да се разграничи управувањето со приватен и со државен земјопосед. Па сепак, има и сведоштва за поседници на мали и средни имоти, добиени со кралски декрет како награда или плата за определена служба во сатрапската администрација. Овие се многу позначајни за нас, зашто персиското духовно и културно влијание во сатрапиите поскоро се ширело преку постојано населените државни службеници, одошто преку земјопоседниците од највисоките општествени слоеви.[71]

Оваа своевидна персиска дијаспора речиси не се спомнува во наративните извори; сепак, археолошките ископувања во Сарди и во Даскилеј сведочат дека таква дијаспора навистина имало, особено во сатрапските центри и во градовите каде имало персиски административни канцеларии и архиви. За волја на вистината, ископувањата во Сарди даваат помалку материјал одошто би се очекувало,[72] но тоа веројатно се должи на развиената административна традиција со која веќе располагало Лидиското кралство; освен тоа, ако се земе предвид дека Лидијците биле најценетите стручњаци, надзорници и занаетчии што работеле со персиските градители, можеби би требало да се размислува колкави се, всушност, инспирацијата и влијанието што Лидијците ги имале врз персиската архитектура и уметност.

Вториот сатрапски центар во Мала Азија – Даскилеј,[73] каде што се наоѓал административниот дел од сатрапската резиденција, дава многу повеќе материјал.[74] Со деталните ископувања на рези-

[71] *Cf.* Mellink, 1988: 218 sqq., кој ја анализира состојбата во Лидија, иако поголем дел од материјалот е датиран во времето по Дареј и Ксеркс. Херодот (5.102, *cf.* 5.116) спомнува дека, во 499 год. ст.е., на одредите од Сарди им дошле на помош Персијците што држеле земја западно од Халис; тука мора да станува збор за заповедниците Даврис, Химај и Отан, веројатно придружени од пониски заповедници, што поседувале помали земјишни парцели. Сепак, Briant (1996: 352) е скептичен и опоменува дека, сè додека изворниот материјал е фрагментарен, проблемите не смеат да се прогласуват за „дефинитивно решени“.

[72] Mellink, 1988: 218-219.

[73] Даскилеј е со сигурност идентификуван на локалитетот Хисартепе, на југоисточниот брег на Езерото Манија (Даскилитида), близу селото Ергили; *v.* Kent, 1953, *DSf*; Vallat, 1971, 53-59. Локалитетот, или поточно местоположбата на палатата и на градината, целосно соодветствува со персискиот „вкус“ за овие нешта, прикажан кај Ксенофонт (*Hell.* 4.1.15-16).

[74] Општ приказ на првичните наоди кај Akurgal, 1956; *cf.* анализата на собраниот материјал кај Akurgal, 1961, *особ.* 171 sqq.

денцијалните делови од градот, но и со случајни откритија на некрополата, е најден богат материјал од V век ст.е., главно надгробни споменици. Ќе се задржиме само на надгробните стели од т.н. „грчко-персиски“ стил, најдени во 1965 година, секундарно употребени во византиска гробница.[75] На една стела со натпис на арамејски јазик, сопственикот на гробницата е идентификуван како Елнап, син на Аши.[76] Ако станува збор за оригинален натпис, што е многу веројатно, стелата на Елнап покажува дека во администрацијата во Даскилеј работеле службеници и од други области на персиското кралство, што подразбирало и доселување на потесното семејство и, се разбира, добивање соодветен имот. Уметничкиот стил на оваа стела е вообичаен за западните области; во дадениов случај, станува збор за погребни обичаи од Анатолија – значи, традиционалниот репертоар на погребна поворка и гозба – што укажува дека овие стели се изработувале од локални мајстори-каменоресци.[77] Сепак, на повеќе стели од Даскилеј се прикажани покојници во персиска облека, а на една стела е прикажан дури и персиски обред при кој двајца мажи во персиска облека стојат пред градба што наликува на гробница.[78]

Овој религиозен детал можеби е најнепосредно сведоштво за персиската дијаспора на запад – особено ако се разгледува напоредно со податоците за персискиот култ на „Ѕевс Барадатес“ во Сарди, и на Анахита во Хипаипа и Хиеракома. Овие податоци се однесуваат на IV век ст.е., но сведочат за застапеноста на иранска религиозна пракса во Лидија[79] што, според редот на нештата, најверојатно е краен исход од претходното постепено навлегување на персиски доселеници и државни службеници – и тоа во доволна бројност и концентрација, за тоа да се одрази врз религиозниот живот во сатрапијата Спарда.[80]

● За *сатрапите и нивните слободи.* – Доаѓаме до „заштитникот на кралската власт“, кој бил глава на овој локален систем на управа. Тука нема да ги анализираме сите негови овластувања и начини на дејствување, ниту пак ќе се обидеме да го уточниме негово-

---

[75] *V.* Akurgal, 1966; Borchhardt, 1968, 171 sqq.

[76] Натписот е објавен од Cross, 1966.

[77] Приказот може да биде проширен и со сцена на лов, што тука ја нема; *cf.* стелата од Султаније, источно од езерото Манија, објавена од Schwertheim, 1983.

[78] Borchhardt, 1968: 201-203.

[79] *Cf.* Hanfmann, 1978: 33.

[80] Најнов и досега најдетален преглед на посведочените персиски лични имиња, како и на култовите и религиозната практика, има кај Mitchell, 2007; *v.* и приказот на Gates, 2005.

то место во персиската кралска администрација, за да сфатиме колку бил близок неговиот однос со персискиот дворец. Напротив, на ова место нè интересира сосем спротивното – колку сатрапот бил независен од централната администрација, колкави биле неговите слободи, и колку самостојно можел да дејствува. И повторно, како и многупати досега, се чини дека сликата што ни ја даваат хеленските извори не соодветствува сосем на реалноста.

Прво тврдење од хеленските извори што заслужува внимание, е тоа дека во сатрапиите имало своевидна дихотомија меѓу цивилната и воената власт. Ксенофонт прави јасна разлика меѓу воените и сатрапските овластувања, и тврди дека кралот Кир сакал заповедниците на посадите да примаат наредби само од него, и од никој друг;[81] Исократ исто така зборува за постојана кралска војска.[82] Ксенофонт спомнува дека заповедништвото во сатрапиите било поделено токму за да се поттикне меѓусебното шпионирање и поткажување кај кралот,[83] а на друго место дообјаснува дека гарнизоните назначени од кралот имале задача да внимаваат на настаните и да ги бранат неговите интереси од можните управители-одметници.[84] Накусо, со тоа што биле разделени воената и цивилната власт во рамките на една сатрапија, кралот успевал да ја контролира и да ја држи на узда власта на сатрапите.



*Персиски свештеници пред жртвеник, камен релјеф од Даскилеј*

Ова звучи логично и прифатливо, но дали соодветствува на вистината? Секако дека во изворите се спомнуваат воени посади што му одговараат непосредно на кралот; но, ако повнимателно разгледаме каде се наоѓаат – на Кралскиот пат,[85] на Киликиските порти[86] – станува јасно дека таквите посади биле разместени или на

[81] Xen. *Cyr*. 8.6.1; cf. Briant, 1996: 352.

[82] Isocr. 4.145.

[83] Xen. *Oec*. 4.11.

[84] Xen. *Cyrop*. 8.6.1; *cf*. Hornblower, 1982: 145 sqq.

[85] Hdt. 5.22.

[86] Xen. *Anab*. 1.4.4.

стратешки важни точки, од кои зависела безбедноста на државните комуникации, или пак во поголеми тврдини, на територија каде што се воделе воени дејствија. Од друга страна, има безброј примери во кои сатрапот заповеда со одреди во неговата, или дури во друга сатрапија; дури и во IV век ст.е., кога би се очекувала посилна контрола од централната власт, Пиксодар сам го назначува заповедникот на градската посада во Ксантос.[87] Според тоа, нема никаква причина да се претпостави дека постоела некаква воена контрола на однесувањето на сатрапот, а не пак да се спекулира дека била вообичаено политичко орудие, со кое дворецот ја ограничувал неговата слобода.

Што се однесува до цивилната, административна контрола – врз основа на теориските делови кај Ксенофонт, како и на навестувањата на Исократ, се верува дека централната власт располагала со цела лепеза институционални контролни механизми за да го надгледува однесувањето на сатрапите. Се спомнуваат патувачки надзорници со речиси „полициски“ овластувања,[88] потоа „кралски писари“, задолжени да му јавуваат на дворецот за сè што се случува во сатрапијата,[89] а најпосле и прочуените „кралски очи“ и „кралски уши“, наводно најважната алатка, преку која централната власт контролирала што се случува во сатрапиите. Но, вистината е дека, во сиот огромен корпус на архивски и административни документи, од сите овие функции се посведочени само „кралските уши“, и тоа не сосем сигурно.[90]

Да дозволиме за момент дека сите тие смислени системи на контрола навистина постоеле, без оглед што воопшто не се посведочени во староисточните извори. Во тој случај, податоците ги побива однесувањето на сатрапите, кои во истите тие извори не покажуваат ни трага од страв или претпазливост, а честопати одлучуваат сосем самостојно. Диодор, на пример, тврди дека „сатрапите му јавувале на кралот за сè“,[91] но Орона, Аброкомас и Тирибаѕ преземаат воени акции без да го известат кралот,[92] Фарнабаѕ повеќепати ги напаѓа

[87] *SEG* XXVII 942, 337 год. ст.е.

[88] Xen. *Oec.* 4. 16.

[89] Hdt. 3.128.3.

[90] „Кралските очи“ се спомнуваат само во хеленските извори; *v.* Aesch. *Pers.* 980; Hdt. 1.114.2; Aristoph. *Acharn.* 92-93. „Кралските уши“ се нешто подобро документирани; сепак *cf.* дискусијата кај Oppenheim, 1968, со преглед на искажаните мислења.

[91] Diod. 15.41.5.

[92] *cf.* приказот кај Hornblower, 1982: 146 sqq.

разбојниците во Мизија без да му го спомне тоа на кралот,[93] а Кардухите од јужна Арменија се спогодуваат не со персиското кралство, туку само „со сатрапот од рамнината“.[94] Всушност, токму врз основа на однесувањето на овие сатрапи, современите истражувачи го исковале поимот „периферијален империјализам“, за да ја опишат власта на човек што заповеда на лице место, а поради природата на теренот (или на состојбата) нема можност често да се консултира со далечната централна власт.[95]

Како, тогаш, да се објаснат податоците од хеленските извори? Ако се исклучи злата намера и политичката ангажираност, во што немаме причина да се сомневаме, останува можноста или дека Хелените воопшто не можеле да го сфатат персискиот административен систем, или дека нашите извори биле запознати со состојбата во една-две сатрапии, но во своите дела ја проектирале врз целото кралство. Ова го докажува Хорнблоуер, покажувајќи дека Ксенофонт се впуштил во погрешна генерализација само врз основа на состојбата во Лидија, каде што навистина има траги од средствата за контрола што ги спомнува.[96]

Ова е особено важно за нас, зашто укажува дека, ако им веруваме на хеленските извори, ќе добиеме увид само во некаков сатрап „à la grecque“, онака како што бил виден и сфатен од Ксенофонт и од Исократ. Но, сатрапите се поставени од кралот на Персија, а нивната функција има смисла само во рамките на персиската држава; тоа значи дека би ни користел само приказ на сатрап „à la perse“ – а таков приказ немаме. Ако се суди според постапките на сатрапите и според однесувањето што ни е посведочено во изворите, се добива слика на еден однос кој, во извесна смисла, може да се нарече „феудален“, а кој му дозволува голема слобода на дејствување на сатрапот, во замена за лојалност, воена обврска и помош.[97] Овој систем не зависел од некаква формална контрола, туку од лојалноста и посветеноста на еден човек кон кралот, кој за возврат наградувал со територии и богатства. Бријан правилно забележува дека сето тоа им било несфатливо на Хелените од класично време, и дека нивните предци од VII век ст.е. веројатно подобро би ја сфатиле целата рабо-

---

[93] Xen. *Hell.* 3.1.13.

[94] Xen. *Anab.* 3.6.15.

[95] *cf.* анализата на Richardson, 1986: 177, со преглед на поважната литература.

[96] Hornblower, 1988: 234.

[97] Одлична анализа кај Briant, 1996: 350 sqq., но и секаде во делото каде што се обработува односот на кралот и централната власт со локалните службеници, особено врз основа на староисточните извори.

та – па не е ни чудо што во наративните извори е опишана состојба што речиси нема допирни точки со реалноста.

Ако сатрапот се сфати на овој начин, тогаш полесно може да се разбере и положбата на т.н. „домашни сатрапи“, кои не биле од ирански род, а управувале со нивните матични земји. Такви се, на пример, Хекатомнидите, кои во IV век ст.е. управувале со новата сатрапија Карија како полноправни сатрапи, иако претходно владееле во градот Миласа како локални династи во склоп на сатрапијата Спарда.[98] Кога пишуваат за ова семејство, историографите по правило го избегнуваат поимот „сатрап“, можеби зашто статусот на Хекатомнидите навистина бил несекојдневен – но тие, од своја страна, редовно ја користеле оваа титула на нивните натписи.[99] Од сево ова произлегува дека Хекатомнидите, во прв ред, биле заштитници на интересите на персискиот крал и персиската држава на териториите што ги контролирале, и дека секако ја признавале персиската врховна власт; но, тоа не значи дека нивните територии автоматски влегувале во првото ниво на кралска администрација, и дека станувало збор за целосно покорени и интегрирани територии што се оданочувале на годишно ниво. Како што кралот можел да биде врзан со ксенија, или да биде проксен на некоја држава, а и понатаму да остане крал – веројатно можел да стане и персиски сатрап, а сè уште да биде крал или династ на неговата матична територија.

Најинтересно е што сето ова целосно може да се примени врз претпоставената ситуација, во која се нашле Аминта I и Александар I; всушност, се чини дека од тука веќе се наѕира решението за проблемот на нивниот статус во однос на персиската кралска администрација. Но, претходно треба да се испита уште еден проблем – имено, со колкава сигурност може да се тврди дека на персиските споменици се посведочени токму Македонците.

---

[98] *Cf.* Hornblower, 1994b: 215 sqq. Карија традиционално се третира како сатрапија во вистинска смисла на зборот; авторот го брани ова гледиште, наспроти теориите дека Хекатомнидите неказнето ја узурпирале титулата од немоќната персиска управа. За проблемот на статусот на Карија и за нејзиното претворање во „вистинска“ сатрапија, *v.* задолжително Petit, 1988.

[99] На пример, *SIG*[2] 573 (= Hornblower, 1982: 365); *SIG* 167 (= Tod 138, 170), и уште неколку други. Пиксодар се нарекува „сатрап во Карија и Ликија“. Наспроти ова, како што укажува Petit (1988), во наративните и во литературните извори се користат исклучиво поимите *epistathmos*, *tyrannos*, *arkhon* и *dynastes*, а никогаш *satrapes*.

## Yauna takabara во вителот на сатрапиите

● *Уште еднаш за земјите и поданиците.* – За списоците на dahyāva веќе стана збор на почетокот на ова поглавје, каде ја разгледувавме нивната вредност како примарен извор во поглед на еден технички поим. Сега треба уште еднаш да се вратиме на нив, за поодблизу да ја испитаме природата на податоците што ги содржат, и да провериме дали и колку овие податоци се совпаѓаат со она што го знаеме како сигурен историски факт.

Како што кажавме, толкувањето на списоците на земји, како и на релјефите со сцени на носачите на престолот и дароносците, сè уште предизвикува многубројни проблеми и дава основа за мошне различни анализи.[100] На прв поглед, се чини дека военото освојување, кралската превласт и спомнувањето на одредена територија на списоците се експлицитно поврзани. На статуата на Дареј во Суса пишува: „Еве ја камената статуа што Дареј заповеда да се направи во Египет, за секој што ќе ја види во иднина да знае дека Персиец го држи Египет“.[101] Таква е смислата и на речениците што нè воведуваат во списоците на dahyāva: „Еве ги народите што, со моќта на Ахура Мазда, дојдоа кај мене; тие ми станаа верни слуги (bandāka), ми го донесоа нивниот данок (baji), и правеа сè што им заповедав, и ноќе и дење.[102] Речиси е истоветна и формулата што ја користи Ксеркс: „Со моќта на Ахура Мазда, еве ги народите на кои им станав крал; владеев со нив далеку од Персија, и тие ми носеа данок; она што го кажав, тие го извршија; ги опфати словото на мојот закон (dāta).“[103]

Сепак, на списоците има некои нелогичности, кои не можат да се објаснат со некакво губење или освојување територии – на пример, зошто Персида (Parsa) ја нема во четири од пет списока, или зошто Гедросија (Akaufaka) ја има само на списокот на Ксеркс. Во една акадска верзија на натписот од Суса (*DSaa*) не се спомнуваат ниту Инд (Hinduš), ниту Нубија (Kūšiyā), иако во другите верзии јасно се кажува дека слоновата коска била земена токму од таму. Нередовно и без никаква правилност се посведочени Скудра (Skudra), Либија (Putāyā), Карија (Karka), како и европските Скити (Sakā paradraya). Најмногу варијации има на крајниот запад (крајбрежје-

[100] Особено е впечатлива анализата на Briant, 1996: 188-192, чии основни определници ги следиме тука.

[101] *DSa*.

[102] *DB* 1.7.

[103] *XPh* 3.

то на Егејско море) и на север (централна Азија); на пример, номадските и полуномадските северни племиња на *DB* и *DPe* се означени само како Saka, а на *DSe* и на *DNa* се разграничени на Saka Haumavarga и Saka Tigraχauda.[104]

Исто е и со релјефите, каде се соочуваме со големи тешкотии уште при идентификацијата на поданиците. Пред сѐ, критериумот на етничко разликување според изгледот и облеката не секогаш дава резултат, за што ќе стане збор и подолу; освен тоа, мошне е извесно дека композицијата на некои релјефи зависела од обликот и местото што му биле на располагање на уметникот, како и од естетското сфаќање на уметникот за уметничкото дело, а не од територијалната и административната реалност. На пример, имаше мислења дека важноста на некое пратеништво се гледа од бројот на луѓето што го сочинуваат. Но, како што покажа Бријан, тоа никако не смее да биде критериум, зашто колку е поголемо животното што го носат пратениците, и колку поголем простор зафаќа, толку се помалубројни членовите на пратеништвото; затоа пратеништвата што не носат животно со себе имаат најмногу членови. Понатаму, на релјефите во Египет не се претставени ниту Yauna ниту Gandāra – кои инаку ги има на сите списоци – зашто, едноставно, нема место да се претставуват сите народи. Исто е и со носачите на престолот: Кариецот (Karka) и Гедросиецот (Maciya) се прикажани надвор од полето ограничено од ногарите на кралскиот престол, едниот од лево, другиот од десно.

Според ова, станува јасно дека овие прикази во прв ред се уметнички дела, и дека нивната функција не е да бидат административни списоци што би дале реална слика за персиските владенија во мигот на нивното поставање. Напротив, би можело да се каже дека списоците и релјефите ја навестуваат желбата на кралот да ги претстави земјите и народите на кралството обединети во хармонично содејство, подредено од кралот и за сметка на кралот. При набројувањето се настојува да се прикажат крајните точки на кралството – Сарди, Согдијана, Инд, Нубија; претставени се територии на сите четири страни на светот – во центарот (Елам, Бабилонија), на далечниот запад (Сарди, Јонците), на север (Бактрија, Согдијана, Хоразмија), на далечниот исток (Карманија, Гандара, Инд), како и на запад и на југозапад на кралството (Сирија, Египет и Нубија). По наредба на кралот, а со добрата волја на Ахура Мазда, секој народ

[104] Briant, 1996: 190 е убеден дека станува збор за Ортокорибантите, спомнати кај Херодот (3.192).

дал некаков придонес при изградбата на кралската палата;[105] но, записот за тоа не е статистички инвентар, туку персиска „слика на светот“, со која Дареј сака да му остави на потомството приказ на неговата возвишена власт.

● *Sakā, Skudra, Yauna.* – Ова е прилично сериозен проблем, зашто навестува дека спомнувањата на Sakā, Skudra, и Yauna – од кои треба да заклучиме дали имало Европска сатрапија, или не – ја немаат потребната тежина, за да ни послужат како дефинитивен аргумент. Сепак, кога веќе стасавме до оваа точка, би било добро да ги разгледаме и проблемите врзани за овие три dahyu на персиските списоци.

Основа за нашето разгледување ќе бидат четири епиграфски документи. На *DSe*, освен „прекуморските Скити“, се спомнува Скудра, едни Yauna што веројатно се „прекуморски“, како и извесни Yauna tyai drayahya („на морето“). На *DNa*, пак, ги има Sakā, Skudra, некои недефинирани Yauna, како и Yauna takabara. На *XPh* ги нема Sakā, но се посведочени Skudra и Yauna „на морето“ и „преку морето“. Четвртиот текст е *DPe*, приближно исто датиран како и *DSe*, каде се спомнуваат „народи преку морето“ и „Јонци на копното и на морето“.

Sakā paradraya, или „Скитите преку морето“, се спомнуваат на два натписа – *DSe* и *DNa*. Тие се наредени по Лидијците и Јонците, сосем настрана од двете групи Скити на североисточната граница, па би било логично да се заклучи дека станува збор за народ од западната група.[106] Интересно е што, откако се појавија на два натписа, овие западни Скити се враќаат во општата одредница за Скитите (на стелата поставена на Суецкиот канал) или пак сосем ги снемува (на *XPh* нема ни трага од нив). Значи, Персијците полагаат право на прекуморските Скити најмногу до крајот на владеењето на Дареј, а по 486 год. ст.е. веќе ги нема; нема начин да се просуди дали ова полагање право уште од почеток не соодветствувало со вистината, па најпосле било напуштено од Ксеркс, или пак фалбата била оправдана, но ги снемало кога веќе не биле дел од персиската држава. Во секој случај, спомнувањето на овие Скити не ни кажува ништо за можните персиски владенија северно од Истар; Болсер забележува дека овој поим може сосем соодветно да се користи и за Ге-

[105] *DPg ad init.*: „Еве ги народите (или „земјите“) што го направија ова, и што се собрани тука...“.

[106] *Contra* Jacobs, 1996, кој ги лоцира во средна Азија и (не сосем издржано) ги идентификува со Daha од *XPh*.

тите, јужно од реката,[107] со што тежиштето повторно се префрла во наводната Европска сатрапија.

За Скудра, пак, не може да се даде речиси никакво сигурно толкување. Во поглед на иконографијата, впечатливо е тоа што претставниците на Скудра (или, ликовите што ние сме ги идентификувале како Скудра) не секогаш соодветствуваат едни со други. Ликовите држат по две копја во раката, на главата имаат капа со ушиња и зарамнет горен дел, но никаде не носат алопекис, ниту пак се наметнати со sejpa; за Болсер, овие Скудра понекогаш повеќе наликуваат на Скити, одошто на Тракијци.[108] Што се однесува до името, поимот Скудра сè уште не е ниту етимолошки објаснет, ниту пак протолкуван. Често се потцртуваат паралели со топонимот Skudris во хелеспонтска Фригија; конјектурите одат дотаму, што од една страна Хенкелман се повикува на многу подоцнежните Uskudar и Scutari, а Семерењи тврди дека Skudra е стар ирански етникон, етимолошки поврзан со Sakā (Скитите) и Suguda (Согдијана).[109] Со еден збор, лингвистичките размислувања за поимот Скудра се толку проблематични и натегнати, што нивната анализа не ни е од никаква полза.

Единствената работа што ја знаеме со сигурност, е дека овие Скудра се спомнуваат како работници во архивата од Персепол, и тоа во текот на мошне долг период и на најголем број документи – вкупно 86;[110] по нив следат Turmiriya (Ликијците) на 66 документи, а следни се Бабилонците, на 38. Посведочени се и две лични имиња – Šedda и Karizza; но, од овие имиња не може да се извлече никаков релевантен заклучок, најпрвин зашто и двете имиња се ирански, а освен тоа, овие двајца се спомнати на почетокот на еден список на работници, па е можно дека станува збор за надзорници на работите, кои немаат никаква врска со народноста на работниците. Интересно е тоа што се спомнуваат коњаници од Скудра, зашто кај другите етнички означени работници никаде нема коњаници. Повторно, тука може да се почувствува мало приближување кон Скитите, што и не е многу проблематично, зашто не можеме ниту да тврдиме, ниту пак некако успеавме да докажеме дека со поимот Скудра во Персепол биле опфатени само етнички хомогени Тракијци.

---

[107] Balcer, 1988: 6.

[108] Но, треба да се земе предвид и тоа дека не знаеме како точно се претставувале Тракијците во тоа време, зашто најголемиот дел од материјалот за споредба е подоцнежен.

[109] Szemerényi, 1980.

[110] Skudra за првпат се појавуваат во 14. година од почнувањето на записите, и повторно од 17. до 24. За споредба, Turmiriya ги има само од 20. до 25. година.

Како што гледаме, ниту списоците, ниту релјефите, ниту пак архивските и административните документи од Персепол не кажуваат речиси ништо определено за Скудра, па точната етничка идентификација на овој народ сè уште е проблематична. Најмногу што можеме да кажеме, е дека Скудра е народ од крајниот запад на кралството; дека најверојатно живееле во соседство на Јонците (од сите видови), а биле најблиски со прекуморските Скити; дека биле ценети работници во Персепол и коњаници; и, најпосле, дека *е веројатно, но не и сосем сигурно*, дека зад овој поим се кријат Тракијци.



Од лево кон десно: Скудра, носач на престолот од Персепол; Скудра, носач на данок претставен во Ападаната; Скудра на атички кратер од доцниот V век ст.е.; Скудра на црвенофигурална ваза.

Што се однесува до Yauna takabara, мошне е тешко да се одолее на искушението тие, заедно со Yauna paradraya, да се поврзат со персиската воена активност во Европа; но, факт е дека можеме да го направиме ова само ако напоредно се служиме и со текстот на Херодот. Да го немавме делото на историографот, и да се потпиравме само врз материјалните извори, тешко дека некој би претпоставил дека овие народи биле разместени подалеку од Анатолија, или од јонските острови. За волја на вистината, Ролингер сè уште ги лоцира Skudra во северна Анатолија или, дури, во Грузија.[111] Во последно време, тој ги проблематизира и Yauna takabara,[112] и тврди дека акадската верзија на нивното име воопшто не имплицира дека тие носат кавсија или петасос; според него, поскоро станува збор за „Јонци што носат штит над глава“, што повеќе го асоцира на Ликијците. Освен тоа, според истиот автор, ниту ликовниот приказ на овие „Јон-

[111] Rollinger, 1998.

[112] Rollinger, 2006.

ци“ не ни дава за право да тврдиме деканоселе капи какви што им припишуваме, и со кои го објаснуваме поимот takabara.[113]

Сепак, се чини дека е опасно дискусијата да продолжи во овој хиперкритички правец, зашто работите ќе добијат таков тек, како навистина да го немаме делото на Херодот; во тој случај, трите имиња што ги разгледуваме ќе загубат секакво значење и ќе може да се сместат секаде на потегот од Кавкас до Синај. Дури ни хронолошките акробации и етнографските фантазии на Херодот не се толку проблематични, за да мораме да се впуштиме во вакви алтернативни конјектури. Најпосле, Ликијците (Turmiriya) се премногу добро посведочени и етнички хомогени, за од нив да одделуваме групација што се распознава по некаков поинаков штит.[114] Освен тоа, Таплин опоменува дека е сосем можно на фасадите да имаме лошо нацртана кавсија од човек што одвај знаел што е тоа и како изгледа, или пак лош акадски превод за парче облека што не било ниту познато, ниту вообичаено во земјата на писарот.[115] Во крајна линија, може да се дискутира дали за Персијците овој „моден детал“ бил толку впечатлив, и дали воопшто знаеле (и сакале) да разликуваат петасос од кавсија.[116] Во секој случај, можно е дека во овој случај им послужил за да направат разлика меѓу индоевропските жители во Анатолија и оние во Европа, поради што *има основа да се поверува,* дека зад поимот Yauna takabara се кријат Македонците.

● *Сведување на податоците.* – По сè што беше кажано на претходните страници, треба за последен пат да се вратиме на претпоставката за постоењето на Европската сатрапија и, врз основа на изнесените изворни податоци, споредби и анализи, да просудиме дали таквото тврдење воопшто има логична подлога.

---

[113] *V.* дискусијата кај OLMSTEAD, 1920, 94-95 и EILERS, 1977: 153-168; *cf.* KENT, 1953, *s.v.* takabara, со превод „wearing the petasos“, наспроти преводот на акадскиот поим – „who bears shields on their heads“.

[114] И повеќе од тоа – во тој случај би требало да се објасни зошто овие Turmiriya се означени како Yauna, кога би можеле да бидат едноставно **Turmiriya takabara.* ROLLINGER, 2006b е свесен за овој проблем, но се обидува да го реши со релативизирање на поимот Yauna; таквиот пристап не може да биде убедлив, зашто станува збор за поим што е одлично посведочен и има совршено јасна етимологија.

[115] TUPLIN, 2008.

[116] Особено што дури и денес се случува да се спори за истото прашање, на пример во врска со ликовните претстави на монетите; *cf.* одличната забелешка на ДРАГАНОВ, 2002: 32: „Спорът относно наименованието ѝ (*sc.* на шапката) е напълно безсмислен, тъй като в литературата и двете назовавания се приемат за равностойни“.




*1: Yauna, Накш-и-Рустам, гроб 3; 2: Yauna, Накш-и-Рустам, гроб 5; 3: Yauna, Персепол, гроб 6; 4: Skudra и Yauna takabara, Накш-и-Рустам, гроб 6; 5: Yauna takabara, Персепол, гроб 5; 6: Yauna takabara, Персепол, гроб 6; 7: Yauna, Накш-и-Рустам, гроб 1; 8: Yauna, Накш-и-Рустам, гроб 2; 9: Yauna takabara, Накш-и-Рустам, гроб 1; 10: Yauna takabara, Накш-и-Рустам, гроб 2; 11: Yauna takabara, Накш-и-Рустам, гроб 3; 12: Yauna takabara, Накш-и-Рустам, гроб 6.*

Хамонд и Фол тврдеа[117] дека Персијците ја воспоставиле Европската сатрапија веднаш по завршувањето на воените дејствија на

[117] Сите тврдења во полза на постоењето на Европска сатрапија се од Hammond & Griffith, 1979: 60 sqq. и Fol & Hammond, 1988, 246 sqq., како главни заговорници на оваа теза; другите автори само ги прифаќаат или благо ги дополнуваат нивните тврдења.

Мегабаѕ и Отан. Но, како што видовме, во примарните извори воопшто не е посведочен таков terminus technicus, а во хеленските извори од тоа време го има само осумпати, при што само на три места означува административна единица. Ова е особено важно, зашто без точна дефиниција на модалитетот според кој функционира административната целина, не можеме да кажеме што точно значи „воспоставање сатрапија“ – дали само назначување на сатрап (или хипарх), или пак целосна апликација на персискиот административен и фискален систем.

Претпоставките за сатрапот / хипархот на оваа територија одат од Аминта I и Александар I, па сè до Артаикт, персискиот заповедник на Сестос. Како што видовме погоре, на поимите nomos и hyparkhos, што ги користи Херодот, не смее да им се припише универзално значење на „сатрап“ и „сатрапија“, зашто на најголемиот број места тие означуваат помали фискални единици и заповедници од понизок ранг. Освен тоа, ниту кај Херодот, ниту кај кој и да е друг подоцнежен извор не се спомнува сатрап на сатрапија Скудра, ниту пак е кажано каде било неговото седиште, каде би требало да се наоѓа сатрапската палата и администрацијата.

Ова нè доведува до прашањето за администрирањето на Скудра и, уште поважно, на Македонците. Наспроти тврдењето на Хамонд и Фол дека политичкото средиште на сатрапијата се наоѓало во централната долина на реката Хеброс, факт е дека досега не е пронајдена ниту персиска архива, ниту канцеларија, ниту пак сатрапска ризница, а да не зборуваме за сатрапски центар.[118] Патемно, во Европа нема траги од персиска службеничка дијаспора, персиски земјопосед или катастар, ниту пак е посведочена персиска религиозна практика. Ова укажува дека, каков и да бил обликот на управување со персиските територии во Европа, тој не подразбирал доселување на државни службеници од другите краишта на кралството, што значи дека најверојатно ѝ бил препуштен на локалната власт – каков што беше случајот со тираните во персиска Јонија, со Хекатомнидите во Карија и со локалниот syennesis во Киликија. Очигледно е дека основниот политички мозаик останал речиси несменет, а се сменило само крајното одредиште на приходите и општиот военo-

[118] Детален список на сите градби и инфраструктурни елементи што би се очекувале во еден сатрапски центар – од палатата, преку административните градби и персискиот paradeisos, сè до службите за водовод и контрола на растителниот и животинскиот свет – дава Briant, 1982: 450-454. Не треба посебно да се истакнува дека во Европа не е посведочен ниту еден од елементите што ги набројува авторот.

политички компас, што никако не зборува во прилог на некакво долгогодишно постоење на Европска сатрапија.[119]

Исто така, се претпоставува дека сатрапијата била редовно оданочувана; дека давала скапоцени метали, жито, стока и дрвна граѓа; дека во време на војна учествувала со копнени сили, а покорените острови давале и бродови.[120] Тешко е да се каже врз што се темелат ваквите тврдења. Сето тоа што е наведено Персијците можеле да го добијат без никаква потреба да „воспостават сатрапија". Дури и ако се цели на податокот дека „потчинетата" Македонија им плаќала данок на Персијците – при што таквиот данок никаде не е експлицитно дефиниран – и тоа, како што видовме погоре, можело да се направи на различни начини и во различни облици, дури и без сатрап и без персиска административна служба; во тој случај, народите технички не плаќале данок, туку „noселе дарови". Што се однесува, пак, до тврдењето дека Персијците се грижеле за сатрапијата со тоа што ја развивале патната и трговската мрежа, расчистувале патишта, граделе мостови и пробивале канали – доволно е да се каже дека вакви активности во изворите првпат се спомнуваат во врска со логистичките подготовки за последниот поход во Европа, што никако не може да се претстави како активност за одржување на сатрапијата. И најпосле, за да ја донесеме целата работа до класична reductio ad absurdum, ќе спомнеме дека Хамонд го толкува името на сатрапијата како „стар фригиски збор, со кој Фригијците ја означувале областа околу Едеса пред да се одселат во Мала Азија, а кој подоцна бил заменет со поимот Тракија[121] – а, како што видовме погоре, во науката сè уште се дискутира за точната идентификација на прикажаните поданици и за етимологијата на поимите Skudra и Yauna takabara.

Ако се земе предвид сето ова, се чини дека прашањето што треба да се постави не е „дали имало Европска сатрапија", туку „што ни дава за право да веруваме и да спекулираме дека имало Европска

[119] „Долгогодишно" во поглед на она што се случува на други места, главно во Мала Азија. На пример, спомнатите гробници во Даскилеј се датирани околу 475 год. ст.е., што покажува дека седумдесетина години по паѓањето под персиска власт, во хелеспонтска Фригија веќе има трајно населени персиски службеници од различна народност, вклучително и семејства, храмови и земјоседи; ако Европската сатрапија била воспоставена околу 510 ст.е., тоа би значело дека за триесетина години од нејзиното постоење не била воспоставена ниту основна мрежа на комуникации, да не зборуваме за некаква административна и фискална пирамида.

[120] Fol & Hammond, 1988: *loc. cit.*

[121] Fol & Hammond, 1988: 246; Hammond & Griffith, 1979: 60 sqq.

сатрапија“. Како што изгледа, единствениот податок врз кој се темелат овие спекулации е податокот на Херодот дека Аминта и Александар I биле персиски хипарси. Но, ако извлековме некаква поука од статусот на локалниот *syennesis* во Киликија, на Хекатомнидите во Карија, на кипарските басилеи, па дури и на Индијците Пор и Таксила, станува јасно дека поимот „сатрап“ треба и може да се разгледува само во неговото првично, основно значење – „заштитник на кралот/кралството“, т.е. на персиските воено-политички интереси на територијата што ја контролира. Ако работите се поставаат вака, нема причина поради која Аминта I (кој бил врзан во ксенија со Пејсистратидите) и Александар I (кој бил проксен, значи трговски застапник на Атињаните) не би можеле да бидат и персиски хипарси/сатрапи (значи, застапници на персиските воено-политички интереси) на нивната територија. Ваквиот статус можеби бил необичен за Хелените (и, како што гледаме, за современите историчари) – но, како што забележува Таплин, ако нешто е несекојдневно или необично, тоа не значи дека е невозможно. Едноставно, податоците со кои располагаме не дозволуваат поинакво толкување.

# IX
# ГОЛЕМИОТ ПОХОД

Александар, Темистокле и Пиерискотo дрво. – Πᾶσα γὰρ ἰσχὺς Ἀσιατογενής. – Големите подготовки. – *Каналот преку Атос.* – *Транспортот и патната мрежа.* – *Дипломатските игри и шпионажата.* – Почетокот на последната плима. – *Од Сарди до Дориск.* – *Од Дориск до Терма.* – *Во Пиерија.* – *Александар и персиските „гости“.* – Мешаницата во Тесалија. – *Херодот наспроти Дамаст и Диодор.* – *Тесалците во бој против себеси.* – *Улогата на Александар.* – Од Термопилите до Атина. – *Ксеркс и Артабаз во Македонија.* – *Александар во Бојотија.* – Александар во Атина. – Платаја. – Необичното војување на Александар.

Поразот во битката на Маратонското поле, во 490 год. ст.е., несомнено бил удар за персиските воено-политички планови во копнена Хелада. Па сепак, не би требало да се помисли дека стратешката положба на Персијците во Егејскиот басен била сериозно разнишана. Пред сè, мошне ретко се случува една единствена битка да биде пресудна за исходот на една цела војна; освен тоа, хеленската контраофанзива на море, што по Маратон ја презел атинскиот војсководец Милтијад, немала речиси никаков ефект. Хелените успеале да воспостават контрола над неколку острови што претходно биле под персиска власт, но на Парос се соочиле со таков отпор, што станало јасно дека походот никако нема да биде обична казнена експедиција, со која ќе се отстрани персиската закана за Хелада. Ранет во ногата, презрен од неговите политички непријатели, Милтијад го загубил политичкото влијание и набрзо починал; во Атина настапила граѓанска неслога, во која следбениците на Милтијад се расправале и се судирале со неговите политички противници во врска со насоката на идните походи.[1]

Уште поважно, поразот во битката кај Маратон ниту имал некакво влијание врз цврстата контрола на Персијците во Тракија и Македонија, ниту пак предизвикал некакви менувања во политич-

[1] За политичката состојба во Атина, како и за активноста на Милтијад во тоа време, *v.* Cyler Young, 1988: 70 sqq., и *особ.* Papalas, 2000.

ките определници на македонското кралство; придобивките на Мардониј од 492 год. ст.е. воопшто не биле загрозени. Освен тоа, како што видовме и погоре, походот на Датис и Артаферн, во некоја смисла, бил отстапување од вообичаената персиска воена практика – обид да се решат работите на поинаков, побрз и поедноставен начин, што за жал завршило неуспешно. Благодарение на нивните стратешки бази и воени посади во Европа, Персијците лесно можеле да се вратат на претходниот план за дејствија и да се подготват за ново, масивно навлегување по копно.

Токму тоа било планирано. Подготовките за последниот, четврти по ред персиски поход во Европа биле започнати уште од Дареј I; кралот имал намера да ги реши работите на западната граница еднаш засекогаш, и со тоа да ги круниса постигањата од 513/2 и од 492 год. ст.е., без оглед на неуспехот на Датис и Артаферн. Се чини дека, ако Персија нападнела решително уште во 486 год. ст.е., историјата на Егејскиот басен би добила мошне различен тек; во тој момент, наместо да размислуваат за опасноста што им се надвиснува од запад и од север, хеленските полиси биле разединети, политички спротивставени и несложни, голем дел од нив војувале едни против други, а Атина сè уште немала флота што би била од пресудно значење за одбраната од азискиот непријател.[2] Но, планираниот персиски напад го спречила смртта на Дареј во ноември 486 год. ст.е., како и два бунта – во Египет, нешто пред неговата смрт, и во Бабилонија веднаш потоа.



*Дареј седи на кралскиот престол; зад него стои престолонаследникот Ксеркс*

[2] *Pace* Burn, 1984: 276, кој цени дека во тој случај секако би имало затоплување на односите меѓу Атина и Спарта, но дека тоа ни случајно би ја немало потребната тежина без Клеомен и Милтијад, и секако без атинската флота, што допрва требало да се изгради.

Ксеркс, новиот Голем Крал, наследил две задачи со суштинска важност: да излезе на крај со бунтовите во долината на Нил и во Месопотамија, и да ги продолжи подготовките за големата замисла на неговиот татко – последниот и најголемиот персиски поход во Европа. Инвазијата на западот требала да биде одложена барем за кусо време; но, толку ѝ било доволно на Атина да ја изгради првата сразмерно значајна флота – епизода, во која главната улога ја имал персискиот роднина и пријател, кој седел на македонскиот престол.

## Александар, Темистокле и пиериското дрво

Уште од 493/2 год. ст.е., кога првпат бил избран за архонт епоним, Темистокле упорно инсистирал да се изгради атинска флота и да се утврди база за поморски дејствија во Пиреј.[3] Десетина години подоцна, во 483 год. ст.е., во Лаврионските рудници неочекувано била откриена нова, богата среброносна жица.[4] По кусо политичко надмудрување, и покрај навиката на Атињаните да го делат приходот од државните рудници во Лаврион како награда за граѓаните, сепак претежнала идејата на Темистокле, според која новодобиените приходи требало да се искористат за надградба на атинската флота. Така, со новото лаврионско сребро била набавена дрвна граѓа и биле изградени бродови.[5]

Податоците во поглед на нивниот број се различни: Херодот спомнува двеста, но Аристотел, како и сите други подоцнежни извори, говорат за сто.[6] Хамонд тврди дека треба да се претпочита бројката од 200 бродови,[7] зашто, дури и по големите загуби што ги пре-

[3] Thuc. 1.93; *cf*. анализата кај Hammond, 1988b: 524 sqq. Мошне детален приказ на состојбата во Атина во ова време, како и на активностите на Темистокле за изградба на нова флота, дава Burn, 1984: 281-293; сепак, авторот не навлегува во прашањето кој бил снабдувачот на Атина.

[4] Според Херодот (7.144 и 5.97), оваа жица им носела на Атињаните педесет таланти приход годишно. Ако се земат предвид тогашните методи за ископување и обработка на руда, овој податок веројатно е поверодостоен, одошто атидографската традиција во која се спомнува приход од сто таланти; сепак, треба да се укаже дека за сто таланти пишуваат и Аристотел (*Ath. Pol.* 22.7) и Полиајн (1.30.6).

[5] Овој наод на сребро е спомнат во „Персијци“, трагедија што Ајсхил ја поставил на сцена во 472 ст.е. Атоса, мајката на Ксеркс, прашува дали Атина има соодветни средства за да води војна, а одговорот гласи: „Имаат извор на сребро, земно богатство” (238).

[6] Hdt. 7.144; Arist. *Ath. Pol.* 22.7.

[7] Hammond, 1988b: 524 sqq.

трпела атинската флота кај Артемисиј, Атина и нејзините халкидски колонисти десет дена подоцна, кај Саламина, повторно имале 200 брода. Неговиот приказ е поверојатен, одошто атидографската традиција за сто нови бродови, содветни на износот од сто таланти. Според некои други мислења, Херодот го дава вкупниот број на бродови со кои располагала Атина, а другите извори ги земаат предвид само бродовите што биле изградени по пронаоѓањето на новата среброносна жица. Ако се земат предвид претходните загуби во војната против Ајгина, како и просечниот век на траење на една пентеконтера или триера, се чини дека во периодот од 486-480 ст.е. Атињаните изградиле близу сто и педесет нови пловила. Како и да е, независно од тоа колку нови бродови изградила Атина, идејата на Темистокле била успешна и го означила почетокот на еден сосем нов период во развојот на атинската воена моќ. За ова продонесувале и богатите Атињани, веројатно со прилози за изградба на брод; Херодот спомнува дека Клејнија, еден богат Атињанец, сам си ги покрил трошоците и заповедал со „негов сопствен брод“.[8]



*Атински хоплит на боен брод, фрагмент од црнофигурална ваза, VI век ст.е.*

Станувало збор за огромен потфат, кој подразбирал набавка на не помалку од седум илјади добри стебла,[9] што значи дека била потребна и особена наклоност од снабдувачот. Според Теофраст, поголемите побарувања на дрвна граѓа можеле да се задоволат од три големи подрачја – Македонија / Тракија, Анатолија и Италија. Во

[8] Hdt. 8.17; *cf.* и трикот со богатите Атињани што го спомнува Аристотел (*Ath. Pol.* 22.7), кој се чини анахрон.

[9] *Cf.* Picard, 2000: 33 sqq., со опсежен преглед на најважната литература и толкувања на методите на пресметување.

локални рамки, се користел и кедарот од Сирија, но Теофраст спомнува дека азиските извори на кедар биле занемарливи.[10] Значи, ако сакала да се снабди со дрво, Атина можела да избира меѓу северното крајбрежје и западот.[11]

Има историчари кои веруваат дека Атина го одбрала западот, и дека најголемиот дел од дрвната граѓа во Атина доаѓала од Сицилија и јужна Италија.[12] Оваа теза се темели врз неколку посредни податоци во античките извори, кои наводно укажуваат на „западните врски" на Темистокле. Според Херодот, Темистокле се заканил дека сите Атињани ќе се преселат во јужна Италија и ќе го населат градот Сирис;[13] Плутарх, пак, најпрвин ја раскажува приказната од Стесимброт, според кого Темистокле, пред да замине за Азија, најпрвин се засолнил во Сиракуса, а малку подолу забележува дека две од четирите ќерки на атинскиот државник се викале Италида и Сибарида.[14] Последен аргумент за оваа теза би било засиленото персиско присуство на тракомакедонското крајбрежје, поради што Атина наводно немала трговски пристап до Македонија.

Укажувањата за врските на Темистокле со Италија се малубројни и посредни: од три главни податоци во античките извори, првиот нема никаква тежина, вториот е оспорен дури и од авторот што го раскажува, а третиот е спомнат и протолкуван непотполно. Од друга страна, еден argumentum ex silentio – токму кај Херодот – говори против постоењето на т.н. „западна врска": Херодот детално ги опишува[15] обидите да се обезбеди поддршката на Гелон од Сиракуса, но, од она што може да се прочита кај него, се чини дека во тоа време немало угледен атински граѓанин кој би можел да ги инструментализира своите лични, политички или економски врски со Хелените на запад.

---

[10] Theoph. *Hist. Plant.* 4.5.5.

[11] *Cf.* Borza, 1990: 55-57, кој дава приказ на македонското дрвно богатство и начините на кои било користено.

[12] На пример, Hignett (1963: 97, 273), кој го пренагласува присуството на Персијците во Македонија и тврди дека не би требало ни да се размислува за можноста дека дрвото било од Македонија.

[13] Hdt. 8.62; обновата на Сирис навистина се случила, но дури четириесетина години подоцна.

[14] Plut. *Them.* 24, односно 32. Дури и Плутарх ја оспорува приказната на Стесимброт. Доказот заснован врз имињата на ќерките е мошне слаб, зашто во истиот пасус ги дознаваме и имињата на другите две – Мнесиптолема (можеби со македонска инспирација) и Асија. Ако имињата на децата воопшто можат да служат како показ за политичките врски на родителот, би се рекло дека Темистокле имал сојузници на сите страни на светот.

[15] Hdt. 7.157-163.

Дали Александар I воопшто можел да биде снабдувачот на Атина? Аргументот за персиското присуство на северното крајбрежје честопати се користи по инерција, иако во суштина не одговара на состојбата на теренот. Доволно е да си приспомнеме дека положбата на Македонија во рамките на персиското кралство била специфична, и дека не само таа, туку дури и полиси во состав на персиските сатрапии можеле да имаат самостојна економска и монетарна политика.[16] Всушност, можат да се замислат само две ситуации кога Персијците би сакале да ѝ го забранат (или да го попречат) извозот на дрвна граѓа: во случај дрвото да им требало токму ним, или пак ако македонскиот извоз непосредно (и во недозволива мера) му помагал на некој непријател. Теофраст пишува дека Сиријците за бродоградба користеле сириски кедар,[17] а Феникијците ги задоволувале сите свои потреби од Либанската гора; Јонците се снабдувале од Амисос, Киликија, Синопа, Мисис и планината Ида,[18] а потоа и од Тасос и Миркин.[19] Според сè, се чини дека персиските потреби од дрвна граѓа биле задоволени на сосем солидно ниво, и дека Персијците немале некоја сериозна потреба од македонското дрво. Дури и по походот на Мардониј, единствен пазар за извоз на македонското дрво останала копнена Хелада.

Но, дали со ваквата трговија Македонија му пружала недозволено голема помош на непријателот? На ова прашање не е лесно да се одговори, па сепак, се чини дека текот на настаните ни овозможува да извлечеме одредени заклучоци. Прво, изворите се едногласни дека Темистокле ја убедил Еклесијата да изгради бродови за војната против Ајгина.[20] Во времето на неговиот предлог, таа војна била „во зенит“[21] и завршила само благодарение на посредништвото на Хеленската лига. Во тоа време, Ајгина била „водач на островјаните“, и се спомнува како таква во т.н. „Список на таласократии“ кај

[16] Економските активности на Македонија во тоа време можеле успешно да се спречат само преку контрола на нејзиниот извоз по море, што би подразбирало постојан надзор на крајбрежјето на потегот од Дион до Антемунт. Во изворите не се спомнуваат никакви патроли на персиската флота.

[17] Theoph. *Hist. Plant.* 4.5.5.

[18] Thuc. 4.5.2; Xen. *Hell.* 1.1.24.

[19] Hdt. 5.23.

[20] *V.*, на пример, Thuc. 1.14.3.

[21] Plut. *Them.* 4.1. Кус, но прегледен приказ на случувањата има кај Bury & Meiggs, 1978: 162-163; детален приказ и дискусија за непријателствата меѓу Атина и Ајгина во овој период има кај Scott, 2005: 546-552, кој дава преглед на досега искажаните мислења и се обидува да воспостави хронологија на настаните.

Евсебиј.[22] Херодот особено јасно нагласува дека „војната против Ајгина ги натера Атињаните да станат морнари“;[23] тој имплицира дека Атињаните не само што ги изградиле тие двеста кораби, туку и ги опремиле со посада и така станале „поморци“ уште пред да заврши Ајгинската војна.

Освен тоа, дури и кога би немало војна меѓу Атина и Ајгина, прашање е колку сериозно Персијците ја сфаќале заканата од атинската флота. Во 490 ст.е., Персијците без најмал проблем го минале Егејското море, се истовариле на Маратонското поле и се усидриле во Фалерон без да се соочат со никаков отпор. Десет години подоцна – дури и ако се земе предвид зголемувањето на атинската флота – севкупната хеленска поморска сила не била ни одблизу бројна и силна како онаа на Ксеркс.[24] Персискиот воен врв не верувал дека хеленската флота ќе претставува сериозна пречка или закана; најпосле, походот од 480 ст.е. бил замислен како првенствено копнен потфат, при што флотата требало да дава логистичка поддршка и да ги надополнува дејствијата на копнената војска.[25] Со други зборови, Македонија слободно можела да ѝ продава дрво на Атина.[26] Ако воопшто биле навремено известени за тоа, Персијците тешко би можеле да најдат сериозна замерка; прво, продавањето на дрвна граѓа на Атина значело продолжување на војната меѓу Атина и Ајгина токму во предвечерјето на персискиот напад, што не можело да биде лошо; освен тоа, во очите на Персијците, атинската флота можела да предизвика само мали непријатности, зашто пресудниот бој требало да се бие на копно – како што подоцна навистина и се случило.

Херодот соопштува дека, некаде пред 480 год. ст.е., македонскиот крал Александар бил почестен од Атињаните како нивен пријател и добродетел.[27] Со оглед на тоа дека ваква титула се добивала за услуги дадени на атинскиот полис, може да се претпостави дека

---

[22] Euseb. *Chron.* fr. 25.

[23] Hdt 7.44.

[24] При набројувањето на персиските сили (7.89-95), Херодот бележи дека флотата на Ксеркс вклучувала контингенти од Фојникија, Сирија, Египет, Кипар, Киликија, Памфилија, Ликија, Карија, Хелеспонт, како и од малоазиските и островските полиси. Податокот за 1207 кораби (7.88), веројатно преземен од Ајсхил (*Pers.* 341-343), не се однесува на силите што непосредно учествувале во походот, но сепак е близу до она што во целост му било на располагање. *Cf.* How & Wells, 1989: 2.364-366.

[25] Дури и кај Херодот, ништо не навестува дека, по битката кај Саламина, Персијците размислувале да се повлечат.

[26] *Pace* анализата кај Borza, 1990: 109-110.

[27] Hdt. 8.136.

Александар ја снабдел Атина со пиериско дрво – номинално за војната против Ајгина – и дека токму тогаш, и за таа услуга, станал атински проксен и евергет. Значи, како што редовно ќе се случува подоцна,[28] и во оваа прилика главен атински снабдувач со дрвна граѓа била Македонија, или поточно, нејзиниот крал.[29] Така Александар I, роднината на Мегабаѕ, Бубарес и на Дареј, по некоја историска иронија станал проксен и евергет на атинскиот полис три години пред големиот поход.

## Πᾶσα γὰρ ἰσχὺς Ἀσιατογενὴς

Зошто новата атинска флота не ги загрижувала премногу Персијците, може да се сфати од големината на персиските подготовки и на силите со кои располагал Ксеркс; на ова ќе се задржиме само за да ја илустрираме големината на потфатот, чиј дел станал Александар I.

Персиските бројки, масовната работа, количината на собраните ресурси и времетраењето на логистичкото планирање биле јасно укажување дека Ксеркс намислил напад врз копнена Хелада со мошне големи размери.[30] Бројките што ги среќаваме не само кај Херодот, туку и кај сите други извори, со чувство на восхит и стравопочит ги опишуваат огромните размери на персиските сили. Во епиграмот во чест на битката кај Термопилите, Симонид истакнува дека „четири илјади мажи од Пелопонес тука се бореа против триста миријади“;[31] Хелените што ја доживеале персиската плима веројатно ценеле дека бројот од три милиони Азијци е претеран и се должи на поетска слобода, но никој од нив не го осудил како апсурден. Осум години подоцна, Ајсхил ја означува војската на Ксеркс како „севкупната сила на синовите на Азија“;[32] по една генерација, Херодот излегол со конечна сума од 5.283.220 луѓе од сите делови на кралството, силите што биле побројни „од секој друг поход во историјата“.[33] Секому е јасно дека, не само кај Херодот, туку и во другите случаи, станува збор за апсурдни претерувања; но, фактот што тие

[28] Diod. 20.64.4; Plut. *Demetr.* 10; Dem. *De falsa leg.* 265; Xen. *Hell.* 6.1.11.

[29] Кралот бил сопственик на македонските шуми: тој го надгледувал сечењето, продажбата и транспортот. *Cf.* Borza, 1987: 108, заб. 29, како и *IG* I[3] 89 и *IG* I[2] 105.

[30] *Cf.* деталниот приказ и анализата за ова кај Hammond, 1988b: 532-536.

[31] Hdt. 7.228.

[32] Aesch. *Pers.* 12.

[33] Hdt. 7.20.2, 7.186.2.

не подлегнале на критиката на времето и останале како историска традиција, секако сведочи за впечатливоста на војската од Азија, поради која Хелените заборавиле и на најблагата историска критика.[34]

Такви се, отприлика, општите впечатоци во наративните и во литературните извори. Да се задржиме накусо и врз специфичните бројки. Ајсхил верувал дека кај Саламина биле ангажирани 1207 брода во полна бојна сила[35] и, очигледно, очекувал дека неговата публика ќе поверува во тоа; има причина да се верува дека оваа бројка Атињаните ја дознале или во тоа време, или малку подоцна, од Хелени што служеле во персискиот строј.[36] Кон ова, Плутарх придодава уште еден одред од 200 брода,[37] а Херодот пишува за „повеќе од 1327 брода“.[38] Пловилата за поморска поддршка – пентеконтери, триаконтери, kerkouroi, како и товарните бродови за коњи – на два пати кај Херодот се спомнуваат како 3000 на број.[39] Всушност, сразмерот на помошните пловила и бојните бродови не е сосем невозможен, ако се има предвид дека повеќето градови сè уште пловеле со пентеконтери, а не со триери; што се однесува до персоналот, дури и ако ја намалиме проценката на Херодот за половина, повторно излегуваат околу 120.000 луѓе.[40] Не треба да се заборават и бојните бродови под мостот преку Хелеспонт, на број 674, како и множеството луѓе што ги опслужувале и требало да ги извлечат во случај мостот да се распадне.

Да се зборува за копнената војска е многу потешко; сепак, многумина се обиделе да го расчистат и ова прашање, без оглед кол-

---

[34] Можеби најубавата забелешка за ова може да се прочита кај Bury & Meiggs, 1978: 167: „Their defence of Europe... made an enduring impression upon the Greek mind and was shaped by Greek imagination into a wonderful dramatic story at a time when the critical instinct had not yet developed. No tale is more delightful than this tale as Herodotus tells it... and none illustrates better the story-shaping genius of the Greeks.“.

[35] Aesch. *Pers*. 336, 341-3.

[36] Сепак, *cf.* Burn, 1984: 330 и Hignett, 1963: 345, кои тврдат дека и дури и Хелените биле свесни дека бројот на активни бојни бродови не надминувал 600.

[37] Plut. *Them*. 12.5, 14.1.

[38] Hdt. 8.66.1; *cf.* 8.184.1, 8.185.1.

[39] Hdt. 7.97; 7.184.3.

[40] Сепак, треба да се има на ум и забелешката на Scott (2005: 470), дека бројот на веслачи зависел од намената што ја имал бродот во тој миг. На пример, кога се користела за транспорт на продукти или стока, класичната триера ја опслужувал само еден ред веслачи, транитите; затоа е многу тешко да се даде дефинитивна пресметка на бројноста на луѓето во персиската флота. *V.* деталните пресметки на авторот за бројноста на персиската војска во Appendix 3 (стр. 479-487), со детален список на стручна литература за ова прашање.

ку несигурно, или дури контроверзно, ќе изгледаат нивните заклучоци.[41] Проблемот е во тоа, што во 480 год. ст.е. Хелените немале прилика да ја видат севкупната персиска воена сила развиена и распоредена во борбен ред; Ајсил не се осмелува да спекулира за конечната бројка, но сепак спомнува еден заповедник на „Црната коњаница“ од 30.000 луѓе,[42] тројца заповедници со по 10.000 луѓе,[43] како и еден важен хилијарх, „заповедник на 1000 луѓе“.[44]

Херодот не дава детален опис на сатрапските војски ниту во Критала, ниту пак во текот на напредувањето кон Сарди. Од она, пак, што го кажува за персиските одреди, се чини дека нив ги имало 24.000 на број – четири одреди од кралската гарда,[45] 10.000 „Бесмртни“ и 10.000 коњаници. Всушност, Херодот го чува пребројувањето за најдраматичниот момент, концентрирањето на сите копнени и поморски сили кај Дориск. Според него, никој не ја забележал бројноста на секој контингент поодделно,[46] но до конечната бројка се дошло преку изработка на трло што собирало 10.000 војници, во кое се внесувале и се изнесувале луѓе, сè дури не се дошло до бројка од 1.700.000 војници. Не треба особено да се нагласува дека тука повторно станува збор за личниот впечаток на хеленските автори, како и за нивната желба да ја прикажат сопствената победа како победа над цела Азија; инаку, јасно е дека од овие бројки не може да се извлече ништо полезно, освен можеби податокот за бројноста на Иранците, кој изгледа веројатен.

## Големите подготовки

Дури и ако ги оставиме настрана милионите Азијци на Херодот, сепак е јасно дека за потфат со толкави размери биле потребни грижливо логистичко планирање и огромни подготовки. За ова, Ксеркс можел да смета не само на огромното богатство и големите човечки ресурски со кои располагал, туку и на стручната подготвеност на неговите поданици. Изградбата на мостот преку Хелеспонт,

---

[41] *V.*, на пример, Burn, 1984: 326-332; Hignett, 1963: 350-355. Бројките што ги наведува Диодор (11.3.7-9) не се од никаква помош, и веројатно станува збор за неосновани претпоставки на Ефор.

[42] Aesch. *Pers.* 315.

[43] Се чини дека станува збор за еден коњанички и два пешадиски одреди; Aesch. *Pers.* 302, 314, 994.

[44] Веројатно одред од персиската кралска гарда, Aesch. *Pers.* 304.

[45] Hdt. 7.40.1: два коњанички и два пешадиски одреди, секој со по илјада луѓе.

[46] Hdt. 7.60.

како и пробивањето на канал преку најтесната точка на полуостровот Атос, наложувале сите овие ресурси да се искористат до крајност.

• *Каналот преку Атос.* – Каналот преку Атос не е само највпресивниот градителски споменик од времето краткотрајното персиско присуство во Европа туку, несомнено, и еден од најхрабрите логистички потфати во стариот свет. Затоа и не е чудно што овој канал го привлекувал вниманието не само на античките извори, туку и на патеписците и научниците во поново време. Ретки се случаите кога располагаме со детален „технички“ извештај од античко време, што може да се поврзе со современите методи на истражување и работа, па така да се провери и вистинитоста, и издржаноста на она што го раскажува Херодот.[47]

Херодот вели дека каналот бил долг 12 стадии што, во зависност од стапката што послужила како основа за оваа пресметка, би изнесувало приближно 2.2-2.3 километри. Бидејќи растојанието од едниот до другиот брег изнесува приближно 2 километри, а каналот не одел праволиниски, би се рекло дека неговата проценка не е далеку од вистината.[48] Тој не ја спомнува широчината на каналот, но пишува дека бил доволно широк за да се разминат две триери; ако една триера со спуштени весла зафаќала простор од околу 10 метри, каналот морал да биде широк најмалку триесетина метри, за две триери да пловат една до друга; во спротивно, триерите би требало да се влечат со вовлечени весла, што би подразбирало постоење на диолкос, а такво нешто во изворите не се спомнува. Непосредно сведоштво во врска со широчината на каналот дава Страбон,[49] кој го презема податокот на Деметриј од Скепсида дека каналот бил широк еден плетар (во зависност од еталонот, приближно 27-35 метри).

[47] Во врска со каналот на Ксеркс, може да се извлечат податоци од три главни групи сведоштва. На прво место се податоците од наративните извори, пред сѐ од Херодот (7.22-24, 7.37, 7.122); полезни се и приказите направени од посетители и патеписци од поново време, на пример на Шуазел-Гуфје (кој раскажува што видел во 1766), на Лик (кој го посетил местото во 1806), како и на Спрет, кој во 1838 бил задолжен од британската поморска управа да го премери и да го исцрта местото на кое се наоѓал каналот; целосен список и извадоци од спомнативе дела дава Isserlin, 1991. Увид сѐ уште може да се добие и со теренско рекогносцирање, како и со фотографии од воздух и со сателитски снимки.

[48] Податоци за должината на овој канал даваат и Плиниј (*Nat. Hist.* 4.32) и Скимнос (*Perieg.* 648), но нивните претерани тврдења не се сосем убедливи; од друга страна, податокот за должина од 11 стадии, што го дал Деметриј од Скепсида, а го зачувал Страбон (7, fr. 35) може да претставува издржана алтернативна пресметка. *Cf.* Karastakis & Papamarinopoulos, 1997.

[49] Strab. VII, fr. 35.



*Авионска снимка на Атос; линијата на каналот на Ксеркс може да се забележи и денес (меѓу двата квадрати). Се верува дека ридчето до десниот квадрат го покрива гробот на надзорникот Артахај.*

Колкава работна сила била потребна за да се направи сето ова? Ако претпоставиме дека еден работник можел да ископа, да извлече од коритото и да однесе вкупно два кубни метра земја дневно, за да се ископа канал со такви димензии би требало да се вложат околу 130.000 работни часа. Ако зборуваме за работна сила од 2.000 неквалификувани работници, со заедничка работа, работите на ископувањето би требало да се завршат за отприлика 80 дена. Но, за да се пробие каналот преку Атос било потребно повеќе одошто копање и расчистување на земјата: требало да се изградат сигурносни брани и молови, да се покријат падините со цврста глина за да се спречат одрони, да се пробијат и странични канали по кои ќе истекува насобраната вода. Најпосле, Херодот раскажува дека зад секој човек што копал имало уште четворица што ја кревале и ја носеле земјата; ова можеби е претерано, но, во секој случај, заедно со помошниот и стручниот персонал, бројката на ангажирани работници не би требало да биде помала од шест илјади луѓе.

Со ова е покриена само непосредната работа на каналот: останува логистичката поддршка, за целата работа воопшто да може да се спроведе во дело. Снабдувањето на работната сила кај Атос, исто како и кај мостовите преку Хелеспонт, било сериозна задача, особено што тука влегувале и логистичките подготовки за походот што ќе се случи мошне скоро. Според Херодот, главниот извор на суровини и луѓе била Азија; потребните суровини и работниците биле носени по море до Елај, персиската поморска база на јужниот крај

на Херсонес, а од таму биле пренесувано по копно или по море сѐ до Атос.[50] Најважен продукт во снабдувањето било азиското брашно, но и тоа морало да се надополнува со локални производи.[51] Со цел да се подготви и снабдувањето за луѓето и за влечната стока во текот на походот, на крајбрежниот пат биле поставени центри за дотур на суровините донесени од Азија;[52] племињата низ чија територија минувале патните правци биле однапред поучени да подготват „гостољубие" за војската, што значело повеќемесечно трупање брашно и храна, како и гоење на стоката, така што, според Херодот, локалното население на крајот немало со што да се прехрани себеси.[53]

Требало да се размислува и за сместувањето на работниците, на трговците, инжинерите и на геодетите, како и на војниците и морнарите. Работите на Атос и на Хелеспонт ја вклучувале целата социјална пирамида. На врвот на пирамидата кај Атос биле двајца персиски благородници, веќе спомнатиот Бубарес и неговиот соработник Артахај, секако со придружба; потоа, имало специјализирани работници, градители, техничари, занаетчии, трговци и продавачи (се спомнуваат пазари), како и војници, да не зборуваме за целата толпа што обично се собира околу секој воен логор. Поради долготрајноста на работите, речиси е исклучено дека сите овие престојувале во шатори; тврди градби биле потребни не само за да се сместат персиските благородници, туку и за работната сила да не биде десеткувана од болести.[54] Понатаму, не смееме да заборавиме дека, иако брашното и житото доаѓале од Азија, најверојатно по морски пат,[55] временските прилики можеле да предизвикаат прекин во снабдувањето, па секако морало да има барем провизорни амбари и складишта.

Ако се земат предвид сите компоненти на овој зафат, би се рекло дека логистичките подготовки за него траеле еднакво долго, ако не и подолго, од неговото спроведување во дело. Без оглед дали сето ова навистина траело две или три години, како што тврди Херодот, пробивањето на каналот кај Атос не би можело да се нарече ниту претерано, ниту пак непотребно и залудно; што се однесува до Персијците и нивните намисли, каналот бил подобар, поефективен и пополезен дури и од коринтскиот диолкос на Истам.

---

[50] Hdt. 7.22.

[51] Hdt. 7.23.4.

[52] Hdt. 7.25.2.

[53] Hdt. 8.116-121.1.

[54] За жал, не се најдени траги од претпоставените постојани градби; *cf.* теренските извештаи од ископувањата (Isserlin, 1994; Idem, 1996).

[55] Hdt. 7.23.

● *Транспортот и патната мрежа.* – Уште една работа што не смеела да се заобиколи, било внимателното испитување, одржување и, по потреба, пробивањето и воспоставањето патна мрежа. Транспортниот капацитет на тогашните пловила бил толку мал, што би било мошне тешко, речиси невозможно, пренесувањето на целата копнена војска да оди по море.[56] Во таа смисла, походот на Датис и Артаферн го претставувал врвот на можностите во морскиот транспорт,[57] а станувало збор за поход организиран многу побрзо, и со воени цели помали и поограничени од оние на Ксеркс. Придвижувањето во летните месеци било полесно, зашто тогаш флотите биле на море, па можеле да носат војници, суровини, дури и коњи и коњанички одреди на посебно осмислени транспортни пловила; но, во зимските месеци, Персијците биле ограничени само на копнените патишта. Токму затоа било заповедано да се изградат два речиси трајни моста преку Хелеспонт, и најмалку два моста преку Стримон, а веројатно и преку сите други реки каде што требало да се мине.[58] Херодот тврди дека, секогаш кога дозволувале приликите, војската била делена на три поворки, и секоја поворка одела по различен пат за да се избегнат тесни грла и големи доцнења. Секако, биле определени и места за оставање намирници, што на транспортни бродови се носеле од Азија низ заштитени води (до Левке Акте и Тиродиѕа, на европската страна на Пропонтида) или пак биле доставувани од трговците (до Дориск и Ејон близу Стримон, како

[56] Особено зашто тука не станува збор само за војската, туку и за многубројниот „комесаријат“, логистичките, инжинерските и интендантските единици. На пример, додека вооружените сили се префрлале во Европа преку подолгиот мост, покусиот бил целосно преплавен од носачи, коли влечени од коњи и волови, како и луѓе одговорни за снабдувањето, кои го организирале пренесувањето храна и опрема (Hdt. 7.55.1; *cf.* 8.40). Херодот спомнува и крда од друга стока (7.187.1), веројатно камили. Флотата, пак, била придружувана од трговци со бродови на едра, што го пренесувале снабдувањето за посадите на бојните бродови, зашто во нив имало сосем малку место за храна и други производи; овие трговци пловеле сè до брегот на Тесалија (Hdt. 7.184.5; 7.186.1; 7.191.1), можеби дури и до Атика. Податоциве изгледаат претерано само на прв поглед, а всушност се сосем во линија со големите потфати од подоцнежно време: така, Куртиј Руф спомнува армија од 30.000 носачи кај Дамаск (3.13.16), а Ксенофонт – 400 запрежни коли, што носеле брашно и вино за 13.000 европски борци на Кир Помладиот (*Anab.* 1.10.18).

[57] *Cf.* Анализата кај GRUNDY, 1901: 71 sqq.

[58] Веројатно станува збор за мостовите поставени врз дрвени столбови и носачи цврсто вкопани во коритото на реката; овој метод на градба бил искористен околу 425 год. ст.е. кај Девет Патишта, а бил применет и од Александар III кај реката Оксос (Arr. *Anab.* 3.29.3).

и до брегот на Термајскиот залив).[59] Херодот не пропушта да каже дека племињата на крајбрежјето за првпат виделе вакви осмислени и добро одржувани патишта, и дека Тракијците гледале на персиските потфати со восхит и чудење.[60]

● *Дипломатските игри и шпионажата.* – Сиот овој труд би бил залуден, ако не бил поткрепен со веродостојни информации од теренот. За ова послужиле „пратениците" што Ксеркс ги испратил во Хелада откако пристигнал во Сарди,[61] а кои среде зима го минале крајбрежјето и стасале на меѓата на Хелада. Додека патувале кон југ, пратениците успеале да обезбедат „земја и вода" од многу полиси: со исклучок на Фокида, Дорида, Евбоја, Теспија и Платаја, се покориле сите други области и полиси, сè до границата меѓу Бојотија и Атика. До почетокот на 480 год. ст.е., дипломатската иницијатива на Ксеркс имала извонреден успех.[62]

Разбирливо, за Хелените било мошне важно да ги премислат и да ги одвратат полисите од давање земја и вода на Ксеркс.[63] Здружените Хелени се заколнале дека, кога работите ќе тргнат на подобро, ќе ја запленат земјата на сите полиси што доброволно им се предале на Персијците, и дека десетина од тоа ќе му дадат на богот во Делфи. Се разбира, никој не мислел веднаш да ги напаѓа тие полиси; иако Ксеркс сè уште бил во Азија, војна меѓу хеленските полиси во овој миг би била погубна. Хелените, едноставно, сакале да ги натераат поданиците на Ксеркс да се премислат под закана за одмазда. Некои од оние што медизирале, сега се повлекле; Тесалците тврделе дека дале земја и вода под присила, и дека на тоа ги натерале Алевадите;[64] дел од Тесалците, заедно со Локријците и Тебанците, дале војска во здружените хеленски сили. Во меѓувреме, пратениците на Ксеркс се повлекле од Хелада и му поднеле извештај на кралот.[65]

---

59 *Cf.* анализата на патиштата за снабдување, како и дискусијата за персиските остави кај Barker, 2005: 14-17.

60 Hdt. 7.115.3.

61 Најверојатно на почетокот на октомври 481 год. ст.е.

62 Hdt. 7.132.1; *cf.* Hammond, 1988b: 542-543, кој сепак ги преценува градителските зафати на Персијците во Европа и тврди дека тие биле првите што ја осмислиле патната мрежа на тракомакедонското крајбрежје.

63 *Cf.* Hammond, 1988b: 544, со подетална анализа.

64 Hdt. 7.172.1; за ова детално ќе стане збор подолу.

65 Grundy, 1901: 225 и Burn, 1984: 339 мислат дека пратениците се вратиле кај Ксеркс дури кога овој стасал во Пиерија; навистина, Burn согледува дека, ако ова е точно, пратениците би биле отсутни речиси цела година, но претпоставува де-

На другата страна, и Хелените пратиле шпиони, кои требало да испитаат какви се и колкави се силите што Ксеркс ги собрал во Сарди. Овие шпиони биле заробени, но Ксеркс ги ослободил и ги пратил назад во Хелада, за да им објават на сите колкава е неговата војска; тие се вратиле дома во јануари 480 год. ст.е. Во меѓувреме, Хелените го повикале Аргос да им се придружи, а побарале помош и од Коркира и од Крит, како и од Гелон од Сиракуса. Аргос се согласил, но само под услов да добие триесетгодишно примирје со Спарта, и да го дели со неа врховното заповедништво; но, Спартанците одбиле да отстапат повеќе од третина од заповедништвото, па Аргос се повлекол од преговорите. Гелон исто така барал да биде заповедник, што било одбиено, па и тој се повлекол; затоа, пак, испратил човек кој требало да однесе подароци во Делфи како израз на пријателство кон Ксеркс, и таму да го чека развојот на настаните. Коркира прифатила да учествува но, во мигот кога на Хелените им притребала помош, нејзините шеесет триери сè уште го обиколувале Пелопонес. Критјаните одбиле да учествуваат на кој и да е начин, а се затскриле зад едно пророштво од Делфи, во кое Аполон наводно им порачувал да не заземаат страни.[66]

Како што гледаме, состојбата била заплеткана до крајност. Сите се договарале, се надмудрувале и се подготвувале на еден или друг начин, а константа во целава приказна се само огромните подготовки на Ксеркс. За нив, особено за она што се случувало на тракомакедонското крајбрежје, би требало да знаеме и повеќе; но Херодот, за жал, не бил ниту заинтересиран, ниту пак загрижен од логистичките подготовки на Ксеркс. На светогледот на нашиот историограф повеќе му одговарале описи на моралните особини и на религиските собитија – камшикувањето и оковувањето на Хелеспонт; отсечените глави на несреќните градители; збрката при излегувањето од Сарди; пребројувањето во трло и пресушувањето; со еден збор, сè што би послужило како критика на „безумното“ азиско однесување. Тука нема смисла да се тврди и да се објаснува дали Херодот верувал во сопствените зборови; без оглед на нивната вистинитост, тие биле дел од драмата што ја расплетувал, а која се ближела кон нејзиниот трагичен крај.

ка тие се засолниле во Тесалија и не правеле ништо доволно важно за да се спомне. Сепак, многу е поверојатно дека, веднаш штом ја извршиле задачата, пратениците најпрвин се префрлиле во Македонија, а потоа се упатиле кон Исток за да му јават на Ксеркс што постигнале.

[66] Hdt. 7.169.

## Почетокот на последната плима

До зимата 481 год. ст.е., сите подготовки биле во најголема мера завршени. Летото или есента истата година, дел од копнената војска се собрала кај Критала во Кападокија и го почнала патешествието кон Сарди.[67] Херодот ги набројува местата низ кои минувала војската и дава интересни описи за секое од нив, речиси како да пишува патопис. Може да се спори дали историографот навистина ги посетил овие места или не; како и да е, тој можел да добие детални информации како од делата на јонските географи, така и од јонските и од другите хеленски трговци што патувале долж големите трговски правци.

Откако ја минале реката Халис, овие одреди влегле во Фригија и стасале до градот Келајна; оттаму, преку соленото езеро кај Анава, дошле до фригиска Колоса на брегот на реката Ликос, притока на Мајандар. Преку Кидрара, на меѓата на Лидија – каде наводно сè уште стоел граничен камен поставен од Кројс – четите продолжиле низ гратчето Калатебос и, оттаму, најпосле стасале во Сарди. За да процени со колкав непријател ќе треба да го вкрсти оружјето,[68] Ксеркс пратил „гласници“ за да бараат земја и вода низ цела Хелада, за што веќе зборувавме – од сите, освен од Атина и Лакедајмон, со кои не можело да стане збор за мир.[69]

Во меѓувреме, градителите на Хелеспонт ги приврШувале мостовите кај Абидос, каде протокот бил најтесен. Еден мост граделе Египјаните, а друг Фојникијците; првите мостови што ги изградиле се урнале во бура, по што Големиот Крал наводно ги камшикувал и ги оковал водите на Хелеспонт.[70] На градителите им била отсечена главата – како што забележува Гранди, pour encourager les autres, како што обично се правело тогаш;[71] новите мостови, пак, се покажале како поуспешен градителски зафат.[72]

---

[67] Описот на патниот правец укажува дека станувало збор само за одредите собрани локално, во западна Азија. Главното собиралиште сепак било во градот Сарди, а некои заостанати одреди ѝ се придружиле на војската дури кај Абидос. *Cf.* деталниот приказ на собирањето кај Grundy, 1901: 213 sqq.

[68] Hdt. 7.34.

[69] Hdt. 7.32.

[70] Hdt. 7.34-36; *cf.* Burn, 1984: 320-321.

[71] Grundy, 1901: 220.

[72] Опсежна дискусија за начинот на градба на овие мостови, како и за материјалите што се користеле, има кај Barker, 2005: 29-40.

• *Од Сарди до Дориск.* – Откако ја минал зимата 481/0 год. ст.е. во Сарди, Ксеркс ја повел војската на пат кон почетокот на пролетта.[73] Нашиот историограф пишувал за публика која, временски оддалечена од настаните, пред сè сакала да биде забавувана, па затоа раскажува многу епизоди од текот на напредувањето низ Мала Азија; тие се навистина интересни, но тешко може да се оквалификуваат како историско сведоштво. Освен тоа, повторно ја гледаме постојаната тенденција на Херодот – да им ја прикаже на сонародниците сликата за Истокот, која само малкумина можеле сами да си ја претстават; повторно, да ги карикира нелогичните и безумните одлуки на апсолутниот владетел; накусо, сè што би можело да ја потцрта разликата меѓу слободата и ропството.

Патот, по кој војската се движела кон Хелеспонт, ја довел преку реката Каик во Мизија, а потоа од Атарнеј, преку Адрамитиј и Антандрос, во близина на древната Троја; најпосле, преку Дардан, Персијците стасале до Абидос,[74] каде Ксеркс направил смотра на војската. И флотата веќе била собрана на Хелеспонт;[75] таму била организирана регата, на која победил еден фојникиски брод од Сидон, а Ксеркс гледал од престол поставен на една височинка близу Абидос.

Во текот на месецот, војската, инжинерските и интендантските служби минале преку двата моста,[76] а флотата стасала до Елај, првата европска база. За колите бил пробиен посебен пат на источната страна на Херсонес, а натаму веќе се патувало лесно, преку благи ридчиња и широката мочуришна рамнина на реката Мелант, каде имало добри пасишта за коњите и влечната стока. Војската одела во неколку поворки; една од нив се снабдувала од флотата, на која ѝ било заповедано да чека на Сарпедонскиот ’рт. Војската и флотата се сретнале кај Дориск; тука флотата била извадена на суво и поредена на брегот близу делтата на Хеброс, а Ксеркс направил уште една смотра. Војската излегла од Дориск речиси кон крајот на јуни.

---

[73] Hdt. 7.37. Херодот го поврзува тргнувањето на Ксеркс со едно затемнување на сонцето. Дури ни приближното време на тргнувањето од Сарди не се поклопува со астрономските пресметки за ова затемнување, но, како што толкува Гранди, во антиката било вообичаено да се поврзуваат впечатливи астрономски феномени со значајни настани од минатото; *v.* и HAMMOND, 1988b, 537-540.

[74] Hdt. 7.42.

[75] Hdt. 7.58.

[76] Седумте дена и седумте ноќи што ги спомнува Херодот во 7.56.1. треба да се сфатат симболично, а не како вистинско историско сведоштво; *cf.* BURY & MEIGGS, 1978: 169.



*Богатата крајбрежна рамнина во околината на Дориск*

Благиот патен правец меѓу Абид и Дориск, долг околу 75 километри, несомнено бил избран со предумисла. Според Херодот, иако носел снабдување од Азија, Ксеркс сметал „и на богатството на оние што ќе ги сретне попат, зашто тие биле земјоделци, а не овчари-преселници“.[77] Очигледно е дека Ксеркс имал намера да ја собере жетвата што, во јули и август, зреела во богатите и плодни рамнини на брегот, меѓу Дориск и Неапол, како и во внатрешноста и околу Ејон и, најпосле, и во централната македонска рамнина. Освен тоа, овие предели биле и богати со водотеци, па дури и среде лето можеле да обезбедат добри пасишта за коњите и влечната стока. Сепак, било препорачливо огромната војска да се раздели и да оди по различни патни правци, не само за да се олесни напредувањето, туку и за да се собере родот од што е можно поширока територија. Херодот категорично тврди дека копнената војска била поделена на три поворки, секоја предводена од двајца заповедници, и дека од Дориск една одела по крајбрежјето „заедно со флотата“, една напредувала по патот низ внатрешноста,[78] а една постојано се наоѓала во средина, меѓу претходните две поворки.

● *Од Дориск до Терма.* – Факт е дека Херодот најверојатно немал никаква претстава за теренот, па затоа и не може јасно да ги определи патните правци од Дориск до Терма; сепак, Хамонд тврди

[77] Hdt. 7.50.4.

[78] Hdt. 7.121; ова е поворката што предизвикува најголеми проблеми при реконструкцијата на патните правци, на што подетално ќе се задржиме подолу.




*Детална топографска анализа на патниот правец од Неапол до Терма, изработена од проф. Кристофер Таплин (Tuplin, 2003)*

дека тие може да се препознаат и денес, и тоа само со теренско набљудување и рекогносцирање.[79] Ова, донекаде, е навистина точно. Меѓу Дориск и Неапол лежи крајбрежна рамнина од алувијални депозити; во тоа време рамнината веројатно била потесна од денес, но затоа, пак, имала повеќе мочурливо земјиште и езера.[80] Низ оваа рамнина можело да се патува без оглед на годишното време, а на страната што гледа кон внатрешноста има сосем доволно место да се трасира и поширок пат, по кој би оделе влечни коли. Подоцна, Ливиј опишува токму таков пат, кој одел по меѓата на територијата на Маронеја,[81] а потоа „се приближува до тракиска Парореја, но никогаш не врти кон морето“. Дали станува збор за истиот патен правец

[79] Hammond, 1988b, 539 sqq.

[80] Во тоа време имало помали езера и водени површини близу Дориск, Маронеја, Дикаја и Пистир; *cf.* Hammond, 1988b, со детален преглед на литературата.

[81] Liv. 39.27.10.




*Детална топографска анализа на патниот правец од Дориск до Неапол, изработена од проф. Кристофер Таплин (Tuplin, 2003)*

кој можеби бил трасиран и користен и пред персиското навлегување во Европа, не може да се каже.[82]

Опишувајќи го напредувањето на Ксеркс од гледна точка на Тасос и Ејон, Херодот ги набројува хеленските полиси на брегот, покрај кои Ксеркс минувал одејќи по страната што гледала кон внатрешноста.[83] Бидејќи Херодот скока од Пистир на Ејон, а го пропушта Неапол, може да се претпостави дека на таа точка Ксеркс бил нешто подалеку во внатрешноста. Колоната што се движела по крајбрежјето и коњаницата што се напасувала близу езерата веројатно оделе сосем близу до хеленските полиси, преку Неапол, сè до Бромиск; средната поворка, во која била и колесницата на Ксеркс, оде-

[82] Хамонд тврди дека оваа „Парореја“ ги опфаќала планините меѓу крајбрежјето и внатрешноста на Тракија, поточно – венецот источно од Рупелската клисура, што би било навистина премногу далеку.

[83] Hdt. 7.109.2.

ла по израмнет и поплочен пат, што од Дориск веројатно одел по меѓата на внатрешната рамнина сè до ден. Макри, а потоа преку појас од ниски ридчиња сè до Пистир. Можно е дека од таму бил пресечен пат низ ридовите, за да се влезе во рамнината околу Кренида – но не знаеме дали некоја од двете „горни“ поворки воопшто свртела кон Кренида.[84]

Третата поворка, што одела најдлабоко во внатрешноста, ни задава и најмногу проблеми. На пример, Хамонд забележува дека крајбрежниот појас, вклучувајќи го тука и Стримонскиот басен, е отсечен од внатрешноста со острите и високи венци на Родопите, Пирин и Орбел, и цени дека во оваа околина воопшто нема патен правец по кој би можела да напредува толку голема војска; поведен од ова, тој заклучува дека „патот низ внатрешноста“ ја однел војската од Дориск, долж долината на Хеброс, во централната тракиска рамнина („срцето на сатрапијата“ на Фол и Хамонд), а оттаму преку ден. Самоков, Ќустендил и Валандово до Амфакситида, или пак преку денешните Разлог и Петрич до Стримонскиот басен. Сепак, за ова тврдење нема ниту подлога, ниту причина – а да не зборуваме за нелогичноста на целата ситуација, во која војска чија крајна точка е Терма би одела натаму во висина на средното течение на Хеброс и централната тракиска рамнина. Како што правилно опоменува Таплин,[85] кој извонредно детално ги анализира можните патни правци, има најмалку шест правци за да се стигне од долното течение на Стримон до Терма, а цело време да се остане на крајбрежјето. Третата персиска поворка веројатно ја praestуваат... 

[84] *V.* топографската анализа на патните правци кај Tuplin, 2003.

[85] Tuplin, 2003: 402 sqq.

[86] Соодветно, Hdt. 8.115; 8.116.

Тракија, па оттаму да оди преку Добер и Ороп, или пак да се спушта право кон југ по долината на Ехедор. Всушност, ако веќе треба начелно да се извлечат три логични патни правци, тоа може да се направи без проблем: на пример, на делницата на патот од Стримон до Терма, едната мојра би одела во правец на средното течение на Ехедор, другата во правец на ден. Лахана, а третата преку Мигдонија.

Се разбира, ова изгледа топографски точно, што не значи дека војската навистина напредувала по овие правци. Во крајна линија, тешко е да се замисли ситуација во која персиските одреди уште во Дориск би биле поделени на три дела и, како по заповед, стриктно би се држеле до оваа поделба сè до Терма. За разлика од современите географски карти, условите на теренот варираат; треба да се смета и на непробиени или оштетени патишта, надојдени реки, природни препреки, и токму затоа прашањето за точното определување на патните правци може да се реши само на „кабинетски“ начин, со набљудување и анализа на она што е можно и веројатно, за разлика од она што не е ниту веројатно, ниту можно. Тврдењето дека една мојра од војската на Ксеркс се пробивала во правец на Ќустендил и Валандово секако се вбројува во редот на оние претпоставки, што не се ниту можни, ниту веројатни. Сепак, се чини дека Хамонд инсистира да ги помести персиските одреди толку далеку на север поради нешто што нема врска со топографијата – а тоа е неговото тврдење за „подарокот“ со кој Ксеркс го почестил Александар I, имено, контролата на голем дел од горна Македонија.[87]

Но, за овој чуден подарок ќе стане збор набргу. Во меѓувреме, додека Ксеркс се пробивал или по течението на Ехедор, или низ Мигдонија, флотата и крајбрежната поворка ги обиколиле Халкидик и Крусида и стасале во Терма. Флотата го покрила брегот од Терма, па сè до устието на Аксиј, а логорите за персиската војска се протегале низ целата крајбрежната рамнина, сè до устието на Халиакмон. Сосем блиску на југ бил Олимп, меѓникот на Хелада. Додека напредувал од Хелеспонт до Терма, Ксеркс собрал уште 120 бродови со посади од Хелените на крајбрежјето и од блиските острови, како и пешадиски сили од локалното население – Пајонците, жителите на Пиерида, племињата на Халкидик и Еордајците близу езерото Болбе.[88]

● *Во Пиерија.* – Откако ја оставил војската да се одмора, Ксеркс исипловил за да го разгледа преминот од Македонија во Теса-

[87] Врз основа на еден податок кај Јустин (7.4.1).
[88] Hdt. 7.185.

лија, каде реката Пенеј се пробива меѓу стрмнините на Оса и Олимп и се влева во Егејското море. Вистинските проблеми и тешкотии започнувале дури сега. Дотука војската напредувала по тракомакедонското крајбрежје, меѓу планините и брегот, низ широка рамнина без сериозни физички пречки; сега, војската требало да се пробива низ област со остри и непристапни планински засеци, по бавни и кривулести патишта. Сè до Пиерија, природата на теренот дозволувала војската и флотата да напредуваат речиси напоредно, на мало растојание, со меѓусебна логистичка поддршка; но, патните правци низ јужна Пиерија и Тесалија на многу места значително се оддалечувале од морето, поради што соработката меѓу родовите на војската била многу потешка.[89] Најпосле, Херодот сведочи дека Ксеркс чекал „многу денови“ во Пиерија, додека „третина од неговата војска“ сечела дрва и градела пат за постојана комуникација и снабдување.[90] Херодот тврди дека по овој пат требало да оди целата експедициска сила; но, поверојатно е дека се одело онака како што дозволувала конфигурацијата на тереност, секако преку повеќе потесни патишта.[91]

● *Александар и персиските „гости“.* – Како што спомнавме и погоре, врз основа на не сосем логична конјектура, Хамонд ја поместува најсеверната од трите претпоставени персиски поворки многу подалеку на север, одошто тоа го бара теренот на кој и да е дел од патот од Дориск до Терма. За да ги сфатиме причините за ова несфатливо поместување, тврдењето на Хамонд треба да го проследиме во целост. Значи, според него, поворката што одела најдалеку на север имала задача да ја зацврсти персиската контрола во внатрешноста (за која, патем кажано, немаме податок дека воопшто била спроведена) и да ја продлабочи одбраната на крајбрежниот пат; би-

[89] Па сепак, сè до битката кај Платаја не се спомнува дека Персијците имале какви и да е проблеми во снабдувањето; што се однесува до овој дел од патот, јасно е дека ова се должи исклучиво на нивниот „домаќин“, Александар I, кој секако ја презел грижата за снабдувањето додека војската била на територијата на неговото кралство.

[90] Hdt. 7.131.

[91] Според Хамонд, зборовите „третина од војската“ сведочат дека станувало збор за централната од трите поворки, и дека другите требало да минуваат низ Темпе, односно низ Волустана. Освен што е физички невозможно да се одржи и онака несигурната поделба на војската врз која Хамонд толку инсистира – особено на територијата каде Пиериските планини се спојуваат со Оса и Олимп – самиот Херодот вели дека од Тесалија кон југ војската се движела во две поворки; значи, стројот не бил (и не можел да биде) фиксно зацртан однапред, туку се адаптирал на приликите, како што и би се очекувало.

дејќи се движела толку далеку на север, оваа поворка наводно успеала да воспостави контрола на териториите сѐ до Добер. Ова, наводно, се гледа од податокот зачуван кај Јустин,[92] кој пишува дека персиецот Ксеркс му дал на Александар I власт над „целата територија меѓу планините Олимп и Хајмос“, и тоа токму во времето кога „бура од неволји надвиснала над Хелада“.

На прво место, не е јасно како треба да ја сфатиме географската определница на Јустин. Хамонд цени дека со името „Хајмос“ не се означувала ден. Стара Планина (Балкан), туку дека тоа име се користело за целиот планински венец кој се протегал од Понт речиси до Јадранското море. Врз основа на едно толкување на Страбон,[93] Хамонд тврди дека податокот на Јустин се однесува на планинските масиви од Осогово до Шар Планина што, како што и самиот признава, е толку далеку на север, што се поклопува со северната граница на географска Македонија. Според Хамонд, зборовите на Јустин се само „грандиозна експресија“ на фактот дека Александар ја добил од Персијците управата над горномакедонските области, и тоа некаде меѓу смртта на Дареј и повлекувањето на Ксеркс – уште поточно, или во 481 год. ст.е., додека Бубарес го градел каналот низ Атос, или дефинитивно по безбедното пристигнување во Терма.

Иако сите ценат дека пасусот на Јустин не треба да се сфати посериозно од обична реторска вежба,[94] Хамонд наоѓа начин да верува дека, токму во времето на персискиот поход, Александар I бил признаен како крал од горномакедонските племиња, додуша во рамките на врховната персиската власт.[95] Ако се запрашаме врз што (освен врз податокот на Јустин) би се темелело ваквото убедување, и кој друг извор го бележи ова, одговорот е сосем очекуван – врз ништо, и никој. Ваква работа не спомнува ниту Херодот (кој умее да пишува дури и за кавгите на локалните басилеи со нивните синови), ниту пак Тукидид (кој детално пишува за приликите во Горна Македонија, особено за Арабај од Линкестида.

[92] Iust. 7.4.1.

[93] Strab. 7, fr. 36.

[94] *Cf.*, на пример, заклучокот на Borza (1990: 115), дека податокот на Јустин мора да се отфрли „on the grounds of geographical, motivational and chronological implausibility“. Сепак, речиси е фрапантно она што Борза го тврди во продолжение – дека кралот на Македонија и онака веќе контролирал поголем дел од таа територија.

[95] Hammond & Griffith, 1979: 64. Хамонд продолжува дека отприлика во тоа време Орестите „престанале да бидат Орести Молоси и станале Орести Македонци, какви што биле и во времето на Тукидид“ – тврдење кое, само по себе, содржи толку нелогичности и неточности, што не заслужува да се коментира.

Но, речиси непостоечките изворни податоци, фактот дека тие не може да се проверат, како и авторитетот кој инаку (не) го ужива Јустин, се само еден дел од проблемот. Вториот, уште позначаен дел се однесува на состојбата на теренот. Во изворите јасно се кажува каде имало персиски посади и кои стратешки точки ги држеле (на пример, по долното течение на Стримон и кај рудниците) – но, никогаш не е посведочено дека воопшто се појавиле во Горна Македонија. Никаде и никогаш не се спомнува дека персиска војска избила во висина на Stenai; дека го минала превалецот Кара Бурун; дека се судрила со претходникот на Арабај од Линкестида. Според сѐ, во Горна Македонија Персијците не можеле да имаат ниту подлабоко познавање на состојбата, а не пак длабинска контрола. За да се подари една територија, најпрвин треба да се воспостави неопходен минимум на воено присуство и контрола; ние, пак, претходно дискутиравме дали воопшто имало персиски посади западно од Стримонскиот басен, а да не зборуваме за Горна Македонија.

Најпосле, треба да се имаат на ум сведоштвата за идните настани, од кои јасно се гледа колкава територија и колку време Александар I воопшто можел да контролира. Во 479 год. ст.е., по дваесетгодишна политичка заштита од Персијците, Александар се обидел да воспостави контрола врз територијата до преминот Девет Патишта на Стримон – чии центри на моќ биле политички згаснати речиси цела деценија, на која имало политички вакуум, и на која во моментот никој не полагал право. Тој успеал да постави стража на преминот, но мошне брзо им го вратил на Едонците, зашто му било поисплатливо да склучи политички договор со нив, одошто да држи војска под оружје толку далеку од центарот на кралството. Во овој контекст, како аналогија би требало да се спомне и значајното сведоштво на Тукидид за територијата на Одрисите. Тукидид категорично тврди[96] дека Одрисите извесно време (можеби во 429 год. ст.е.) ја контролирале целата крајбрежна територија од Абдера, сѐ до устието на Дунав. Но, ако се земе предвид географијата на Балканскиот полуостров, јасно е дека би било многу тешко да се воспостави ефективна контрола на таква и толкава територија – а опсегот на територијалната контрола на Одрисите несомнено зависел од тоа, дали таа може да се спроведе. Од оваа гледна точка, а според досегашните анализи засновани врз фактите и здраворазумското расудување, само триаголникот меѓу Хајмос, Витоша и Родопите во правец на Хеброс бил кохерентна целина што можела да се управува.[97]

[96] Thuc. 2.97.1.

[97] Анализа за ова кај Archibald, 1994: 448 sqq.

Според сè, и покрај јуначките обиди на Хамонд да најде некаква логика во она што го пишува Јустин, се чини дека на македонските кралеви ќе им треба уште некое време, за да воспостават контрола над Горна Македонија и нејзините басилеи. Во 480 год. ст.е. тоа сепак бил преголем залак за Александар I, дури и со евентуална помош од неговите персиски пријатели.

## Мешаницата во Тесалија

За да сфатиме зошто и како Персијците толку лесно го продолжиле походот низ Тесалија, и каква била улогата на Александар I во целата работа, треба да се вратиме неколку месеци наназад. Кога во Тесалија се дознало дека Ксеркс има намера да се префрла во Европа, Тесалците побарале и добиле помош од здружените Хелени, кои по море им пратиле пешадиски одред до Халос. Овој одред од 10.000 пешаци бил придружуван од тесалската коњаница; Херодот тврди дека војниците се распоределе кај Темпе и зазеле стратешки погодна положба, од која ја контролирале состојбата сè до Хераклејон. Во тоа време, Ксеркс сè уште бил во Абидос.[98]

Но, Хелените останале на оваа положба само неколку дена, по што се вратиле во Халос, а потоа бргу отпловиле дома. Херодот му го припишува овој обрат на советот на Александар I:

> [...] Тие таму останале само неколку дена, зашто им дошле гласници од Александар, син на Аминта, маж Македонец, кој им советувал да се повлечат и да не остануваат на преминот, зашто ќе бидат прегазени од војската која требало да надојде. Притоа им укажал на многубројноста на персиската копнена војска и големиот број бродови. Хелените го примиле советот на гласниците (зашто сметале дека добро ги советуваат и им се чинело дека Македонецот им е наклонет. Но јас мислам дека тие тоа го направиле од страв зашто разбрале дека постои и друг премин кон Тесалија; тој бил во Горна Македонија, низ земјата на Перајбите, кај градот Гон. Ксерксовата војска навистина по тој пат направила пробив.

Тоа била, наводно, причината поради која Советот на здружените хеленски сили решил копнената војска да се утврди кај Термопилите, а флотата да се построи кај Артемисиј. Сите Хелени северно од таа линија морале „под присила“ да му се покорат на неп-

[98] Hdt. 7.174.1.

ријателот, а во исчекување на тој миг, на власт несомнено доаѓале проперсиски ориентирани сили.

Разбирливо е што оваа епизода ги мачи современите историчари и што досега се искажани многу спротивставени мислења и за праќањето војска кај Темпе, и за повлекувањето.[99] Но, ако некој историограф или историчар е навистина зачуден од ваквиот развој на настаните – да се замине од Темпе многу денови пред Персијците да стасаат дотаму – тоа секако е Херодот, кој и самиот не верува во причината што ја кажува. Навистина, содржината на оваа порака не е делува многу веродостојно; ако ништо друго, Хелените имале прилика да проценат колкава војска наближува, можеби и повеќе одошто Александар;[100] дури и ако кралот на Македонија им открил некоја тајна информација, тоа поскоро би ги навело Хелените уште подобро да го држат и да го обезбедат преминот – за што имале уште навистина многу време – а не безглаво да го напуштат.

● *Херодот наспроти Дамаст и Диодор.* – Но, приказот на Херодот не е единствениот што се однесува на оваа епизода. Неа ја има и кај Дамаст од Сигеј, кој пишувал не многу подоцна од Херодот и, во овој случај, веројатно имал еднакво добар извор на информации. Во едно од т.н. „сократовски писма“, упатено до Филип II во 342 год. ст.е., Спевсип дава кус приказ на улогата на Александар I во времето на политичката мешаница во Тесалија, а истакнува дека извори за ова му биле Херодот и Дамаст. Како што сведочи Спевсип, Александар кај Хераклејон ги известил Хелените за предавството на Алева (sic) и на Тесалците.[101] Само по себе, патемното сведоштво на Спевсип не би имало особено значење – но, во случајов е многу важно, зашто податоците не се совпаѓаат со она што го пишува Херодот, па негов извор веројатно бил Дамаст.

Значи, за некаква интервенција на Александар зборуваат и Херодот, и Дамаст; двајцата го прикажуваат кралот на Македонија како пренесува некаква итна порака, но ниту е иста пораката, ниту пак местото каде што се предава. Ова може да претставува сериозен проблем.

Да почнеме од Хераклејон; за разлика од наводната порака на Александар, која можела да остане тајна и никојпат да не ѝ се открие на пошироката јавност, положбата на хеленските одреди била

---

99 *V.*, на пример, HAMMOND, 1988b, 545; WESTLAKE, 1936; ROBERTSON, 1976.

100 Hdt. 7. 146.

101 *FGrH* 5, Damastes fr. 4. (= Damast. *apud* Speus. *Ad Phil.* 30). *V.* анализата на WESTLAKE, 1936, како и NATOLI, 2004.

јавна информација, отворена за сите, па тука не би требало да има несогласувања. Па секак, едниот извор вели дека Хелените се утврдиле кај Темпе, а другиот – кај Хераклејон. Невозможно е дека имало две истовремени бази, не толку поради стратешки причини, туку поради фактот што хеленските одреди останале во Тесалија само неколку дена, па одвај имале време да воспостават една база. Ако се има предвид конфигурацијата на теренот, како и правилата на воената тактика и стратегија, би се рекло дека она што го кажува Спевсип е поверојатно од верзијата на Херодот. Хераклејон лежи на границата меѓу Пиерија и Тесалија, неколку километри северно од Темпе, а има таква стратешка положба, што од таму може да се спречи напредувањето по крајбрежниот пат кон Олимп; според сѐ, многу е поверојатно дека некој би направил база таму, одошто во Темпе.

Во секој случај, од целава работа се гледа дека Дамаст (и преку него Спевсип) се служел со друг, независен извор на информации, најмалку еднакво добро информиран, како и Херодот. „Угледот“ на Херодот како татко на историјата, или пак фактот што тој ни е зачуван во целост, не смее да нѐ залаже; ако соочиме еден сув податок против друг, мора да се дозволи дека двете сведоштва имаат иста тежина, а поставеноста на теренот укажува дека е поверојатно Хелените да биле утврдени кај Хераклејон.



*Местоположбата на Темпе и Хераклејон*

Да бидат работите уште позаплеткани, за несреќниот потфат на Хелените во Тесалија пишува и Диодор,[102] кај кого текстот се разликува од верзијата на Херодот, и тоа во неколку важни детали. Кому да му се верува? Поради хронолошките грешки на Диодор, особено за настаните од V век ст.е., кај современите историчари честопати се препознава тенденција да не му пристапуваат многу сериозно; ваквиот став е подзасилен и од фактот што Диодор бележи податоци од втора, или дури од трета рака. Но, можеби токму поради ова и треба да му се обрне поголемо внимание. Како што опоменува Гранди, нема причина да се претпостави дека „лошиот" историограф е и лош препишувач;[103] без оглед на нашиот став за Диодор како извор, тој препишувал податоци од историографи што биле сведоци од прва рака, или пак имале солидни и издржани информации.

Разликите во текстовите на Диодор и на Херодот укажуваат не само дека Херодот не е првичниот извор на Диодор, туку и дека имало две паралелни традиции за овој настан, кои сигурно немале исто извориште. Во некои аспекти – а особено ако се имаат предвид и податоците на Дамаст – речиси е полесно да им се поверува на зборовите на Диодор, одошто на Херодот. На пример, малубројноста на хеленската војска е објаснета со тоа што Атињаните и Лакедајмонците се надевале дека и другите Хелени ќе пратат одреди; големината на персиската војска, што Хелените веќе ја знаеле,[104] е дадена како причина за постројувањето кај Темпе, а не за заминувањето од таму. Најпосле, ниту едно место кај Херодот не го побива она што го кажува Диодор, ниту пак ги оспорува неговите приказни за медизмот. На едно место, раскажувањето на Херодот не само што оди во иста линија, туку дури и ги поткрепува податоците на Диодор – а тоа е фактот дека Алевадите минале на персиска страна, но поголемиот дел од нивните поданици не го одобрувале ова. Од сево ова како да се наѕира и вистинската причина за повлекувањето на хеленските одреди; според сѐ, тоа не се должело на советите на Александар I, туку поскоро на Тесалците, нивните внатрешни расправии и нивната поделеност во однос на медизмот.

● *Тесалците во бој против себеси.* – Кои се Тесалците што медизирале, и дали станувало збор за сите Тесалци, или само за дел од нив? Херодот спомнува само „Тесалци", поим што го опфаќа це-

[102] Diod. 11.2.5-3.2.

[103] Grundy: 1901, 312.

[104] *cf.* Hdt. 7.174.

лото население во тесалската рамнина.[105] Диодор, пак, е попрецизен, и сведочи дека Ајнианците, Долопите, Малијците, Перајбијците и Магнетите медизирале уште додека Хелените биле кај Темпе, а жителите на фтиотидска Ахаја и на Тесалиотида минале на другата страна дури откако хеленските одреди си заминале. Во литературата е напишано многу за издржаноста и автентичноста на овој податок на Диодор, но тешко дека и денес може да се дојде до издржано решение. Петте групи што побрзале да медизираат биле населени во планинскиот дел на Тесалија, а фтиотидските Ахајци и жителите на Тесалиотида живееле во рамнината. Не е тешко да се замислат услови, во кои планинските племиња би медизирале; всушност, белешката за медизмот на Перајбите ќе ѝ погодува на секоја реконструкција на настаните што тргнува од претпоставката дека Хелените се повлекле заради политичката определба на локалното население.

Сепак, скептицизмот не смее да се отфрли туку така, зашто не знаеме кој му бил првичниот извор на Диодор за оваа епизода; ако овој податок потекнува од Ефор, тогаш треба да се дозволи и можноста дека Ефор, како и на многу други места, ги надградува и ги развива податоците на Херодот.[106] Понатаму, во еден извадок од Ајлиј Аристид[107] се вели дека Хелените морале да се повлечат поради предавство, но авторот не кажува кој бил предавникот. Во целата оваа мешаница, очигледно е само тоа дека за околностите на ова повлекување и за наводното предавство се спорело уште во античко време, па Аристид можел да си дозволи да зборува неодредено, било за идентитетот на предавниците (во што не се согласуваат Ефор и Дамаст), било за тоа дали се случило предавство, или некоја друга невоља (во што не се согласуваат Херодот и Ефор).[108]

---

[105] Детална анализа на проблематиката кај Robertson, 1976, кој му пристапува на овој проблем многу посеопфатно од Вестлејк.

[106] На пример, Hdt. 7.132.1; 7.185.2.

[107] Ael. Arist. 2.254, Dindorf.

[108] Два нови детали со несигурна историска вредност дава и Плутарх. Во животописот на Темистокле, Плутарх пишува дека потфатот во Тесалија требало да ги залаже противниците на поморската стратегија на Темистокле (*Them.* 72); тука или станува збор за лично мнение на авторот, или пак за претерано поедноставување на мотивите и настаните. Секако, може да се помисли дека вакво гледиште имало и во некој од изворите што ги користел, но тоа не може ниту да се провери, ниту да се докаже, поради што и не можеме да си дозволиме да спекулираме на оваа тема. Од друга страна, кај Плутарх може да се прочита и тоа, дека Тебанците пратиле во Тесалија одред од 500 борци под заповедништво на Мнамија (*Mor.* 864E), што може да биде автентично. Овој податок Плутарх веројатно го презел од Аристофан од Бојотија, чие дело било објавено кон крајот

Од друга страна, современите истражувачи ставаат особена нагласка на политичката состојба во Тесалија во ова време. Современите гледишта навидум се засновани врз податоците од античките извори, но се чини дека не се усогласени со впечатокот што произлегува од Херодот и од Дамаст – кои пишуваат за махинации од страна на Алевадите, но и не тврдат експлицитно дека цела Тесалија била разединета и несложна. Она, пак, што го кажува Херодот за повикот до хеленските сојузници и молбата да пратат војска, речиси без исклучок се остава настрана. Наместо да се размислува за можната искреност на тесалскиот повик, Тесалија однапред се обележува како област со остри политички поделби, или дури како област што целосно се става на страната на Персија, поради што уште од почеток може да се предвиди дека потфатот на Хелените ќе биде неуспешен. Вообичаено, се тврди дека повикот го упатил мал дел од Тесалците; според некои, тоа била демократската опозиција која ѝ се противела на моќта на аристократите;[109] други зборуваат за малкумина аристократи, кои не можеле да ја обезбедат послушноста на селаните;[110] се спомнуваат локални династи што не се согласувале со Алевадите од Лариса, најмногу Ехекратидите од Фарсал;[111] или пак, некаква група што имала извесно политичко влијание, а била определена „националистички“.[112] Сите овие претпоставки зборуваат за еден сегмент од тесалското општество, наводно премногу слаб за да го смени текот на „официјалната“ политика на медизам, поради што и тесалските пратеници за време на собранието на Истам не можеле да кажат дека зборуваат во име на Тесалија. Нема потреба да се истакнува дека ништо од ова не е во согласност со изворните податоци, особено не со оние кај Херодот. Според една друга теорија, која ги зема предвид овие недостатоци, повикот кон Хелените навистина бил испратен од тесалските „власти“, најверојатно Алевадите, кои биле наклонети да медизираат, но им требало алиби во случај на победа на Хелените.[113] Но, и ова ја промашува целта, зашто во изворите се прави јасна разлика меѓу Алевадите и оние што го упатиле повикот.

---

на V или на почетокот од IV век ст.е.; сосем е веројатно дека и тој, како и Херодот, се повикувал на сè уште живата традиција за настаните. Повеќе за ова кај Tarn, 1908.

[109] Meyer, 1937: 365; Toepffer, *RE* I I (1893), 1373, *s. v.* Aleuadai.

[110] Munro, 1989: 282.

[111] Westlake, 1936: 16-17.

[112] Burn, 1984: 34I.

[113] Sordi, 1953: 309-310.

Можно објаснување за овој проблем е дека ние, всушност, сме во заблуда во врска со поделбата на власта во Тесалија, и дека без никаква причина им припишуваме на Алевадите контрола врз Тесалија, па дури и титула на тагос; ако тагосот се оддели од Алевадите, нештата може да се објаснат без никаква мака. Всушност, изворите не даваат никаква причина да се претпостави дека, во првата половина на V век ст.е., тагосите биле избирани од семејството на Алевадите од Лариса.[114] Напротив, изворите навестуваат дека тагосите најчесто се избирале од Фарсал, подалеку на југ. Единствен неспорно посведочен тагос пред Јасон е Даох од Фарсал, а од оние за кои се претпоставува дека ја вршеле оваа функција, Клеомах бил од Фарсал, а веројатно и Латамија;[115] сите посведочени тетрарси – Акониј, неговиот внук Даох Помладиот, како и соработникот Трасидат – се исто така од Фарсал. Кога се надбивал за должноста на тагос, Јасон ја побарал поддршката на Фарсал, а станал тагос дури откако градот му дал поддршка преку пратеникот Полидамант.[116]



*Сребрена драхма на Тесалскиот сојуз, ран V век ст.е.*

Ако тргнеме од претпоставката дека, во времето на последниот персиски поход, Торакс, синот на Алева, не бил тагос на Тесалија, тогаш толкувањето на текстот на Херодот станува повеќе од едноставно. Не знаеме кој бил тагосот што бил избран во времето на походот, но сигурно е дека немал намера да медизира ниту лично, ниту во име на тесалското собрание – инаку, во изворните текстови на Алевадите не би им останала никаква улога.

[114] Местата кај Пиндар и Херодот што обично се цитираат како доказ за овој став, воопшто не имплицираат дека Алевадите вообичаено давале тагоси. Херодот ги опишува Алевадите како „басилеи на/во Тесалија" (7.6.2), но очигледно го мисли токму тоа што го кажува – дека Алевадите биле наследни владетели, и ништо повеќе; дури и ако, во еден или два наврати, Алевадите навистина дале тагос, тоа никако не би го оправдало нивното одбележување како „басилеи". Зборовите на Пиндар (10.71-2), пак, укажуваат дека Алевадите имале месна контрола, и од тоа никако не може да се извлече дека тие ја контролирале цела Тесалија. Во спротивно, би требало да се докаже дека Пиндар, кој ги нарекува Алевадите „потомци на Херакле", ја става должноста на тесалскиот тагос на исто рамниште со спартанските басилеи.

[115] *Cf.* деталните податоци и анализата на изворните места кај Robertson, 1976.

[116] Xen. *Hell.* 6.1.8, 18; 6.4.28.

Напротив, може да се претпостави дека токму овој тагос стоел зад повикот кон здружените хеленски сили, можеби дури и со одлука од тесалското собрание; Херодот навестува дека повикот бил искрен и дека Тесалците учествувале во заедничките напори. Кога хеленските сили ја напуштиле северната линија на одбрана, Тесалците без двоумење му се покориле на Ксеркс, а Херодот си дозволува да каже дека станувало збор за природен и навистина неизбежен чекор. Тој не се обидува да го сокрие значењето на Тесалија за снабдувањето на Ксеркс, па сепак, некои детали навестуваат дека областа никогаш не ѝ била целосно оддадена на персиската кауза. На пример, и при навлегувањето во 480 год. ст.е., и при повлекувањето следната година, Персијците не му верувале на локалното население;[117] противперсиски настроените Хелени влегувале во Тесалија дури и кога била под контрола на персиските сили;[118] најпосле, можно е дека и Тесалците имале удел во нелојалното однесување на хеленските војници во персискиот строј кај Платаја.[119]

Време е да го сумираме она што беше кажано досега. Значи, врз основа на изворните податоци може со голема веројатност да се претпостави дека: 1) мислењата и политичките ставови во Тесалија ниту биле единствени, ниту воедначени; 2) тагосот (веројатно од Фарсал) и цела јужна Тесалија биле на страната на хеленските здружени сили; и 3) опасни медизатори биле Алевадите, и никој друг, во што се согласуваат сите извори без исклучок.[120] Сево ова може лесно и да се сфати, и да се објасни; проблемот е што, според Дамаст, тој што го објавува медизмот на Алевадите е токму персискиот роднина и сојузник Александар I, при сè што Херодот вели дека Алевадите го повикувале Ксеркс уште откако стапил на престолот, и имплицира дека нивните интриги им биле добро познати на другите Тесалци. Во сево ова би немало контрадикција само ако „предавството“ на Алевадите не се состоело од нивниот медизам, туку од некаква конкретна закана кон другите Тесалци и кон хеленските сили. Тука се крие најголемиот проблем; ако сите знаеле колкава е персиската

[117] Hdt. 7.191.1; 9.89.2.

[118] Hdt. 7.132; *cf.* 7.182.

[119] Hdt. 9.67.

[120] *Contra* сето ова е приказот на Burn, 1984: 343-344, кој, на пример, спекулира дека „... there was an unknow number of Persian agents... the whole place was rotten with enemy propaganda, which had been going on for a long time...“ *etc.* Не е јасно врз што би можеле да се темелат овие тврдења кои, како што може да се види, воопшто не одговараат ниту на општата рамка на настаните, ниту на подоцнежните случувања.

војска, и на чија страна се Алевадите – каква улога би можел да има Александар I во целава епизода?

● *Улоīаѿа на Александар.* – Иако повеќепати истакнавме дека некои детали во приказната на Дамаст изгледаат поверојатни одошто верзијата на Херодот, тука нештата веќе се усложнуваат, и оваа разлика меѓу изворите се губи. Ние можеме да цениме за веродостојноста на изворните податоци кога станува збор за општо познати настани, определени географски и топографски, што влегуваат во општиот кадар на настаните; но, пораката на Александар е нешто што најверојатно никогаш не излегло во јавноста, па како таква била подложна на конјектури уште во античко време, што го усложнува нашиот проблем.

Вообичаената приказна е дека Александар I ги советувал Хелените да се повлечат, а бидејќи тој изгледал искрено расположен кон нив и кон нивната кауза, тие решиле да го послушаат; но, како што веќе истакнавме, исклучено е дека Хелените го сториле тоа зашто Александар им ја открил големината на персиската војска. Прво, како што е добро познато, Херодот претерува кога зборува за бројноста на Персијците, а споредбата со примери од подоцнежно време навестува дека не можело да стане збор за повеќе од 80.000 активни борци; освен тоа, дури и да ги имало многу повеќе, Хелените знаеле колкава е персиската војска со месеци пред Ксеркс да стаса до Тесалија. Главнината на војската била собрана уште во Сарди, и без оглед дали ќе веруваме во приказната за хеленските шпиони,[121] деталите за големиот потфат на Ксеркс мошне брзо стасале до Хелада. Значи, тешко може да се поверува дека, во врска со ова, Александар можел да ги просветли сојузниците.

Вториот впечаток што се наметнува од изворните податоци, е дека Хелените биле вознемирени од веста дека Персијците ги откриле другите пристапни патишта до Тесалија, и дека тоа имало голем удел во решението да се повлечат.[122] Ваквата поставка на нештата создава низа хронолошки проблеми во врска со времето во кое се случувал потфатот и, особено, мигот во кој била примена пораката од Александар. За тесалски услови, Хелените располагале со сразмерно голема сила, поставена на прилично добра стратешка положба. Дури и да не ја знаеле конфигурацијата на теренот, дури и да биле изненадени од она што им го открил Александар, тие имале вре-

[121] Hdt. 7.146-147.1.

[122] *Cf.*, на пример, ставот на Bury & Meiggs, 1978: 171, кои тврдат дека ова било главната причина поради која Хелените се откажале од одбрана на влезот во Тесалија. Патем, авторите воопшто не го спомнуваат Александар I.

ме и да побараат засилувања од југ, и да ја прераспоредат војската, и да ги заземат другите пристапни точки; сето ова можело да се заврши за најмногу неколку недели, додека Персијците сè уште биле оддалечени со месеци. Во секој случај, ниту напад преку Гонос, ниту преку Петра или Волустана не може да пробие добро испланирана и добро поставена одбрана, што веќе подолго време е утврдена и го чека непријателот. Да не зборуваме за фактот што и другата страна не се однесува сосем логично; кај Херодот, хеленската експедиција во Тесалија завршува многу време пред Ксеркс да почне да размислува како да навлезе во оваа област, или поточно – додека Ксеркс сè уште минува преку Хелеспонт. Потоа следи патот низ тракиското и тракомакедонското крајбрежје, сè до кралството на Аргеадите, па собирањето во Терма, извидувањето на Темпе и пробивањето низ планините во Пиерија. Според најконзервативните проценки, во мигот кога Персијците почнале да ги освојуваат благите падини зад Дион, кај Темпе веќе немало ниту еден хеленски војник најмалку два месеци – па сепак, Персијците не оделе по крајбрежниот пат, туку се пробивале низ височините во правец на Перајбија и Триполитида.[123]

Ако се имаат на ум сите овие проблеми и нерасчистени прашања, станува јасно дека е извонредно тешко да се определи улогата на Александар I. Најлесно е да се претпостави дека Хелените се повлекле поради сопствените нерасчистени сметки, и дека немало никаква потреба во оваа приказна да го има Александар; ако претпоставиме дека епизодата со македонскиот крал никогаш не се случила, ќе ја расчистиме работата кусо и со еден удар. Но, тоа не можеме да го направиме со чиста совест, зашто – без оглед какви се објаснувањата во нашите три извори во врска со повлекувањето на Хелените – заеднички содржател во сите прикази на настаните е токму Александар и неговата порака. Ова не може да е случајно, особено што видовме дека тука најверојатно имаме работа со две различни историски традиции, а Александар го има и во двете. Значи, фактот дека тој имал удел во оваа неверојатно заплеткана епизода не може и не смее да се прескокне.

За да претпоставиме што би можел Александар да каже, треба да разгледаме каква била неговата положба во целава ситуација.

---

[123] Сепак, ова можеби и не е толку нелогично, ако се земе предвид широчината на патот низ Темпе. Ако може да се суди според денешната состојба (дел од патот и пругата се всечени во планинските падини, зашто за нив нема место крај брегот на реката), сосем е можно дека Темпе претставувала тесно грло за персиската војска, и дека напредувањето по страничните падини на Олимп и Оса одело побрзо и со помалку логистички проблеми.

Сигурно е барем тоа дека, без оглед дали Хелените решиле да го бранат Темпе или Хераклејон, хеленска одбрана на падините на Олимп никако не му одговарала. Тоа би можело да предизвика тесно грло и застој во персиското напредување, и тоа токму на територијата на Пиерија, што опасно би ги исцрпело неговите и онака не многу големи ресурси. Освен тоа, ако Хелените биле построени кај Хераклејон, тие веќе се наоѓале северно од Олимп, на македонска територија. Ако се има предвид дека сето ова се случува во време кога Тесалија, иако разединета, е прилично силна на воен план, а македонското кралство е сè уште далеку од врвот, може да се претпостави дека Хелените од него не побарале ниту дозвола, ниту соработка – што значи дека имал сè поизвесна точка на судир длабоко во неговата територија.

Со ова станува јасна позицијата на Александар: нему апсолутно не му одговарало никакво хеленско присуство или судир ниту во долна Пиерија, ниту кај Темпе, дури ни во Тесалија, на границите на неговата држава.[124] Хелените некако морале да си одат, а на каков начин македонскиот крал успеал да го постигне тоа, е вистинска енигма, дури и подвиг. Дали има вистина во тврдењето на Дамаст, дека Александар го објавил предавството на Алевадите? Како што видовме погоре, во тоа време, медизмот на Алевадите тешко дека некого би изненадил – а ако сето она што го кажавме е барем делумно точно, јужните Тесалци и тесалскиот тагос би биле навистина наивни, ако не очекувале опозиција од нив. Уште поголем проблем е тоа што, наспроти односите со Лариса и Фарсал, Алевадите биле традиционални пријатели на македонската кралска куќа, и тоа сè до крајот на династијата на Аргеадите; не може и не смее да се пренебрегне фактот дека, од владеењето на Пердика II, па сè до Филип II, кога Тесалија целосно ја губи политичката независност, Алевадите без исклучок се на страната на Аргеадите. Несфатливо е како Александар би добил поени со тоа што ќе им открие на Хелените дека неговите истомисленици и идни верни сојузници имаат намера да медизираат – особено ако се има на ум дека и тој го прави истото нешто; освен тоа, подоцна нема никакви последици од овој непринципиелен потег, а Алевадите ја продолжуваат соработката со Аргеадите без зла крв и чувство на онеправданост. Значи, и ваквото решение на проблемот со пораката е само техничко, зашто не изгледа ниту можно, ниту пак премногу логично. Ако Александар го делел политичкото стојалиште со некого во копнена Хелада, тоа секако

---

[124] *Cf.* Проева, 1997: 85; Проева, 2004: 154-156.

биле Алевадите, и тешко дека е разумно да се очекува дека ќе ја поткопува и осудува нивната (и сопствената) политичка определба.

Така, засега, стојат работите со улогата на Александар во Тесалија. Без оглед што им рекол на Хелените, советот очигледно му се исплател, зашто тежиштето на војната се поместило на југ, далеку од границите на неговото кралство; уште поважно, дури и да не биле толку благодарни, колку што нè убедува Херодот, Хелените ниту покажале жалење што го послушале, ниту подоцна нашле причина за одмазда или пребивање на сметките. Александар секако имал улога во овие настани, и оваа епизода треба да остане во изворниот материјал;[125] сепак, содржината на неговата порака кон Хелените ќе продолжи да се измолкнува, веројатно сè дури не се најде некој друг извор, различен од оние што ги имаме досега.

## Од Термопилите до Атина

● *Александар во Бојотија.* – Се враќаме на сцената на настаните во средна Хелада, каде Ксеркс уште извесно време ја продолжил политиката на благост кон Хелените. Таму имало полиси што во летото 481 год. ст.е. им дале земја и вода на персиските пратеници, но подоцна навидум се премислувале и се опирале; сепак, кралот решил да не ги казнува, а персиската војска не ги опустошила нивните поседи, па откако нештата се смириле, истите тие Хелени дале пешадиски одреди за битката кај Термопилите.

Сепак, ваквата политика не потрајала долго. По битката кај Термопилите, Ксеркс го сменил односот и започнал да води политика на застрашување и казна. Тебанците што кај Термопилите се бореле на хеленска страна, а подоцна се повлекле и се предале, биле граѓани на полис што претходно му се покорил на Големиот Крал, а потоа пратил војска против него; Ксеркс заповедал на секој човек да му се втисне кралски жиг со кој се обележувале робовите, а пред сите на нивниот заповедник Леонтијад.[126] Сите Хелени што давале отпор, или пак покажувале намера да го сторат тоа, требало да се третираат безмилосно,[127] а на персиската војска што тргнала кон југ кон крајот на септември, ѝ биле дадени одврзани раце. Делот од војската, што одел по копнениот пат преку Дорида, ја опустошил Фокида,

[125] *Cf.* Borza, 1990: 108.

[126] Hdt. 7.205; *cf.* Diod. 11.4.

[127] *Cf.* анализата на изворните податоци кај Hammond, 1988b: 563-565.

палел градови, храмови и села, уништувал стада и шуми и злоставувал заробенички,[128] а среде целата оваа работа, повторно се јавува кралот на Македонија:

> [...] Главнината на војската, која била и посилна, на чело со Ксеркс, на пат кон Атина навлегла во Бојотија, во обкаста на Орхоменците. Таму целото население било на страната на Персијците. По нивните градови биле распоредени Македонци, пратени од Александар, за да ги стави под заштита. Македонците тоа го правеле за да му се даде на знаење на Ксеркс дека Бојотите им се наклонети на Медијците.[129]

Значи, Ксеркс пратил во Бојотија неколку македонски заповедници како претходница; тие биле одбрани од Александар I, и би можело да се спекулира дека во ова време македонскиот крал бил дел од непосредното окружување на Ксеркс, зашто така налагала состојбата. Очигледно е, исто така, дека Македонците тогаш ја имале класичната улога на „олеснувачи", толку популарна во денешно време: тие требало да ги преземат градовите што во 481 им се покориле на Персијците, а немале пратено војска кај Термопилите, па затоа и не заслужувале строга казна. Хамонд мисли дека присуството на Македонците и мирното примопредавање на власта ја заштитило Бојотија од судбината што ја доживеала Фокида. Ова можеби ја пренагласува улогата на Македонците, зашто постојано биле присутни и проперсиски расположените тебански државници Атагин и Тимагенида – но, во основа и не може да биде многу погрешно. Двајцата Тебанци можеле да ги водат преговорите на повисоко ниво, но некој морал да ги спроведе тие одлуки на терен.

● *Ксеркс и Артабаѕ во Македонија.* – Следната епизода во врска со Македонија и тракомакедонското крајбрежје се случила по поразот во битката кај Саламина – кога Ксеркс решил да се врати во Азија и да му го препушти заповедништвото на Мардониј, синот на Гобрија.[130] Херодот раскажува дека Ксеркс се повлекувал кон Хелеспонт со шеесет илјади луѓе одбрани од војската на Мардониј, а со кои заповедал персиецот Артабаѕ. Според нашиот историограф, Артабаѕ и неговите луѓе учествувале во големото патешествие само како придружба на кралот; сепак, од идните настани може да се насе-

[128] Hdt. 8.33.

[129] Hdt. 8.34.

[130] Најдетален приказ и анализа на случувањата кај Саламина дава Burn, 1984: 450-475, *q.v.*; покусо и попрегледно кај Bury & Meiggs, 1978: 174-179.

ти дека една од главните задачи на Артабаѕ била да ја зацврсти контролата на задднината, и уште еднаш да го расчисти теренот по кој одела главната персиска линија на комуникации и снабдување.

Сликата за ова повлекување што ја дава трагедиографот Ајсхил[131] навистина ѝ доликува на природата на неговите дела. Според него, додека напредувала кон Хелеспонт, војската на Ксеркс постојано била казнувана од боговите за безбожните постапки во Хелада; војници умирале од жед во Бојотија; во Тесалија ги покосила глад; оние, пак, што преживеале, се изнамачиле додека да се пробијат по крајбрежјето. Најлошо од сѐ, токму додека минувале преку Стримон, мразот попуштил под зраците на октомвриското сонце; оние што се удавиле биле „среќни", а сосем малкумина стасале дома. Од друга страна, Херодот веројатно можел да добие информации од очевидци, а немал толкава потреба да ѝ даде трагичка драматичност на целата работа, па затоа дава сосем различен приказ на првиот дел од враќањето на Ксеркс. Според него, Персијците преку Бојотија се префрлиле во Тесалија, каде извесно време останале да одмораат; додека Мардониј ги организирал „окупационите" сили, војската требало да зимува во Тесалија и Македонија, зашто овие земји биле богати со жито, како и со есенска и пролетна паша за коњите и за влечната стока. Значи, барем што се однесува до повлекувањето до Македонија, нема причина да се спекулира за проблеми во снабдувањето и не може да стане збор за некакво умирање од глад и жед. Сепак, во врска со минувањето низ Македонија и Тракија, и Херодот раскажува неколку сензационалистички епизоди, кои речиси се поклопуваат со она што го кажува Ајсхил. Така, може да се прочита дека војниците јаделе трева, лисја и кора од дрвјата, дека биле совладани од дизентерија и дека умирале од чума; дека војската оставила толпа болни во Тесалија и Македонија;[132] дека Ксеркс минувал 16 километри дневно, но успеал да спаси сосем мал дел од неговата воена сила; го дознаваме и тоа, дека Ксеркс морал да ги додржи физиолошките потреби дури до Абдера.

Не треба посебно да се истакнува дека е мошне тешко целосно да се верува во секоја од овие приказни; јасно е дека работите во никој случај не оделе сосем мазно, но не е многу веројатно дека Персијците се соочиле со толкави проблеми. Овие сцени подразбираат дека персискиот систем на комуникација и снабдување бил целосно пресечен, при сѐ што војската на Мардониј го придружувала

[131] Aesch. *Pers.* 480-514.

[132] Hdt. 8.115.

кралот сè до Тесалија, а од таму до Хелеспонт го придружувала завидна воена сила на чело со Артабаs. Хамонд правилно забележува дека, ако работите навистина биле такви, Персијците би се распрснале на што поширока можна територија, во потрага по локален извор на храна (и, благодарение на воената надмоќност, секако би се снабделе), наместо упорно и праволиниски да се држат до претпоставениот пат.[133]

Всушност, се чини дека снабдувањето функционирало ефикасно за целото време на походот, првенствено поради внимателното планирање, оставите за храна и добрите копнени комуникации. Ксеркс и Артабаs минале низ Магнесија, низ Темпе, низ Македонија, па оттаму покрај езерото Болбе и планината Пангај сè до Хелеспонт,[134] исто како што и во 479 год. ст.е. одредите на Артабаs се враќале по патот низ внатрешноста;[135] патниот правец на овие војски укажува дека тие не зависеле од снабдувањето што го оставала флотата, па оттука следува дека и патиштата, и линиите на комуникација во внатрешноста на крајбрежјето биле редовно одржувани. Ова, веројатно, било можно затоа што племињата на крајбрежјето или биле на страната на Персијците, или пак биле внимателни и никогаш јавно не одбрале страна; отворениот отпор бил вистинска реткост. Басилејот на Бисалтите одбил да му служи на Ксеркс и се повлекол кон планините во внатрешноста, но неговите синови и нивните следбеници ѝ се придружиле на персиската војска; колесницата на Ахура Мазда, што Ксеркс ја оставил на пат кон Хелада, била украдена од Пајонија,[136] но можно е дека за тоа биле одговорни непокорените Агријани.

Всушност, единствен организиран бунт бил оној на Потидаја и Олинт, кој го зафатил крајниот запад на Халкидик.[137] Не знаеме зошто месното население се решило на бунт токму во овој момент. Има спекулации дека на тоа ги инспирирала „очајната“ состојба на персиската војска која минувала кон Хелеспонт, поради што помислиле дека можат безбедно да го отфрлат персискиот јарем. Но, во ова тешко може да се поверува, и тоа не само зашто приказните на Ајсхил и, делумно, на Херодот се преувеличени. Навистина би било неразумно да се поверува во ваквиот изговор, кога Мардониј со војската сè уште се наоѓал во Европа и секако морал барем еднаш да по-

---

133 Hammond & Griffith, 1979, 245.

134 Aesch. *Pers.* 485-495.

135 Hdt. 9.89.4.

136 Hdt. 8.115.4; *cf.* 5.16.1.

137 Hdt. 8.126 sqq.; за топографијата, *cf.* Thuc. 1.63.2.

мине оттаму, Артабаѕ требало да се врати по истиот пат, а и северна Тесалија, и македонското кралство биле дел од персискиот строј.

Како и да е, овој бунт се заканувал да ја прекине линијата на комуникација и снабдување по крајбрежниот пат, па јасно е зошто требало веднаш да се задуши. Артабаѕ се обидел да го стори тоа на враќање кон Тесалија, и ги опсадил Олинт и Потидаја. Потидаја се наоѓала на тесното парче земја што ја поврзува Палена со копното, а била заштитена со бедеми од едниот до другиот брег, па можела да ѝ го попречи пристапот кон Палена на секоја војска што не била придружена од флота; Олинт немал таква стратешка положба, но бил уште поважен за Персијците, зашто оттаму можел целосно да се блокира патниот правец кон Азија.





*Тетраобол на Потидаја со приказ на Посејдон Хипиј, cca. 500-480 ст.е.*

Артабаѕ го освоил Олинт без поголеми проблеми; откако ги казнил граѓаните, им го предал градот на лојалните Хелени од Халкидик, а за заповедник поставил некој жител на Торона. Потоа продолжил кон Потидаја, која можел да ја блокира само од страната на копното, зашто Палена, поради бедемите, му била недостапна. Во текот на оваа опсада е забележана и една епизода на предавство: заповедникот на одредите од Скиона наводно се поврзал со Персијците преку порака сокриена во пердувите на една стрела, која требало да се истрела на договорено место. За несреќа, во една прилика Артабаѕ го промашил местото и погодил некој од бранителите во рамо, по што целата работа била откриена. Сепак, заповедникот од Скиона минал без казна – за да се зачува моралот на бранителите, но и поради почит кон неговите војници, кои храбро ја брането Потидаја.[138]

Опсадата траела веќе три месеци, кога се случило морето невообичаено да се повлече, со што напаѓачите можеле да ѝ пристапат на Потидаја и од страната на Палена. Ако побрзале да ја искористат

[138] Hdt. 8.127-129.

приликата, Персијците секако ќе можеле да го освојат градот; но, зачудени и уплашени од овој невообичаен природен феномен, тие се бавеле да влезат во преминот, а морето се вратило додека биле на две третини од патот. Сите што не знаеле да пливаат се удавиле, а тие што знаеле, биле убиени од бранителите, кои во меѓувреме излегле со чамци. Немаме податоци колку војници изгубил Артабаѕ, но нивниот број бил секако доволен за да го убеди да ја крене опсадата. Во секој случај, Олинт веќе бил освоен, а патот по крајбрежјето бил обезбеден, па тој можел да му се придружи на Мардониј, кој веќе ја имал на ум конечната пресметка со Атина.

## Александар во Атина

Како што видовме, по битката кај Саламина, состојбата на боиштето во копнена Хелада неочекувано се заплеткала.[139] Не само што не била освоена Атина, туку останатиот дел од персиската флота бил испратен да го штити малоазиското крајбрежје,[140] а првично потценетата атинска флота станала тежишен елемент во војната. Според Херодот, Мардониј чекал со војската што му ја оставил кралот Ксеркс, на број околу 60.000 луѓе, како и оние 40.000 што, на негово барање, Артабаѕ ги донел од Потидаја; имало и околу 20.000 проперсиски расположени Хелени, во кои сепак не можело да се има целосна доверба. Персискиот заповедник знаел за утврдувањето на Истам и за неговата цврстина, а знаел и дека, ако не може да ги натера бранителите да отстапат, неговата единствена шанса ќе биде да го заобиколи Истам по море. Не е јасно зошто бојната флота на Ксеркс – намалена на 300 брода, но сè уште достојна за почит – со нови тројца заповедници мирувала на Самос и не се придвижувала кон Хелада. Херодот тврди дека нејзината инертност се должи на слабиот морал; сепак, поверојатно е дека, поради состојбата во Хелада, Персијците се плашеле од можноста да избие ново Јонско востание. Како и да е, во тој миг Хелените немале поим дали флотата ќе се придвижи, или не.

На другата страна, јавното расположение во Атина било несигурно и променливо. Големата победа на Темистокле го спасила Пелопонес, за што добил и соодветни почести од Спартанците; но, неговата победа не значела ништо за Атина. Многумина Атињани

[139] Детален приказ на политичките игри на двете завојувани страни, како и анализа на политичките прилики во Атина, дава Barron, 1988: 582-3.

[140] Diod. 11.27.1.

ценеле дека единствената надеж за нивниот град лежи во помирувањето со Персија. Иако многумина усрдно се противеле дури и на идејата за нешто вакво, на следните избори за стратези не бил избран Темистокле, туку Аристејд (цинично одбележан на еден остракон како „брат на Датис“) и Ксантип, зет на Алкмеонидите, обвинети за предавство кај Маратон.[141]

Како што гледаме, ниту едната, ниту другата страна не била претерано расположена за борба. Мардониј несомнено помислил дека ова е поволен момент за да го оствари преку дипломатија она што претходно не можел со војска – да ја заврши војната со Атина, ако не со победа, тогаш со политички договор. Елиминирањето на Атина од списокот на противниците би го означил и крајот на здружените хеленски сили: без атинска помош, со Спарта заинтересирана само за сопствениот спас, другите полиси не би имале избор, освен безусловно да му се покорат на персискиот крал. Со тоа, задачата на Мардониј би била успешно завршена.

За да го постигне ова, зимата 480/79 година, Мардониј испратил во Атина пратеник со понуда за мир; тоа бил токму Александар I, кралот на Македонија, од една страна – шура на персиски аристократ, верен соработник и „поданик“ на кралот, а од друга страна – проксен и евергет на атинскиот полис.[142]

Може да се спекулира дали Херодот ја дознал оваа епизода од македонски или од атински извор, или пак ги поврзал во едно сите податоци до кои можел да дојде. Приказната за тоа што Александар го зборувал пред Атињаните можела да дојде и од Македонија, па сепак, тоа не е многу веројатно; начинот на кој се претставени Атињаните, деловите што сведочат за нивниот карактер во историскиот контекст, како и ефектниот начин на кој нивниот конечен одговор требало да зазвучи во ушите на публиката на историографот, како да укажуваат дека верзијата што ја имаме пред нас е атинска. Но, и покрај очигледната идеолошка подлога, и нејзината намена како показ за атинскиот патриотизам, би се рекло дека приказната е веројатна и дека нема причина да се сомневаме во нејзината вистинитост.

Како што може да се види, пораката што Александар им ја донел на Атињаните значително отстапувала од политичките определници на Дареј, кои заклучно со претходното лето верно ги спро-

---

[141] *Cf.* Hdt. 6.115; 6.121, 123.

[142] Целата епизода, со детално пренесената беседа на Александар, може да се прочита кај Херодот (8.140).

ведувал и Ксеркс. Со ваквиот дипломатски потег, преку оттргнувањето на Атина од редот на сојузниците, Мардониј првенствено сакал да ја врати рамнотежата на море, но било важно и предимството што би го имал во случај на копнена битка. Впрочем, Атињаните веќе еднаш имале шанса да се најдат во положба слична на оваа, што им се предлагала сега; во основа, Ксеркс предложил враќање на состојбата што Атина самата ја барала од Тисаферн триесетина години пред тоа, а која веројатно би се случила и сама по себе, ако врските се воспоставеле до крај и ако продолжеле непречено да се развиваат. Јасно е дека помирувањето на Персија и Атина особено би му погодувало на Александар, кој бил врзан со двете завојувани страни; затоа, воопшто не е чудно што, откако верно ги пренел зборовите на Ксеркс и Мардониј, тој решил да го искаже и својот личен став. Не пропуштајќи да ја истакне добрата волја и благонаклоноста, но и да потсети на своите претходни заслуги, тој усрдно ги убедувал Атињаните да ја прифатат понудата на Ксеркс.

Сепак, персиската понуда дошла премногу доцна. По неколку успешни соочувања на бојното поле, во миг кога иницијативата постепено претежнувала на страна на Хелените, враќањето во персиската интересна сфера би било премногу голем, дури и безумен залог. Воопшто не е необично што Атина ја одбила понудата на Кралот; но, мудрата и префинета политичка игра, која се одвивала во заднината на преговорите, била навистина несекојдневна.

Во времето кога Александар стасал во Атина, најсериозен проблем на Атињаните не била големината или силата на персиската војска, ниту пак нискиот степен на борбеност и ангажираност на домашното население. Овие проблеми биле повеќекратно засилени од калкулантскиот став на Спарта, која веќе навестила дека нема намера да војува северно од Истам, а дека ќе ги употреби сите расположливи сили за одбрана на Спарта и на Пелопонес. Ваква закана, искажана во предвечерјето на пресудната копнена битка, морала да се сфати сериозно; на Атињаните сега, повеќе од сè друго, им бил потребен доволно силен аргумент за да ја вратат поддршката на Спарта.

Херодот само бегло ги спомнува вистинските намери на Атињаните;[143] па сепак, од тонот на неговиот текст може да се сфати дека мисијата на Александар, без оглед на содржината на пораката што ја носел, не можела да се случи во поповолен момент. Атињаните пратиле глас – или знаеле дека бил пратен глас – во Спарта, за

[143] Hdt. 8.141.

тоа дека во Атина ќе пристигне пратеник на Мардониј. Во главни црти, секој можел да погоди што би имал да каже тој пратеник, па Атињаните можеле да очекуваат дека и Спарта ќе испрати свои пратеници, кои ќе се спротивставаат на персиската понуда.

Во тоа, всушност, се наоѓа клучот на атинската игра. Пред целата работа да ѝ се изложи на еклесијата, булевтите требало да одржат прелиминарна расправа. Таа расправа навистина се одржала, но, наместо да биде куса и ефективна, се растегнала необично долго и, како ретко кога, била одложена за идниот ден. Ова било сосема доволно за да предизвика тревога кај Спартанците; тие навестувале дека ќе се повлечат јужно од Истам, но не мислеле дека токму Атина би можела да им го отвори патот на Персијците. Должината и одложувањето на прелиминарната расправа можеле да се сфатат и како колебање во врска со персиската понуда. Спарта се нашла соочена токму со тоа сценарио – да се бори против Персија без атинска помош, а дури и на највоинствените Спартијати им било јасно дека таквата борба не ветува многу. Спартанците реагирале токму како што сакале Атињаните – тие прифатиле да ја пресретнат војската на Мардониј во Бојотија и со тоа да спречат втора инвазија на Атика.[144]



*Говорницата на ридот Пникс, каде заседавало атинското собрание*

[144] Спартанците, сепак, не го исполниле ветувањето (Hdt. 9.6), па Атика изгубила уште една жетва. Откако Мардониј, преку Мирихид, ја повторил понудата (Hdt. 9.4), Атињаните повторно ги притиснале Спартанците, кои најпосле се вмешале (Hdt. 9.7-9). За проблемите во хронологијата, *v.* Hodlofski, 1979: 55.

Значи, додека го слушале Александар, чиј предлог a priori не доаѓал предвид, Атињаните размислувале за нешто сосем друго – како да извлечат што е можно поголема полза од настаните. Заканувајќи им се на Спартанците, а истовремено давајќи му лажлива надеж на Александар, тие успеале вешто да ја инструментализираат целата негова мисија. Но, од друга страна, треба да се размислува и за играта на македонскиот крал, како и за последиците што тој би можел да ги поднесе.

Пред сѐ, треба да се расчисти дали Александар бил упатен во намерите на Атињаните. Има мислења дека Александар добро знаел што требало да се случи и дека, како вистински проксен и евергет, им помогнал на Атињаните да ја остварат нивната цел. Се претпоставува дека Александар прифатил да го изнесе персискиот предлог колку што можел порешително и поубедливо, само за да остави силен впечаток врз делегацијата од Спарта. Ова, со други зборови, би значело дека Александар имал активна улога во оваа епизода, и дека недвосмислено се ставил на атинска страна. Сепак, се чини дека со оваа теза му се придава преголемо значење на пријателството на македонскиот крал и Атина. Вистина е дека Александар ја снабдувал Атина со дрво во време кога персиското присуство во Европа било мошне силно, но од тоа не може да се извлече ваков заклучок; тука не станувало збор за услуга или израз на наклоност, туку за трговска зделка од обострана корист. Тоа што Александар тргувал со Атина во тежок миг, не го правело и нејзин доверлив пријател и сојузник; освен тоа, додека се наоѓал на персиска страна, проксенијата воопшто не можела да функционира. Всушност, проблемот не лежи во мотивот на Александар, туку во прашањето – зошто Атињаните би биле сигурни дека Александар ќе ја прифати нивната игра, наместо веднаш да се врати кај Мардониј и детално да му го опише раздорот во хеленските редови, што за него несомнено би било побезбедно? Атињаните не можеле да прифатат таков ризик и, според сѐ, македонскиот крал најверојатно не знаел што им било на ум. Тој, едноставно, дошол во Атина за да ја пренесе пораката од Ксеркс и Мардониј, и тоа – според определниците на задачата, но и во сопствен интерес – колку што можел поубедливо.[145]

Александар, значи, говорел искрено, и притоа не пропуштил да истапи и со свој став. За жал, она што имал да го каже не само

[145] Scaife, 1989 се сомнева дека, како и многу други, и епизодата со пратеништвото е вешто составена реторска вежба со логична внатрешна структура. Навистина, схематизираноста на текстот е очигледна, но се чини дека срцето на приказната и спротивставеноста на ставовите имаат сосем реална историска подлога.

што не наишло на разбирање, туку и не било воопшто пријатно да се чуе. Станува збор за несреќен превид, зашто, ако заканите од Ксеркс и Мардониј и можеле да се очекуваат, од еден проксен и евергет на Атина било сосема неочекувано да ги заострува и да ги илустрира со сопствени искуства. Александар застанал зад ставот на Персијците и, во тој миг, неговите минати заслуги и декларативната благонаклоност избледеле. Во крајна линија, зборовите на Ксеркс и Мардониј имале доволна тежина, па би можело да се каже дека Александар требало да задржи на нив, а не да ги потсилува. Но, откако завршил со изразите на пријателство, тој продолжил да ја повторува констатацијата дека упорноста и непоколебливоста на Атињаните ќе го предизвика крајот на нивниот град. Треба да се сфатат интересите на Александар, кому навистина би му одговарало да се обнови состојбата од 508 год. ст.е. Но, што произлегло од неговиот настап? Атињаните сфатиле дека, иако бил нивен проксен и евергет, македонскиот крал – по сопствен избор – има прилично дисонантен став и ги набљудува нештата од, за нив, необично стојалиште. Спартанците биле, во најмала рака, огорчени од неговиот настап: Александар бил тиранин што соработува со тиранин; тој бил барбарин, а кај барбарите немало ниту збор, ниту верба.[146] Атињаните преминале молкум преку ваквото карактеризирање на нивниот проксен; тие не потрошиле ниту збор за да го различат Александар од оние што го пратиле, ниту пак нашле за сходно да го одбранат, ако не Александар, тогаш барем сопствениот избор на проксен и титулите со кои го почестиле.

Би можеле да заклучиме дека Александар во оваа епизода се поставил прилично несреќно. Наместо да биде посредник меѓу две завојувани страни, тој одбрал лично да се вмеша; со ова сам го начнал сопствениот углед во Атина, и тоа несомнено повеќе одошто со своето учество во персиските сили, за кое ќе стане збор во продолжение.

## Платаја

Точната реконструкција на битката кај Платаја, во кој македонската војска за првпат застанала наспроти атинската, е речиси невозможна. Причина за ова е несредениот, честопати и противречен опис на настаните кај Херодот, чие недоволно познавање на воените собитија тука излегува на виделина повеќе одошто во која и

[146] Hdt. 8.142.

да е друга битка.[147] Збрканиот опис на битката несомнено се должи на обидот да се најде средна вредност меѓу неколку верзии, кои, очигледно, не се совпаѓале дури ни во основните детали.

Нашето внимание ќе биде насочено кон две нешта. На прво место, неизбежно е да се проговори за прочуената ноќна авантура на македонскиот крал, иако е невозможно да се најде аспект на овој проблем за кој досега не било проговорено, ниту пак има истражувач кој не му посветил внимание. Вториот проблем за кој ќе стане збор е севкупната улога на Александар и македонската војска во рамките на персиската воена сила; за ова, пак, треба да се размислува од причина што степенот и начинот на изложеноста на Македонците во војната несомнено имал големо влијаните врз подоцнежните политички потези на Хелените.

Да почнеме со она што ни го раскажува Херодот:

> По тоа распрашување за пророштвата и по заповедта на Мардониј настапила ноќ и биле поставени стражи. А кога ноќта поодминала и кога се чинело дека во двата логора е сè мирно и луѓето биле во најдлабок сон, до атинската стража дојавал на коњ Александар, синот на Аминта, војсководец и крал на Македонците, и барал да зборува со воените заповедници. Едни од стражарите, повеќето, останале на местото, а други отрчале кај заповедниците. Кога биле таму, рекле дека некој човек дошол на коњ од логорот на Медијците, кој не кажал ништо друго, туку само рекол дека сака да разговара со заповедниците, а ги кажал по име. А тие, штом го чуле тоа, тргнале со стражарите.
>
> Кога дошле, Александар им го кажал ова: „Мажи Атињани, овие зборови ви ги кажувам во доверба, како тајна што не смее да се каже никому освен на Павсанија, зашто инаку сум готов. Јас немаше ни да дојдам да ви го кажувам ова ако не бев во голема грижа за цела Хелада. Имено, и самиот сум Хелен по потекло од дамнини, па не би сакал да ја видам Хелада поробена наместо слободна. Ви кажувам, значи, дека на Мардониј и на неговата војска жртвените претскажувања никако не можат да им излезат поволни; инаку, тој одамна ќе ве нападнеше. Но сега, не водејќи сметка за тоа што предвестуваат жртвите, реши, штом ќе забели денот, да ве нападне. Се исплашил, како што мене ми се чини, да не се соберете

[147] За начинот на кој Херодот ги прикажува и ги објаснува битките, *v.* Tritle, 2006, *особ.* стр. 218-220 за битката кај Платаја.

уште повеќе. Бидете подготвени за тоа. А доколку Мардониј се премисли и не ве нападне, вие продолжете да мирувате, зашто нему му остана храна уште само за неколку дена. Па, ако војнава ви заврши така како што вие посакувате, некој треба да се сети и на ослободувањето на мојата земја, зашто јас, еве, се жртвував и презедов опасен подвиг со желба да ви ги откријам плановите на Мардониј за да не ве нападнат барбарите неподготвени. Јас сум Александар Македонецот“. Кога тоа го рекол, се качил на коњот и се вратил назад во логорот на своето бојно место.[148]

Приказната за одважната полноќна мисија на македонскиот крал нè исправа пред цела лепеза од проблеми. Во интерес на прегледноста, но и за да се избегне непотребно повторување на нешта кои веќе многупати биле кажани, проблематиката на оваа посета ќе ја разгледаме од четири агли – нејзината веројатност според реалната состојба на теренот, нејзиниот тек, начинот на кој била пренесена пораката и, најпосле, реалните последици од неа.

Како што беше истакнато, состојбата на теренот не е сосем јасна; сепак, нужно е да се тргне од податоците на Херодот. Тој ги става македонските одреди на десната страна од персискиот строј, и тоа точно во делот кој бил поставен наспроти војската на Атињаните.[149] Силите на македонскиот крал биле групирани заедно со Тракијците, Мизите, Пајонците и ред други племиња, а сите заедно го сочинувале збирот од помошни одреди.[150] Ако положбата се набљудува од птичја перспектива, вистина е дека Александар лесно можел да пристапи до логорот на Атињаните. Но, за да се изврши таква мисија, не е доволна само добрата поставеност; потребно е да се остане незабележан од едната, а добро забележан и препознаен од другата завојувана страна. Токму тука се јавуваат првите проблеми. За да може да се искраде од персиската страна, Александар најпрвин требало да тргне од кај Македонците, да мине незабележан покрај сите стражари од помошните одреди (а тие не биле Македонци), и да се провлече низ првата персиска линија.[151] За да се случи ова,

---

148 Hdt. 9.44-45.

149 Hdt. 9.31.

150 Александар кај Платаја најверојатно предводел само лесно вооружени пешаци. Херодот не спомнува македонски коњаници; впрочем, ако тие воопшто учествувале во походот, се чини дека би биле попотребни, на пример, во Бојотија, одошто тука.

151 Секако, тука не станува збор за првата линија во фронтален строј; сепак, јасно е дека помошните одреди не логорувале на дофат на непријателот зашто, во случај на ненадеен напад, би биле загубени.

треба да се прифати или дека сите стражари од персиската страна спиеле, или, пак, дека сите знаеле за неговата мисија и ја одобрувале. Јасно е дека обете нешта се невозможни. Не помалку зачудува фактот што атинските стражари виделе непознат човек – кој очигледно не бил Атињанец – како наближува од персискиот логор со галоп, па сепак му дозволиле сосем да им се приближи и да им се обрати. За сево ова да се прифати како вистинито, би требало да се претпостави дека распоредот на силите кај Платаја бил навистина несекојдневен, и дека таму можеле да се случуваат работи какви што, во секоја друга битка, би биле најблаго речено невозможни.



*Бојнотo поле кај Платаја денес; во позадина, планината Китајрон*

И текот на потфатот на македонскиот крал, како и начинот на кој ја пренел пораката, не заостануваат зад чудесното пробивање низ обата борбени строја. Според она што може да се прочита кај Херодот, откако дојавал до атинскиот логор и бил пуштен пред атинските војсководци, Александар инспиративно и во еден здив кажал сѐ што имал, а потоа се претставил и, свртувајќи се, си заминал. Неговите слушатели ниту се изненадиле од неговото доаѓање, ниту, пак, просудиле дека треба нешто да му одговорат, туку едноставно го ислушале и го пуштиле да си оди. Но, ова, во извесна смисла, се проблеми на сценографијата; многу повеќе збунуваат содржинските проблеми. На прво место, треба да се запрашаме со што, всушност, Александар можел да ги изненади Атињаните, кои веќе единаесет дена биле построени речиси очи в очи со непријателот.

Освен тоа, тешко може да се поверува дека Мардониј имал проблеми со снабдувањето; токму Хелените биле соочени со такви проблеми, па поради тоа, малку подоцна, морале и да се повлечат од нивните позиции.[152] Дури и ако слушале нешта што сакале да ги чујат, Атињаните немале основа да поверуваат во нив.

Да се задржиме, за миг, и на последиците. Поведени од предупредувањето на Александар, Хелените се нафатиле да изведат необичен и речиси неверојатен маневар. Атињаните и Спартанците си ги размениле крилните позиции, а потоа, токму кога требало да уследи нападот за кој биле предупредени, повторно се смениле и секој се вратил на старото место. Исходот од целото престројување е речиси комичен: поместувањето било рамно на нула, зашто немало апсолутно никаква разлика со првобитната положба на сојузниците.[153] Опасниот напад, поради кој Александар во прв ред и се одважил на ваков потфат, никогаш не се случил. Персијците продолжиле да го попречуваат пристапот до водата и да го пресекуваат хеленското снабдување; Хелените, како што кажавме, се повлекле повисоко за да си го заштитат снабдувањето.[154]

Очигледно, целата мешаница со Александар немала никаков ефект врз понатамошните дејствија. И повеќе од тоа, епизодата со неговата храбра мисија е толку смисловно и структурно одвоена од линијата на раскажување, што може слободно да прескокне во целост, а приказот на настаните воопшто да не се измести.[155] Според сè, речиси е сигурно дека целата приказна е апокрифна, и дека воопшто немало ваква авантура.[156]

Кај Платаја, Александар најпосле морал да ги построи своите одреди против Хелените; за жал, за улогата на македонските сили во битката не е зачуван ниту еден податок. Ова, пак, значи дека не можеме да извлечеме дефинитивни заклучоци ниту за улогата што

---

[152] Hdt. 9.51.

[153] За престројувањата говори и Плутарх (*Arist.* 16), но без толкување и со напомена дека целиот дел е преземен од Херодот.

[154] Hdt. 9.49-51.

[155] *Cf.* How & Wells, 1989: 2.307-308, кои го оспоруваат дури и нејзиното место во делото на Херодот.

[156] *V.* и забелешките на Borza, 1990: 110, кој заклучува дека „the whole story is just short of absurd“; но, во продолжение, авторот без никаква подлога и аргумент тврди дека приказната за оваа случка потекнала лично од Александар I. *Cf.* Russel, 1999: 75-77, кој ја врзува оваа приказна со атинската проксенија на Александар, но се чини дека притоа, без збор критика, ја прифаќа како историски факт. Целосен приказ и анализа кај Проева, 1997: 85; Проева, 2004: 157-160.

Македонците ја имале во персискиот борбен строј, ниту пак колку тоа ги нарушило односите меѓу кралството на Аргеадите и Хелените, со кои ќе ја делат политичката сцена во идните век и половина. Сепак, од она што се случувало подоцна, може да се сфати дека соработката со Хелените барем уште некое време продолжила со несмален интензитет; колкаво и да било отуѓувањето поради „персиската авантура“ на Македонија, се чини дека во никој случај не го достигнало размерот кој би се очекувал, ако Александар навистина бил истакнат и претприемчив персиски поданик и соборец. Следува, значи, последниот обид да се фрли светлина врз овој проблем: во продолжение, ќе се задржиме на улогата на Александар во рамките на персиските воени дејствија.

## Необичното војување на Александар

Како да се определи уделот на Александар во бојната врева на Грчко-персиските војни, кога во ниту еден податок не го гледаме како се бори? Повторно, преку argumenta ex silentio, патемни забелешки, споредување со други извори и користење на секој можен податок, што би можел да се искористи на каков и да е начин.

Да тргнеме од она што досега го кажавме за Персијците и нивниот востановен начин на војување. Ако се земе предвид начинот на кој Персијците и дотогаш, па и подоцна, ги воделе воените дејствија, станува јасно дека Александар и Македонците не можеле да имаат пресудна улога во ниту една битка. Улогата на помошните одреди била да се занимаваат со обезбедувањето на патните правци и веќе освоените места, да ја штитат отстапницата, да се грижат за снабдувањето, или пак да ја започнат битката со предизвик од далечина, но не и да бидат ударна сила; таа улога им била наменета на одредите во кои кралот и сатрапите имале целосна доверба, а кои по правило биле составени од Иранци.

Всушност, ова лесно може да се увиди и од текстот на Херодот. Нападот кај Термопилите го воделе најсилните одреди, составени од Меди и Кисијци, придружени од Бесмртните; кај Платаја, товарот на битката претежно го поднеле Персите, Медите, Саките, Бактријците и Индијците. Всушност, не е претерано да се каже дека поголем дел од четириесет и седумте именувани етнички контингенти во Дориск[157] воопшто и не искусил битка. Во кој, контекст, тогаш, се спомнуваат Александар, Македонија и Македонците?

[157] Hdt. 7.59-101.

Македонскиот крал кај Херодот е спомнат по име на 23 места.[158] Еднаш неговото име се спомнува во врска со границите на Македонија, трипати – со персиското пратеништво, и уште трипати во врска со неговите претци и потеклото; еднаш е спомнат во врска со златната статуа што ја поставил во Делфи, а четири спомнувања се должат на повторување на наводите од други глави. Значи, 12 спомнувања на Александар – повеќе од половината – воопшто не се поврзани со воените операции во Грчко-персиските војни. Од оние 11, пак, кои се однесуваат на воените операции, еднаш станува збор за неговите гласници кај Темпе, а еднаш за сили со непозната големина кои ги пратил во Бојотија; петпати Александар е спомнат како пратеник на Мардониј пред Атињаните, а четирипати како ноќен јавач пред битката кај Платаја. Резултатите се навистина неочекувани: верниот сојузник на Персијците зема лично учество во воените настани само во две епизоди (од кои само во една, кај Платаја, има реално вкрстување на оружјето), со вкупно девет спомнувања (од вкупно 23). Мошне е речито тоа што Александар воопшто не се спомнува како предводник на македонска војска, или барем на еден одред.

Македонците – жители на македонското кралство – кај Херодот се споменуваат вкупно деветпати.[159] Двапати се во врска со персиското пратеништво, трипати се ставени во контекст на географијата, еднаш – за да се поврзат со Фригите. Само три споменувања се во врска со војската и воените дејствија. Еднаш, како што беше кажано погоре, кога Александар I испратил – но не предводел – сили во бојотските градови, а еднаш Македонците се спомнати заедно со други 12 племиња или народи кои оделе – но сѐ уште никаде не се бореле – заедно со персиската војска, при што сите 13 сочинувале една деветина од персиската активна воена сила.[160] Најпосле, едната единствена епизода во која Македонците се борат на страната на Персијците е пресудниот бој кај Платаја. Тука, пак, треба да се обрне внимание на еден друг детал. Персискиот контингент во потесна

---

[158] Hdt. 5.17, 5.19-22, 7.173, 7.175, 8.34, 8.121, 8.136-137, 8.139-144, 9.1, 9.4, 9.8 и 9.44-46.

[159] 5.18, 5.20, 6.44, 7.73, 7.128, 7.185, 8.34, 8.127 и 9.31.

[160] Обете бројки – и оние 2.5 милиони Персијци под оружје, и оние 300.000 луѓе од северното крајбрежје – секако се претерани, па сепак, нема доказ дека соодносот 1:8.5 не е веродостоен. Во секој случај, имајќи ја предвид тогашната населеност на овие предели, уделот на, условно земено, „балканските“ сили можел да биде помал, но не и поголем. Карактеристично е и тоа што сите Хелени во персиската војска, според Херодот, биле само околу 50.000, иако на персиска страна се ставиле речиси цела северна и средна Хелада.

смисла се строи наспроти Лакедајмонците и Тегејците, Медите се strojат наспроти сили од четири хеленски полиси, Бактријците покриваат шест, Индијците – четири, Саките – пет полиси, а сите хеленски одреди во персиската војска се строеле наспроти Атињаните. Македонците на Александар покривале еден дел од атинскиот строј, а насекаде околу нив имало „измешани“ Фриги, Тракијци, Пајонци и т.н.

Очигледно, Македонците не претставувале речиси никаков значителен дел од персиската воена сила, а само при една битка е недвосмислено кажано дека зеле учество (и тоа, би рекле, на занемарлив дел од боиштето). Александар, кралот на Македонците – барем според Херодот – нема никаква улога како водач на воен контингент сè до Платаја, каде се спомнува за последен пат.

Ова, сепак, ретко паѓа во очи, што во одредена мера се должи на ставот – денес речиси општо прифатен – дека Херодот го раскажува македонското толкување на Грчко-персиските војни, со кое требало да се затскрие проперсиското однесување на македонскиот крал. Во порадикалните варијанти на овој став, се вели дека Херодот лично разговарал со македонскиот крал, му бил наклонет, и, дури, дека станал гласноговорник на македонската пропаганда.[161]

Секако, во поставката за т.н. interpretatio Macedonica има многу вистина; некаде – на пример, во епизодата за ноќниот потфат – повикувањето на неа е единствен начин да се објаснат некои, инаку нелогични, наводи на Херодот. Сепак, нејзината лоша страна лежи во тоа што читателот е наведен да се посомнева во целокупноста на податоците што се однесуваат на Македонија, и постојано да претпоставува дека нешто е премолчено. Ова честопати се случува дури и онаму каде што воопшто нема потреба нешто да се крие – како, на пример, при премерувањето на улогата на Александар како воен заповедник во персискиот строј. Дека тоа е така, покажува едно сосем едноставно, но сепак неодминливо прашање. Ако Херодот се обидувал да го затскрие уделот на Александар на бојното поле, па затоа има сразмерно малку податоци за неговите воени дејствија – зошто Хелените, по завршувањето на големата војна, како по заповед би заборавиле на однесувањето на Македонецот – под претпос-

[161] На пример, HAMMOND & GRIFFITH, 1979: 59, 98-99, BADIAN, 1982: 45 бел. 9 и на други места. HAMMOND (стр. 11) не остава место за сомнеж во контактите на Херодот со Александар, па дури и дава опис на посетата на Херодот на македонскиот дворец; *contra* SCAIFE, 1989: 129, кој правилно укажува на целосниот недостиг од издржани докази дека ваква посета воопшто се случила. *Cf.* ПРОЕВА, 2004: 160.

тавка дека лично го искусиле ударот на неговото оружје – и зошто без поговор и критика би го прифатиле она што го пишува Херодот?[162]

Одговорот е повеќе од јасен. Улогата на Александар како сојузник/помошник/соборец на Персијците, барем што се однесува до војувањето, е прецената и нема реална поткрепа во случувањата. Воената улога на Македонците – која и најдолго се памети – била претежно задниинска и логистичка, а за поголемиот дел од Хелените, најблаго речено, матна.[163] Таа не требало да се затскрива со заговарање на македонскиот став за случувањата на боиштето, а уште помалку да се покрива со македонска пропаганда. Военото ангажирање на Александар немало доволна тежина за да повлијае ниту врз политичките односи на Македонија и Хелените, ниту пак врз нивните трговски врски. Пратеништвото во име на Мардониј и Ксеркс било единствениот потег со кој, донекаде, бил нарушен угледот на атинскиот проксен и евергет – па сепак, тоа ни оддалеку не било доволно за да се случи прекин на трговската соработка, уште помалку за да се развие отворено непријателство.

---

[162] Проева, 1997: 84 го оправдува прифаќањето на оваа interpretatio Macedonica со тогашните економски интереси на Хелените – оправдување на хеленската колонизација на крајбрежјето и задржување на пазарот на смола и дрво за бродоградба. Ова е одлично оправдување за помирителниот став на атинската политичка елита, но веројатно не и за пониските социјални слоеви, кои исто така имале увид во делото на Херодот.

[163] Најтешка „проодност“ би имала токму улогата на Александар како пратеник на Мардониј во Атина; но, во таа епизода македонскиот крал најверојатно не говорел пред целиот атински народ, па затоа објаснувањето од претходната забелешка (Проева, 1997), ако се примени врз Александар I и неговата понатамошна *соработка со атинскиот политички врв*, би било мошне убедливо.

# X
# КРАЈОТ НА ЕДНА ЕПОХА

Кралство во подем. – *Пробивот кон исток. – Случувањата западно од Аксиј.* – Новото соседство на Аргеадите. – *Хеленската контраофанзива. – Случувањата кај Еjон. – Александар, Херодот и Атина. – Крајот на една епоха.*

Иако бил извонредно замислен и логистички издржан, а барем на почетокот и добро спроведен, последниот персиски поход во Хелада завршил со целосен воен и политички неуспех на Персија. Дејствијата во Европа завршиле во 479 год. ст.е. со пораз кај Платаја, а во Азија неколку години подоцна, со привременото губење на Јонија.

Немаме изворни податоци за тоа што се случувало понатаму со Големиот Крал и какви биле неговите идни планови во врска со Европа. Од она што ни е посведочено, може да се заклучи дека Ксеркс се повлекол во срцето на неговото кралство, а за следните четиринаесет години од неговото владеење нема речиси никакви податоци. Има толкувања дека Ксеркс бил помалку способен владетел од неговиот татко, и дека не можел да обмисли нови насоки на дејствување, со кои кралството и натаму би останало витално и експанзивно. Но, ако не е сосем погрешен, ваквиот впечаток е во најмала рака пристрасен, зашто се темели врз argumenta ex silentio; ниту во примарните, ниту во добрите секундарни извори нема ништо за владеењето на Ксеркс по поразот кај Микале.[1]

Сепак, подоцнежните настани укажуваат дека Персијците, за извесно време, навистина ги запоставиле случувањата во западните сатрапии и, особено, во Европа.[2] Ова го означило крајот на епохата

---

[1] Всушност, ваквите критики на Ксеркс се темелат врз наследена литературна традиција која потекнува уште од античко време. На пример, Платон (*Leg*. 694-5) морализира за благородниот Кир, наспроти Камбис, кој бил дете на дворецот и не го знаел вистинскиот свет; Дареј бил „самосоздаден“ човек со силен карактер, а Ксеркс повторно бил слабак одгледан во дворецот. Ваквиот литературен и неиздржан пристап кон овој проблем може да се забележи дури и во делата на некои современи истражувачи.

[2] Детална анализа на случувањата во ова време дава CUYLER YOUNG, 1988: 75-78.

на непосредни воени соочувања на Персијците и Хелените, а над сè – крајот на непосредните контакти на Персијците со кралството на Аргеадите, како и на нивното присуство на тракомакедонското крајбрежје. Во Егејскиот басен почнала да се обликува нова политичка сцена и нов поредок, во кој главните политички играчи ќе бидат хеленските полиси и македонското кралство. Во продолжение, ќе видиме како заминувањето на Персијците од Европа се одразило врз идните политички собитија во Егејскиот басен, и колкави биле добивките и загубите на Македонците и Хелените по македонското учество во персиската авантура.

## Кралство во подем

Најсериозна пречка во истражувањето на периодот непосредно по Платаја е скудноста на наративните извори. Годините од заминувањето на Персијците, па сè до внатрешните борби за македонскиот престол неколку децетлетија подоцна, ги покрива историографски молк. Нашите знаења и претпоставки почиваат врз неколку штури и изолирани пасуси на Херодот и Тукидид кои се, згора на сè, обременети од хронолошки и толковни проблеми. Располагаме и со неколку исечоци од подоцнежни автори, преземени од постари дела: но, тие треба да се користат крајно внимателно зашто, како што видовме многупати досега, не можеме да просудиме со колкава критичност и веродостојност биле преземени.

Тешкотиите се посериозни одошто може да се помисли на прв поглед, зашто случувањата во овој период имаат голема важност за понатамошните настани. Текот на настаните опишан кај подоцнежните историографи, како и воените и политички односи на теренот, не се надоврзуваат ниту на Аминта и на персиското пратеништво, ниту на походот на Мардониј и битката кај Платаја, туку на она што се случувало на северното крајбрежје заклучно со смртта на Александар I. Ограничувањата што ги спомнавме укажуваат дека на проблемите треба да им се пристапи без амбиција да се добијат целосно точни одговори. Во крајна линија, важно е – по пат на споредување на изворите и теренските прилики – да се добие макар и општа слика за ширењето на кралството на Аргеадите, и да се разгледа дали тоа ширење има врска со персиското заминување од Европа.

● *Пробивот кон Исток.* – Херодот јасно означува до каде се протегала македонската држава, но за жал, никаде не спомнува ка-

де почнувала;[3] освен тоа, знаеме дека Александар I запрел на Стримон, но не знаеме од каде тргнал. Во двата случаја, непознатата е иста: источната граница на кралството на Аргеадите.[4]

За жал, нема непосреден податок за да ја уточниме границата со сигурност; сепак, таа може да се определи во груби црти, со помош на неколку посредни податоци. Најпрвин треба да се разгледа кои области не биле дел од македонското кралство, а за таа цел, најдобро е да се тргне од стиховите на Ајсхил;[5] од нив може да се заклучи дека езерото Болбе, преминот преку Стримон, како и Пангајската гора во 479 ст.е. најверојатно не биле во состав на македонското кралство.



*Горниот тек на реката Стримон, близу езерото Керкинитида*

Ова целосно се совпаѓа со податокот на Херодот, според кого – во време на Ксеркс и Мардониј – преминот преку Стримон е во едонски раце.[6] Но, Херодот ни дава уште еден податок,[7] кој тешко може да се усогласи со претходните два, а според кој веднаш штом ќе се мине планината Дисорон, се влегува во Македонија. Наместо да помогне во расветлувањето на проблемот, овој пасус предизвику-

[3] Правилно забележано од Hammond & Griffith, 1979: 61.

[4] За географијата на областите источно од вододелницата меѓу Ехедор и Стримон, *v.* Borza, 1990: 44-50; *cf.* и приказот на областите кај Проева, 2004, во делот за границите и поделбата на античка Македонија.

[5] Aesch., *Pers.* 492-497.

[6] Hdt. 7.114.

[7] Hdt. 5.17.

ва нови проблеми. Вистина е дека современата наука сè уште не дала точен одговор на прашањето – која планина во антиката се нарекувала Дисорон, и каде точно се наоѓале рудниците што ги спомнува Херодот; но, во секој случај, проценките никогаш не одат подалеку на запад од Крестонија, ниту пак подалеку на исток од Пангајската гора. Ако се прифати дека – во времето кога Аминта наводно преговарал со Мегабаѕ – западните падини на Дисорон биле дел од Македонија, тешко може да се објасни како Пајонците можеле да ја загрозуваат источната граница на македонското кралство, и како Крестонија и Мигдонија (кои се наоѓаат токму на средина меѓу Аксиј и Стримон) биле автономни, па морале сами да се справуваат со персиската опасност.[8]




*Областите на источната меѓа на кралството на Александар I*

Овој проблематичен пасус може да се разреши на два начини. Прво, може да се спекулира дека историографот несвесно ја пренел подоцнежната состојба, кога границата на кралството на Александар навистина била близу Дисорон; сепак, во ова тешко може да се поверува, зашто Херодот, во границите на неговите можности, посветува особено внимание на топографијата и етнографијата на териториите што ги опишува. Второ (и поверојатно) е дека Херодот тука пишува за Македонија во географски рамки, онака како што тој ја восприемал – иако цел на персиските пратеници било токму кралството, а не географска Македонија. За жал, овој податок не може да се спореди со податок од друг извор од приближно исто време, па затоа е невозможно да се донесе конечен суд.

[8] *Cf.* анализата на Hatzopoulos & Loukopoulou, 1992, *особ.* 18-20; врз основа на географијата, топографијата и археолошките наоди, авторите аргументирано го отфрлаат овој податок како неприфатлив и практично невозможен.

Како и да е, најмалку две области со сигурност влегувале во состав на кралството на Аргеадите. Во 506/5 ст.е., Антемунт веќе бил под кревка македонска контрола; како што видовме погоре, Аминта му ја понудил оваа област на веќе вторпат истераниот Хипија.[9] Под власт на Аргеадите била и Амфакситида: по персиската интервенција,[10] остатоците од пајонското население главно биле населени околу езерото Прасијада, како и во неколку енклави северно од Пангај;[11] во двата случаи, тие се наоѓале далеку од реката Аксиј.

Очигледно е дека нашите извори се премногу фрагментарни, за од нив да се извлече добро заснован заклучок. Сепак, земајќи ги предвид сите податоци со кои располагаме, мошне е извесно дека во времето на персиските походи Крестонија, Бисалтија, Синтика и Мигдонија источно од Болбе не биле под македонска контрола. Ако се имаат на ум стиховите на Ајсхил, но и општата состојба на источната граница на кралството за време на персиското присуство, може да се спекулира дека во 479 ст.е. власта на македонскиот крал запирала на линијата Дојран-Коронеја-Антемунт. Токму од таа замислена линија, Александар го започнал ширењето кон исток.

Погоре видовме дека Пајонците во ова време веќе не претставувале закана за македонското кралство. Но, за да ја оствари својата намера, Александар морал да се справи со Крестонците, Мигдонците и Бисалтите. Во прво време, племињата на територијата меѓу Аксиј и Стримон несомнено извлекле полза и од случувањата со Пајонците, и од Јонското востание. Без оглед на претерувањата во изворите, на кои веќе се осврнавме, нема причина за сомнеж дека пајонската несреќа добро им послужила на Едонците. Херодот, пак, сведочи дека во ова време сребреносните рудници кај Прасијада им припаднале на Бисалтите (иако, навистина, никаде експлицитно не кажува дека претходно паднале во персиски раце).[12] Сосем е можно дека – во кусиот временски период меѓу Јонското востание и походот на Ксеркс – Бисалтите и Едонците имале целосна контрола врз територијата до Стримон.

Уследиле походот на Мардониј и доаѓањето на Ксеркс. Херодот раскажува за случувањата кај Крестонците и Бисалтите, и ни го спомнува крестонскиот басилеј, кој ги казнил сопствените деца за-

[9] Hdt. 5.94. *Cf.* HAMMOND & GRIFFITH, 1979: 59; *contra* HATZOPOULOS & LOUKOPOULOU, 1992: 23.

[10] Hdt. 5.14.

[11] Hdt. 5.15; 7.112; 7.113.

[12] Hdt. 5.17, 7.115, *pace* HAMMOND & GRIFFITH, 1979: 69-91.

што му се придружиле на Ксеркс;[13] но, да ја оставиме настрана бизарната казна и да се задржиме на импликациите од оваа приказна. Pars pro toto, приказнава без проблем би можела да се однесува на секое племе до Стримон, па преку неа може да се насети и текот на настаните. По походот на Мегабаѕ на тракомакедонското крајбрежје, кога дел од населението пружил силен, но залуден отпор, месните племиња немале друг избор, освен да ја почитуваат гарнизонската контрола на Персијците и извесно време да не преземаат никакви дејствија. Со избивањето на Јонското востание и слабеењето на персиското воено присуство во регионот, ним им се укажала можност повторно да воспостават контрола на териториите со кои располагале порано, но и на оние што претходно биле во интересната сфера на Пајонците. Ова траело сѐ до походот на Мардониј. Ако внимателно се чита описот на Херодот, станува јасно дека тој ги содржи двата единствено можни избори: тие можеле да ѝ се приклучат на војската на Персијците, или пак, во спротивен случај, да заминат од своите живеалишта и да се повлечат од териториите под персиска контрола.

Двете решенија имале предности, но и недостатоци. Учеството во персискиот поход подразбирало заминување, ако не на месниот басилеј, тогаш барем на највидниот круг луѓе околу него. Во време кога не се знаело колку ќе се развлечат воените дејствија, отсуството на месниот владетел, особено во државна организација во зародиш, веројатно би предизвикало внатрешни пресметки и борба за власт и предимство. Од друга страна, привремено заминување на басилејот и неговите соработници, макар на кусо време, значело и прекин на врските со дел од племето и разбивање на неговото единство – оттаму, и на неговата воена и политичка сила. Многупати е истакнувано дека, по повлекувањето на Персијците, на териториите од Аксиј до Стримон се јавил воено-политички вакуум; поскоро, би требало да се каже дека станувало збор за воено-политичка дезориентираност.

Оттука, станува јасно како Александар воопшто можел да го искористи моментот и, пробивајќи се низ нивните територии, да излезе на брегот на Стримон, при сѐ што едно или две десетлетија пред тоа Аминта не бил ниту подготвен, ниту пак доволно силен да се нафати на ваков потфат. Секако, Александар морал да наиде на отпор – ако не од месните жители, тогаш барем од месните владетелски куќи – но сѐ упатува на помисла дека, земено во целина, по

---

[13] Hdt. 8.116.

персиската епизода Крестонците, Бисалтите и Едонците биле премногу слаби за да му пружат ефективен отпор на Александар I.[14] Освен тоа, Персијците сега ги концентрирале своите сили поблизу до Босфор и Дарданелите.[15] Ако се осмелиме да заклучуваме за нивната моментна расположба, би можеле да претпоставиме дека напредувањето на Александар не би требало да им пречи; во секој случај, ако требало да се возобнови нивната власт во Европа, секако било многу попрактично овие територии да бидат под власт на нивен соработник, одошто да се преосвојуваат. Секако, сосем друго прашање е дали Александар се задржал на овие територии доволно долго за да се обиде и да ги управува.

Без оглед на проблемите со управувањето на приклучените територии и нивното задржување, најважна последица од пробивот на Александар било тоа што Аргеадите во ова време ја презеле контролата врз запустените крестонски рудници.[16] Дури и ако се оспори податокот на Херодот – дека од нив Александар извлекувал еден талант дневно – економскиот импулс добиен на овој начин бил повеќе од значаен, и не се огледал само во ковањето монети. Македонија западно од Аксиј била земја сиромашна со рудно богатство, а миг-

[14] Дека ширењето на власта на Аргеадите не минувало без отпор, сведочи и терминологијата на Тукидид (2.99); сепак, треба да се има на ум дека оваа глава е една од најпроблематичните и најразлично толкуваните места во текстот. Толкувањата на истражувачите се поделени: едни безусловно ја прифаќаат вистинитоста на описот (на пример, HAMMOND & GRIFFITH, 1979, *passim*), а други ја прифаќаат можноста дека судирите и раселувањата се однесуваат не на населението, туку најверојатно на месните владетелски куќи (на пример, ПРОЕВА, 1997: 40 sqq.). Се чини дека второто стојалиште има поголема внатрешна логика, а освен тоа, сосем се согласува со нашите претпоставки дека слабоста / заминувањето / прогонувањето на месните владетелски куќи оневозможило организирање подолготраен ефективен отпор, по што Александар успеал да се пробие до брегот на Стримон.

[15] HODLOFSKI, 1979: 70, цени дека станува збор за обид да се заштити наводното седиште на Скудра; доволно е да се потсетиме дека Херодот не спомнува никакво седиште, ниту пак место со слична функција. Како и да е, Персијците ги задржале посадите во Ејон, Дориск и Сестос сè до зимата 479/8 ст.е. Очигледно, во персиски раце останале само стратешки најважните точки, од кои, ако се укажела прилика, лесно можела да се возобнови контролата во внатрешноста.

[16] O. DAVIES, *Roman mines in Europe*, Oxford 1935 (*non vidi*), ги сместува овие рудници близу денешната планина Дисорон, источно од изворот на Ехедор (ден. Галикос). Сепак, *cf.* BORZA, 1982: 17, кој ја дозволува можноста дека, во античко време, под името Дисорон се подразбирал целиот потег на ридско земјиште западно од Стримон; оттаму, езерото Прасијада би се наоѓало во долниот тек на реката, а рудниците на Александар – токму наспроти Пангајската гора. Оваа претпоставка заслужува внимание.

донските наоѓалишта во V век ст.е. сè уште не се користеле. Пред пробивот кон исток, единствен начин на кој Александар можел да дојде до сребро бил – да тргува со дрво за бродоградба. Сега, откако воспоставил контрола над крестонските рудници, македонскиот крал можел да води независна трговска политика и, при трговијата со дрва, да не ги зема предвид само економските потреби на државата, туку да работи и во согласност со своите политички интереси.

• *Случувањата западно од Аксиј.* – Погоре расправавме за тврдењето на Хамонд дека Александар I ја добил Горна Македонија како „подарок" од Персијците; како што видовме, неговата теорија не можеше да се поткрепи со издржан изворен податок, а не се согласуваше ниту со општиот кадар на дејствијата, ниту пак со подоцнежните случувања. Всушност, активностите на македонските кралеви кон запад и северозапад се посведочени толку лошо, што меѓу современите истражувачи има големо несогласување дури и за времето кога горномакедонските области потпаднале под централната власт на Аргеадите.[17] Сепак, тешкотиите со кои ќе се соочиме не се поголеми од оние кај источните области; затоа, треба накусо да се навлезе и тука, со цел да се добие слика за границите и силата на македонското кралство по завршувањето на бојната врева во Европа.[18]

Прва на ред е Еордаја, планинската област во непосредно соседство на плодната Ботиаја, за чие приклучување кон кралството зборува Тукидид.[19] Но, овој пасус, можеби најпознат за истражувачите на античка Македонија, е обременет со низа проблеми во хронологијата, толкувањето и начинот на кој е составен. Поаѓајќи само од податокот на Тукидид, невозможно е да се каже кога се случиле опишаните настани; за жал, нив ги нема во ниту еден друг извор. Разбирливо, искажани се многу спротивставени мислења, кои се движат од 520 ст.е.[20], па сè до 470 ст.е. или дури и подоцна.[21]

Еден од начините да се фрли светлина врз овој проблем, е да се размислува за можните правци по кои македонската воена сила би навлегла во оваа област. Има само три природни влеза во Еорда-

---

[17] Еден од најголемите проблеми е целосното отсуство на *case-studies*, за кое зборува Borza.

[18] Прегледен географски приказ на областите за кои станува збор тука дава Borza, 1990: 31-38; *cf.* и Проева, 2004, делот за границите и поделбата на античка Македонија.

[19] Thuc. 2.99.

[20] Hammond & Griffith, 1979: 63.

[21] Edson, 1970: 31; Borza, 1990: 124.

ја кои се малку порамни, па би можеле да се искористат за навлегување со војска: превалецот Клисура меѓу Костурското и Рудничкото езеро, рамнината над Кожани, каде подоцна се двоел македонскиот кралски пат, и превалецот Кара Бурун, меѓу Костурското езеро и Едеса. Очигледно е дека Клисура и Кожани веднаш треба да се исклучат, зашто првиот пат води во Еордаја од Орестида, далеку од досегот на Аргеадите во ова време, а вториот – од Елимеја, со која односите биле мошне специфични и која не можела да се користи како појдовна точка за ширење на кралството. Останува, значи, само превалецот Кара Бурун.

Местоположбата на овој превалец укажува на неколку интересни нешта. Тој се наоѓа на благите северни падини на Бермион, на половина пат меѓу Едеса и Островското езеро. Но, со својата местоположба, тој може лесно да послужи и како врска меѓу Еордаја и Алмопија, која, пак, речиси нема природна граница со Ботиаја. Ваквата состојба на нештата наведува на помисла дека ширењето на власта на Аргеадите во Ботиаја, Еордаја и Алмопија треба да се сфати како еден процес, кој најверојатно се случувал во куси временски раздели. Оттука, приклучувањето на Еордаја сепак би било во VI век ст.е., значи некаде околу 520, или можеби и порано.[22]




*Горномакедонските области западно од реката Аксиј*

Она што Александар, од своја страна, можел да го направи, било да размислува за проширување на своето влијание од Еордаја кон Орестида и Параваја, со што би излегол на етничката граница

[22] Дополнителен аргумент против датирањето на ова приклучување во или по 470 ст.е. се и собитијата од овој период, кога Атина почнува да покажува жив интерес за северот. Многу е поверојатно дека Александар внимавал на притисокот врз македонските територии источно од Аксиј, одошто дека размислувал за ширење кон запад.

со Епир.[23] Сепак, опишувајќи го следот на настаните од 429 ст.е., Тукидид пишува дека Антиох, басилејот на Орестида, му дал илјада воини на Оројд од Паравaја;[24] очигледно, овие две области и нивните локални владетели сè уште дејствувале независно и соработувале на политички план, па се чини дека Аргеадите не биле доволно моќни за да им го наметнат своето влијание.

Веднаш на југ од Еордаја се наоѓала Елимеја, област со извонредно стратегиско значење. Освен што целосно го опфаќала големиот свиок на Халиакмон, преку неа оделе и неколку важни патни правци кон северна Тесалија и Епир. Згора на сè, таа се наоѓала во непосредно соседство на Пиерија, а била и лесно достапна од страната на Еордаја. Оттука, сосем е разбирливо зошто односите со Елимеја имале значајно место во политичката агенда на македонската кралска династија.

Заплетот ни го раскажува Тукидид. На едно место, тој соопштува[25] дека против Пердика се сојузиле Филип од Амфакситида и Дерда од Елимеја; но, во белешките за оваа глава, некој анонимен схолијаст додал дека овој Дерда од Елимеја бил син на некој си Аридај и, всушност, братучед на Пердика и на Филип. Има неколку претпоставки на современите автори, кои ја испитуваат можната природа на ваквата врска.[26] Според некои, Аридај бил син на Аминта и брат на Александар, а зел за жена елимејска принцеза; други мислат дека Аридај бил басилеј на Елимеја, а зел за жена некоја ќерка на Аминта, т.е. сестра на Александар I; најпосле, се дозволува дека лично Александар зел за жена елимејска принцеза, а Аридај бил нејзин брат и басилеј на Елимеја.

Се разбира, сите три претпоставки имаат недостатоци. Со првата се претпоставува дека сите деца на аргеадот Аридај претпочитале да ја продолжат елимејската, а не македонската кралска лини-

[23] Hammond & Griffith, 1979: 24 се обидуваат да ја реконструираат етничката карта на регионот само врз податоците на Хекатај и Страбон. Обидот да се сплотат податоци од сосем различни периоди и со сомнителна веродостојност е методолошки неприфатлив, што се гледа и од честото менување на заклучоците на авторите. Неколкупати, авторите спомнуваат дека Тимфајците, Орестите и Пелагонците биле Молоси кои зборувале на западен грчки дијалект, но не е јасно дали тие преземаат ставови од античките извори, или пак станува збор за нивно мислење. Патемно, Тукидид (2.99 и 4.83) вели дека Линкестите и Елимејците се Македонци; дали оттука треба да се сфати дека македонските Линкести биле притеснети од молоските Орести и Пелагонци?

[24] Thuc. 2.60.

[25] Thuc. 1.57.

[26] Целосен преглед на досега искажаните мислења кај Badian, 1994: 127-8.

ја, зашто во подоцнежните генерации во Елимеја не е забележано ниту едно македонско благородничко име.[27] Освен тоа, ако се дозволи дека Македонец, припадник на семејството Аргеади, бил татко на подоцнежниот басилеј на Елимеја,[28] тоа би значело дека Елимеја потпаѓала под врховната власт на Аргеадите[29] што, судејќи според подоцнежните настани, е малку веројатно. При втората и третата претпоставка нужно е да се прифати дека басилејот на Елимеја се викал Аридај, иако ова име повеќе воопшто не се јавува кај Елимејците, а и не спаѓа во автохтоните елимејски владетелски имиња.

Во моментов, нештата се чинат понејасни од кога и да е: треба да се признае дека на ова прашање не може да се даде едноставен и доволно издржан одговор. Но, во крајна линија, сигурно е дека имало брачна врска меѓу двете династии, и дека се случила во време на Александар – или, поточно, една генерација пред Пелопонеската војна. Подоцнежните настани укажуваат дека оваа врска не значела, ниту пак била резултат на некаква контрола или дури припојување на Елимеја кон кралството. Едноставно, станувало збор за залог за добрососедски односи, политичка соработка и зголемена безбедност за обете страни.

Останува уште проблемот со Линкестида и Пелагонија, кој не произлегува непосредно од античките извори, туку од едно современо толкување, кое веќе го анализиравме погоре. Според она што беше кажано, не би требало да очекуваме дека Александар можел да полага право на овие две области; всушност, како што може да се прочита во наративните извори, Линкестите ќе му создаваат неволји и на Пердика II, па дури и на Аминта III, за најпосле да станат дел од македонското кралство дури кон средината на IV век ст.е.

## Новото соседство на Аргеадите

И покрај повлекувањето на Персијците и пробивот на Александар I кон исток, многу нешта сè уште не биле доволно дефинирани. На пример, допрва требало да се види каква ќе биде судбината

[27] Како приближна паралела за ова се зема примерот на Аминта, синот на Бубарес и Гигаја.

[28] Правилно забележано уште од Beloch (*Griechische Geschichte* III$^2$, 72 sqq.), кој тврди дека за такво нешто било премногу рано.

[29] Badian, 1994: 129-130 се труди да го објасни ова со мошне необична и неверојатна спекулација – дека младиот Аминта бил подготвуван да стане сатрап на идната голема македонска сатрапија, „која покрај вазалната Македонија би ја вклучувала и Елимеја“.

на персиските посади, во која насока ќе се одвиваат понатамошните борби, дали се оправдани стравовите од персиски противудар и дали треба да се очекува враќање на силниот непријател во Европа. Сепак, една работа била повеќе од јасна: Александар и Македонија дефинитивно станале чинител на политичката сцена во Егејскиот басен, а македонскиот крал не можел – дури и да сакал – да го избегне учеството во идните политички игри и надмудрувања со претпоставените соперници. Треба да се нагласи дека Александар и претходно покажал дека умее да биде сојузник и соработник, дури и на две спротивставени и завојувани страни; но, кадарот на дејствијата сега бил малку поинаков.

● *Хеленскаѿа конѿраофанзива.* – Додека Александар се обидувал да воспостави првична контрола на териториите меѓу Аксиј и Стримон, Хелените ја продолжиле борбата против Персија. Откако копнена Хелада била ослободена од персиската опасност, тежиштето било префрлено на островите. Крајната цел на дејствијата била Персијците да се истераат од сите територии населени со Хелени; непосредната цел, пак, не била толку амбициозна – важно било да се преосвојат пристапните територии (островите, хелеспонтското крајбрежје, Кипар) и на тој начин логистички да се оневозможи персиски противудар.

Развојот на настаните одел во полза на здружените хеленски сили. Уште додека војските на Павсанија и на Мардониј ја биеле битката кај Платаја, хеленската флота, под заповедништво на Леотихида и Ксантип, испловила кон Јонија. Персијците не прифатиле бој на море,[30] па Хелените лесно се истовариле и, со помош на Јонците во персискиот логор, го совладале непријателот. Персиските бродови биле запленети и запалени. Уште позначајна била успешната опсада на Сестос, каде бил крајот на персискиот мост меѓу Азија и Европа.[31] Следната година, Персијците ги оставиле и Кипар и Бизантиј,[32] со што хеленската флота добила речиси целосна слобода

---

[30] Hdt. 9.96.

[31] Hdt. 9.114; Thuc. 1.89; Diod. 11.37.5.

[32] Сепак, *v.* Balcer, 1997, чии укажувања секако заслужуваат внимание. Преку соодветни примери, авторот укажува дека Персијците успеале да ја задржат контролата врз речните долини и делтите во Мала Азија, и дека Делоскиот сојуз ниту во третата деценија на V век ст.е., ниту пак подоцна, не успеал целосно да го ослободи малоазиското крајбрежје. Доказ за ова би била персиската контрола на градските центри (*astea*) на јонска Еритра и Милет во 454 год. ст.е., посведочена и во наративните извори, и во архивските документи. *V.* го и деталниот список на литература за истово прашање, што го дава авторот.

на движење. По овие успеси, голем дел од Егејското море бил под контрола на Хелените; заканата од персиски противудар станала нереална, а копнена инвазија од Азија веќе била сосем невозможна.

Сепак, внатрешната состојба во организацијата на здружените хеленски сили не одела во чекор со воените успеси. Предводништвото во сојузот дотогаш го имала Спарта, пред сè поради угледот на нејзината копнена војска; но, тежиштето на дејствијата веќе не се наоѓало во копнена Хелада, туку било претежно на островите, на Хелеспонт и во Јонија, што подразбирало поморска моќ и искуство во преземање такви потфати. Спарта имала незначителна флота и сосем мало искуство во војувањето на море, па почнала да го чувствува сопственото предводништво како товар и несакана економска обврска; ова, пак, совршено се поклопило со расположението на голем број учесници во војната, кои во сè поголема мера почнале да се групираат околу Атина. Разликата во ставовите сè појасно излегувала на виделина, а кулминирала набргу по битката кај Микале, кога се јавила неслога во врска со судбината на Хелените во Мала Азија. Би се рекло дека замената на предводничкото место била логично решение, кое ги задоволувало двете страни. Спарта, традиционално нерасположена да учествува во големи воени дејствија, освен ако не е непосредно загрозена, била задоволна што успеала да се ослободи од потфат кој несомнено би ја нарушил нејзината економска стабилност, а од кого би немала никаква непосредна добивка; Атина, пак, сега добила одврзани раце да решава за судбината на островските и на малоазиските полиси, со кои делела заеднички економски и стратегиски интереси.[33]

Безмалку сите полиси на Пелопонес го делеле мислењето на Спарта, па во 478 год. ст.е. Пелопонес во целост и официјално го раскинал Хеленскиот сојуз.[34] Но, други полиси ценеле дека војната

[33] Наводно, двете страни биле задоволни од расплетот во врска со предводништвото во војната, што секако не значи дека понатамошните односи меѓу Спарта и Атина биле хармонични; за ова, впрочем, зборува и епизодата со Темистокле и обновата на атинските бедеми.

[34] Сепак, *v.* алтернативната теорија кај Demir, 2000, која е интересна и заслужува внимание. Авторот претпоставува дека Атињаните и нивните сојузници го искористиле однесувањето на Павсанија како повод за да го преземат предводништвото од Спартанците. Наводно, Атина и Спарта уште пред тоа спореле за предводничката улога, а нивното надбивање го достигнало врвот кај Бисантиј, па Атињаните вешто ја искористиле приликата. Ако ова е точно, тогаш обвиненијата дека Павсанија соработувал со Персијците, и дека само со персиска помош можел да ја одржи контролата над Бисантиј цели седум години (од 476 до 469 год. ст.е.), добиваат на тежина.

против Персија треба да продолжи. Со таа цел, на островот Делос бил основан нов сојуз, под предводништво на Атина.[35] Веднаш штом завршиле работите во врска со осмислувањето, организацијата и спроведувањето во реалност на новата организација, борбата против Персијците продолжила со несмалена жестина.

Мислењата за опсегот на новиот Делоски сојуз во мигот на основањето, зависат од различните претпоставки за ентузијазмот на полисите за војна против Персија и, делумно, од тоа како го толкуваме зборот „јонски“ во текстовите на Херодот, Тукидид и на Аристотел.[36] Во поглед на првото прашање, погоре видовме дека персиската казна по Јонското востание била блага, како и дека во ова време сè уште не се инсистирало на „коренитите“ разлики меѓу Хелените и барбарите, како што се правело подоцна; па сепак, би било претерано да се тврди дека малоазиските Хелени би го претпочитале персиското подаништво, наместо слободата.[37] Затоа, можеме да претпоставиме дека, сè дури се чинело дека потфатот има изгледни шанси за успех, многумина ја одобрувале идејата за продолжување на војната против Персија. Што се однесува, пак, до дефинирањето на поимот „јонски“, има тврдења дека со овој поим биле опфатени само Јонците во најтесна смисла на зборот, значи, само малоазиските полиси што учествувале во Панјонионот; но, меѓу основачките членки секако морало да ги има ајолскиот Лезбос и дорскиот Бизантиј.[38]

Следувала конечна пресметка со последните персиски сили на европска почва[39] – персиските посади во Стримонскиот басен.

• *Случувањата кај Ејон.* – Речиси истовремено со пробивот на Александар кај месноста Девет Патишта,[40] Атињаните и сојузниците го презеле својот прв потфат: под водство на Кимон, нивните

---

[35] Thuc. 1.94; Diod. 11.44.2; Arist. *Ath. Pol.* 23.3-5. Hammond, 1967 дава опсежна анализа на политичките околности при основањето на Делоскиот сојуз. За тоа пишува и R. Sealey, „The Origin of the Delian League“, in E. Badian (ed.): *Ancient Societies and Institutions*, Oxford 1966, p. 233-256 (*non vidi*).

[36] Hdt. 9.104; Thuc. 1.89.2, 1.95.1; Arist. *Ath. Pol.*. 23.4-5. За ова прашање, *v. особ.* анализата на Larsen, 1940.

[37] Hdt. 1.141, 1.152-3.

[38] Hdt. 9.106.

[39] За одразот на овие борби во ликовните прикази, како и за уметничките конвенции при претставувањето на борбите од овој период, *cf.* Bovon, 1963.

[40] Meritt *et al.*, 1950 (3.192-193) претпоставуваат дека првите парични уплати од сојузниците во Делоскиот сојуз биле одредени до пролетта 477 ст.е., токму на време за да стасаат за сезоната за војување. Опсадата на Ејон е прва забележана операција на новиот сојуз.

сили го опсадиле Ејон, силното персиско упориште на устието на Стримон.[41] Персискиот заповедник Богес пружил таков отпор, што Кимон во еден миг му понудил непречено да замине заедно со целата посада; но, Богес одбил. Единствено решение било да се пресече снабдувањето со храна, кое скришум се спроведувало под закрила на месното население, и местото да се изложи на изгладнување. Најпосле, Богес подметнал пожар, ги убил своите најблиски и си го одзел животот. Кимон влегол во Ејон доцна во 476;[42] Атињаните го колонизирале напуштениот град и, со тоа, ја обезбедиле контролата врз влезот во Стримонскиот басен.[43]

Атињаните го запоседнале Ејон во време кога Александар сè уште го држел преминот преку Стримон кај Девет Патишта, само неколку километри подалеку на север; така, Александар I и Атињаните станале непосредни соседи. Ваквата состојба на нештата честопати се посочува како прв судир на интересите на Македонија и Атина во времето по Медските војни, но и како можна причина за подолготрајно непријателство. Борза, на пример, цени дека придвижувањето на силите било меѓусебно предизвикано и дека, без оглед кој го направил првиот чекор, вториот само одговорил на развојот на настаните.[44] Хамонд, пак, оди уште подалеку, тврдејќи дека заземањето на Девет Патишта и на Ејон биле ривалски обиди за контрола на излезот од Стримонскиот басен и устието на реката во Егејското море.[45] Навистина, дејствијата на Александар и Кимон – и во територијална, и во временска смисла – речиси се совпаѓаат; сепак, треба да се размисли дали, освен ова совпаѓање, има друг податок што би укажувал на можно соперништво и повод за раздор.

Пред сè, зачуваните извори не зборуваат за никакво непријателство меѓу Македонија и Атина во ова време. Од она што го знаеме, првите искри на нетрпеливост ќе се јават со обвинението против Кимон, петнаесетина години подоцна. Општиот тек на настаните во целата оваа деценија не укажува ниту на некаква затегнатост – што е сосем разбирливо, зашто политичките интереси на обете страни не само што не се поклопувале, туку дури и се исклучувале. Непосредните интереси на македонското кралство биле насочени кон копното. Погоре видовме во колкава мера се проширило кралството на Александар, со што несомнено се зголемиле и издатоците за одбра-

[41] Hdt. 7.107; Thuc. 1.98.; Diod. 11.60.2; Plut., *Cim.* 7.

[42] Meritt *et al.*, 1950: 3.158-160; Meiggs, 1972: 68-69.

[43] Plut., *Cim.* 7.

[44] Borza, 1990: 119.

[45] Hammond & Griffith, 1979: 102.

на и обезбедување на новите граници, но и грижата за администрирање на новите територии. Всушност, се чини дека, ако Александар некогаш сакал да го насочи својот интерес и кон морето, ова бил најнепогодниот момент. Од друга страна, моќта на Атињаните почивала врз контролата на морето и морските патни правци. Првенствен интерес на Атина бил да се обезбеди целосна слобода на движење за флотата[46] и да се запоседнат најдобро поставените населени места, што би се користеле како воени упоришта, а можеле релативно лесно да се преустројат и во мирнодопски трговски населби. Во ова време, Атина немала причина, ниту пак интерес да не ја почитува македонската хегемонија подлабоко во копното; соодветно на ова, Александар ниту имал мотив, ниту пак реална моќ да го попречи остварувањето на хеленските интереси на море, па и на делот од крајбрежјето каде и тој бил, во некоја смисла, новодојден.[47]

Дејствијата на Стримон не биле поврзани, а уште помалку заемно условени. Преминот преку Стримон бил најлесниот и најмногу користен пристап кон новите територии на македонското кралство. По зацврстувањето во овие области, првиот чекор бездруго бил упатен кон контрола и заштита на пристапот до нив, па Александар, разбирливо, веднаш го запоседнал преминот.[48] Ејон, пак, не бил само место со персиска воена посада, туку и важна персиска база за снабдување, од каде се покривале потребите на војската во речиси целата област; поради одличната местоположба, тој можел да послужи и како место каде ресурсите од внатрешноста по морски пат се упатувале за Атина. Долгата опсада на Ејон и усрдноста со која Кимон се трудел да го освои упатуваат на помисла дека интересот на Атина не бил мотивиран само од желбата да се изгонат Персијците.[49]

---

[46] На пример, наспроти она што ни го кажуваат античките извори, опсадата на Скирос (Thuc. 1.98; Diod. 11.60.2) поскоро била мотивирана од желбата морето да се исчисти од пирати и островот да се искористи како воено упориште, одошто да се пренесат во Атина моштите на Тесеј.

[47] Освен тоа, градовите долж брегот на Халкидик биле атински сојузници уште од времето на воените операции вротив Персијците. Како што видовме погоре, Херодот (8.126, 9.28) кажува дека, во 480/79 ст.е., Потидаја веќе кренала бунт против Персијците и пратила триста хоплити кај Платаја. Дискусија за градовите западно од Стримон кај Meritt *et al.*, 1950: 3.217-223.

[48] За ова зборува Демостен (*Epist. Phil.* 21), кој ја спомнува и златната статуа на македонскиот крал, поставена во Делфи (исто и кај Херодот, 8.121). Посредните кажувања на Демостен (*In Aristocr.* 200 и *De rep. ord.* 24) укажуваат дека освојувањето на Девет Патишта не било насочено против Атина, туку поскоро против Персијците. За проблемите во врска со тврдењата на Демостен, *v.* Cole, 1977: 29, како и Hammond & Griffith, 1979: 101, заб. 4.

[49] На местото на освоениот и напуштен Ејон Атињаните воспоставиле колонија.



*Поглед од преминот Девет Патишта кон Ејон, на морскиот брег*

Сепак, во едно нешто интересите на Македонија и Атина се совпаѓале. Александар сè уште ги поседувал најбогатите резерви на дрво на северот, а згора на сè, со заземањето на Девет Патишта, добил пристап и до богато пошумените предели во заднината на северното крајбрежје.[50] Атина, пак, сега требало да одржува и обновува голема и исклучително активна флота, па дрво за бродоградба ѝ требало повеќе од кога и да е. На Атињаните, предводени од Темистокле, им претстоела мудра и трпелива игра, во која најважно било да не се предизвика заладување на односите со главниот снабдувач со дрво.

Изворите од ова време не кажуваат речиси ништо за односите меѓу Темистокле и Александар, но логиката на нештата укажува дека било од обостран интерес да се одржуваат коректни односи.[51] Нема причина да се сомневаме дека Темистокле се трудел да одржува стабилна врска со Александар и македонското кралство. Има мислења дека Александар уште во тоа време ја почувствувал опас-

[50] Освен Херодот (5.23), за богатството на областа сведочи и податокот на Тукидид (4.108), кој говори за важноста на Амфипол во атинското снабдување со дрвна граѓа.

[51] Единствен опредметен податок за врските на Темистокле и Александар е податокот дека, кога Темистокле бил принуден да замине од Атина, Александар му дал прибежиште во Пидна. За жал, од него не може да се просуди дали станувало збор за чин на лично пријателство меѓу двајцата државници – што е поверојатно – или, пак, за средба на повисоко ниво.

носта од јакнењето на Атина и Спарта и, поврзувајќи се со демократите од Аргос, заговарал создавање на трета, независна политичка опција во Егејскиот басен.[52] За жал, скудноста на податоците што ни се на располагање не дозволуваат да се просуди за веројатноста на ваквата постапка: сите претпоставки што тргнуваат од ова стојалиште тешко можат да ги надминат ограничувањата на современите конјектури и спекулации.

Засега, се чини, е најдобро да се претпостави дека – заклучно со прогонството на Темистокле – во односите на Македонија и Атина сè уште немало искри. Тоа што дејствијата се воделе во непосредно соседство, не значи дека биле конкурентни; со постојаното атинско присуство на северното крајбрежје, таа допрва требало да се изроди.

● *Александар, Херодот и Атина.* – Нашиот приказ на улогата на Александар I во Грчко-персиските војни наближува кон крајот и, ако се фрли поглед на сè што беше кажано досега, изгледа дека останува уште една, можеби најголема од сите загатки, која треба да се објасни. Како, и врз основа на што, некој се досетил да го нарече Александар I – Филхелен, кога тој целосно го почитувал заветот за земја и вода што го дал неговиот татко; никогаш не ја оспорил брачната врска на неговата сестра со Бубарес; давал логистичка и војничка поддршка во текот на походот на Ксеркс и Мардониј; и најпосле, извлекол најголема територијална и економска корист од повлекувањето на Персијците од тракомакедонското крајбрежје, а мошне брзо се снашол на новата политичка сцена и нашол заеднички интереси со хегемонот на Делоскиот сојуз?[53]

Сосем е веројатно дека Александар I го добил овој „ласкав“ епитет поради неколкуте „херојски“ епизоди, во кои го гледавме како убива персиски пратеници, ги спасува Хелените кај Темпе, ја обе-

---

[52] Cole, 1978: 46-47, цени дека интересот на Александар за состојбата во Аргос произлегувал од блиските врски со Темистокле кој, за време на прогонството во Аргос, тежнеел кон осмислување на сојузништво кое би служело како противтежа на Спарта и Атина. Но, тешко може да се сфати на кој начин и зошто Александар би се зближил со Аргос по помошта што ѝ ја укажал на Атина. Авторот укажува дека има основа да се претпостави лична врска меѓу Александар и Темистокле, но обидот Александар да се поврзе со политичките махинации на Пелопонес не е убедлив.

[53] Всушност, епитетот „филхелен“ за првпат е посведочен прилично доцна: првпат се спомнува во изворите во II век н.е. (Dio Chrys. 2.33), а веројатно потекнува од александриско време, поточно од александриските схолијасти на Тукидид (на пример, 1.57) и на Демостен (3.35.7 и др.). *V.* дискусијата кај Hammond & Griffith, 1979: 101; Badian, 1982: 46; како и кај Borza, 1990: 113.

збедува Бојотија и им го јавува персискиот боен план на Атињаните. Проблемот е во тоа што, како што видовме, ниту една од овие херојски епизоди нема допирни точки со историската вистина. Ако ова е точно, тогаш нашиот проблем не е врзан за Александар I и за неговата вистинска улога во војните, туку поскоро за Херодот и за начинот на којшто тој ни го прикажува македонскиот крал.

Во врска со овој проблем досега се искажани многу хипотези, кои честопати се засновани врз нереални сценарија.[54] На пример, се тврди дека Александар му оставил особено поволен впечаток на Херодот, и дека успеал да му ја „сервира“ македонската пропаганда за Грчко-персиските војни, при сѐ што нема никаков податок дека двајцава воопшто се сретнале.[55] Се разбира дека современите спекулации за патешествијата на Херодот треба да се остават настрана; сепак, останува фактот дека историографот во неколку наврати внел во текстот епизоди што или не се случиле, или пак имале сосема поинаков тек, и ги искористил за донекаде да ја поправи сликата за македонскиот крал и за неговите потфати во војните.[56] Но, тогаш следува неизоставното прашање, cui bono?

Македонското учество во персискиот строј е непобитен факт, и тоа никако не може да се сокрие; но, факт е и тоа дека Александар I немал којзнае колкаво влијание врз нештата и дека, иако имал маргинална улога во неколку воени епизоди, не би можело да се каже дека влијаел ниту на избивањето, ниту на текот, ниту на исходот и последиците од грчко-персиските непријателства. Друга работа што треба да се има предвид е дека, во времето непосредно по победата кај Платаја, кај Хелените може да се забележат два спротивставени става кон оние што медизирале.[57] Од една страна, се јавува тенденцијата за простување и помирување, со цел да им се овозможи на сите, без оглед на минатите гревови, да учествуваат во прославата на слободата; токму поради ова, многу политички фигури од тоа време избегнале да поднесат сметка за своите потези и минале без

[54] Преглед и критика на мислењата кај Scaife, 1989.

[55] Ваква тенденција, со различен обем и убедливост, може да се забележи кај Daskalakis, 1965: 147-149, 155, 209; Hammond & Griffith, 1979: 59, 98-99; Badian, 1982: 45; како и кај Borza, 1982: 8-11.

[56] *Contra* Scaife, 1989, кој цени дека ликот на Александар е само стилистичко орудие на Херодот, преку кое историографот ја потцртува тенката линија меѓу хеленството и барбарството, кралувањето и тиранијата. Веќе кажавме дека кај Херодот може да се забележи ваквата намера, но само на одредени места и во одредени ситуации; сепак, би било нереално севкупниот лик на Александар I кај Херодот да се означи како стилистичка конструкција.

[57] Опсежна анализа за ова, со соодветни примери, дава McMullin, 2001.

никаква казна. Од друга страна, имало и такви што биле обележани како „слуги на Медите", па морале да претрпат соодветна казна. Но, најголемиот дел од овие примери се посведочени во Атина, а познато е дека атинските политичари редовно го користеле ова обвинување за да го запалат демосот и да ги остракираат своите противници; значи, зад овие обвиненија не се криела желба да се казнат соработниците на Персија, туку да се добијат политички поени.

Очигледно е дека ниту едниот, ниту другиот став кон персиските соработници не може да се примени во врска со Александар I. Без оглед на тоа што го раскажува Херодот, тешко дека македонскиот крал влегувал во редот на „Хелените" што си подавале рака во знак на братско помирување, ниту пак него го засегала атинската политичка сцена, за да мора да внимава на расположението на демосот; тешко може да се најде причина, поради која Александар би бил засегнат од она што го пишува Херодот, или би ценел дека неговата улога треба некако да се „поправи".

Всушност, ако воопшто има играч на политичката сцена кому му требал „чист" Александар – кој бил во персискиот строј, но цело време работел во полза на Хелените – тоа поскоро е атинскиот полис. Хегемонот на Делоскиот, а потоа на Атинскиот поморски сојуз, бил предводник на борбата за чистење на Егејскиот басен од персиско присуство; и повеќе од тоа, во годините што уследиле – токму во времето кога Херодот го пишувал неговото дело – атинската пропаганда отишла дотаму, што Атина почнала да се нарекува „мајка на сите Јонци", „упориште на слободата" и „Хелада на Хелада"; би било мошне иронично ако полисот, што си ги припишува сиве овие квалитети и заслуги, ја гради и ја одржува својата флота – подлогата за неговата воена и економска моќ – благодарение на соработката со „персиски слуга", „пријател на Медите" и, според Спартанците, „тиранин што соработува со тирани".

Кон ова треба да се додаде уште една работа, која често се заборава. Стилистичката илузија во делото на Херодот е направена толку вешто, што читателите добиваат впечаток дека читаат текст современ со настаните што ги опишува, или барем дека историографот го составил делото непосредно по настаните од походот на Ксеркс; всушност, вистината е сосем поинаква. Кај Херодот има многу укажувања дека последната верзија на неговото дело е составена длабоко post festum, дури на почетокот на Пелопонеските војни – и дека дури и атинската Пентаконтаетијата за Херодот е завр-

шен факт.[58] Најголемиот дел од неговите податоци се од атински извори, па може да се претпостави дека историографот пишува во Атина и за атинска публика,[59] при сѐ што се чини дека неговото дело им е посветено на сите Хелени. Ако, пак, се земе предвид и општествениот углед на Херодот, кој веќе бил почитуван атински граѓанин, како и неговите врски со Перикле и со атинскиот политички врв, воопшто не е неверојатно дека оваа поправка дошла по нарачка не на Александар, туку токму на Атина.

Но, тука веќе треба да се застане, зашто со ова влегуваме во полето на конјектури кои се логични и веројатно точни, но не може да се докажат.

● *Крајот на една епоха.* – Што се однесува, пак, до Персијците – не минало многу време, а тие успеале речиси целосно да ги амортизираат загубите од срамниот пораз. Но, наместо воени походи, бесмртници, неброени копнени одреди, бојни флоти и армии од инжинери, во иднина нивното главно оружје ќе бидат дареикот и мудрата дипломатија, со кои вешто ќе го држат под контрола хеленскиот свет. Хелените, од своја страна, веќе никогаш нема да го достигнат степенот на единство и сплотеност во име на заедничките цели, што ги имале во годините откако Ксеркс ја запалил Атина.

Многу податоци во подоцнежните извори сведочат дека нештата добиле неочекуван тек, и дека – наместо да спроведат сеопфатна контраофанзива и еднаш за секогаш да расчистат со персиското влијание во Егејскиот басен – Хелените станале жртви на сопствените, но и на персиските политички игри. Тукидид пишува дека Алкибијад го убедувал Тисаферн да ги урамнотежи[60] и да ги истошти[61] Хелените, додека овие се борат едни против други; Ксенофонт, пак, раскажува како Тисаферн го советувал Кир Помладиот, и спомнува

---

[58] Во врска со ова, задолжително *v.* анализата кај Carrière, 1988, 246 sqq. Укажувањата за кои станува збор се, на пример, 6.91 (протерувањето на Ајгињаните летото 431); 7.137 (убиството на Аристеј од Коринт зимата 430); 7.233 (смртта на Тебанецот Евримах кај Платаја, пролетта 431); 9.73 (Декелеја, по нападот од 431, но пред оној од 427 год. ст.е.).

[59] Ова станува уште почигледно ако се земе предвид начинот на којшто Херодот ги прикажува Коринтјаните, Тебанците, па дури и Спартанците. *Cf.* и забелешката кај Bury & Meigs, 1978, 184, која се однесува на настаните кај Китајрон, а извонредно го илустрира овој проблем: „Never do the Athenians appear in such an ill light, as in the campaign of Cithaeron; and in no case have they exibited so strikingly their faculty of refashioning history, in no case so successfully imposed their misrepresentations on the faith of posterity“.

[60] Thuc. 8.46.1; 8.57.2.

[61] Thuc. 8.46.4; 8.56.

дека ниту еден хеленски полис не може да се нарече силен, туку сите се слаби, а едновремено креваат оружје едни против други;[62] многубројни се и примерите кај Исократ и Демостен, од кои се гледа дека политичката сцена во Хелада е парализирана од персиското злато.[63] Накусо, и Персијците, и Хелените биле совршено свесни дека Големиот крал сè уште ги штити своите економски и политички интереси во Хелада, иако во Европа веќе никогаш нема да зачекори персиска војска – не само зашто Персија веќе не можела да си дозволи таков потфат, туку и зашто немало никаква потреба за тоа. Неофицијалната дипломатија, како и потплатувањето и помагањето на проперсиски настроените политички фигури, функционирале сосем добро; Персија и натаму била главната пречка за воспоставање мир меѓу Хелените, на кои политичката хегемонија во копнена Хелада им била поважна од колективната безбедност и од напредокот на хеленскиот свет.[64]

Оттука, станува разбирливо зошто повлекувањето на Персијците во 479 год. ст.е., барем за извесно време, било последната епизода во непосредните односи на персиското и македонското кралство. Тракомакедонското крајбрежје и Македонија имале големо логистичко и воено значење за Персијците – но само во случај на нивно физичко присуство и воени дејствија во Европа; во време кога главно оружје на Персијците станале дареикот и неофицијалната дипломатија, биле воспоставени непосредни и отворени врски со хеленските полиси и политички фигури, на кои не биле потребни ниту логистичка поткрепа, ниту посредник. Иако ја продолжиле играта на иста политичка сцена, Персија и Македонија веќе немале непосредни политички контакти. Нивното повторно воспоставање – но не во исти услови, ниту со иста природа како порано – ќе уследи по нешто повеќе од еден век, за време на владеењето на Филип II.

[62] Xen. *Hell.* 1.5.9.

[63] На пример, соодветно Isocr. 4.134, 138-139; Dem. 10.51.

[64] Подетален, дијахрон приказ на персиските дипломатски активности во копнена Хелада дава Рунг, 2006.

# XI
# ФИЛИП И ПЕРСИЈА

Новата реалност на старите познаници. – *„Општите мирови“ и хеленската пасивност. – „Големиот бунт“ на сатрапите. – Хеленскиот удел во собитијата. – Како да се сфати бунтот. – Слаба или силна Македонија?* – Кој бара војна? – *Диодор и плановите на Филип. – Политичките сништа на Исократ.* – Персиските искуства на Филип II. – *Тракија како влог и залог. – Случајот на Хермија од Атарнеј. – Опсадата на Перинт и Бизантиј. – Преписката на Дареј и Александар.* – Мир и поход. – *„Општиот мир“ и придобивките од него. – Во војна. – Антиклимакс.*

## Новата реалност на старите познаници

● *„Општите мирови" и хеленската пасивност.* – За економската слабост и за политичките поделби на Хелените во IV век ст.е. е пишувано толку многу, што овој проблем веќе стана општо место во современата стручна литература.[1] Нас нè интересира општиот кадар во кој Филип ја осмислувал надворешната политика на македонското кралство и ги поставал насоките за идната пресметка со политичките непријатели, па затоа ќе биде доволно да се даде само кус приказ на состојбата.

Големите политички, економски и дипломатски потреси што се случиле кон крајот од V и во првата деценија од IV век ст.е. – а секако и војните што се изродиле од нив – јасно покажале дека ниту еден полис веќе немал економски и воени ресурси за да обезбеди политичка превласт во копнена Хелада. Сосем спротивно, отпорот против обидите за хегемонија што најпрвин Атина, а потоа и Спарта, се обиделе да ги спроведат во хеленскиот свет, изродиле нова појдовна основа во политичките односи во Хелада – автономија за сите полиси, без оглед на нивната големина, економска или воена моќ. Оваа основа, сама по себе, не била ништо ново и дотогаш невидено, зашто станувало збор за основниот принцип во политичките договори, што важел пред хегемонистичките обиди на Атина и

[1] Cf. HAMMOND & GRIFFITH, 1972: 216-17, со детален список на постарата литература.

Спарта; сепак, сега биле прифатени и некои нови правила во подготовката, условите, функционирањето и спроведувањето на мировните договори. Освен првиот и главен услов, сите хеленски полиси да бидат слободни и автономни, сѐ позабележлива станувала тенденцијата ваквите договори да ги опфаќаат сите Хелени – значи, не само двете завојувани страни, туку да бидат договори со општа природа, подеднакво обврзувачки за сите, без оглед дали имале некаков удел во војната што претходела. Поради ова, ваквите договори сѐ почесто се нарекувале „заеднички" или „општ мир".

Би се рекло дека новиот начин на размислување, во содејство со воената и политичка немоќ на хеленските полиси, полека почнал да вродува со плод. Опишувајќи ја состојбата по битката кај Мантинеја, Ксенофонт тврди дека Хелада била уште повознемирена, и во уште поголема нерамнотежа по битката, отколку пред неа;[2] но, се чини дека оваа црна слика за нештата не може да биде сосем точна. Вистина е дека во оваа битка ниту имало победник, ниту пак со неа се воспоставил (барем краткотраен) ред на хеленската политичка сцена; но, треба да се има на ум и тоа дека, и покрај очекувањата и интимните желби на Ксенофонт, победата кај Мантинеја не значела и автоматско отворање можност за нова хегемонија во Хелада; напротив, единствената поука што можела да се извлече од неа, е дека времето на хегемоните во хеленскиот свет полека, но неповратно истекувало.

Состојбата во Хелада ниту била особено средена, ниту пак стабилна – но, за Хелените во тоа време веројатно било поважно тоа, што не била проткаена со никаква судбинска опасност. Хеленските политички фактори биле слаби и разединети и, за сметка на тоа, општото расположение почнало да претежнува кон запирање на војните меѓу Хелените и обезбедување подолготраен мир, за да можат да закрепнат и економијата, и општеството во целост. Единствен проблем било што, веќе подолго време наназад, Хелените не се обидувале да го постигнат тоа само со сопствени сили; иронијата да биде поголема, улогата на гарант за мирот и стабилноста во Хелада сѐ почесто му била давана на кралот на Персија.

Гледано од персиска гледна точка, вмешувањето на кралството во хеленските работи било извонредна пропагандна можност за да се поправи сликата за Персија во очите на Хелените, и тоа не само како правичен арбитар и гарант за почитувањето на мирот, туку и како искрен пријател и сојузник. За наводното „филхеленство"

---

[2] Xen. *Hell.* 7.5.62.

на Големиот Крал, како и за целата лепеза начини со кои постојано го нагласувал, може да се пишува долго и широко;[3] врв на овие обиди се несомнено преговорите во 368/7 год. ст.е., кои биле водени во кралската палата во Суса.[4] По завршувањето на овие преговори, во најголемите хеленски полиси стасале персиски пратеништва со пишано послание, во кое кралот ги молел Хелените да се заколнат на почитување и верност на постигнатиот договор. Дел од полисите одбиле да го сторат ова, зашто цениле дека тоа значи прифаќање на Персија за рамноправен играч на хеленската политичка сцена;[5] сепак, останува впечатокот дека еден дел од Хелените, како никогаш пред тоа, мислеле дека неслогата и расправиите може да запрат, а во Хелада може да се внесе ред, благодарение на потпората на големиот Крал.

● *„Големиот бунт" на сатрапите.* – Од денешна гледна точка, секому му е јасно дека станува збор за илузија што требало да се искористи и, во поволен миг, со парализирање на хеленската политичка сцена, без никаква посериозна воена акција, Персија еднаш засекогаш да го реши „хеленското прашање“. Но, домашните неволји уште еднаш се испречиле пред плановите на Кралот. Наместо да внимава на состојбата преку морето, тој морал да се справува со серија внатрешни немири, што во современата литература вообичаено се нарекува „Големиот бунт на сатрапите.“[6]




*Сатрапи и персиски управители: 1. Тисаферн (?), споменик од Ликија; 2. Афтофрадат, од „Саркофагот на Пајава“; 3. Кереј од Ксантос, монета; 4. Тисаферн, монета; 5. Фарнабаѕ од Даскилеј. Според Head: 1992.*

---

[3] Мошне детална анализа за угледот на персискиот крал и неговото место на политичката сцена во Хелада даваат Рунг & Холод, 2006, *q. v. Cf.* и Душанић, 1990: 130-146, со анализа на одгласот на ваквата состојба во литературните извори.

[4] *Cf.* Xen. *Hell.* 7.1.33-40; Plut. *Pel.* 30-31; Plut. *Artax.* 22.

[5] Xen. *Hell.* 7.1.39-40.

[6] Детален приказ на настаните кај Hornblower, 1994a: 84-90; Hornblower, 1982: 170-82; Weiskopf 1989. Главен пишан извор е „Животописот на Датамес“, еден од поважните животописи од Непот, каде има материјал што не може да се нај-

Четирите стадиуми на овој бунт – или, поточно, четирите различни бунтови – траеле дваесетина години: од Датамес, кој го почнал во четвртата деценија на IV век, преку Ариобарѕан кон средината на следната деценија, па општиот бунт неколку години потоа, сè до бунтот на Артабаѕ во средината на векот. Во ситуација кога, според Диодор, до 362 год. ст.е. кралот останал без половината од својот фискус, а Египет бил de facto слободен сè до десетина години подоцна, воопшто не е чудно што персиската пресметка со Хелените останала недовршена – токму толку време, колку што било потребно во целата мешаница да се јави уште една заинтересирана страна.




*Фарнабаѕ (413-372 ст.е.), тетрадрахма од Кизик; според* Kraay & Hirmer, *1966.*

За случувањата во Европа е особено интересна втората фаза од бунтот. Таа почнала во Делфи, во 368 год. ст.е., кога Филиск од Абидос почнал да најмува платеници со парите што му ги дал Ариобарѕан, сатрапот на хелеспонтска Фригија.[7] Со овие платеници, наводно, требало да ѝ се помогне на Спарта, но поверојатно е дека биле наменети лично за Ариобарѕан и за бунтот што го намислил. Во тоа време, легитимен сатрап на хелеспонтска Фригија бил Артабаѕ, синот на Фарнабаѕ, роднина на Ахајменидите преку мајка му Апама; Ариобарѕан му бил вујко на овој Артабаѕ, и нему му било заповедано да му ја предаде сатрапијата на внукот, кој во меѓувреме станал полнолетен.[8] Ариобарѕан одбил да го стори тоа, па сатрапите на Карија и на Лидија – Мавсол и Автофрадат – биле пратени против него, а тој се подготвувал да ги пречека во заливот Адрамитиј.[9] Во тој миг, во оваа војна – и тоа на страната на Ариобарѕан – се вклучиле

де на друго место; потоа, Diod. 15.90-93, со податоци за Артабаѕ и во шеснаесеттата книга; други извори што преземаат податоци од Ефор, како на пример Полиајн; за Ариобарѕан, „Агесилај“ од Ксенофонт, а за Артабаѕ и податоците од папирусот Рајнер, *FGrH* 105. За нумизматичките извори, *v. особ.* Moysey, 1989.

[7] Xen. *Hell.* 7.1.27.

[8] *Cf.* Xen. *Hell.* 4.1.40, ако се претпостави дека спомнатиот „брат на Фарнабаѕ“ е Ариобарѕан. Weiskopf, 1989 се сомнева во тоа, но секако *cf.* забелешките на Hornblower, 1990: 365.

[9] Ова се случило или токму во Адрамитиј, или пак во Асос; *cf.* Xen. *Ages.* 2.26; Polyaen. 7.29.6.

Атина и Спарта, со војски предводени од Тимотеј и Агесилај.[10] Ксенофонт кажува дека Агесилај и Мавсол биле семејни пријатели, и дека нивното пријателство било старо веќе триесетина години; ако ова е точно, тогаш може да се сфати чудното однесување на Мавсол, кој во Асос му дал пари на Агесилај, по што била крената опсадата на градот. Може да се спекулира дека, во задннината на сите овие случувања, имало некаков договор во врска со хеленските платеници, можеби во линија со она што Филиск го правел во Делфи; ова би значело дека Мавсол и Автофрадат размислувале да кренат бунт уште додека се бореле против побунетиот Ариобарѕан,[11] – што убаво покажува дека на самопредложениот „средувач" на приликите во Хелада, најпрвин му требало средување на сопствениот дом.

● *Хеленскиот удел во собитијата.* – Но, она што нè интересира тука не е исходот од овој бунт, туку односот и уделот на Хелените во него, од што би можело да се согледаат приоритетите и лојалноста на Хелените во врска со Персија; за жал, нивната лојалност е непредвидлива и енигматична, а мошне е тешко да се определи и хеленскиот удел во собитијата. Официјално, Хелените изјавиле дека не сакаат да се мешаат во бунтот и – ако се суди според дијалектот и фразеологијата на пронајдениот натпис – се чини дека главниот збор тука го имала Атина.[12] Од друга страна, случувањата на теренот покажуваат нешто сосема друго; доволно е да ја спомнеме атинската интервенција на Самос,[13] „морално оправдана" зашто била насочена против Персија, и основањето клерухија, „технички оправдано", зашто Самос не бил член на нејзиниот сојуз. Но, дали атинските дејствија биле насочени против Персија, против Ариобарѕан, или против Мавсол? Би можело да се спекулира дека, во склад со нејзиното противперсиско расположение, Атина би требало со сите расположливи сили да застане зад Ариобарѕан, кој бил во немилост на големиот Крал; сепак, знаеме дека тоа не се случило. Ако нешто воопшто може да се согледа, тоа е фактот дека на Атињаните не им правело никаква разлика ниту кој е сатрап во Даскилејон, ниту кој ќе победи, а кој ќе загуби во внатрешните превирања во Персија. Сосем е можно дека ваквиот став претставувал реакција на решенијата на мировните преговори во Суса, во кои Персија го поддржала предло-

[10] *V.* Dem. 15.9; Xen. *Ages.* 2.26.

[11] Ксенофонт тврди дека во оваа прилика Тахос стапил во врска со Мавсол; за проблемите во врска со ова тврдење, како и за едно од можните решенија, *v.* HORNBLOWER, 1982: 174 sqq.

[12] Tod 145 = Harding 57, веројатно од 362/1 год. ст.е.

[13] Dem. 15.9.

гот на Теба – да се распушти атинската флота, при што еден атински пратеник се заканил дека Атина ќе си бара други пријатели, наместо Големиот Крал“.[14] Ако размислуваме во оваа насока, преговорите во Суса не биле попријатни ниту за Спарта, зашто тогаш била признаена независноста на Месенија; оттука, настрана пријателството на Агесилај и Мавсол, треба да се дозволи и дека Агесилај го прифатил подарокот на Персиецот не само зашто му требале пари, туку и зашто сакал да предизвика дополнителен неред меѓу завојуваните страни.

Работите не се ништо појасни ниту во бунтот на Артабаѕ, четвртата и последна фаза од немирите на персискиот запад. Во оваа прилика, атињанинот Харет ја пустошел хелеспонтска Фригија, а успеал да добие и една битка во внатрешноста на Анатолија, ласкаво наречена „вториот Маратон“.[15] Но, персискиот крал се заканил дека, ако Атињаните не го отповикаат Харет, тој ќе почне да им помага на незадоволните атински сојузници. Откако Атина се повлекла од сцената, Артабаѕ побарал наемници од Теба, која пак веќе била економски истоштена од учеството во Првата (Трета) света војна. Диодор раскажува[16] дека Тебанците пратиле пет илјади наемници на чело со Памен, и дека тие бележеле успеси сè додека Памен не се скарал со Артабаѕ, кој пак заповедал да го убијат Тебанецот. Сосема е можно дека овие наемници, чија понатамошна судбина не се знае, влегле во служба на единствениот што сакал и можел да ги плати – персискиот крал.[17] Што се однесува до Артабаѕ, откако целиот потфат пропаднал, тој пребегал кај Филип II;[18] на него ќе се вратиме малку подоцна.

● *Како да се сфати бунтот.* – Како што може да се види, настаните во првата половина на IV век ст.е. се толку заплеткани, двосмислени и, најпосле, лошо или воопшто непосведочени, што е речиси невозможно да се определи политичкиот компас на учесниците во случувањата. Од она што може да се согледа, но и да се спореди со случувањата од претходното столетие, се добива впечаток

[14] Xen. *Hell.* 7.1.37. Се чини дека тука не станувало збор само за празна закана; настрана Ариобарѕан, на еден натпис, што веројатно треба да се датира во 364 год. ст.е., е посведочен атински сојуз со Стратон, кралот на Сидон. *V.* Tod 139 = Harding 40; *cf.* Moysey, 1976.

[15] Податок од схолијастот на Dem. 4.19, *FGrH* 105.

[16] Diod. 16.34.1.

[17] За ова сведочат исплатените триста атички таланти – точно едногодишна плата за пет илјади луѓе, платени по една драхма дневно; *cf.* Diod. 16.40.

[18] Diod. 16.52.

дека јавната и тајната политика, како и јавната и тајната дипломатија, смисловно се одделиле и тргнале во спротивни насоки како никогаш пред тоа; јасно исцртаните сојузништва и точно определените политички смерници отстапиле пред најлошиот вид на Realpolitik – во кој сојузници се менувале речиси по дневна потреба, а во војна се влегувало не за јасна придобивка, туку за „добивање позиција“, за враќање долгови, или пак едноставно – за да се наштети на некоја трета страна.

Но, што ни кажува целава оваа мешаница за Персија? Дали во неа треба да се гледа показ дека персиската воена и економска надмоќ била минато, и дека Персија со право го заслужувала епитетот „џин на стаклени нозе“, омилен кај дел од современите истражувачи? Би се рекло дека ова е една од методолошките грешки, што упорно се провлекуваат во историските дела сѐ до денешно време. Совршено е јасно дека Ефор, кој му послужил како главен извор на Диодор, ниту ја измислил целата работа, ниту пак пишувал под влијание на некакви панхеленски мечти на Исократ, Дејнон или Калистен. Бунтови, непријателства и неред навистина имало; проблемот е што тие може да се разгледуваат од различни стојалишта и на различен начин.

Ако на работите им се пристапи трезвено, врз основа на она што го пишува во изворите (а не врз основа на она што може да се насети од нив), лесно може да се види дека во западните сатрапии не се случило никакво сеопшто, обмислено, координирано востание, туку низа локални, неповрзани бунтови, кои се развлекле во текот на две децении. Спротивно на намерите што обично им се припишуваат на Оронт и на Датамес, никаде во изворите не се гледа дека тие имале намера да ги обединат силите, или да се здружат со трета страна, за да го симнат од престолот Артаксеркс II.[19] Единствените воени операции се воделе во Ајолида и Троада, или пак во пограничните области на Датамес; ако навистина имало замисли за заедничка акција, што би се водела подолгорочно и на поширока територија, тие никогаш не биле спроведени во дело. Всушност, прашање е дали такво нешто воопшто и можело да се спроведе, зашто највпечатлива одлика на овие бунтови е токму неслогата на сатрапите од западот. На пример, во приказната за Датамес читаме за неколку последователни предавства – најпрвин од неговиот дедо, потоа од најстариот син, па од многу други пријатели, и најпосле од Митридат, кој му се приклучил на бунтот само за да може да го предаде; Ариобарзан бил предаден од сопствениот син, а Оронт и Рео-

[19] *Cf.* одличната анализа кај BRIANT, 1996: 692-694.

митра се предале и откриле многу заговорници – едниот зашто сакал да добие „големи дарови“ од кралот, а другиот „за да се смири со него“.[20] Во целава оваа работа не се оспорува ниту владеењето на Артаксеркс, ниту пак воопшто на Ахајменидите; без оглед што Диодор го спомнува поимот basileia во врска со Хелеспонтска Фригија,[21] нема укажувања ниту дека структурата на власта е ставена под прашање, ниту пак дека е воспоставена алтернатива на династичкиот континуитет во Суса, во вид на некакво ново, независно кралство или каков и да е друг облик на „лична“ власт. Претходно укажавме дека, во V век ст.е., персиските сатрапи дејствувале во идеолошкиот кадар на системот лојалност/кралска милост, поради што честопати влегувале и во лични непријателства; очигледно, еден век подоцна, нештата не биле многу сменети.

Сепак, токму фактот што сатрапите во западните области на кралството биле некоординирани, несложни и неспособни да постигнат повеќе, нè исправа пред уште една недоумица. Ако разбунтуваните сатрапи не биле респектабилен противник кој можел да го стави под прашање поредокот на кралството, како да се објасни пасивноста на политичкиот центар и неговата неспособност да заведе ред? И покрај волјата и подготовките на кралот, Персијците не можеле да ја вратат долината на Нил, а во еден миг се случило офанзивата да ја преземат Египјаните; освен тоа, единствената кралска армија што се спомнува на запад е онаа што Охос ја води против Тахос, во последните години од владеењето на неговиот татко. Дали кралот ценел дека силите на лојалните сатрапи се доволни за да се решат неприликите (при сè што веќе не се знаело кој сатрап е навистина лојален), или пак ја потценил ситуацијата, зашто сатрапските бунтови не биле ништо ново (да ги спомнеме само Арсит, Писутнес и Аморгес)?[22] Дури и да е така, по дваесетина години неред на персискиот запад, престолнината секако би сфатила дека е крајно време да се реагира остро и бескомпромисно.

Според сево ова, се чини дека сите искажани аргументи имаат отприлика иста тежина, и дека вистината повторно е некаде на средина. Сатрапските бунтови, сами за себе, не се доказ за некаква длабока и неповратна деградација на персиската држава, ниту на воен, ниту на економски план; поскоро, тие укажуваат на недоволна политичка покриеност и на слаба контрола на периферијата од

---

[20] Diod. 15.91, 92.

[21] Diod. 15.90.3. Сосем е веројатно дека Диодор ја пресликува состојбата од негово време; *cf.* 16.90.2; 20.111.4; 31.19.1-5.

[22] *Cf. Ctes.* § 50; § 52.

страна на престолнината – нешто што беше посведочено (и што ѝ создаваше проблеми на Персија) и во претходниот век, а очигледно не било решено до времето кога Филип II седнал на македонскиот престол.

● *Слаба или силна Македонија?* – Додека Хелените и Персијците плетеле мрежи од кусовечни сојузништва, неискрени пријателства и чудни непријателства, по повеќе години внатрешни превирања, македонското кралство се вратило на политичката сцена. За првиот дел од владеењето на Филип II, за неговите односи со соседите, како и за билатералните односи на Македонците и Хелените досега е пишувано сосем доволно, ако не и премногу; освен тоа, станува збор за проблематика што ќе не однесе далеку од рамките на нашава тема, во која ги разгледуваме односите на македонското и персиското кралство. Затоа, тука ќе се задржиме само врз подготвеноста на Македонија да ја прифати играта поставена од другите две страни – и тоа, главно, преку критика на сликата за Македонија што им служи како појдовна точка на современите историчари.

Прва поставка за македонското кралство, што треба внимателно да се разгледа, е ставот дека Македонија во ова време немала реална воена и политичка тежина, и дека станувало збор за „периферна територија" што Хелените ја користеле за да ги задоволат нивните економски и политички потреби. Како показ за ова се користат разни епизоди врзани за Македонија во IV век ст.е., а најчесто спартанските дејствија на северното крајбрежје и вмешувањето на Теба во македонските внатрешно-политички случувања. Јасно е дека ваквите констатации произлегуваат од сликата за состојбите во Грчко-персиските војни, во еден дел од атинската Пентаконтаетија и, особено, во текот на војната на Архидам; но, сето тоа, едноставно, престанало да важи во мигот кога Архелај почнал да ја уредува политичката состојба во Атина, и кога пријателството со Македонија било нужен предуслов за секого, што сакал да ги заштити своите интереси на тракомакедонското крајбрежје.

Всушност, вакви констатации би се очекувале од некој Хелен што бил современик на настаните – и тоа, политички прилично неупатен Хелен – зашто не ги земаат предвид крајните резултати од мешањето на Атина, Спарта и Теба во македонските работи. Вистина е дека спартанска војска повеќе од еднаш газела по северното крајбрежје, и како пример би можеле да се посочат случувањата со Олинт. Сепак, ако се разгледаат придобивките на двете страни, може да се тврди дека од сето тоа Спарта немала никаква посериозна придобивка, но дека добро му послужила на македонското кралство

за да се елиминира Олинт како политички фактор на Халкидик, со што крајниот резултат станува повеќе од јасен. Слично е и со Пелопида, кој интервенирал во една епизода кога кралството се нашло во внатрешна нестабилност. Вистина е дека Теба арбитрирала во еден внатрешен македонски спор, но во што се состоеле нејзините непосредни придобивки, освен во обезбедување мир и стабилност на нејзината северна граница? „Заложништвото“ на Филип во Теба може да се одбележи како симптом на слабост во едно тешко време; но, не смее да се заборави дека, во сиве овие епизоди, Хелените во ниту еден случај не биле непосредна закана за опстанокот на кралството – за разлика, на пример, од проблемите во 432 год. ст.е. Значи, македонското кралство во ова време можело да биде предмет на воено и политичко „боцкање“, а на македонска територија понекогаш се воделе дејствија за обезбедување на тактичко предимство – но не и за целосно освојување или истребување. Во сево ова, никаде не се гледа како Хелените би ја гледале Македонија како територија што можела да се користи за да се задоволат нечии политички или економски потреби.

Уште еден обид за релативизирање на нештата е тврдењето дека, дури и ако кралството во овој миг не било слабо, ниту еден Хелен јужно од Лариса не бил посебно загрижен за тоа. Ова, навистина, е точно, особено во првите години од власта на Филип; но, по истата логика, би можеле да кажеме дека ниту Ајтолците, на пример, не биле посебно загрижени за активностите на Атинскиот поморски сојуз, ниту пак жителот на Ајгина стравувал од Бојотскиот сојуз. Накусо, станува збор за погрешен пристап во размислувањето, зашто на една толку разбиена и поделена политичка сцена, каква што била хеленската, не може да се зборува за влијание и моќ на некоја страна пред таа да земе активен удел во случувањата; а во ова време, Филип сè уште бил зафатен со други, поитни работи. Во мигот кога Филип го презел престолот, можеби и немало хеленски политичар што ценел дека Македонија ќе биде значаен фактор во блиската политичка иднина на Хелада. Но, ние денес знаеме повеќе; ако ништо друго, добро знаеме што се случувало подоцна, и нема зошто да се поведуваме ниту по грешките на луѓето за кои зборуваме, ниту пак по нивната површност.

Уште една работа што премногу често се зема како историски факт се наводните фискални проблеми на Филип и празната каса на кралството. Ова несомнено се темели врз зборовите на Теопомп, кој со извесна доза на злорадост го опишува Филип како неспособен растрошник, кој не само што трошел брзо и непромислено, туку ду-

ри и ги расфрлал парите наоколу, а зашто бил војник, бил премногу зафатен да се бави со пресметување приходи и расходи.[23] Но, дури и ако ова е точно, од историографот би очекувале да ни објасни како, тогаш, Филип успеал буквално да го крене кралството од неред и сиромаштија, до стабилност и изобилие; не треба посебно да нѐ изненади што од ваквото објаснување нема ниту трага. Се чини дека ваквата слика за Филип и за неговата фискална политика се должи на подоцнежните извори од хеленистичкиот период кои, во зависност од вкусот и потребата, обично го претставувале Александар како наследник на мала, банкротирана, или дури и задолжена кралска ризница, со што неговите постигања станувале уште поголеми и понесекојдневни. Ако се тргнат настрана подоцнежните пофалби за солвентноста на Александар, останува фактот дека оваа наводно банкротирана држава успеала да издржи воени дејствија против сите соседи, поход до Скитија, екстензивен и логистички скап потфат против Перинт и Бисантиј, згора на тоа и двегодишни воени дејствија против Хелените, и најпосле, во 336 год. ст.е. да прати во Азија претходница не помала од десет илјади луѓе; навистина би било несфатливо ваква држава да се нарече финансиски слаба. Работите можеби ги заматува фактот што, за разлика од дотогашните, традиционални и фиксни планирани буџетски економии, Филип практикувал динамична економија, во која приходите од еден потфат уште во истата фискална година се користеле за да се финансира друг – нешто што на Хелените несомнено им изгледало како растрошност и економско безумие; но, без оглед на тоа како изгледале нештата отстрана, факт е дека Филип, можеби за прв пат во историјата на кралството на Аргеадите, му оставил на својот наследник држава богата со капитални ресурси.[24]

## Кој бара војна?

Така стоеле работите со Хелените, Персија и Македонија во предвечерјето на големата воена разврска, по која политичката карта на Егејскиот басен неповратно ќе се смени. Ако се суди по сѐ што беше кажано досега, би се рекло дека во овој момент на сите страни најмногу им одговарал мир. Но, од друга страна, во изворите сеедно се среќаваат повици за војна, како и сведоштва дека војната постоја-

---

[23] *FGrH* 115, fr. 17.

[24] *Cf.* анализата на овој проблем кај Hammond & Griffith, 1979, *особ.* 670-71.

но лебдела во мислите на нашите главни актери. Да видиме, значи, за што станува збор, и како може да се објасни оваа неусогласеност.

● *Диодор и плановиите на Филий.* – Околу 346 год. ст.е., некаде во времето на Мирот на Филократ, името на Филип за прв пат во пишаните извори се врзува со некаква „персиска политика" и идеја за војна против Персија.[25] Откако ќе го опише договорот во Делфи и враќањето на Филип во Македонија, Диодор со свечен призвук додава дека кралот вложил многу напори за да го подготви теренот за неговото идно напредување, „зашто копнеел да биде назначен за врховен заповедник на Хелените и да започне војна против Персија".[26]

Како и ние денес, и Диодор добро знаел како завршила приказната на Филип, и можно е дека тука го дава неговиот личен коментар за настаните; во тој случај, овој податок нема никаква вредност за нас. Сепак, поверојатно е дека Диодор го презема она што било кажано во изворот што го користел, веројатно Демофил, кој напишал Историја на војната со Фокида (дело што подоцна се сметало за триесетта книга на Ефор). Друга можност е неговиот извор да бил Теопомп, или пак некој подоцнежен автор што го користел Теопомп; „Историјата на Филип" била големо, разновидно и широко дело, веројатно стандарден извор за овој период, и мошне е неверојатно дека не било користено од подоцнежните историографи. Како и да е, што и да напишале Демофил и Теопомп за намерите на Филип во 346 год. ст.е., тоа веројатно го сториле по 336, кога веќе се знаело дека Филип е врховен заповедник на Хелените и дека има намера да завојува против Персија. Сосем е мала веројатноста дека двајцава ги знаеле вистинските намери на Филип во 346 и дека правилно ги претставиле во нивните дела.

● *Политичкиите сниишта на Исокраш.* – Всушност, дали Филип во 346 год. ст.е. бил свесен дека треба да има „персиска политика", и дали такво нешто навистина постоело, зависи од значењето и тежината што ќе му ги припишеме на Исократ и на неговиот „Филип", напишан токму во ова време. Сигурно е дека и Демофил, и Теопомп знаеле за овој спис; кога (и дали воопшто) Филип го добил и го прочитал, не може ниту да се претпостави, а не е ни толку важно. Имено, факт е дека Исократ не заговарал војна против Персија затоа што знаел дека Филип има слични размислувања, па ценел

---

[25] Анализа на изворите кај Hammond & Griffith, 1979, 458 sqq. За општата состојба во тоа време, *v.* Проева, 2004: 229-231.

[26] Diod. 16.60.4-5. Проева, 2004: 232 цени дека Персија се вмешала во политичките пресметки во 343 год. ст.е.

дека ваквата идеја би му се допаднала на кралот. Всушност, Исократ е тој што со години наназад, уште од „Панегирикот“ во 380 год. ст.е., посакувал и заговарал војна против Персија. Некаде кон средината на списот „Филип“, тој почнува детално да ја образложува војната против Персија и пишува за нападот на Азија како за нешто што е веќе договорено;[27] но, нема никаква основа за помисла дека станува збор за решение на Филип, и дека Исократ некако разбрал за ова. Такво нешто решил само Исократ, кој тоа воопшто и не се труди да го прикрие, туку се повикува на една претходна изјава на почетокот од списот и, особено, на „Панегирикот“, нешто што е директно кажано веднаш подолу.[28]

Во суштина, Исократ загатнал мошне деликатна тема. Од една страна, тој имал причина да стравува дека Филип, порано или подоцна, би се обидел да воспостави воена и политичка контрола врз Хелада, по што полисите би ја загубиле надворешната автономија и, можеби, би биле принудени да му плаќаат данок; впрочем, ова веќе им се случило на дел од Хелените, првенствено на Амфипол и на некои полиси во „областите близу Тракија“. Од друга страна, примерот на Тесалија покажал дека контролата можела да се воспостави и на многу помирен и поблаг начин, и дека требало да се земе предвид и можноста сите Хелени, како пред нив Тесалците, да го прифатат Филип за предводник. Но, дали Исократ бил убеден дека Филип и во средна и јужна Хелада ќе ги примени истите политички методи за да добие посредна, но ефективна контрола, и тоа на начин прифатлив за Хелените?[29] Се чини дека беседникот верувал – или, подобро кажано, се надевал – дека такво нешто може



*Исократ*

[27] Isocr. 5. 83.

[28] *Cf.* Isocr. 5.9, 5.84.

[29] Интересен е ставот на Perlman, 1969 – дека Исократ, всушност, се обидувал некако да повлијае врз политичките методи на Филип и така, нудејќи рамноправно сојузништво против Персија, да го заштити полисното уредување од напливот на македонскиот империјализам. Сепак, ниту може да се тврди дека Исократ зборувал од името на сите Хелени, ниту пак дека имал какво и да е влијание врз намерите на Филип – поради што ваквиот став, сепак, е спекулација што не може да се докаже.

да се случи, и дека на Филип може да му се верува; во спротивно, тешко дека би го ставил на коцка сопствениот углед со тоа што поддржува човек недоверлив и опасен за Хелада. Но, во крајна линија, целта на неговото дело не била да го поучи Филип како да постапува со Хелените, туку напротив, да го сврти вниманието на Македонецот на друга страна; наместо да се бави во Хелада, Филип требало да размислува за Азија како алтернативна сфера за ширење на кралството.

Сепак, Исократ никаде не објаснува со какви средства и на кој начин Филип требало да го постигне она што му се препорачува. Вистина, би било прерано и премногу да се очекува дека Исократ би можел да го образложи сево ова, зашто беседникот пишувал уште пред да се реши прашањето за Фокида. Но, ако имал амбиции неговото дело да биде сфатено како нешто повеќе од реторска вежба и политички памфлет, Исократ требало да даде и некои препораки – што, очигледно, сè уште не можел да ги даде ниту тој, ниту кој и да е друг. Сехеленскиот конгрес, Заедничкиот мир, поканата до полисите да се обединат во војна против Персија, биле нешта од политичката пракса на последната генерација хеленски политички дејци; но, сиве овие нешта зависеле од политичкиот миг, од реалноста на теренот и, најпосле, од тоа кој ги влечел конците и во чија полза се одвивале нештата. Објективно гледано, во 346 год. ст.е. сè уште било прерано за сево ова; да се прифатат овие нешта како можни, би значело да се антедатира политичката состојба од десетина години подоцна, што ниту е прифатливо, ниту пак е оправдано, дури и по цена „персиската политика“ на Филип да се одложи дури до времето по Хајронеја.[30]

Како и да е, од сето ова произлегува барем еден интересен заклучок – дека во ова време имало и такви кругови во Хелада, во кои се размислувало за војна против Персија; според нив, како што ни кажува и Исократ, најдобро било сосем да се урне персиското кралство, а ако тоа се покаже како невозможно, тогаш да се освои што е можно поголема територија и да се подели Азија од Киликија

[30] *Contra* Cawkwell, 2005: 201, кој тврди дека Филип „гледал кон Истокот“ уште во 346 год. ст.е. и дека, всушност, имал исти замисли со Исократ. Но, како доказ за ова авторот ги спомнува само изјавите на Исократ (на пример, 3.3. од 338 год. ст.е.), а нема ниту едно укажување што би доаѓало од Филип, што a priori укажува дека ова тврдење тешко може да се нарече објективно. Слично е и кај Markle, 1974. Најважно од сè, прашање е како Филип би си дозволил да планира пресметка со Персија цели пет години пред конечната разврска во Тракија, шест години пред да се придвижи против атинската житна флота, и осум години пред разврската во копнена Хелада.

до Синопа.[31] Тука не треба да се чита повеќе од она што е кажано; сето ова не значи дека хеленските политичари планирале ваков развој на собитијата, туку само дека Исократ и уште неколкумина од неговиот круг се занимавале со издржаноста на една теоретска идеја. Во тоа време, дури и ако навистина се размислувало за вакво нешто, ниту еден хеленски полис немал ни најмала шанса тоа да го спроведе во дело; единствен што би можел да го стори тоа бил Филип – кој токму затоа, сакал или не, станал тежишна точка на теоретските политички разработки на Исократ.

## Персиските искуства на Филип II

Следува да се задржиме на неколку специфични настани, што истовремено биле важни и за политичката кариера на Филип, и за неговите односи со персискиот крал и со Хелените. Токму во времето за кое зборуваме, еден потфат на македонскиот крал предизвикал обновување на непријателствата со Атина, но истовремено го судрил и со интересите на персискиот крал; станува збор за намерата на Филип да ја покори Тракија и, со тоа, да ја помести источната граница на кралството до западниот брег на Хелеспонт.

Успешното исполнување на оваа задача значело речиси целосно елиминирање на атинското влијание во северниот Егеј, но и загрозување на нејзиниот „житен пат“, што имал непроценливо значење за економскиот опстанок на полисот. Не треба посебно да се нагласува дека, при сево ова, персиското кралство би добило нов, прилично сериозен, и најверојатно непосакуван сосед на западната граница.[32] Сепак, овој потег криел и одредени опасности, и се чини дека е премногу рано да се помисли дека вистинските цели на Филип во овој момент биле потчинување на Атина, или дури на Персија. Во тоа време, како последица на потфатот во Тракија, било реално да се очекува војна со Атина, со нејзините сојузници и, можеби, со уште некој друг хеленски полис – но Филип не можел да знае колкава и колку долга би можела да биде таа војна.[33] Иако контро-

[31] Isocr. 5.120; анализа на ваквите планови кај HAMMOND & GRIFFITH, 1979, 462 sqq., со список на постарата литература и искажаните мислења.

[32] Опсежна анализа на амбициите на Филип во Тракија, како и за местото на Тракија во неговата персиска политика, дава KIENAST, 1973: 13-15.

[33] За атинската гледна точка во врска со ова прашање, *в.* КАРЛИЕ, 1994: 103-106 (со анализа на беседата против Аристократ) и 151-2 (по второто атинско пратеништво кај Филип).

лата врз Термопилите му обезбедувала добра одбранбена положба на југ, а еден дел од Хелените му бил искрено наклонет, Филип до тој миг сè уште од никого не обезбедил формална послушност и лојалност уредена со правен акт.[34] Опасности можела да предизвика дури и разврската во Фокида; иако тамошните жители биле физички и политички поделени со македонски и тебански посади, на таа територија имало политички вакуум што Теба можела да го искористи полесно и побрзо одошто Македонија – како што покажува тебанското заземање на Никаја.[35] Станува збор за време кога Филип морал да им пристапува на нештата постепено, и да ги решава проблемите еден по еден. Сè додека не ја заврши работата во Тракија, Филип не можел ни да помисли да се придвижи со војска кон југ, а не пак да размислува за напад на персиска територија како стратешки разумна околност.

● *Тракија како влоī и залоī.* – Филип ги обновил дејствијата во Тракија во 342 год. ст.е.; до следната година, тој успеал да го тргне Керсеблепт[36] од политичката сцена и да ѝ прати помош на Кардија, за да ги попречи тамошните амбиции на Атина.[37] Наспроти гласните поплаки на атинските беседници, Филип имал полно право да ги заштити неговите сојузници во Кардија од агресивните обиди на Атина.[38] Но, без оглед какви биле крајните цели и дострели на македонскиот крал во ова време, неговите потфати предизвикале реакција повеќекратно поголема од дадениот повод. Филип против себе имал противници што размислувале долгорочно, па се обиделе да одговорат со политичко прегрупирање што ќе им обезбеди предимство дури и во потфатите што македонскиот крал сè уште ниту ги осмислил, ниту ги презел. Така, не само што се случило македон-

---

[34] За стратешката важност на Термопилите во ова време, *v.* На пример Aeschin. 2.132; 2.138; 3.140; ps.-Dem. 1.1. 4; *cf.* задолжително Buckler, 1989, 92-97.

[35] За ова зборува Филохор, *FGrH* 328, fr. 56b.

[36] Правилниот облик на името на овој владетел е Керсеблепт, посведочен на еден натпис (Tod 151, l. 10, 19, 21) и на една сребрена чаша (Fol, A. *et al.*, *The New Thracian Treasure from Rogozen, Bulgaria*, British Museum Publications, London 1986; *non vidi*). Диодор (16.34.4) и Демостен (19.174, 181 *etc.*) го нарекуваат Керсоблепт, а по нив се поведуваат и поголемиот дел современи истражувачи.

[37] За Керсеблепт, *v.* ps.-Dem. 10.5.8; Diod. 16.71.1-2; Iust. 9.1. За Кардија, *v.* Dem. 8.14; 9.16; ps.-Dem. 10.60; ps.-Dem. 12.11; *cf.* ps.-Dem. 7.39-45. Двете епизоди се поврзани кај ps.-Dem. 10.15-18 и Dem. 8.14. *Cf.* Проева, 2004: 234.

[38] *V.* Diod. 16.34.4; *cf.* Dem. 5.25. Демостен уште во 346 год. ст.е. признава дека Атињаните со мирот на Филократ се откажале од правото врз Кардија, поради што Филип немал никаква причина ниту да одрекува, ниту да се оправдува; *cf.* Dem. 8.14. ps.-Dem. 7.39-45.

ските дејствија на Херсонес да предизвикаат судир меѓу Филип и Атина, туку во целава оваа работа се отворило место и за Персијците.

Имено, откако Филип тргнал кон хеленските полиси на Хелеспонт, каде бил дочекан како сојузник и заштитник,[39] Атињаните одговориле со обвинување дека Филип го прекршил мирот; Демостен почнал да повикува да се испратат пратеништва не само во другите хеленски полиси, туку и кај Големиот Крал, со цел да се запре секакво понатамошно напредување на Македонците.[40] Псевдо-Демостен сведочи дека Атињаните размислувале за пратеништво во Персија, со кое би побарале сојуз и заеднички фронт против Филип.[41] На друго место, Демостен опоменува дека Кралот, за жал, е расположен пријателски кон сите Хелени, освен кон Атињаните,[42] и згора на тоа додава дека Атињаните сами си го заслужиле таквиот однос, зашто претходно ги одбиле персиските обиди за доближување.[43] За да се поправи целата работа, беседникот препорачува неодложно да се испрати пратеништво кај кралот;[44] убава завршница на сево ова дава Псевдо-Демостен, кој остро ги напаѓа сите оние што го нарекуваат персискиот крал „барбарин“ или „заеднички непријател на сите Хелени“.[45]

Без оглед дали во приказната за ова несудено пратеништво има некаква вистина, би се рекло дека, од политички аспект, тоа било и можно, и сосем логично, зашто со предложенава епимахија не се прекршувал Мирот на Филократ; впрочем, и псевдо-Демостен не спомнува дека Атињаните со ова прекршиле некој мировен договор. Но, во целава оваа работа несомнено е најинтересно ненадејното спомнување и постојаното повикување на Персија; како што навестивме и погоре (а во оваа прилика тоа јасно излегува на виделина), непосредните политички интереси направиле да се заборави на улогата на персискиот крал како традиционален непријател и како закана за слободата на Хелените. Очигледно, барем дел од Атињаните повеќе стравувале од Филип, одошто од Персија; иронично, во нив-

[39] Diod. 16.71.2.

[40] Dem. 9.71; но, во некои ракописи е испуштен токму пасусот во кој се зборува за овие пратеништва, па некои издавачи го вклучуваат во текстот, а некои го изоставаат.

[41] ps.-Dem. 12.6-7.

[42] Dem. 10.52. За автентичноста на четвртата Филипика, *v.* Worthington, 1991; Карлие (1994: 295) цени дека станува збор за автентична беседа на Демостен.

[43] Dem. 10. 34.

[44] Dem. 10. 33.

[45] Didym. 6.63-64; Anaxim., *FGrH* 72, fr. 9.

ните очи, единствениот што можел да ја заштити заедничката слобода на Хелените бил персискиот крал.

Колку што може да се сфати од изворите, оправдувањето на овој нов брак од интерес е дека Филип им наштетил и на Хелените, и на Персијците – а тој, всушност, сè уште не направил ништо од она што му го припишувале. Што се однесува до Хелените – ако се изземе повредената атинска гордост и неславната пропаст на нејзината антимакедонска коалиција петнаесетина години порано – ним Филип не им наштетил на никаков непосреден начин, зашто во тоа време главно сè уште се расправал со Тракија.[46] Од друга страна, единствените бледи сведоштва за некакви намери на Филип против Персија се случаите на Артабаѕ и на Хермија од Атарнеј.



*Арӣабаѕ, ӣрикажан на сӣаӣер од Ламӣсак* (*Brett no. 1593*)

Откако неговиот бунт против Артаксеркс завршил со неуспех, Артабаѕ и неговиот зет Мемнон се засолниле во дворецот на Филип;[47] но, другиот зет на Артабаѕ, Ментор, толку добро служел како персиски воен заповедник, што успеал да издејствува прошка за неговите роднини, кои потоа продолжиле верно да му служат на персискиот крал.[48] Во секој случај, додека престојувале кај Филип, двајцава биле оттргнати од политичката сцена во Мала Азија и немале ниту некакви позначајни ресурси, ниту пак контрола врз случувањата на теренот; најмногу што можеле да сторат е да ги споделат со Филип нивните лични сознанија за состојбата и, можеби, да му овозможат контакт со некои властодршци од Мала Азија. Ако во тоа време воопшто имало план за напад на Персија, Артабаѕ и Мемнон, засолнети во Македонија, тешко можеле да му послужат на Филип како корисни агенти.

● *Случајоӣ на Хермија од Аӣарнеј*. – Според традицијата, Хермија бил битински роб на Евбул, богатиот господар на земјите околу Асос и Атарнеј во Троада. И покрај скромното потекло, Хермија бил мошне ценет од неговиот господар, кој уште на млади го-

[46] Diod. 16.34.4; *cf.* Bengtson, 1975: 308, 318; Wirth, 1985: 121-123.

[47] Diod. 16.52.3; *cf.* Buckler, 1989: 53, со список на литература.

[48] Diod. 16.52.2; Arr. *Anab.* 1.12.9.

дини го пратил во Атина за да учи во Академијата на Платон. Не многу подоцна, политичките мешаници во западна Мала Азија му овозможиле на Хермија да се здобие со значително богатство и моќ, па дури и политичка власт. По завршувањето на неговото образование во Атина, Хермија се вратил во Атарнеј за да ја продолжи службата кај Евбул; но, овој наскоро починал, па во 351 год. ст.е. Хермија ги наследил неговиот имот и положбата, и така станал владетел на Атарнеј. Тука ќе се задржиме само на еден аспект од неговата политичка кариера – атинските и персиските обвинувања дека, почнувајќи од од 342 год. ст.е., Хермија имал активна политичка врска со Филип и дека, дури, бил негов „агент“.

Во врска со целата приказна за Хермија, пред сè (и, можеби, најважно од сè) треба да се нагласи дека во односите меѓу него и Филип немало апсолутно никаква конспиративност. Да се спекулира за некаква тајна врска меѓу Филип и Хермија е нелогично, па дури и невозможно; ако меѓусебните врски биле воспоставени во 342 год. ст.е., тоа значи дека Демостен и целата негова публика дознале за нив по само неколку месеци.[49] Врската меѓу двајцава му е добро позната и на Теопомп, кој во едно писмо до Филип зборува за Хермија во сегашно време, и тоа не многу ласкаво, што значи дека го предупредува Филип во време кога неговото зближување со Хермија е мошне скорешно.[50] Најпосле, за односите меѓу Филип и Хермија знаел и Ментор од Родос, а преку него и Персијците – ако не од друг, тогаш од Артабаз и од Мемнон, братот на Ментор, чие враќање од прогонството, според Диодор, се случило пред заробувањето на Хермија.

Ако во претпоставените односи меѓу македонскиот крал и господарот на Атарнеј немало никаква тајна, тоа уште на самиот почеток фрла сенка на сомнеж врз нивното наводно сојузништво. Дали во 342 год. ст.е., кога сè уште траеле дејствијата во Тракија, Филип би си дозволил целата јавност во Егејскиот басен да знае дека се поврзал со Хермија, и тоа заради идна соработка против Персија? И, во крајна линија, дали Хермија, господар на еден дел од не многу големата Троада, предизвикувал толкава почит за да му се довери клучна улога во плановите на Филип – за кои, како што видовме, не сме сигурни дека во тоа време воопшто ги имал?

---

[49] Dem. 10.31 sqq.; *cf.* Hornblower, 1994a: 94.

[50] Теопомп престојувал во Македонија во првата половина на 342 год. ст.е., а веројатно и подолго време пред, и по оваа дата. Со оглед на околностите, можно е дека писмово претставува вистинска порака до Филип, а не политички памфлет напишан во облик на обраќање. Подетално кај Hammond & Griffith, 521.

Работите се усложнети до безизлез, зашто не се знае речиси ништо друго за оваа политичка врска – ниту на чија иницијатива била склучена, ниту, пак, што подразбирала и каква била нејзината природа. Од сите начини на кои Филип и Хермија би можеле да воспостават политичка врска, веднаш може да се елиминираат двата најневозможни: дека тоа било направено по желба и со посредство на Аристотел, и дека такво нешто побарал Филип. Имено, и во Атина, и пред тоа во Македонија, Аристотел имал многу можности да влезе во политиката и да се стекне со политичко влијание, но нема ни најмало укажување ниту дека се обидел да го стори тоа, ниту пак дека такво нешто воопшто го интересирало; всушност, би се рекло дека кариерата на Аристотел, надвор од теориското поле на неговите философски дела, е речиси аполитична. Што се однесува, пак, до претпоставката дека Филип ја искористил блискоста на Аристотел со Хермија, и дека зближувањето било направено по желба и потреба на македонскиот крал – би требало да се запрашаме зошто, и со каква намера Филип би го направил тоа во 342 год. ст.е. Јасно е дека Филип не го поканил Аристотел во Македонија за да го искористи како агент или посредник за да го придобие Хермија, туку поради нешто сосема друго; јасно беше покажано и тоа, дека војната против Персија во ова време не била скорешна опција, без оглед дали би ја почнал Филип, или еднакво неподготвениот Артаксеркс. Во секој случај, дури и да станувало збор за логистички потег, географијата укажува дека Атарнеј тешко можел да послужи како база за премин во Мала Азија. Ако се гледа од стојалиштето на Филип, фактот што имал некакви контакти со Хермија не мора да значи (и веројатно не значи) ништо повеќе од тоа, дека Филип бил расположен да одржува добри односи со Хермија, со неговите соработници во Троада, и воопшто – со секој блаконаклоно расположен политички фактор на неговата источна граница.

Се чини пологично и поверојатно дека првиот чекор во оваа врска, можеби и преку Аристотел, го направил токму Хермија, кој секако можел да насети дека го очекуваат неволји со кралот, со неговите сатрапи и заповедници. Персија најпосле се опоравила од нередите во последните две децении, успеала да воспостави ред во западните сатрапии и тукушто го вратила Египет благодарение на Ментор од Родос, кој сега добил посебни овластувања во малоазиските сатрапии.[51] Хермија ја проширил својата територија благодарение на рамнодушноста, слабоста или, дури, одобрувањето од месните сатрапи. Се чини дека тогаш сите верувале дека централната

[51] Diod. 16.52.2.

власт е премногу оддалечена, или премногу зафатена; оттука, јасно е зошто сега требало да стравува за сопствената положба. Ако веќе го вознемирувала помислата дека ќе треба да одговара за своите дела, за Хермија било од суштинска важност да воспостави пријателство со некој што ќе биде доволно силен за да му овозможи да преживее и, по потреба, да му даде засолниште во Европа. Накусо, за Хермија било многу поважно да го има пријателството на Филип, одошто му било важно на Филип да го има на располагање Хермија од Атарнеј, тогаш или во блиска иднина.

Лошата среќа со изворите се погрижила да не знаеме ниту каква спогодба била склучена, ако воопшто имало такво нешто; нема сведоштво за никаков формален политички сојуз меѓу двајцава, ниту пак има епиграфски наод во врска со некаков договор меѓу нив. Всушност, освен обвинувањата на псевдо-Демостен и приказната на Диодор за судењето на Хермија, нема никаков доказ дека работите навистина стоеле така, како што пишуваат овие два извори. Најпосле, без оглед на прашањето за главното обвинување против Хермија (под претпоставка дека имало главни и споредни обвинувања против еден одметник од кралот) – неговата куса, но живописна кариера им давала на Персијците доволно поводи да го казнат без воопшто да се спомне Филип. На пример, додека персиската контрола во Мала Азија висела на конец, на еден натпис[52] е забележан сојуз меѓу Хермија и Еритра. Теопомп спомнува дека господарот на Атарнеј се врзал со Хиос и со Митилена, за чија сметка требало да освојува територии на малоазиската пераја, но дека се повлекол откако овие не ги исплатиле неговите наемници.[53] Згора на сè, неговата врска со Хиос одела директно против интересите на Ада, која ја извршувала должноста на сатрап на Карија и во чија територија влегувал и островот.

Ако се земе предвид сето ова, станува повеќе од јасно дека контактот на Хермија со Филип бил најмалата работа поради која Хермија бил тргнат од сцената. Во неговите потфати не може да се препознае никакво опредметено политичко стојалиште, или пак некаква логистичка или идејна матрица, за да може воопшто да се суди за неговите потези. И покрај неспорната драматска возбудливост на кариерата на Хермија, тешко дека овој политички авантурист и наемник, кој го искористил нередот во Мала Азија за да го прошири влијанието во Троада, бил доволно важен за да даде сериозен повод за непријателство меѓу Филип и Персија – а уште потешко е да се

[52] Tod 165 = Harding 79.

[53] *FGrH* 115, fr. 291; *cf.* Lane Fox, 1986: 111, no.3.

поверува дека Филип сериозно сметал на неговите услуги. Најпосле, дури и тоа што наводно не им кажал ништо на Персијците дури и кога бил мачен, веројатно се должело на тоа што немал ништо особено да им каже, а не на некаква лојалност, политичко пријателство или философски принцип.[54]

● *Опсадата на Перинт и Бизантиј.* – Првиот отворен судир меѓу Персија и Македонија, како и првата конкретна соработка меѓу Персија и Атина, се случиле за време на опсадата на Перинт и Бизантиј.

Како што видовме погоре, уште од средината на летото 342 год. ст.е., првичните цели кон кои Филип ги насочил безмалку целото внимание и енергија, се наоѓале на исток, во Тракија. Но, цел на неговите дејствија не била само и единствено Тракија; важна цел биле и хеленските полиси на Пропонтида и на Босфор, преку кои посредно можеле да се загрозат атинските интереси во целото подрачје.[55]

Искуството веќе го поучило Филип дека, за да се оневозможи атинското снабдување со жито од Понт, требало или да се уништи атинската флота (што во тоа време не било можно), или пак на Атина да ѝ се попречи пристапот до Понт и Пропонтида. Најмалку што Филип можел да стори, е да се обиде да воспостави контрола врз базите на европскиот брег; иако било невозможно да се контролира брегот и од азиска страна, никој не можел да биде сигурен какво ќе биде расположението на Персијците, и какви услови тие би им поставиле на Атињаните. Во секој случај, со дејствијата на Хелеспонт и Босфор Филип секако би ѝ предизвикал проблеми на Атина, што значи дека станувало збор за воена цел што заслужувала внимание.[56] Во таа насока, Филип ги започнал дејствијата против Перинт, а набргу потоа и против Бизантиј.

Од изворите не е многу јасно како започнала целата работа; во секој случај, мора да се признае дека македонските обвиненија што послужиле како casus belli биле, најблаго речено, дискутабилни.[57] Филип, како и подоцна Александар, тврдел дека Перинт се свртел против Македонија, а дека Бизантиј одбил да крене оружје про-

---

[54] Одлична забелешка на Buckler, 1994.

[55] *Cf.* Hammond & Griffith, 1979: 545.

[56] *Cf.* Hammond & Griffith, 1979: 569 sqq., со детална анализа на настаните и состојбата во 340 год. ст.е.

[57] *Cf.* Dem. 18.87; ps.-Dem. 12.2; Diod. 16.74.2; Arr. *Anab.* 2.14.5; Iust. 9. 1.2-5. Интересно е што во писмото на Филип (ps.-Dem. 12) воопшто не се спомнува Перинт, а во одговорот овие случувања се покриени на долго и широко (ps.-Dem. 1.1.3, 5).

тив соседот, со што го прекршил договорот со Македонија. Во секој случај, ако фрлиме поглед врз договорите и сојузништвата што во тоа време биле склучувани меѓу заинтересираните страни, би се рекло дека секој, врз различна основа, можел да ги обвини другите буквално за сè. На пример, во тоа време Бисантиј, а сосем веројатно и Перинт, веќе не биле членки на Вториот атински поморски сојуз;[58] значи, двата града ниту морале да ги почитуваат договорите што ги обврзувале членките на сојузот, ниту пак имале удел во Мирот на Филократ – што во некоја смисла ја поткопува правната позиција на Атињаните, кои се поплакувале на она што го правел Филип. Освен тоа, во меѓувреме Бисантиј и Филип склучиле договор што бил толкуван како исклучиво одбранбен; но, Бисантијците не биле убедени дека Перинт го нападнал Филип, па затоа и одбиле да се придржуваат. Да биде збрката поголема, договорите со Артаксеркс II никогаш не биле официјално укинати, па персискиот крал сè уште се повикувал на даденото право да постапува „праведно“ – и, се разбира, само врз таа правна основа можел да интервенира против Филип за да ја одбрани автономијата на хеленските полиси.

Како и да е, Филип немал намера и натаму да се занимава со правните импликации на неговите дејствија. Бидејќи Бисантиј имал солидна одбрана,[59] пролетта 340 год. ст.е. македонската војска ги започнала дејствијата против Перинт. Теоретски, овој град требало да биде помала и полесна цел; сепак, неговата одлична природна положба, цврстиот бедем и упорноста на бранителите ѝ создавале сериозни проблеми на македонската инжинерија, дело на Тесалецот Полиид.[60] Кон ова треба да се додаде и помошта што Перинт ја добивал однадвор. Бисантијците во прво време биле нерешителни, зашто мислеле дека станува збор за некаква диверзија, но најпосле се согласиле да им помогнат на соседите и пратиле стрелни справи, оружје и снабдување, како и одбрани заповедници и борци.[61] Помошта од Бисантиј продолжила да дотекува до средината на летото, а изгледите дека опсадата ќе заврши успешно биле сè помали. Сепак, работите не би оделе ништо подобро дури и ако Бисантиј не прател никаква помош; Перинтјаните добиле поддршка од „сатрапите од крајбрежјето“, кои почнале да му помагаат на градот со пари, многубројна наемничка војска, стрелба, жито и други намирни-

[58] Plut. *Dem*. 17. 2; *cf.* Cargill, 1981: 181.

[59] Paus. 4.31.5.

[60] Diod. 16.74-76.

[61] Diod. 16.74.4, 16. 75.2.

ци.[62] Флотата на Филип можела да предизвика помали непријатности, но не можела да ги спречи Персијците да контактираат со опсадениот град. Така, на Филип му останала само една насока на дејствување. По некоја логика, усрдната помош што Бизантиј му ја праќал на Перинт требало да ја намали економската сила, снабденоста и борбената готовност на Бизантијците;[63] затоа, откако оставил дел од војската кај Перинт и Селимбрија за да ги одржува линиите за снабдување, Филип тргнал против Бизантиј.

Персиските дејствија кај Перинт се посведочени во многу извори, некои и современи со настаните. Псевдо-Демостен вели дека Кралот се вмешал толку целисходно, што платениците на малоазиските сатрапи го изгониле Филип од Перинт.[64] Теопомп пишува дека во служба на персиските заповедници бил некој Аристодем од Фера, кој подоцна заповедал со одред хеленски платеници против Александар III.[65] Анаксимен исто така спомнува платеници на големиот Крал, кои се бореле на страната на Перинт против Филип.[66] Диодор пишува дека кралот им заповедал на сатрапите од крајбрежјето да му помогнат на Перинт со платеници, пари, храна и суровини,[67] а Павсанија додава дека еден од заповедниците на овие платеници бил Аполодор од Атина, пратен од Арист, сатрапот на Фригија.[68] Спомнувањето на сатрапите на кралот кај Филохор, како и начинот на кој Диодор ги претставува нештата, укажуваат дека не станува збор за некаква независна иницијатива на сатрапите, а единствен сатрап спомнат по име е Арсит; она што се случувало кај Бизантиј, пак, навестува дека во работата биле вмешани сатрапите сè до Карија на југ, што исклучува самостојно дејствување и сведочи дека глава на целиот потфат сепак бил персискиот крал.[69]

---

[62] *Cf.* Diod. 16.75.1; Dem. 11.5, Arr. *Anab.* 2.14.5; Paus. 1.29.10. За персиската помош на Диопејт, веројатно претходната година, *v.* Arist. *Rhet.* 2.1386a, 13. Хамонд, сосем исправно, тврди дека помошта за Перинт не треба да се нарекува „неофицијална“ зашто, иако технички станувало збор за платеници, а нив ги плаќале сатрапите што биле најблиску до сцената на случувањата, никој не се обидувал да скрие дека станувало збор за персиска помош, одобрена лично од кралот.

[63] Diod. 16.76.3.

[64] ps.-Dem. 11.5; Philoch., *FGrH* 328 fr. 54; Diod. 16. 75. 1.

[65] *FGrH* 115, fr. 222.

[66] *FGrH* 72, fr. 1.

[67] Diod. 16.75.1-2.

[68] Paus. 1.29.10; Strab. 16.3.5.

[69] *Contra* Errington, 1990:55, кој во целата работа гледа приватен потфат на сатрапот на хелеспонтска Фригија, загрижен дека Филип ќе му ја наруши „удобната положба на брегот на Хелеспонт и Пропонтида“. Но, овој став на авторот не е

Опсадата на Бисантиј почнала наскоро по заробувањето на атинската житна флота.[70] Опсадата не е целосно раскажана во ниту еден извор; зачувани се само одделни делови, од кои сепак се гледа дека станувало збор за голем потфат со полна боева сила, што траел најмалку неколку месеци – од октомври 340, веројатно до пролетта 339 год. ст.е.[71] Во изворите има вињети за опсадните справи на Филип, за поткопувањето на бедемите, за поразот на флотата на Филип, за Харет и неговата база близу Халкедон, за доверливиот Фокион кој донел засилувања, како и за атинските утврдувања во градот и во пристаништето.[72] Филип се надевал на предавство одвнатре, но тоа никогаш не се случило.[73] Старите сојузници на градот – Родос, Хиос и Кос – ја исполниле својата должност и го поддржале; истото го сторил и Тенед, а бездруго и другите атински сојузници.[74]

Сепак, во изворите не се спомнува експлицитно никаква персиска помош на Бисантиј. Ова на прв поглед е мошне чудно, а современите автори честопати спекулираат за некакви политички импликации што би послужиле како објаснување.[75] Но, ваквите обиди за објаснување на нештата не изгледаат ниту логични, ниту убедливи. Персијците мошне усрдно учествувале во одбраната на Перинт, и би било наивно да се очекува дека работите се превртеле за толку кусо време. Персија се уште имала заеднички интерес со Атина, која веќе влегла во отворена војна против Филип – на секаков начин да се спречи напредувањето на Филип на оваа територија, па затоа

проследен со соодветна дискусија на проблемот, па не е јасно дали станува збор за обичен впечаток, или за заклучок што се темели врз истражување и анализа.

70 *cf.* Hammond & Griffith, 1979: 578-9.

71 Хронологијата на настаните сѐ уште не е доволно расчистена. Атинската објава на војна би требало да се датира во октомври; објавата била проследена со одлука да се прати засилување под заповедништво на Фокион, за кое честопати се претполага дека стасало дури пролетта 339, иако е многу пологично дека било пратено без одлагање. Крајот на опсадата може да се датира во рана пролет, зашто Филип истата година планирал и поход на север.

72 *V.* Dem. 18.87; Iust. 9.1.2, 5; Plut. *Phoc.* 14.2-3; Frontin. 1.3.4.

73 Според Суида (*s.v.* Leon), Филип полагал надежи во Леонт, кого безуспешно се обидел да го поткупи; анализа за ова кај Hammond & Griffith, 1979: 574, no.1.

74 Соодветно, Diod. 16.76.3; 16.77; за Тенед, веројатно Tod 175 = Harding 97, *особ.* ред 10. за Тенед.

75 Станува збор за добро познатата приказна за персиското пратеништво, што младиот Александар го примил во отсуство на Филип (Plut. *Mor.* 342b-c, *Alex.* 5.1, *cf.* 9.1). Историската веродостојност на оваа анегдота уште одамна е ставена под прашање, но Грифит (Hammond & Griffith, 1979, *ad loc.*) верува дека такво пратеништво навистина имало и дека токму ова бил вистинскиот момент за него.

претпоставките за некаква персиска недоверба кон Атина не звучат убедливо. Персијците не можеле (и немале потреба) да се надеваат дека двете страни меѓусебно ќе се истрошат, зашто во оваа ситуација не биле неутрални; особено, пак, не може да се тврди дека биле пасивни зашто не можеле да соберат наемнички одреди во октомври.[76] Всушност, ако нештата се разгледаат повнимателно, персиската пасивност кај Бисантиј воопшто не треба ниту да се објаснува, ниту да се оправдува, зашто таква пасивност немало. Погоре спомнавме дека својот „долг“ кон Бисантиј го исполниле Родос, Хиос и Кос, и се чини дека грешката е многу едноставна. Во тоа време, овие острови се под сатрапска контрола на Хекатомнидите, што е факт потврден и од атински извори;[77] значи, зад Хиос и Родос стоел сатрапот на Карија, а впрочем, на островите имало персиски воени посади сè до времето на Александар. Во овој случај, нивната помош не смее да се сфати како манифестација на независност или на сојузништво со Бисантиј; поскоро, тоа што го сториле е токму онаа персиска акција, што наводно ја нема во изворите.

Во дејствијата против Перинт и Бисантиј, Филип морал да се помири со неуспех; но, неговите потфати сеедно ги доближиле стојалиштата на Атина и на Персија. Без оглед дали дејствувале независно или во содејство, тие веќе имале јасно опредметен заеднички интерес – да му се застане на пат на Филип. Како и порано, и во оваа прилика имало Атињани што се надевале дека Кралот ќе ја „вработи“ Атина за да го запре македонскиот крал.[78] И навистина, ако Персијците дотогаш немале ниту една прилика да се наметнат во Хелада со воени средства, сега им се укажала можност да го сторат токму тоа, и тоа со мошне мал ризик за нивниот углед. Без оглед какво било моментното расположение на Хелените, и независно по кој мировен договор се поведувале тие, персискиот крал упорно дејствувал во согласност со оригиналниот кралски мир. Сега, повеќе од кога и да е, тој можел да тврди дека ја заштитува слободата на Хелените од македонската агресија. Но, ваквата состојба не можела да трае вечно, зашто наближувала конечната пресметка за хегемонија во Хелада; политичките поени што ги добил кај Перинт и Бисантиј, Големиот Крал неповратно ги загубил две години подоцна, и тоа со вешт дипломатски маневар на Филип, за кој ќе стане збор набргу.

---

[76] Dem. 11.5-6; *cf.* HAMMOND & GRIFFITH, 1979: 572-3.

[77] Dem. 5.25; *cf.* Dem. 9.71, *FGrH* 115 fr. 164; би било погрешно да се тврди дека овие острови биле независни само врз основа на тоа што во литературните извори се спомнува дека одржувале дипломатски врски со Атина.

[78] ps.-Dem. 11.6.

● *Преӣискаӣа на Дареј и Александар.* – Понекогаш со овие настани се врзува наводниот договор за сојуз и пријателство меѓу Филип II и Артаксеркс, кој е посведочен во само еден, мошне сомнителен изворен контекст.[79] Аријан раскажува дека, по битката кај Исос, Дареј му пратил на Александар писмо во кое се спомнувал персиско-македонски договор; Дареј тврдел дека, кога Арсес го презел персискиот престол, Филип бил првиот што му наштетил, а Александар не испратил пратеништво кај Кралот за да го потврди нивното старо пријателство и склучениот сојуз.

Во современата наука претежнува мислењето дека ова наводно писмо на Дареј до Александар не е веродостоен документ, туку реторска вежба на Аријан. Па сепак, дури и ако се остави настрана прашањето дали такво писмо навистина постоело, треба да се испита дали има некаква вистина во податокот за спомнатиот сојуз. Не е тешко да се најде прилика, во која Филип и Артаксеркс би можеле да склучат сојуз. Има мислења дека тоа се случило во првите години од владеењето на Филип, во 356/5 год. ст.е.; во 351 год. ст.е., кога Охос за прв пат се обидел да го преосвои Египет; во 344/3 год. ст.е., пред неговиот втор, успешен обид за преосвојување; или дури во 342 год. ст.е., по сиве овие настани.[80] На теориско рамниште, наспроти сето она што се случувало на теренот, ниту една од овие дати не е сосем невозможна; дури, има и други прилики кога можел да биде склучен ваков сојуз.

Па сепак, дека најверојатно не се случило ништо такво, може да се заклучи од сите други современи извори, каде за ова нема ниту збор. Ако се земат предвид сите недостатоци на Диодор и на Јустин, особено во деловите што се однесуваат на овој период, би се рекло дека нивниот молк воопшто не мора да е пресуден; но, навистина е неверојатно дека Демостен би пропуштил прилика да се осврне на нешто што, во неговите очи, би претставувало крајна опасност за слободата на Хелените. Во говорот за Родијците од 351/0 (?) год. ст.е., Демостен едно до друго ги спомнува Филип и Големиот Крал, но не воспостава никаква врска меѓу нив;[81] напротив, беседникот на друго место тврди дека некои Атињани шират гласови дека Филип

---

[79] Arr. *Anab.* 2.14. За ова, *v.* Bengtson, 1975: 333; Bosworth, 1980: *ad loc.*, со список на постарата литература; *особ.* Проева, 2004: 275-6, со анализа на состојбата и контекстот.

[80] Детален преглед на сите мислења, со список на литература и куса анализа на секое од нив, има кај Hammond & Griffith, 1979: *ad loc.*

[81] *Cf.* деталната анализа на овој говор кај Карлие, 1994: 83-86. Треба да се обрне внимание дека авторот, можеби со право, го датира овој говор во 353/2 год. ст.е.: *contra* Buckler, 1994, кој инсистира на првичното датирање.

се договара со Кралот, и веднаш потоа додава дека овие луѓе се безумници.[82] Во Втората Филипика од 344 год. ст.е., беседникот нагласува дека, во времето на Ксеркс, предокот на Филип бил меѓу оние што медизирале – но, Филип очигледно бил чист по тоа прашање.[83] Ако сојузот бил јавен, и ако бил склучен пред 346 год. ст.е., Исократ никако не би можел да го состави „Филип“, кој врие од охрабрувања за напад на Персија. Ако, пак, ваквиот сојуз бил склучен меѓу 343 и 341 год. ст.е., тогаш имаме шест говори на Демостен во кои би требало да има макар навестување за него; но, Демостен повторно молчи. Единствено решение е дека станувало збор за таен сојуз; но, ако се има на ум положбата на претпоставените учесници, јасно е дека за нив би имал смисла само јавен и добро документиран сојуз. Главен предуслов за склучување таен сојуз е двете договорни страни добро да се познаваат и доволно да си веруваат, а во случајот на Персија и Македонија, ништо не е подалеку од ваква реалност.[84] Последниот аргумент против сојузот меѓу Филип и Артаксеркс се темели на последователните настани; да се склучи сојуз со Персија околу 340 год. ст.е. – по неуспесите кај Перинт и Бисантиј, во време кога било јасно дека Филип и Персија се на различни страни, а Хелените сѐ уште виселе во средината како залог – би значело да се потпише нешто без никаква намера да се почитува, решение што би било неискрено, непотребно, а веројатно и политички штетно, ако се земе предвид можната загуба на кредибилитетот на македонскиот крал.

Значи, ниту кој и да е друг извор, ниту настаните од тоа време не одат во прилог на она што го пишува Аријан. Најпосле, дури ни Александар, во наводниот одговор, не признава дека некогаш се случило такво нешто. Уште повеќе, Александар тврди дека Персијците први ги почнале непријателствата и дека им нанеле безброј неправди на Македонците и на Хелените; но, најинтересно од сѐ е што и во овие зборови се крие своевиден историски фалсификат. Имено, Александар тврди дека, во некој неодреден миг, Охос пратил војска во Тракија, која тогаш била под македонска власт[85] – обвинување за кое нема издржана основа. Во која прилика би можело да се случи вакво нешто? Теопомп пишува дека Филип ги нападнал тракиските Тетрахорити, наречени уште и Беси, на што Полиајн додава дека за-

---

[82] Dem. 4.48-9.

[83] Dem. 15.24, 6.11.

[84] Одлична забелешка на Грифит во Hammond & Griffith, 1979: *ad loc.*

[85] Arr. *Anab.* 2. 14. 5.

бележителна улога во потфатот имал Антипатар;[86] има мислења дека овој настан треба да се датира во 340 год. ст.е.[87] Па сепак, дури и без да ја ставаме под прашање автентичноста на македонските дејствија, ова не е епизода со која Персијците можат да се поврзат на каков било логичен начин. Географијата на теренот е првиот аргумент против наводна персиска интервенција во северна Тракија, било во ова време, било подоцна; освен тоа, несфатливо е како еден персиски обид да им се помогне на Бесите би бил стратешки релевантен за случувањата кај Перинт и Бисантиј. Оддалеченоста била премногу голема, линиите на снабдување премногу долги и несигурни, а воената сила од наемници можела многу лесно да биде отсечена од базата. Ако оваа поплака на Александар воопшто е вистинита, што изгледа сомнително, таа би морала да се однесува на случувањата кај Перинт. Така, обвинувањата на Александар можеби докажуваат дека првичното јаболко на раздор меѓу Филип и Персија била Тракија; но, без оглед на тоа, приказните од преписката на Дареј и Александар најверојатно се литературни измислици.

## Мир и поход

Како што видовме на претходните страници, има сосема доволно сведоштва дека Филип пред 340 год. ст.е. се интересирал за случувањата во Азија – но, за жал, во изворите не се гледа ништо повеќе од тоа. Има спекулации дека Филип бездруго морал да се интересира за Персија, зашто ниту еден друг потфат немал толку големи изгледи за вредна финансиска добивка.[88] Да се освојат неколку персиски сатрапии во Мала Азија, значело да се собира годишен данок од две илјади таланти,[89] што е повеќе одошто би давале Хелада и Тракија заедно, ако некој можел да ги натера да плаќаат данок; освен тоа, за разлика од Хелените и Тракијците, за народите од Мала Азија таквиот поредок на нештата бил вообичаен, па се чини ве-

---

[86] Theop. *FGrH* 115, 217-18; Polyaen. 4.4.1. За Тетрахоритите и Бесите, *v.* Hdt. 7.3.2; Liv. 44.7; Steph. Byz., *s.v.*; *cf.* How & Wells, 1989, 168.

[87] На пример, Bosworth, 1980: 231.

[88] Се чини дека Borza, 1990: 228 ја пренагласува улогата на азиското богатство во плановите на Филип, тврдејќи дека копнена Хелада била само попатна станица на патот кон Исток; наводно, Хелада била премногу сиромашна за да биде легитимна крајна цел на македонскиот крал, кој го посакувал богатството на Азија.

[89] Според Херодот (3.90), четирите западни сатрапии давале вкупно 1760 таланти данок. *Cf.* Austin, 1993: 200 sqq.

ројатно дека населението не би му задавало никакви проблеми. Речиси е сигурно дека и Филип, како и секој друг амбициозен државник, размислувал за овие нешта; но, прашањето е колку јасно биле дефинирани неговите планови заклучно со 340 год. ст.е.




*Монета на Пиксодар, син на Хекатомнос од Карија*

Колку што знаеме, во годините по 346 год. ст.е. – а да не зборуваме за времето пред тоа – Филип не кажувал ниту збор за неговите намери кон Персија, ниту официјално, ниту неофицијално, ниту на каков и да е друг начин што би ги предупредил Персијците дека ги очекува војна. Сосем е веројатно дека во таков „мрак“ биле држени и Хелените. Зачувани се многу беседи што датираат од 344, па сѐ до почетокот на 341 год. ст.е.; сите се посветени на надворешната политика, но од нив не може ниту да се насети што се подготвувало. Четвртата Филипика, од летото 341 год. ст.е., е единственото место каде се зборува за „плановите на Филип против Големиот Крал“ како за нешто што им е познато на сите,[90] но тоа само значи дека имало одредена свест дека Филип нешто подготвува; во писмото на Филип од летото 340 се зборува за односот на Персија со Хелените и, поконкретно, со Атина – но повторно, Филип не кажува ниту еден прекуброен збор.[91]

Сѐ на сѐ, се чини сосем известно дека, пред разврската кај Хајронеја, македонскиот крал не дозволувал да му се даде никаков публицитет на прашањето за војна против Персија. Дали ова значи дека сѐ уште не подготвувал никаква акција, или само дека не дозволувал таа да излезе во јавност, невозможно е да се каже.[92]

---

[90] Dem. 10.32.

[91] *Cf.* анализата кај Hammond & Griffith, 1979: 461, no. 2.

[92] Слични проблеми има и во врска со мотивите на Филип за војна против Персија, за што во изворите има само спекулации или филозофски објаснувања. Ако се исклучи пропагандното објаснување за „одмаздничка“ војна (кое очигледно им било наменето на Хелените), потоа, копнежот на Филип за богатството на Азија (кој најверојатно е пренагласен), како и борбата за хегемонија во Егејскиот басен (што е сосем легитимен мотив, но дури по битката кај Хајронеја), во ова

Во секој случај, дури и ако сè уште не намислувал никаков поголем потфат, Филип морал да ја следи состојбата во Мала Азија и да се обиде да воспостави минимум пријателски контакти – ако поради ништо друго, тогаш за да ја обезбеди непосредната граница на неговите освојувања во Тракија. Токму во таа насока одела епизодата со Пиксодар од Карија,[93] кој се обидел да се доближи до Филип и побарал династички брак. Иако овој контакт не вродил со никаква брза и непосредна придобивка, тој сведочи не само за интересот на Филип за Мала Азија, туку и за тоа дека тамошните династи најпосле сфатиле дека Филип може да биде сојузник против централната власт. Но, ова сè уште не ветувало многу; во Азија не можело да се направи ништо, сè дури Филип не ги среди работите во Хелада.

● *„Општиот мир“ и придобивките од него.* – Со македонската победа над Атињаните и Тебанците кај Хајронеја, завршил периодот на отворена војна со Хелените. Оваа победа му овозможила на Филип да ја обезбеди послушноста не само на довчерашните непријатели, туку и на цела копнена Хелада. Следело собранието во Коринт, на кое Филип ја објавил намерата да поведе „одмаздничка“ војна против Персија.[94]

Би можеле да се запрашаме, дали имало логика да се бара од хеленските полиси начелно да се вклучат во офанзивна војна против Персија само врз основа на обврските кон хегемонот на Коринтскиот мировен договор. Што се однесува до „круговите на власт“ во Хелада, тешко дека во нив имало вистински ентузијазам за војна против Персија. Дури и да била успешна, ваквата војна не би му донела непосредна корист на ниту еден хеленски полис; во политичка смисла, единствен вистински добитник би бил хегемонот. Анектирањето на територии во Азија би ги зголемило моќта и богатството на Филип, а не на Хелените.[95] Згора на тоа, за антимакедонската

време е навистина тешко да се најде целосно оправдан мотив за судир со Персија, што би бил барем навестен во изворите. За овој проблем пишува Austin, 1993, со детална анализа на корпусот изворни податоци и преглед на искажаните мислења во стручната литература.

[93] Plut. *Alex.* 10.1-3; Arr. *Anab.* 1.23.7; *cf.* Bosworth, 1980: *ad loc.*

[94] Diod. 18.89.1-2; *FGrH* 255, fr. 5; Iust. 9.5.5, 8. *V. особ.* деталната анализа на состојбата и на одредниците од Општиот мир кај Проева, 2004: 240-245; *cf.* Borza, 1990: 225-226.

[95] Од друга страна, би се рекло дека Хелените во ова време биле мошне заинтересирани за нова колонизација, како начин да се решат повторно напластените проблеми со земјопоседот и фискалната стабилност; *cf.* Карлие, 1994: 167. За општествената состојба во Атина во ова време, *v.* задолжително Душаниќ, 1990: 256-260.

струја, слабеењето на Персија значело пропаст на политичката рамнотежа во Егејскиот басен и крај на хеленските надежи дека, по пат на вешто балансирање меѓу двете спротивставени страни, ќе обезбедат политичка независност. Но, не смее да се заборави дека Коринтскиот мировен договор не бил усвоен по пат на преговори, туку со воено-политички диктат, и во таа смисла, сѐ што требало да направи хегемонот е да најде правна подлога за дејствување. Таа, пак, била обезбедена мошне лесно. Персискиот крал не можел да прекрши мировен договор на кој не бил потписник, но затоа пак можело да се каже дека ја попречува автономијата на Хелените во Азија, нешто што (по потреба) се промовирало како природно право на сите полиси во Егејскиот басен. Освен тоа, Филип решил да игра и на друга карта па, од она што го знаеме за неговата пропаганда во Хелада, почнал да зборува за одмазда поради персиските недела за време на походот на Ксеркс.

Она што навистина заслужува почит е фактот дека Филип, всушност, на Хелените не им понудил ништо ново и невидено, туку се однесувал во целосна согласност со традиционалниот ред на нештата. За Хелените било сосем вообичаено, пред да тргнат во војна, да ги решаваат нивните спорови en gros и да одберат хегемон. Делоскиот сојуз бил основан пред да се обезбеди природна политичка разврска на споровите во Хелада, а за хегемон била избрана Атина;[96] во IV век ст.е., независно од дотогашните политички спорови во Хелада, Атина ги повикала Хелените да основаат коалиција за да се одржи постојниот Кралски Мир; во 378 год. ст.е., Агесилај им заповедал на сојузниците да ги прекинат меѓусебните непријателства, зашто тој има намера да ја нападне Бојотија.[97] Заеднички за сите овие примери се чувството за надворешна закана, потребата за здружување на ресурсите и воените сили и, најпосле, договорот да се избере хегемон, кој ќе биде беспоговорно почитуван додека и самиот ги почитува одредбите на меѓусебниот договор. Во таа смисла, Хелените собрани во Коринт ниту направиле нешто ново, ниту пак различно од она што го правеле нивните предци – што укажува дека хегемонот успеал да изведе маестрален политички потег.

Она, пак, што било навистина ново, е фактот што Филип успеал да спроведе општ мир меѓу Хелените и истовремено да го спречи персискиот крал да има каков и да е удел во него – што во IV век ст.е. се чинело апсолутно невозможно. Во основа, Филип го изолирал кралот од хеленските работи и ја ослободил Хелада од политич-

96 *Cf.* Bengtson, 1975: 130, 132, 257.

97 Xen. *Hell.* 6.4.37.

ките мешања на Персепол, со што јасно ја вратил Персија зад меѓата на Егејскиот басен и, од соработник и контролор, повторно ја направил легална и оправдана мета. Со ова, и намерите на Филип веќе стануваат кристално јасни. Мирот во Европа ја давал општата рамка, Коринтскиот мировен договор бил една потребна компонента од политичкото подредување во Егејскиот басен, а хегемонијата била неприкосновен предуслов и оружје за исполнување на неговите планови. Без оглед дали била замислена во 346 год. ст.е., во 340, или дури по разврската кај Хајронеја, војната против Персија веќе не била само можност, туку реалност.

● *Во војна.* – Пролетта 336 год. ст.е., македонска претходница под заповедништво на Парменион, Атал и Аминта од Линкестида се префрлила преку Хелеспонт во Абидос.[98] За дејствијата сме известени прилично слабо, и тоа првенствено зашто Диодор и Полиајн се задржуваат речиси исклучиво врз кариерата на Мемнон од Родос; сепак, може да се претпостави дека првичните случувања не им оделе во прилог на Персијците. Во текот на борбите во Троада, била урната статуата што Ариобарѕан ја поставил во светилиштето на Атена Илиска.[99] Управителите поставени од Персијците биле менувани од власта и праќани во прогонство; такво нешто се случило на Лесбос, на Хиос, во Ефес и, можеби, во Иасос.[100] Во храмот на Артемида Ефеска, како и во повеќе градови на Лезбос, биле поставени статуи на Филип, а Парменион им ја давал власта на луѓе што важеле за „продемократски".[101] Македонците бележеле победи, а Парменион успеал да се пробие дури до Магнесија на Сипил[102] – што покажува колку биле лабави првите персиски одбрамбени линии, нешто што е многупати посведочено и во V, и во IV век ст.е.

Од друга страна, треба да се има на ум дека нашите извори се парцијални, честопати дури и пристрасни, и дека во нив понекогаш има противречни сведоштва. На пример, Диодор пишува[103] дека персискиот крал уште претходно започнал големи подготовки, дека опремил огромен број триери, дека собрал голема копнена војска и ги одбрал најдобрите заповедници. Во изворите најчесто се раскажува за Мемнон, кому му биле дадени 5000 платеници за да го ос-

---

[98] Polyaen. 5.44.4: Diod. 16.91.2; Iust. 9.5.8. Детален приказ на настаните даваат Ellis, 1994: 785-790 и Briant, 1996: 837-8.

[99] Diod. 17.17.6.

[100] *V.* задолжително Briant, 1996: 837, со повеќе други примери.

[101] cf. Arr. *Anab.* 1.17.11.

[102] Polyaen. 5.44.

[103] Diod. 17.7.1

вои Кизик;[104] но, Мемнон ниту бил единствениот активен персиски заповедник, ниту пак го водел потфатот сам. Од финансиските стратегеми што му се припишуваат на Родиецот[105] се гледа дека тој бил само еден заповедник во персиската војска, кој собирал придонеси од градовите и така ги хранел и ги исплатувал своите војници. Особено е неверојатно што речиси не се спомнуваат Арсит, сатрапот на Хелеспонтска Фригија, и Спитридат од Сарди, иако борбите во најголема мера се воделе во нивните сатрапии; може да се претпостави дека, исто како и во 341 и во 334 год. ст.е.,[106] и во оваа прилика токму Арсит ги добивал и ги спроведувал наредбите од кралот. Воопшто, иако Диодор сака да нѐ убеди дека Персијците одвај и да се придвижиле сѐ до доаѓањето на Александар,[107] вистината веројатно е поинаква; колкави и да биле проблемите во центарот или во другите сатрапии – а секако биле помали одошто обично се претполага – имало сосем доволно време Арсит да го опомене кралот, а кралот да преземе соодветни мерки. Накусо, слободно може да се претпостави дека и Артаксеркс IV, и Дареј III бргу станале свесни за проблемите на малоазискиот фронт, но тоа не може да се види од нашиот изворен материјал. За жал, научниот интерес за првиот непосреден воен судир меѓу македонското и персиското кралство веројатно никогаш нема да биде целосно задоволен.

● *Антиклимакс.* – Во мигот кога во Ајга се подготвувала свадбата на Клеопатра со Александар Молоски, војската на Парменион се пробивала по малоазиското крајбрежје. Но, смртта на Филип го запрела најголемиот потфат во дотогашната историја на кралството, а неговата втора етапа никогаш не се остварила.[108] Ако воопшто може да се спекулира за хронологијата на случувањата во оваа нејасна година, би се рекло дека главниот поход на Филип требало да започне дури следната пролет; до октомври, бојната сезона речиси

[104] Diod. 17.7.2-3.

[105] Ps.-Arist. 2.29.

[106] Соодветно, Paus. 1.29.10, Arr. *Anab.* 1.12.8-10.

[107] Diod. 7.2.

[108] Главен извор за убиството на Филип е Диодор (16.91.4-16.94.4). Детален и јасен приказ на случувањата во врска со убиството на Филип дава Проева, 2004: 245-248, па тука нема потреба детално да се навлегува во оваа тема. Треба да се нагласи дека, според авторката, се чини најприфатливо мислењето на Аријан – дека станувало збор за превентивна мерка, поттикната од Персијците; сепак, за ова е невозможно да се спекулира без ниту едно друго сведоштво или навестување, освен она што го пишува Аријан. *V.*, исто така, Hammond & Griffith, 1979: 684-691, како и Borza, 1990: 227, кој цени дека причина за убиството на Филип се повредените чувства на Павсанија; *contra* Hatzopoulos, 2005, кој решително го отфрла ова.

била завршена, а на Хелените не им биле дадени нови наредби ниту во поглед на војската, ниту во однос на финансиите. Како и да е, првичниот ударен момент бил пропуштен. Александар без одлагање пратил во Мала Азија нови одреди под заповедништво на Хекатај;[109] но, неговото доаѓање предизвикало немир во македонската војска, а Атал бил убиен од неговите сопствени стражари. Во текот на 335 год. ст.е., од постигањата на Парменион не останало речиси ништо. Мемнон, додуша, не успеал да се добере до Кизик, но во Лезбос и во Ефес повторно биле поставени пропперсиски тирани,[110] а Персијците успеале да извојуваат и неколку победи во Троада.[111] На почетокот од 334 год. ст.е., во македонски раце бил само Абидос;[112] Александар требало да се врати на самиот почеток.

Но за нас, на ова место, вистинската загуба не се огледа во пропаста на малозазиските потфати на Парменион и Филип; најпосле, знаеме како завршила целата работа, и врз основа на она што се случувало подоцна може да се претпостават општите правци на дејствување во неостварениот поход од 335 год. ст.е. Многу поголема недоумица се крие во прашањето за конечните цели на Филип II, кои во изворите исто така ги нема.[113] Сигурно е само тоа дека, ако Филип воопшто имал точно разработен план на дејствување, никогаш ниту го објавил, ниту пак го споделил со некој што би можел да ни го соопшти. Ако веќе мора да се даде некаква претпоставка, изворните сведоштва упатуваат на две нешта: дека Филип немал јасно опредметени амбиции во Азија сѐ дури Персијците не се вмешале во неговите потфати во Тракија, и дека во ниту еден случај не покажал интерес и амбиција за случувањата вон персиските западни сатрапии. Сите контакти на Филип со Персија, било да станувало збор за бегалци, бунтовници, династи или сатрапи, биле ограничени на Егејскиот басен и на непосредното соседство на неговото кралство; зачуваните податоци не даваат никаква подлога за спекулација дека Филип сериозно размислувал за териториите преку Киликија и Таврос, а најмалку пак, може да се спекулира дека Филип размислувал да го освои персиското кралство.

Тоа била друга, сосем поинаква приказна, што судбината му ја наменила на неговиот син и наследник, Александар III.

---

[109] *Cf.* Briant, 1996: 837-8.

[110] *cf.* Arr. *Anab.* 1.17.12, за Сирфак и неговите браќа.

[111] Diod. 17.7.10.

[112] *cf.* Arr. *Anab.* 1.11.5.

[113] За ова прашање, *v.* особ. Ruzicka, 1985, кој дава преглед на искажаните мислења и постарата литература; *cf.* и Buckler, 1994.

# XII
# НЕКОЛКУ ЗАВРШНИ ЗБОРА

Денешните историчари сè поретко имаат обичај да расправаат за причините, поводот, или пак за идејната подлога на Големиот Потфат на Александар III Велики; во денешната наука, човек поскоро може да сретне разногласија за ситни подробности, спорови за местоположбата на некоја крајпатна станица, или пак долги расправии за точното место каде војската минала некоја малоазиска река. Не е тешко да се сфати зошто работите стојат така. Падот на Персија (и, особено, падот на Персепол) предизвикале историски потрес, што во антиката можело да се спореди само со падот на асирската престолнина Нинива, или можеби со падот на Рим – настани што означиле почеток на сосем нов поредок на нештата; судирот на македонското со персиското кралство била омилена историска и социолошка тема уште од античко време, а и денес има значајно место во секоја напишана Историја на Стариот свет. Постојаниот човечки и научен интерес за оваа тема произвел вистинска плима од литература, на која истражувачот на постарите (или послабо посведочените) историски периоди може само да позавиди; од неа, пак, произлегла низа од веќе општо прифатени научни константи, а со нив и констатацијата дека прашањето за походот на Александар во денешната наука е безмалку заокружено и затворено.

Сепак, на крилјата на ваквото научно самозадоволство, лесно се заборава дека контактите меѓу Македонија и Персија не започнале ниту со Филип II, а уште помалку со походот на Александар III; походот на Александар III е краен производ на една променлива лепеза сложени политички и економски собитија, и како таков, го претставува само крајот на персиско-македонската приказна. Во времето кога Александар минувал преку Хелеспонт, а македонската сариса се острела за да го пробие персискиот штит, двете кралства имале веќе стопедесетгодишно искуство во меѓусебните политички и економски односи. Тие не само што не биле terrae incognitae една за друга туку, како што покажавме на претходните страници, би се рекло дека се познавале сосем добро, зашто активно учествувале во политичките превирања во Егејскиот басен – почесто на иста, а понекогаш и на различна страна.

Читателот што беше заинтригиран да ги прочита претходните страници, за да се запознае со првиот дел од персиско-македонската приказна, тргна од далеку и измина прилично долг пат. Во текот на ова историско и научно патување, тој се соочи со еден сложен период во историјата на Егејскиот басен, со фрагментиран политички кадар, многу различни чинители и уште поразлични интереси – поради што, всушност, мораше да прочита неколу напоредни, понекогаш и мошне различни книги. Во нив стана збор за контактите на Истокот и Западот пред военото навлегување на Персијците во Европа; за состојбата на тракомакедонското крајбрежје во мугрите на персиските походи; за македонското кралство во времето на Грчко-персиските војни; за состојбата и статусот на Македонија по завршувањето на персиските походи во Европа, како и за нејзините политички интереси во Егејскиот басен; и најпосле, за персиско-македонските односи во времето на Филип II, заклучно со почетокот на воените дејствија во 336 год. ст.е., како кулминација и почеток на крајната разврска во односите на двете кралства.

Добрата волја на читателот беше ставена на проба и со низа прашања што имаат само посредна врска со Персија, но беа потребни за да се расветлат многу нешта за раната историја на македонското кралство, во времето непосредно пред и по персиското навлегување во Европа. Такви беа топографијата, населеноста и етничката структура на географска Македонија; односите на династијата Аргеади со македонските племиња вон границите на кралството; и најпосле, модалитетите на дејствување, како на Персијците, така и на Македонците, како и нивните дејствија во Грчко-персиските војни. Темата беше опсежна, а четивото долго и сложено; сепак, разгледувањето вроди со плод. Сите овие нешта, земени заедно, ни помогнаа да согледаме дека кај Македонија и Персија, барем во прво време, имало јасно определена матрица на интерес, правилност во политичките, воените и економските потези, како и осмислена политичка програма – но, подоцна, и политичка стихија условена од миговната состојба. Така, од сојузници и партнери, Македонија и Персија постапно се нашле на различни страни и, најпосле, се соочиле во непосреден судир.

Како да се даде единствен, заокружен и целесообразен заклучок на една тема, која во себе всушност крие десетина помали теми? Ова е, можеби, најтешката задача на авторот, кој е свесен дека секоја тема што беше начната на претходните страници си повлекува и сопствен заклучок. Проблематиката може да се разгледува од политичка, геостратешка, економска, или дури и од социолошка гледна

точка, па е сосем веројатно дека секој читател во трудов ќе бара и ќе најде сосем различни нешта, кои ќе ги протолкува од гледна точка на неговиот личен интерес. Па сепак, факт е дека од обработката на материјалот произлегоа неколку главни, општи констатации, и не е лошо тие уште еднаш да се повторат во сумарен облик.

1. *По пропаста на Критско-микенската цивилизација, обновените контакти меѓу Европа и Азија траат непрекинато најмалку од VIII век ст.е., четири века пред походот на Александар III.* Влијанијата на Стариот Исток врз цивилизациите од Егејскиот басен, врз кои ќе се надоврзат и надградат односите на Персија со Западот – вклучувајќи ги тука и Македонците и македонското кралство – послужи како интересна појдовна точка и солидна основа за понатамошното истражување. Иако податоците со кои располагаме се малубројни и фрагментарни, тие сепак овозможуваат да се согледа природата на односите меѓу овие култури, како и перцепцијата што ја имале едни за други; Хелените за „источните барбари”, а источните народи за „Yauna“. Начинот на кој во источните документи се користи поимот „Yauna“, но и начинот на кој се зборува за нивната претпоставена татковина, покажа две нешта: прво, дека Јонија не е точно определен географски поим, дека нема податоци каде точно се наоѓа и како може да се стаса дотаму; и второ, дека понекогаш со општиот термин „Јонци“ се означуваат не само вистинските Јонци, туку општо и сите Хелени, а понекогаш дури и сите работници на бабилонските и персиските градилишта, што доаѓале од крајниот Запад. Дури и ако се ограничиме само на фактите што можат да се проверат и преку источните, и преку хеленските извори, очигледно е дека меѓу Европа и Азија била воспоставена широка лепеза од контакти најмалку два века пред персиското преминување во Европа. Без оглед на тоа што се посведочени само Европјани, во Азија, а речиси воопшто нема Фојникијци, Бабилонци и Персијци во Европа, важноста на овие луѓе била истозначна и за едната, и за другата страна, зашто нивните информации биле двонасочни; преку едни исти луѓе, Азијците два века ја осознавале Европа, а Европјаните – Азија. Токму затоа се неприфатливи античките, но и современите прикази во кои се случува „судир на светови“, а „дивата и непозната Азија се прелева во Европа“. Според сè, Персијците добро знаеле каде одат и кого ќе сретнат, а и Хелените, кога дошло време, точно знаеле со кого треба да се справат.

2. *Персиското освојување на тракомакедонското крајбрежје значело крај на локалната надмоќ на Пајонците и го означило почетокот на нивното повлекување кон север; но, персиското*

*навлегување не значело и апсолутна економска, воена и политичка контрола, а локалниот политички мозаик на крајбрежјето не претрпел речиси никакви измени.* По враќањето од Скитија, Мегабаѕ добил задача „да ги покори сите градови и сите племиња во Тракија“; тој ја исполнил задачата без поголеми тешкотии, па сите племиња источно „од Македонците“ (поточно, од македонското кралство; во секој случај – сите племиња источно од Аксиј), барем номинално, станале персиски поданици. Силата на персиското оружје непосредно се почувствувала не само на Хелеспонт и во Тракија, туку и сè до плодниот басен на реката Стримон. Единствени племиња што веројатно дале успешен отпор биле Пајонците населени околу планината Пангај, Доберите, Агријаните и Одомантите, кои живееле главно во долината на Стримон, на север од Рупелската клисура.

Персиското навлегување на тракомакедонското крајбрежје најнеповолно се одразило врз Пајонците. Пред 510 год. ст.е., Пајонците го контролирале најмалку долното течение на реката Аксиј; тие биле непосредни соседи на македонското кралство на династијата Аргеади и, според сè, доволно силни за да го спречат нивното ширење кон исток. По персиското навлегување, Пајонците се нашле притеснети меѓу два огна: од исток биле потиснати од Персијците, а од запад – од традиционалните „непријатели“, Аргеадите. Откако Персијците и Аргеадите нашле заеднички јазик, пајонското повлекување кон територии што не биле во интересната сфера ниту на едните, ниту на другите, било единствената опција што можела да им овозможи понатамошна политичка самостојност. Приказната на Херодот за депортирањето на Пајонците најверојатно треба да се отфрли како плод на историографска фикција; единственото друго издржано решение е самоволното пајонско повлекување кон север, докажано и со археолошки извори.

Што се однесува до другите македонски племиња, првенствено оние на територијата западно од Нестос, преку Стримон, до Аксиј – мошне е веројатно дека персиското навлегување не значело и апсолутна економска, воена и политичка контрола на оваа територија. Нема укажувања дека трговската комуникација била прекината, а независните племенски монетоковања – без оглед дали биле на Едонците, на Бисалтите или на други племиња – сведочат дека племињата што претходно ги контролирале рудниците продолжиле со економските и трговските активности. Врховната контрола секако била во рацете на Персијците, што се гледа и од згаснувањето на атинското економско влијание во областите околу планината Пангај; но, според сè, во нивното првично навлегување, Персијците не-

мале ниту намера и интерес, ниту пак време и моќ да се занимаваат со микроекономијата на новоосвоените територии.

3. *Првиот чин на формализирање на односите меѓу персиското и македонското кралство најверојатно се случил околу 510 год. ст.е., но тоа не значело и освојување и покорување на кралството на Аминта; подоцнежната приказна за убиството на персиските пратеници требало да го „покрие" медизмот на Аминта и Александар, иако во нивно време поимот за медизам, всушност, сè уште не бил конципиран.* Во кадарот на претходно опишаните дејствија влегува и приказната за седумте персиски пратеници, кои пристигнале во дворецот на македонскиот крал Аминта I за да побараат „земја и вода" и наводно биле убиени од смелиот кралски син. Ако епизодата се изземе од останатиот дел на текстот, останува недвосмислено само она што непосредно ѝ претходи, и она што ја затвора: Персијците доаѓаат кај македонскиот крал за да бараат земја и вода, а си одат со неговата ќерка Гигаја, како печат и потврда за соработката што ќе трае сè до пропаста на последниот голем персиски напад врз Хелада.

Речиси е сигурно дека првиот чин на формализирање на односите меѓу кралството на Аргеадите и Персија се случил околу 510 ст.е. – по истиснувањето на Пајонците од долното течение на Аксиј, а пред (или во време на) заминувањето на Дареј од Сарди. Во дадениот политички миг, ова им одговарало и на едните, и на другите. Аргеадите воспоставиле врски и добиле појасна слика за новиот, моќен сосед; со воспоставувањето официјални односи добиле подобар увид и во силата, и во намерите на Персија; Македонија не била следната цел во персиската воена програма, што само по себе било мошне важно постигнување, ако се земат предвид претходните случувања на потегот од Пропонтида до Аксиј. Добивка имале и Персијците: нивните нови (и сè уште не сосем обезбедени) територии добиле цврста западна граница, па не требало да се трошат дополнителни средства и луѓе за поголема будност, или за понатамошни пробиви во текот на истиот поход.

При сето ова, Аминта I и натаму останал крал на Македонците и носител на државноста; а пак во однос на Персијците, најмногу што може да се дозволи е дека бил еден вид подреден владетел, кој во поглед на надворешната политика се нашол во „подреден сојуз" со Ахајменидите. Ништо не укажува дека во 510 год ст.е. кралството на Аргеадите било покорена територија или, дури, административна единица. Аргеадите „дале земја и вода", со што прифатиле еден вид подреден, но сепак привилегиран статус, кој обично се означува

како „вазалски“, но всушност претставувал еден вид foedus iniquum, што го прави смисловно поблизок до политичко покровителство. Барањето земја и вода бил вообичаен прв чекор со кој се пристапувало онаму, каде не можела да се воспостави непосредна воена и политичка контрола; давањето земја и вода значело дека политичкиот субјект не е непријател, туку напротив, на него можело да се смета во текот на идните дејствија. Во суштина, станувало збор за еден вид договор заснован врз верба, заклетва и меѓусебен интерес, запечатен под покровителство на Ахура Мазда; токму овој договор им овозможил на Аргеадите во следните две децении да уживаат автономен статус и да останат надвор од сферата на сатрапии.

Што се однесува до претпоставениот „медизам” на Македонците, погледот врз политичката и општествената ситуација, како и правните уредби во ова време, укажуваат дека ваквото прашање не е сосем на место. Освен во некои извадоци од Херодот, кои се политизирани и обременети со идеологија, медизмот во Хелада сѐ уште не бил ништо повеќе од политичко предавство – какво што, на пример, за жител на Аргос би била соработката со Спарта, или за Атињанецот соработката со Теба или Ајгина. Медизмот сѐ уште не бил јасно издвоен како политички концепт, и никако не можел да биде добар или лош, мудар или срамен. Илузорно е да се расправа за конотациите на медизмот на Аминта I или на Александар I – пред сѐ, зашто тешко може да се каже дека тие го делеле хеленскиот политички и културен светоглед, а освен тоа (и токму поради тоа), факт е дека и нивните најтврдокорни хеленски современици не би нашле ништо срамно во мотивите и постапките на Македонците.

Во поглед на стратегијата и на територијалните придобивки на Персијците, извесно е дека персискиот непосреден интерес во ова време треба да се ограничи на плодните и богати области меѓу Хелеспонт и Стримонскиот басен. Овие територии биле богати со суровини, а освен тоа, имале и сосем погодни пристаништа, од кои Персијците би можеле да контролираат значителен дел од пловидбата низ северниот Егејски басен. Ако се точни и претпоставките за економската важност на коридорот од Дориск кон долината на Хеброс, што овозможувал лесна комуникација со внатрешноста на Тракија, станува сосем извесно дека Персијците, во своето прво навлегување во Европа, немале зошто да тежнеат за освојувања подалеку на запад. Според сѐ, пресметката со Пајонците била погранична, а можните излети до Аксиј сведочат само за засилена воена контрола на новата граница, а никако за активна воена цел. Ако се одмерат сите факти и можни претпоставки, се чини најверојатно дека Пер-

сијците немале ниту време, ниту пак интерес да размислуваат за пробивање на запад подалеку од линијата Дисорон-Берга-Аргил, а нивните дејствија не покажуваат дека логистиката одела подалеку од Стримонскиот басен.

4. *Во новиот политички и економски поредок на нештата, европските територии и Јонија најверојатно биле дел од една иста економска целина и граделе заеднички, заокружен економски систем; притоа, наместо економски колапс, персиското освојување предизвикало економски просперитет и го зголемило обемот на трговијата.* Наспроти сите претпоставени „ужаси на војната”, огромниот корпус на економски записи и материјални наоди всушност сведочи за економски просперитет. Почнувајќи од последната четвртина на VI век ст.е., пораснале и обемот на ковање, и циркулацијата на сребрени монети низ целото источно Средоземје – развој што временски се совпаѓа со почетокот на засилена експлоатација на рудниците на тракомакедонското крајбрежје. До доцниот VI век ст.е. оваа област му давала на егејскиот пазарот исто толку сребро, колку сите други извори земени заедно. Ако се земе предвид ваквиот одлив на скапоцени метали, заедно со севкупноста на она што им се плаќало или им се давало на Персијците, може да се претпостави дека, за персиска Јонија и островите, тракомакедонското крајбрежје станало важен, близок и погоден извор како на сребро, така и на други суровини. Персиското присуство на крајбрежјето овозможило (и, можеби, наложило) непосредна економска врска со Јонија.

Ова може јасно да се види и од воените дејствија во Јонското востание; тие не се случувале во Македонија, но многу детали од востанието се врзани за тракомакедонското крајбрежје. Такви се вињетите за последните дејствија на Хистијај, Аристагора и Милтијад, како и повторното спомнување на Пајонците, кои наводно во оваа прилика се вратиле во Европа; сосем е возможно дека тие претставуваат реминисценција и зачуван одглас на некои паралелни традиции, во кои веројатно бил чуван спомен и за случувањата на крајбрежјето, а за што во верзијата на настаните на Херодот нема речиси ниту збор. И Аристагора, и Хистијај, и Милтијад веројатно имале поголем удел во настаните на северот, одошто тоа може да се види од текстот на Херодот; воопшто, и пред 499 год. ст.е., и во текот на Јонското востание, и особено во 480/79 год. ст.е. Европа и тракомакедонското крајбрежје постојано лебдат како некој призрак што се затскрива зад општиот тек на настаните. Ова само ја докажува претпоставката дека Јонија и персиските територии во Европа не треба да се разгледуваат и да се анализираат одделно, особено зашто на

тоа опоменува и економскиот аспект од анализата на случувањата. Според сѐ, во персискиот референтен систем (а очигледно и во референтниот систем на Хелените од Азија), западна Мала Азија и Европа биле нераскинливо врзани и во воено-политички, и во економски поглед.

5. *Дури и по 492 год. ст.е., кога Мардониј ќе ги преосвои европските територии, Македонија не влегува во административната сфера на персиските сатрапии, а т.н. „Европска сатрапија" најверојатно е плод на погрешни толкувања и конјектури во современата наука; сепак, треба да се дозволи дека Аминта I и Александар I, при сѐ што биле македонски кралеви, можеле да ја носат и титулата „сатрап".* Пролетта 493 год. ст.е., Персијците започнале големи подготовки за воено преосвојување и за воспоставање поцврста контрола врз териториите во Европа; крајниот исход од дејствијата на Мардониј бил дека јужниот дел од Тракија и најголемиот дел од долна Македонија биле „преосвоени", со што Персијците релативно лесно ја обновиле воената контрола над европските територии. Иако воошто не стасал до Хелада, Мардониј успеал да обезбеди прилично голема територија, која можела (и веројатно требало) да послужи како основа за идните потфати во Европа.

Со дејноста на Мардониј во Европа е врзана теоријата за постоењето на т.н. Европска сатрапија; но, врз основа на споредбите и анализите на изворните податоци, може да се заклучи дека ваквото тврдење најверојатно нема логична подлога. Како што покажа разработката на овој проблем, во примарните извори воопшто не е посведочена „сатрапија" како terminus technicus, а во хеленските извори од тоа време, поимот само на три места означува административна единица. Ниту на поимите nomos и hyparkhos, што ги користи Херодот, не може да им се припише универзално значење на „сатрап" и „сатрапија", зашто на најголемиот број места тие означуваат помали фискални единици и заповедници од понизок ранг. Персиската сатрапија и хипархот не само што не се дефинирани, туку ние немаме ниту јасна претстава дали воопшто се употребени во смислата што им ја припишуваме денес; а без точна дефиниција на модалитетот според кој функционира административната целина, не може да се каже што точно значи „воспоставување сатрапија" – дали само назначување на сатрап (или хипарх), или пак целосна примена на персискиот административен и фискален систем.

Дури и ако ги оставиме настрана методолошките недоумици, против теоријата за некаква персиска сатрапија во Европа говори безмалку секој аспект од кој ќе му пристапиме на овој проблем. Ни-

ту кај Херодот, ниту кај кој и да е друг подоцнежен извор не се спомнува сатрап на сатрапија Скудра, ниту пак е кажано каде било неговото седиште, каде би требало да се наоѓа сатрапскиот дворец и администрацијата. Досега не е пронајдена ниту персиска архива, ниту канцеларија, ниту пак сатрапска ризница, а да не зборуваме за сатрапски центар. Во Европа нема траги од персиска службеничка дијаспора, персиски земјопосед или катастар, ниту пак е посведочена персиска религиозна практика – што укажува дека, каков и да бил обликот на управување со персиските територии во Европа, тој не подразбирал доселување на државни службеници од другите краишта на кралството и најверојатно ѝ бил препуштен на локалната власт – каков што е случајот со тираните во персиска Јонија, со Хекатомнидите во Карија и со локалниот syennesis во Киликија. Дури и ако се прифати податокот дека „потчинетата“ Македонија им плаќала данок на Персијците, при што таквиот данок никаде не е експлицитно определен – и тоа можело да се направи на различни начини и во различни облици, дури и без сатрап и без персиска административна служба.

Ако може да се извлече некаква поука од статусот на локалниот syennesis во Киликија, на Хекатомнидите во Карија, на кипарските басилеи, па дури и на Индијците Пор и Таксила, јасно е дека поимот „сатрап“ треба и може да се разгледува само во неговото првично, основно значење – „заштитник на [интересите на] кралот/кралството“, т.е. на персиските воено-политички интереси на територијата што ја контролира. Во тој случај, нема причина зошто Аминта I (кој бил врзан во ксенија со Пејсистратидите) и Александар I (кој бил проксен, значи трговски застапник на Атињаните) не би можеле да бидат и персиски хипарси/сатрапи (значи, застапници на персиските воено-политички интереси) на нивната територија.

6. *Ако се изземе логистичката поткрепа пред влегувањето на Персијците во Тесалија, улогата на Александар I во походот на Ксеркс, онака како што е прикажана кај Херодот, е маргинална; кралот на Македонците бил дел од помошните одреди и давал логистичка поддршка, послужил и како праттеник во Атина, но во никој случај не одиграл улога што би ги отежнала неговите последователни односи со Хелените.* Кралот на Македонците го среќаваме кај Темпе, во Бојотија, во атинското собрание, како и на бојното поле кај Платаја; но, мошне е тешко да се определи вистинскиот удел на Александар во собитијата, кога тој ниту во една епизода не зема активно учество во борбите. Само при една битка е недвосмислено кажано дека зеле учество и Македонците, и тоа на занемарлив

дел од боиштето. Александар, барем според Херодот, немал никаква улога како водач на воен контингент сѐ до Платаја, каде се спомнува за последен пат.

Извесно е дека улогата на Александар како сојузник, помошник или соборец на Персијците – барем што се однесува до војувањето – е преценета и нема реална поткрепа во случувањата. Воената улога на Македонците – онаа што најдолго се памети – била претежно заднинска и логистичка, а за поголемиот дел од Хелените, најблаго речено, матна. Военото ангажирање на Александар немало доволна тежина за да повлијае ниту врз политичките односи на Македонија и Хелените, ниту пак врз нивните трговски врски. Пратеништвото во 480/79 год. ст.е., во кое Александар настапил во име на Мардониј и Ксеркс, било единствениот потег со кој донекаде бил нарушен угледот на атинскиот проксен и евергет; па сепак, тоа ни оддалеку не било доволно за да се случи прекин на трговската соработка, уште помалку за да се развие некакво отворено непријателство.

7. *Најважна последица од персиското повлекување бил пробивот на Александар I кон исток и обезбедувањето контрола врз рудното богатство на крајбрежјето; со ова, Македонија станала доволно силна за да излезе на политичка сцена, што едновремено го означило повторното воспоставување трговска соработка со Атина.* Без оглед на подоцнежните проблеми со управувањето на приклучените територии, во ова време, најважна придобивка од пробивот на Александар кон исток било преземањето контрола врз голем дел од рудното богатство на крајбрежјето. Економскиот импулс добиен на овој начин бил повеќе од значаен, и не се огледал само во ковањето монети. Пред пробивот кон исток, единствен начин на кој Александар можел да дојде до сребро бил – да тргува со дрво за бродоградба. Откако воспоставил контрола над рудниците, македонскиот крал можел да води независна трговска политика и, при трговијата со дрва, да не ги зема предвид само економските потреби на државата, туку да работи и во согласност со своите политички интереси. Со тоа, Александар и Македонија станале чинители на политичката сцена во Егејскиот басен, а македонскиот крал, дури и да сакал, не можел да го избегне учеството во идните политички игри и надмудрувања со претпоставените соперници.

Во контекст на односите со Атина, општиот тек на настаните не навестува никаква затегнатост во целата следна деценија, зашто политичките интереси на двете страни не само што не се поклопувале, туку дури и се исклучувале. Непосредните интереси на македон-

ското кралство биле насочени кон копното. Со ширењето на кралството на Александар, се зголемиле и издатоците за одбрана и обезбедување на новите граници, но и грижата за управување со новите територии; ако Александар некогаш сакал да го насочи својот интерес и кон морето, ова бил најнепогодниот момент. Од друга страна, моќта на Атињаните почивала врз контролата на морето и морските патни правци. Првенствен интерес на Атина бил да се обезбеди целосна слобода на движење за флотата и да се запоседнат најдобро поставените населени места, што би се користеле како воени упоришта, а можеле релативно лесно да се преустројат и во мирнодопски трговски населби. Во ова време, Атина немала причина, ниту пак интерес да не ја почитува македонската хегемонија подлабоко во копното; соодветно на ова, Александар ниту имал мотив, ниту пак реална моќ да го попречи остварувањето на хеленските интереси на море, па и на делот од крајбрежјето каде и тој бил, во некоја смисла, новодојден. Интересите на Македонија и Атина се совпаѓале само во едно нешто: Александар сè уште ги поседувал најбогатите резерви на дрво на северот, а згора на сè, со заземањето на месноста Девет Патишта, добил пристап и до богато пошумените предели во задницата на северното крајбрежје. Атина, пак, требало да одржува и обновува голема и исклучително активна флота, па дрво за бродоградба ѝ требало повеќе од кога и да е.

8. *Откако Персија почнала да го решава „хеленското прашање" со дипломатски средства, македонското кралство ја загубило логистичката важност за Персијците, со што во односите на двете држави настапо затишје од близу век и половина.* Повлекувањето на Персијците во 479 год. ст.е., барем за извесно време, било последната епизода во непосредните односи на персиското и македонското кралство. Тракомакедонското крајбрежје и Македонија имале големо логистичко и воено значење за Персијците – но само во случај на нивно физичко присуство и воени дејствија во Европа; во време кога главно оружје на Персијците станала „дипломатијата на дареикот", биле воспоставени непосредни и отворени врски со хеленските полиси и политички фигури, на кои не им требала ниту логистичка поткрепа, ниту посредник. Иако дејствувале на иста политичка сцена, Персија и Македонија веќе немале непосредни политички контакти. Нивното повторно воспоставување – но не во исти услови, ниту со иста природа како порано – уследило по нешто повеќе од еден век, за време на владеењето на Филип II.

9. *За време на владеењето на Филип II, секој обид за контрола на хеленската политичка сцена, или пак на териториите*

*населени со Хелени, подразбирал и рововска борба за намалување на влијанието на Големиот Крал во Хелада – што можеби го дало и првиот повод за противпоставеноста на Македонија и Персија.* Кон средината на IV век ст.е., хеленските политички чинители биле слаби и разединети, а економијата се движела во постојана надолна линија; општото расположение почнало да претежнува кон запирање на војните меѓу Хелените и обезбедување подолготраен мир, за да можат да закрепнат економијата и општеството. Но, веќе подолго време наназад, на кралот на Персија сè почесто му била давана улогата на гарант за мирот и стабилноста во Хелада. Гледано од персиска гледна точка, вмешувањето на кралството во хеленските работи било извонредна пропагандна можност за да се поправи сликата за Персија во очите на Хелените, и тоа не само како правичен арбитар и гарант за почитувањето на мирот, туку и како искрен пријател и сојузник. Додека Хелените и Персијците плетеле мрежи од кусовечни сојузништва и неискрени пријателства, по повеќе години внатрешни превирања, македонското кралство се вратило на политичката сцена.

10. *Прашањето за персиската политика на Филип II сè уште е спорно, но изворните податоци, како и да се толкуваат, не укажуваат дека македонскиот крал имал активни планови да ја нападне Персија пред да го реши прашањето за хегемонијата во Хелада. Голем удел во неговото решение имало и приближувањето на ставовите на Атина и Персија, како и желбата за обезбедување и смирување на соседството на проширеното македонско кралство.* Има сосем доволно сведоштва дека Филип се интересирал за случувањата во Азија, но во изворите не се гледа ништо повеќе од тоа. Може да се спекулира дека Филип се интересирал за Персија, зашто ниту еден друг потфат немал толку големи изгледи за вредна финансиска добивка. Да се освојат неколку персиски сатрапии во Мала Азија, значело да се собира годишен данок од две илјади таланти, што е повеќе одошто би давале Хелада и Тракија заедно; освен тоа, за разлика од Хелените и Тракијците, за народите од Мала Азија таквиот поредок на нештата бил вообичаен, па реакциите на населението веројатно не би му предизвикувале големи проблеми. При сето ова, тука била и реалната опасност за приближување на Персија кон некој од посилните хеленски полиси, со што уште повеќе би се заплеткала и онака сложената политичка ситуација во Хелада. Речиси е сигурно дека Филип размислувал за овие нешта, како што би размислувал секој амбициозен државник; но, прашање

е колку јасно биле дефинирани неговите планови заклучно со 340 год. ст.е.

Дали Филип имал (или, на почетокот, дали бил свесен дека ќе треба да има) „персиска политика", зависи од значењето и тежината што ќе му ги припишеме на Исократ и на неговиот спис „Филип". Исократ е тој што со години наназад посакувал и заговарал војна против Персија, а кога Филип го добил и го прочитал неговиот спис, не може ниту да се претпостави. Беседникот ја образложува детално војната против Персија и пишува за нападот на Азија како за нешто што е веќе договорено; но, нема основа да се тврди дека станувало збор за решение на македонскиот крал. Од целата работа произлегува само тоа, дека во ова време имало кругови во Хелада во кои се размислувало за војна против Персија; сепак, тоа не значи дека хеленските политичари планирале ваков развој на собитијата, туку само дека Исократ и уште неколкумина од неговиот круг се занимавале со издржаноста на една теоретска идеја. Дури и ако навистина се размислувало за вакво нешто, ниту еден тогашен хеленски полис немал ни најмала шанса идејата да ја спроведе во дело; единствен што можел да го стори тоа бил Филип, кој токму затоа станал последната тежишна точка на теоретските политички разработки на Исократ.

Најважна последица од последните „персиски искуства" на Филип II е доближувањето на политичките стојалишта на Атина и на Персија. Без оглед дали дејствувале независно или во содејство, овие два политички субјекти имале јасно опредметен заеднички интерес – да му се застане на пат на македонскиот крал. Ако Персијците дотогаш немале ниту една прилика да се наметнат во Хелада со воени средства, сега им се укажала можност да го сторат токму тоа, и тоа со мошне мал ризик за нивниот углед. Кралот на Персија сè уште дејствувал во согласност со првичниот Кралски мир, па можел да тврди дека ја заштитува слободата на Хелените од македонската агресија. Како и да е, ваквата состојба не можела да трае вечно, зашто наближувала конечната пресметка за хегемонија во Хелада. Политичките поени што ги добил кај Атињаните, Големиот Крал неповратно ги загубил две години подоцна, и тоа со вештиот дипломатски маневар на Филип при осмислувањето на Коринтскиот мировен договор.

Всушност, Филип не им понудил на Хелените ништо ново и невидено, туку се однесувал во целосна согласност со традиционалниот ред на нештата. За Хелените било сосем вообичаено, пред да тргнат во војна, да ги решаваат нивните спорови en gros и да одбе-

рат хегемон; заеднички за сите дотогашни примери се чувството за надворешна закана, потребата за здружување на ресурсите и воените сили, како и договорот да се избере хегемон, кој ќе биде беспоговорно почитуван додека и самиот ги почитува одредбите на меѓусебниот договор. Во таа смисла, Хелените собрани во Коринт ниту направиле нешто ново, ниту пак различно од она што го правеле нивните предци, што укажува дека хегемонот успеал да изведе маестрален политички потег.

Она, пак, што било навистина ново, е фактот што Филип успеал да спроведе општ мир меѓу Хелените, но и истовремено да го изолира персискиот крал од каков и да е удел во него – што дотогаш изгледало апсолутно невозможно. Со ова, Филип ја вратил Персија зад меѓата на Егејскиот басен и, од соработник и контролор, повторно ја направил легална и оправдана мета. Така и најновите намери на Филип станале совршено јасни. Мирот во Европа ја давал општата рамка, Коринтскиот мировен договор бил една потребна компонента од политичкото подредување во Егејскиот басен, а хегемонијата била неприкосновен предуслов и оружје за исполнување на неговите планови. Без оглед дали била замислена во 346 год. ст.е., во 340, или дури по разврската кај Хајронеја, војната против Персија веќе не била само можност, туку реалност.

11. *Корпусот на изворните податоци е премногу мал за да се спекулира за намерите и конечните цели на Филип, но според сè, неговите потфати не подразбирале целосно освојување на територијата на персиското кралство.* Смртта на Филип го запрела најголемиот потфат во дотогашната историја на кралството, а неговата завршна фаза не се остварила за време на неговиот живот. Вистинската загуба не се огледа во прекинот на малоазиските потфати на Парменион и Атал; врз основа на она што се случувало подоцна, може да се претпостават општите правци за дејствување во неостварениот поход од 335 год. ст.е. Многу поголема недоумица се крие во прашањето за конечните цели на Филип II, кои во изворите исто така ги нема. Сигурно е само тоа дека, ако Филип воопшто имал точно разработен план на дејствување, никогаш ниту го објавил, ниту пак го споделил со некој што би можел да ни го соопшти. Ако мора да се даде некаква претпоставка, изворните сведоштва упатуваат на две нешта: дека Филип во прво време – сè дури Персијците не се вмешале во неговите потфати во Тракија – немал јасно опредметени амбиции во Азија; и дека во ниту еден случај не покажал интерес и амбиција за случувањата вон персиските западни сатрапии. Сите контакти на Филип со Персија, било да станувало збор за бегалци, бунтов-

ници, династи или сатрапи, биле ограничени на Егејскиот басен и на непосредното соседство на неговото кралство; зачуваните податоци не даваат никаква подлога за спекулација дека Филип сериозно размислувал за териториите преку Киликија и Таврос, а најмалку пак, може да се спекулира дека Филип размислувал да го освои персиското кралство.

По сето ова, останува уште сосем мал дел од работата. Имено, интересно е да се разгледа како овие констатации кореспондираат со подоцнежните случувања; дали се согласуваат со начинот на кој обично го восприемаме и толкуваме походот на Александар III, или пак, на одредени аспекти од големата персиско-македонска разврска треба да им се пристапи на малку поинаков начин.

Сосем е можно дека првото нешто, кое му паѓа в очи на читателот, е произволноста на тезите за „два напоредни света", кои до времето на Александар живеат еден до друг, а не еден со друг. Како што можевме да видиме, не само што со векови пред големиот настан има екстензивни меѓусебни контакти меѓу Истокот и Западот, туку меѓу политичките и општествените чинители од овие, наводно, два напоредни света имало широка лепеза на сложени политички и економски односи. Ако веќе треба да се спекулира за причината, поради која крајното сплотување почнало дури во IV век ст.е., тоа поскоро се должи на созревањето на политичките и општествените услови, а не на уривањето на некаков културолошки ѕид, за кој е тешко веројатно дека постоел во облик како вшто обично го претставуваме.

Ако ова се постави така, тогаш треба донекаде да се смени и пристапот кон познатата научна константа за Александар како истражувач, и за неговата глад за непознатото. Токму како што, своевремено, Персијците добро знаеле каде одат, а Хелените со кого треба да се справат, и тука би се рекло дека Александар III имал сосем добра претстава каде оди, што да очекува и како да постапува. Впрочем, показ за ова е постојаната одлична логистика на Александар, дури и во Горните Сатрапии, која не сведочи за воин што се пробива низ непознатото, туку напротив, за војсководец кој ги користи сите дотогашни сознанија за земјите низ кои минува – а тие, како што можевме да видиме, не биле мали. Ако треба да се зборува за истражувањето и за непознатото, овие две нешта мора да се толкуваат во поглед на личното искуство на синот на Филип; станува збор за личен pothos на човекот Александар, а не за цивилизациски, истражувачки pothos на кралот.

Толку нека биде кажано за Истокот и Западот, и за познатите и непознатите земји. Останува уште едно, многу потешко прашање, кое тука може само да се загатне, а неговото решение да се остави за друг и сосем поинаков труд. Станува збор за фактот дека магловитоста на плановите на Филип ни ги врзува рацете, и не ни дозволува да ги одгатнеме првичните намери на Александар во врска со Источниот потфат. Дали, во почетокот, Александар има намера да ги следи веќе договорените цели; дали менува нешто во поглед на улогата на Хелените; во начинот на кој ќе ја користи флотата; дали, додека се префрлал преку Хелеспонт, пред очи ги имал првичните цели на татко му, или уште тогаш бил решен да ги помести крајните граници на Походот? Според сè, тешко дека некогаш ќе се даде недвосмислен и дефинитивен одговор на овие прашања.

Ако нешто е сигурно, тоа е само дека политиката на Филип за напад на Мала Азија била и правилна, и неопходна – како што покажува бунтот на Теба, но и обидот на Персија да ја поттикне Атина на нов бунт. Како што, веројатно, потребата за обезбедување на западот ја втурнал Персија во Европа, така и македонскиот интерес за обезбедување на новоосвоените територии бил првичниот импулс, кој создал потреба од македонско оружје во Азија. Во двата случаи станува збор за еден вид почетна, но агресивна дефанзива, која во еден миг – можеби несвесно и по автоматизам – ќе прерасне во вистински активен империјализам. Без разлика дали првичните цели на Филип и на Александар биле слични или различни, Походот секако започнал по автоматизам. Соочен со потребата да ги заштити интересите на Македонија, односно да продолжи да ја спроведува политиката на Филип, Александар воопшто не се двоумел дали да нападне и да го продолжи потфатот – туку, едноставно, продолжил да го тера понатаму она што го замислил Филип.

Каде е, тогаш, оној специфичен александровски novum, она што ќе го направи Александар различен од Филип? Според сè, таквото нешто треба да се бара во мигот кога Александар сфатил дека треба да продолжи понатаму, за да се соочи со предизвиците што Филип можеби сакал да ги одбегне. Претпоставената граница на планината Таврос, за која честопати се зборува како за веројатно крајно одредиште на Филип, всушност не е толку сигурна како што се чини на прв поглед; останува отворен патот кон Кападокија, Атропатена, Ерменија, што неколку векови подоцна мошне добро ќе го почувствува и Византија – но, тоа веројатно можел да го увиди само човек што навистина стасал дотаму со војска. Откако станало јасно дека походот нема да заврши на Таврос, Александар морал да

се соочи со една географска и империјална неопходност – да продолжи кон Исток и да навлезе во Месопотамија.

Од ова место, приказната веќе ги губи нишките што ја поврзуваа со Филип, и станува целосно приказна на Александар III.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| Abyd. | Abydenus |
| Aeschin. | Aeschines |
| *ad fin.* | *ad finem* |
| *ad init.* | *ad initium* |
| *ad loc.* | *ad locum* |
| Ael. Her. | Aelius Herodianus |
| Ael. Arist. | Aelius Aristides |
| Aelian. *Var. Hist.* | Claudii Aeliani *Varia Historia* |
| Aesch. *Pers.* | Aeschylis *Persae* |
| Alex. Polyhist. | Alexander Polyhistor |
| Amm. Marc. *Vita Thuc.* | Ammiani Marcellini *Vita Thucydidis* |
| Anaxim. | Anaximenes |
| Andrisc. | Andriscus |
| Appian. *Bell. Civ.* | Appiani Alexandrini *Bellorum Civilium libri V* |
| Arist. *Ath. pol.* | Aristotelis *Athenaion politeia* |
| Arist. *Oec.* | Aristotelis *Oeconomicus* |
| Arist. *Pol.* | Aristotelis *Politica* |
| Arist. *Rhet.* | Aristotelis *Rhetorica* |
| Aristoph. *Acharn.* | Aristophanis *Acharneis* |
| Aristoph. *Hipp.* | Aristophanis *Hippeis* |
| Arr. *Anab.* | Flavi Arriani *Alexandri anabasis* |
| Arr. *Succ.* | Flavi Arriani *Successores* |
| Athen. *Deipn.* | Athenaei Naucratitae *Deipnosophistae* |
| Beros. | Berosus |
| *cf.* | *confer* |
| Clem. Alex. | Clementi Alexandrini *Stromateis* |
| Ctes. | Ctesiae *Persica* |
| Curt. | Curti Rufi *Historiae Alexandri magni* |
| Damast. | Damastes |
| *DB* | *Darius, Bisitun* |
| Dem. | Demosthenes |
| Dem. *De falsa leg.* | Demosthenis *De falsa legatione oratio* |
| Dem. *In Aristocr.* | Demosthenis *In Aristocratem oratio* |
| Dem. *Pro Phor.* | Demosthenis *Pro Phormione oratio* |
| Dexip. | Dexippus |
| Dio Chrys. | Dio |
| Diod. | Diodori Siculi *Bibliotheca historica* |
| *DNa* | *Darius, Naqš-i Rustam A* |

| | |
|---|---|
| *DNe* | *Darius, Naqš-i Rustam E* |
| *DPe* | *Darius, Persepolis E* |
| *DSa* | *Darius, Susa A* |
| *DSe* | *Darius, Susa E* |
| *DSm* | *DSm - Darius, Susa M* |
| *DSv* | *DSv - Darius, Susa V* |
| *Etym. Mag.* | *Etymologicum Magnum* |
| Eurip. *Rhes.* | Euripidis *Rhesus* |
| Euseb. | Eusebii *Chronica* |
| Frontin. | Frontinus |
| Georg. Kedr. | Georgi Kedreni *Historiarum synopsis* |
| Hdt. | Herodoti *Historiae* |
| Hecat. | Hecataeus |
| Hermip. | Hermippi *Phormophoroi* |
| Hesych. | Hesychii Alexandrini *Lexicon* |
| Hom. *Il.* | Homeri *Ilias* |
| *ibid.* | *ibidem* |
| Isocr. | Isocrates |
| Isocr. *Panegyr.* | Isocratis *Panegyricus* |
| Iul. Valer. | Iulius Valerius |
| Iust. | Iustini *Epitomae* |
| *loc. cit.* | *loco citato* |
| Leo Archipr. | Leo Archipresbyter |
| Liv. | Titi Livi *Ab Urbe condita* |
| Lucret. | Lucreti Cari *De rerum natura* |
| Oros. *Hist.* | Orosi *Historiae adversum paganos* |
| Paus. | Pausaniae *Graeciae periegesis* |
| Philoch. | Philochorus |
| Phot. *Bibl.* | Photii *Bibliotheca* |
| Plat. *Epist. Sept.* | Platonis *Epistula septima* |
| Plat. *Gorg.* | Platonis *Gorgias* |
| Plat. *Leg.* | Platonis *Leges* |
| Plat. *Rep.* | Platonis *Res publica* |
| Plin. *Nat. hist.* | Plini *Naturalis Historia* |
| Plut. *Arist.* | Plutarchi *Vita Aristidis* |
| Plut. *Artax.* | Plutarchi *Vita Aertaxerxis* |
| Plut. *Cim.* | Plutarchi *Vita Cimonis* |
| Plut. *De mul. virt.* | Plutarchi *De mulierum virtute* |
| Plut. *Demetr.* | Plutarchi *Vita Demetrii* |
| Plut. *Nic.* | Plutarchi *Vita Niciae* |
| Plut. *Phoc.* | Plutarchi *Vita Phocionis* |
| Plut. *Pel.* | Plutarchi *Vita Pelopidae* |
| Plut. *Pericl.* | Plutarchi *Vita Periclis* |
| Plut. *Them.* | Plutarchi *Vita Themistoclis* |
| Plut. *Quaest. Conv.* | Plutarchi *Quaestiones convivales* |

| | |
|---|---|
| Poll. *Onom.* | Iulii Pollucis *Onomasticon* |
| Polyaen. | Polyaeni *Strategemata* |
| Polyb. | Polybi *Historiae* |
| Pomp. Trog. | Pompei Trogi *Historiae Philippicae* |
| ps.-Callisth. | pseudo-Callisthenes |
| ps.-Dem. | pseudo-Demosthenes |
| ps.-Scymn. | pseudo-Scymnus |
| *q. v.* | *quod vide* |
| Ruf. Fest. | Rufi Festi *Epitome* |
| *s. v.* | *sub voce* |
| *sc.* | *scilicet* |
| Speus. | Speusippus |
| Steph. Byz. | Stephani Byzantini *Ethnica* |
| Strab. | Strabonis *Geographia* |
| Sync. | Syncellus |
| Theop. | Theopompus |
| Theoph. *Hist. plant.* | Theophrasti *Historia plantarum* |
| Thuc. | Thucydidis *Historia* |
| *Test. Alex.* | *Testamentum Alexandri* |
| *v.* | *vide* |
| Xen. *Ages.* | Xenophontis *Agesilaus* |
| Xen. *Anab.* | Xenophontis *Anabasis* |
| Xen. *Cyr.* | Xenophontis *Cyrupaedia* |
| Xen. *Hell.* | Xenophontis *Hellenika* |
| Xen. *Oec.* | Xenophontis *Oeconomicus* |
| *XPf* | *Xerxes, Persepolis F* |
| *XPh* | *Xerxes, Persepolis H* |
| Zenob. | Zenobius |

# ХРОНОЛОШКИ ОДРЕДНИЦИ

| | |
|---|---|
| 744 | Во Асирија владее Тиглат-Пилесер III. |
| 740 | Започнува Првата месенска војна. |
| 733 | На Сицилија е основан градот Сиракуса. |
| 726 | На асирскиот престол е Шалманесер. |
| 722 | Асирците ја пустошат Самарија. |
| 721 | Саргон II е асирски крал. |
| 715 | Асирците задушуваат го задушуваат бунтот во Киликија |
| 709 | Кипар му плаќа данок на Саргон II. |
| 706 | Халкида и Еретрија ја почнуваат колонизацијата на Халкидик. Почнува и хеленската колонизација на Хелеспонт и во Пропонтида. Хелените се пробиваат до Црното Море. |
| | Во јужна Италија е основан Тарант. |
| 704 | На асирскиот престол е Сенахериб. |
| 700? | Хелените го напуштаат емпорионот кај Ал Мина. |
| 696 | Асирците задушуваат бунт во Киликија и го разурнуваат Тарсос. |
| 695 | Гордион е разурнат од Кимеријците. Кралот Мида се самоубива. |
| 680 | Есархадон е крал на Асирија. Гигес владее во Лидија. |
| 669 | Аргос ја поразува Спарта кај Хисија. |
| 668 | Асурбанипал го наследува престолот на Асирија. |
| 664 | Асурбанипал ја освојува египетска Теба. |
| | Прва поморска битка забележана во изворите: Коринт ја поразува Коркира. |
| | XXVI династија во Египет; фараон е Псаметих I. |
| 659 | Основан е Бисантиј. |
| 657 | Тиранинот Кипсел ја приграбува власта во Коринт. |
| 655 | Ортагора е тиранин на Сикион. |
| 650 | Основан е Тасос. Хелените почнуваат интензивна колонизација на бреговите на Црно Море. Почнува Втората месенска војна. |
| 648 | Асурбанипал го освојува Бабилон. |
| 647 | Коринт колонизира во северозападна Хелада и во Илирија. |
| 636 | Килон е на власт во Атина. |
| 625 | Почетоци на атинскиот црнофигурален стил. Во Коринт, Периандар го наследува Кипсел. |
| 621 | На власт во Атина е Дракон – според традицијата, првиот атински законодавец. |
| 619 | Алијат II е крал на Лидија. |
| 612 | Здружените сили на Медите и Бабилонците ја освојуваат Нинива. |
| 610 | Лидијците ги удираат темелите на монетоковањето. |

605 Небукадрезар II (Набукодоносор) е крал на Бабилон; кај Кархемиш, го поразува египетскиот фараон Нехо II.

594 Фараон на Египет е Псаметих II.

Во Атина, Солон е избран за архонт и законодавец.

586 Бабилонците го освојуваат Ерусалим.

585 Умира Периандар; крај на тиранидата во Коринт.

581 Востановени се Истамските игри.

573 Востановени се Немејските игри.

570 Амасис е фараон на Египет. Градот Навкратида им е даден на хеленските платеници.

Изграден е првиот храм на Атена на атинскиот Акропол.

560 Нериглисар (Нергал-Шар-Усур) станува крал на Бабилон.

Кројс на престолот на Лидија.

Прва тиранида на Пејсистрат во Атина.

559 Кир II Велики е крал на Аншан.

556 Нериглисар умира; кратко владеење на Лабаши-Мардук. Крал на Бабилон станува Набонид (Набу-Наид).

Крај на тиранидата во Сикион.

555 Набонид ја напаѓа Киликија.

553 Набонид навлегува во Сирија.

552 Набонид се повлекува во Теима. Белшазар е принц на Бабилон.

550 Кир II Велики ја отфрла власта на Астијаг и ја презема власта во кралството на Медите. Почеток на Персиското кралство.

547 Војна меѓу Кир II и Лидиското кралство. Градот Сарди паѓа во персиски раце.

546 Персијците го освојуваат Кипар.

Обновена е тиранидата во Атина.

540 Аминта I е крал на Македонија.

539 Кир II ја напаѓа Бабилонија; го освојува Сипар и влегува во Бабилон. Кир и Камбис се совладетели во Бабилонија.

535? Фокејската флота се судира со здружените Етрурци и Картагинци кај Алалија.

534 Теспид ја прикажува првата трагедија во Атина.

530 Кир II умира; на персискиот престол е Камбис.

Прво монетоковање на Сицилија.

528/7 Умира атинскиот тиранин Пејсистрат.

526 Умира Амасис; на египетскиот престол е Псаметих III.

Во Атина, за архонт е избран Хипија, синот на Пејсистрат.

525 Камбис го освојува Египет; Псаметих III е погубен во Суса.

Поликрат, тиранинот на Самос, му помага на Камбис во војната против Египет.

Во Атина, за архонт е избран Клејстен.

Во Елевсина е роден трагедиографот Ајсхил.

524 Атински архонт е Милтијад II.

Спартанците го прогонуваат тиранинот Лигдамид од Самос.

| | |
|---|---|
| 523? | Спарта и Коринт го напаѓаат Поликрат. |
| 522 | Умира Камбис. Бардија се обидува да ја грабне власта во Персиското кралство. Дареј I го убива и станува крал на Персија. Бунтови и немири во кралството. |
| | Во Атина, за архонт е избран Пејсистрат Помладиот. Во Бојотија е роден поетот Пиндар. |
| | Умира Поликрат од Самос. |
| 521 | Клеомен е басилеј на Спарта. |
| 520 | Дареј војува против Скунха, водачот на Saka tigraχauda. Изработен е Бехистунскиот натпис. |
| 519 | Смрт на Оројта. Дареј ги контролира Лидија и Јонија. |
| | Клеомен продира во Средна Грција. Платаја станува сојузник на Атина. |
| 518 | Дареј војува во Индија. |
| 517 | Персијците ги заземаат Самос, Лезбос и Хиос. |
| 516 | Милтијад заминува за Херсонес. |
| 514 | Во Атина, Хармодиј и Аристогејтон го убиваат тиранинот Хипарх. |
| 513 | Дареј преминува во Европа; почеток на Скитскиот поход. |
| 512/1 | Мегабаѕ го започнува освојувањето на тракомакедонското крајбрежје. Персиска делегација доаѓа во Македонија со барање за земја и вода. Македонија станува персиски сојузник. Гигаја, ќерката на Аминта I, се мажи за за Персиецот Бубарес. |
| 511 | Спартанците безуспешно ја напаѓаат Атика. |
| 510 | Отан и Артаферн ја преземаат контролата над западните сатрапии. |
| | Со помош на Спарта, Алкмеонидите го прогонуваат Хипија од Атина. Се ревидираат атинските списоци на граѓани. Македонскиот крал Аминта I му го нуди Антемунт на Хипија. |
| 508 | Исагора е архонт во Атина; го праќа во прогонство Клејстен со уште 700 атински семејства. |
| 507 | Клејстен се враќа во Атина и започнува реформи на државното уредување. |
| 506 | Пропаѓа уште еден спартански напад на Атика; Атина им нанесува пораз на Халкида и Бојотија. |
| 505 | Атина и Ајгина почнуваат војна, која ќе биде долга и со многу прекини. |
| 501 | Атина воведува заклетва за булевтите и ја реорганизира војската. |
| 500 | Започнува градбата на храмот на Аполон во Еретрија, храмот на Афаја во Ајгина и храмот на Ѕевс во Акрагант. |
| | На Дионисиите во Атина се натпреваруваат Ајсхил, Хојрил и Пратина. |
| 499 | Персија го напаѓа Наксос; зимата, Аристагора оди во Спарта и Атина. |
| | Роден е философот Анаксагора. |
| 498 | Јонците и нивните сојузници го палат градот Сарди. |

Александар I на македонскиот престол.

Пиндар ја пишува Десеттата питиска ода.

497 Се интензивираат борбите на Кипар; поморски битки во крајбрежните води. Персијците почнуваат копнена офанзива во Мала Азија.

Во Египет, Дареј го отвара првиот Суецки канал.

Роден е трагедиографот Софокле.

496 Персијците го задушуваат бунтот на Кипар.

494 Јонската флота е поразена од Персијците во битката кај Лада.

Спарта и Аргос се борат кај Сепеја; победа на спартанската војска.

493 Персија повторно воспостава контрола во источниот Егејски басен.

Во Атина, за архонт е избран Темистокле; Милтијад се повлекува од Херсонес и се враќа дома.

492 Во хеленските градови под нивна власт, Персијците ги менуваат тираните и воспоставаат „демократско“ уредување.

Војсководецот Мардониј дејствува по тракомакедонското крајбрежје; Бригите го напаѓаат персискиот логор, а Мардониј е ранет.

Фриних ја прикажува трагедијата „Падот на Милет“.

491 Тасос ѝ се покорува на Персија. Дареј бара земја и вода од Хелените. Атина и Ајгина повторно војуваат.

Гелон станува тиранин на сицилиска Гела.

490 Во март, поморска битка меѓу Атина и Ајгина. Летото, Персијците го освојуваат Наксос. Септември, битката кај Маратон.

Почнува да се гради Ризницата на Атињаните во Делфи.

Пиндар ги пишува Шестата и Дванаесеттата питиска ода.

489 Аристејд е архонт во Атина. На Милтијад му се суди за неуспехот кај Парос.

487 Атињаните го остракираат Хипарх.

486 Умира Дареј I; го наследува Ксеркс. Востание против персиската власт во Египет.

Во Атина е воведено бирање архонти со жреб. Мегакле е остракиран.

485 Египет е повторно покорен.

Нови непријателства меѓу Атина и Ајгина.

Гелон станува тиранин на Сиракуза; управител на Гела е Хиерон.

484 Бунт против персиската власт во Бабилонија.

Атињаните го остракираат Ксантип. Ајсхил за прв пат победува на Дионисиите.

483 Персијците почнуваат подготовки за копање канал преку Атос.

482 Бунтот во Бабилонија сѐ уште трае.

Атињаните решаваат да изградат флота од 200(?) триери. Аристејд е остракиран и пратен во прогонство.

481 Во октомври, Ксеркс праќа пратеништва низ Хелада.

| | |
|---|---|
| | Атина решава да ги вложи сите човечки ресурси во новата флота. Во Спарта се основани здружените хеленски сили. Атина и Ајгина склучуваат мир. Хелените од копнена Хелада праќаат пратеништво кај Гелон. |
| 480 | Почнува копнениот поход на Ксеркс во Европа. Персијците одат преку Македонија, низ областите на Киконците, Бистонците, Сапајците, Дерсајците, Едонците и Сатрите; крај Пангајската гора; потоа низ териториите на Пиеријците, Одомантите, Ситонците, Пајонците и Крестонците, сѐ до Термајскиот залив; од таму по море до устието на Пенеј, а по копно од Мигдонија во Ботиаја и Пиерија, па преку македонските планини до Перајбија. |
| | Александар наводно ја советува хеленската војска да се повлече од теснецот Темпе. Во Бојотија е распоредена македонска војска. |
| | Во септември се бијат битките кај Артемисиј и Термопилите. Кон крајот на месецот следи и Саламина. Ксеркс се враќа во Азија. |
| | Битка кај Химера. Гелон склучува мир со Картагинците. |
| | Роден е трагедиографот Еврипид. |
| 480/79 | Александар I им го образложува на Атињаните персискиот предлог за мир. |
| 479 | Се бијат битките кај Платаја и Микале. Островјаните им се придружуваат на здружените хеленски сили. |
| | Александар I учествува во битката кај Платаја. |
| | Александар I се шири во Едонија; ги снемува монетите на едонските басилеи. |
| | Во Делфи е поставен „Столбот на змиите“. |
| 479/8 | Опсада на Сестос. Персија ја губи контролата врз Хелеспонт. |
| 478 | Основан е Делоскиот сојуз; Атина е хегемон. |
| | Персија ја губи контролата врз Бисантиј и Босфор. Ослободени се хеленските градови на Кипар. |
| | Александар I ја запоседнува месноста „Девет патишта“. |
| | Леотихида дејствува во Тесалија. |
| | Во Делфи е посветен бронзениот „Држач на узди“. |
| | Гелон умира; наследен е од Хиерон. |
| 476 | Кимон војува на северното крајбрежје и ги зазема Ејон и Скирос. Неуспешен атински обид за основање колонија кај „Девет патишта“. |
| 475 | Наксос безуспешно се обидува да истапи од Делоскиот сојуз. |
| 474 | Поморска битка кај Кима; Етрурците се поразени од Кима и Сиракуса. |
| 472 | Ајсхил ја пишува трагедијата „Персијци“. |
| 471 | Темистокле е остракиран; заминува од Атина во Аргос. |
| 470 | Персија повторно воспостава власт на Кипар. |
| | Роден е философот Сократ. |

| | |
|---|---|
| 469? | Силите на Делоскиот сојуз се судираат со Персијците кај Евримедонт. |
| 467 | Ајсхил ја постава на сцена трагедијата „Седумтемина против Теба“. |
| 466 | Умира Павсанија; Темистокле ја напушта Хелада и се засолнува во Персија. |
| 465 | Ксеркс е убиен; крал на Персија е Артаксеркс I. |
| | Атињаните се обидуваат да основаат населба кај Девет Патишта. Хејлотите креваат бунт во Спарта. Тасос сака да истапи од Делско-атичкиот сојуз. |
| 463 | Тасос им се предава на Атињаните. |
| 462 | Инар крева востание против персиската власт во Египет. |
| | Спарта бара помош од Атина за да го задуши бунтот на Хејлотите. Веднаш потоа, му порачуваат на Кимон да ја напушти Месенија. |
| 461 | Кимон е остракиран и заминува од Атина; убиен е Ефијалт. |
| 460 | Микон и Полигнот го осликуваат „Шарениот трем“ во Атина. |
| 459 | Атинската флота стационирана на Кипар се упатува кон Египет за да им помогне на востаниците. |
| 458 | Во Атина е прикажана „Орестија“, единствената зачувана трилогија на Ајсхил. |
| 456 | Во Египет пристига голема персиска војска, предводена од Мегабиѕ. |
| | Спарта го задушува бунтот во Месенија. |
| | Умира Ајсхил. |
| 455 | Роден е историографот Тукидид. |
| 454 | Атинскиот поход во Египет завршува со катастрофа. Благајната на Делско-атичкиот сојуз е префрлена во Атина. Немири во Јонија. |
| | Умира Александар I; Пердика II е крал на Македонија. Атина е во сојуз со неговиот брат Филип од Амфакситида. |
| 451 | Атина склучува петгодишен мир со Спарта и триесетгодишен мир со Аргос. |
| 450 | Мегабиѕ крева бунт во Сирија. Кимон презема експедиција на Кипар. Немирите во Египет продолжуваат. |
| 449 | Мирот на Калија. |
| 447 | Почнува изградбата на Партенонот во Атина. |
| 446 | Атињаните се поразени кај Коронеја и ја губат контролата врз Бојотија. Склучен е триесетгодишен мир со Спарта. |
| | Во Македонија се населуваат бегалци од евбојска Хистиаја. |
| | Роден е комедиографот Аристофан. |
| 445 | Роден е беседникот Лисија. |
| 441 | Самос крева бунт против атинската хегемонија. |
| 440 | Лидискиот сатрап Писутнес се вмешува во бунтот на Самос. |
| 439 | Самос се предава. |

438 На атинскиот акропол е поставена големата статуа на Атена, изработена од Фејдија.

437 Кај месноста „Девет патишта“ е основана сехеленската колонија Амфипол.

436 Умира философот Емпедокле.

435 Коринт и Коркира го почнуваат спорот за Епидамнос.

433 Пердика II стапува во сојуз со Олинт.

432 Пердика II работи на избувнување војна меѓу Спарта и Атина; на антиатински настроените колонии на Халкидик им дава земја крај езерото Болбе.

Атина, заедно со елимејскиот басилеј Дерда и со Филип, братот на Пердика, ги напаѓа Пидна и Терма.

Коринт ѝ праќа помош на Потидаја.

431 Атина и Ситалк склучуваат сојуз против Пердика.

Тебанците ја напаѓаат Платаја; почнува Пелопонеската војна. Архидам ја напаѓа Атика.

Пердика и месните басилеи склучуваат мир со Атина. Атина му ја враќа Терма на Пердика.

Еврипид ја прикажува „Медеја“.

430 Перикле ја губи власта во Атина. Потидаја е освоена.

429 Во Атина владее чума; меѓу жртвите е и Перикле.

Пердика тајно испраќа во Акарнанија 1000 Македонци за борба против Атина.

По наговор на Атина, Тракиецот Ситалк тргнува на триесетдневен поход во Македонија.

424 Умира Артаксеркс I, На престолот е Ксеркс II, кој е убиен по 45 дена од брат му Согдијан; по шест месеци, Согдијан е убиен од Дареј II Охос, кој станува крал на Персија.

Пердика и Спарта склучуваат сојуз за борба против Атина. Спартанецот Брасида дејствува по тракомакедонското крајбрежје; ги освојува Акант, Торона и Амфипол.

Тукидид е пратен во прогонство.

423 Атина го обновува мирот со Персија. Едногодишно примирје меѓу Атина и Спарта.

Пердика II стапува во сојуз со Атина.

422 Се бие битка кај Амфипол; загинуваат Клеон и Брасида. Атина и Спарта почнуваат преговори за мир.

421 Склучен е мирот на Никија. Спарта и Атина се заветуваат на педесетгодишен мир.

420 Склучен е сојуз меѓу Спарта и Бојотија.

418 Спарта и Аргос склучуваат педесетгодишен сојуз.

417 Олигарсите се прогонети од Аргос; обновен е сојузот со Атина.

416 Писутнес крева бунт против Дареј II. Сатрап на Лидија е Тисаферн.

Атина напаѓа на Македонија преку Метона; Спарта не праќа по-

| | |
|---|---|
| | мош. Атињаните го напаѓаат и го покоруваат и Мелос. |
| 415 | Сегеста бара помош од Атина против Селинунт; Атина подготвува експедиција на Сицилија. Алкибијад е отповикан од походот и бега во Спарта. |
| 414 | Спартанците ја пустошат околината на Аргос, а Атињаните пловат долж брегот на Лаконија. |
| | Атина го опсадува Амфипол со Пердика II, кој е присилен на сојуз. |
| | На Сицилија, Атињаните ја опсадуваат Сиракуса. Гилип пристигнува во Сиракуса за да ја организира одбраната. |
| | Аристофан ја прикажува комедијата „Птици“. |
| 413 | Дареј II бара акција од Тисаферн и Фарнабаѕ. |
| | Атинската експедиција на Сицилија завршува со катастрофа. Спартанците ја обновуваат Пелопонеската војна и ја заземаат Декелеја. |
| | Умира Пердика II; Архелај е крал на Македонија. |
| 412/1 | Членовите на Атинскиот поморски сојуз креваат бунт против Атина. Склучени се првите договори меѓу Спарта и Персија. |
| 411 | Нереди во Египет (?) |
| | Во Атина е заведена олигархија; атинските демократи се засолнуваат на Самос. |
| | Прикажана е „Лисистрата“ од Аристофан. |
| 410 | Во Атина е обновено демократското уредување. |
| | Со атинска помош, Архелај ја зазема и разурнува Пидна и повторно ја основа на четири километри од брегот. |
| 408 | Нереди во Медија. Мисијата на спартанецот Бојотиј. Кир е пратен на Запад. |
| | Атињаните го освојуваат Бизантиј. Основан е градот Родос. |
| | Еврипид доаѓа во Македонија. |
| 407 | Алкибијад се враќа во Атина. Лисандар застанува на чело на спартанската флота. |
| | Архелај е прогласен за проксен и евергет на Атина. |
| 406 | Атинска победа кај Аргинуските острови. По враќањето, заповедниците се осудени на смрт. |
| | Завршена е изградбата на Ерехтејонот. Умираат трагедиографите Софокле и Еврипид – едниот во Атина, а другиот во Македонија. |
| 405 | Умира Дареј II. Арсак е крунисан за крал на Персија под името Артаксеркс II. |
| | Битката кај Ајгоспотами. Атина е под опсада. |
| | Склучен е мир меѓу Сиракуса и Картагина. |
| 404 | Атина потпишува срамна капитулација. Долгите Бедеми се урнати. |
| 401 | Кир Помладиот крева бунт протиј својот брат. Војската се собира во Сарди. Битката кај Кунакса. |

„Ојдип на Колон“ од Софокле е прикажан постхумно во Атина.
400 Спарта му објавува војна на Тисаферн.
399 Македонскиот крал Архелај е убиен во лов; почнуваат борби за македонскиот престол.
Во Атина, филосифот Сократ умира откако испил отров.
397 Конон е назначен за заповедник на персиската флота.
396 Агесилај војува во Фригија. Египетскиот фараон Неферит ѝ помага на Спарта.
395 Агесилај го напаѓа Сарди.
Избувнува Коринтската војна; се бие битката кај Халиарт.
394 Агесилај е повикан да се врати во Хелада. Конон и Фарнабаѕ дејствуваат во Егејот.
393 Преговори меѓу Анталкида и Тирибаѕ. Конон и Фарнабаѕ се во Хелада. Конон пристига во Атина и помага да се обноват Долгите Бедеми.
На македонскиот престол е устоличен Аминта III.
392 Во Атина е прикажана комедијата „Жени во народното собрание“ од Аристофан.
391 Евагора од Кипар се одметнува од Персија; поддржан е од Атина.
390 Трасибул војува во Тракија и на Хелеспонт.
Исократ отвора училиште за реторика во Атина.
389 Трасибул гине во Аспендос.
388 Спартанците упаѓаат во Арголида. Вратени се овластувањата на Тирибаѕ, кој соработува со Анталкида.
Второ пратеништво на Анталкида во Персија.
387 Мировни преговори во Спарта.
Платон ја отвора Академијата во Атина.
386 Склучен е „Кралскиот мир“, познат и под името „Мир на Анталкида“.
Спарта и Теба склучуваат сојуз. Преосновање на Платаја.
385 Артаксеркс војува во Египет.
384 Атина склучува сојуз со Хиос. Се раѓаат Аристотел и Демостен.
382 Тирибаѕ без успех го напаѓа Кипар.
Избувнува Олинтската војна. Прва спартанска експедиција против Олинт. Аминта III е сојузник на Спарта.
381 Флотата на Евагора е поразена од Персијците.
Смрт на Телевтија; Агесиполид пристига во Олинт.
380 Евагора и Персија склучуваат мир.
Исократ го објавува „Панегирикот“.
379 Олинт се предава. Аминта III си ја враќа одземената земја, а Халкидичкиот сојуз е распуштен.
Спартанскиот басилеј Клеомброт ја напаѓа Бојотија.
378 Основан е Вториот Атински поморски сојуз. Атина ѝ објавува војна на Спарта. Теба му се приклучува на сојузот. Летото, Агесилај ја напаѓа Бојотија.

| | |
|---|---|
| 377 | Хабрија дејствува на Евбоја и во Кикладите. |
| 375 | Хабрија дејствува во Тракија и на Хелеспонт. Во Спарта е обновен „Кралскиот мир“. |
| 374 | Атињанецот Ификрат му помага на Артабаѕ при неуспешниот поход во Египет. |
| 373 | Теба повторно ја обновува контролата врз Танагра и Теспија; Платаја е повторно разурната. |
| 371 | Пролетта, Теба ја напаѓа Фокида. Летото се бие битката кај Леуктра. |
| | Мировен конгрес во Спарта, на кој учествува и Аминта III. |
| 370 | Убиен е Јасон од Фера. Основан е Аркадскиот сојуз. |
| | Прв поход на Епамејнонда на Пелопонес; Месенија е ослободена, основан е градот Месена. |
| | Аминта III гине во битка против Илирите. |
| 369 | На македонскиот престол е Александар II, кој зазема делови од Тесалија и остава македонска војска во градовите. |
| | Втор поход на Епамејнонда на Пелопонес. Пелопида дејствува во Тесалија и Македонија. Атина и Спарта склучуваат сојуз против Теба. |
| 368 | Птолемај од Алорос станува регент на малолетните браќа на Александар II – Пердика и Филип. |
